ЗУЗАНА ТОПОЛИЊСКА

МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

КНИГА 1

СИНТАКСА

I дел

MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS

ZUZANNA TOPOLINJSKA

MACEDONIAN DIALECTS IN THE AEGEAN PART OF MACEDONIA

BOOK 1

S Y N T A X

Vol. I

1. MECHANISMS FOR PREDICATION

1.1. CONSTRUCTIONS WITH VERBAL PREDICATES

SKOPJE 1995

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

ЗУЗАНА ТОПОЛИЊСКА

МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

КНИГА 1

С И Н Т А К С А

Том I

1. МЕХАНИЗМИ НА ПРЕДИКАЦИЈА

1.1. КОНСТРУКЦИИ НА ГЛАГОЛСКИ ПРЕДИКАТИ

СКОПЈЕ 1995

РЕЦЕНЗЕНТИ:

акад. Блаже КОНЕСКИ
акад. Божидар ВИДОЕСКИ

0. УВОД

0.1. Основни теоретски и методолошки поставки. – Целта на оваа книга е да ја претстави синтаксата на јужномакедонските говори од Корча до Драма. Се работи за семантички ориентирана синтакса, т.е. за опис на операции коишто од пораката (т.е. од содржината на јазичното комуникe, анг. message) водат кон нејзината по можност успешна формализација (оформување) на површината на текстот.

Јазикот, којшто е самиот функција на општеството, ѝ служи на општествената комуникација на два начина:

– им припишува извесни карактеристики (конотативни својства) на деловите на светот коишто ние со помош на нашата (сетилна и/или интелектуална) перцепција знаеме да ги издвоиме како дискретни големини, меѓу другото одразува извесни забележувани од нас релации меѓу тие делови на светот. Оваа јазична функција ќе ја викаме предикација. На синтаксичко ниво резултат (продукт) на предикација се главно речениците;

– ги именува издвојуваните од нас делови на светот, што ни овозможува да ги вклучиме во нашиот мисловен универзум. Оваа јазична функција ќе ја викаме номинација. На синтаксичко ниво резултат на номинација се главно именските синтагми.

Речениците претставуваат основна синтаксичка форма на исказите. А исказот, т.е. минималното јазично коминике, задолжително – по наше мислење – ги содржи следниве семантички компоненти:

– главен (надреден, доминантен) предикат, т.е. релација чие постоење е предмет на соодветната комуникација,

– аргументи имплицирани (т.е. задолжително барани) од страна на главниот предикат, т.е. термин на релацијата, што ги посочуваат поврзаните со неа делови од светот,

– информација што временски ја детерминира (определува) релацијата (темпорална детерминација),

– информација што просторно ја детерминира релацијата (локална детерминација),

– информација за ставот на говорителот спрема вистинитоста (усогласеноста со фактите) на соопштуваните содржини (модална информација),

– информација за ситуационата, прагматичка мотивираност на коминикето, т.е. прагматичка информација.

Наведените компоненти на разни начини меѓусебно се обусловуваат и се преклопуваат (на пр., модалната информација може наедно да

биде и главен предикат, локалната детерминација може наедно да биде и аргумент на главниот предикат, и сл.). Задачата на синтаксичкиот опис е да се претстават механизмите што – во определени општествени (говорни) ситуации – управуваат со изборот на јазичните средства кои ги изразуваат наведените семантички компоненти.

Ете, тоа е приближно поимниот свет во кој ќе се движи овој наш опис.

0.2. Предмет на описот. Користен материјал. – Предмет на описот во оваа монографија е една голема и прилично диференцирана група говори. Многубројни разлики се јавуваат и на синтаксички план и придонесуваат за диференцијалната карактеристика на одделни говори. Меѓутоа, бидејќи нашиов опис е граден врз функционален, а не врз формален критериум, го замислуваме и го претставуваме јужномакедонскиот синтаксички систем како една целост, толкувајќи ги географски мотивираните разлики како варијации во рамките на одделни функционални механизми.

Ексцерпираните текстови за оваа анализа се од најразличен карактер. Факторите на диференцијација се главно времето и стилскиот регистар, а не е без значење ни стручната подготвеност на експлораторот и целите што тој си ги поставувал. Доминираат текстови (приказни и автобиографски кажувања) регистрирани од лингвисти дијалектолози во текот на последните 70 години од овој век, при што оние од повоениот период се снимени на магнетофонска лента. Меѓутоа, има и доста записи од втората половина на минатиот век, има свесно редигирани преводи од евангелието, има текстови што ги собирале етнолози и фолклористи без многу грижа за прецизноста на фонетскиот запис. Најпосле, дури и стручно запишуваните и/или препишуваните текстови ги имаат собирано научни работници од повеќе лингвистички центри и школи, со различни традиции и навики.

Користени се и забелешките на поранешните монографисти, меѓутоа (а) во традиционалните дијалектни монографии мошне малку внимание ѝ се посветувало на синтаксата, и (б) синтаксичката информација се давала од теоретски позиции доста далечни од нашите, што честопати водело кон за нас неприфатливи генерализации. Во оваа ситуација забелешките на нашите претходници ги користиме претпазливо и никогаш без верификација со соодветните изворни текстови.

Да додадеме и дека не ни беа постојано при рака сите извори (оваа книга се раѓаше 8 години!) и, следствено, не се користени сите при анализата на одделни синтаксички појави. Значи, нашите примери носат само позитивна информација за присуството на појавата *а* во текстот *х*, додека отсуството на примери на појавата *а* од текстот *х* сведочи за отсуството на таа појава во текстот само тогаш кога е експлицитно констатирано.

Подолу го даваме списокот на сите користени текстови со нивните кратки карактеристики и со преглед на нашите интервенции во однос на графичките решенија прифатени во оригиналот. Имено, упростувањето на оригиналната графија се покажа многупати неизбежно

од технички причини, а истовремено и корисно во функција на зголемување на прегледноста на приведуваните примери. Во прегледот на користените извори, како и во самата монографија, се движиме од запад кон исток.

КОРЧАНСКО

1. *Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud* par André Mazon, Paris 1936. – Покрај монографскиот опис на говорот, книгата содржи богата збирка текстови од селото Бобоштица, Корчанско, собрани во текот на една анкета во 1933 г. Текстовите се придружени со француски превод и со индекс на зборови. Користев исклучиво прозни текстови. Меѓу ниви има:

– фрагмент од говорот што го држел Д. Цанко 1874 г. Мазон го транскрибирал во латиница од грчкиот курзив, а јас во кирилица од Мазоновата латиница. Од механичката транслитерација отстапив само во два случаја. Имено, записот *eá* го предавам со *já* а записот *ch* со *х*. Кратенката за тој текст гласи МДЦ.

– преводи од евангелието кои потекнуваат од осумдесеттите години на минатиот век. Преведувачи биле Д. Цанко (кратенка МЕЦ), поп Икономо и др. (кратенка МЕ). Единствената моја интервенција е предавањето на *eá* со *já*.

– приказни собрани директно од локалните информатори во 1933 г. Тие се делат на а) приказни запишувани „на живо" од самиот Мазон; единствената интервенција тука ми беше „спуштањето" на ^{j} коешто Мазон често (а редовно во дифтонгот ^{ja}) го дава во експонент; б) приказни што самите информатори ги запишувале со албанска латиница; тука ги применував следниве принципи на транслитерација: *jë* го предадов со *jă*, *ç* со *ч*, *zh* и *xh* со *ж*, *sh* со *ш*, *ll* со *л*, *q* со *ќ*, *gj* со *ѓ*. Кратенката за приказните е МЦ.

2. André Mazon et Filipova-Bajrova, *Documents slaves de l'Albanie du Sud*, II. *Pièces complémentaires*, Paris 1965, Correspondance familiale . . . Се работи за писма од Д. Цанко упатени до син му, студент во Париз. Интервенции како кај МДЦ. Кратенка: МЦф.

КОСТУРСКО

3. Благой Шклифов, *Костурският говор*, София 1973. Кон монографијата е приклучена една мала збирка текстови. Се работи за родниот говор на авторот кој е роден во костурското село Черешница. Текстовите се собирани во шеесеттите години кај емигранти од Костурско во Унгарија и во Романија. Применуваниот запис од Шклифов го упростив заменувајќи ги *â* и *ô* со *ă*, *e̯* со *ε*, *ъ* со *ă*, *èĕ* со *ē*, *й* со *j*. Кратенката е ШК.

4. *Contes slaves de la Macédoine Sud-Occidentale* par André Mazon, Paris 1923. – Текстовите биле собрани на теренот во 1920 г. Костурските села Вишени, Жервени и Смрдеш му служат на авторот за споредба со го-

ворот на Леринско (сп. подолу под бр. 9) којшто е во центарот на неговиот интерес. Интервенциите како под 9. Кратенката е МСЦКост.

5. Текстови од Нестрам од *Антологијата на македонските дијалектни текстови* од Б. Видоески (ракопис). Кратенка: ВН.

6. Опис на говорот на селото Сничене (Костенарија, Костурско) од Нина Димитрова-Шмигер (ракопис, магистерски труд). Текстовите биле снимени на лента на самото место во селото во 1989 и 1990 г. Кратенка: ДС.

7. Mieczysław Małecki, *Tekst gwarowy z Kosturskiego,* Lud Słowiański III/2, 1934, ss. 323–325. Кратенка: МК.

8. А. Кузов, *Костурският говор,* Известия ССФ 4 1921, сс. 86–125. – Кон студијата се приклучени неколку текстови. Кратенката е КК.

ДОЛНОПРЕСПАНСКО

9. Благой Шклифов, *Долно-Преспанският говор,* София 1979. Текстовите што ја придружуваат монографијата биле собирани во седумдесеттите години од емигранти од Долна Преспа во Бугарија, Чехословакија, Полска и Унгарија. Препишувајќи ги примерите, ги внесов следниве измени и упростувања: *ô* го предадов како *å̊*, ъ како *ă*, *й* како *j*, *г'* како *ґ*, *к'* како *ќ*. Кратенката е ШД.

ЛЕРИНСКО

10. *Contes slaves de la Macédoine Sud-Occidentale* . . . (Сп. погоре под бр. 4). Леринските текстови доаѓаат од селата Горно Неолани, Екшису и Мокрени, а биле собрани во 1916/17 г. Во процесот на транслитерацијата ъ, *ə* и *œ* ги предавав со *ă*, *i̯* со *j*, *b'* со *б*, *d'* со *д*, *l̥* со *л*. Кратенката е МСЦ.

11. Текстови од Ошчима, Бапчор и Нерет од *Антологијата на македонските дијалектни текстови* од Б. Видоески (ракопис). Кратенка: В + називот на селото.

12. Текстови од селото Ајтос собрани од Лазар Минков (ракопис). Кратенка: МА.

КАЈЛАРСКО

13. Васил Дрвошанов, *Кајларскиот говор* (магистерски труд, ракопис). Текстовите приклучени кон дисертацијата се објавени во „Македонистика" 3, Скопје 1983, стр. 214–225. Кратенка: ДКај.

МЕГЛЕНСКО

14. Стојка Бојковска, *Мегленскиот говор* (магистерски труд, ракопис). Текстовите приклучени кон дисертацијата се објавени во „Македонистика" 5, Скопје 1988, стр. 185-207. Во транскрипцијата ги спроведов следниве упростувања: *б* го предадов како *ă*, *ê* како *е*, *й* како *j*, ги „спуштив" буквите ставени во експонент и го елиминирав знакот „ ' " како сигнал на елипса на звукот. Кратенката е БМег.

ВОДЕНСКО–ЕНИЦЕВАРДАРСКО

15. Текстови од Кронцелево, Воденско, од *Антологијата на македонските дијалектни текстови* од Б. Видоески (ракопис). Кратенка: ВКронцелево.

16. *Народни приказни од . . . Еницевардарска околија,* собрал и средил Д. Угриновски (ракопис), 1962. Во текот на препишувањето знакот ' за темен вокал го заменив со *ă*, а *ѣ* со *ќ*. Кратенката е УЕ.

17. Максим Каранфиловски, *Еницевардарскиот говор* (докторска дисертација, ракопис). Ги користев текстовите приклучени кон дисертацијата. Кратенка: КЕВ.

18. Приказки от Пазар (Енице-Вардар) – така се насловени текстовите бр. 109–116 во збирката на Верковиќ (сп. подолу под бр. 26). Интервенциите како под бр. 27. Кратенката е ВЕ.

19. *L'Évangéliaire de Kulakia, un parler slave du Bas-Vardar* par A. Mazon, A. Vaillant, Paris 1938. Се работи за превод на евангелието на говорот на село Кулакија. Преводот датира веројатно од шеесеттите години на минатиот век, а преведувачот е веројатно Евстатиос Кипријадис или некој од неговите ученици. Француските издавачи го транскрибирале од грчкиот курзив, а јас од нивната латинична транскрипција направив кирилична транслитерација внесувајќи ги следниве упростувања: *a̯* го предадов како *ă*, *i̯* како *ă* или *i*, согласно со денешниот изговор, а *e̯* како *a*. Кратенката е ВК.

20. В. Думев, *Воденскиот говор,* Македонски преглед 13, 1943, 3–4. Студијата содржи неколку текстови. Кратенка: ДВ.

ДОЈРАНСКО–КУКУШКО

21. Коста Пеев, *Дојранскиот говор,* Скопје 1979. Кон монографијата е пеиклучена збирка текстови. Препишувајќи ги примерите, ъ го предадов како *ă* и го елиминирав знакот ' за елипса. Кратенката е ПДој.

22. Коста Пеев, *Кукушкиот говор,* 1 – Скопје 1987, 2 – Скопје 1988. Во вториот том се наоѓа богата збирка текстови. Интервенции како под 21. Освен тоа, ги униформирав како *ќ* записите од типот: *ќ* и *к'*. Кратенките се ПК1 за монографијата и ПК за текстовите.

23. Г. Христов, *Народописни материяли по говора в Кукушко и Дойранско.* Македонски Преглед 9 1935, 3–4. Студијата содржи и неколку текстови. Кратенка: ХК.

СОЛУНСКО

24. *Изъ живота на българитѣ въ Солунско . . .* соопштава Л. Милетичъ. Македонски Преглед 8/1, 1932, стр. 64–98. Под овој наслов се објавени текстови од село Ватилак. Нивниот автор е Трајко Кехајов, а се запишани од Тодор Марков во 1905 г. Во текот на транслитерацијата ги внесов следниве интервенции: ъ го предадов како *ă*, *ѣ* како *е*, *й* како *j*; буквите *я* и *ю* по *к*, *г* ги предавам соодветно како *ќа*, *ќу*, *ѓа*, *ѓу*, во други

позиции како *'а, 'у;* го елиминирав ' како сигнал на елипса. Кратенката е МВат.

ЛАГАДИНСКО

25. Mieczysław Małecki, *Dwie gwary macedońskie (Suche i Wysoka w Soluńskiem), 1. Teksty*, Kraków 1934. Во процесот на транслитерацијата ги спроведов следниве интервенции: *а̯* го предавав како *а*, *ъ* како *ă*, *о̯* како *о*, *ŋ* како *н*; не означував палаталност кај редовно палаталните *ш, ч, ж, џ, шт;* слоговните *р* и *л* редовно ги предавам како *ръ, лъ;* ги „спуштам" сите букви ставени во експонент. Кратенките се МС за Сухо и МВ за Висока.

26. Обичаи в Висока и на други села от армасани до отбратките. - Така се насловени во збирката на Верковиќ текстовите експлицитно локализирани во Висока и Височка околија. Интервенциите како под бр. 27. Кратенка: ВВ.

СОЛУНСКО–ЛАГАДИНСКО

27. *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových vydali* Petr. A. Lavrov a Jiři Polívka, V Praze 1932. Во збирката доминираат текстови од солунско-лагадинскиот крај. Текстовите од Енидевардарско и од Серско експлицитно се насловени како такви (сп. во овој список бр. 18 и 24). Во текот на транслитерацијата ги спроведов следниве интервенции: *ъ* го предавам како *ă, ŭ* како *j, дж* како *џ*; буквите *я* и *ю* ги предавам како под 29 погоре. Кратенката е В.

СЕРСКО–ДРАМСКО

28. *Български старини 6.2. Търлиско евангелие отъ 1861 год.* отъ дръ Л. Милетичъ. София 1920. Се работи за превод на евангелието на говорот на селото Търлис, северно од Горни Броди, објавен од Л. Милетич во транскрипција од грчки курзив. Во текот на транслитерацијата ги направив следниве интервенции: знакот *і* во почетна позиција го предавам со *j,* а по согласка – со знак за палатализираност: '; редовно палаталното *ч* не го означувам како такво. Кратенката е МТ.

29. Текстовите бр. 100–108 и 117–130 од збирката на Верковиќ (сп. погоре бр. 27) експлицитно се лоцирани во Серската околија. Интервенциите како под 27. Кратенката е ВС.

Зборовниот акцент во сите примери каде што тој е означен и во оригиналниот запис го сигнализирам со знакот „ ´" над буквата. Акцентските целости ги поврзувам со цртичка: „-".

Материјалот што треба да ја докаже состојбата во определен говор го наведувам секогаш во оригиналниот (ев. упростен – сп. погоре) запис и со кратенка која упатува на изворот. Меѓутоа, честопати приведувам и синтаксички типови и шеми присутни на целото изучувано подрачје – тогаш се служам со обопштени форми во стандардниот правопис, што сепак не содржи импликација дека тие се присутни и во стандардниот јазик.

Полниот список на користената литература со сите библиографски податоци се наоѓа на крајот на книгата.

0.3. Од авторот. – Јазичниот материјал што го анализирам и опишувам е вонредно богат. Јасно ми е дека многу негови карактеристики останаа незабележени од мене, а други – недоинтерпретирани. Во вториот случај се работи главно за таканаречените балканизми. Без полно практично и теоретско познавање на другите балкански јазици честопати не бев во можност одредени конструкции да ги оценам како балкански калкови и да им ги најдам коренитe во тие јазици. Во многу погледи овој мој опис е само инвентар на проблеми кои чекаат една продлабочена анализа. Се надевам дека и како таков тој ќе им биде корисен на идните македонски синтаксичари.

Како туѓинка, на која македонскиот ѝ е втор, доцна изучуван и недоизучен јазик, посебно би сакала да им се заблагодарам на акад. Божидар Видоески и на МАНУ за укажаната доверба, за предлогот авторски да учествувам во проектот и за постојаната помош и консултација без која моето учество не би било можно. Мене ми падна в раце фасцинантно интересен материјал со каков што ретко кој славист има шанса да работи. Се здобив и со можност да продолжам една убава полска традиција во изучувањето на јужномакедонските говори, сврзана со имињата на М. Малецки и на З. Голомб. Само себеси можам да си замерам ако во оваа „Синтакса“ има пропусти и грешки.

1. Основна реченична конструкција. Нејзината формална (синтаксичка) и семантичка структура. – Под основна реченична конструкција подразбираме една синтаксичка конструкција чиј конститутивен член е предикатски израз кој содржи финитна глаголска форма. Терминот „основна реченична конструкција“ го ставаме во опозиција спрема таканаречената „сложена реченица“, односно „сложена реченична конструкција“, т.е. синтаксичка конструкција чиј конститутивен член е предикатски израз оформен како сврзник (сп. во вториот том).

Од синтаксичка гледна точка основната реченична конструкција (натаму *ОРК*), како секоја синтаксичка конструкција, задолжително содржи конститутивен член и факултативно – дополнителни членови.

Конститутивниот член на *ОРК* е еден предикатски израз кој од своја страна исто така може да биде синтаксичка конструкција со финитна глаголска форма како задолжителна конституента и со дополнителни елементи во облик на именска синтагма или на основна реченична конструкција.

Дополнителните членови на *ОРК* можат да бидат од два типа. Тие се или *а.* именски синтагми и/или реченични конструкции конотирани од страна на конститутивниот предикатски израз и кои заедно со него сочинуваат минимална пропозициона конструкција (во извесна смисла пандан на јадрената именска синтагма, во вториот том) и/или *б.* прилошки синтагми како модификатори на пропозиционалната конструкција.

Значи, шемата на синтаксичката структура на *ОРК* може да се претстави на следниов начин:

$$
\begin{aligned}
ОРК &\rightarrow КЧ(ДЧ) \\
КЧ &\rightarrow ПИ \\
ПИ &\rightarrow КЧ(ДЧ) \\
КЧ_{ПИ} &\rightarrow Вф \\
ДЧ_{ПИ} &\rightarrow \{Ø, ИС_{П}, РК_{П}\} \\
ДЧ &\rightarrow \{Ø, ИС_{К}, РК_{К}, Адв_{М}\}
\end{aligned}
$$

каде што: *ОРК* значи основна реченична конструкција , *КЧ* – конститутивен член, *ДЧ* – дополнителен член, *ПИ* – предикатски израз, $КЧ_{ПИ}$ – конститутивен член на предикатскиот израз, *Вф* – финитна глаголска форма, $ДЧ_{ПИ}$ – дополнителен член на предикатскиот израз, *Ø – синтаксичка нула*, $ИС_{П}$ – именска синтагма како дел на предикатскиот израз, $РК_{П}$ – реченична конструкција како дел на предикатскиот израз, $ИС_{К}$ – именска синтагма конотирана од страна на предикатскиот израз, $РК_{К}$ – реченична конструкција конотирана од страна на предикатскиот израз, $Адв_{М}$ – прилошка синтагма (adverbiale) во функција на модификатор на пропозиционалната конструкција, → 'се реализира како . . .', (. . .) – 'може, но не мора, да се појави', $\underline{\cdots}$ – 'еден или повеќе од еден елемент од наведената категорија', {. . .} 'и/или'.

Од семантичка гледна точка *ОРК* е продукт на предикација (сп. погоре, § 0.1.). Тоа значи дека во неа се именува една релација како важечка за посочените (именуваните) делови од светот. Таква една информација – која ја одредува релацијата и нејзините термини, т.е. предикатот и неговите аргументи – ќе ја викаме пропозиција, односно предикатско-аргументска структура *(ПАС)*. Таа претставува семантичко јадро на *ОРК*. За да знаеме една пропозиција да ја однесеме до одредена ситуација (т.е. референцијално да ја определиме), треба таа да биде актуелизирана, т.е. да бидат определени нејзините временски и просторни параметри (меѓу другото, нејзините протагонисти да бидат референцијално окарактеризирани, во вториот том).

Но, покрај ситуацијата за која станува збор, тука е и ситуацијата на зборување, т.е. ситуација што ја создава говорителот со самиот свој говорен чин. Реченото во повеќе аспекти носи печат на говорителот, и тоа како во резултат на неговата свесна дејност така и независно од неговата волја.

Така говорителот може да се ограничи на пренесување на информација, но може и експлицитно да бара реакција од слушателите, т.е. или од нив да бара информација (т.е. да праша) или да се јави со молба, наредба, закана итн. А пак, пренесувајќи информација, говорителот може да се произнесува како за надворешниот така и за својот внатрешен свет и – што е една друга, самостојна дихотомија – може да зборува за опипливи, „стварни" факти, а може и да гради замислени светови на прогнози, планови и/или фиктивни настани што не се подложни на верификација. И најпосле, говорителот може да посака да се дистанцира од пренесуваната информација, да се воздржи од оценување на нејзината веродостојност и вистинитост или обратно – врз пропозицијата

експлицитно да изгради една своја оцена. Со еден збор, врз пропозицијата може да биде надградена информација од доменот на таканаречената деонтична и/или епистемична модалност.

Независно од волјата на говорителот, реченото обично содржи сигнали на неговото јазично потекло, на социјалната средина, на односот меѓу него и соговорникот, дури и на неговата емотивна состојба. Со други зборови, реченото носи одраз на сите можни ограничувања кои потекнуваат од самата ситуација на зборување, или – во уште поинаква формулација – секој говорител во својата јазична активност е ограничен од многу прагматични фактори, што барем делумно се одразува врз реченото. Се разбира, тие прагматични сигнали можат да бидат и предмет на свесна манипулација од страна на еден вешт говорител или дури предмет на симулација. Како и да е, ние овде нема посебно да се занимаваме со прагматичната компонента во структурата на *ОРК*. Како прво, таа компонента може правилно да се протолкува, понекогаш и да се улови дури на ниво на текстот, а ние (спор. подолу) нема да се занимаваме со граматиката на текстот. Како второ, користејќи за анализа материјал што не сме го собрале сами, немаме ни целосен увид во ситуацијата на зборување која е тука од основно значење. Ова, се разбира, пак не исклучува во текот на анализата да си дозволиме некои коментари од доменот на јазичната прагматика.

Сумирајќи ги горните поставки, семантичката структура на една *ОРК* реално употребена во текстот (т.е. референцијално поврзана како со ситуацијата на зборување така и со ситуацијата за која станува збор) можеме да ја претставиме на следниов начин:

$$M\{T \times L[f(x,y,z\ldots)]\}$$

каде што *M* значи модална компонента, *T* и *L* – темпорални и локални параметри, *f* – конститутивен предикат, x, y, z . . . аргументи на конститутивниот предикат; заградите ја одразуваат хиерархијата на релациите и нивните термини.

За правилно толкување на горната шема многу е важна свеста дека одделни нејзини компоненти не мора да имаат дискретни експоненти на површината на текстот ниту воопшто мора да бидат експлицитно формализирани. Со други зборови, претставената идеална, максимална шема на разни начини може да биде кондензирана: преку подлабока интеграција на одделни компоненти или пак – во кохерентен текст – со нивна реализација надвор од формалните граници на соодветната *ОРК*. Така, на пр., *M* може да се појави во функција на *f, T* или *L* можат да се појават во функција на *x,* итн., или пак некоја од тие компоненти може да биде содржана во претходниот текст или дури да се експлицира преку увидот во самата ситуација на зборување.

Самите предикати, од семантичка гледна точка, можат да бидат од три типа:

– предикатите од прв ред ги одразуваат перципираните од нас односи меѓу деловите на светот што нè опкружува. Значи, аргументите на тие

предикати се материјални делови на светот, сп.: *спие (некој), чита (некој нешто), дава (некој некому нешто)* и сл.,

– предикатите од втор ред го одразуваат нашиот внатрешен свет, интелектуалните, емотивните и волитивните процеси. Нивниот појдовен аргумент по дефиниција е човек, додека вториот аргумент е дел од внатрешниот свет на човекот, сп.: *мисли (некој дека . . .), чувствува (некој дека . . .), скака (некој да . . .)* и сл.,

– предикатите од трет ред ги симулираат (претставуваат екстраполација на) процесите на нашето расудување, т.е. забележуваните и толкуваните од нас односи меѓу настаните. Овие предикати ретко се оформуваат како глаголи, почесто како сврзници, сп.: *предизвикува (некој настан некој друг настан) ~ бидејќи, зашто, обусловува (некој настан некој друг настан) ~ ако, под услов да, следи (некој настан по некој друг настан) ~ откога, тукушто, придружува (некој настан некој друг настан) ~ и,* и сл.

Во овој дел од нашата синтакса, како што веќе рековме, ќе се занимаваме со реченици конституирани од глаголски предикати, т.е. од предикати од првиот и од вториот ред.

1.1. Функционална перспектива на текстот и нејзиниот одраз во ОРК. – Пред да поминеме на разгледување на материјалот, треба да споменеме уште еден проблем што во описот на ОРК ниту можеме да го заобиколиме ниту систематски да го претставиме. Се работи за таканаречената функционална перспектива на текстот и за нејзиниот одраз во структурата на одделни реченични конструкции што го составуваат тој текст.

Во семантичката структура на секој предикат е кодирана информација за „природната" хиерархија на неговите аргументи. Под природна хиерархија подразбираме некои претпоставки што потекнуваат од антропоцентричната организација на јазичниот систем. Тука спаѓа, на пр., претпоставката дека човекот е „природен" вршител на дејството, дека материјалните предмети се „природни" објекти на човечкото дејство, и сл. Синтаксичката структура на ОРК, т.е. мрежата, на односи на граматичка зависност, од една страна, и принципите на линеаризацијата (т.н. ред на зборовите), од друга, способни се (програмирани се) да ја одразат таа природна хиерархија. Меѓутоа, потребите на јазичната комуникација не ретко ни налагаат една друга, „неприродна" хиерархија на нештата, да речеме во дадена ситуација напишаното писмо се покажува поважно од човекот што го напишал, и сл. Повеќето предикати располагаат со начини на формализација (лексички конверзии како *купува* vs *продава, се жени* vs *се мажи,* и сл., дијатетички варијанти како *купува* vs *се купува, чита* vs *е читан,* и сл.) кои им овозможуваат адаптација кон потребите на комуникативната хиерархија, т.е. на таканаречената функционална перспектива на текстот. Сепак, не сите потреби и не секогаш можат да бидат задоволени со лексичките и/или со морфолошките средства. Поуниверзален и почувствителен инструмент во служба на функционалната перспектива се линеаризацијата и/или мелодичната контура на *ОРК* (т.е. таканаречениот реченичен акцент).

Од разбирливи причини комплицираната игра на сите наведени фактори може систематски да се следи и да се протолкува само на нивото на текстот. Следствено, нашата арбитрарна одлука да не се занимаваме со граматиката на текстот значи и дека нема да го опишуваме системот на граматичките средства во служба на функционалната перспектива на текстот. Меѓутоа, бидејќи нашиот илустративен материјал доаѓа од текстови, при конкретната анализа не еднаш ќе бидеме принудени некои особености во формализацијата на разгледуваниот *ОРК* да ги објаснуваме токму со барањата на функционалната перспектива на соодветните текстови.

1.2. Предикатски израз како конститутивен член на ОРК. – Под предикатски израз (*ПИ*) како конститутивен член на ОРК подразбираме синтагма чија задолжителна (конститутивна) компонента е финитна глаголска форма и која – во случај глаголската форма семантички да е несамостојна – содржи и една именска синтагма-експонент на семантичкото јадро на предикацијата. Горнава формулација, како што се гледа, се движи на синтаксичкото ниво. Од семантичка гледна точка би рекле дека ПИ формализира конститутивен предикат на една ОРК, па во случај ако е тој предикат во облик на именска синтагма, тогаш таа задолжително мора да биде придружена од една семантички несамостојна финитна глаголска форма.

Инсистираме на терминот финитна, а не лична глаголска форма за да ги опфатиме со нашата дефиниција и конструкциите како *Ми се слие., Го стемни на патот., Врне.,* и сл., што многу граматички описи ги оценуваат како безлични (сп. подолу § 1.4.1.).

ПИ е носител на морфолошките експоненти на граматикализираните семантички категории што се карактеристични за *ОРК*, како што се категориите вид, време (во смисла на tense и taxis), начин, статус. *ПИ* е исто така носител на експоненти на категориите што обезбедуваат конгруенција меѓу него самиот и конотираните од него именски синтагми; се мисли на категориите лице, број и род. Експонентите (морфолошки и синтаксичко-лексички) на граматичката (еднонасочна) зависност на именската синтагма од предикатскиот израз (т.е. падежните наставки, клитичките заменски форми, предлозите) конвенционално ги сметаме за дел од соодветните именски синтагми.

Тргнувајќи од фактот дека морфолошките категоријални експоненти пренесуваат само дел од информацијата од соодветните семантички полиња, со таканаречената употреба на видските, начинските, временските форми ќе се занимаваме разгледувајќи ја целосно површинската репрезентација на симболите *Т* и/или *М* (сп. подолу § 1.5. и 1.6.).

Конгруенциските категории како и категоријата граматичка зависност (т.е. надежен однос) меѓу *ПИ* и *ИС* ќе ги разгледаме зборувајќи за површинската репрезентација на пропозицијата (т.е. на предикатско-аргументската структура, симболично *f* (x,y,z . . .) (сп. подолу § 1.3.).

Следствено, во оваа глава нема да се занимаваме ни со правата глаголска парадигматика ниту со глаголската перифрастика. Со други зборови, нема овде да даваме ни некои коментари за ПИ оформен како семантички самостојна финитна глаголска форма.

Од трите можни начини како да се формализира ПИ, т.е., на пр.:

1. *Петре тагува., Петре учителствува., Петре го наградува Колета . . .*
2. *Петре е тажен., Петре е учител. . .*
3. *Петре чувствува тага., Петре му доделува награда на Коле. . .* а capite нашиот интерес во моментов е свртен кон конструкциите од типот 2 и 3.

Предикатскиот израз може да биде проширен со еден прилог кој носи дел од предикативната содржина. Да речеме, глаголскиот предикат *шепнува* носи, меѓу другото, и информација за силата на звукот, на гласот, но предикатот *зборува,* од истото семантичко поле, не носи таква информација и по потреба се дополнува со прилози како *гласно, тивко* и сл.; глаголскиот предикат *трча* содржи информација за темпото на движењето, која сепак може да биде засилена со едно *брзо*, или „ослабена" со едно *бавно,* додека предикатот *оди* не содржи соодветна информација и отворен е за дополнувања како *бавно, брзо* и сл. Присуството на прилошки предикат создава и можност тој да биде главен носител на новата информација од гледна точка на комуникативната перспектива на текстот, како, на пр., во дијалогот: А. *Не плаши се, ќе стигнам, ќе трчам.* Б. *Ама трчај брзо!,* и сл. Прилозите способни за таков тип дополнување на глаголските предикатски изрази им припаѓаат на придавските лексеми. Би можеле да речеме дека тие претставуваат посебни придавски форми приспособени да стапат во синтаксичка врска со личниот глаголски облик.

А еве неколку јужномакедонски примери: *. . . а тој киниса да тарга и да гладви тјашко.* МЕ, *И жената ленја, спа реат.* МЦ, *Војнчас и собраф дрвата, и натбариф убоо и бргу са врнаф дома.* ШД, *На Белибцката река мосто беше расипан и сел'аните го праеа мачно.* ШД – еден пример со тежиштето токму врз прилогот; натаму: *. . . и му оди прао на царот . . .* УЕ, *Ето ти а јабалката рибо и ного ти сполајти.* УЕ, *Дедо, побрго кажувај ми . . .* УЕ – пак тежиштето е врз прилошкиот дел од предикатот; натаму: *тузи малку шту сă рудй, ви сă мол'а млогу, дад'ăти гу на м'ен'а . . .* МС, *Усămна хубав'а . . .* МС – пак еден пример со прилогот како носител на предикативната содржина; се чини дека постои корелација меѓу редоследот на елементите и семантичката хиерархија, имено, прилогот во постпозиција најчесто е семантички доминантен. Натаму: *И за гу учист'ат хубаја, за везмат вр'ăтиштăта, за м'ăрат житуту . . .* МВ, *Гу испрати харно на него . . .* В, *„ах синку, скору да стигниш!"* В – овде тежиштето е врз прилогот, иако е тој во почетна позиција; сп. и: *Тогас цар'ут млогу са благодарил . . .* В . . .

Се случува место прилог и со иста семантичка функција да се појави цела дел-реченица од споредбен карактер. Место експлицитно и директно да го дополни глаголскиот предикат, таа нуди споредба преку која се определува соодветната содржина. Сп., на пр.: *Кашчо велише, така и-стана.* ШК. Пошироко за споредбената релација и споредбените реченици и реченични трансформи сп. во вториот том.

1.2.1. Предикатски израз во облик на таканаречениот именски прирок. – ПИ што го содржат речениците наведени погоре под точка 2. *Петре е тажен., Петре е учител.* е познат како именски прирок. Него го сочинуваат две компоненти: *а.* т.н. помошен глагол, т.е. – во стандардниот јазик – еден од глаголите *е/бива/бидува/стане/станува*, и *б.* правиот именски прирок, т.е. *или б.а.* придавски збор, *или б.б.* именска синтагма, најчесто редуцирана на својот конститутивен член, т.е. именката. Пошироко гледајќи, тука спаѓаат и *б.в.* конструкциите како *Петре стигна далеку., Иван изгледа бедно., Ана се однесува необично., Илчо постапува коректно.*, и *б.г. Опасно е да се размислува вака., Тешко е да се преброди криза.*, па и *Срамота е да се убие ластовица.*, и сл. Во групата *б.в.* имаме работа не со „класични" помошни, туку со синсемантични глаголи кои бараат задолжително дополнување во облик на еден прилошки израз. Во групата *б.г.* сме соочени со конструкции кои во позиција на граматички независната *ИС* или, поточно, во позиција на ИС во меѓузависност со ПИ, содржат *да*-реченица; тоа ја оневозможува конгруенцијата, па ПИ се јавува со помошен глагол во 3 sg и со прилог и/или предикатив во функција на именски дел од прирокот.

Во сите *ПИ* од разгледуваниот тип семантичкото тежиште на предикацијата е содржано во именскиот дел од *ПИ*, додека помошниот глагол е само носител на соодветните граматички (граматикализирани) категории. Покрај „класичните" категории, како што се вид, време, лице, може да се појави и инхоативност (*стана, станува*), а кај синсемантичните глаголи (*б.в.*) и терминативност (динамичност, процесуалност) (*стигна, дојде . . .*), односно изглед или начин на однесување како особини по дефиниција својствени на еден предмет (*изгледа . . .*) или на едно живо суштество (*се однесува, постапува . . .*).

Именскиот дел од прирокот по дефиниција е немаркиран од гледна точка на категоријата определеност, односно на семантички план има само конотативна, а не и денотативна вредност (сп. подолу § 3.3.4.). Следствено, во таа позиција не смеат да се појават лични и/или показни заменки, сопствени имиња и сл.

За разлика од двете други можни формализации на *ПИ* (сп. ги погоре точките 1. и 3.), именскиот прирок е примарна формализација на предикати на состојба (т.е. на непроцесуалните предикати). Ова најдобро го истакнуваат противставените конструкции, како, на пр.: *Иван не е учител, но во последно време учителствува во некое зафрлено село.*, и сл. Од семантиката на самиот предикат и од контекстот на неговата употреба зависи дали се работи за трајна особина на еден субјект или за негова привремена состојба, сп., на пр.: *Иван е висок., Иван е егоист., Иван е учител.* наспрема *Иван е декан.*, или *Иван се покажа егоист во овој случај.*, или *Иван е тажен (по природа,* но и: *во последно време, денеска, во моментов,* и сл.). Не е исклучена ни права процесуална семантика, сп., на пр.: *Седницата е во тек. Иван е претседател.*, што е практично синонимно со *Иван претседава.*

Фактот дека помошниот глагол не носи никакво релационо (= право предикатско) значење може да биде и причина за неговото от-

суство во конструкцијата, т.е. за осамостојувањето на именскиот дел од прирокот како трансформ на соодветната реченична конструкција. Во вториот том ќе имаме можност да разгледаме еден дел од такви кондензирани конструкции – оние каде што осамостоениот именски дел од прирокот директно се присоединува кон определуваната именска синтагма. Таквите трансформи ги нарекуваме апозитивни определби на соодветната именска синтагма. Овде ќе дадеме преглед на конструкциите каде што осамостоениот именски дел од прирокот се присоединува кон еден друг предикатски израз, т.е. конструкциите од типот *Отиде војник., Го избраа претседател., Се врати жив., Им се чинеше богат.*, и сл. Друго можно решение би било ваквите конструкции да ги разгледаме заедно со експлицитно-сложените (= некондензирани) реченици од соодветен вид, т.е., да речеме, *Отиде војник* врз основа на поекспликитната парафраза 'отиде за да стане војник' би се нашло меѓу финалните, *Се врати жив.*, врз основа на парафразата 'остана жив и се врати' - меѓу копулативните, ев. меѓу временските, *Им се чинеше богат.* врз основа на парафразата 'чинеа дека е богат' – меѓу интензионалносложените реченици, итн. Против второто решение говорат два аргумента. Како прво, формално конструкциите со осамостоен именски дел од прирокот не се сложени реченици, бидејќи содржат само една финитна глаголска форма. Како второ, да сме ги распоредиле според семантичката врска меѓу осамостоениот именски дел од прирокот и предикатскиот израз на матичната (надградена) реченица, би го игнорирале паралелизмот на нивната формална структура и – што е поважно – би ја изгубиле шансата да го истакнеме паралелизмот на нивната синтаксичка (и семантичка) деривација.

Именскиот прирок во јужномакедонските говори не се разликува суштествено од она што ни го нуди денешниот македонски стандард. Интересно е дека помошниот глагол не ретко отсуствува дури кога именскиот прирок го формализира главниот реченичен предикат. Мошне интересно е и големото богатство на кондензирани конструкции кои инаку не се карактеристични за дијалектниот и/или говорниот јазик. Се чини дека кондензацијата базирана врз осамостоениот именски дел од прирокот е еден од наједноставните кондензациони механизми, што веројатно не е без врска со семантичката испразнетост на помошниот глагол; категоријалното значење што го носи тој лесно може да биде „делегирано" на која било друга финитна глаголска форма во функција на конститутивен член на матичната реченица.

Нашиот избор на примери е определен од гореспоменатите моменти. Значи, наведуваме релативно малку прости реченици со *ПИ* оформен како именски прирок, и тоа главно оние интересни поради нетипичната селекција на помошни глаголи (вклучувајќи ја тука и нултата репрезентација) или нетипичната синтаксичка структура на именскиот дел од прирокот. Многу поширок е нашиот избор од кондензираните конструкции.

Не ги разделуваме примерите во кои именскиот прирок е во облик на придавски збор од оние каде тој зема облик на именска синтагма. Една од причините за ваквата постапка е појавата на турските заемки со суфиксот *-лија* кои токму во предикативна функција стојат надвор од опозицијата: придавка ~ именка.

Именскиот прирок како конститутивен предикатски израз во реченицата: *. . . пулја́е о́ти послáбо и голја́мо авáле бја́ше.* МДЦ, *. . . подóбре да си бја́јме имљáк* МДЦ, *Бја́је сиромаси мнóго.* МЦ, *Да не бандиш фаре котиа.* МЦф, превод 'ne sois pas tout à fait faible', *Да се сториш јунак.* МЦф, *. . . сој бја́ше син Госпутому* МЕЦ, *. . . тискај си син Госпутому* МЕЦ, *Лáрото бéше дервéно.* ШК, *. . . жолта кé пус остáна чýпата.* ШК, *Нáшчо сéло бéше бéдно, планúнцко сéло.* ШК, *Свé планúни ésти местото.* ШК, *Јáс беф со три гóдини пó-голем од брáта ми Гéрман.* ШД, *. . .* јáс беф седомнáјсе и́ли осомнáјсе гóдишен ШД, *Јáс са на седóмдесе и две гóдини.* ШД – последните две конструкции ги толкувам како деривати од 'јас сум/бев стар . . . години'. Натаму: *Чéкај да ви́да кáква вójска ет тáа?* ШД, *Стáва месечúната пóгибеш.* ШД, *Стáва стрóјнико óј.* ШД, *Брáко ка стáваше?* ШД, *Сéлото óрман са стóри.* ШД, *Сéтне му фăрл'амеф млéко во сúратката и та са прáеше вăрф.* ШД, *Жéната на Гéрмана со тéтка пáдве фтóри братýчеди* ШД, *Тáка пáдна мéстото, за да мúне по нáшио крај грците и србите* ШД, *Нивéстта óште нé-ј-азăр* БМег, *Пóпот бéше бугáрин от сéлото.* КЕВ, *. . . ка станáа от сéлата окóлни давацúи от ни́ . . .* КЕВ, *Кој му е крив, такво му беше пазарот су луде.* УЕ, *Е не си љутам, не, туку чини се малку малку домакин.* УЕ, *. . . и зева децата и и клава у црницата азр да бидат.* УЕ, *. . . тајфата станала гулема . . .* УЕ, *. . . радуста на попот и пападијата била ного малце време.* УЕ, *. . . и товáрут ми и лéсин* ВК, *Нé пóпут, тóо кóаз-ј.* ПК, *Праматáр, знáјте шó-ј праматáр?* ПК, *Га-пáмнум нáшта кáшта каквá бúше.* ПК, *Ет таквó нáшто бéгине бúше.* ПК, *Убразúна, убразúна са тúа.* ПК, *. . . ас сум натаа стóка сајбúа, ас сум гуспудáр* ПК, *Е, твá дéте пураснува ергéнин.* ПК, *Ас бих сјурмáшка . . .* ПК, *Нимáнци чифлик бúше.* ПК, *Тáј бил лувцúа, чувéко шо-ј мáжо.* ПК, *Самувúлта, бāпта пучнáла д-устáнуве глáдна.* ПК, *Нóго árно бúло тóо нáшто сéло.* ПК, *Дрýјсте сé Макидóнци бúхме.* ПК, *Нóго мака́-ј бúло бéгинто нáшо . . .* ПК, *. . . он је јунак на зем'ата* В, *. . . јазе сам гувидарскиј син . . .* В, *. . . јазе сам на богат човек син* В, *Јазе сам от твоја зем'а, твој хизмúкар* В, *. . . тојнака не е човек, кату шчо гу знаеш, туку е деф кату цăрна змиа . . .* В, *чигови са тиа конаки?* В, *Тиа са халис кату от мојта жена* В, *татку ми е цар на змиите* В, *. . . ниа сми хизмúкари на цар'ув зет* В, *. . . и детето си е научило млогу, са чини кату философ.* В, *тој остана кату просик гол* В, *јазе сам на цар'у човек.* В, *. . . тајфáта му бéши гóла, голишáнка.* В, *Женáта му останá вдовúца . . .* В, *чúа са тúа катандја, мăжу?* В, *. . . бéши млóгу мераклúа за сéкоја рáбота* В, *И тогас сиромахут беши сос млогу радос . . . В, јазе сам авджиолиа* В, *татку ти е цар* В, *Тогас познал, ча беши неговата жена нив'аста.* В, *Тојнака беши млогу слаб на снагата* В, *. . . това е магиа.* В, *Ча буката беши за чудо дибела един кăјамет.* В, *Тој . . . са научило млогу уки и прокопсану изл'ази* В, *Тогáс тајфáта му вéки остáнали глáдни.* В, *. . . и западнá пáк кату нáпрет сиромáх* В, *. . . станá гол и бóз дá прифтáса децáта.* В, *Сегá не сам за копанé, нúту за орáч да си чúнам* В, *. . . ниту дрехи му останáха на снáгата му, такá партáл'аст останá* В, *Кадир је он да ти ја докара и неа.* В, *„кој е јунак да спиј с царјувата мома един вечер и да усумни жив, он ки ја земи момата"* В, *Нéка и́да да ви́дим, какăф б'éше товá óган . . .* ВС, *. . . имал*

сал една мома, и тја млого беши милна на татка ѝ В, *. . . и за това јазе са достоин да стор'а* В, *„јазе не сам достоин за крал“* В, *И нозѝ б'е́ше змѝј . . .* ВС, *Това́ чол'ак е би́л по-вр'а́дан от на́с.“* ВС, *Ади да́ б'агами, ча н'асми за тука.* ВЕ, *. . . са чини тојнака по-богат от сичките човеци* В, *. . . си чинил тој нај-богат от сички тамошните* В, *. . . са чини . . . млогу марифетлиа за сичка работа* В, *. . . са чини млогу чорбаџиа, богат човек . . .* В.

Наведениот, од гореспоменатите причини, строго селективен корпус примери дозволува да се скицираат заклучоци по неколку линии.

Како прво, привлекува внимание инвентарот на глаголи кои - примарно или вторично употребени – можат да вршат функција на конститутивен член на ПИ оформен како именски прирок. Покрај најзастапениот глагол *е,* тука се јавуваат низа други лексеми кои внесуваат побогато видско (поретко) или пак фазно (почесто) значење. Во примерите погоре ги наоѓаме во оригинални фонетски и морфолошки облици кои прилично варираат низ истражуваната територија. Овде ќе ги наведеме со стандардната фонологија и морфологија. И така, во примери од долнопреспанскиот говор го наоѓаме глаголот *паѓа/падне* чиј несвршен облик се употребува паралелно со *е*, додека свршениот како да ја суплира непостојната свршена форма од *е* (сп. го во литературниот јазик стилистички обоеното *бидне*). Фазните помошни глаголи се помногубројни. Покрај литературното *става/стане* со инхоативно и *останува/остане* со континуативно значење, тука се и *се стори, се прави, се чини,* сите три употребувани без медијална дијатетичка нијанса, како прави синоними на *стане.* Тука е и *западне* (од материјалите на Верковиќ, т.е. без точна локализација), што ја потврдува интегрираноста на *паѓа/падне* во функција на помошен глагол. Најпосле, спорадично како изофункционални со *стане* се покажуваат и *излезе* (Верковиќ: *. . . прокопсану изл'ази . . .*) и – се разбира само во однос на живи суштества, т.е. со семантичка ограда – *пораснува* (ПК: *. . . де́те пура́снува ерге́нин . . .*).

Придавските зборови во именскиот прирок како принцип се конгруентни со субјектната именска синтагма (и со обликот на помошниот глагол), ако тоа го дозволува нивната морфологија, т.е. ако не стојат надвор од категориите род и број. Меѓутоа, како и во рамките на именската синтагма, така и на релацијата: субјектна именска синтагма - именски прирок доаѓа до поместувања во конгруенцијата по род што е карактеристично за јужните македонски говори. Сп., на пр.: *Тој . . . са научило млогу уки и прокопсану изл'ази.* Причините за таа појава ги разгледуваме подолу (т.е. во вториот том), некои примери се гледаат во наведениот корпус, за други интерпретации и други примери сп. Б. Конески 1982, Пеев 1988. А еве еден пример на конгруенција по број ad sensum: *Тогáс тајфáта му вéки остáнали глáдни.* В. Други слични примери сп. § 3.1.2.1.1 (т.е. во вториот том).

Посебно внимание заслужува реченичниот модел со субјектната синтагма сведена на показна заменка. Имено, во јужните говори, како и во други балкански јазици (Миндак 1983, 1990), показната заменка во овој модел покажува конгруенција со именскиот прирок оформен како

именска синтагма, сп.: *Тој бил лувџија.* ПК, ... *тојнака не е човек* ... В, *Чекај да ви́да ка́ква војска ет та́а?* ШД, и сл. Во македонскиот стандарден јазик овој синтаксички тип се повлекува сега пред словенскиот небалкански тип без конгруенција, со генерализирана употреба на показната заменка од среден род еднина, т.е. пред типот: *Тоа е* ...

Придавките по својата семантичка природа се формализации на (прости или сложени) предикати и како такви се способни да остварат максимум свои синтаксички потенции ако се поставени во предикативна а не во атрибутивна позиција, т.е. токму како именски делови од прирокот, а не како определби во именската синтагма. Значи, зборувајќи за именскиот прирок со придавка како носител на семантичкото тежиште на предикацијата, треба, меѓу другото, да видиме какви предикати и какви предикатско-аргументски структури (= какви пропозиции) се остваруваат преку овој тип предикатски израз. Во таа анализа ние ќе се водиме по остварените синтаксички конструкции без да се впуштаме во експлицирање на внатрешната структура на сложените предикати. Така, на пр., реченицата *Тој е богат.* ќе ја оцениме како формализација на едноаргументска структура со предикатот оформен во придавката *богат* и со заменката *тој* која (анафорски или деиктички) го посочува својот референт во функција на единствен аргумент на предикатот 'богат'. Т.е. нема овој предикат да го експлицираме како нешто во вид на 'кој поседува многу скапоцени нешта', па да оцениме дека всушност се работи за двоаргументен предикат со *богат* како кондензатор на примарниот предикат и неговиот втор аргумент. Исто така се задржуваме на описот на синтаксичката, а не и на семантичката хиерархија ако наоѓаме предикати на интензитет оформени како прилошки определби на придавските предикати. Значи, синтагмата *многу богат* ќе ја оцениме како придавски збор со прилошка определба без да се занимаваме со фактот дека всушност прилогот *многу* претставува овде експонент на еден предикат надреден над предикатот 'богат' и заедно со него остварува едноаргументна предикатска структура, нешто како 'се рангира високо на скалата што го одмерува богатството'.

Многу малубројни се во нашиот корпус придавските предикати што акомодираат зависни именски синтагми. Од „класичен" тип ги има само четири, од кои три од збирката на Верковиќ. Еве ги: ... *беши млогу мераклиа за секоја работа,* ... *са чини* ... *млогу марифетлиа за сичка работа,* ... *имал сал една мома, и тја млогу беши милна на татка ѝ* ... *И ти́е му-са-азѝр за-мѐжéјне* БМег.

Фактот дека повеќето примери се откај Верковиќ, т.е. дека имаат поминато една свесна редакција, ја потврдува претпоставката дека конструкциите од ваков тип му се туѓи на дијалектниот јазик и дека се поврзани со поразградена раскажувачка поетика. Навидум на горните се надоврзува и примерот (исто така откај Верковиќ) *Тојнака беши млогу слаб на снагата.* Меѓутоа, тој всушност претставува дијатетичка варијанта на една конструкција од типот *Неговата снага беше многу слаба.*, т.е. едноаргументна структура со сложен аргумент.

Во поголем број се застапени конструкциите со параметрички придавски предикати кои како втор аргумент врзуваат една определба

за мера, т.е. една апстрактна големина базирана врз конвенционални или неконвенционални единици на мера. Сп., на пр.: *Ча буката беши за чудо дибела еди̏н ка̏јамет* В, . . . *направил* . . . *една дупка* . . . *која беши три минарета да̏лбока и три врјатина широка* . . . В, и сл. Тука спаѓаат и конструкциите како: *Стркоо ет да́леко од Ме́доо де́сет дванајсе ми́нути* ШД, *Ни́вици о́д нас ет да́леку два́ са̄ти па̄т.* ШД – во последниот пример се појавува карактеристичниот вторичен параметар 'пат' што ја поврзува временската со просторната квантификација; сп. и: *Мо́жи да бе́ше три́ са̄ти да́леку.* ШД. За други примери од ваков тип сп. и во вториот том. Најпосле, тука, mutatis mutandis, спаѓаат и конструкциите во кои предмет на предикација се временските параметри на моментот за којшто станува збор, сп.: *Бја̏ше шест сато денутому* МЕЦ, . . . *бја̏* . . . *десет сато денутому* МЕЦ.

Посебна група прават конструкциите каде што именскиот дел од прирокот е глаголска придавка. Согласно со македонската граматичка традиција, ги толкуваме како отворени синтаксички конструкции, а не како дел од глаголската категоријална перифрастика, што не го менува фактот дека глаголската придавка чувајќи ја глаголската рекција, почесто од други придавки отвора позиција за една зависна именска синтагма, а често дури бара присуство на една таква синтагма. Сп.: . . . *дур денес ести от ҫебеп тја̏мен изгнасен дворо сходјетому* МДЦ – синтагмата *от себеп тја̏мен* може да има тука двојна интерпретација: или како назив на вршителот на дејството или како трансформа на една причинска (т.е. не регирана) реченична конструкција; сп. натаму: *Са ста́п буваше обесе́на кајдо́лу са гла́ва.* ШК, *Се́днат бе́ше на сто́ло зе́то* . . . ШД, *Е?, ма́јка и-та́тко та́м са-уф-ре́ката зако́лни.* ПК, . . . *дека му е казано сос алта̄ните зариино?* В – последниот пример претставува една интересна дијатетичка варијанта; за жал, многупати споменатите нарушувања во конгруенцијата по род не ни дозволуваат да утврдиме дали се работи овде за усогласена или за неусогласена врска.

Збирката на Верковиќ нуди и некои примери со реченица акомодирана кон придавскиот предикат, сп.: *Кадир је он да ти ја докара и неа.,*
јунак да спиј с цар'увата мома еди̏н вечер и да усумни жив, он ки ја земи момата. Најпосле сп. и една кондензирана конструкција: . . . *јазе са достоин за крал* т.е. 'за да бидам крал'.

Сепак, најмногубројни се оние конструкции каде што именската синтагма зависна од *ПИ* претставува втор термин на споредбата преку која се определува интензитетот на особината што е предмет на придавската предикација. Соодветните предикати земаат облик на еден од трите граматикализирани степени на интензитетот: позитивот – . . . *жолта ке́ пус оста́на чу́пата.* ШК, *Тиа са халис кату от мојта жена* В, . . . *тој остана кату просик гол* В, и сл.; експоненти на акомодацијата се на запад *ке́*, на исток *кату;* компаративот – *Ја́с беф со три го́дини по́-голем од бра́та ми Ге́рман* ШД, *Това́ чол'ак е бил по-вр'а́дин от на́с.* В – и во двата примера вториот термин на споредбата е во функција на вториот аргумент на соодветниот предикат; експонент на акомодација е предлогот

од; сп. го и интересниот пример каде што компаративот семантички е рамен на суперлативот: *. . . са чини тојнака по-богат от сичките човеци* В. Во сличен контекст наоѓаме кај Верковиќ и конструкција со морфолошки суперлатив: *. . . си чинил тој нај-богат от сички тамошните* В - интересно е дека и овде акомодатор на зависната синтагма е предлогот *од.* Семантички земајќи, кон оваа група примери припаѓа и конструкцијата: *. . . он је јунак на зем'ата* В и сите други со калкирана турска синтагма која содржи суперлативна семантика. А еве уште некои примери: со компаратив – *. . . бра́те, позна́х, ча си појуна́к от ме́ника . . . В, . . . видоа . . . ча по-јунак је от них . . .* В, *„ут на́м по́-јуна́кси."* МВ, *. . . она е по-харна на зем'ата* В, *. . . ама момата ти е по-хубава от сички.* В и во истата приказна: *. . . сега момата е нај-хубава . . . ;* многу поретко среќаваме апсолутен компаратив, сп.:
ПДој како порачка упатена на кафецијата; *по-* се наоѓа тука во семантичкото поле на intensiva од типот *многу,* сп. подолу. Со суперлатив – *Најкучи́јна бе́а ти́е, а во́јска́та не-бе́ше* БМег, *. . . то́си на́јкурка́кут чув'ӓк ут с'е́луту* МВ, *. . . гу чӥних сега најчорбациа аф това грат* В, сп. и *. . . наистина, брате, си бил нај-акӓлиа на зем'ата тинака* В . . . Сп. ги и другите конструкции со „суперлативна" семантика:
си не каза, л'у јунак над јунаците. В, *. . . тогас веке да го знаиш, ча јунак е на зем'ата.* В, *. . . ча мој татко е змеј на змиите́.'* В, *. . . та ста́на гол'ам и зинги́нин на си́чките.* ВС . . . Најпосле, сп. и една интересна конструкција која покажува лабилност на границата меѓу споредбите протолкувани во „компаративни" и оние сфатени во „суперлативни" категории: *. . . от нас три́те која́ је по́-ха́рна?* В. Како што се гледа од примерите, вториот аргументски израз во конструкциите со морфолошки суперлатив може да биде оформен како експлицитен назив на множеството чиј елемент е референтот на првиот аргументски израз (а тоа со помош на предлогот *од,* веројатно по атракција на компаративните конструкции) или пак (почесто) може да претставува назив на некое населено место чиј жител е референтот на првиот аргументски израз, сп.: *. . . на́јкурка́кут чув'ӓк ут с'е́луту, . . . најчорбациа аф това грат, . . . нај-акӓлиа на зем'ата . . .* Интересно е дека ниту еднаш не сретнав во таа функција *предлошки* израз со предлог што би одговарал на стандардното *меѓу.*

Привлекуваат внимание примерите од Мазоновите бобоштенски приказни во кои – според албанскиот модел – суперлативниот суфикс се надградува врз формата на компаративот, сп.: *Ама тос местото бја́ најпоскапо.* МЦ, *„у да ми бандиш, море мажу", рече жената најпозарадвана.* МЦ, во францускиот превод: . . . toute joyeuse, сп. и: *И от тој ден, акуш бја Крачун, фати да работа от токо шчо отиде, и сени се стори најпоникокира.* МЦ, во францускиот превод: . . . la plus ménagère des ménagères. . . . – судејќи по примерите, а и по преводите, оваа форма се толкува како апсолутен суперлатив.

Во низа конструкции носителот на предикација е именка, а не придавка. Најчесто се работи за именката *јунак.* Интересното е дека таа именка-епитет практично сто на сто го покрива соодветното семан-

тичко поле. Во мојот корпус не најдов никакви нејзини придавски синоними, а и во стандардот придавката *храбар* е со прилично ниска фреквенција. Сп. го и односот меѓу *богат ~ чорбациja / зенѓин(ин).* Со други зборови, како што веќе споменавме, тешко е да се постави некоја строга граница меѓу множеството придавки што изразуваат предикати со променлив интензитет и множеството именки-епитети. Тешко е барем на синтаксички план, јасно е дека сите тие лексеми тежат кон класата предикативи. А и на морфолошки план границата е затемнета поради присуството на класата заемки со суфиксот *-лија* што стојат надвор од морфолошката категорија род.

За одбележување е дека понекогаш во словенскиот текст таа категорија вторично им се налага, што значи и автоматско вклучување во класата именки. Сп.: *... и бил млогу акăлиа ...* В, наспрема *... најмалката беши нај-хубава и нај-лична и млогу била акăлијка ...* В. Впрочем, таквите спорадични решенија уште го потенцираат фактот дека границата меѓу придавките и именките е олабавена. Дури во однос на конкретни случаи на употреба на соодветните лексеми не би било лесно да се утврди односот на „придавското“ и „именското“ во нив. Сп. ги, на пр., следниве формализации на именскиот прирок: *Да се сториш јунак.* МЦф, *И западна́ кату на́прет сироmáх* В, *Тајфата му бе́ши гола, голиша́нка.* В – последниот пример нагледно покажува како потенцирањето на една особина автоматски води од придавска кон именска формализација, сп. и: *Жа бја́гам: ако банди да најда луди побудалофци от вас, жа се варна опет дома.* МЦ

И кога вториот термин на споредбата не е именуван, овие „преодни“ по својата морфолошка природа лексеми исто толку често се придружувани од прилошките intensiva колку и „класичните“ придавки. Сп.: *Бја́је сироmáси много.* МЦ, *... чини се малку домакин.* УЕ, *Да не бандиш фаре куотиа.* МЦф, *... бе́ши млогу мераклиа за секоја ра́бота,* В, *... са чини ... млогу марифетлиа за сичка работа* В, *... са чини млогу чорбациа, богат човек* В, *... беши многу авциа* В, *Тојнака отиде млогу кахарлиа на дома му.* В, покрај *Но́го арно би́ло то́о на́што се́ло* ПК, *Тојнака бе́ши млогу слаб на снагата* В, *... имал сал една мома, и тја млогу беши милна на татка ѝ* В ... Сп. и една интересна конструкција каде што предмет на споредба не се два објекта, туку две особини припишувани на ист објект: *... и бил млогу акăлиа, ама колку и бил акăлиа, толку и повики беши гнусин.* В.

Внимание привлекуваат конструкциите во кои именскиот дел од прирокот е оформен како полна именска синтагма, иако тежиштето на предикацијата е врз придавката-модификатор, додека именката е семантички празна, сп.: *На́шчо се́ло бе́ше бе́дно, плани́нцко се́ло.* ШК, *... са чини млогу чорбациа, богат човек* В, mutatis mutandis и: *... са чини тојнака по-богат от сичките човеци* В. Пошироко за ваквите конструкции сп. во вториот том.

Што се однесува до линеаризацијата на конструкциите со именски прирок, принципите се исти како кај другите реченични конструкции. Максимално независен од контекстот и од конституцијата,

„идеален“ е редот: *субјектна синтагма · именски прирок,* а во рамките на именскиот прирок: *помошен глагол · именски дел од прирокот;* во рамките на тој именски дел линеаризацијата е како во именската синтагма, сп. во вториот том. Сите отстапувања од овој „идеален“ редослед се мотивирани со деривирана, вторична комуникативна хиерархија која може да биде обусловена контекстуално или директно прагматички. Сп., на пр.: *Но́го арно би́ло то́о на́што се́ло* со емотивна инверзија на именскиот прирок пред субјектната синтагма, или: *Бјаје сиромаси много* со иста таква инверзија на прилогот-intensivum.

1.2.1.1. Деривирани реченични конструкции со именски прирок. – Под деривирани (кондензирани) конструкции со именски прирок – како што споменавме погоре во § 1.2.1. – подразбираме конструкции што во поразвиена, поексплицитна форма би биле составени од по две реченици, од кои една е онаа со именски прирок. Во процесот на деривацијата помошниот глагол, семантички празен, се редуцира, а именскиот дел од прирокот се вградува во другата реченица базирана врз некој полнозначен глаголски предикат. Типологијата на овие конструкции зависи од семантиката и од формата на двата предиката: именскиот и глаголскиот.

Ќе ги претставиме прво конструкциите со придавки во функција на именски, вторични, предикати: *И-ва́лко удде́л-си гла́дин.* ПК, *. . . да́ј та-уде́рум жи́во.* ПК, *. . . жи́ви да-ми-ј-дуне́сат ту́ка.* ПК, *. . . не му отговори три година, л'у кату н'ама стоиши* В, *. . . и пак така празна са вӑрна.* В, *И си отидоха радосни у дома.* В, *Ама негу Господ гладин не гу остави.* В, . . . не можех да ги на́јдам жи́ви В, *. . . гу на́јде жи́в о́шчи . . .* В, *. . . туку да и́дими на дру́го место, де́ка вӑрви сто́ката поскӑпа.* В, *. . . гу извади́ ма́лкуту жи́ву* В, *. . . сега скору га чинихми нова* [scil. *одајата*] В, *Слуги-т'а как го гла́дали таков дрипав и жалт, фатали го на см'ах* ВС, *Вечеро́т легна́ на до́ма бо́лин.* В, *„кој е јунак да спиј с царјувата мома един вечир и да усумни жив, он ки ја земи момата“* В, *. . . пострамни са вӑрнаха* В, *. . . и осӑмнали зра́ви.* ВС . . . Како што се гледа од примерите, придавските предикати се предикати на физичка и/или психичка состојба *(жив, здрав, болен, гладен, радосен . . .)* менлива во време и која во врска со тоа може да биде одредена со временски параметри на еден друг глаголски предикат, сп., на пр.:
'бил гладен кога си отишол', 'бил гладен на одење', и сл. Сп. ја и интересната конструкција: *И та́ткући разбуд'е́н са на́јди.,* или, во истиот текст: *Чурбаџи́јата са најди разбуд'е́н.* МС, т.е. '. . . се покажа дека е/бил разбуден' и сл. За глаголите како *стори, чини, прави* како главни предикати сп. подолу.

Именките и/или именските синтагми како вторични предикати се семантички можеби подиференцирани, меѓутоа, речиси секоја конструкција претставува тип за себе па и нив ќе ги наведеме сите заедно: *То́ј а зве́ неве́ста ца́рото́му шче́рка.,* ШК, *Тој човек . . . не можи́ме да го речи́ме у́мен и ра́збран чо́век.* МДЦ, *Ка му се једја́ше, се чињаше маре и пасја́ше трја́ва* МЦ, *То́ј ја́шол, ме́о го сто́рил бо́чка.* ШД, *Ца́ро сја́ зима́л*

куту же́на. Же́на га-зе́л. ПК, *. . . ка́ са-разбарка́ло така́ гу-зима́ли ве́жба, вујни́к.* ПК, *Ма́јка, ре́ц-си ста́ра, е уди́ла слуг'и́нка. . .* ПК, *Бра́тми уддé вујни́к. . .* ПК, *Тóо не рабути́л ни́што, арами́а шита́л.* ПК, *. . .* са глави́ таксилда́рин В, *. . . гу најдé д'а́тето зет.* В, *И те седнаха гости на кадиата.* В, *. . . и си караха гражданите, кого да кладат цар.* В, *. . . зема от куумциовата жена пра̀стен јурнек* В, *. . . му даде перото дар* В . . . Како што се гледа, во примерите се преплетуваат две дијатетички варијанти: *X оди/седи/живее како p* и *Y прави X да биде p.* Кај втората варијанта, меѓу другите, се јавуваат kausativa *чини, стори*, што кај примарните конструкции со именски прирок ги сретнавме придружени од морфемата *се* и функционално паралелни со *станува, стана.* Појавувањето на истите лексеми и во двете класи конструкции нè утврдува во уверувањето дека се движиме во рамките на иста синтаксичко-семантичка парадигма и имаме работа со експоненти на категоријалните значења.

1.2.1.2. Конструкции со quasi-именски прирок. – Овде ќе стане збор за конструкции кои навидум потсетуваат на оние со именски прирок, но всушност претставуваат конвенционални кондензации на низа други релации чии експоненти се, пред сè, предлозите. Се работи за реченични конструкции базирани врз помошниот глагол *е* (поретко и врз неговите фазни, дијатететички и др. варијанти) каде што во позиција на именски дел од прирокот стои една предлошка именска синтагма. Изборот на предлошките именски синтагми што вторично се појавуваат во функција на именски дел од прирокот е идентичен со изборот на предлошки именски синтагми способни да бидат определби-модификатори на други именски синтагми (сп. во вториот том). Со други зборови, се работи за предлошки именски синтагми кои во семантичко-синтаксичкиот систем на еден јазик функционираат паралелно со придавските кондензатори. Како што произлегува од реченото, во разгледуваните конструкции нема и не може да има конгруенција меѓу субјектната синтагма и именската синтагма во прирокот. Оваа синтаксичка инконгруенција има длабоки семантички корени. Имено, кондензираните релации се сите од двоаргументен карактер, а именската синтагма, која навидум стои во прирокот, ја пополнува позицијата на вториот аргумент. Зависно од карактерот на релацијата во соодветната позиција надвладуваат определени дескрипции – прави аргументи, или пак неопределени дескрипции што ја блокираат аргументската позиција, но всушност носат само предикатска содржина. Се работи за следниве релации:

а. 'Y е сопственост на X', т.е. дијатетичка варијанта на 'X има Y' , сп. *. . . па-тва́ ло́зе бил на-по́по.* ПК, *. . . и гя̀ската б'а̀ши на мелези́мину.* МС, *. . . тóо килимче-ј на-ба̀пта Ру́шка и мóмта не́јна-ј.* ПК, *Ваа нива е на малечко-то ми дете.* ВЕ, *Таа куќа била на една довица.* ВЕ . . .

а'. 'Y е во роднинска врска со X', т.е. дијатетичката варијанта на 'X има$_e$ Y', односно – ако одиме подлабоко – дијатетичка варијанта на егзистенцијалната релација 'постои Y што му е *r* на X', сп.: *Ца́нум*

сéга жéна сум нă тéбе . . . ХК, *Ес бих нă мáјка еднó дéте, си лóвих рúби . . .* ХК; во вториот пример се појавува детерминаторот *еден* 'единствен' со што се одбегнува тавтологијата.

б. 'не постои таков X што би му бил *r* на Y', т.е. егзистенцијална релација со надградена негација, сп.: *Остáна кăшчата бес стóпан.* ШК, *. . . устанá биз-мáјка . . .* ПК, *. . . жената му беши без чеду.* В . . .

в. 'X се наоѓа на местото Y', сп.: *А поголемјо син тому татку беше на нива* МЕ, *Кăшчата на Пéтрето ésти на крáјо на сéлото.* ШК, сп. и - како резултат на една покомплицирана деривација – *Ади да б'агами, ча н'асми за тука.* ВЕ, сп. и: *. . . детенто виде, ча не беши тамо женáта . . ., . . . гленда, ча не беши тамо јунакот . . .* В.

г. 'на местото Y не постои X', т.е. негираната дијатетичка варијанта на *д.*, сп.: *Пúтата бéше бес сóл'., Сéлото ésти бес нáрот.* ШК . . .

д. 'X стана во времето Y', сп.: . . . и бúтиса праéн'ето дванáјста гóдина . . . ШД.

ѓ. 'X е направен од Y', сп.: *Фăнéлта é ут вăлна.* ШК, *. . . тóс палáт'у бúши ут жéл'азу . . .* МС, *. . . áма не знáиши ча му бéши от циéрот . . .* В . . .

Навидум тука спаѓа и: *И тогас сиромахут беши сос млогу радос . . .* В, меѓутоа се работи за една формална варијанта на перифрастичниот предикат *чувствува (многу) радост;* пошироко за тој тип конструкции сп. § 1.2.2.

Најпосле тука може да спаѓа и релацијата

е. 'X е подготвен за . . . / може да послужи за правење Y', сп.: *Имаше царно грóзде, јáка шл'ýпка, дибéла, не-са-јáјше, за-вúно бúше . . .* ПК.

1.2.1.3. Релацијата 'е идентичен со . . .' и именски прирок. – На оние со именски прирок потсетуваат и конструкциите во кои учествуваат две определени дескрипции поврзани со конгруентна врска од страна на помошниот глагол; двете дескрипции се кореферентни, т.е. имаат заеднички идентификуван референт, сп.: *Тој е мојот татко., Мојот татко* е *добитникот на наградата., Ти си авторот на оваа книга., твор си ти.,* и сл. Наведените и слични конструкции изразуваат релација 'е идентичен со . . .', т.е. носат всушност една метајазична констатација дека еден ист човек (предмет, настан) е референт на две (или повеќе) дескрипции (= дека за еден ист човек, предмет, настан може вистинито да се рече дека е *p* и *q*), имаме, значи, работа со една релација изразена со две реченични формули со именски прирок. Оваа релација ќе ја викаме релација на идентификација. Најпрост случај на идентификација се конструкциите со заменско посочување од типот: *Оваа* е *мојата книга.,* и сл. со чија помош се констатира идентичност на посочениот објект и на референтот на една определена дескрипција. Еве и еден јужномакедонски пример од овој тип: *. . . таја* е *татковата ти земја . . .* В; а еве други дијалектни примери: *. . . ти си царо чефутитим* МЕЦ, *. . . нашето село бéше во Преспа нај-богатóто сéло.* ШД, *Јáс са нај-голéмата.* ШД, *Нáј-големјо прáзник Вéливден бéше.* ШД, *Сáато ни*

бе́ше на́с сѕвёздите и се́нките по дѓрвата ле́тото . . . ШД, *„ти закѓлни си сега зарди верата ти: ти да си јаз, и јаз да сам ти . . .“* В, *. . . жену, јазе ти сам твој мѓж* В, *. . . аку ѕи́диш от та́м да изле́зе мѓгла, и то́ј е магла́та, да ма ро́каш!* ВС . . . Сп. и неколку примери карактеристични за усно кажување, каде што на површината на текстот отсуствуваат јазичните посочувачки гестови – показните заменки: *Бра́да пу́шчил, не се зна́а, о́ти он бил.* ХК, *. . . ти си ли, шчо запали димјан и осок за мене жертва?* В, *Ја ка́зува фо́тографи́јата: „н'äси ти?“ т'а́ вили́: „ја́са“* МС, *. . . ути́ва, ја гл'е́да нив'äстата н'е́гува́та же́нај.* МС . . .

Вреди да се подвлече дека одлуката една иста основна содржина да биде оформена како идентификација или како класична предикација со именски прирок е од прилично субјективен карактер. Конвенционален сигнал на идентификација е оформувањето на втората именска синтагма како определена дескрипција, т.е. присуството на членот, меѓутоа, самото лексичко значење на соодветната дескрипција имплицира дека се работи за особина (состав на особини) што можат да му припаѓаат на еден и само еден објект. Сп.:

а. Татко ми е добитник на наградата.

спрема

а'. Татко ми е добитникот на наградата. и сл.

Меѓу другите, таква импликација носат сите конструкции со суперлатив, сп.:

б. Тој е најталентирано дете во одделението.

спрема

б'. Тој е најталентираното дете во одделението. и сл.


Во конструкциите без член содржината оформена како именски дел од прирокот ја сфаќаме како предикат, додека во идентификувачките конструкции истата таа содржина е сврзана со индекс, т.е. оформена како аргумент, со што како рема се истакнува кореференцијалноста на двете дескрипции. Еднозначно ја пренесуваат таа порака конструкциите со експлицитно присутниот предикат 'е идентичен', сп. ги дијалектните примери: *. . . не знаиш ли, човеското сѓрце и от прасинто сѓрцето ча са едно?* В, *или: Вла́к и гри́пол е́дно ет.* ШД – последниот пример треба да се сфати како инструкција за еквивалентна употреба на двата термина, т.е. како конструкција со експлициран метајазичен карактер.

1.2.1.4. За таканаречените „номинални реченици“. – Под „номинални реченици“ во предметната литература се подразбираат реченични конструкции оформени според општиот модел на оние со именски прирок, но без глаголскиот дел од прирокот, т.е. без помошниот глагол. Конструкциите од ваков тип се прилично чести во димотики (Мирамбел 1959, 257–276), што веројатно е една од причините зошто во јужномакедонските дијалектики ги среќаваме почесто отколку во стандардниот јазик. Втората причина би можела да биде дека во говорниот јазик тие обично им се противставуваат на класичните конструкции со

именски прирок како експресивно маркирани – отсуството на глаголскиот дел го истакнува именскиот дел од прирокот и така често служи за потенцирање на ремата. Сите мои примери потекнуваат од источниот дел на егејската територија, од Дојранско, од Кукушко и понаисток. Единствено кај Шклифов наоѓаме примери од западниот дел, од Преспанско.*И нă óрто нáј-ýбава таа мóма, сéлцкăта, нă сјурмáшќо чувéк* ПДој, *Слупи́ните ви́кăт: Цáрскăта мóма – тéжка.* ХК, *Бáбăта пригле́жде – тéжка мóмта.* ХК, *Сéтне влéгваа дóма и цýмбус.* ШД, *Целотó ри́тче да пýлиш свé óвоши.* ШД, *Лéле, éдни мéста, лéле, тáја Албáнија – плáнин'е.* ШД. Сп.: *„Нóго слáтко тавá чувéчкуто мéсо.“* ПК, *„нóгу áрно ци́цка тáа . . .“* ПК, *Мóсто дáрван, са-л'ýл'е.* ПК, *Óна рекла: „Дéк мажýт и-ác тáм.“* ПК, *Тō ричéл: „На-теп по-дибел'о.“* /scil. *галап*/ ПК, *К-ōт вéчар, глáдни кóјсте.* ПК, *. . . и фатили да вăрв'ат на пăтот, Зарзавилата на вăрх кон'а применент, а д'атенто отпрет него пишак пезодром.* В – последниот пример, единствениот од збирката на Верковиќ, може да се толкува и како контекстуално елиптичен, потпрен врз глаголот на првата реченица (*. . . вăрв'ат . . .*). Сп. што пишува А. Вајан по повод номиналната реченица: *„. . . la phrase nominale n'est pas rare: субóта вá дéн, . . . за Ступáнут ва прикáзна, . . . нито кóва и́маш, и буна́рот мóшни длабóко . . . particulièrement avec воа, тоа comme sujet de la phrase: éту вóа шо гу милýваш бóлин . . .“*, од истиот тој текст на кулакиското евангелие сп. и: *. . . óти Гóспот áрин и на ти́и лóши л'ýди шо не знáјат áрното. . . . зáшто и óн идéн си́н Авраáмова.* (во современиот превод на Новиот завет последниов пример гласи: *. . . зашто и тој е син Аврамов*). Од двете гореспоменати причини на појавувањето на „номиналната“ конструкција во кулакискиот текст е присутно грчкото влијание, додека во живо раскажување од Кукушко веројатно и двата момента доаѓаат до израз. По самата природа на конструкцијата, неспособна да ја варира темпоралната карактеристика на исказот, соодветните реченици ги толкуваме како омнитемпорални (на пр.: *Гóспот áрин . . .*), односно синхронизирани или со моментот на зборувањето или пак со временската карактеристика на други – глаголски – реченици во истиот контекст.

1.2.1.5. Односи на граматичка зависност во конструкциите со именски прирок. – Како што видовме, кај конструкциите со именски прирок правиот предикат е придавка и/или именка (именска синтагма). Помошниот глагол на семантички план е само носител на темпоралната карактеристика на исказот и – во случај на отсуство на експлицитно оформена субјектна синтагма – носител на информација за лицето-референт на појдовниот аргумент на соодветната предикација. Конгруенциските категории (број, род) одразени во облик на помошен глагол се од значење на синтаксички план или пак (сп. погоре) го доопределуваат лицето. Сета таа ситуација наоѓа одраз во односите на граматичката (синтаксичка, категоријална) зависност меѓу одделни делови на конструкцијата. Имено, постои меѓузависност не само меѓу субјектната синтагма и предикатскиот израз, ами и внатре меѓу глаголскиот и именскиот дел на предикатскиот израз, т.е. меѓу глаголот-*copula* и придавскиот и/или именскиот предикат. Симболично:

А.




– овој модел функционира во оптимални услови, т.е. ако именскиот дел од прирокот е морфолошки способен за конгруенција по број и род, на пр.:

Овој човек е богат/учител.,
Оваа жена е богата/учителка.,
Овие луѓе се богати/учители.

и сл. Ако категоријалната конгруенција на релацијата ИС$_{суб}$ – Adi$_р$/ИС$_п$ е блокирана, тогаш се вклучува моделот

Б.



на пр.:

Овој фустан е супер.
Оваа блуза е супер.
Овие плочи се супер.
Никотинот/Дрогата е најголемо зло.
Лошите навики се најголемо зло. и сл.

Категоријалниот calculus е како што следува:

– зависноста од $V_{сор}$ им налага на $ИС_{П}$ и/или $Adi_{р}$ предикативен карактер, т.е. немаркираност по определеност (indef); позицијата на појдовен аргумент ѝ налага на $НП_{С}$ да биде определена (def); значи, односот кон категоријата определеност е корелат на синтаксичките функции на двата именски израза,

– категориите лице *(Persona)*, број *(Numerus)* и род *(Genus)* примарно селективно ја карактеризираат $ИС_{суб}$; таа му ја налага конгруенцијата по лице на $V_{сор}$ и конгруенцијата по број и род на ($ИС_{П}$ и/или $Adi_{р}$; а тие ја пренесуваат на $V_{сор}$.

Оваа слика на двонасочни категоријални зависности е одраз на синтаксичката интердепенденција меѓу $ИС_{П}$, ($Adi_{р}$ и $V_{сор}$, како и меѓу предикатскиот израз (именски прирок) во целост и $ИС_{суб}$; *ИС* во позиција на интердепенденција автоматски не смее да прифати експоненти на друг тип синтаксичка зависност (предлози, заменски клитики и сл.).

Претставената слика логички ја дополнува фактот дека именските синтагми (или, поретко, – реченици) во функција на вториот аргумент на предикатот оформен во вид на именски прирок стапуваат во зависност само со именскиот дел на прирокот и синтаксички се акомодираат или преку предлозите (на пр.: *... беши милна на татка ѝ ..., ... беши ... мераклиа за сичка работа ..., ... бил по-врја́дин от на́с ...)* или преку сврзниците (на пр.: *... кадир је он да ..., ... јазе са достоин да ...)* или според принципот на директна еднонасочна зависност – во случај на таканаречените параметрични предикати (сп.: *... беши три минарета да́лбока ..., ... ет да́леку два́ са́ти пе́ш ...*). Релативно ретки се троаргументни формализации, сп.: *Ја́с беф со три го́дини по́-голем од бра́та ми Ге́рман* – една конструкција интересна и по тоа дека параметричниот предикат *(... по́-голем ...)* го врзува вториот аргумент не според принципот на директна зависност, туку со помош на предлогот *со*.

1.2.2. Предикатски израз во облик на перифрастична конструкција со тежиште врз (од)глаголска именка. – Се работи за конструкции со предикатски израз составен од два дела: (1) финитна форма на еден семантички сиромашен, несамостоен глагол кој отвора до себе аргументска позиција пополнета со (2) именка деривирана од еден друг, полнозначен глагол, сп.: *донесува одлука, доделува награда, чувствува тага, доживува пораз, прави пречки* и сл. Покрај дводелните, обично во истиот јазичен систем функционираат и едносоставни предикатски искази што се комуникативно еквивалентни или речиси еквивалентни со двосоставните, а се разликуваат од нив по стилистичката прагматичка карактеристика, сп.: *одлучува, наградува, тагува, е поразен, спречува* и сл. Меѓутоа, дводелниот синтаксички модел крие можности што им се недостапни на еднолексемните предикатски изрази. Имено, по потреба (од)глаголската именка што ја пополнува позицијата на аргументот до синсемантичкиот глагол може да прерасне во прав аргумент и со тоа да овозможи остварување на една нова хиерархија на комуницираните содржини. Сп., на пр.: *Дискусијата траеше неколку сати ...* и понатаму: *Најпосле советот донесе одлука.* наспрема *Најпосле советот ја донесе одлуката.* – во првата формулација станува збор за настанот – донесу-

вање одлука, во втората – за конкретна позната одлука што била предмет на дискусијата и чие донесување се чекало. Значи, присуството на перифрастични предикатски изрази ги проширува не само стилските, туку и основните комуникативни можности на еден јазичен систем. Да додадеме дека најголем дел такви конструкции се зародуваат во контакт на два или повеќе јазици. Ова се објаснува со фактот дека поради нивната структура перифрастичните предикати многу лесно се калкираат и се пренесуваат од јазик во јазик. Нивната глаголска компонента се глаголи кои спаѓаат во основниот глаголски фонд на секој јазик, од типот 'прави', 'стори', 'врши', 'води', 'трпи', 'е подложен на', 'доживува', 'чувствува' и сл. Нивната именска компонента се именки со процесуално и/или процесуално-резултативно значење. Во јазиците кои – како македонскиот – располагаат со развиени механизми на номинализација, т.е. поседуваат деривациони (формални и семантички) модели за генерирање (од)глаголски именки (сп. во вториот том) тие лесно се образуваат или – по потреба – лесно се позајмуваат. Сп. ги, на пр.: заемките-интернационализми во составите како *врши функција, води компанија, доживува ескалација,* и сл.

Во денешниот стандарден македонски јазик перифрастичните предикатски изрази ги наоѓаме во два прилично оддалечени стилски регистри: во административниот официјален стил, од една, и во колоквијалниот секојдневен јазик, од друга страна (сп. Чашуле 1989). Двете серии перифрастични конструкции доаѓаат од разни извори, а се разликува и механизмот на нивното прифаќање и ширење на македонската почва. Конструкциите карактеристични за официјалниот, административен, стручен или научно-популарен јазик се множат, пред сè, во контакт со „големите" западноевропски јазици, се шират преку печатот, радиото, телевизијата, преку преводите на стручна, научна, есеистичка литература – понекогаш го збогатуваат јазичниот израз, понекогаш придонесуваат кон ширењето на зацврстени, механички повторувани обрати, но, како и да е, тие главно му се туѓи на дијалектниот јазик. Конструкциите карактеристични за разговорниот, интимен, фамилијарен стил се балканизми, калки и полукалки, најчесто од турско потекло, сп., на пр.: *прави муабет, чини сеир, носи абер,* и сл. Како што се гледа од примериве, најчесто глаголот е свој, словенски, додека именката е позајмена. Големиот број конструкции со именки од турско потекло се објаснува со морфосинтаксичката структура на турскиот јазик. Имено, во турскиот врската меѓу морфолошката форма и нејзината синтаксичка служба е многу понепосредна отколку во денешните индоевропски јазици. Тоа подразбира многу поеластичен систем на т.н. зборовни групи, т.е. помала морфотактичка (и синтаксичка) специјализација на одделните коренски морфеми. Еден од симптомите на оваа состојба – интересен од гледна точка на предикативната перифрастика – е дека, и покрај постојната (семантички мотивирана) „класна" разлика меѓу глаголите и имињата првите го немаат привилегираниот статус на примарни морфолошки носители на предикацијата. Друга интересна појава е тоа што многу апстрактни поими добиваат формализација која им налага во предикативна служба да се јавуваат само во придружба

на одредени синсемантички глаголи. Дел од таквите турски перифрастични конструкции наоѓаат пандан во македонските конструкции со именски прирок и можеби не се без влијание врз зачестеноста и дијатетичката и фазната еластичност на тие конструкции во македонскиот дијалектен јазик. Се мисли на турските состави со глаголските корени *ol-, gel-, bulun-,* на пр.: *iyí ol-* 'е/станува добар', *ásker ol-* 'е/станува војник', *trás ol-* 'е/станува бричен (т.е. се бричи)', *lazim gel-* 'е/станува задолжителен', *mèvcut búlun-* 'е присутен/се јавува' и сл. Меѓутоа, за нас овде е поинтересен еден друг турски модел, оној со глаголските корени *et-/ed-* 'прави, чини', односно *ver-* 'дава', на пр.:
чини доказ, т.е. дава доказ)', *tarif et* 'објаснува (букв.: прави објаснување, т.е. дава објаснување)', *áff et* 'простува (букв.: прави простување, т.е. дава простување)', *habér ver* 'известува (букв.: дава информација)', и сл. Оставајќи ги настрана редоследот и различната категоријално-морфолошка карактеристика на компонентите во турскиот и во македонскиот јазик, се работи за еден модел присутен во словенските јазици (сп., на пр.: *дава наредба, прави разлика* и сл.). Следствено, македонските конструкции како *чини сеир, дава абер* и сл. треба да се толкуваат како ефект на синтаксичка адаптација на турските лексички заемки кон македонскиот јазичен систем; токму ваквиот метод на адаптација секако е олеснет со постоењето на споменатите турски модели. О. Јашар-Настева (1962/63) ги вклучува меѓу калки од турскиот јазик – една оцена што треба да се ублажи со ограда дека се работи за семантички калки базирани врз постојниот словенски морфо-синтаксички модел.

Гледајќи дека категоријалната предикативна (дијатетичката, темпоралната) карактеристика на разгледуваните конструкции им ја даваат синсемантичките финитни глаголски облици, егејските примери ги редам според глаголската компонента.

Најмногубројни се примерите со глаголите *прави/чини ~ стори.* Трите глаголи му одговараат на турското *et-/ed-*. Опозицијата *прави/чини ~ стори* има видски карактер. Отсуството на морфолошката категорија на видот кај турскиот глагол е причина во македонскиот јазичен материјал да наоѓаме отстапување од видската конгруенција, но само во еден правец: несвршениот вид да се јави место свршениот, сп.: *Царју́т са причуди и мерак чини да иди да гу види* В (не е исклучена ни интерпретацијата со praesens historicum). Опозицијата *чини ~ прави* има, изгледа, географска мотивација. Имено, *чини* се јавува во Корчанско, и потоа дури во Солунско, додека *прави* во Корчанско воопшто го нема, а најзачестено е во Преспанско, Костурско, Мегленско, Кукушко. Основната дијатетичка варијанта е каузативната, сп.: *Ена ста́рица от ма́лата му чињаше варење* МЦ, *Арапи́но чињаше луфт со аскери́ти царуто́му* МЦ, *Сторије плак лудити у цараго́* МЦ, *... сто́ри умѝлка на мја́не* МЕЦ, *Со́зи му сто́рај це́ва да му отво́ра схолје́то* МДЦ, *И пра́ефме и́нат* ШД, *Са ве́леше о́ти грците ке пра́е епи́тези* ШД, *... му правиле гулемо ихтибар ...* УЕ, *Дејто и на попот му гу правел ќефот ...* УЕ, *... неправиле толку дикат ...* УЕ, *... не му чиниле абер дека си иде на фиљан и фиљан ден за да гу причекат* УЕ, *... зафатил да си прај*

есап как да влези . . . УЕ, *Мајка му . . . утишла кај лудо да и прај измет.* УЕ, *. . . еле и ти тука да му правиш комшилук.* УЕ т.е. 'да му бидеш комшика' – една конструкција која ја докажува илузорноста на некоја семантичка граница меѓу конструкциите примарно оформени во облик на именски прирок и овде разгледуваните перифрастични предикати; натаму: *. . . да си пупрајме малце ќеф?* УЕ, *. . . уд като направија армас . . . пу малце време правија свадба . . .* УЕ, *Л'у сношчи шчо чинихти каул сос онаа л'уди . . . В, . . . чини си раат, јади, пии, и рáдуј-с.* ВК, *. . . и Човéшноу Сúн ки му чúни ризúл на негу . . .* ВК, *. . . па Мáрта чúниши измéт.* ВК, *. . . хесап чиниха сега . . .* В, *. . . цар'ут са причуди и мерак чини да иди да гу види* В, *. . . и чиниќа млогу години харамилук сос негу и млогу лошотии беха чинили* В, *. . . ча млогу верна е жената му и како не чини кабул чузди мáжи . . .* В, *Зетјут пак гајрет чиниши на неа* В, *. . . та тогас чиниши хесап да ги изјади.* В, *. . . фáтúле дá-си-прáвăт мáбéт тáм.* ПДој, и натаму во истиот текст: *. . . сă мáбитúле двýјцата* што ја покажува конвенционалноста на евентуалната граница меѓу перифрастичните и едносоставни „прави" глаголски предикати; натаму: *Прáвúме кáул сус-брáт-ми двýјцáта* ПДој, *. . . ќи-нипрáјш измéт* ДКај, *. . . стóриха пазарлáк . . .* СМ, *. . . јас каýл прáв'а . . .* СМ, *„шó тимурúја úштиш да ти стóр'а?* МВ.

Меѓу приведените примери во позиција на номинализирана компонента на предикатскиот израз се јавуваат турски, грчки, албански заемки кои во македонскиот систем се акомодирани како именки (сп., на пр.: *гајрет, хесап, инат, измет, мерак, муабет, луфт, епитеси . . .*) покрај оние, главно од турско потекло, кои се акомодирани како придавки (сп., на пр.: *раат, каул, ризил . . .*). Причина за постоење на два типа акомодација е семантиката, а морфосинтаксички доказ е појавувањето на зборовите од првата серија со член (сп., на пр.: *. . . сéга ми го стóри кéфо* ШД, и сл.), додека пак зборовите од другата серија се јавуваат – во основните или во деривираните конструкции, сп. погоре § 1.2.1.) - како именски дел од таканаречениот именски прирок (сп., на пр.: *Нивéстта óште нé-ј-азăр* БМег, наспрема *. . . чини хазир пак дрýго имáни* В, и сл.). Во рамките на перифрастичната предикација свесно им дадовме паралелен третман на двата типа заемки бидејќи – по наше мислење – нивниот идентичен третман во разгледуваниот модел – кој е инаку одраз на турскиот граматички систем – е една од причините, а не само од симптомите, на неострата во македонскиот систем граница меѓу зборовната група именки, од една, и зборовната група придавки, од друга страна.

Од директен интерес за разгледуваниот проблем се начините на акомодација на аргументските именски синтагми кон дводелните перифрастични предикатски изрази. Тргнувајќи од принципите на словенската синтакса, би очекувале:

а. во моделот со заемки толкувани како именки да отсуствува таканаречениот директен објект, бидејќи неговата синтаксичка позиција е блокирана токму со номинализацијата која претставува дел од предикатскиот израз. И навистина – да се послужиме со терминологијата на падежните односи – во овој тип конструкции владее не акуза-

тивната, туку дативната *и/или* инструменталната, акомодација, сп.: *... чи́ни си раа́т ..., ... чиниха ... харамилук сос негу ..., ... гајрет чинеши на неа ..., ... чинјаше луфт со аскери́ти ...*, и сл.

б. во моделот со заемки толкувани како придавки – којшто погоре, во § 1.2.1.1. – го претставивме како деривиран од класичниот именски прирок – би очекувале појдовниот аргумент на потчинетата вградена предикатско-аргументска структура да биде оформен како директен објект (т.е. да биде акомодиран со помош на акузативниот однос) и според очекувањата наоѓаме: *... чини хазир дру́го има́ни ...*, сп. и *Шчерка царуто́му помалечка́та го чине́ше се́ир от парајтири́ти* МЦ, *Ца́ро то́ко го чињаше а́зар да го убја́ше* МЦ, *... и тембик го стори́е салт во имља́цке ни́ве да но́си гној* МДЦ ... Сп. го и синтаксички сродниот тип: *Чефутино и машчеја-му пушчије и заклаје и сторије комат по комат* МЦ, *... пăрта́ли и-нăпрăви́ле* ДКај ...

Меѓутоа, се случува и една иста турска заемка да се најде и во двете класи словенски конструкции. Најефектен пример на таков двоен третман е лексемата *ка(б)ул/каил*, сп. *а. ... чинијкти каул сос оние л'уди ..., Прăви́ме ка́ул сус-бра́т-ми дву́јца́та ...* наспрема *б. ... жената му ... не чини кабул чузди мăжи ..., ... ви се мо́л'а ка́бул да ме стори́те ..., Го чините кабул вије да го зема сам јă?* и сл.

Друг интересен сигнал дека синсемантичките глаголи од типот *чини/прави ~ стори* можат да функционираат како дијатетички збогатени варијанти на помошниот глагол каков што се јавува во конструкциите со именски прирок е гореспоменатата употреба на тие глаголи во „медијална" формализација (т.е. со повратна заменка).

Општо земајќи, на ист синтаксички модел како оние со *прави/чини ~ стори* му припаѓаат и конструкциите со глаголите *клава ~ кладе*, сп.:

писано ... МЦф, *... ќи-кла́јме кау́л* ДКај, *У пазарот миѓу них кладеле клетва дека ...* УЕ ... Но сп. и еден семантички ограничен модел базиран врз тие глаголи, каде што именката-тежиште на предикацијата зазема позиција на просторна определба: *Затвор ме кладо́е.* ШК, *... те́бе не та́ клаве а́пс ...* ШД, и сл.

Слично дијатетички насочени се и конструкциите со глаголот *дае ~ даде*, сп.: *Да седите тува да дате абер да се собере селото* МЦ, *А Ри́стос не и да́де чу́ап* МЕЦ, *... и да́де ду́хо* МЕЦ, *... сă да́де ăмнисти́ја и и ме пушти́ја.* ШК ~ *Се́тне са да́де е́дна а́мнистија и на пу́штија.* ШД – последните два примера нагледно ја покажуваат двојната синтаксичка потенција на разгледуваните конструкции; додека примерот од Преспанско содржи еден типичен перифрастичен предикатски израз, во примерот од Костурско именката-предикат се осамостоила и во придружба на неопределениот член се оформила како референцијално употребена неопределена дескрипција (пошироко за такви дескрипции сп. во вториот том). Натаму: *... дур денес муме дадено афат за да го најде кој гума писано* МЦф, *Мла́дите на́с то́ку-то́ку не́ ни даве вни́ман'е* Шд, *Го́леми ма́ки ни да́ваа* ШД, *... и му дава́ле хабе́р и му вељале* ВК, *И дадéа при-*

ми́рја ПК, *. . . и па внима́ние не-да́ва́м* БМег, *. . . да́-ва́-пи́тум да́ли ки-ми-гу-да́јте ел'а́л о́јгино* ПДој . . . А еве уште два примера со перифрастичен предикат претворен во предикатско-аргументска структура: *. . . му даде един ќутек харин* В, *исл'а́ва ман'цо, идѝн во́гни и да́ва на кӑштата* МС . . .

Во истата група примери спаѓаат и поретките конструкции со глаголот *пушта ~ пушти*, сп.: *Сандра пушчи тел от Букурешт оти фтаса много добре* МЦф, сп. и *. . . пу́шта ӑбе́р* ДКај.

Друга дијатетичка насоченост покажуваат конструкциите со глаголите *бере/зема ~ зеде/фати* кои најчесто им одговараат на турските конструкции со морфемата *ал-*. Сп.: *Звјӑ изи́н старица́та да вљӑзи* МЦ, *. . . дур да земи́те ку́ед от Бога* МЕ, *Ка звée а́бер прсна́е да бе́ге* ШК, *Та́ја гуди́на ни́ја не звéеме испи́ти* ШК, *. . . от зе́то ке зе́ва а́бер* ШД, *. . . звéе а́бер, шо гре́де мӑжите . . .*, КК, *. . . и Ту́рците зима́а су́мна* ПК, *Зӑшо́ грузъ́ма́х ара́м то̄ о́јгин?* ПДој, *. . . му сӑ зе́ акӑло* ПДој, *. . . и затова млогу бериши грижа* В, *. . . не́ бе́ри гајле* ДКај, *. . . ми бир'еш гајле́* МС, *. . . дӑ сӑ ва́тиме кӑул'* ДВ, *. . . и мӑ фа́ти и́нат* ШК . . .

Сп. ја и лексикализираната инхоативна конструкција *фати/зеде пат: . . . звјӑ стапо и торбата и фати пат* МЦ, или – со член, т.е. без перифрастичен предикатски израз: *Ижлегоје от реката и звјӑје пато* МЦ. Сп. ги најпосле и различно формализираните инхоативи со глаголот *влезе: . . . откен се роди детјӑто, му вљӑзе ена гризома гољӑма* МЦ, *. . . на млого галје влезе* В, *. . . фља́ва в то́лко галј'ја́* ВС – и овде, изгледа, се работи за директен лексикализиран калк, а интересното е дека сите три примери, место прав перифрастичен предикатски израз, содржат неопределени дескрипции. Како компонента на покласичен перифрастичен предикатски израз со инхоативно значење се јавува глаголот *греде*, карактеристичен за југозападната дијалектна периферија, сп.: *Ми грјӑди много инат салт на книгата Спиру Чипу от страна татку-му* МЦф, но и овде присуството на количествениот квантификатор *млогу* сугерира дека сме на пат кон разбивање на тој израз.

Сите досега разгледувани конструкции се со акционо/процесуално значење, инхоативни, резултативни или – најчесто – каузативни. На сите нив им се противставуваат конструкциите со глаголите *е* и *има* како две дијатетички варијанти со чија помош се изразуваат психички или психофизички состојби. Во позиција на номинализација ги наоѓаме овде лексемите *фајда, галје, гр'ах, грижа, иктиза, инат, касавет, касмет, кедер, надеж, страв/страј, шубе, ум . . .* Со глаголот *е* се јавува именката *ум* (сп. ги турските конструкции од типот *aklî ónlardá dîr* и сл.), со двата глагола се јавува именката *страв/страј*, сите други се јавуваат со *има*. Еве неколку карактеристични примери: *Да немаш ниеден касавет за нас* МЦф, *Токо немај кедер* МЦ, *. . . зошчо имјӑше шу́бе?* МЕЦ, *Имјӑше на́деш на Го́спо* МЕЦ, *. . . и́мам иктиза за да о́да да јо вида* МЕЦ, *Нема́јте страј* МЕЦ, *Сој ести умо мој* МЦф, *. . . парвио мој ум бјӑ да ти пиша тебе* МЦф – последните примери, како и сите други со истата мошне карактеристична дијатеза, содржат амалгамиран спој

од еден перифрастичен предикатски израз, во случајов *ум е* и од аргументски израз кој го оформува појдовниот (по својата природа определен) аргумент на соодветната предикатско-аргументска структура; во нашите примери аргументот ('јас') се крие во посвојната заменка *мој*. Натаму сп.: *... го беше стра́ј от чефути́ти* МЕ ... И во оваа група примери се издвојуваат конструкциите каде што перифрастичната формализација на предикатот не го спречува појавувањето на директен објект, сп.: *Ти се мо́ла да и́маш гри́жа чупа́та* МЦ и, со истиот предикат: *Д'има́ш гри́жа босте́но.* МЦ – и двата примера од Корчанско.

Македонските конструкции што им одговараат на турските перифрази со елементот *ol-* функционално се речиси еквивалентни со словенските наследени конструкции со именски прирок. Наведувам само неколку од нив, оние што најдобро го илустрираат споменатото бришење на границата меѓу именките и придавките; и овде наоѓаме два дијатетички модела (со *X* – персонален аргумент, *Y* – втор аргумент без семантички ограничувања и $Н_{ПР}$ – номинален предикатив). Сп.: *а. X е* $Н_{ПР}$, на пр.: *... не си астрет за ко́стеко, тук' си астрет за лицето* ШК, *Не зна́иш керка ти ... ко́улен е фудул?* МА, *... (тој) беше много мерак за пијење* ШД, *... пишман се тие ...* ШК *... б. Y му е* $Н_{ПР}$ *на X*, на пр.: *... ала́ф да ти е мо́мата* ШК, *... (тоа беше) се́ шо му станвало истиза́* МА ...

Релативно ретки се перифрастични предикатски изрази со номинализација-тежиште на предикација формализирана не како директен објект, како во стандардните *е на мислење, има на ум* и сл. Оние неколку што успеав да ги најдам претставуваат идиоматски лексикализирани калки од турскиот јазик. Сп., на пр.: *падне во лаф/падне на збор* ~ тур. *láfa düş-*: *Отќен пана́ие во лаф, му ве́ли царица́та ...* МЦ, *Пана́је на збо́р* МЦ; *клава в уме* ~ тур. *akla koy*: *... сени шлитнаје бес д и кла в уме нјäкој* МЦ, *Да не клаваш вуме ниш веч келимо за кој еси оден тамо* МЦ, *... и го клавјäше в уме шчо велјäше* МЕ; *има в уме* ~ тур. *aklında var: Да имаш в уме салт да не те маме њäшчо другари расипани* МЦф; *се види на мејдан* – веројатно дијатетична варијанта од *излегува на мејдан* ~ тур. *meydána çíkár-: И таа́ жена у́ште е́ден по́т не са́ виде на ме́јдан* ШД ...

Да ги собереме заклучоците сврзани со функционирањето на перифрастичните предикатски изрази во јужномакедонските дијалекти. Од посебно значење се – по наше мислење – следниве моменти:

Множеството на перифрастични предикатски изрази во јужните дијалекти е помногубројно одошто множеството на такви изрази во денешниот стандарден јазик, со тоа дека поклопувањата меѓу двете множества не се големи.

Меѓу дијалектниот и стандардниот јазик има и функционална разлика: додека во стандардниот јазик јасно се оцртува опозицијата *наградува* vs *доделува награда, е благодарен* vs *чувствува благодарност* и сл. и перифрастичните предикатски изрази – за разлика од простите глаголски предикати – овозможуваат попрецизно моделирање на комуникативната хиерархија на предикативните содржини, во дијалектите пери-

фрастичните предикатски изрази во повеќе случаи претставуваат единствена можна формализација на соодветните содржини. О. Јашар-Настева (Настева 1962/63, 153) наведува примери на универбизација на појдовните турски конструкции (сп. ги глаголите како *инќари, кабули, каили, пишмани, резили, теклими, теслими* и сл.); меѓутоа, тие се прилично ретки, а во мојот материјал од јужните дијалекти воопшто отсуствуваат.

Иако меѓу номинализациите ангажирани во дијалектните перифрастични предикатски изрази има и автохтони словенски именки и грчки или албански заемки, сепак доминираат турцизмите.

Меѓутоа, од сето ова поважен ни се чини фактот дека самиот базичен модел: *синсемантичен глагол + неакомодиран номинален збор а.* има паралелен турски еквивалент и *б.* претставува наједноставен начин на акомодација на турските сложени глаголи („*compounds*“ според Свифт 1963, § 356) кон македонскиот морфосинтаксички систем. Со други зборови, се работи, изгледа, за заемки „на кат“, т.е. (1) за позајмување на определени предикативни содржини и (2) за формализација на тие содржини на начин што – во рамките на автохтониот македонски (и воопшто словенски) систем – структурно им е најблизок на појдовните турски конструкции. Ова толкување сугерира дека имаме работа со нешто поважно од извесен број комплетни или парцијални калки, имено, во случајот на конструкциите од типот *чини сеир, прави инат* – со проширена употреба и зголемена фреквенција на еден речиси универзален синтаксички модел, а во случајот на конструкциите од типот *го чини курбан, го стори кабул* и со проникнување на еден образец на кондензирана каузативна конструкција со удвоена објектна позиција што е добро познат во романските, но не и во словенските јазици. Не смееме во врска со тоа да заборавиме ни дека *а.* турските „compounds“ се ex definitione преодни (Свифт 1963, l.c.) а *б.* каузативите претставуваат во турскиот јазик мошне продуктивна и многу регуларна морфосинтаксичка категорија. Се разбира, не без значење, иако – мислам - не од решавачко значење, е и формалното изедначување на стариот инструментал со номинативот во македонскиот дијасистем, со што го снемува и проблемот на конкуренцијата на двете падежни форми во именскиот прирок. Најпосле, во врска со споменатата романска ситуација не смееме да заборавиме ни на можната интерференција со аромански от. Како и да е, се чини дека зачестеноста на перифрастичните предикатски изрази во јужномакедонските дијалекти се должи на јазичната интерференција не само на лексичко-семантички, туку и на морфосинтаксички план.

1.2.3. Универзалното и конвенционалното во предикатскиот израз. – Во последните два параграфа разгледавме реченични модели со основни предикатски изрази оформени така што прави носители на предикацијата (= на предикатските содржини) не се глаголските, туку номиналните (т.е., во широка смисла, именските) лексеми. Видовме цела ескалација на такви конструкции, почнувајќи од оние со прави „материјални“ именки

во функција на предикат, т.е. од типот *Ова е јајце.*, преку релационите именки-предикати како во *Петре е мој пријател.* или *Гане е учител.* преку придавки-предикати како во *Тој е богат.* и номинализации-предикати како во *Такво беше нашето бегање.*, па до перифрази како *стори бегање, прави умилка* и сл. Сите тие – во строга граматичка смисла – се вторични предикатски изрази бидејќи семантички се базираат врз лексеми примарно морфолошки оформени да ѝ служат на номинацијата (= не на предикацијата; се мисли на именките и именските синтагми) или пак оформени за второстепени функции во текстот (се мисли на придавките). Во врска со тоа, а пред да го завршиме овој наш краток преглед на начините на оформување на основните предикатски изрази во јужните дијалекти, место е да се направат неколку општи забелешки. Имено, секој јазик, односно секој јазичен тип, располага со нему својствени средства за извршување на двете основни и универзални функции: номинацијата и предикацијата. Меѓутоа – ако ги оставиме настрана индексите како јас', 'ти' и нивните семантички деривати, а исто така и сопствените имиња (сп. во вториот том) – сите други содржини по самата своја природа можат да служат или на номинација или на предикација. Јазиците се разликуваат во морфолошките (лексичките) начини на оформување на одделни содржини, меѓутоа нема јазик без механизми кои дозволуваат на примарните експоненти на номинација да им се наложи предикативна служба и обратно. Видовме дека македонскиот (и другите словенски јазици), од една, и турскиот, од друга страна, се разликуваат во морфолошките решенија што се одразуваат и врз синтаксичките решенија. Токму затоа јужномакедонските говори, кои биле со векови изложени на јазична интерференција, претставуваат посебно благороден извор на докази за конвенционалноста на граматичките решенија и универзалноста на семантичките модели присутни во јазичното комуницирање. Имавме можност да се уверime во семантичката блискост и меѓусебните преклопувања на конструкциите со именски прирок и оние со номинализации придружувани од синсемантички глаголи, како и – во отсуството на семантичка бариера меѓу тие два типа на словенската почва – вторични предикатски изрази, од една страна, и „прави" глаголски предикати, од друга. Секвенциите како:

учи → *е учител* → *учителствува . . .*
↘ *врши обука, спроведува настава . . .*

и сл. нагледно го потврдуваат реченото. Единствениот тип што ни се чини семантички предназначен да биде оформен како примарно именски е *Ова е јајце.*, меѓутоа, овде имаме работа токму со номинација, со доделување име, т.е. со една од двете можни ситуации: *а.* или права номинација – 'ова се вика „X"', *б.* или решавање на алтернатива – 'од две (три, четири . . .) нешта кои се викаат соодветно „*x*" и „*y*" („*z*" . . .) соочени сме со *x*'.

1.2.4. Реченична конструкција како дополнителен член на основниот предикатски израз. – Погоре (§ 1.), вршејќи синтаксичка анализа на предикативниот исказ (= на основната реченична конструкција), предви-

довме дека како дополнителен член на предикатскиот израз – покрај именската синтагма - може да се јави и една реченична конструкција. Дојде време да одредиме кои се тие реченични конструкции што се способни да ја вршат споменатата служба или, поточно, кои глаголски предикати имплицираат присуство на реченични конструкции како задолжителни модификатори.

Како што може да се претпостави, се работи за глаголски предикати со мошне обопштена семантика, на кои – покрај пополнување на правите аргументски позиции – им е потребно и доуточнување на самата релациона содржина. И навистина, предикатите што нè интересираат овде носат содржини кои во друг контекст се предаваат и со морфолошки средства, што може да ни биде доказ за нивната семантичка обопштеност и универзалност. Имено, се работи за некои модални и некои фазни предикати, на пр.: *мора, може, е способен, е должен . . ., (за)почнува, продолжува, завршува . . .* и др. Не е лесно ниту тие да се набројат ниту да се одвојат од другите навидум семантички многу блиски лексеми, како, на пр.: *сака, треба* и др., а работата се комплицира и со фактот дека голем број од тие облици се полифункционални, па би требало прво да се утврди дали сме соочени со по една или по неколку хомонимни лексеми, а дури потоа – кои од нив се експоненти на разгледуваната група предикати.

Пред да предложиме какви било класификации, ќе се потрудиме да ги определиме условите што ни дозволуваат (налагаат) една реченична конструкција да ја толкуваме како дополнителен член на предикатскиот израз. Условите се само два, но прилично се строги и гласат дека (1) конститутивниот глаголски предикат смее да отвора само две синтаксички позиции од кои едната е на појдовниот аргумент, а втората – на дополнителна релациона содржина и (2) втората позиција мора да биде пополнета со една *да*-реченица чиј појдовен аргумент е идентичен со појдовниот аргумент на конститутивниот предикат. Значи, на пр.:

Тој мора да дојде. или *Морам да дојдам.*

со *да дојде, да дојдам* во втората позиција и *тој* во првата, односно со индексот 'јас' изразен со глаголската наставка за прво лице еднина како супститут за експлицитно пополнета прва позиција, но не и

Тој бара да дојдам. или *Сакам да дојдеш.*

каде што вториот услов не е исполнет. Со други зборови *да*-реченицата што нè интересира овде е една костур-реченица, сведена на својата релациона содржина, *да* може да се протолкува и како оператор што ги спојува (ги акомодира меѓусебно) двата дела од еден ист предикат, односно кон надредениот општ дел (спрема нашиот поранешен опис: конститутивен глаголски предикат, т.е. конститутивен член на предикатскиот израз) го акомодира потчинетиот доуточнувачки дел (= *да*-реченицата како дополнителен член на предикатскиот израз).

Во светлината на претставеното расудување двојно можат да се толкуваат конструкциите со надреден предикат оформен во таканаречениот безличен облик, т.е. со неутрализирана категорија лице, односно конструкциите од типот

Мора да одиме. или *Може тие да не сакаат.*

и сл. – *а.* 'мораме да одиме', 'тие можат да не сакаат' или *б.* 'треба (потребно е) да одиме', 'можеби тие не сакаат', и сл. Во првиот случај (*а.*) би се работело за чисто формално, површинско одбегнување да се повторат експонентите на категориите лице и број, во вториот (*б.*) и за семантичко поместување од таканаречената субјективна кон објективна модалност, т.е. од потреба или можност како наша внатрешна (субјективна) оцена на состојбата кон потреба или можност наложена од надвор, од фактори што не зависат од субјектот. Во случајот *а.* остануваме во рамките на еден ист предикатски израз, во случајот *б.* сме соочени со хиерархизиран спој од две предикатско-аргументски структури. Бидејќи – како што рековме – споменатото поместување останува факултативно и патот кон двојна интерпретација останува отворен, единствено „чисто" решение е она врзано за површинската, синтаксичка структура, т.е. решението што ги исклучува разгледуваните конструкции од множеството на предикатски изрази со реченичен модификатор. Фактот дека неутрализираните конструкции стануваат сè пофреквентни би значел тогаш редуцирање на тоа множество.

Споменавме погоре дека меѓу предикатите чии експоненти земаат реченични дополнувања покрај модалните се и фазните. Меѓутоа, фазните предикати не ни налагаат интерпретативни дилеми слични на модалните – имено, нивните експоненти секогаш си ги чуваат категоријалните показатели, така што се додржани и двата услова што ги формулиравме погоре, сп., на пр.: *почнувам/продолжувам/завршувам да пишувам,* и само така. Проблемот што се налага во врска со фазните конструкции е од друга природа. Тие мошне често, место експлицитно оформена реченица, содржат номинализации, па така припаѓаат кон друга категорија сложени предикатски изрази, сп., на пр., *почнувам/продолжувам/завршувам со пишување,* и сл.

Во врска со горекажаното овде само го одбележуваме присуството на конструкции со реченично дополнување на предикатскиот израз во јужномакедонските говори (сп., на пр., *. . . не можи́ме да го рећи́ме умен . . .* МДЦ, *. . . не можи́ме да се откупи́ме . . .* МДЦ, *Царут . . . млогу си зарадува и немаши веки сос која чест да гу има Мајдона аф конаќут.* В, *. . . и жената му тешка си чини, веки искала да роди.* В, *Јазе вунка по суха земја ичшах да умра.* В . . ., *Ка зве́е а́бер прсна́е да бе́ге.* ШК, *И за̀по́чнува̀т мишчурѝи да̀ вѐрва̀т.* ХК, *. . . и за тра̀гна да си по́да у дома́* МВ . . .), додека подетално ќе ги разгледаме зборувајќи за разни начини на формализација на модалната (§ 1.6.) или на временската (т.е., меѓу другото, и фазната – § 1.5.) компонента на реченичната структура.

1.3. Аргументски изрази како дополнителни членови на основната реченична конструкција (ОРК). – Во § 1.2. се занимававме со начините на синтаксичко оформување на глаголскиот предикат што ја конституира реченичната конструкција. Сега ќе се свртиме кон начините на синтаксичкото оформување на аргументите на тој предикат и нивната акомодација кон предикатскиот израз. Погоре (§ 1.) рековме дека предикатско-аргументската (= пропозиционалната) структура претставува семантичко јадро на реченичната конструкција. Значи, со други зборови, ќе се занимаваме со односите на граматичка зависност (т.е. со падежните односи) во рамките на една реченична конструкција.

Аргументските изрази за кои отвора синтаксички позиции еден предикатски израз можат да земаат облик или на именски синтагми или на реченични конструкции. Предикатскиот израз што отвора позиции исклучиво за именски синтагми оформува еден предикат од првиот ред. Предикатскиот израз што отвора позиции и за реченични конструкции оформува еден предикат од повисок ред. Ќе се сосредоточиме прво на предикатите од првиот ред.

1.3.1. Именската синтагма како аргументски израз. – Да именува аргументи на еден предикат е основната функција на именската синтагма во текстот. Опишувајќи го нејзиното однесување во таа функција, соочени сме – како секогаш на подрачјето на синтаксата – со двоен проблем: семантички и формално-синтаксички.

Семантичкиот проблем е проблем на постоење/непостоење на некоја природна хиерархија што средува множество аргументи на еден предикат. На мислење сме дека таква хиерархија постои. Рековме погоре (§ 0.1.) дека јазичниот текст го сфаќаме како одраз на мрежа релации што говорното лице ги уочува во стварноста и сака соодветната информација да им ја пренесе на соговорниците. Во таа дефиниција јасно се гледа основната определба на јазикот – тој е создаван од луѓе за да им служи на луѓе. Една од природните последици на ваквата состојба е антропоцентричниот карактер на сликата на стварноста што ни ја пренесува јазикот, а со тоа и на самиот јазик. Забележувајќи ги настаните што се случуваат околу нас, природно сме наклонети да ги гледаме како ефекти на човечка активност. Содржината на повеќето предикати така и е структурирана – така е „зацврстена“ во одделни предикатски лексеми – така што претпоставува постоење на човек-вршител, човек-инспиратор, човек-посматрач – итн., итн. на дејството. И натаму: штом има повеќе аргументи – оној, човечкиот, се налага како појдовен, т.е. хиерархиски примарен. Оваа регуларност ја прифаќаме како принцип во натамошниот опис. Значи, ако некој предикат има повеќе од една дијатетичка формализација, за појдовна ја прифаќаме онаа што тргнува од човек; ако пак предикатот има повеќе од еден персонален аргумент, човекот-agens има предност пред човекот-patiens и/или човекот-beneficiens итн.; најпосле, ако само една од двете можни формализации отвора место за персонален аргументски израз, неа ја сметаме основна, а другата – деривирана. На пр.:

– во составот: *Јас ја напишав книгата.* и *Книгата е од мое авторство.*, предност има првата формализација.

– во составот: *Павле го искористува Петре.* и *Петре му робува на Павле.* пак предност има првата формализација,

– најпосле, во составот *Иван го стави шишето на маса,* и *Шишето стои на маса.* втората формализација ја толкуваме како дериват од првата.

Ваквото сфаќање и ваквата постапка ќе ни овозможат да им наложиме определена хиерархија на множествата реченични конструкции што одразуваат една иста релација од гледна точка на одделни нејзини учесници, т.е. да воспоставиме дијатетички парадигми (сп. подолу § 1.4.) и да внесеме ред во нашиот опис на тие конструкции. Меѓутоа, има и безброј предикати кои изразуваат релации меѓу одделни делови на светот без какво и да е учество на човек. Соодветните релации ги перципираме не динамички, не како процеси или резултати на процеси, туку како статички состојби, ситуации. Ваквото сфаќање наоѓа одраз и во јазичната формализација. Имено, таквите релации најчесто се предадени со конструкции чиј предикатски израз зема облик на именски прирок, сп.: *Патот е каменлив., или Балкан е дел од европскиот континент.* и сл. Од друга страна, има динамички релации, процеси предизвикани не од човек, туку од стихија, од некоја природна сила. И тоа наоѓа одраз во јазикот. Позицијата на појдовниот аргумент или останува празна или е пополнета со именка што ја потврдува во номинализираниот облик содржината на предикатот, т.е. пак семантички („во длабинската структура") останува празна, сп.: *Врне/врнело.* спроти *Врне/врнело дожд/снег.,* сп.: *Дува.* спроти *Ветар дува., Гори.* спроти *Огин гори.* спроти *Пожар'.,* сп. и: *Се смрачува.* спроти *Паѓа мрак.* и сл. – Конструкциите што одразуваат релации без активно учество на човек не се вклопуваат во горепредложената постапка. Ќе ги толкуваме mutatis mutandis според моделот на оние најмногубројни и најкомпликовани каде што учествува персоналниот (или персонифицираниот) агенс.

Досега сето наше размислување за предикатот и неговите аргументи се одвиваше во доменот на семантиката. Синтаксичките конструкции ги приведувавме само како илустрација на различни семантички односи. Меѓутоа, нашата задача овде е да прикажеме како синтаксички се оформуваат аргументите и како тие се прилагодуваат кон предикатскиот израз, односно – дали гореопишаните семантички зависности имаат регуларен одраз на ниво на формалната синтакса и каков е тој одраз. Оваа проблематика во синтаксичкиот опис обично бидува разбиена на два главни дела: преглед на таканаречената глаголска рекција, т.е. на начини на формална акомодација на аргументските синтагми кон предикатскиот израз и преглед на дијатетички варијанти на одделни предикати (типови предикати), т.е. на можностите семантички појдовните аргументи да се поместат од таа привилегирана позиција, а семантички вторичните аргументи да авансираат. Овде ќе се потрудиме да ги поврземе обете тематски полиња, т.е., опишувајќи некој тип синтаксичка врска, ќе ги раздвојуваме примерите каде што таа се јавува во основни и оние каде што таа се јавува во семантички деривирани реченични конструкции.

1.3.1.1. Аргументски израз во номинативен однос, т.е. во конгруентна врска (во синтаксичка меѓузависност – интердепенденција) со предикатски израз. – Семантички појдовниот аргумент, благодарејќи на оваа своја привилегирана функција, јасно се издвојува на површината на текстот. Имено, именската синтагма што го оформува тој аргумент со предикатски израз се поврзува со една посебна, само нејзе својствена релација на синтаксичка меѓузависност (= интердепенденција). Се работи за една категоријална врска меѓу глагол (предикатски израз) и именска синтагма во која врска и глаголот на именската синтагма и таа нему си поставуваат определени барања. Имено, глаголот бара од именската синтагма таа да не содржи никакви сигнали на зависност (да не биде управувана од предлог, да не содржи заменски реплики од типот *му, го* итн. и/или – во однос на категоријалните системи или на определени привилегирани класи лексеми, како заменките, сопствените имиња и сл., кои тоа го дозволуваат – да не е оформена во кос падежен облик); во денешниот стандарден јазик и во дел од дијалектните системи тука се приклучува и едно позитивно барање – именската синтагма да биде позитивно маркирана по определеност. Со други зборови – ако се согласиме дека падежните морфолошки облици не се ништо друго освен сигнали на тип синтаксичка релација – независно од нејзините морфолошки експоненти – опишуваната врска се состои во фактот дека ПИ бара од ИС да биде во номинатив и – во дел од поеволуираните системи – да биде маркирана по определеност. Како што споменавме погоре, прегледот на дијалектните примери што ја илустрираат меѓузависната врска е среден така што прво доаѓаат конструкциите со персонален (одушевен) вршител/иницијатор на дејството, а дури подоцна, издвоени во посебен блок, конструкциите со неперсонален (неодушевен) референт на појдовниот аргументски израз. Се откажуваме од натамошната внатрешна класификација на приведуваните конструкции во зависност од тоа дали се работи за едно-, дво- или повеќеаргументски предикати бидејќи соодветните разлики не се одразуваат врз односот меѓу предикатот и неговиот појдовен аргумент ниту врз формализацијата на тој однос.

Конструкции со персонален референт на аргументскиот израз: *Детјѝто бја̀ никокѝр.* МЦ, *Ена старица от малата му чињѐше варење.* МЦ, *Не виде кожата убесена тој валк.* МЦ, *Бја̀ ен старец и ена старица.* МЦ, *Стана старецо д-ој . . .* МЦ, *Царо се засме и побјања бес да го кара.* МЦ, *Отиде дома тој зарадван при жена-му . . .* МЦ, *Учи́тел ми бе́ше Константи́н от Бъ́лгарцко Бла́ца.* ШК, *Ја́с бе́ два́јсет гуди́не чу́па . . .* ШК, *По́по не е́ пла́тен, ко́јто ни гу кре́на та́тко и ма́јка.* ШК, *Мно́гу офци ми и́ме зе́мено въ́лците . . .* ШД, *Првина це́л'јо на́рот да ви́кни „у́ра“* ШД, *Це́л'јо на́рот от се́лото избе́гафме . . .* ШД, *. . . до́јдоа па́к Ге́рман Ста́рјо со Ви́ктора, со Цве́тка и ма̊́жот ми . . .* ШД, *И ни́е бјдоме во е́дна ку́ќа со че́тири ка́тој . . .* ШД, *Лиси́цта пуле́к-пуле́ка и утво́рва о́чте . . .* МА, *Ви́де, не ви́де ста́рио а пужа́ља и ста́на да̀ му утво́ре . . .* МА, *Арну-ма, гъ̀лъ̀пчиту лита́л шо лита́л . . .* БМег, *Ути́шлу идну-ца́руву де́те у-лов и виде́л та́м . . .* БМег, *Бо́ло идно-риба́р.* БМег, *Дујде́ вре́ме партиза́јне*

да-испáднат БМег, *Литáшем нé-сă удавúа дéцăта.* ДКај, *Ама úтер вăлкут пу-трó, пу-трó сă-испýли пригóр* ДКај, *Зă-бúшка мéсто стáрут гу-зăклăл кýчито.* ДКај, *Тугá кумшúăта утúшăл у-óцăта . . .* ДКај, *Некуј ден Луде гу забравил кавалот да гу цвири* УЕ, *. . . постарото . . . брат . . . оди на урманот за дрва . . .* УЕ, *Кога си помисли попот . . . на клетвата шо си а имаа кладено миґу них . . . му вели . . .* УЕ, *Кога усамна децата зафатија да викат . . .* УЕ, *И на тóа чáс сă лекувá човéкот . . .* ВК, *На тóа врéми сакá Исус да испáдни на Галилéа.* ВК, *И ричé на них Пилáто: Сти бúле аскéр; удéјтисте . . .* ВК, /во современиот стандарден превод: *Пилат им рече . . . /, Му сă развикнáле инсáнот, са рéкле: . . .* ВК, *Сакáле вúки да гу фáтат; ма нúкој не си клáле рăка врăс нéго, óти нé му бúло дóшăл врéмито.* ВК /во современиот стандарден превод: *Тогаш сакаа да го фатат; ама никој не кладе рака на него, бидејќи уште не беше дошол часот негов . . ./, Исус нé а-дгувори́ на нéа нéкој лáф.* ВК *. . . итóă дéте дујдé уд-вéчăрта* ПДој, *Дéтто рăчéл . . .* ПДој, *Жéнта-ј та уфкăзáно-шо-ј . . .* ПДој, *Си-пушчúл уфчáро стáпо . . .* ПДој, *Кój ви-кăжá нă-вáска тóă ичумéн дō жнúте?* ПДој, *Г'óрге бигá уф-Амéрика.* ПК, *Аднá жéна малéчко дéте нóсе уф-ráцте и гу-фарлú путпáто уф-аднú тáрне.* ПК, *Станýве цáро сабáјл'нта, утвóра врáтта . . .* ПК, *Са-варнáа аднú чувéци, Гáрцте бúа ги-исклáли.* ПК, *Мулчéјќи удáре он . . .* ПК, *Вáлко нéли пóбудла си-устанáл.* ПК, *Адно врéме имáло áјн чувéк трýјца сúна.* ПК, *. . . ама кój ќи-са-нашúа ут-тá чéшма-елéнче ќи-са-чинúло.* ПК, *Пóвке пулвúна сéло ут-твá живéхме.* ПК, *. . . аднú замúнаа за-Кукýш дерéк . . . а па аднú клóн ф-нáшто сéло завартéа пу-пáто.* ПК, *Ка óдум там на-тō мéсто, шó ќи вúдиш – сé пул'áни . . .* ПК, *Сéлто знаа ама не кажýват.* ПК, *Кá úдиа турскúто аскéр ка-о забикóл'увјаа селто.* ПК, *Кá дујдéл аскéро . . . óн . . . бил н-аднá мéґа.* ПК, *. . . óн, дéтто бил н-аднá мéґа.* ПК, *Они, сéлту аднú на-дрýк са-гóрат.* ПК, *Кулу-рачóк зимáа вујскá да-вáрве пáк.* ПК, *И зимá народо вáрве за-на-Парój да са слéзе . . .* ПК, *. . . и ду-крýшката дујдéл тóо дéте.* ПК, *. . . нóго нарóт измрéа.* ПК, *Пашáта са пучýди мрăва пó ут гламбóку . . .* МС, *И си утúди ман'цóји. Исл'ázи д'ăт'ату ут дóл . . .* МС, *. . . са субираха шúчкију аск'ер ут Филипýпул . . .* МС, *. . . и прумúнаха иднú такăм л'ýди . . .* МС, *Тáм, д'е фл'аха тóс инсáну, шту гу гóниши напóсл'ат, имáши инá жéна дитúн'а . . .* МС, *. . . тóс дулáп да гу ни утфóри пуидúн.* МС, *. . . јас јáхнах на фајтóну . . .* МС, *Кóста млóгу са уплáши . . .* МВ, *. . . д'ăдуту и р'éкла: . . .* МВ, *Как вúд'аха мúштурúјуту тýс прéпнуту д'ăтл'а нăтр'а у кафинéту, фáт'аха сúчка да хóждат тáму . . .* МВ, *. . . јас на сýху ни нájдух рáбута, нájдух на мóри* МВ, *Змиáта, кату са топлú áф човéчката пáзуфа, фатú да гу јáди.* В, *Има таму едно жр'апче от едно време, татку ти гу беши оставил . . .* В, *Мајка ми дојди на чешмата, вода да си напии . . .* В, *. . .тогас излезе жената дол на будрумот . . .* В, *Дека ти сам видел јазе тебика?* В, *. . . зашчо ќи си смејат св'атот сос тебика* В, *. . . и сичката му кăшча си облечиха на черни дрежи . . .* В, *. . . са исказаха секој . . .* В, *И сичката околиа отидоха, са поплакоат на царјут от них.* В, *И такá тójнака, шчо и рéкла нá цáрјут, сúчко прáво казá* В, *. . . са беха собрали един гол'ам аскер.* В,

И на сана́ му са евѝло едно́ д'а́до сас б'а́ла бра́да та го́ попѝтало: . . . ВС, *Испаднал са̀т град вонка да са моле* . . . ВЕ, *Сетни има́ло на не́говата ца́рчина на едно́ ме́сто чове́ци, шчото бе́ха мло́го аси́и* . . . В.

А еве и некои конструкции со неодушевен референт на појдовниот аргументски израз: *То́му му стана́је сал пја̀т стоти́не грошо́ви за по па́то.* МЦ, . . . *тамо бја̀ ена треснатина и тамо и бја̀се панат.* МЦ, *По три години му дојдоје шеста маске со паре, тогас бја̀је радостити погољ̀ами.* МЦ, *Ма фа́ти бо́лес от па́мпуро* . . . ШД, *Ци́фунот би́е на те́л'ата и се ва̀рти ча́ркот.* ШК, *Клепа́лката би́е на ка́менот* . . . ШК, *Кори́тото до́лу е́сти те́сно, шчо се ве́ли ци́фун.* ШК, *Першчи́ни се кажве шл'у́пките ут гро́здето.* ШК, *Утре де́нта о́суна са̀бота* . . . ШД, *Сира́тката са́каше да а кла́јме да са ва́ри на о́гно* . . . ШД, *Гла́та ма бо́ли* . . . ШД, *Ко́га си до́јдоф* . . . *па́к ма фа́ти ме́рако* ШД, *Вно́гу ку́ки са запу́стиа* ШД, *Са̀ то́па̀т снего́ите, са̀лде вр̀не, ветер ду́е* . . . МА, *Са ре́жат ло́јзта и у-ма́рт са̀ ко́па̀т.* МА, *Гу-фа̀тило ни́ку до́ш, ни́ку гармити́ни у-ни́ку пустили́а ме́сто* . . . ДКај, *Гозбата ного арно зафатила, ама лошо свршила* УЕ, *Таман ќи дојде време окулу стред ноќ* . . . УЕ, . . . *кој зà̀рно ут се́мито му падна́ на па̀тут и са̀ газа́* . . . ВК, *Е́ту и по́трис са̀ чини́ голе́м;* ВК, . . . му са̀ навиде́ гла́вата му . . . ВК, . . . *тфо́јото мо́лба са̀ чу́ на Го́спот;* ВК, . . . *и ки са̀ чи́ни идно́ та̀рло, иде́н офча́р.* ВК, . . . *дујде́ло де́н да̀-га̀-са́ка̀т мо́ма̀та* ПДој, . . . *не-о-фа̀ти́ло со́н* ПДој, . . . *са́рцто гу ја́де зна́чи куре́мо гу бо́ле.* ПК, *Ма удри́ адна́ завратни́ца.* ПК, *Спли́нта му са изду́ве на-чуве́ко.* ПК, *Та́м стана́ бо́јо.* ПК, *Дујде́ ле́тто.* ПК, . . . *вујна́ с-утвурѝла ут-Ку́куш на-до́л* ПК, *Се́нката му-са-кажу́ве.* ПК, *По́сле загина́ тва́ те́пане, тва пл'а́чкине, са-тури́ ре́т.* ПК, . . . *са́мо ца́рква̀та билее.* ПК, . . . *мо́зоко ми-са-гле́де.* ПК, *Биде́ло а́рна сва́дба.* ПК, *И бити́са ве́јки мо́јта при́кас.* МС, *Бити́са ткан'е́ту, с'ä и́шти пла́тнуту да гу изб'ä́лими* . . . МС, . . . *були́ка гул'а́ма ја има́ши.* МС, *Кугá пу́сна че́ркфа, си и́ди бахчи́ванџи́јата* . . . МС, *На иди́ну бра́т му са усан'о́ват* . . . *иди́н каза́н' ли́ри* . . . МС, *скула́са че́ркфата* . . . МВ, *Бити́са мураве́ту* . . . МВ, *И да не си оплашиш: оти га̀рмеш страшно ке да биди, шчото зем'а ки си затреси страшно* В, . . . *и невидена трапеза прет него са положи* . . . В, *Тогас дä̀рветата наведеха вä̀рховето* . . ., *каминитe пукаха* В, *Таја работа не бива'.* В, *И така папса фуртуната* В, . . . *фати млого дä̀жд да дä̀жди* . . . В, . . . *гу фä̀рли морету на сухо* . . . В, *И по́сле две́-три́ са́ти грämиш са чини́* . . . В, . . . *царската лакардиа не са врашча.* В, *И б'е́ше време́ту зи́ма, и фа́ти адин сн'ак, адна́ форту́на.* ВС, *Са чини една зла скапиа* . . . ВС, . . . *и очи́те му б'а́ха мло́го гол'ами* . . . ВС.

Се гледа дека конструкциите собрани во втората група се семантички вторично мотивирани. Мотивациите се од неколку типа:

– појдовниот аргумент може да биде стихија, т.е. нешто што дејствува (= е активно) независно од човековата волја, на пр.: . . . *са то́па̀т снего́ите* . . ., . . . *ветер ду́е* . . ., . . . *га̀рмеш страшно ке да биди* . . ., . . . *и фа́ти адин сн'ак* . . . итн.

– појдовниот аргумент може да биде автомат направен од човечка рака, но чие функционирање може да биде согледано како самостојно, на пр.: . . . *ци́фунот би́е на тел'ата и са ва̀рти ча́ркот* . . . , . . . *клепа́лката би́е на ка́менот* . . . итн.

– појдовниот аргумент може да биде дел од човековото тело чија физиолошка активност не зависи од човековата волја, на пр.: *Гла́та ма бо́ли . . .* ШД, *. . . са́рцто гу ја́де зна́чи куре́мо гу бо́ле.* ПК, *. . . му са́ навиде́ гла́вата му . . .* итн.

– појдовниот аргумент може да биде некој исечок од времето сфатено како еден континуум што е постојано во движење независно од човековата волја, на пр.: *Утре де́нта о́суна са́бота . . ., Таман ќи дојде време окулу стред ноќ . . ., . . . дујде́ло де́н да́-гъ́-са́къ́т мо́мъ́та . . ., Дујде́ ле́тто . . .,* итн.

Конститутивната реченична релација може и да изразува не дејство, туку една состојба на работите настаната како резултат на дејство на персонален или неперсонален агенс. Со други зборови, соодветната релација може директно да ја проицира човековата (авторовата) перцепција на светот. Појдовниот аргумент во такви конструкции може да биде кој било материјален дел на светот, а предикацијата се сведува најчесто на:

– егзистенцијална констатација и/или локација во просторот, на пр.: *. . . тамо бја́ ена треснатина . . .,*
пъ́тут . . ., . . . и невидена трапеза прет него са положи . . ., итн.;

– атрибуција на некои особини, на пр.: *Кори́тото до́лу е́сти те́сно . . ., . . . и очи́те му бја́ха мло́го гол'ами . . .,*
итн.;

Последниот наш пример претставува интересна комбинација од егзистенцијално-атрибутивна структура.

Додека првата серија конструкции – со неперсонални агенси - претставува примери на чисто семантичка деривација, т.е. градени се по семантичка аналогија на оние со персонален вршител на дејството, втората серија, т.е. јазичните формализации на состојбите можеме да ги толкуваме и како семантичко-синтаксички деривати (дијатетични варијанти) на каузативни конструкции; релацијата од типот 'книгата лежи на масата' би ја толкувале тогаш како задолжително базирана врз некоја релација од типот '*X* ја сместил книгата на масата' и сл. Сп. и подолу во параграфот посветен на дијатезата (§ 1.4.).

Третата и последна серија конструкции можеме без колебање да ја квалификуваме како секундарни дијатетични варијанти на конструкции со персонален аргумент – варијанти во кои тој аргумент е поместен од привилегираната синтаксичка позиција. Имено, тие содржат морфолошки и/или синтаксички формални сигнали на таквиот свој статус – номинализации, перифрастични конструкции на таканаречениот трпен залог, и сл. Во нашиот горенаведен состав примери претставници на таа серија се, меѓу другото, *. . . тогас бја́је радостити погољъ́ми . . .,*
ме . . .,
жат ло́јзта . . ., Ма удри́ адна́ завратни́ца.,
с-утвури́ла . . .,
кас.,

. . . тфо́јото мо́лба са́ чу́ на Го́спот . . . Се изделуваат во оваа група метајазичните предикации, како, на пр., *Пе́рштини се кажве шл'у́пките ут гро́здето . . .*

Како што рековме, формален сигнал на интердепенденција меѓу појдовниот аргументски израз, од една страна, и предикатскиот израз, од друга, е категоријалната конгруенција.

Аргументскиот израз му налага на предикатскиот избор на соодветен член на категориите лице, број и род.

Од конгруенцијата по лице речиси нема отстапувања. Сепак, наоѓав конструкции слични на стандардните од типот *Неколку души решивме да учиме заедно.*, и сл. Сп.: *Це́л'јо на́рот от се́лото избе́гафме . . ., По́вке пулви́на се́ло ут-тва́ живе́хме.*, и сл. Маркираните членови на категоријата лице налагаат и еден друг, поширок проблем. Имено - бидејќи прво и второ лице по самата своја природа еднозначно се определени како говорителот и неговиот соговорник (адресатот на текстот) – личната наставка на глаголската форма претставува доволен сигнал за нивната идентификација, па аргументскиот израз може да биде сведен на нула. Ова е навистина и основното решение во случај кога говорителот не инсистира посебно на својот или на идентитетот на адресатот (сп. подолу во врска со функционалната перспектива на исказот). Еве неколку типични примери со нулта реализација на појдовниот (во случајов ex definitione персонален) аргумент: *„Ж-уста́ва ен чо́век на мјӓсто мо́је; о́ко не до́јда по три но́ви, д-убеси́те то́гва“.* МЦ, *„Жа пи́ја ту́ва, от-у́мрej за во́да“.* МЦ, *Се́тне го това́рвеме на ма̊ските и пра́во на а̊мборут.* ШК, *. . . говоре́ме на зборба́тен е́зик . . .*, ШК, *Са́мо де́нес пи́ф е́ден фи́нцел' мле́ко.* ШД, *И́мамеф две ку́чин'а оста́ени та́мо . . .* ШД, *Шо са́каш та́кво вре́ме?* МА, *. . . ут-та́мо ки-о́јмә̀ дру́гуто ме́сто* БМег, *. . . ки-гу-ра́нә̀м во́шкина хра́на* БМег, *Са́кӓш кӓj-на́с дӓ-до́јш измика́р?* ДКај, *Сега да видиме лудо шо прај дома.* УЕ, *. . . да ти мијам првно, а напкун ќи ти дадам да ручаш . . .* УЕ, *Ка сӓ ути́дох, сӓ мих, е́то сӓ упули́х* ВК, *. . . идно́ са́л зна́м, шо сле́п биде́ки, се́га гле́дам . . .* ВК, *. . . ки-гу-нӓма́жиш пъ̈рво уд-бе́лӓта пе́пӓл . . .* ПДој, *. . . тӓргна́ме сјӓ зӓ-ф-се́лто . . .* ПДој, *Е-е, се́тне замина́ме Стру́ма.* ПК, *Ро́дан сум ил'а́да де́витсто́тини и-тре́та гу́ди́на . . .* ПК, *. . . кла́х т'е́нцири́т'а и ха́р-куми́ту, са пука́ц'ах.́* МС, *. . . с'ä што́ вил ́ш да и́дам, да ни и́дам?* МС, *„мале, динеска лових едно пиле.* В, *Ки идими оданә̀ морету.* В.

Покомплицирана е ситуацијата што се однесува до конгруенцијата по број. Проблемот е во двојната конгруенција на збирните именки - тие имаат или (поретко) конгруенција ad formam – еднинска, или пак ad sensum – множинска, и тоа не ретко во говорот на еден ист човек.

Во јужномакедонските говори не постои таканаречената збирна множина како флексивна категорија, т.е. нема отворена деривација со суфиксот -је. Меѓутоа, старите лексикализирани машки collectiva со суфиксите *-је* и *-ја* редовно имаат множинска конгруенција. Сп. ги примерите на Мазон: *гробја́та/гробје́то е́се расипа́ни* (МЦ, 57), сп. ги и забелешките на Пеев во врска со учеството на суфиксот *-је* во формирањето на множинската наставка *-е* во кукушкиот дијалект (ПК1, 179), како

и неговата констатација (ibidem) за лексикализираниот карактер на збирните форми со *-је* во примарна, колективна функција на суфиксот. Двојната конгруенција, што ја споменавме погоре, ја покажуваат семантички збирните именки што формално не се маркирани како такви. Сп.: *Првина це́л'јо на́рот да ви́кни „у́ра"..., ...адни́ замина́а за-Куку́ш дере́к... а па ади́н кло́н ф-на́што се́ло завартéа пу-па́то., Се́лто зна́а ама не кажу́ват., Ка́ и́диа турскито аскéр ка́-о забико́л'увјаа село., Ка́ дујде́л аскéро... о́н... бил н-адна́ ме́ѓа., Они, се́лту ади́н надру́к са-го́рат., Кулу-рачо́к зима́а вујска́ да-ва́рве па́к., И зима́ наро́до ва́рве за-на-Па́рој да са сле́зе., ...но́го наро́т измре́а., ...са субира́ха ши́чкију аск'ер ут Филипу́пул..., ...и прумѝнаха иди́н такъ́м л'у́ди..., Та́м, д'е фл'аха то́с инса́ну, шту гу го́ниши напо́сл'ат, има́ши ина́ же́на дити́н'а..., ...зашчо ки си смејат свјатот сос тебика..., ...и сичката му ка́шча си облечиха на черни дрехи..., И сичката околиа отидоха, са поплакоат на цар'ут от них., ...са беха собрали един гол'ам аскер., Испаднал са́т град вонка да са моле..., И ричé на ни́х Пила́то: Сти би́ле аскéр; удéјтисте..., Му са́ развикна́ле инса́нот, да ре́кле...*

Меѓу набројаните примери, покрај правите збирни именки што самостојно ја конституираат именската синтагма, како *аскер, народ, инсан, свет, село...* и сл.,
нални единици на мера,
следните – без исклучок, за разлика од правите збирни именки – на нивото на именска синтагма покажуваат конгруенција ad formam, а на реченично ниво – ad sensum. Тоа *а.* го открива хетерогениот карактер на ваквите синтагми и налага толкување според кое именката-назив на единица на мера ја претставува синтагмата (т.е. се однесува како конститутивен член) и *б.* експлицитно докажува дека количествените определби им налагаат множинска форма како на називите (јадрените синтагми) врз коишто оперираат, така и на предикатскиот израз (сп. и во вториот том).

Проблем за себе претставува конгруенцијата по број меѓу таканаречените социјативни именски синтагми (од типот *јас со брат ми* и сл.). Како што споменуваме зборувајќи (во вториот том) за конгруенцијата во рамките на именската синтагма, овде надвладува конгруенција ad sensum, иако не е неможна ни конгруенција ad formam. Сп. ги примерите дадени во § 3.2., сп. и: *И то́гаа то́ј со дру́гаро не́гоф излéгоа от се́лото* ШД, *...ésента ја́с со мо́јта нéеста ...бдефме на́ гости...* ШД, *Дру́г'о ден со стри́ка ми са оде́лифме...* ШД, *...до́јдоа па́к Ге́рман Ста́рјо со Ви́ктора, со Цве́тка и ма̊жот ми...* ШД, *Ста́амеф за́едно со ма́јка* ШД ...

Именските синтагми оформени како прави конјункции независно од линеаризацијата (т.е. независно од тоа дали му претходат на предикатскиот израз или следуваат по него) покажуваат множинска конгруенција, сп. *А два̀ же́не Мари́а Магдале́на и Мари́а шче́рка Јоси́ пуљ̀а́е ѓ'ето се клавјàше.* МЕЦ, *На то́зи врјàме бјàе застана́те при кре́сто шчо бјà ставро́сан Ри́стос Мајка́ му пречи́ста, и се́стра мајкјà му Мари́а шче́рка ту Клопа́, и Мари́а Магдале́на.* МЕЦ, *А Јо́сиф и пречи́ста ка́та годи́на гредјàје во касаба́та Јерусали́м...* МЕ, *...и Јо́сиф и мајка́ му не разбра́е*

со́зи, зо́шчо му се семнја́ше . . . МЕ, *Толку и чекаја, баба меца, влкот и лисицата.* УЕ, *И така, адно ден, си стретнале Треската, плевритот и Ангелот . . .* УЕ . . .

За конгруенцијата по род меѓу појдовната именска синтагма и предикатскиот израз може да се каже приближно истото како за конгруенцијата по род внатре во именската синтагма (сп. во вториот том). Со други зборови, во источните говори таа конгруенција е расколебана, а за факторите што влијаеле врз неа, како и за некои општи правилности што ја карактеризираат денешната лабилна состојба, се изјаснуваме зборувајќи за именската синтагма. Овде ќе се ограничиме на наведување примери-илустрации за нарушена конгруенција на релацијата, појдовниот аргументски израз – *л*-формата како компонента на предикатскиот израз: *Арну-ма, гъла́пчиту лита́л шо лита́л . . ., Ути́шлу идну-ца́руву де́те у-лов и виде́л та́м . . ., Бо́ло идно-риба́р . . ., Тó [= за́јцут] и напа́рчи́ муста́кте и ричелу . . .* БМег, *Гу-фа́ти́ло ни́ку до́ш, ни́ку гармити́ни у-ни́ку пустилиа ме́сто . . ., . . . адно уд децта . . . си врнал уд сколјото . . .* УЕ, *. . . без да си чуди ного дека тој нејнто* [‘негово’] *дете си ја стукмил пушката . . .* УЕ, *. . . дујде́ло де́н да́-гъ́-са́кат мо́мата, Дéтто ръ́че́л . . ., . . . не-о-фа́ти́ло со́н . . ., Ка . . . дујде́ло ре́до нъ́-не́го . . .* ПДој, *Ѓавуло гу-пъ́дна́л ма́ка . . .* ПДој, *А́дно вре́ме има́ло а́јн чуве́к тру́јца си́на, . . . о́н, де́тто бил н-адна́ ме́ѓа., . . . и ду-кру́шката дујде́л то́о де́те. . . . д’а́дуту и р’е́кла . . ., И на сана́ му са еви́ло едно́ д’а́до сас б’а́ла бра́да та го́ попи́тало . . .*

Се гледа од примерите дека расколебаната конгруенција најзапад се јавува во мегленските говори и ја опфаќа сета територија понаисток. Врз фонот на сето речено (во вториот том) во врска со конгруенцијата во рамките на именската синтагма посебен коментар бараат споевите со неперсонален референт како *го фатило сон, го фатило дожд, дојдело ред* и сл., каде што средниот род на *л*-формата може да биде мотивиран и семантички, т.е. може да имаме работа со неутрализација на категоријата род како сигнал на стихиски, независен од човекот карактер на процесот; тоа е една од карактеристиките на синтаксата на народната поезија, нагласувана од Б. Конески (Б. Конески 1971). Ако е така, тогаш овие конструкции веројатно не биле без влијание во процесот на вовлекување на истиот тип конгруенција и во другите контексти, со одушевени вршители на дејството.

Појдовниот аргументски израз статистички најчесто претставува и тема на исказот. Тој тогаш се јавува како определен, бидејќи го именува (или упатува кон) веќе познатиот референт. Ако е линеаризацијата на исказот немаркирана (т.е. ако линеаризацијата наложена од страна на функционалната перспектива на текстот се согласува со примарната граматичка линеаризација), тогаш тој му претходи на предикатскиот израз, а многу често стои и во маркираната почетна позиција. Така се создава тесна корелација меѓу немаркираната линеаризација на појдовниот аргументски израз и неговата карактеристика по определеност.

Ако функционалната перспектива налага вторична линеаризација и појдовниот аргументски израз следува по предикатскиот израз, неговата категоријална карактеристика по определеност зависи единствено од семантичкиот (а не и од синтаксичкиот) фактор – од познатиот или непознатиот идентитет на референтот.

Имаме, значи:

а. немаркирана линеаризација, ИС во интердепенденција со прредикатскиот израз маркирана по определеност *ПОШТАРОТ ДОЈДЕ.* – каде што *ПОШТАРОТ* е тема,

наспрема

б. маркирана линеаризација, ИС во интердепенденција со предикатскиот израз *б.а.* маркирана по определеност: *ДОЈДЕ ПОШТАРОТ.*
б.б. немаркирана по определеност: *ДОЈДЕ ПОШТАР.*

каде што *ПОШТАР/ОТ/* спаѓа во рема.

Еве неколку дијалектни примери од горенаведениот корпус реченици:

а. Детјàто бјà никокир . . ., Царо се засме . . ., Пóпо не é плáтен . . ., Цéл'јо нáрот от сéлото избéгафме . . .

б.а. Ká дујдéл аскéро . . . óн . . . бил . . ., И си утúди ман'цóји . . ., . . . тогас излезе жената дол на будрумот . . ., Дека ти сам видел јазе тебика . . .

б.б. Кулу-рачóк зимáа вујскá да-вáрве пáк . . ., Утре дéнта óсуна сáбота . . ., Тамáн кúи дóјде врéме óкулу стрéд ноќ . . ., Кугá пýсна чéркфа, си úди бахчúванџúјата . . .

Како што се гледа од примерите:

– конструкциите *ПИ + ИС*$_{Н}$, т.е. конструкциите со маркирана линеаризација на номинативната *ИС* не се јавуваат на почетокот на исказот – ним им претходи обично некој надреден предикат со сврзнички или прилошки облик,

– конструкциите од типот *б.б.* мошне ретко формализираат семантички структури со персонален појдовен аргумент.

И двете горепривидени правилности го потврдуваат маркираниот карактер на линеаризацијата *ПИ + ИС*$_{Н}$. Меѓутоа, треба да се каже и дека во дијалектните текстови ја наоѓаме и линеаризацијата *ИС*$_{Н}$ *+ ПИ* со *ИС*$_{Н}$ немаркирана по определеност и дека се работи пак за конструкции со неперсонален референт поместени од апсолутниот почеток на исказот, сп.: *. . . ветер дуе . . ., гàрмеш страшно ке да биди . . .* Се налага интерпретација според која се работи за клишерани фрази за означување на појави по самата нивна природа генерички и како такви иманентно неопределени.

Именските синтагми со површински експоненти на неопределеноста на референтот (т.е. синтагми формално негативно маркирани по определеност) синтаксички се однесуваат како позитивно маркираните, т.е. се појавуваат на почетокот на исказот во линеаризацијата

ИС$_н$ + ПИ, а исто така и среде исказот со двете можни линеаризации. Нивната семантичка функција е инваријантна. Примарно употребени тие секогаш внесуваат за дадениот текст нови содржини и во врска со тоа секогаш спаѓаат во рема. Еве примери:

а. Ена старица . . . му чинјаше варење . . ., Адна́ же́на мале́чко де́те но́се уф-ра́ците . . ., . . . но́го наро́т измре́а . . ., По́вке пулви́на се́ло ут-тва́ живе́хме . . .

б. Бја́ ен старец и ена старица . . ., Бо́ло идно-риба́р . . , Са-варна́а адни́ чуве́ци . . ., Адно вре́ме има́ло а́јн чуве́к тру́јца си́на . . ., . . . и прум-и́наха иди́н така́м л'у́ди . . ., . . . има́ши ина́ же́на дити́н'а . . ., . . . са беха собрали един гол'ам аскер . . ., . . . тамо бја́ ена треснатина . . .

За разлика од оние со идентификуван референт, кај синтагмите негативно маркирани по определеност статистички надвладува маркираната линеаризација што го одразува фактот дека најчесто целата соодветна предикатско-аргументска структура, или барем и предикатот и неговиот појдовен аргумент претставуваат рема.

Во врска со категоријата определеност и нејзините експоненти во именска синтагма што го формализира појдовниот аргумент на еден предикат, т.е. во именска синтагма што е во меѓузависност со предикатскиот израз, се поставува уште еден интересен проблем. Мислам на таканаречената заменска редупликација (= заменско удвојување) на една именска синтагма. Зборувајќи за внатрешната структура на именската синтагма во вториот том, ѝ посветуваме доста место на оваа појава, а ја изучуваме и зависноста меѓу зачестеноста на удвојувањето и синтаксичката поставеност на именската синтагма во исказот (сп. во вториот том). Доаѓаме до заклучок дека удвојувањето е позачестено во југоисточниот дел на опишуваниот ареал, пред сè во селата и кај информаторите директно изложени на грчкото влијание. Утврдуваме и дека удвојувањето, т.е. синтагмата од типот *ТОЈ човекОТ* е најзачестена токму во позицијата на меѓузависност со предикатскиот израз, дека релативно чести се и редуплирани предлошки синтагми, додека поретки се оние во функција на директен и индиректен објект. Сета таа слика наведува на заклучок дека не се работи за просто позајмување на грчкиот синтагматски модел, туку за тенденција заменската редупликација да стане експонент на определениот карактер на една именска синтагма според шемата:

меѓузависност со *ПИ*		*ТОЈ човекОТ*
директна зависност од *ПИ*		*ГО човекОТ*
индиректна зависност од *ПИ*		*МУ на човекОТ*
предлог како експонент на	*на*	
зависност	*до*	*ТОЈ човекОТ*
	кај . . .	

Се разбира, претставената шема е само еден идеален модел, но според сведоштвото на собраниот материјал тешко може да се одрече постоењето на таков модел во свеста на говорителите. Неговото

остварување е факултативно, меѓутоа, не е без значење и тоа дека факултативноста не се однесува само на вторичните новововедени шеми под грчко влијание, туку и на поинтегрираните во системот шеми за објектна редупликација. Стандардниот модел на апозитивно, експресивно удвојување од типот *ТОЈ, човекОТ* (сп. Угринова 1960/61, Минова 1982, Тополињска 1987) може исто така да послужи како доказ за постоењето на споменатата тенденција.

Од богатиот дијалектен материјал приведен во вториот том одбравме за илустрација некои примери на редупликација во $ИС_{Н}$: *Тој госпоино кашчјӑтуј се оплаши* МЦ, *... тóс внýчето бéше мнóго учéно* МК, *Тије капеданити чује ...* МЦ, *Та пóсле ... тúја занданúите сóевете ни трӑчкоа.* КЕВ, *... ӑ óнӑ пусистрúмтӑ му сӑ истигнувáлӑ ...* ДВ, *... му вéле пá ва будӑлáтӑ ...* ДВ, *... за да а замрзна тá зиљавта бáба* МА, *И тавá мáчто о-фáште ус-тáпо ...* ПК, *И сjӑ тúа галáбато шо ќи-j прáват?* ПК, *Стáна нас мумáта ...* МС, *... тóс д'ӑдуту вилú:* МВ, *Тос зенгининот сед'аши покрај цар'ут ...* В, *... влеват тиа двете деца.* ВВ, *...* Сп. ги и примерите што ги наведува Иванов од серско-драмските говори: *Тúе децáта сé палувóват ...*, *Срúко ми тój тӑј си умр'á, факú-р'а ...*, *Мájка му тијá ни сӑ вӑрна ...* (ИПГ 201).

Сè што рековме досега за $ИС_{Н}$ упатува на заклучок дека речиси нема предикатски израз неспособен да стапи во однос на меѓузависност со една именска синтагма. Со други зборови, на семантички план нема предикат без појдовен аргумент. Дури предикатите како 'дува', 'врне', 'осамнува' и сл. на површината на текстот често прифаќаат тавтолошки „аргументи", сп.: *Ветарот дува., Дождот врне., Денот осамнува.*, и сл. Од друга страна, речиси секој предикат преку соодветна формализација (односно, речиси секој предикатски израз преку соодветна трансформација) дозволува во определен контекст и/или конситуација појдовниот аргумент да се помести од својата привилегирана позиција и таа позиција да биде заземена од страна на некој друг аргумент, сп., на пр.: *Петре со камен го скрши прозорецот.* наспрема *Каменот го скрши прозорецот.* или *Се скрши прозорецот.* или *Прозорецот е скршен.*,
механизмите на таквите поместувања, зависни од семантиката на предикатот и од неговите семантички мотивирани синтаксички способности, ќе стане збор подолу, во § 1.4. посветен на дијатезата.

Поместувања, од разбирливи причини, не се можни само кај предикатите кои по самата своја природа се едноаргументни, т.е. имплицираат само појдовен аргумент. Такви предикати се ретки, а квалификацијата на еден предикат како едноаргументен често побудува контроверзии. Како релативно еднозначни примери можеме да ги наведеме предикатот 'спие', примарно употребените егзистенцијални предикати како 'постои', 'суштествува', некои предикати што се оформуваат примарно како именски дел од прирокот, на пр., предикатите на боја, како 'бел,' 'жолт', итн., предикатите на оцена, како 'убав', 'мил' итн. и – се разбира – сите имиња на материјални предмети ставени во шемата: *Ова е ...*, на пр., *камен, маса, срна, куче ...* и сл.

1.3.1.2. Аргументски израз зависен од предикатски израз. – Се работи овде за еднонасочна зависност, т.е. аргументскиот израз се акомодира кон предикатскиот, но не и обратно. Во јазиците со морфолошки падежи тој тип синтаксичка врска се толкува како падежна рекција на предикатскиот израз. Ние исто така ќе се служиме овде со терминот „рекција", но ќе го интерпретираме пошироко како синтаксички однос на еднонасочна граматичка зависност на аргументскиот израз од предикатскиот, т.е. – со други зборови – како однос што се темели врз фактот дека предикатскиот израз изнудува определена форма на аргументски израз.

Зависно од синтаксичката функција (и позиција) на регираниот аргументски израз, се менува формата (и линеаризацијата) на тој израз па врз таа основа зборуваме за разни типови рекција и разни состави на нејзини експоненти.

Меѓу можните експоненти на глаголската рекција во македонските дијалектни системи (како и во стандардниот јазик) спаѓаат: морфолошките падежни облици, предлозите, заменските реплики и, како помошен фактор, – линеаризацијата. Сите тие елементи претставуваат експоненти на зависноста на една именска синтагма; за регираните реченични аргументи ќе стане збор подолу, сп. во § 1.3.

Дијалектните системи се разликуваат меѓусебно како по инвентарот на средствата употребувани за да се изрази рекцијата така и по обемот и механизмите на нивната употреба. Покрај тоа, внатре во секој систем селекцијата и функционирањето на експонентите на рекцијата зависи од категоријалната карактеристика и, следствено, од внатрешната структура на именската синтагма – аргументски израз.

Погоре, карактеризирајќи ја именската синтагма во однос на меѓузависноста со предикатскиот израз, т.е. во привилегирана функција на појдовен аргумент, тргнавме од нејзината претпоставена семантичка вредност. Ја определивме таа вредност како 'човек, иницијатор и/или вршител на дејството'. Ќе примениме слична постапка и во однос на регираните аргументски изрази, т.е. ќе ја бараме нивната примарна семантичка мотивација, со оглед на таа мотивација ќе ја определиме нивната синтаксичка функција па ќе се потрудиме да ги опишеме експонентите на таа функција со целото нивно дистрибуционо и географско шаренило.

1.3.1.2.1. Аргументски израз во акузативен однос, т.е. директно зависен од предикатски израз. – Кај предикатите со по два и повеќе аргументи, покрај привилегираниот појдовен, статистички е најфреквентен оној чиј референт ги поднесува последиците на вршеното дејство. Согласно со таа дефиниција, тој референт има пасивна улога и во врска со тоа во однос на семантичката конотација на соодветниот поим не се поставуваат некои посебни барања. Тој е најчесто назив на материјален предмет, но вторично може да биде и апстрактен поим со психички, а не со физички димензии, сп., на пр., *донесувам вода* наспрема *донесувам одлука, чувам дете* наспрема *чувам спомен на нешто,* и сл. Од примерите се гледа дека токму таквата, поместена, апстрактна врска претставува зна-

чаен извор на перифрастични предикатски изрази (сп. погоре § 1.2.2.). Се разбира, и живите суштества – како подмножество на материјални предмети – можат да бидат референти на соодветните аргументски изрази, меѓутоа, обележјето /+ anim/ е овде нерелевантно, живите суштества се толкуваат едноставно како предмети кои ги трпат последиците на едно дејство, сп.: *Петре го собори столот.* Наспрема *Петре го собори Павлета., Ана ја држи торбата.* наспрема *Ана го држи детето.* и сл. Секако, има и предикати со иста синтаксичка репрезентација коишто своите аргументи ги селектираат како /+ anim/, сп., на пр., *Ана го храни детето.,* и сл., меѓутоа, овде селективното ограничување /+ anim/ не ја мотивира, туку е надградено врз основната синтаксичка карактеристика на глаголот. Со други зборови, се работи за кондензиран семантички дериват од нешто како *Ана му дава храна на детето.*

Опишаниот однос меѓу предикатскиот и аргументскиот израз на синтаксички план претставува директна (т.е. во принцип не посредствувана од предлог) граматичка зависност од глагол. Глаголот ја именува релацијата што од вршителот (субјектот) се пренесува на предметот (објектот) на дејството, па така соодветните глаголи се познати како транзитивни. Што се однесува до самата релација, таа во рамките на падежната теорија се определува со терминот акузатив.

Рековме дека експонентите на директната зависност од глагол, односно на акузативната рекција, не само што се менуваат од дијалект до дијалект, ами и остануваат во корелација со (значењето и) внатрешната структура на зависната именска синтагма ($ИС_А$). Се работи за референцијална карактеристика на $ИС_А$. Како прво, важно е дали конститутивниот член на $ИС_А$ е заменка или именка, како второ – ако имаме работа со именка – важно е дали сме соочени со $ИС_А$ со идентификуван или со неидентификуван референт.

Во однос на синтагмите со заменски конститутивен член дијалектната слика е речиси изедначена. Имено, личните и прашално-личните заменки (т.е. заменските лексеми што по функцијата одговараат на стандардните *јас, ти, ние, вие, тој, таа, тие* – во дијалектите што располагаат со сите три показни серии исто така и оние што одговараат на самостојно употребените *овој, оваа, овие, оној, онаа, оние – кој* и сложенките со *кој*) имаат посебни облици делегирани да вршат одделни синтаксички функции. Во функција на директна зависност од глагол се јавуваат по два облика чија дистрибуција зависи од функционалната перспектива на текстот. Надвор од ремата се јавуваат таканаречените кратки облици, а во ремата – удвоените, т.е. таканаречените долги облици придружени со својата кратка реплика.

Еве примери: *а.* надвор од ремата – *... пандаро жа те види от еси пцовисана, жа те тарни от стапицата, жа те пушчи на земи...* МЦ, *„Пушти ме, побратиме...“* „Не те пуштем...“ МЦ, *... бес да го виде тија, кладе ен пен на местото тогово...* МЦ, *„Ајде да ви заведа је“...* МЦ, *И тој а бáцва, а дáрва.* ШК, *Скри́шно ме кре́стие са булга́рцки пóп.* ШК, *... никој наможише да и раздели.* УЕ, *Да ви видам мили мои...* УЕ, *... она ти гу пала лошто за да ти расипи?* УЕ, *... јаска дојдех*

да ти изедам . . . **УЕ,** *„Боже, да ми чуваш от ламините дефови'.“* В, *Не ти е страх, ча ке да дојдат това вечир двајсите мои синуви и ке да ти изјадат?* В, *. . . да питати, как можити да ми откинити от тука'.* В, *. . . еден калугер гу срете . . .* В, *И бн кату чý такá, га оставй.* В . . .

Интересен проблем кој, се чини, не останал без влијание врз целокупниот развој на експонентите на зависноста на именската синтагма од глаголот, е синкретизмот на кратките форми на личните заменки за прво и второ лице за директна и индиректна зависност (= за изразување на акузативен и дативен однос). Сликата е доста шарена и, за жал, не во сите детали јасна. Мазон (1936, 65) експлицитно го констатира синкретизмот на множинските форми *ни, ви* во двете функции, што го потврдуваат неговите текстови од Корчанско, додека понаисток монографистите (Шклифов во Преспанско, Бојковска во Мегленско, Дрвошанов во Кајларско) регистрираат наследени специјализирани форми, различни за двата односа. Истото тоа го кажуваат и податоците на Пеев од Дојранско, меѓутоа, во својата монографија „Кукушкиот говор“, каде што описот е подетален и позадлабочен, Пеев констатира неколку интересни појави. Цитирам: „Кратката акузативна форма [scil. за 1 лице] гласи *мă* (: *мă-видé*). Во Градобор формите за акузатив и датив се изедначиле: *ми-чýди то нă-мен, – ми-бóли мéхут, – ми-нусúха, ама нé ми-рăзбрáха;* и: *дáj-ми-гă-нă-мéне.* Формата *ми* во акузатив се јавува и во Ватилак: *сáкаха да-ми-закóл'ат арнаýтите, – да си крăстат ми-совă-psaxa . . .“* (ПК1, 204). И натаму: „Во датив кратката форма, како и обично, гласи *ми: ми-ричé,* но ако стои пред помошниот глагол *е*, таа поминува со асимилација во *ме: крáвта мé-j нă-jóнцата* Крец, *шо мé-j нé знáм,* а пред кратката акузативна форма *ја* (во овој говор *га*) поминува во *ма: мá-а зимá . . .“* (ibid. 204–205). И натаму: „ . . . и овде [scil. кај 2 лице] кратката дативна форма *ти* пред помошниот глагол *е* поминува со асимилација во *те: мер рудни́на те-j,* а пред акузативната форма *ја (га, а)* во *та: на-тéп тă-а-направй.“* Толку од Пеев. Во текстовите на Угриновски од Ениџевардарско редовно во акузативна функција ги среќаваме формите *ми, ти, ни, ви.* Ги среќаваме во таа функција и во текстовите од збирката на Верковиќ и во текстот на кулакиското евангелие, додека Голомб (чија анализа не се базира врз анкета, туку врз текстовите на Малецки) во Богданско ја регистрира очекуваната наследена разлика меѓу кратките форми во акузатив и во датив. Најпосле, Видоески (1965, 30–31) во врска со ситуацијата во еднина споменува само дека „Кратки акузативни форми за 1 и 2 лице се: *ме, те* и *ма, та* со фонетските варијанти *ми, ти* и *мạ, тạ*, одн. *мъ, тъ“* и упатува на картата приклучена кон студијата на која варијантите *ми, ти* воопшто не се издвоени. Во истата таа ситуација за множинските форми читаме: „Кратки акузативни множински форми се: *не, ве; ни, ви; на, ва (нъ, въ), ме, е“*. И натаму: „Формите *ни, ви* се среќаваат готово по целата јазична периферија, но немаат единствен ареал; наспоредно со *не, ве* нив ги наоѓаме во кривопаланечкиот, кумановскиот, скопско-црногорскиот говор во Северна Македонија; во Западна Македонија забележани се во галичкиот, кичевскиот (с. Вранештица), дримколскиот

(с. Луково), ресенскиот (Г. Крушје), потоа во бобоштенскиот говор во Јужна Албанија. Кукушко-дојранските облици *ни, ви* се од подруг вид." – и во фуснота: „Се работи за редукција на ненагласено *е* во *и*". По сè изгледа дека на запад имаме работа со една појава од чисто морфолошко потекло, т.е. со затемнета или дури избришана разлика меѓу експонентите на акузативната и на дативната функција, додека на исток појавата има фонетски корени. Меѓутоа, судејќи по констатациите на Пеев, и на источниот ареал во одделни говори доаѓа до наполно изедначување на формите, што има и натамошни морфолошки реперкусии. На појавата на затемнување на границата меѓу акузативниот и дативниот однос ќе се вратиме подолу, откога ќе ги разгледаме сите регистрирани формализации на двата односа.

Наредниот проблем кој бара коментар е линеаризацијата на заменските клитики. Познато е дека во словенското јазично наследство спаѓа, меѓу другите, таканаречениот закон на Вакернагел, т.е. принцип според кој клитиките се ослонуваат врз првиот ортотонски збор на соодветната реченична низа. Со времето на поголемиот дел од словенскиот ареал овој фонолошки принцип полека се претворал во еден друг, морфосинтаксички, т.е. клитиките сè поизразито гравитирале кон конститутивниот член на реченицата, односно кон глаголот. И пак на поголемиот дел од територијата опфатена со горната тенденција кратките заменски форми се однесуваат како енклитики, т.е. се лоцираат во постпозиција во однос на глаголската форма. Меѓутоа, главнината од македонските дијалекти, како и македонскиот стандарден јазик, – во контакт со другите балкански јазици – остварува ат една друга линеаризација со романски корени (Benacchio 1987). Имено, кратките заменски форми во состав со повеќето глаголски форми се однесуваат како проклитики, сп. ги стандардните примери како *го гледам, му го давам, ја зедов* и сл.; во западното наречје (и во стандардниот јазик) исклучок прават само формите на заповедниот начин и на глаголскиот прилог со кои кратките заменски форми се поврзуваат како енклитики, според моделот *кажи му!, гледајќи ја . . .* и сл.

Во југозападните македонски говори ситуацијата е како во западното наречје. Интересно е дека Мазон во својата монографија за бобоштенскиот дијалект не се задржува посебно на местото на клитиките. Меѓутоа, кратките заменски форми „патем" ги определува како проклитики (1936, 65), а зборувајќи за акцентот вели, меѓу другото: „ . . . le pronom est parfois soudé au verbe: *куртулисáј ме* „sauve-moi", *радвејтé се* „réjouissez-vous", *варнитé се* „revenez"; (op. cit., стр. 22). Иако авторот тоа не го забележил (или барем експлицитно не го кажува), сите три примера се со заповеден начин и посредно го потврдуваат енклитичкиот карактер на кратките заменски форми регирани од формите на заповедниот начин.

Проклизата на заменските клитики, односно нивната „балканска" дистрибуција, владее без исклучок во сите говори западно од Вардар. Источно од Вардар се појавуваат отстапувања. Еве што пишува Пеев во својата монографија за дојранскиот говор: „ . . . иако надвладува

употребата на заменските предмети како проклитики, сепак среќаваме не мал број обратни примери . . .“ (ПДој, 94), меѓу другите: *Дигна́а ги, . . . уф Со́лун ги нуси́* . . . (ibid.). И натаму: „Во с. Аканџалија, што се наоѓа на јужната страна на Беласица . . . се јавува плеонастичка употреба на заменските форми и пред и зад глаголот: *Пи́тънта ги пуфто́рувиш ги. Одбуро дъ́ гу фа́туме гу.* Во истото село заменските форми може да се одделат со глаголот: *И ни́вите му зимъ́ ги.*“ и натаму: „И со императивот се јавуваат проклитики: *Ај си бди сега мор . . .*“ Сите наведени појави може да се протолкуваат како симптоми на една преодна зона во линеаризацијата на клитиките. Обработувајќи ја истата таа проблематика во својата монографија за кукушкиот говор, Пеев исто така прво констатира дека кратките заменски форми најчесто се однесуваат како проклитики, па продолжува: „Иако поретко, сепак среќаваме и примери во кои кратката заменска форма се јавува како енклитика . . .“ (ПК1, 278), а меѓу примерите ги среќаваме и следниве: *. . . дига́л-гъ́ дъ́-ста́не, дъ́-згото́тве вичѐра . . ., . . . вра́тна ко́ска ви́къ́т-гъ́ таа нъ́гъ́рбут.* (ibid.). Двојна линеаризација е констатирана и со формите на императивот, еве примери: *. . . си-ј-пръ́бе́ри де́цта . . ., ми-кажи зе́ре ќи-забра́вум . . ., . . . тур-си пе́рницта, съ́-по́тпри, ним съ́-ма́чи* Мут (ПК1, 280). А – натаму го цитирам Пеев – „Повеќе вакви примери среќаваме во материјалите од Кукушко запишани од Шапкарев: *Ка́к си му чини́л, така́ бди, го спа́стри . . ., – а се́га бди на брат ти́, го ви́ки и не́го . . ., – нека пишиме трупица ду́ши, и ако ре́чат' да ме изе́деш, тугај ме изе́ди . . .* (СбНУ IV, 352, 361)“ (ibid.). – Примери со енклиза регистрира во Кукушко и Христов, сп.: *И стражарто фа́шъ́т гу., Но́сут гу при чорбаци́та., . . . си ло́вих ри́би, руда́вах ги . . .* ХК. – Југоисточно од Кукушко пак ситуацијата е како онаа прифатена од стандардната норма, т.е. енклиза во состав со синтетски форми на заповеден начин, проклиза со други глаголски форми. Тоа ни го потврдуваат материјалите на Малецки од Сухо и Висока, на Вајан од Кулакија, како и текстовите од збирката на Верковиќ. Во изворите отсуствуваат информации за местото на кратките заменски форми во состав со глаголски прилог. Во текстовите на Пеев од Дојранско и во текстовите од збирката на Верковиќ најдов – иако не многу – примери што ја потврдуваат стандардната, енклитичка линеаризација; контрапримери не најдов. Сп.: *. . . мъ́рува́јки-гу, зна́чи, съ́-спушти́л де́фо уф-не́тре* ПДој, *Припливајке го са извадили чобанот на една суха земја . . .* В, тука спаѓа и серијата: *Одешчими са по пъ́т-ут, стретел едни људе . . .* ВЕ, *Един човек ловешчими са риби уф ѓол-јут, ковчег-ут са фатил на мреже-ти, го утворил* ВЕ, *Одешчими са мома-та и́ паднало едно клопче от конци . . .* ВЕ, *Царувут син, бидешчими са по лов, го загледал ковчег-ут . . .* ВЕ, *Просешчими са отишле на царува-та кукја . . .* ВЕ, *Лежашчими са си расмислил . . .* ВЕ . . . Вредноста на горните и сличните примери не ја намалува фактот дека во односниот говор формата *са* се однесува како трајно сраснатата со глаголскиот прилог, што е експлицитно потврдено со последниот приведен пример. Серските говори – слично како дојранско-кукушките – пак покажуваат во тој поглед преоден карактер. Покрај доминантните

секвенции со проклиза наоѓаме тука и примери како: *. . . стори хми́ са, чи е чол'ака* ВС, *Давам ти, сино, изим . . .* ВС, *. . . та тија ги исхранила, доила ги змеевито млеко . . .* ВС *. . .* Во истите тие текстови заменската проклитика може да биде и одделена од глаголот, сп.: *мло́го са тога́ опла́шика и си ре́коха . . .* ВС. Сп. ги и забелешките на Иванов: „Заслужава внимание и мястото на кратките лични местоимения, употребени в конструкции със сложно глаголно време. Докато в сярската говорна група мястото на местоименната форма не е строго определено, в драмската тя стои пред спомагателния глагол на минало неопределено време – особеност, характерна за всички рупски говори. Примери: мло́го гу е харе́сал, ни гу́ е ви́дел . . .“ (ИПГ, 200), и натаму: По същия начин и възвратното местоимение при конструкции със сложни минали времена от възвратни глаголи стои пред спомагателния глагол: *. . . Уо́ти са са збра́ли там; ни сă б'а́ха прибра́ли о́ште дома́ си. В ТЕ* (т.е. во тăрлиското евангелие) срешчнахме изключения: *ти цал са си руди́л“.* (ИПГ, 200).

Ќе поминеме сега на примери од типот *б.*, т.е. на примери со заменски директен објект во состав на рема: *ме и́тиш мјăне?, ни пу́леш нас?* Мазон 1936, 65, *не ме и́ма ијтеа́но меа́не* МЦ, *. . . куртули́сај себјӑ си, а́ко си син Госпуто́му . . .* МЕЦ, *. . . себја́си немо́жи да куртули́са . . .* МЕЦ, *Ни́ти те страј те́бе от Бо́га . . .* МЕЦ, *. . . ка не жа ви уб-љă̆чи мно́го пове́ќе ва́с, о невја́рни?* МЕ, *Ут та́му ме́не мă пуши́ја нă су́ргун у о́струф Три́кили* ШК, *Нă не́го пу́-се́тне гу утепа́-ја бугарцките куми́ти.* ШК, *На́м на затво́рија во Ге́рман.* ШД, *Ни́ми кој и и́здаде?* ШД, *. . . са ми́лваа еден со друг* ШД, *На́шио ми́нистер Ко́чеф ни со́бра на́м ма̊жите . . .* ШД; во својата монографија за долнопреспанскиот говор Шклифов по повод опишаните конструкции вели: „Пълната форма в ретки случаи не се дублира и като пряко допълнение: *Абе, ни́е во Ни́вици, ја́ди при́тки, ти́ пл'у́ј ме́не, јас пл'уј те́бе, о́ди во Пре́спа да са на́јаш зла́тна ти́ква, ла́пни–го́тни* (Роби)“ (ШД, 54), и натаму уште една интересна забелешка во врска со разгледуваната конструкција: „ . . . вместо пълна винителна се среща и именителна форма: *. . . са́мо ба́бата а и́ам и та́а ту́ка а на́мериф на грани́цата . . .* “ (op. cit. стр. 56); натаму: *Ме́н ма-слизе́ до́ло, ма-качи́ узго́ра у-уда́јкта* БМег, *То́ се́биту не-си-гу жа́ле ка́мути дру́јсте* БМег, *Ми устави ли на менка и си мă̆жи за некој друк?* УЕ, *Ошче ти́ја ми устанаија и тија ми и утепа . . .* УЕ, *. . . јаска ќи ти буцнам, без да пикаса Луде, а ти ќи гу турниш на него надолу уд брегут . . .* УЕ, *. . . гу фатија и на него . . .* УЕ, *Бргу којн да ми најдиш мајко, оти прво на тебка ќи расипам.* УЕ, *. . . дури се́биту си гу зъбрави́л . . .* ДВ, *. . . па́ ти́ја на́п'-кон са́каа да го уби́ет на не́го . . .* КЕВ; во монографијата за кукушкиот говор (ПК1, 294) Пеев пишува: „ . . . објектот скоро редовно е придружен со заменска проклитика . . . кога е изразен со заменка: *ма́јк-ин удде́ла дă гă испра́те нă-н'аа; – гу-гле́де та́мка не́го, ама он у́мрин, шо-ќ́-му-гле́де; – и них и бутна́л уф-кукушка́рнико, ама пу-на́шо, мо́ш că-ка́же и кă̆тна; – гă-тутна́л нă-н'аа, нă-мо́мта ут-суфа́та; – и́-зи́ме и них, д-ин-că-најдат.* Но и ова не е докрај спроведено, сп. примери од Ватилак: *– ниа на-вас сакаме, него*

не го сакаме; – напкун на то, дека сакаха да ми закол'ат, него велеха Трајкова нисиа."; спор. и: *... гле́де, не́ма-гу-не́го* ПК, *Гу-напади́х нане́го.* ПК, *... и до́јди вр'ӓм'а на ју́л'ус нам да н'ӓ пу́снат...* МС, *... и гу уста́ви н'е́гу нос р'е́нт* МС, *... да си удбира́т, кутри гу и́штат* МС, *... но́с гу зе́...* МС, *... но́с гу ни има́ши изва́дин* МС, *Гу испрати́ ха́рно на не́го* В, *Она веки га оставиха, не га откра́доха.* В, *... ти роди́х те́бе и со́с зе́ље ти нара́стох до́ур сега́* В, сп. и (според примерите што од текстовите собрани од Верковиќ ги има испишано Лавров, 311) *... ми гледаш меника; јазе ти знам тебика кату татку; мене да ме помогнеш, нас и двата ки ни погубјат; ам аку ти познае татку ми Марку и тебика и меника ки ни погуби; мољам на вас;* во монографијата на Вајан за јазикот на кулакиското евангелие читаме: „Anticipation ou reprise de complément a lieu surtout quand le complément désigne une personne . . ." (op. cit.. стр. 176); следуваат примери меѓу кои доминираат оние со заменски конструкции, меѓу другите и примерите на „директна зависност од глаголот", сп.: *гу носиле на не́го, на Го́спут не́ гу виде, ки му гу да́дат на не́гу на Чифу́тити,* сп. и: *гу пита́а на не́го, јас ви пу́шкам на ва́с, на ме́н ми зна́јти...*

Горепривидените примери претставуваат само мал и не многу репрезентативен дел од оние присутни во соодветните текстови. Имено, покрај мал број „класични" примери, ги приведуваме, пред сè, оние што бараат некои дополнителни коментари. Ова ни се чини најлогична постапка со оглед на фактот дека заменската редупликација во рематска позиција е регуларна појава во јужномакедонските дијалекти, така што коментар бараат отстапувањата од удвојувањето, односно варирањето на изразните средства, а не и самата појава на редупликација. На оваа етапа од нашиот опис и анализа потребно е – по наше мислење – да го проследиме со коментар сето она и само она што се однесува директно на реализацијата на заменската редупликација во синтагмите употребени во служба на директен објект. Интерпретацијата на мошне интересната појава на олабавување или дури тотално губење на формалната граница меѓу конструкциите што ги изразуваат директниот и индиректниот објект ќе ја оставиме за подоцна, откога ќе имаме полн преглед на начините како другите типови именски синтагми ги изразуваат (т.е. дали и како формално ги разликуваат) соодветните две функции. Значи, засега ќе се потрудиме да одредиме:

– дали и кога се отстапува од редупликацијата на заменските „акузативни" синтагми во рема,

– кои се основните облици на рематските заменски синтагми во акузативна, односно во функција на директен објект,

– дали и кога доаѓа до мешање на старите долги форми првобитно сврзани со номинативната и акузативната, како и со акузативната и дативната функција,

– какви се принципите на линеаризацијата на удвоените заменски синтагми, а посебно – има ли некои правилности во дистрибуцијата на заменската реприза и заменската антиципација.

Одговорот на првото од поставените прашања: дали и кога се отстапува од удвојувањето на рематските акузативни заменски синтагми – во светлината на нашиот материјал мора да го формулираме доста претпазливо и со повеќе огради. Најважната, суштинска компонента од одговорот гласи дека отстапувањата се многу ретки. Токму затоа е тешко да се одредат условите што ги придружуваат и – можеби – ги оправдуваат таквите отстапувања. Една од малкуте еднозначни ситуации е онаа на употребата на т.н. повратна заменка, потврдена со примери од западниот дел на опишуваниот ареал. Во стандардниот јазик владее денеска моделот *се... себе(си),* на пр., *Себеси не се вброил меѓу привилегираните.* или *Се заборави себе(си),* и сл. (Б. Конески 1982, 332). Меѓутоа, во нашите примери формата *себеси* не се удвојува, веројатно поради сè уште живата свест дека таа сама по себе е продукт на удвојување. Сп.: *... куртули́сај себја́си ..., ... себја́си немо́жи да куртули́са ...* Дека удвојувањето на повратната заменка претставува проблем потврдуваат и примерите од централниот дел на ареалот, сп.: *Тó сéби-ту не-си-гу жа́ле ка́мути дру́јсте...* или *...дури сéбиту си гу зàбрави́л...* Во реципрочна служба, како и во стандардниот јазик, се појавуваат конструкции со заменките *еден – друг, друг...* Останатите примери во кои се отстапува од удвојувањето, т.е. поединечните примери наведувани од Иклифов и од Пеев, првиот во контекст на императивот, вториот според моделот на индиректниот објект оформен со предлогот *на*, не допуштаат никакви генерализации.

Од одговорот на претходното прашање произлегува дека основните форми на заменскиот директен објект во рема се двокомпонентни, составени од т.н. долга форма на соодветната заменка и од нејзината реплика во облик на т.н. кратка форма. За дистрибуцијата на кратките форми стана збор погоре. Во удвоените состави таа не се разликува од основната дистрибуција на самостојно употребените кратки форми. Основните долги форми во служба на директен објект се по потекло стари генитивни форми. Тие во прво и во второ лице еднина се идентификувале со старите дативни форми и – со оглед на фактот дека заменскиот локатив во повеќето старословенски парадигми бил лишен од посебна морфолошка индивидуалност – по елиминацијата на старите инструментални форми станале единствени заменски облици делегирани во предлошките изрази. Со други зборови, максималната морфолошка парадигма на долгите заменски форми – зависно од лицето и бројот - ја составуваат два или три облика, а имено:

– номинативниот и општозависниот во прво и второ лице еднина,

– номинативниот, дативниот и општозависниот во трето лице еднина и во множина.

Следствено, *а.* единствен формален, морфолошки сигнал на функцијата 'директен објект' е удвојувањето, *б.* самиот факт дека во прво и второ лице еднина (две основни служби на целата лична парадигма) дативната функција не се поврзува со посебен заменски облик ја минира позицијата на дативниот облик кај другите лица. И двата момента се од основно значење како клучеви кон денешниот систем на

морфолошки експоненти на граматичката зависност на именската синтагма во опишуваниот ареал. Ќе се вратиме на нив подоцна.

Горепретставената парадигма на долгите заменски форми покажува дека со супституцијата на номинативната и/или на дативната место акузативната форма се исцрпуваат сите супституциони комбинации што ги нуди таа парадигма. До супституција на номинативната форма место општозависната (употребена во акузативна служба) доаѓа само кај заменките за трето лице, што само по себе сугерира дека супституцијата е помогната со постоењето на паралелна со личните заменки серија показни заменски придавки што се лишени од парадигма по зависност. Соодветни примери се регистрирани како во западниот така и во источниот дел од ареалот. Сп.:
на́мериф . . ., . . . но́с гу зе́ . . ., . . . но́с гу ни има́ши изва́дин . . ., Она веки га оставиха, не га откра́доха . . ., сп. и: *. . . да си удбира́т, кутри го и́штат . . .*, сп. и во множина: *Ошче тија ми устанаија и тија ми и утепа . . .* Кај супституцијата на акузативната со номинативната форма не е исклучено ни грчкото влијание.

Замена на општозависната со дативната форма се врши на два начина, т.е. со синтетичната или со аналитичната дативна конструкција. Корчанскиот говор воопшто не познава таква замена. Долгата дативна форма место очекуваната општозависна се појавува во мојот материјал само во текстовите на Шклифов од Долнопреспанско, сп.: *На́м на затво́рија во Ге́рман . . ., Ни́ми ко́ј и и́здаде?, На́шио ми́нистер Ко́чеф ни со́бра на́м ма̊жите . . .* Се работи, судејќи по примерите, за факултативна алтернација на двете форми, дативната и акузативната, и во двете функции. Еве што кажува по тој повод самиот Шклифов (ШД, 58): „В селата Граждено, Орово, Дробитишта, Дреиово, Тъ̀рнахо, Герман, Роби се предпочита изконната винителна форма и рядко се чува вам . . . В останалите . . . втората . . . има поширока употреба . . .“, и натаму: „Пълните форми [scil. дативните] *изцяло съвпадат с винителните . . . В Гр и Ро нас само винителна, вам само дателна. Предложна употреба има само дателната . . . “*, па се дава парадигмата во видот:

. . . ви́е		
вас	*рядко*	*вам ва ви*
вас	*рядко*	*вам ви . . .“*

Таканаречената аналитичка дативна конструкција, односно аналитичката конструкција во служба на индиректен објект, претставува предлошки израз составен од граматичкиот предлог *на* и општозависната (т.е. по потекло гентивно-акузативна) форма. Следствено, супституцијата на општозависната со аналитичката дативна форма значи всушност уфрлување на предлогот *на* како оператор надграден над општозависната форма. Како што видовме, во долнопреспанскиот говор синтетската дативна форма е на пат наполно да се загуби. Н. Димитрова-Шмигер во својата монографија за селото Сницене, Костурско (магистерски труд 1992), ги опишува најновите состојби и констатира дека во рематските синтагми како во акузативен така и во дативен

однос се појавува исклучиво типот *на мене, на тебе, на нам, на вам*, т.е. стар акузативен облик во еднина и стар дативен облик во множина, и двата задолжително придружени од предлогот на (Димитрова-Шмигер 1992, 122). Понаисток исто така доаѓа до споменатото уфрлување на предлогот *на* според образецот на именските конструкции за индиректен објект, т.е. до создавање на типот *на него* место *нему*. Се работи за реконструкција на функцијата „датив" во нови услови на аналитичка парадигма. Меѓутоа, мешањето на двете наследени синтетски форми, акузативната и дативната, довело до појавувањето на типот *на него* и во функција на директен објект со кратка акузативна реплика (*ме, те, го* . . .) како единствен сигнал на таа функција. Таму каде што и кратката акузативна форма се изедначува со дативната (сп. погоре) имаме работа со редуцирана шема на глаголската рекција (без разлика меѓу директниот и индиректниот објект) на синтаксички план и со двочленска парадигма составена од номинативна и од општа (зависна) форма на морфолошки план. А еве ги примерите: *Нă нéго пý-сéтне гу утепáја . . ., Ми устави ли на менка и си мăжи за некуј друк?, . . . а ти ќи гу турниш на него . . ., гý фатúја и нá нéго . . ., . . . сáкаа да го убúет на нéго . . ., . . . уддéла дă гă испráте нă-н'аа . . ., . . . га-тутнáл на-н'аа . . ., . . . ниа на-вас сакаме . . .* (без реплика'.), *Гу-нападúх на-нéго . . ., Гу испрати́ хáрно на нéго . . ., . . . гу носиле на нéго . . ., . . . ки му гу дáдат на нéгу на Чифýтити . . ., . . . гý питáа на нéго . . ., . . . јас ви пýшкам на вáс . . ., . . . на мéн ми знájти . . .*

Нашиот нареден проблем и последен проблем што е поврзан со заменскиот директен објект е линеаризацијата на рематските синтагми. Редоследот на клитиките останува ист, независно од тоа дали тие се појавуваат самостојно или како реплики во двосоставни рематски синтагми. Следствено, ни останува да го утврдиме местото на долгите „акузативни" форми во однос на целоста што ја сочинува глаголот со кратката форма. Се чини дека „класичниот" редослед е оној кога долгата форма (натаму *P* – pronomen) доаѓа по глагол, односно по акцентска целост што ја сочинуваат глагол и кратка форма (натаму *pV* каде што *p* – pronomen–clitika, *V* – verbum finitum). *pV* и *P* можат да се најдат во непосреден контакт или пак можат да бидат разделени од прилошки модификатори на глаголот. Поизразито истакнување на ремата се постигнува со обратен редослед, т.е. *P . . .pV* и тука пак P и pV можат да контактираат или меѓу нив да се појавуваат (а) модификатор на соодветната именска синтагма, (б) реченични прилошки модификатори, (в) други клитики што ѝ припаѓаат на истата акцентска целост со pV. Еве ги примерите:

pV . . . P – *. . . ме úтиш мјáне?, . . . гу питáа на нéго . . .* итн. наспрема: *. . . ка не жа ви убљáчи мнóго повéќе вáс . . .?, . . . гу-глéде тáмка нéго . . ., Гу испрати́ хáрно на нéго . . .* итн.

P . . . pV – *. . . мéне мă пушúја . . ., Нáм на затвóрија . . ., Мéн ма-слизé дóло . . .* итн. наспрема: *. . . нас и двата ќи ни погубјат . . ., Нă нéго пý-сéтне гу утепáја . . ., . . . и тáа тýка а нáмериф . . ., Она векu га оставuха . . ., мене да ме помог-*

неш . . ., *. . . нам да н'ă пу́снат . . .*, спор. и со „источниот" редослед на клитиките: *. . . нóс гу ни имáши извáдин . . .*; сп. и со инверзија што додатно ја истакнува ремата: *Ни́ми кóј и и́здаде?* итн.

Како што споменавме погоре, нашата интерпретација на претставената слика ќе ја дадеме откога ќе ги опишеме начините на изразување на директна и индиректна зависност од глагол (= на директен и индиректен објект) како кај заменските така и кај именските синтагми. Следствено, сега поминуваме на преглед на именските синтагми директно зависни од глагол (од предикатски израз).

Во македонскиот стандарден јазик постои тесна корелација меѓу присуството на заменска реприза и определениот карактер (еднозначното посочување на референтот) на именската синтагма во функција на директен објект. Се работи за кодифицирано издание на состојбата што владее во централните дијалекти. Во јужномакедонските говори истиот принцип доаѓа до израз како една јасно зацртана тенденција. Конструкциите со реприза доминираат, но има и многубројни отстапувања. Индикативно е дека отстапувањата – со ретки исклучоци – одат во еден правец, т.е. реприза може да отсуствува иако е референтот еднозначно посочен, но практично не се појавува ако референтот останува не(до)определен. Се забележува уште една регуларност што ја споменуваат повеќе монографисти. Имено, репризата е порегуларна ако синтагмата има персонален референт. Сп. ги, на пр., зборовите на Вајан (ВК, 176): *Anticipation ou reprise du complément a lieu surtout quand le complément désigne une personne . . .*". Со ова уште еднаш се потврдува хипотезата (сп. погоре § 1.3.1.) дека многу синтаксички тенденции се мотивирани со антропоцентричната организација на јазикот. Впрочем, погоре рековме и дека синтаксичката позиција на директен објект е позиција на една конструкција чиј примарен референт е објектот врз кој се врши/се одразува дејството на персоналниот субјект. Следствено, оптимален кандидат за референт на таа конструкција е еден безживотен или барем имперсонален материјален предмет. Персоналниот (живиот?) референт е во таа функција (и позиција) вторична, маркирана појава која бара посебен формален сигнал. Таков сигнал стана на времето на старословенската почва синкретизмот A=G во опозиција наспрема A=N, и прецизно истиот механизам, со истиот поттик, во истата позиција во новомакедонските дијалекти ја генерира заменската реплика.

Со оглед на претставената ситуација, овде самото постоење на заменската реплика кај определени дескрипции во позиција на директен објект (на директна зависност од глаголот), како и нејзиното отсуство во случај на неопределени дескрипции, ќе го илустрираме со минимум репрезентативни примери, а подетално ќе ги разгледаме отстапувањата од споменатите две тенденции.

А. ОПРЕДЕЛЕНИ ДЕСКРИПЦИИ

А.а. со заменска реплика: *. . . утре го зе́мам сандуќо . . .* МЦ, *Ма́жо оти́де во чужди́на бес да знjă от' ју-мjắше невеста́та дети́на.* МЦ, *Тас зарадвана, го звjă врешчето . . .* МЦ, *. . . влjа́зе то́гас шче́рка тjắзи Ироди́аде, и и́гра бро, и го аре́кса Ироди . . .* МЕ, *. . . та́мо го ставросáе*

Ристо́са ... МЕЦ, *По́по гу упи́та на де́тето:* ... ШК, *Ни́ја го зве́е на стри́ко ми на ско́л'јето да го бу́ве* ... ШК, *Не стига́ше, шо е удри́е на ма́јка, не удри́е и на на́с – по е́дна си́лна шл'а́пница.* ШК, *Сно́пјата и ве́ршеме са ко́ни и ма̊ски.* ШК, ... *запо́чва дӑ гу кӑ́са нӑ ку́что* ... МА, *Же́ната́ му* ... *е гори фу́рната* ... КК, *До́јде чу́пето и е опи́тва на ма́јка му за́шчо пла́чи* ... КК, ... *о́де змика́рите да и напи́е ко́ниата* КК, *Тугава ца́ротому син е зева на чу́пата* ... КК, *Е фати́е ти́ја на ма́лата етӑрва* ... КК, *Викне́јте го Огнена.* ШД, *Стри́ка го и́зеде ме́чката.* ШД, ... *ти́ ке му го бараш ме́стото* ШД *На цел'о пре́спански на́рот ја́ска го кре́наф.* ШД, *Побрати́мите о́деа да му и о́буе че́лите на не́стата и ти́е пла́тваа.* ШД, *Си го вја́наф о́ттуа еро́плано на два са́ато* ШД, *И си го вја́нала ко́н'о.* ШД, *А врве́ме цркваӑта о́кол нӑокол и за́ставам̆еф на а́лтӑро.* ШД, *Ве́черта го по́крија и́змето со гре́ди и шти́ци* ... ШД, ... *бога́рцката во́јска о́тста̊пи и и фа́ти врво́јте на на́шата пла́нина* ... ШД, ... *го тоа́рваше ко́н'о со се́какви ра́боти ја́ден'е* ШД, ... *ке си и́змие ра́цете ку́мо, ке а и́звај шами́јата* ... ШД, ... *са́мо ба́бата а и́ам* ... ШД, *Ја́неф си а о́стај својата́ жена* ... ШД, *Тој мно́гу си и би́еше деч̌и́ната* ... ШД, *Си го зӑ́гина у́мо же́ната* ... ШД, *Си го на́јдомеф ме́стото* ... ШД, *Се́стра-му а-виде́ле у-то́ ѓа́вӑлут* ... БМег, *Фа́јкӑт, му-гу-извајѓӑт на-се́стра-му јабӑлкту* ... БМег, *Гу-сритна́к те́тин* ... БМег, *Се́стра-ти Пе́на а-виде́к* ... БМег, ... *му-а-вӑрза́ла кӑрблӑта на-во́лкут за-па́шкӑта* ... БМег, *И та́ка пушти́ла фарто́мӑта и гу-зе́ла фу́стӑнут* ... ДКај, – интересен пример каде што во еден ист исказ наоѓаме конјункција од една конструкција со реплика и една без реплика, ... *попот гу викнал на пеанто дете* УЕ, *Кога, гу видел попот на влӑдикта* ... УЕ, ... *бил ного мираклија* ... *да а чува гуведата шо а имаа смистено у урманот* ... УЕ, *Мерејки и парите,* ... *нешчо му си засинил на Луде* ... УЕ, *Адно ден гу пувика на Луде* ... УЕ, ... *а зева балтијата и му трча на крушата.* УЕ, *Бе́вме фле́гле мо́рето да го пли́ваме* ... КЕВ, ... *го уби́ја на Посто́лӑ* ... КЕВ, ... *да го уби́јат на Ичо војво́да* ... КЕВ, *Го пи́тфи ста́рјо на де́тето* ... МК, *Ца́ро кла́де људи да́-ји те́ра на гали́ците* ... МК, *Стру́пките уд-рӑнте ги нӑпрӑви́л он нӑ-ли́ри* ПДој, *Кој ви-ка̊́жа нӑ-ва́ска то́ӑ ичуме́н до̆ жни́те?* ПДој, ... *на-мо́ј та́тко и на-чи́ко гу услубуди́ли.* ПК, *Га-качи́л ва́лкут на лиси́цта на-гарбут.* ПК, *Ба́че, ричел́, о-закла́х во́ло.* ПК, *О-пу́ште на по́пут у-буна́рот* ... ПК, *Гу-испу́штуват на-затвурни́ко.* ПК, ... *г-а́пке на-бӑапта за-га́рбо, зара́цте.* ПК, ... *парахутчи́ита сј-оо кла́ве пи́смуто уф-џебо* ... ПК, ... *и емен́ на-Ма́ра га-зи́ме, га-пушту́ве уф-фу́рната, га-испе́чуве Ту́нталчто.* ПК, *Стру́ма сме га-варве́ли* ... ПК, *А па на-ти́а по́мален́кте ги-дига́ли вујни́цте дй-јска́рат на-кра́јта.* ПК, ... *га прудаде́ ри́бичкӑта* ХК, *Изту́рве гу зла́тто* ... ХК, *Ра́бутиха и ја бити́саха кӑштата* ... МС, ... *и гу нагутфи́ха прстин'у у нид'ӓл'а хазя̆р'* ... МС, ... *ја гл'е́даш ма́јкати мло́гу бо́лна и л'а̣ко́ји би́л – вили́ икимци́јата – да гу зако́лими ко́н'ча̣ту* ... МС, *Мума́та гу фа́та ут ранка́та д'ӓт'а̣нту и му вили́* ... МВ, ... *ба́бата ја маепса жина́та* МВ, ... *и те́ӓј ја фа́т'а̣ха ха́ркума́та* ... МВ, *Рашта ја чу́ками на враши́луту* ... МВ, ... *риба́ринот га са́каши ри́бата еди́н грош* ... В, *Тога́с гу ви́кна на кӑрпа́чинот и му вели́:* ... В, *Та́ја кӑшча кӑрпа́чинот га извади́ ду сто и педисет хиља́ди*

гро́ша ... В, ... *ке да ми пита, шчо ги чиних парите* ... В, *Ламиниут бӑрзоходец гу успи авциоливут бӑрзоходеца* ... В, ... *за да са познава, ча тој га има жена Цӑрнодрехата.* В, ... *заедноч сос сабјата гу чини на протудраку парчинка-парчинка* ... В, *Жена́та му ри́бата га го́тви чо́рба* ... В, ... *гу зема́ и момче́то, гу биза́иши* ... В, ... *го умил на детенто по лицето* ... В, ... *да ја омуиш на мајка главата.* В, ... *гу видо́а на Стопа́нот* ВК, ... *а гле́дат пло́чата* ВК, ... *на Го́спут не́ гу виде́* ... ВК, најпосле, исто така од кулакиското евангелие, сп. ги интересните примери со заменската клитика *а* генерализирана за трите рода и двата броја: ... *а виде́ идно́ чове́к,* ... *а зе́ ле́пот* (ВК: 176), сп. и: ... *му а фати́ла кужу́хот на Исус ду кра́ј* ... ВК ...

А.б. без заменска реплика: *Големете́му син му да́де петело́, стредне́тему му да́де мацка́та, малечке́тему му да́де са́рпо* ... МЦ, *Фтори́о звја́ мацка́та и ба́ра мно́го се́ла и мно́го каса́бе да про́да мацка́та.* МЦ, *Детја́то звја́ клу́чо* ... МЦ, Ја се Рангјел шчо земам душјāте. МЦ, *Ре́че госпои́но наш Ри́стос са́зи параволи́а.* МЕЦ, *Јо́сиф* ... *му се измо́ли везируто́му Пила́ту за да зе́ми тру́по Ристо́соф от кре́сто* ... МЕ, *И така межелисо тарнаје царатого от столо и кладоје детја́то.* МЦ, *Ути́де и ви́де во́дата пикна́та нӑ ни́вата.* ШК, ... *и дӑ исте́раш му́вите ут гла́вата* ... ШК, *Ла́рникут о́реше зе́мата.* ШК, ... *то́ј кла́ва бичкици́и да посе́че топо́лата* ... КК, ... *ви́е да му ба́рате ме́стото* ... (паралелно со: ... *ти́ ке му го ба́раш ме́стото* ...) ШД, *И трчам до́ма да ви́да же́ната.* ШД, *И гӑрците му ре́коа да си со́бери пӑрталите* ... ШД, *Оддо́лу кла́вӑмеф ро́гозина́та* ... ШД, *Шту́кам на́шите се́л'ани, на́шите по́знати шо беа* ... ШД, *Е́ден во Ге́рман свршва чу́пата.* ШД, ... *ке си и́змие ра́цете ку́мо, ке а и́звај шами́јата* ... ШД (Последниов пример е интересен поради конјунктивно употребените две конструкции, едната со, а другата без заменска реплика, но истовремено е и несигурен бидејќи фонолошкиот состав на конструкцијата без издвојување реплика допушта интерпретација според која таа би била редуцирана на фонолошкото, а не испуштена на морфолошкото ниво), *Кла́ва ка́зӑнут, ва́ре жи́то* ... ДКај, *Пӑрво: зе́вај ба́лтакут* ... ДКај, *Ба́бата му-исприди́ла приде́нуто* ДКај, *И та́ му-служи́ла со́л'та нӑ-ве́чирта* ДКај, *И та́ка пушти́ла фӑрто́мата и гу-зе́ла фу́стӑнут* ДКај, *И утта́му, по́на́ка, фӑрл'ӑт че́шл'ата* ... ДКај, *Изва́јте ви́а тифте́ри утту́ка* ... ДКај. (В. Дрвошанов ги приведува горните примери со коментар дека конструкциите без заменска редупликација биле ретки.), ... *да ти работам и уредувам кујќата.* УЕ, ... *вӑрнал вуловте нӑ другӑтӑ страна* ДВ, ... *и па́ сте́гни ко́н'цут* ДВ, ... *спо́рну сӑ тка́е пла́тнуту* ... ДВ, ... *Дигна́л ра́лту* ... ДВ, *Сипушчи́л уфча́ро ста́по* ... ПДој, ... *на́што по́ле вӑрвум* ПДој, ... *ас к'и-нара́нум де́тто* ... ПК, *Му-зе́л но́жо, гу-закла́л* ... ПК, *Напални́х о́чте да-пла́чум.* ПК, *То́г'и вӣнто се́кој си-пи́а* ... ПК, *„Ко́ј ќ-ут-пре́гне, ви́ке, та́ј ко́јно ќ и-му-да́м то́лко па́ри."* ПК, ... *да-ви́јме ко́ј ќи-ри́пне о́ѓно.* ПК, *Та́а изде́ла јабу́лката...* ПК, ...*пушти́ би́бул'то, устава́ ко́лта...* ПК, *Иска́руве мо́м'та че́шта ут па́зва́та, нӑпа́лну́ве га во́да...* ХК, ...*вче́ра прудаде́х ри́бата ХК, И дујде́ до́ма, пригутви́ ри́бата* ХК, ... *пупра́ве си а́нут* ... ХК, ... *ја́хнахми магар'анта́та* ... МС, ... *и два л'у́ди*

дрăжат хóртумáта МС, *... и такá бáбата т'égл'a пр'élуту...* МС, *... с'étн'a з'éват нóжу* МС, *Визирúну з'éва кóн'у...* МС, *За куштисам óлувéту* МВ, *... за рáстувúр'a урáлуту* МВ, *Дóниси суфрáта да ид'émи...* МВ, *Јáс за ти дáм сúчкуту имáни...* МВ, *Тóс з'éва прăстин'ут* МВ, *... лам'ата си súгна нугáта...* МВ, *... му разбú нудз'ăт'a...* МВ, *... не љубиши сиромáсите.* В, *... седнá... дýр да испродáди имáниту. И кату гу продадé имáниту... гу викнá...* В - наведувам поголем фрагмент од текстот за да го покажам испреплетувањето на конструкциите без и со заменска реприза. Натаму: *... туку нá ти това кесе и това кепе дар от меника* В, *Цар'ут, кату зема кожата... му кажа... на лалата, ча авциолиата му га докара бакшиш.* В, *... кој јунак ке да скокни кал'ата, на негу ке да даде...* В, *Куумциата гледа, кату неговата жена ум'аса нив'астата.* В, *Тогас лам'ата му напăлна постелката алтăни и перница сос злату...* В, – пак еден пример кој покажува дека дури во една иста конјунктивна низа може да варира толкувањето на објектите како определени, односно неопределени, *... му дадé перóто дар.* В, *... кој за можи да ја скокни тас дупка, за вземи царската мома...* В, *Сакаши да му види умот, дали врéднова за нéа...* В, *... ама не мога да пливам морету.* В, *... тогас царскиј син ходил сичката зем'а* В, *... шчо си фалиш така и лажиш св'атот...* В, *Тогас уврејнот курдиса, поб'аља кашчата му...* В, *Чучо, шчо ќу чиниш дарва-та?* ВС, *... видóа на Стопáнот* ВК, *... ричé Гóспот на вá прикáзна...* ВК, *... да си милýваш Стопáнут на Гóспот тфój...* ВК, – со различни експоненти на граматичка, зависност кај двата члена на една иста апозитивна конструкција (сп. за тоа Вајан 1938, 176).

Пред да поминеме на неопределени дескрипции, ред е да споменеме дека кај извесни класи именки и кај извесни типови именски синтагми, покрај заменската реприза, има и други показатели на непосредна зависност од глаголот (= на акузативен однос). Се работи за именки и за ИС со обележјата /+ pers/ или – поретко – /+ anim/. Како прво, сопствените имиња од машки род, понекогаш и називите на сродство и др., во западниот дел од територијата понекогаш ја чуваат акузативната наставка *-а*. Како второ – во Корчанско се чуваат остатоци од G=A м кај членот. Вистина, последните почесто се појавуваат во предлошките синтагми отколку кај оние директно зависни од глаголот (сп. подолу § 1.3.1.2.5.2.), но не се исклучени ни од последната позиција. Еве што кажуваат монографистите. Мазон (1936, 58) пишува: „l'accusatif fléchi s'est conservé dans bon nombre de noms de personnes ou désignant des personnes et même, exceptionnellement, des animaux: *Бóга, Гóсподинбóга* et *Гóспа* (ce dernier étant une innovation), *Јовáна, Пилáта, Пéтра, Ристóса, Сотúра, Теодóра,* etc.; dan les noms de parenté accompagnés d'un possessif postposé: *пýшчи синáму, нáјде самéго брáта-му Петра;* dans les formes articulées des substantifs désignant des personnes: *да мурмурúсфе на госпоинатóго, шчо ми убјäсвиш мажатóго,* et même, le cas échéant, un animal: *валкатого, раненетéго јýнца зáкла* (à côté de *земéјте јунéцо ранен;* – dans quelques mots comme *Ранг'ел'а* (avec la valeur d'un nom propre);" ... Од примерите

се гледа дека показатели на акузативен однос во машки род има и кај заменски и не само заменски придавки. Додека заменските придавки чуваат остатоци од старата наставка *-его/-ого*, другите придавки развиле нова долга парадигма според ист механизам како во прасловенскиот јазик, т.е. со постпозиција на членот, сп.:
ми́ти и сл. (За морфолошкото решение в. Мазон,
спор. ги и бобоштанските показни форми, како *со́гва, то́гва* (ibid. 66/67).

За присуството на наставката *-а* во Костурско имаме сведоштво исто така од Мазон (1923, 37): „Des cas autres que le nominatif il n'est resté qu'un petit nombre de vestiges fixés, à savoir surtout: . . . du génitif-accusatif singulier dans quelques rares noms de personnes comme *Ма́рка, Го́спода, Ри́стоса* qui, dans le parler de Neólani, font l'effet d'emprunts à la langue quelque peu plus conservatrice des chansons . . ." Се чини дека последниот коментар е исправен и дека *а*-формите не спаѓаат во морфолошкиот систем на говорот штом Шклифов воопшто не ги споменува во својата монографија.

Истиот Шклифов дава позитивна информација за долнопреспанскиот дијалект: „ . . . се пази родително-винителната форма с агломеративна [?] употреба при съществителните лични имена и роднински названия от мъжки род: *Викне́јте го Огнена., До́јсејте во́да за Огнена., Ви́кнаф лекар за де́да., Стри́ка го и́зеде ме́чката.*" (ШД, 48).

Тука завршуваат сведоштвата за старите морфолошки показатели на акузативот во јужномакедонските говори. Колку и да варира инвентарот на засегнатите лексеми и бројот на примерите, се гледа дека е тоа една скромна маргина без влијание врз процесот на комуникацијата. Дури поскромна маргина отколку во денешниот стандарден јазик. Меѓутоа, не е без значење ни фактот дека се работи само за определени дескрипции, дека се работи само за персонални (поретко животински) референти, со други зборови – дека семантичките моменти, кои по наше мислење решавачки влијаеле врз развитокот на заменската реприза, се присутни и активни и во однос на другите показатели на односот на директната зависност на една ИС од глаголот. Н. Димитрова-Шмигер констатира дека во костурското село Сницене определени дескрипции со персонален референт регуларно се појавуваат со редупликација и со предлогот на (Димитрова-Шмигер 1992, 188, 190–191). Најпосле, треба да се каже и дека на синтагматски план адвербалната позиција еднозначно го квалификува стариот SA како показател на акузативен однос, меѓутоа, парадигматски тој е само еден од двата (покрај датив от, сп. подолу) зависни падежни облика кој дури во состав со заменска реплика станува еднозначен експонент на акузативот (т.е.,
стрика vs *со/до/од . . . стрика*, и сл.).

Б. НЕОПРЕДЕЛЕНИ ДЕСКРИПЦИИ

Б.а. со заменска реплика: *Го натéраа едéн чоек от сел'а́ните да а и́звај пло́чата . . .* ШД, *Идну-ја́гне гу-фати́ле – приблија́лу . . .* БМег, *. . . та́ка кужу́рци ки-си-и-наста́виш та́мка . . .* БМег, *Ка гу плакосале пилишчата адно мравулник . . .* УЕ, *Как ќа а прижалиме таква убава*

мома . . .? УЕ, *. . . ино́ д'ӓт'а гу фа́т'аха, гу би́ха, има́ха и ино ку́ча гу схáркаха каксѝ . . .* МС, *Дру́го адно се́ло . . . се́ гу-истрибѝа, ду-у́ше, ду-чувéк.* ПК, *Гу имам скриен един млат . . .* В, *. . . а виде́ ѝдно́ човéк . . .* ВК . . . Меѓу малуброjните примери дел се со репризa и можат да се протолкуваат како експресивно маркирани, на маргина на системот . . ..

Б.б. без заменската реплика: *До́вед е́ден емо́ник до́бар.* МЦ, *. . . дjӓj ми пjӓт стоти́не грошóви, да те науч – ен збор . . .* МЦ, *. . . ку́пи жена́та не́кој дв-о́ќе . . .* МЦ, *. . . ниjе имаме девет године шчо не маме отворено порта . . .* МЦ, *. . . запе ена пjӓсна от тjӓс шчо му имjӓше нучено чупата . . .* МЦ, *. . . пл'у́на на зе́ми до́ło, и от пл'унка́та сто́ри кат . . .* МЕ, *. . . а соj бес да сто́ри некóе зло па́тви?* МЕЦ, *Та́тко ку́пи за бра́т ми но́ви че́ли., jа́ска му да́ду ле́п., До́бри лафо́ви ве́ле за не́го., Со Сте́фо ке о́jме дӑрва да се́чиме . . . (ШК: 124), Све́кор ми е́ден вол и е́ден крмак то́коф и́маше за́клано на́м.* ШД, *На во́лојте му кла́вамеф jа́рем, те́влици и се́тне и пре́гамеф ра́лото и о́рамеф.* ШД, *Грко ми да́де една ко́шул'а ба́кшиш за то́а време . . .* ШД, *Гле́даме е́дно по́л'је пâлно са́мо автоки́ниата.* ШД, *. . . тре́баше да пи́шиме пи́смо и да о да́jме на мо́jата прија́телка . . .* ШД, *И утта́м си-ути́шӓл до́мӑ, си-зе́ве идна-купа́чка . . .* БМег, *Ки-вр̀зме адна-кӑрбла за-па́шкӑта тво́ja . . .* БМег, *. . . си-и́мӑм дро́бни-де́ца . . .* БМег, *. . . дӑ-си-ви́дӑм ут-ку́jќта не́куj . . .* БМег, *Ни́куj бра́т има́л буга́т.* ДКаj, *Му-пра́ви́ле ѝдна́-ку́jќа.* ДКаj, *Луде тогаj зева адна мастагарка . . .* УЕ, *. . . нej и́ jаска ќи ти правам адна арнотиjа . . .* УЕ, *. . . и jаска сакам да ти правам некуj добро?* УЕ, *Удej и понанака сеа детето стринтал друга адна работа ошче по страшна.* УЕ, *И нӑ-пра́ве едно кӑ́ве . . .* ПДоj, *. . . ки тӑ пра́сре́тнӑт две́ кучи́jна . . .* ПДоj, *Е, пу-па́то уде́jки виде́ле е́дна че́шма . . .* ПДоj, *. . . е́дин мо́с пра́вӑт . . .* ПДоj, *Ту́рчин ади́н прапрудава́л пу́шки на-куми́тто . . .* ПК, *Не́куj де́до Ди́мо та́м утипа́ли ту́рците.* ПК, *. . . ак ти-мла́снум една́ ќи ви́jш sве́зди . . .* ПК, *. . . и-то́а му-у́дре адна́, уф-че́лто адна ритканѝца му-да́ве.* ПК, *Ко́j с-и́мше о́фчќи, ко́j с-и́мше гуве́да.* ПК, *Да́ли пузна́ваш ут-Стру́мица не́куj Ајтуф Ту́ше?* ПК, *Немате никоj колаj?* ПК, *. . . ни́куj не пи́тум, ни́куj не са́кум . . .* ПК, *На-па́то сритна́л адна ме́чка.* ПК, *. . . прумѝнахми ади́н сирума́шка живо́т.* МС, *. . . и така́ jа́хнах ади́н фajто́н ут Сулу́н . . .* МС, *. . . jа́хнахми мага́р'анта́та . . .* МС, *. . . утсjачи едно дӑрво и фати сос женáта му да гу сечи дӑски . . .* В, *. . . ми докара един чифт ушници jурнек . . .* В, *. . . да сечиш едно дӑрво . . .* В, *. . . напӑлни еди́н каза́н во́да . . .* ВС, *Кади́ата напӑлна каза́н сос во́да . . .* В, *. . . зему́ваха милости́на по едно́ jа́гне . . .* В, *. . . земаха леп на торбите му секоj . . .* В, *. . . сос них за носjа камини, дур да битиса цӑрквата . . .* В, *. . . видел една куќа, дека свитлее.* ВЕ, *Алате имал три керки . . .* ВЕ, *Татку и́ сакаши да си пофтори, да земи друга жена.* ВЕ, *. . . на ти и едно писмо от мojта рӑка . . .* В, *. . . najдох едни побратими двамина . . .* В, *. . . да чини един лагӑм от бабината кӑшча . . .* В, *. . . чинил едни конаки кату цар'увите . . .* В, *. . . неговата кӑшча има девет порти жележани . . .* В, *. . . на́jдуха ади́н ста́р сас бра́да . . .* МС, *. . . му трӑгна ади́н ку́тек' . . .* МС, *. . . и таму́ Господ му даде́ еди́н кӑсмет.* В, *. . . му дадé ѐдно́ би́ини на чорбаџи́ата . . .* В, *Едно време имаши един богат едно дете . . .* В, *Проминал един ден един си-*

ромах приз таму и пил една вода . . . В, *На магарите на гърбовето му са чиниха едни рани от самарот* . . . В, . . . *рибата имала лоша рана на гърбо и* . . . В, . . . *ако имаш харин кон, на чужди да гу не даваш* . . . В, . . . *динéска сам фатúл једнá рúба сóс влакнú* . . . В, . . . *но тинака некоја богатска мома да не земиш* . . . В, *Бахчеванциата имал една квачка сос дес'ат пилц'а* . . . В, . . . *ки ви напоú чáша вóда* . . . ВК . . .

Пред да ја сумираме претставената слика, ќе покажеме уште неколку типови конструкции коишто ја пополнуваат, но до извесна мера и ја затемнуваат сликата.

Како прво, тука е извесен број конструкции со заменски реплики, но без какви било експоненти на определеноста во самата удвоена именска синтагма. Најоправдана се чини интерпретацијата според која би имале работа со иманентно определени ситуациони дескрипции, како што е, на пр., синтагмата *мајка* во реченицата: *Од изутрина со сестра ми ја баравме мајка.* и сл. Таквите синтагми го идентификуваат својот референт како индивидуа, по ист механизам како сопствените имиња, па затоа и не го земаат членот којшто ја сигнализира идентификуваноста на еден член од множеството или пак на множеството како такво. Еве неколку од малуброjните примери на разгледаниот тип на ситуациони дескрипции: . . . *и ко си дóјде врéмēто, го рóди дéте.* ШД, . . . *гу ни прудáваш ти тфój дугáн'* . . . МС, . . . *јаз да ти гу дáм мój дугáн'* . . . МС – во последните два примера како оказионален оператор на единичноста може да се протолкува и посвојната заменка, натаму: . . . *ги фтаса цáр'у з'éнтуфци* . . . МС, . . . *гу чýка кýцур намúсту Иринќóт* . . . МС, . . . *л'у раскрúва јоргáн'у, гу гл'éнда кýцур* . . . МС, . . . *гу загубúх гóтову мáлку* . . . МС, . . . *и ха врăзува снóпи* . . . МВ, . . . *кáк ја спú тóлку óда* . . . МВ.

Вториот тип конструкции што треба посебно да се споменат, кога станува збор за директната зависност од глаголот и нејзините површински експоненти, се конструкциите од глаголи кои допуштаат двојна рекција, т.е. двоен тип на граматичка зависност од страна на имплицираната именска синтагма. Се издвојуваат неколку семантички групи такви глаголи.

Најмногуброjни низ целата јужномакедонска територија се можеби секундарно транзитивизираните глаголи на движење. Ги има од два вида, зависно од тоа која семантичка позиција ја пополнува синтагмата со можна двојна формализација. Ако се работи за назив на превозно средство, соочени сме со алтернатива што му е позната и на стандардниот јазик, сп., на пр., *Се качи на возот.* спрема *Го качи возот.* и сл. А еве ги јужномакедонските примери: *Си го вјáнаф óттуа ерóплано* . . . ШД наспрема *На вјáнаа на пáмпуро.* ШД, натаму . . . *и такá јáхнах идúн фајтóн ут Сулýн* . . . МС наспрема . . . *јас јáхнах на фајтóну* . . . МС, . . . *и јáхнаха на пампóру з'éнт'у и нив'áстата* . . . МС . . . Животинскиот транспорт не допушта алтернатива, па можеби токму таа семантичка дистинкција и го зародила проблемот, сп.: *И си го вјáнала кóн'о* . . . ШД, . . . *јáхнахми магáр'антáта* . . . МС . . . Втората можност е синтагмата во функција на директен објект да биде назив на дел од просторот што го поми-

нува (треба да го помине) вршителот на дејството. Специфика на јужномакедонската синтакса претставува површинското отсуство на посебен „просторен" предикат, најчесто перлативен, кој во просечниот словенски синтаксички модел би се формализирал како глаголски префикс и/или како предлог. Сп. ги стандардните конструкции: *(Ја) прескокнува дупка(та)* или *Скокнува преку дупката.* наспрема (во колоквијален стил) *(Ја) скокнува дупка(та)* и сл. Еве ги јужномакедонските примери: *Бе́вме фле́гле мо́рето да го пли́виме.* КЕВ, *... на̄што по́ле ва̄рвум ...* ПДој, *... сакаш да си шеташ са̄на̄рут ...* наспрема *... отиде да си шета на са̄на̄рот ...* В, *И така кинисах прав па̄т, за да дојдам по-скору.* В, *... кој јунак ке да скокни кальата, на него ке да даде ...* наспрема *Това кату рече самовилин син, заедно̄ч зема мегдан и прискокна три па̄тја от калјата.* В, *... кој за можи да ја скокни тас дупка, за вземи царската мома ..., тајл'акот кату пиле ја летна дупката еднош и дваш и три.* В, *... ама не мога да пливам морету.* В, *... тогас царскиј син ходил сичката зем'а ...* В, ... По пат на семантичка деривација тука спаѓа и примерот: *... по́чнаф да о́да фто́ро оделе́ние ...* ШД.

Втора група примери со можна двојна рекција се оние каде што кон основната предикација може да се приклучи партитивната релација, т.е. информација дека дејството опфаќа само дел од објектот. Познато е дека во јазиците со синтетска деклинација соодветната разлика се изразува со помош на падежната опозиција, акузатив vs генитив со генитивната синтагма позитивно маркирана како партитивна. Македонскиот стандард се служи за таа цел со две површински опозиции, секоја од нив карактеристична и за некои други јазици со аналитична деклинација и/или со член. Имено, во стандардниот јазик имаме:

Дај ми млеко.

Дај ми го млекото. vs

Дај ми од млекото.

И двете конструкции со членувана синтагма во зависност од глагол носат позитивна информација: првата за целосна опфатеност на објектот со дејството, втората – за партитивност чиј посебен експонент е предлогот *од.* Конструкцијата со нечленувана именска синтагма сугерира партитивност со негативни сигнали: отсуство на член и на заменска реплика. Предлошкиот експонент на партитивноста наоѓа аналогија, на пр., во францускиот, додека со членска опозиција се служи, на пр.,
скиот јазик. Во јужномакедонските дијалекти ги наоѓаме и двете решенија како во стандардот, но со малку поинаква дистрибуција во корист на предлошката конструкција. Ќе приведеме прво неколку нечленувани конструкции со можна партитивна интерпретација: *Ца́ро кла́де људи да́-ји те́ра на гали́ците ...* МК, *Тогаја пу́шчи ца́ро љу́ди и го зве́ на де́тето ...* МК, *... си ло́вих ри́би, прода́вах ги ...* ХК, *... и мо даде за пиле млеко от бивоо млеко ...* В, *... земаха леп на торбите му секој ...* В ... А еве и поинтересни предлошки примери: *... му знајаше ота̄ је́зико и на пили́шчата ...* МК, *Му зна́јеш ти от е́зико на гали́ците?* МК, *... не пи́ј от та́ија во́да ...* КК, *... ба́бичка шо-знаја́ла уд-магји́и ...*

БМег, *И бабата, как јади от рибата, и она стана тешка.* В, *... да не јадеш, калеко, от мандиата динеска ...* В, спор. и: *... му а фати́ла кужу́хут на Исус ду кра́ј ...* ВК vs *Ба́рим да мо́жам да му фа́там ма́лко уф кужу́хот ...* ВК ...

Последниот пример се надоврзува и на наредната семантичка група глаголи што се издвојуваат поради алтернативната рекција. Се работи за предикати чии аргументи можат да бидат или човечки суштества сфатени како целосни личности или делови од човечкото тело. Во стандардниот јазик, впрочем како и во другите словенски јазици, зависно од остварената комуникативна хиерархија на аргументите (т.е. зависно од дијатетичката формализација), тие алтернативно се појавуваат во позиција на директна зависност, сп., на пр., *... му ја бакна раката* наспрема *... го бакна во раката* и сл. Меѓутоа, во јужномакедонските текстови доаѓа до затемнување на границата меѓу соодветните две синтаксички позиции, сп.: *Мума́та гу фа́та ут ранка́та д'ӓт'а̣нту и му вили́: ...* МВ, *Утрината стана сиромахат от сонот, са уми лицето ...* В, *... и она отиде, гу бакна рӑнката ...* В, *... го умил на детенто по лицето ...* В, *... да ја омуиш на мајка главата.* В ...

Од приведените примери се гледа како тенденцијата кон удвојување на позицијата на директна зависност (кон „двоен акузатив"), така и тенденцијата со помош на разни предлошки синтагми да се одбегне таа компликација. За поголема синтаксичка многузначност придонесува и отсуството на чисто разграничување меѓу старата дативна и старата генитивна функција, т.е. меѓу индиректната зависност од глагол и од име. Сп. го, на пр., полското: *U m y ł głowę, m a t c e.* vs *Umył głowę m a t k i.* и сл. Како ехо на претставената дијалектна ситуација треба веројатно да се толкуваат необичните стандардни конструкции како *T o j c e мие раце,* и сл.

Откако ги разгледавме примерите, лесно е да се заклучи дека нашите групи втора и трета претставуваат одломки од истиот поширок проблем, т.е. од механизмите на јазичната формализација на релацијата: дел ~ целост.

За кондензираните конструкции со предикативни именски синтагми што ја удвојуваат синтаксичката позиција на директниот објект („акузативната позиција"), т.е. за типовите (1) *ќе ти го дадам перото дар* или (2) *го избрале претседателот,* стана веќе збор во главата посветена на именскиот прирок (сп. § 1.2.1.).

За редувањата од типот: *го праша детето ~ му праша на детето* и *го наполни казанот вода ~ ... со вода(та),* т.е. за површинските интерференции во реализацијата на старата „акузативна" и старите „дативна" и „инструментална" функција, ќе стане збор понатаму. Сега ќе се задржиме само на уште една интересна појава поврзана со појавувањето на реченични конструкции во позиција на директен објект. Стана веќе збор за тоа дека таканаречените предикати од повисок ранг (= предикати кои комуницираат перцептивни, интелектуални, емотивни однесувања на човекот) како аргументи можат да прифатат цели предикатско-аргументски структури; на површината на текстот таквите

предикати најчесто земаат лик на глаголи што се граматички надредени не само на именски синтагми, ами и на зависни дел-реченици. Се работи за таканаречените комплементарни дел-реченици воведувани со операторите *дека, што, да,* како и со прашални зборови. Таквите реченици заземаат разни синтаксички позиции и се редуваат со именските синтагми. Подолу ќе зборуваме за нив поопширно. Сега – како што реков – би сакала само да обрнам внимание на еден феномен тесно поврзан со позицијата на директниот објект и со именската синтагма директно зависна од предикативниот израз. Тоа е една појава карактеристична за дијалектната јужномакедонска (и пошироко – балканска) синтакса која во стандардот е допуштена само во говорниот јазик, веројатно под влијание на говорителите со соодветна дијалектна заднина. Имено, често се случува предикатите од втор ред и зависните од нив предикатско-аргументски структури да имаат заеднички аргумент. Продлабочената семантичка анализа дури сугерира дека постоењето на заеднички аргумент е предуслов за остварување на една комплементарна врска. Како и да е, обично, според принципот на економија, на површината на текстот заедничкиот аргумент се формализира само еднаш. Ако е тој остварен во главната реченица, тогаш во зависната дел-реченица наоѓаме анафорска реприза, но ако е остварен во зависната дел-реченица тогаш – според наследениот словенски синтаксички модел – во главната соодветната синтаксичка позиција останува празна. На пр., *Му реков на Петре дека сум го барала.* наспрема *Ми рекоа дека ме барал Петре.* (што – според гореспоменатата теорија за задолжителното присуство на заеднички аргумент – претставува редукција од: *Ми рекоа за Петре дека тој ме барал.)* и сл. Меѓутоа, некои глаголи со акузативна рекција, како *знае/познае, види/гледа* и синонимите, во јужномакедонските текстови ги наоѓаме придружени со заменска антиципација во главната реченица, додека антиципираниот аргумент се остварува во зависната, сп.: *. . . да а видат шо прај гуведата.* УЕ, *. . . гу позна́ла от пра̀стинот, ча је не́ин ма̀ж и́ . . .* В, и сл. Се добива впечаток дека приведените конструкции се резултат на судирање на стариот наследен модел: *да видат што прават говедата* со новиот, „балкански": *да ги видат говедата што прават,* сп. ги, на пр., широко познатите во словенските јазици на Балканот конструкции како *Види го Петре кај влезе.* и сл. Гореприведените контаминирани јужномакедонски реченици заслужуваат внимание и од теориска гледна точка како потврда на теоријата за задолжителен заеднички аргумент. Инаку за реченични конструкции во позиција на директен објект в. 1.3.2.

Со ова го завршуваме прегледот на реализациите на именската синтагма директно зависна од предикатскиот израз. Ќе се потрудиме целосно да ја протолкуваме сликата дури откако ќе приведеме и илустрации за индиректната зависност со оглед на тесната поврзаност и многубројните интерференции меѓу двата типа конструкции.

1.3.1.2.2. Аргументски израз во дативен однос, т.е. посредно (индиректно) зависен од предикатскиот израз. – Како што реков погоре (сп. § 1.3.1.), под индиректна зависност се подразбира овде зависност посредствувана со таканаречениот граматички предлог *на,* т.е. од типот: ***му зборувам на Павле*** и сл.

Покрај појдовниот „номинативен" аргумент (иницијатор и/или вршител на дејството) и „акузативниот" (предмет врз којшто се одразува дејството), релативно многу предикати го имплицираат и „датив-ниот" аргумент што овде ќе го толкуваме како информација за второ лице (второ живо суштество, стихија, автомат и сл.) ангажирано во дејството (во врска со таквото толкување сп. Тополињска 1988). Се работи, најчесто, за таканаречените глаголи на давање/земање *(дава/зема некој некому нешто),* односно на давање/пренесување информација *(кажува/наредува некој некому нешто),* или за експоненти на посложени релации кои ангажираат само две човечки суштества, на пр., *советува/дава совет некој некому, суди/изразува пресуда/одредува казна некој некому* и сл. Најпосле, „дативниот" аргумент се појавува и во многу дијатетички секундарни конструкции, кога појдовниот „номинативен" аргумент од некои причини е поместен од својата привилегирана позиција токму во втората по ред позиција резервирана за живи/човечки суштества, на пр., *ми се слоши, му е жал* и сл. – пошироко за овој тип конструкции сп. § 1.4. Како што се гледа од примерите, зад позицијата на индиректен објект (индиректна зависност од глагол) се крие оној што ги поднесува (добрите или лошите) последици на дејството.

За да ги опишеме сите синтаксички механизми што во јужномакедонските говори ја одразуваат посредната граматичка зависност од глагол, мора – како и погоре, во случајот со непосредната зависност – да тргнеме од заменските синтагми соодветно во тематска и во рематска позиција.

Како кратките (тематски) така и удвоените (рематски) заменски синтагми во позиција на посредна зависност од глаголот наметнуваат многу отворени прашања. Прашањата се однесуваат на постоењето/непостоењето на посебни експоненти на дативниот однос, на нивниот синтетски или аналитички карактер, на постојните типови категоријални интерференции и синкретизми, и тоа во однос на сите три синтаксички активни категории, т.е. родот, бројот и самата граматичка зависност („падежот").

Ќе се сосредоточиме прво на кратките заменски форми. Еве примери на соодветните заменски синтагми надвор од ремата: *Ти се мола много, не ми го зем кожљато . . .*МЦ, *Дјај ми детјато шчо роди њакни сестра невестјатуј моје . . .* МЦ, *Така стори: му го дадоје детјато . . .* МЦ, *. . . имам ено врјашче да ти кажа . . .* МЦ, *Ежо и рече: . . .* МЦ, *И тој и се о́тсви*
ве́л'а а́ко ва́ш жа ба́нди мно́го во небенишча́та. МЕЦ, *Ја ја̏скај ви да́вам повел'а . . .* МЕЦ, *Спомењ̏ајте збо́ро шчо ви ре́кој . . .* МЕЦ, *И мајка је и ре́че . . .* МЕ, *То́зи врјáме, ка ста́на Ри́стос от гро́бо, заста́на во стрјáт апостоли́ти и му ре́че . . .* МЕ, *Чјáндо мо́је, зо́ш ни сто́ри си́ка?* МЕ, *Учи́тел ми бе́ше Константи́н от Белгарцко Бла́ца.* ШК, *Ми да́де во́да. Ти ре́ку., Му да́ду ле́п.* ШК: 124, *Ко и́ набли́жил, му ве́ли чу́пето на де́тето . . .* КК, *На благошве́ње оти́шол Ангело при́ неа со све́ќе, му ве́ли: Мери́сни све́ќето.* МСЦ, *Ти́ја, ма́јката со си́но и со ма̏жо, бега́а, ота́мо, оде́а по соéта зе́м'ја. Ангело му ка́жва о Еги́пет да си о́јде* (во францускиот превод од Мазон: L'ange leur dit d'aller en Egypte) МЕЦ, *Да́ј ми па́-*

рите́'. МСЦ, *Шчо ти ни излъ́га?* МСЦ, *. . . ви́е да му ба́рате ме́стото . . .* ШД, *че́м ти са́ па́ри биз ра́дус у ку́ика́?* ДВ, *Ба́бата му испридо́ила приде́нуто* ДКај, *. . . да ти работам и уредувам кујка́та* УЕ, *не му чиниле абер . . .* УЕ, *Оди викнува некој аргати и му ве́ли: ќи ви платам колку сакате пари . . .* УЕ, *. . . уд пиле млеко да ми палаш, ќи ти донцам.* УЕ, *Ми-нъ́пъ́лни́ це́бувуто пъ́ри́* ПДој, *Те́-ј ја́сно ли? Ја́сно ме́-ј* ПДој, *Му-зе́л но́жо, гу-закла́л . . .* ПК, *. . . ко́лк-му-са́каш?* ПК, *Мума́та гу фа́та ут ранка́та д'ът'а̣нту и му вили́: . . .* МВ, *Тога́с гу ви́кна на къ́рпа́чинот и му вели́: . . .* В, *. . . ке да ми пита, шчо ги чиних парите . . .* В, *Пусни ти он, шчо ти докара пиле . . .* В, *Ба́рим да мо́жам да му фа́там ма́лко уф кужу́хут . . .* ВК, *. . . изл'ази една страшна ламја та им вели: „поможи Бог ви, керку".* В, *И ламијата им вели: „мари керки, не ви е страх да не дојди тука ламјата да ви из'ади?"* В, *Ти докарах дарва, да ми периш дрехите.* В, По това сетне за седнат сички, колко човеци за има, за му кладат отпрет на трапеза м'асто талвина . . . В.

Наведовме малку повеќе примери за да докажеме со нив неколку релевантни точки. Како прво, дека сликата што ја наоѓаме во текстовите во однос на кратките дативни форми ја потврдува реконструкцијата на интерференциите и на синкретизмите меѓу експонентите на акузативниот и на дативниот однос што ја дадовме погоре (§ 1.3.1.2.1.). Како второ, дека на целата опишувана територија постои синкретизам меѓу кратката дативна форма за 3 лице еднина за машки и среден род, од една страна, и кратката дативна форма за 3 лице множина, од друга, т.е., со други зборови, дека формата *му* функционира како експонент на дативниот однос како за 3 лице машки и среден род еднина така и за 3 лице множина (сп. Видоески 1965, карта бр. 24). Како трето, дека на поголемиот дел од опишуваната територија (со исклучок на нејзиниот југозападен дел) формата *му* претставува единствен експонент на дативниот однос кај заменките за трето лице, т.е. дека во рамките на овој однос кај кратките заменски форми се неутрализирани категоријалните разлики по број и род (сп. Видоески 1965, карта бр. 23). Западната граница на оваа појава го сече ареалот на долнопреспанскиот говор. Како четврто, на западната периферија од нашата територија, каде што *му* не се појавува како експонент на дативниот однос кај 3 лице еднина женски род, во таа функција конкурираат облиците *је/и/а*. Додека последниот претставува уште еден случај на синкретизам меѓу експонентите на дативниот и на акузативниот однос, вторите два се ограничени на функцијата Dsg f. Односно, поточно речено, на таа функција е ограничено *и*, додека *је* се појавува во адноминална позиција како постпозитивен сигнал на широкосфатената посвојност (сп. во вториот том). Така барем: *и* во адвербална, *је* во адноминална позиција, изгледа репартиција на двата облика во бобоштенските текстови во збирката на Мазон. Ги наоѓаме дури двете форми во непосреден синтагматски контраст, сп. погоре примерот . . . *мајка је и рече* . . . Изненадува дека Мазон во монографијата што ги придружува бобоштенските текстови во табелата на заменските облици (1936, 65) ја ставил само формата *је;* веројатно затоа и Б. Видоески (1965, карта 23) од Корчанско ја сигнализира само оваа форма. Со оглед на инаку импозантниот

број корчански архаизми, не се чини премногу смела хипотезата дека имаме овде работа со трага на старата разлика меѓу заменскиот генитив (во адноминална позиција) и датив (во адвербална).

Мошне интересна појава е споменатото проширување на функциите на најизразитата кратка дативна форма, стариот Dsg m n *му*. Според Видоески (1965, 41), никулците на овој процес треба да ги бараме надвор од опишуваната територија, во оние западномакедонски говори каде што, по аналогија наспрема A sg f *ме, те,* настанала акузативната форма *је,* што довело до синкретизам меѓу кратките акузативна и дативна форма за женски род. За да се одбегнат последиците на овој синкретизам, во еднинскиот датив била генерализирана кратката форма *му* која подоцна во дел од јужните дијалекти ја презела и функцијата на експонент на дативниот однос во множина.

За линеаризацијата на кратките дативни форми важи mutatis mutandis сè што рековме погоре за акузативните, со дополнување дека во состав од две соодветни клитики дативната секогаш ѝ претходи на акузативната. Се работи за едно општо правило важечко и во словенскиот и во балканскиот модел на клитичка линеаризација.

Кога станува збор за кратките дативни форми, не може да не споменеме уште една појава што треба да се спомене токму затоа што НЕ спаѓа во овој наш параграф. Се работи за таканаречениот dativus ethicus, т.е. за кратката дативна форма од личната заменка за прво и/или (почесто) за второ лице употребена како во исказот: *Утре на сабајлето кога станува луде и пуле на кај крушата, шо а имаше убесино кожата уд волот, шо ќи ми ти види:...* УЕ. Вака употребени и двете форми, *ми* и *ти,* не посочуваат аргументи на предикатот 'види'. Тие се метатекстуални елементи што раскажувачот ги воведува за да му обрне внимание на адресатот на чудното, важното, необичното во неговиот расказ. Индексите 'јаз' и 'ти' ги посочуваат овде самите протагонисти на говорната ситуација. Со други зборови, имаме работа со експоненти на таканаречената фатичка функција на јазикот која се состои во поддржување на (емотивен, интелектуален) контакт со соговорникот. Пошироко за метатекстот во јужномакедонските текстови сп. подолу § 1.6.6.

Завршувајќи ги забелешките за самостојно употребуваните кратки заменски форми во адвербална позиција (т.е. за кратките заменски форми како самостојни аргументски изрази во директна и/или индиректна зависност од глаголот), треба најпосле да кажеме неколку збора и за функционалната карактеристика на адвербално употребените кратки форми на таканаречената повратна лична заменка, т.е. за формите *се* и *си.* Нас овде нè интересира единствено нивната примарна функција, т.е. функцијата на сигнали на кореференција меѓу појдовниот, „номинативен", од една страна, и „акузативниот" и/или „дативниот" аргументски израз, од друга, како, на пр., во исказите: *Настрадѝн-хо́ца и́ч са ни убрна наза́т'...* МС, *... не́јк'ише да-са-де́ле ут-си́но.* ПК, *Ваго́ните са наполнаа на́рот...* ШД ... или: *... за́едно со бра́та му Ри́сто си напра́уа у́баа ку́ќа...* ШД, *... си з'е́ха с'ӓкутри пу иди́н ка́мин'...* МС, *... и си отидоха на дома...* В ... Меѓутоа, многу често тие се употребуваат во други функции, а имено:

се (со варијанти *са/că/си* . . .) може да биде употребено како сигнал на таканаречената трпна дијатеза, на пр.:
сал не́бо са гле́даши . . . В, *. . . и ко́га са и́спуштиф од а́скеро, не́ оjдоф во Пре́спа* ШД . . . и сл. – за таквата употреба пошироко сп. подолу § 1.4. *Се* може исто така да претставува само проширување на глаголската основа (т.е. да нема самостојна семантичка и/или функционална интерпретација), сп. ги, на пр., глаголите како *се смее, се труди,* и сл. Во тие секундарни функции, колку и да се меѓусебно различни, од гледна точка на глаголската рекција релевантно е само дека во соодветните конструкции *се* со своето присуство ја блокира позицијата на директниот објект.

си најчесто се употребува во неформално кажување за потенцирање на ангажираноста на субјектот во дејството, што впрочем претставува една ослабена варијанта на примарната функција на повратната заменка; суштествената разлика меѓу примарната и опишаната секундарна употреба се состои во фактот дека секундарно употребеното *си* се појавува до глаголи-експоненти на предикати кои не имплицираат „дативен" аргумент (т.е. до глаголи кои не „отвораат" соодветна синтаксичка позиција), сп.:
бра́н чоек ШД, *Тој мно́гу си и би́еше дечи́ната* . . . ШД, . . . *тӑка кужу́рци ки-си-и-наста́виш та́мка* . . . БМег, *Ка си не мо́јш бис чига́ра* . . . ПДој, *Си-пушчи́л уфча́ро ста́по* . . . ПДој, . . . *си ло́вих ри́би, руда́вах ги* . . . ХК, *То́г'и вы̄нто се́кој си-пи́а* . . . ПК, . . . *си уста́нах јас идуве́ц, сас три ма́лки* . . . МС, *И си го вја́нала ко́н'о.* ШД . . . – од примерите се гледа дека е тоа доста зачестена употреба; за дијалектниот јазик таа е покарактеристична отколку за стандардниот, за разговорниот јазик е покарактеристична отколку за пишаниот; функцијата е во основата стилска – сигнал на неформално, фамилијарно кажување, но сепак со изразена тенденција кон зацврстување кај некои глаголи (на пр., глаголите на движење), т.е. со тенденција елементот *си* (слично на *се* – сп. погоре) да стане само морфолошко проширување на глаголската основа.

Поминуваме сега на разгледување на удвоените (= рематски) заменски дативни синтагми. Еве ги примерите: *То́гас Ри́стос и се о́тсви тјӑзи и и ре́че:* . . . МЕЦ, . . . *ни́кој не́ ни паза́рва нам.* МЕЦ, *Му ре́че и ти́ам:* . . . МЕЦ, *Блацва́ни стјӑ ко́га л'уди́ти да ви до́де вам* . . . МЕЦ, *Госпои́не, и вра'зи́ти ни се све́две нам со имјӑто твое* . . . МЕЦ, *И Ри́стос му ре́че то́му* . . . МЕЦ, *Тој шчо ми вјӑрви мјӑне, кај шчо рекое писајна́та, от коре́мо то́гоф жа те́че рјӑка со жи́ва во́да.* МЕЦ, *Та́тко, дјӑј ми мје́не де́ло шчо ми пади́на от имајне́то* . . . МЕЦ, . . . *ка́ да т-и́мам дру́гар те́бе, шчо си ца́р и јӑш от сиромаси́ти?* МЦ, *Влади́ци патри́ците му ве́л'ат на не́а* . . . МСЦ, *Ќе ти кре́ни гла́вата на те́бе* . . . МС, *Сетне му те́кна на́ ни, о́ти ва стока зе́а* . . . МСЦ, . . . *на ни́ми му дадоф* . . . ШД, . . . *на манка толку ми бил кӑсмето́т.* УЕ, . . . *на тепка така ти си чини.* УЕ, . . . *сватошчината и на него му направиле* . . . УЕ, . . . *ама најмалата сакала да си мӑже за најличното дете по ќи му си биндиса на неа.* УЕ, **сп.** и: *А пак кога ќи́ ви си наближат пак дўваска, тогај ќи и фрлите*

иглите . . . УЕ, *Кóј ви-кáжá нă-вáска тóă ичумéн дō жнйте?* ПДој, . . . *ká ки-мă вáрише нă-мéне?* ПДој, *И-ác тáм бúх, ама на-мéн нé-ми-дée ич ут пáрте.* ПК, éх да-мј-оо дáј загáро на-мéне, ас ќи-ти-дáм уд-мójте загáре на-тéбе. ПК, . . . *тéбе нéма да-ти-прóстум.* ПК, . . . *и му вили́ на н'éгу:* . . . МС, . . . *нá нác на донéси гимицúата éдúн пăт пет стотини хиљáди и дрýгио пăт éдúн миљаýн.* В, . . . *да ми гу дадиш на меника* . . . В, . . . *ти са мóл'а, да ми кáжиш, кој ми é тáтку на мéника?* В, *Тогас јабалката му рече на него:* . . . В, . . . *му ричé на нúх,* ВК, сп. и: . . . *му си рéкле мигу нúх* . . . ВК . . .

Во централниот и источниот дел од опишуваната територија, во Еницевардарско и понаисток, се појавуваат – иако ретко – и неудвоени долги дативни форми. Нешто слично најавува Шклифов и во долнопреспанскиот дијалект, цитирам: „Дателно отношение се изразява без предлог *на*. Двете форми обикновено се дублират, но честа е и самостоятелната употреба, особено що се отнася до кратката . . .“ (ШД, 54). Меѓутоа, независно од необичната формулација (игнорирање на системската функција на самостојно употребената кратка форма.), ни во монографијата ни во текстовите не најдов примери на самостојно употребена долга форма, што зборува во полза на претпоставката дека таквата употреба се зародила (се чува?) под влијание на другите, неимплицирани од страна на предикатот, предлошки синтагми. А еве ги примерите: *Му вéли и бумбáрчето: – Дéјте вúје нá мене.* МСЦ, *Сват и на менка не си јади* . . .УЕ, . . . *тузú мáлку.* . . . *дад'ăти гу на м'éн'а* МС, . . . *áх, господáр мój, млóгу добрó си чинúл нá мéника* . . . В, и во истиот текст: *„é жéну, глéдаш ли товá нашио господáр шчó чинú нá нáз?“*, и натаму: *„áх, господáр мój, дрýго нé чинú на мéника, амú дéтето ми гу чинú хајдамák* . . . сп. и: *Óх, тешко на нác.* В, *Гимицúата речé на нéгу:* . . . В, *„ба господúне, не требýваши тúнака да доúдиш на нác, нúа сákахми да дój-дими.* В, *Такá си мóљам на тéбе, цáрју* . . . В, *Сáнким тјáнака тúа лакардúи ги вéлиши на нéгу кату на шакá.* В, *Пák тјáнака вéли на нéгу:* . . . В, *Лалата га сака, зашчо от цар'ут на негу останува.* В, *Цар'ут кату чу така от пепеларката, заедноч рече на неа:* . . . В, . . . *и заедноч са поклониха на негу* . . . В, . . . *остави на мајка ми това пăрстен и рече на неа:* . . . В, . . . *кој јунак ке да скокни кальата, на негу ке да даде најгол'амата му керка.* В, . . . Судејќи по примерите, можеби не е тука без значење ни позицијата (до императивот!), ниту општата експресивна маркираност на исказот. Како и да е, можеме да констатираме дека удвојувањето на дативната заменска синтагма во рема на целата изучувана територија претставува норма, како и дека таканаречената долга дативна форма речиси не се појавува неудвоена и/или без предлог. Што се однесува до морфолошката реализација на долгата дативна форма, сликата во извесна смисла претставува негатив на онаа што ја опишавме во врска со акузативната синтагма. Имено, во множина доаѓа до мешање на експонентите на акузативниот и на дативниот однос што во голема мера е последица на фактот дека во прво и второ лице еднина дативната и акузативната форма одамна се изедначиле. Тенденцијата кон мешање на експонентите зема замав на територијата каде што

дативниот (и акузативниот) однос и кај заменките се изразува со помош на предлогот *на*. Конкретно: старите форми *нам, вам,* за 3 лице *тјăм* (Корчанско) и *ними* (Преспанско) се чуваат во Корчанско, но веќе во Преспанско почнува мешањето. Тоа е приближно и западната граница на предлошката конструкција. Имаме, значи:

КОРЧАНСКО	ПРЕСПАНСКО	ОСТАНАТАТА ТЕРИТОРИЈА
нам	*нам/на нам/на нас*	*на нас*
вам	*вам/на вам/на вас*	*на вас*
тјăм	*ними/на ними/на ни*	*на ни/х/*

А еве што кажува Шклифов, монографист на клучното подрачје: „В селата Граждено, Орово, Дробитишта, Дреново, Търново, Герман, Роби се предпочита изконната винителна форма и рядко се чува *вам*. В останалите . . . втората . . . има поширока употреба.“ (1979: 58). И натаму: „Пълните форми изцяло съвпадат с винителните . . . В Гр и Ро *нас* само винителна, *вам* само дателна. Предложна употреба има само дателната . . .“ (ibid.). За ситуацијата во селото Сницене сп. погоре 1.3.1.2.1.

Повратниот дативен однос во рема – согласно со општата тенденција кон отстранување на посебниот експонент на односот повратност се изразува на двоен начин:

а) или (поретко) со наследените форми: *себе си/на себеси,* или со новотворбата *на себето,*

б) или (почесто) со кратката повратна заменка како сигнал за насочеността на односот кон субјектот и со долгите форми на соодветните лични заменки: *јас си зедов на мене, тој си зеде на него,* и сл.

Некои монографисти дури експлицитно го констатираат непостоењето на формата *себе,* така Дрвошанов (ДКај, 86) и Голомб (1962/3, 198). Кај Думев наоѓаме пример . . . *то́лку . . . ко́лку о́н са́м на́ себе мо́же да́ си на́пра́ве . . .* ДВ, што би можел да се толкува како доказ дека формата *себе,* колку и да е ретка, сепак постои; таа веројатно поскоро се губи во одделни идиолекти отколку во одделни говори. Во изразувањето на реципрочната повратност функцијата на долгата форма – како и во случај на акузативниот однос (сп. погоре) – ја врши составот *еден – друг,* сп.: . . . *а́ма л'у́дјето си помо́жваа е́дни со́ други . . .* ШД.

Кај ИС конституирани од именки заменските реплики и во позиција на посредна зависност од глаголот придружуваат, пред сè, определени дескрипции. Меѓутоа, општо земајќи, репликите се во таа позиција позачестени, така што разликата меѓу определените и неопределените дескрипции не е толку упадлива колку кај ИС директно зависни од глаголот. Во светлината на сите досега изнесени, а и на другите појави што ја поткрепуваат теоријата за антропоцентричниот карактер на јазикот, разликата меѓу двете објектни позиции во фреквентноста на заменската реприза би можеле да ја поврземе со персоналниот карактер на вториот протагонист на дативниот однос (сп. погоре). Како прво, речиси сите монографисти обрнуваат внимание на корелацијата меѓу при-

суството на реприза и обележјата /+ pers/ или /+ anim/ кај референтот на синтагмата. Како второ, учесниците во односите на давање-земање, на купопродажба, на јазично комуницирање најчесто се човечки суштества, и тоа идентификувани човечки суштества, а токму споменатите односи претставуваат (сп. погоре) типична содржина на она што конвенционално го викаме дативен однос.

Оставајќи ги другите коментари за подоцна, поминуваме на редење примери. Постапката ќе биде како и кај „акузативните" синтагми, т.е. прво определени па неопределени дескрипции, прво со па без заменска реплика. Определените дескрипции со заменска реплика – како типична појава – ги илустрираме со ограничен, по можност репрезентативен, состав примери.

А. ОПРЕДЕЛЕНИ ДЕСКРИПЦИИ

А.а. Со заменска реплика: *То́гас му ви́кна Ристо́су . . .* МЕЦ, *И апостоли́ти му се приближа́е Ристо́су . . .* МЕЦ, *Н'е́сти до́бре да се зе́ми ља́бо челја́там, и да му се фа́рли кученишча́там.* МЕЦ, *Ко́га се сте́мна, му ве́ли госпои́но лозјето́му векилуто́му то́гоф: . . .* МЕЦ, *. . . пу́шчи измикиа́ро то́гоф, за да му ре́чи викнати́тим: . . .* МЕЦ, *И госпои́но му ре́че измикиаруто́му: . . .* МЕЦ, *Па то́ко дојдо́е низами́ти, и парвете́му от ти́а два́та шчо бјӓе ставроса́ни со Ристо́са, му и здроби́е шупели́ти и другете́му . . .* МЕЦ, *. . . и ца́ро Иро́ди и ре́че чупјӓтуј: . . .* МЕ, *И та́зи ижлјӓзе от та́мо, и оти́де и ре́че мајкјӓ је: . . .* МЕ, *. . . и му јо доне́се глава́та во диск, и јо да́де чупјӓтуј, и чупа́та и јо да́де мајкјӓ је.* МЕ, *То́ко тој му ре́че татку́ му: . . .* МЕ, *Да му се измоли́ме Господинбо́гу наше́му* МЕ, *И Ри́стос му ре́че ти́ам два́та ми́на шчо му кажвјӓје сјӓзи: . . .* МЕ, *Му се сна светему Костанди́ну во соно да и́шчи кре́сто Ристо́соф . . .* МЦ, *Ен ден му вели царо лудитим от царшчината тогова: . . .* МЦ, *Откен го доде доста, и рече мажо мајкјӓ-му: . . .* МЦ, *Поголемото дјӓте чу. Му вели помалечкетему: . . .* МЦ, *Д-и сториш измет сестре Елене.* МЦ, *. . . и конуто́му да м-убљӓчиш ко́жа от њаќој кон пцови́сан.* МЦ, *Портата му викна детету́му и чупјӓтуј: . . .* МЦ, *Му до́јде рјӓндо и маретому . . .* МЦ, *По пато зборваничким јобата му вели Госпо Светему Петру: . . .* МЦ, *Старицата вљӓзе внатри и и вели шчеркјӓ-је: . . .* МЦ, *Свити Петар му вели Лазу: „Питај-му њаш Ристосу".* МЦ, *Колупчи́ците му пеёе на зе́туто́му калесни́ци: . . .* ШК, *Ко и́ набли́жил, му ве́ли чу́пето на де́тето . . .* КК, *Сеа́ му ре́че зве́здата на миле́то, шчо чека́а у́ долу: . . .* МСЦ, *Свет Нико́ла на Го́спо му ре́че: . . .* МСЦ, *Да́ј му а на Ту́рчино* МСЦ, *Ма́рко пак е́дна коби́ла и́мал, му ве́ли на коби́лата да а си́са да́ј на де́тето.* МСЦ, *Побрати́мите о́деа да му и о́буе че́лите на нестата . . .* ШД, *На во́лојте му кла́вамеф ја́рем . . .* ШД, *. . . мајка плачеше и а ре́че на стри́на ми Доне́јца: . . .* ШД, *Ја́с се́когаш, ко́га ти́шеф, и да́ваф на прија́телката . . .* ШД, *. . . му-а-вăрза́ла кăрбла́та на-во́лкут за-па́шкăта . . .* БМег, *. . . на никуј не му си кажал . . .* УЕ, *. . . му вели на брат му: . . .* УЕ, *. . . а зева бăлтијата и му трча на крушата.* УЕ, *Луде . . . му трча на децата . . .* УЕ, *Ли́с ќи-му-дро́бăт нă-бу́бата . . .* ПК, *Та́а нă-уфча́ро, нă-*

бра́то му-ре́кла: . . . ПК, *Ама па не́-м сӑ-фа́јќе нӑ-ца́ро ве́ра.* ПК, *Спли́нта му-сӑ-изду́ве нӑ-чуве́ко.* ПК, *Та́а, о́де, му-ви́ке нӑ-же́нта: . . .* ПК, *. . . му баца рӑката на владиката . . .* В, *. . . му вели на владиката . . .* В, *Затова му рекох на брата ми, ча . . .* В, *Тогас слепоју му вели на кривоју: . . .* В, *И му даде на д'атету топузката . . .* В, *. . . се́чи му на е́лино рого́вите . . .* В, *Му ве́лиши на́ мӑжо́ и: . . .* В, *На калека му си нажали много, да ја вели на невестата му: . . .* В, *. . . ја детенто, как промина оттамо, му вели на јувреиту: . . .* В, *. . . и на мајка му ја вели: . . .* В, *. . . ету на пӑнто беши изл'ал един стар д'адо сос бела брада до појас, му вели на гӑрците: . . .* В, *. . . му а фати́ла кужу́хут на Исус ду кра́ј . . .* В, *. . . му сӑ виде́ на Си́мона* ВК . . .

Од примерите се гледа дека коментар бара, пред сè, корчанската ситуација, зашто само таму се чува прилично жив и разграден систем на синтетски дативни форми. Ги наоѓаме не само кај личните заменки, туку и кај именките и кај придавките од сите три рода и два броја. За синтаксичкото толкување на тие форми од основно значење е фактот дека тие се појавуваат како во адвербална така и во адноминална позиција, т.е. дека тие ги поклопуваат поголемиот дел од функциите не само на стариот датив, туку и на генитивот. Интересна трага на старата падежна разлика наоѓаме само кај таканаречената лична заменка за трето лице женски род, каде што адноминалното *је* му се противставува на адвербалното *и* (сп. погоре). Во нацртаната ситуација кај определените дескрипции (а веројатно и пошироко) заменската реприза претставува единствен вистински сегментален показател на дативниот однос.

По можност полниот систем на бобоштенските показатели на граматичката зависност на една ИС од глагол ќе го претставиме подолу. Засега ни се поставува интересниот проблем на меѓусебното усогласување (конгруенцијата) на морфолошките падежни показатели во рамките на една определена дескрипција. Имено, морфолошки сигнали на стариот датив можат да се појават кај именки и кај придавки. Се налага прашање дали во рамките на една иста именска синтагма можат (мораат?) да се појават повеќе од еден сигнал на дативен однос.

Сликата е следната:

– иманентно определените именки и именски синтагми (сп. во вториот том) земаат падежни наставки усогласени по број и род, сп.:
викна Ристосу . . ., Д-и сториш измет сестре Елене . . ., . . . и рече мајкјӑ му . . .

– членуваните именки земаат соодветен облик на член; не се занимаваме овде со мошне интересните морфолошки механизми на поврзувањето на членот со именската основа, ќе споменеме само дека и самата основа може (така е, на пр., во машки и женски род еднина), но не мора да зема „дативна" наставка, сп.: *. . . да му се фӑрли кученишча́там . . ., . . . му рече измиќарутому . . ., . . . и рече чупјӑтуј . . ., . . . му вели лудитим . . ., Му до́јде рјӑндо и маретому . . .* – слично се однесуваат и поименичните придавки: *. . . за да му речи викнати́тим . . ., . . . и парвете́му от ти́а два́та . . . му и здроби́е шупели́ти и другете́му . . ., Му вели помалечкетему . . .*

– во дводелните состави од именка и придавка наоѓаме двојно решение, т.е.:

– или и двата сегменти земаат морфолошки обележја на датив, сп.: *Да му се измолиме Господинбо́гу наше́му . . ., . . . му вели Госпо Светему Петру . . ., . . . му се сна свете́му Константи́ну . . .*
– или само именката носи дативни обележја: *. . . му ве́ли госпои́но . . . векилуто́му то́гоф . . .*

Морфолошкото решение во последниот пример нема врска ниту со инвертираниот ред на зборовите ниту со присуството на новотворбата *тогоф* – во истите тие фрагменти од евангелието на Цанко наоѓаме и: *. . . му ре́че измика́рутому тоговему . . .* Како и да е, од примерите се гледа дека (а) доминира тенденцијата и двете компоненти на сложената синтагма да се стават во дативна форма, т.е. тенденцијата кон конгруенција по категоријата падеж, во согласност со стариот словенски флективен модел, (б) – ако воопшто може врз еден единствен пример да се градат некои генерализации – од двата дела на синтагмата првиот по ред задолжително мора да стои во дативна форма; би можеле да ризикуваме претпоставка дека повремената неменливост на творбата *тогов* не е без врска со неменливоста на постпозитивните посвојни клитики.

На целата останата територија во позицијата на граматичка посредна зависност од глагол (т.е. во позицијата на дативен објект) наоѓаме конструкција: $Pron_{ИС}$ + *на* · ИС (каде што $Pron_{ИС}$ е симбол на заменската реплика). $Pron_{ИС}$ во рамките на постојните можности во дадениот говор е усогласена со соодветната ИС по род и број. Останува да видиме колкава е и каква е диференцијацијата на споменатите можности за категоријално усогласување.

Најкарактеристичната дативна клитика *му* ја наоѓаме на целата разгледувана територија. Главниот проблем е токму во проширувањето на доменот на нејзината употреба. Во еднина таа ја истиснува клитиката на женски род *ѝ* што ја наоѓаме денеска само на западниот и на источниот крај од опишуваниот ареал. Карактеристично е дека и од двете страни (т.е. до источната граница на *и* во Преспанско и до неговата западна граница во долновардарските говори) во „дативни" позиции се појавува *а* (сп. ги погоре примерите, сп. и Видоески, 1965, карта 23), т.е. има синкретизам D = A во женската парадигма. Не е исклучено дека токму тој синкретизам, кој претставувал пречка во комуникацијата, придонесол *му* да се генерализира како показател на дативниот однос и во женски род (сп. за тоа Видоески, 1965, 41). Како и да е, големиот централен дел од разгледуваната територија го зазема денеска токму *му* за сите три рода. Во множина *му* направило уште поголема кариера – го наоѓаме насекаде со исклучок на североисточната периферија каде што уште се чува старото *им*. Во таа ситуација *му* – барем кај определените дескрипции – може да се сфати како главен показател на граматичката посредна зависност на именската синтагма од глаголот. За натамошното проширување на неговите функции сп. подолу.

А.б. без заменска реплика: *Затóс сéфте и свéно и за сфjа̀ молúме и сполајвúме Госпутóму.* МДЦ, *Токо шчо вéл'а óти чињàје жлé лудúтим, от ка и на црквáта кладóе рáка?* МДЦ, *Рéче Госпоúно наш Рúстос апостолúтим тогóви:...* МЕЦ, *...óти мóжи да дóјде нојчáта апостолúти тогóви, и да го крáде, и да рéче алаустотóму óти óжи от умренúти...* МЕЦ, – тие се сите сигурни примери што успеав да ги најдам во Мазоновата збирка текстови од Бобоштица. Мошне е карактеристично дека ниту еден од нив не потекнува од приказните кои можат – барем така се чини – да се сфатат како поспонтан одраз на месниот говор. Примерите, имено, потекнуваат од официјалниот говор на Д. Цанко (два) и од преводите на евангелието од истиот тој Д. Цанко (три, од кои два во иста формула, во инципит на една Христова парабола). Покрај наведените, има уште понекој двозначен пример каде што би можело да се постави прашање дали имаме работа со адвербална или со адноминална позиција. Сп., на пр.: *Н-éсти дóбре да се зéми љàбо челjàтам, и да му се фàрли кученишчáтам.* МЕЦ, или: *Влjäс тува от ж-урве врапчинката Госпутому д-изваде очити лудитим.* МЦ – и во двата случаја синтагмите *љàбо челjàтам* и *очити лудитим* можеме да ги толкуваме како „генитивни" (спореди ги во вториот том, бројните примери на синтагми од таков вид); при такво толкување отсуството на реприза би било граматички оправдано. Од друга страна, во двете реченици предикатските изрази имплицираат дативни објекти и од семантичка гледна точка таквото толкување се чини поприфатливо. За првата реченица имаме паралела во денешниот официјален превод на евангелието која гласи: *Не е добро да се земе лебот од децата и да се фрли на кучињата* - двозначноста и овде се чува. Најпосле, треба да се земе предвид и можноста за грешка настаната во услови на паралелно постоење на двата типа синтагми; од решавачко значење тука би можела да биде и стриктно линеарно сфатената синтагматска позиција, т.е. фактот дека GD-формата се наоѓа во постпозиција со именката, а не и во непосредно соседство со глаголот. Како и да е, од сето речено јасно произлегува дека во Корчанско определените дескрипции во функција на дативен (индиректен) објект мошне ретко се појавуваат без реприза и дека таквото појавување можеме мирно да го сместиме на маргината на системот. А еве ги другите – насекаде доста ретки – примери на определени дескрипции без реприза: *Немчија пýшчи лаф на Русúја.* МСЦ, *Шчо сакаш да ти дам, вéли цáро на Мáрко...* МСЦ, *Чупата го вúде тáтко му да грéди, ýрва дóлу да го чéка, и вéли на тáтко му:...* МСЦ, *Фáти о тој брáво, да о зéам, вéли Трéската на офчáро. МСЦ, ...и не се молéа на Гóспо.* МСЦ, *Одгóре вéли éдна звéзда на цáр Дивит:...* МСЦ, *А чýпата вéли на Јóсиф...* МСЦ, *Éдно ýтро, вéли аскетúјата на áнгело:...* МСЦ, *Вéли Мáрко на гýшчеро:...* МСЦ, *Éден кирацúја 300 кóјни дáва на Бéле Костурјáнче...* МСЦ, *Хàјде на пóпо остáна нúвата.* МСЦ, *Јакýф, тóи свé на Гóспо се молéше...* МСЦ, *И та жéната се нал'ýти, го истýри л'éбо на псúте...* МСЦ, *...вéли курбечúјата на стáрио.* МСЦ, *Сéтне нéстата и дарúваше кóшуље, чóрапи на тéтин, на тéта, на стрúна, на стрúко.* ШД – со оглед на поширокиот контекст во последниот пример роднинските термини можат да се протолкуваат и генерички – се ра-

боти за расказ како станувала свадба, а не за некоја конкретна свадба; натаму: *... трéбаше да пи́шиме пи́смо и да о дájме на мójата прија́телка и́ли на негóвјо при́јател.* ШД, *Нели е ќеф на старите, и нели е адет зингин су зингин да си зеват...* УЕ, *или јаска или он утре пак кажал момчито на дивојката.* УЕ, *Тýрчин ади́н прапрудава́л пýшки на-кумѝтто...* ПК – пак една линеарно двозначна конструкција како оние од Бобоштица, меѓутоа од Кукушко имаме и еднозначни примери, приведувам според Пеев (ПК1, 296): „ *...* иако ретко, во материјалите среќаваме примери со индиректен предмет без заменски проклитики: *– нăмóже ас нă-Кúро дă-дам имóт; – óште сто ли́ри пáри нă-дéтто дáват; - она дáла углáмникут нă-Лýуто; – Лýуто нăправи́л сăндáко и ричéл нă-дéфо: стој да-гу-измéрме; – ти да-ма-дадиш, само углáмнико да-н-ō-дájш на-дéфо.“* А еве ги примерите од збирката на Верковиќ: *Тогас увр'ајката поверова на неговите ланжа...* В, *Тјанака на мајка и́ вели́ши:...* В, *... и тогас мајка и́ поверувала, ча човек имаши на софрата, којто не оставиши на керка и́ да јади сос рахат.* В, *... дојдоха ламините падари, ги собраха мулитата, без да рекат нишчу на јунаците.* В, *Тогас тојнака вели на ламјата:...* В, *... и вели на д'атету:...* В, *... утринта станýваши, на Бóга си мóлиши...* В, *... виа, шчо длагóвати на мój господáр ету тóлку гроша...* В и натаму: *... ви са мóља еднá нóга по-напрéт да ми платѝти парѝте, шчо длагováти на мój господáрот...* В, потоа: *... áма нифтјá да расипи и хатăрот на господáро му...* В – се гледа дека синтагмата *мој господар* можела да се интерпретира и како инхерентно определена; натаму во истата приказна наоѓаме и: *„от човéци гу собрáхми, на ѓáвола гу дáвами“* и уште еднаш: *„нá, на ѓавола гу дáвати“* – се чини дека инхерентната определеност на референтите како *ѓавол, бог, господ* и сл., а можеби и формалната петрификација на соодветните наследени синтагми не е без врска со релативно честото отсуство на заменските реплики во синтагмите конституирани од овие и од слични именки. Натаму: *... извади́ еднá ше́па алтăни, дадé на дветé мáлки и на женáта и речé:...* В, *Тогáс гимици́ата речé на товá грамати́к:...* В, *Тогáс стóката, цифаи́рите си́чките га дадéа на цифаирци́овите дéца.* В, *И такá останá при́каз да са прикажýва на свéтот.* В, *... си оти́де аф домá, без да кáжи ни́шчу на жéната му.* В, *... тихи́са тјáнака да кáжи на мájка и́ такá...* В, *... ама булáким на детето да нé си чи́ни ни́шчу.* В, *Вечерта донели софра на царјувата керка...* В, *Владиката заедноч чини афорезмо и гу пеа: кој да има откадени карагрошите му, да é афоресан.*

... пусна жената му на владиката да гу викни да пеи некоја молитва на детету... В, *... фати тојнака, чини еди́н поклон на владиката и му вели...* В, *Авцоли, кату чу така, одр'ави на цар'у:...* В, *... и чул така, кога ламјата порăчоваши на неин бăрзоходец.* В, *И останала нив'астата со сé царчина на авцолиа.* В, *И сос млогу молење на Господа, шчо са молиха, Господ му даде по едно по едно три деца.* В, *Зема човекот пăрстенот, отиде, гу даде на цар'ут и му рече така...* В, *И така дадох зор на мајка ми да ми кажи, дали имам татку.* В, *... ету и они дојдоха, са поклониха на цар'ут и му вел'ат:...* В, *„цар'у, как можиш от песок вăжи да чиниш на тиа л'уди?“* В ...

Од приведените примери се гледа дека отсуството на клитиката не е ретка појава, иако низ целата територија доминираат конструкции со реплика. Се чини дека фреквенцијата на удвојувањето до некој степен е индивидуална особина на одделни говорители; се чини, исто така, дека во правец кон исток незначително расте бројот на неудвоените синтагми; најпосле, се чини дека некои формални, површински фактори влијаат врз отсуството на клитиката. Тоа се: отсуството на сегменталните (лексички, морфолошки) експоненти на определеноста (т.е. инхерентната определеност на соодветните синтагми), како и присуството на постпозитивната „присвојна" дативна клитика (од типот: *рече на татко му* место *му рече на татко му*, и сл.).

Сепак, сумирајќи, уште еднаш треба да повториме дека определените дескрипции во позиција на индиректен објект речиси редовно се придружени со заменските клитики. Во системите на повеќето говори токму присуството на клитиките е главен показател на односната позиција. Во централниот дел од јужномакедонскиот ареал генерализираната клитика *му* ја загубила способноста да сигнализира род и/или број и прераснала исклучиво во показател на синтаксичката позиција, нешто како подвижна падежна наставка. Малубројните отстапувања стануваат малку пофреквентни во источниот дел од ареалот. На запад не само што речиси и не ги наоѓаме, туку наоѓаме и хиперкоректни конструкции како, на пр., *Сéтне му влегóа на Стáмбол.* МСЦ, каде што локативното *на* е придружено со *му* како граматичкото.

За нашето идно толкување на претставената слика на механизмите на граматичката зависност во јужномакедонските говори не е неинтересно да одбележиме дека и меѓу илјадниците примери на определени дескрипции во позиција на индиректен објект сретнавме само две со обележјето /-anim/, и двете истовремено /+abstr/, т.е. и двете деривирани конструкции. А имено: *Му чина пошча јунаствутому твоје* МЦ и *. . . увр'ејката поверова на неговите ланжа* В.

Б. НЕОПРЕДЕЛЕНИ ДЕСКРИПЦИИ

Б.а. со заменска реплика: *. . . и насáди лóзје . . . И му го дáде л'ýдим да му го рабóте . . .* МЕЦ, *. . . и лозјéто жа му го дá дрýгим л'ýди работлúви . . .* МЕЦ, *И тој му се óтсви, и му рéче енéму от тúа: . . .* МЕЦ, *Му вéли éден óд ни на дрýг: . . .* МСЦ, *Éден му вéле на éден áга.* МСЦ, *Éдна жéна му бúло мáка да рабóта . . .* МСЦ – последниов пример е двозначен – ако е *на* испуштено од невнимание на запишувачот, тогаш тој спаѓа во разгледуваната категорија неопределени дескрипции; меѓутоа, судејќи по некои други конструкции најдени во иста, збирка текстови, поверојатно е дека имаме работа со антиципација на називот на семантички појдовен, а синтаксички спореден аргумент (сп. пошироко подолу, § 1.4.), во стандардна парафраза: 'си била една жена; ѝ било мака да работи . . .'. Тука спаѓа формално и конструкцијата: *. . . и му кáза на нéјни другáри, шчо одéа да зéмат невéстата: . . .* МСЦ, меѓутоа, поверојатно е дека имаме овде работа со инхерентно определена

синтагма (ситуациона определена дескрипција). Натаму: *И нели кажахне дека на никуј не му си кажал?* УЕ, *Царот му наридил на адно уд измиарте за да гу рани и чува на дивото чувек...* УЕ, *Тогас веки детету му рече на един:...* В...

Како што се гледа, примерите се малку. Меѓутоа, причината за тоа не е синтаксата, туку семантиката. Имено, во односите кои на површината на текстот се реализираат како дативни, прилично ретко се стапува со човек чие присуство барем во даденатаситуација не било најавено порано, а, како што знаеме, при второто споменување називот на референтот веќе се појавува како определен.

Меѓу малкуте примери повеќето се синтагми кои содржат или неопределен член или неговите супститути. Само во првиот пример од Бобоштица не наоѓаме никакви одредби, што наведува на мислење дека можеби именката е употребена генерички па имаме работа со една определена дескрипција без член.

Б.б. без заменска реплика: *...и му велеше ѓти син човѐцки жа се да́ во ра́це гре́шним л'у́ди и жа го уби́е, и пу убиенѐто трекѝо дѐн и́ма да ѓжи.* МЕ, *Ра́зговорил тои на е́ден чо́век...* МСЦ, *...токо и рече да не кажи некому.* МЦ, *...ама пули на никуј да не кажиш...* УЕ, *Умрентујут длаговал на три арнаути по сто гроша...* В, *...и на друг не сам казал...* В, *...не знаиши да дава отговор на некој.* В, *Ама и жената му и би́ла ве́рна стопа́ница та не ка́за на не́кој това́, шчо зна́иши от ма̀жои.* В, *И така́ остана́ла при́каз, да га приказу́ват на сироми́аси човѐци...* В, *...ѓшчи по́вики сироми́х са чини́, а́ма на дру́г не си мо́лиши...* В, *Ми е стра́х да не ка́жиш на дру́к не́кој.* В, *...та ја́зика не сам барли́ва да ида да ка́жа на дру́ги.* В, *...млѓу да са чуваш да не ка́жиш на не́кој...* В, *...ми е стра́х от ма̀жа ми, ча ми пора̀чи на дру́г да не ка́жа...* В, *...извади па̀рстенот, гу даде на един човек и му вели...* В, *...тинака, кога докара таинјут, на кого гу даде?* В, спор. и без очекуваната реплика на повратната заменка: *...фатиха сами да вељат един на друг...* В...

Се гледа дека и оваа група примери е мошне скромна. Ако воопшто врз толку скуден материјал може да се прави некоја генерализација, би требало да се каже дека заменската реплика сразмерно почесто отсуствува кај неопределените отколку кај определените дескрипции. Меѓу примерите во групата Б.б. само два се без експоненти на неопределеноста. Во еден таков пример од Бобоштица, т.е. во дативната синтагма *гре́шним л'у́ди*, привлекува внимание фактот дека само една од компонентите на синтагмата – придавката – е со дативна наставка. Таквото економизирање на категоријалните експоненти (односно, во друга формулација, отстапување од принципот на категоријалната конгруенција) го забележивме веќе во врска со акузативните синтагми (сп. погоре). Се чини дека имаме работа со определена тенденција карактеристична за етапата пред целосното загубување на синтетските падежни форми. Сп. ги во врска со тоа и стандардните вокативни синтагми како *почитуван директоре!* или *почитувани колега!* и сл.

Пред да поминеме на поширока анализа на експонентите на дативниот однос во јужномакедонските говори, би сакала да ги соберам

поважните фактори што влијаат врз присуството/отсуството на заменско удвојување на „дативните" синтагми. Во светлината на горепривedените примери се работи, пред сè, за следниве моменти:

– лингвогеографскиот (интерференциски) фактор – релативно често е удвојувањето во западните отколку во источните говори. Попрецизно речено – тоа е најзачестено во македонските говори во Албанија, веројатно не без албанското јазично влијание. Синкретичниот дативно-генитивен (= кос) падежен облик во адвербална позиција се карактеризира токму со удвојувањето;

– инаку овој синтаксички момент – адвербалната позиција за разлика од адноминалната – при идентичност на другите експоненти – низ целата разгледувана територија го издвојува дативниот од генитивниот однос; сп. подолу за дативните синтагми без глагол;

– присуството на членот (определен или неопределен) или на другите сегментални експоненти на определеноста (заменски придавки, броеви и сл.) – присуството на тие елементи повлекува порегуларно, речиси без исклучок регуларно удвојување, додека таканаречената инхерентна определеност, исто како и немаркираноста по определеност/неопределеност, често е корелирана со отсуството на заменска реплика. Сето ова наведува на заклучок дека се работи за еден површински механизам кој не е диригиран од семантичката структура на соодветните искази,

– посебен случај претставуваат веројатно прилично фреквентните зацврстени синтагми од типот *моли се богу/на бога, господу/на господа,* коишто се повторуваат механички, без осовременување на механизмите на граматичката акомодација,

– најпосле, релативно често отсуствува удвојувањето во синтагматски низи каде што тоа би довело до двојно појавување на соодветната дативна клитика, т.е. во конструкциите како: *. . . на татко му му рече . . ., . . . и рече на мајка и . . .,* и сл.

Земајќи ги предвид наведените огради, можеме мирно да констатираме дека удвојувањето на дативниот објект претставува узуална норма во сите јужномакедонски говори.

Наредниот проблем на којшто треба да му се посвети прилично внимание кога станува збор за таканаречениот дативен објект е фактот дека ниту функционалната зона ниту формалните експоненти на соодветниот синтаксички однос не се издвојуваат остро во одделните дијалектни системи. Се работи како за алтернативна рекција на извесен број глаголи така и за површинско поклопување на експонентите на стариот дативен и генитивен, дативен и акузативен и, најпосле, дативен и локативен однос.

Пред да почнам со редење примери, би сакала накратко да се потсетиме на овде прифатеното толкување на наброените односи. И така:

– под дативен однос подразбирам граматичка зависност од глагол на една именска синтагма оформена или како синтетски падежен облик што по формата го континуира стариот датив или како

предлошка конструкција составена од граматичкиот предлог *на* и од таканаречениот casus generalis; семантичко јадро на односот е релацијата меѓу предикатот и неговиот втор (= не појдовен) персонален аргумент;

– под генитивен однос подразбирам граматичка зависност на една именска синтагма од друга именска синтагма; зависната синтагма по формата или го континуира стариот датив (по исклучок – в. подолу за заменскиот систем на Бобоштица – генитив) или пак има облик на предлошка конструкција составена од предлозите *на* и/или *од* и од casus generalis; семантичко јадро на овој однос претставува широко сфатената релација на присвојноста;

– под акузативен однос подразбирам граматичка зависност од глагол на именската синтагма оформена или како синтетски падежен облик што го континуира стариот акузатив (кај називите на живи суштества од машки род – на синкретичниот GA) или како таканаречениот casus generalis или како предлошка конструкција составена од предлогот *на* + casus generalis; семантичко јадро на овој однос претставува релацијата меѓу предикатот и неговиот втор по хиерархија аргумент со материјален предмет како референт;

– под локативен однос подразбирам семантичка релација меѓу предикатот и/или предикатско-аргументската структура и локализаторот на соодветното дејство; површински се работи за однос меѓу предикатскиот израз или реченицата, од една страна, и предлошката именска синтагма што го именува локализаторот, од друга страна.

Од реченото произлегуваат две констатации од примарна важност за исправното толкување на опозицијата: *дативниот* наспрема *генитивниот* однос во балканските морфосинтаксички системи;

– како прво, дека и двете функции се изразуваат со конструкции што се базираат врз ист синтетски падежен облик,

– како второ, дека двата односа на синтагматски план го користат споменатиот облик во комплементарна дистрибуција: дативниот во адвербална, а генитивниот во адноминална позиција.

Под овие услови, т.е. кога самата позиција и – во принцип – само позицијата претставува сигнал за проценување дали имаме работа со една ИС во дативен или во генитивен однос, мотивирани се и двете развојни тенденции: *а.* покрај надворешниот (т.е. позицијата), секундарно да се формираат (да се реконструираат?) и внатрешните (т.е. во рамките на самата ИС) показатели на функционалната разлика, односно, *б.* двете функционални единици по внатрешната формална структура сосем да се идентификуваат, а евентуалните секундарни показатели пак да ја преминуваат функционалната граница. И навистина, во светлината на горепривдените примери се гледа дека -

– во западниот дел од јужномакедонската територија се зацртува една секундарна разлика, имено, стариот кос падежен облик (датив по потекло) подобро се чува во адноминална отколку во адвербална позиција,

– меѓутоа, сепак, одејќи кон исток, двете функции покажуваат еден ист експонент, т.е. предлошката именска синтагма со граматички-

от предлог *на;* единствената разлика се сведува на фактот дека во западниот дел од соодветната територија во генитивната функционална зона се појавуваат и синтагмите со предлогот *од* (што инаку ја наследиле старата аблативна функција – сп. ја живата, граматикализирана разлика меѓу старата генитивна и аблативна функција во албанскиот јазик.);

– во таа ситуација појавувањето на заменската реплика во адвербална и само во адвербална позиција може да се протолкува како една нова секундарна реконструкција на одвоени експоненти на двете стари падежни функции; видовме дека репликата ги придружува како определените така и неопределените дескрипции, најретка е кај синтагмите сведени на конститутивните именски јадра без член, а утврдивме и дека – од семантички причини – токму таквите синтагми најретко стапуваат во дативен однос;

– привлекува внимание и фактот дека на поголемиот дел од територијата (сп. погоре) репликата е неутрализирана по род и број и сведена на обликот *му*, па овој облик прераснува во централен експонент на дативниот однос; неговото строго определено синтагматско место формално го врзува за глаголот-предикат.

Гореспроведената анализа ја поддржуваат и ја дополнуваат некои интересни симптоми на тотална граматикализација и десемантизација на моделот *му* · ПИ · *на* ИС. Како прво, контекстуално елиптичните искази сведени на дативни именски синтагми се однесуваат како елиптични искази сведени на генитивни синтагми, т.е. не содржат заменска реплика. Сп. ги, од една страна, следниве генитивни синтагми-искази: *По́по опи́тва ни́вата: – Е, мори́ чи́ја си? (. . .) На по́по су. И а́зите ре́коа: – Бре́, в и́стина, на по́по. МСЦ, или: „чи́а ка́шча прода́ваш?“ (. . .) „ету на фала́н траго́вец.“* В, и сл. а од друга страна дативните: *Во се́ло се фали́ла голјäма пла́шча: ко́му двјäсте, ко́му три́ста, на Ал и́ја пет стоти́не. „А зо́шчо на Ал и́ја пет стоти́не?“* МЦ. Значи, од решавачка важност не е карактерот на функционалниот однос, туку присуството на глаголот; клитиката како граматички оператор ја придружува именската синтагма, меѓутоа, синтагматското место за неа отвора финитен глаголски облик. Како второ, знаеме дека, покрај граматичкиот предлог *на*, во македонскиот дијасистем функционира хомонимниот со него локативен предлог *на*. Меѓу другото, предлошките конструкции со *на* се појавуваат до глаголите кои бараат експлицитно да се именува правецот/целта на дејството, при што зоната на употреба на таквите конструкции во јужните говори е поширока отколку во стандардниот јазик. Од друга страна, знаеме дека токму именување, на правецот/целта претставува една од семантичките варијанти на стариот дативен однос. Границата меѓу локативната и дативната доминанта посебно лесно се брише ако референт на соодветната синтагма е човекот. $На_L$-конструкции, за разлика од $на_g$-конструкциите, обично не се придружувани со заменска реплика. Како што рековме погоре, локативниот однос е, пред сè, од семантички, а не и од граматикализиран карактер. Ќе наведеме сега извесен број конструкции чија семантика,

како и отсуството на реплика, ни ја сугерираат локативната интерпретација, иако ни дативната не е исклучена: . . . *не и́дити да си глави́ти на ња́кои чорбаџи́и* . . . В, . . . *не требу́ваши ти́нака да дои́диш на на́с* . . . В, . . . *сега да си ва̀рна на татку ми, он, знам харну, как ке да ми пита, шчо ги чиних парите?* В, *И отиде на един грат, са цени на един стар халваџиа* . . . В . . . Во истите конструкции во другите, а понекогаш и во истите дијалектни системи би можеле да ги најдеме предлозите *кај, у* и *при.* Со оглед на кажаното, станува разбирливо дека понекогаш токму во конструкциите со тие други локативни предлози ќе ја најдеме и заменската реплика како што ја најдовме во веќе приведуваниот еднозначно локативен состав: *Сéтне му влегóа на Стáмбол.* МСЦ. Спор. *Оти́де, му завéде книгáта у мáјка и у тáтка дететóму.* МЦ, *Му оти́де при цáро и вéли* . . . МСЦ, најпосле сп. и: . . . *и му оди прао на царот кај шо спие.* УЕ. Најпосле Вајан во својата монографија на кулакиското евангелие пишува (ВК, 178): „Le datif atone peut anticiper un pronom construit avec une autre préposition que *на* (cf. Sandfeld, p. 193): *шо му писáле за нéгу* „ce qu'ils ont écrit de lui", *му а дáл за ни́х*, et même *му си рéкле мигу ни́х* „ils se dirent entre eux"."

Вреди да се споменат уште неколку конструкции, маргинални, но симптоматични, кога станува збор за разликување/поклопување на експонентите на дативниот и на генитивниот однос.

Во текстовите на Верковиќ наоѓаме еден пример со нетипична рекција на глаголот *благодари: Ахтариног, кату си благудари от детето, му вели* . . . В. Едно од можните толкувања би било дека конкуренцијата на предлозите *на* и *од* во генитивните синтагми му го отворила патот на предлогот *од* да се појави и во една дативна синтагма.

Во споменатата монографија за кулакиското евангелие од Вајан наоѓаме една мошне интересна серија примери, иако авторовото толкување тешко може во целост да се прифати. Го приведувам соодветниот пасус in extenso (ВК, 178): „Le datif atone (. . .) peut annoncer, non le complément du verbe, mais le datif possessif ou l'adjectif possessif accolé au complément: *нé му сă нáшле на снáгата му; ми гу крина́ле Афе́ндот ми; да му би́дат Господи́ново си́но́ви; му сака́ Исусувата снáга;* c'est de même le complément du substantif qu'il reprend dans *бчити на ни́х му си стимни́ле*". Толку од Вајан. Очигледно, неговите примери треба да се разгледаат секој одделно, а пред сè да се договориме за терминологијата. По наше мислење, таканаречениот посесивен датив може да се толкува како аргумент на еден тип предикати, т.е. да врши функција на индиректен објект, да биде претставник на овде разгледуваниот дативен однос. Се работи за една дијатетичка варијанта на конструкциите со прав генитивен однос (како одраз на релацијата на сопственоста или релацијата дел ~ целост). Сп., на пр., *Ја бакнав неговата рака.* наспрема *Му ја бакнав раката.*, или: *Влеговме во неговата канцеларија.* наспрема *Му влеговме во канцеларијата.* и сл. (сп. Тополињска 1986). Значи, поимите „complément du verbe" и „datif possessif", по наше мислење, не се разделени (= се вкрстуваат) и може да се однесуваат на една иста конструкција. Да пристапиме сега редум кон анализа на примерите.

Во примерот *му сака́ Исусовата сна́га* имаме работа со чист дативен однос, сп. во современиот официјален превод: *... го помоли за Телото Исусово.*

Во примерот *о́чити на ни́х му си стимни́ле* зависната синтагма *на них* врши генитивна функција (т.е. се јавува место очекуваната присвојна придавка), додека *му* е прав дативен аргумент, експонент на релација дел ~ целост. Присуството – во истата конструкција – на генитивна и на дативна синтагма, и двете со ист референт, може да прави впечаток на редунданција, но тој тип редунданција не е редок во македонскиот текст; ист семантички модел, mutatis mutandis, наоѓаме во многубројните случаи од типот: *татко му му рече...* и сл. Современиот превод гласи: *... но очите им се замрежија...*

Мошне интересен е примерот *да му би́дат Господи́ново си́но́ви* - клитиката *му* го удвојува дативниот по функција аргумент *Господиново* (= *на Господа*) оформен како присвојна придавка. Интерпретацијата е еднозначна, бидејќи предикатот 'е син' бара еден таков аргумент, а истовремено во начинот како е оформена конструкцијата наоѓаме една плус потврда (сп. во вториот том) дека посвојната придавка е функционален еквивалент на синкретичниот G = D. Современиот превод, исто така, е со присвојна придавка: *... им даде можност да станат синови Божји.*

Во примерот *ми гу крина́ле Афе́ндот ми* се среќаваме со таканаречениот етички датив кој всушност претставува еден неимплициран од страна на предикатот дативен аргумент (сп. § 1.3.1.2.4.), но може и да остави впечаток на удвоена посесивна клитика. Во официјалниот превод имаме овде: *... го кренале Господа мој...*

И најпосле, примерот *не́ му са́ на́шле сна́гата му* навистина содржи редундантно удвоена посесивна клитика, резултат на површинското судирање на експонентите на *G* и на *A*. Современиот превод: *... и не го нашле телото негово.*

3.1.2.3. Површинско разграничување на акузативната/директна и дативната/индиректна зависност од предикатскиот израз. – Во светлината на спроведената анализа јасно се зацртуваат разликите меѓу одделни падежни односи, како и различната системска „длабочина" на тие разлики. И така, додека односот D vs G наоѓа чист и строго граматикализиран одраз во разликата на површинската синтаксичка позиција (адвербалната vs адноминалната), разликата D vs L се одразува во регуларноста на граматикализираните експоненти на дативот наспрема нерегуларните, непосредно семантички мотивираните експоненти на локативниот однос. Вреди на ова место да се потсетиме и дека граматикализираната релација меѓу N и D, посегнувајќи до нејзините семантички корени, ја оценивме како релација меѓу првиот и вториот персонален аргумент ангажиран во дејството. Во овој контекст релацијата што е овде во центарот на нашето внимание, т.е. опозицијата D vs A, ги има следниве одлики:

– на семантички план – примарно претставува опозиција меѓу предметниот (имперсонален) и вториот персонален аргумент; меѓутоа,

земајќи предвид дека персоналниот аргумент – инклузивен наспрема предметниот – може вторично да се протолкува како предметен, во практиката имаме работа со една привативна опозиција: втор персонален vs предметен (а не и задолжително имперсонален) аргумент (и двата надвор од привилегираната позиција на првиот персонален аргумент);

– на синтаксички план – или, можеби поточно, на морфосинтаксички (= формален) план – сме соочени со една граматикализирана опозиција која се остварува во адвербална позиција, и тоа – како што веќе беше речено – надвор од привилегираната позиција на појдовниот аргумент; поедноставно и потрадиционално речено – се работи за опозиција меѓу т.н. директен и индиректен објект, т.е. за две меѓусебно најблиски функции во разгледаниот состав на падежните односи. Ни останува да проследиме како и колку се разликуваат експонентите на двете функции на јужномакедонската територија.

Тргнувајќи од горепривединот материјал, можеме да утврдиме дека и составот и строгоста во разграничувањето на експонентите соодветно на D и на A варираат; тие првенствено варираат на оската запад–исток, во согласност со повеќето други досега разгледувани поделби на таа територија.

Одејќи од запад кон исток, среќаваме прво, во Корчанско, една зона на максимално строго разграничување благодарејќи на присуството на синтетскиот синкретичен D. Присуството (кај одделни имиња на живи суштества) на синтетскиот A = G претставува во оваа ситуација само секундарен сигнал за разграничување на двете функции (D vs A) на именските синтагми. Од секундарно значење – барем за категоријата граматичка зависност („падеж“) – е и заменската редупликација. Мошне интересна појава е можноста – доста често користена во текстот – дативниот однос да биде сигнализиран дури на нивото на синтагмата (т.е. да не се одразува врз конститутивниот член на синтагмата). Мазон, оценувајќи го од гледна точка на именската парадигма, го вика таквото решение „datif indiqué“ (за разлика од „datif fléchi“) и го илустрира со примерите: *енéму, сóму, парветéму стáрец, брат, арамúја* (МЦ 54), *сóму, енéму, парветéму мјäсто, сáрце, лозје* (МЦ 62), *сúјам стáрци, арамúји, столóви* (МЦ 54), *трам, сјäм, парвјäтем мáјќе, книúге, сéстре, машчéје* (МЦ 60), *сјäм, трам, парвјäтем мјäста, сáрца, лóзја* (МЦ 62). Во истата категорија, datif indiqué, Мазон ги става и членуваните форми со постпозитивен променлив член и непроменлива именска база, т.е. типот: *старцúтим . . ., мајкјäтем . . ., сарцетóму . . ., местáтам . . .* (ibid.). Како што се гледа, Мазоновите парадигми се дефективни согласно со состојбата во текстовите. Имено, женските именки во еднина немаат datif indiqué, а ни машките ни женските го немаат типот со непроменлива именка и променлив член. Од друга страна, во множина не постои datif fléchi, т.е. именките што се јавуваат без член и/или друга определба не се способни да го сигнализираат дативниот однос. Со оглед на фактот дека множинските именки без определба не се способни ни за изразување на акузативен однос – оваа е точката каде што површински двете функции се поклопуваат, односно и двете остануваат без експоненти.

Одбележувајќи го тоа, треба сепак веднаш да кажеме и дека во текстовите не најдовме ниту една реченица со реализирани два објекта, и двата множински, и двата без определби. Се чини дека – од семантички причини – таквите реченици би претставувале голема реткост во сите стилски регистри. Да се потсетиме и дека во текстовите сепак најдовме еден пример на datif fléchi во множина, името примерот: *И му го да́де л'у́дим . . .*, меѓутоа, примерот не е сосем „чист" – присуството на заменска реплика сугерира дека можеби се работи за определена синтагма, т.е. за грешка наместо *л'удитим*; семантичкиот контекст ги допушта и двете интерпретации. Како и да е, ќе повториме дека во Корчанско двата објекта, т.е. двата типа синтагми зависни од предикатскиот израз, јасно се разграничени, и тоа без прибегнување кон аналитички решенија. Вреди да се одбележи дека Куртјад, кој стигна во Бобоштица половина век по Мазон, затекнал речиси иста ситуација. Имено, тој констатира присуство на посебна форма (во неговата симболика C_3) „en fonction de complément datif (toujours avec redoublement du complément) ou de complément possessif." Courthiade 1988, 145).

Одејќи понаисток, веќе во Леринско и во Костурско се среќаваме со неколку појави од принципиелно значење за системот на експоненти на граматичката зависност на именската синтагма од предикатскиот израз. Се чини дека нашиот материјал ја одразува и динамиката на соодветните процеси, па ќе се потрудиме да ги редиме и со оглед на факторот време.

Како прво, морфолошки се раздвојуваат генитивната (адноминална) и дативната (адвербална) функција; остатоци на старите синтетски дативни форми наоѓаме уште само во адноминална позиција; ова е посведочено, пред сè, во монографијата од Шклифов од Костурско. Со губењето на морфолошкиот датив и со оглед на многу тесниот круг именки што поседуваат морфолошки акузатив – се работи за некои лични именки од машки род – опозицијата A vs D може да дојде до израз само со помош на аналитичките конструкции. И навистина . . .

Како второ, се појавува „граматичкиот" (= во граматичка служба) предлог *на*; тој е редовен носител на дативната функција, но навлегува и во акузативната. Во најстарите во нашиот корпус текстови на Мазон од Леринско и Костурско уште не ја наоѓаме акузативната *на*-конструкција. Како единствено навестување на подоцнежниот развиток можеме да го приведеме примерот: *Што ќе ме јајиш на́ мене, ка́жва та, о́стај ме, да се зго́ја,* МСЦ Неолани – приведувам поширок контекст за да нема двоумење дека се работи за акузативен однос; тешко е да се градат какви било заклучоци врз еден единствен пример, па не сме во можност да оцениме колку е симптоматично дека тој се однесува на една лична заменка. Како и да е, во подоцна запишаните текстови од Кузев, Малецки, Шклифов, Минков таквите примери се множат и насекаде се позачестени кај синтагмите придружени со заменска реплика. Шклифов дури експлицитно вели: „Кога . . . е членувано име, винителна местоименна форма или лично име, в повечето случаи пред него стои предлогът *на* който подчертава определеността. Това јавление е харак-

терно за . . . Пополе, Нестрамско и Костенарията: *Јáска гу ви́ду на Сте́фо дъ се́чи дъ́рва. Гу утепáя нъ́ дéтто зъ́ ични́шчо. Гу вjáхум на кóнут. И ви́дух на ни́х.*" (ШК, 123), а на друго место, под наслов „Особености в синтаксиса": „Когато прякото допълнение в изречението е членувано, пред него стои предлогът *на*, който подчертава определеността: *Јáс виду дéте* (неопределено). *Јáс го ви́ду на дéтето* (определено). *Рáна волови* (неопределено). *И рáна волóвите* (определено). Това явление е разпространено в Пополе и Долнокостурско." (op. cit. 13). Истиот тој Шклифов во истите тие говори забележува и една друга интересна регуларност. Имено, тој констатира дека *на* отсуствува во троаргументните конструкции со дативен аргумент застапен со клитика, на пр.: *Му го утепáе мъ́жо. Му е заклáја чýпата. Му и звéе óфците. Вълците му и изедóе óфците.* (ibid.).

Пред да ги формулираме нашите заклучоци, да се потсетиме на уште еден релевантен момент. Имено, како трето, ние веќе завлеговме на територија каде што дативната клитика ја загубила способноста да ги сигнализира категоријалните разлики по род и број и е сведена на непроменливата морфема *му*.

Во светлината на приведените примери, а и на искажувањата на монографистите, предлогот *на* во акузативна конструкција прво навлегува во синтагми конституирани од именки, додека во заменски синтагми го среќаваме дури во Еничевардарско и поисточно. Во тој контекст осамениот Мазонов леринси пример е уште поиндикативен.

Претпоставената слика наведува на заклучок дека со губењето на синтетските падежни форми носители на категоријална информација за граматичка зависност од глагол стануваат (*а.*) предлогот *на* и (*б.*) заменските клитики.

ad a.

– На дел од територијата и/или во дел од конструкциите (= на југозапад, кај заменките) *на* е сигнал на дативен однос, т.е. претставува основно средство за површинско разграничување на директниот и индиректниот објект,

– Одејќи понаисток, *на* прераснува во генерализиран сигнал на објектна конструкција (= на граматичка зависност од глагол, граматичка импликација од страна на предикатскиот израз); меѓутоа, барем во Преспанско, сè уште е присутна свеста дека тој е примарно сигнал на дативен однос – за тоа сведочи интересната опсервација на Шклифов (сп. погоре) дека присуството на дативна клитика (= на индиректен објект) оневозможува *на* да се појави во акузативни конструкции. (Имаме, значи, на пр., *Вълците му и изедóе óфците*, но не и **Вълците му и изедóе на óфците* бидејќи последната конструкција би била во најмала мера двозначна, со јадрената синтагма *офци* како кандидат како за дативен така и за акузативен објект.).

– Во функционалната еволуција на *на*, покрај географскиот, треба да се земе предвид и факторот време, односно двата момента да се разгледуваат во најтесна меѓузависна врска. Имено, во Дојранско и во Кукушко Пеев го наоѓа *на* кај двата објекта, иако тоа е порегуларно кај

дативниот; во Богданско, според сведоштвото на Малецки, *на* останува во рамките на дативната конструкција, додека во збирката на Верковиќ, а и во кулакиското евангелие го наоѓаме не ретко и како експонент на акузативен однос. Целата слика сугерира дека *на* во акузативна конструкција се шири во говори кои трпат поголема интерференција од страна на несловенските балкански јазици, пред сè на грчкиот (т.е. во говори каде што наследениот словенски морфосинтаксички систем е во повлекување).

ad b.

– Покрај *на*, на целата територија функција на показатели на објектни односи вршат и заменските клитики. Според сведоштвото на текстовите, се работи за еднонасочна имплікација: присуството на заменска реплика еднозначно сигнализира дека сме соочени со една објектна конструкција, додека отсуството на репликата не мора да биде показателно.

– Додека присуството на репликата ја сигнализира граматичката зависност од глагол како таква, морфолошката форма на таа реплика кажува со кој од двата објекта имаме работа: со акузативниот (директниот) или со дативниот (индиректниот); и ова разграничување главно важи за целата територија, иако, на пр., во кулакиското евангелие срекаваме и примери на мешање на акузативните и дативните клитики.

– Разграничувањето е најостро на големата централна територија којашто познава само една единствена дативна клитика *му*; не е случајно тоа што оваа територија во голема мера се поклопува со територијата (сп. погоре) каде што и кај двата објекта е присутен предлогот *на*. Во таа ситуација клитиката *му* станува нешто како подвижна наставка на дативот.

– Гореприведените репрезентативни состави на примери, како и сведоштвата на монографистите, јасно одразуваат извесна асиметрија во удвојувањето на акузативниот и на дативниот објект. Имено, „дативот" се удвојува почесто, и тоа како во однос на апсолутниот број на конструкции така и во однос на бројот на синтаксичките позиции опфатени со удвојувањето (се работи за сите именски синтагми чиј конститутивен член е придружен со определба). Порегуларното удвојување на дативните конструкции не е особина само на јужномакедонските говори ниту е само македонска особина. Истата таа асиметрија во полза на дативот ја забележуваме и во сите други балкански системи. Во богатата стручна литература за балканската редупликација наоѓаме регистрирани и други интересни паралели. И така (1) удвојувањето е насекаде пофреквентно кај референцијално употребените именски синтагми, а меѓу нив, пред сè, (2) кај определените дескрипции, натаму – (3) пофреквентно е во синтагмите со персонален референт, пред сè (4) со машколичен референт. Сето тоа како да го потврдува нашето антропоцентрично толкување според кое дативот е втор (покрај номинативот) падеж наменет за персонален аргумент (= за формализација на називи на човечки – живи? – суштества ангажирани во релациите за кои станува збор). Културниот фактор и тематиката на анализираните тексто-

ви се одговорни за фактот дека почесто имаме работа со машки отколку со женски „јунаци".

– Не е за потценување ни фонетскиот фактор, имено редуцираниот систем на опозиции по „боја", т.е. по висината на артикулацијата, кај неакцентираните југоисточни македонски вокали. Соодветните процеси го засегнуваат и вокализмот на заменските клитики. Доаѓа до совпаѓање на кратките дативни и акузативни форми за прво и второ лице еднина, т.е. – со оглед на тоа дека долгите форми од порано биле сведени на една – до целосно изедначување на косите форми на основните лични заменки. Ова фонетско изедначување има многубројни морфолошки реперкусии како во множинските парадигми на соодветните заменки (сп. погоре) така и во парадигмите на заменките за трето лице. Така, на пр.,

ски род еднина е изедначена со акузативната; сп. ги, на пр., во збирката на Верковиќ многуте конструкции од типот: *Мајка ѝ ја вели: . . .*, и сл., т.е. конструкции кои – слично на горепривелените корчански – сведочат за живата разлика меѓу адноминалната и адвербалната позиција која се покажува поважна од постарите разграничувања на зоните на употреба на G, D и A. Не смееме да заборавиме дека самата тенденција кон заменска редупликација се зародила во парадигмите на личните заменки. Оттаму доаѓаат и различни сигнали на бришење на површинската граница меѓу директниот и индиректниот објект. Меѓутоа, додека првата тенденција била во функција на обновување на експонентите на семантички релевантните системски разлики и како таква била прифатена ширум балканскиот јазичен свет, втората – обратно – ги нивелира функционално релевантните разграничувања и затоа треба да ја сфатиме, не како средство за обнова на наследените дистинкции, туку како симптом на потемелна реконструкција на соодветните системи под несловенското балканско влијание. Цела низа интересни примери на такви појави во Солунско наведува Пеев во статијата за заменскиот систем во јужните говори (Пеев 1988б). Примерите што нè интересираат нас овде доаѓаат од кулакиското евангелие и од записите на Милетич од селото Ватилак, т.е. токму од говори кои трпат големо грчко влијание. Се работи (*1*) за ширење на споменатата кратка акузативна форма за женски род еднина */j/a* во функција на општ показател на директниот објект (т.е. – *mutatis mutandis* – во полна паралела со дативното *му*). Приведувам според Пеев (op.cit., стр. 120) „. . . од Кулакија: *Гувóри Исус ем á ричé на нéа: . . ., И на жéната а вéлеа: . . ., И он а ричé на них: . . .*"; од Ватилак (op.cit., 121): „. . . свăкрăвата ке а даваше две свешти . . ., . . . напкун тија на мојата дружина а вел'ат . . ., . . . и как ги виде сестра ми . . . дојде тăрчаки до там. И га вел'ам: . . ." Меѓутоа, во Кулакија формата */j/a* се јавува (*2*) и како универзален показател на акузативен однос; еве уште неколку примери од статијата на Пеев (стр. 120): „. . . *и правѝ кал ут пл'унката, да му а липѝ кáлот уф óчите на слéп'от . . ., А видóхми на Афéндот . . ., . . . дýри а викáле на тáтку му . . ., Кóга бех јас су них на сфéтут, јас а чуáх на них су ѝмито сфој . . ., . . . фăрлиле грѝпут . . . и а викá на них . . .*" Во светлината на двете серии примери */j/a* ни се покажува како генерализиран експонент

на објектниот однос како таков, меѓутоа, се работи само за тенденција, а не и за некое додржано правило. Во записите од Ватилак тенденцијата кон бришење на границите меѓу двата објектни односа зема и други облици. Имено, (*3*) машката еднинска клитика *го* може да го антиципира и дативниот однос, сп.:
(Пеев, ibid.), и паралелно множинската форма *ги* може да ја удвојува дативната конструкција, сп.:
и сл. Сумирајќи го овој преглед на регистрираните клитички супституции, треба да се каже дека под грчкото влијание се губи претставата за падежната (родовата, бројната) заменска парадигма, а дативните и акузативните клитики претставуваат само несреден инвентар на подвижни показатели на релацијата на граматичката зависност на именската синтагма од предикатскиот израз.

Во врска со мешањето на експонентите на акузативниот и на другите типови на зависност вреди да се приведат и интересните забелешки на Вајан за состојбите во кулакискиот говор. Зборувајќи за употребата на повратните заменски клитики, тој вели: „. . . pas de différence entre *си о́ди* et *о́ди, си мо́ли* et *мо́ли . . .*“, ги наведува во тој контекст и *си летна́, си никне́, си умре́,* па продолжува: „La présence de *си* donne volontiers au verbe intransitif un sens indéterminé . . .“ и натаму: „De cette utilisation constante, mais facultative, du tour réfléchi, il devait résulter des confusions entre les anciens verbes réfléchis et non réfléchis, et aussi entre les verbes transitifs et intransitifs, factitifs et non factitifs . . .: *пла́каши . . .* et *си пла́ка́ . . ., расплака́ . . ., развикна́* ‘il cria’ au sens de *си развикна́; зачуди́ле* ‘ils s’étonnerent’ . . ., *радува́ла ‘s’est réjouie’ . . ., да си утки́нат . . .* Le verbe *(да) утки́ни* signifie ‘sauver’ et ‘être sauvé’ . . . Dans *да си сто́ити на у́мут . . .* il doit y avoir eu substitution du verbe d’état *сто́и* à son factitif bulg. *ста́ви,* disparu et remplacé par *(да) кла́ди,* ou bien du tour transitif à un tour intransitif *да ви сто́и . . .*“ (ВК, 233).

Служејќи се со прилично шематизирана идеализација, би можеле на следниов начин да ги прикажеме експонентите на граматичката зависност од глагол во одделни јужномакедонски говори (оската: запад → исток):

КОРЧАНСКО	*ДО: /д/ + Д* *АО: /а/ + А / /а/ + CG*
КОСТУРСКО, ЛЕРИНСКО, ПРЕСПАНСКО, МЕГЛЕНСКО, КАЈЛАРСКО, ЕНИЦЕВАРДАРСКО, ДОЈРАНСКО, КУКУШКО	*ДО: му + наCG* *АО: /а/ + /на/CG*
ЛАГАДИНСКО, СЕРСКО, ДРАМСКО	*ДО: /д/ + наCG* *АО: /а/ + CG*

(Објаснување на симболите: *ДО* – дативен однос, *АО* – акузативен однос, *Д* – синтетски датив, *А* – синтетски акузатив, *CG* – casus generalis, *д* – дативна клитика, *а* – акузативна клитика, / / – факултативен елемент.)

Толкувајќи ја претставената шема, не смееме да заборавиме дека таа – како секоја шема – апсолутизира една динамична слика. Имаме работа со еден динамичен континуум на синтаксички процеси никнати и поттикнувани под притисок на разновидната интерференција. Тој континуум – кој денеска веќе во географска смисла не постои – го апсолутизирале за нас монографистите. Меѓутоа, и покрај сите тешкотии со кои се соочуваме при реконструкцијата на целиот тој комплексен сплет процеси, доста јасно се зацртува основната развојна тенденција. Тоа е тенденцијата кон обновување и кон засилување на површинските експоненти на дативниот однос наспрема којшто акузативниот се наоѓа во позиција на послабо обележен член на една привативна опозиција. Ми се налага заклучокот дека таквата состојба се должи на персоналниот карактер на дативниот аргумент.

1.3.1.2.4. Dativus ethicus. – Посебен проблем претставува таканаречениот dativus ethicus. Тој е една прагматичка, метатекстуална категорија, прва таква категорија со која се среќаваме во овој наш опис, па пред да се концентрираме директно на него, ќе го објасниме накратко нашето толкување на поимот „метатекст". Впрочем, пошироко за овој поим и за синтаксичките зафати што се кријат зад него ќе стане збор во § 1.6.6.

Во текот на јазичното комуницирање, пред сè во усното кажување, а и во (поархаичните и помодерните) наративни стилови, се случува често авторот/говорното лице да комуницира со читателот/слушателот над главите на јунаците на прикажуваната случка. Токму ова комуницирање на релацијата: испраќач ~ адресат на коминикето, комуницирање кое обично носи авторски коментар на сметка на прикажуваните настани, т.е. на основната фабула, на основниот текст, ќе го викаме метатекст. Тоа има и свои зацврстени клишеа, познати, пред сè, од народната усна литературна традиција, како што се обратите *арно ама . . ., видел што видел . . .* и сл. Во овој состав стилски потези, што во некои стилови се просто автоматизирани, спаѓа и dativus ethicus.

Се работи за директно апострофирање на учесниците на говорната ситуација со помош на дативните клитики на личните заменки за второ и (поретко) за прво лице. Со овој троп учесниците на говорната ситуација како да се повикуваат за сведоци на прикажуваните збиднувања, се изнудува нивната емотивна ангажираност во тие збиднувања. Меѓутоа, од граматичка гледна точка, метатекстуалните дативни синтагми не се зависни од соодветниот „текстуален" предикатски израз ниту референтите на тие синтагми можат да бидат во функција на неговите аргументи.

Пред да го претставиме нашиот предлог како да се толкуваат таквите дативни синтагми, еве неколку примери од јужните македонски говори: *И тој влјäзе внатри в-одејата при зеѓино д-и земи, и ка ти пуле еден човек потпрен во некој пјäт пернице . . .* МЦ, *Чупата, ка отиде да земи тенжерата, нат портата ти виде еден скепар . . .* МЦ, *Тој вјäна кóно и се шета дур го шкумбóса кóно. Ти ви́дви е́ден чóвек со е́но ма́ре . . .* МЦ, *По тра дојде пијењо опет и се спомјäна и рече: „Согва го биј,*

чеј да бијем и тој друјо". И отиде ти го набуфта така добре, и сени си ленја. МЦ . . . Интересно е дека во Мазоновите текстови од Бобоштица конструкциите од овој тип ги наоѓаме кај одредени информатори. Се налага заклучок дека тие спаѓаат во индивидуалните стилски особини на раскажувачот. Интересно е и тоа дека Мазон во својот француски превод или сосем ги испушта метатекстуалните дативни синтагми или ги заменува со соодветните француски метатекстуални елементи, сп., на пр., (МЦ,74) . . . *et voilà qu'il vit* . . . и сл. А еве уште неколку примери од други збирки текстови: *Тó да-ти-бúде ѓáвăлут.* БМег, 'се покажа дека тоа бил ѓаволот', *Кój ти-тéре пиперки, кój ти-тéре, нúкуј, ги-јслуруват уф-ендеко.* ПК, *Слет-мáлко, já-ти-ј тúи лувцúјте прадурáчо* . . . ПК, *Ја-т-јóо идe.* ПК . . .

Сите приведени примери се главно од истиот тип – клитиката *ти* како да заменува цел еден надграден исказ упатен на адресатот на текстот; таа треба да се чита приближно вака: 'ти кому го кажувам тоа, внимавај, сега доаѓа нешто важно/необично . . .' Значи, во дативната клитика треба да видиме аргументски израз зависен од еден површински неостварен надреден предикат 'кажува', 'се обраќа' и сл. При ова толкување лесно ќе разбереме зошто метатекстуалниот датив посебно често на површината на текстот придружува предикати од семантичкото поле 'гледа', т.е. се појавува во моменти кога јунакот на нарацијата треба да забележи нешто од решавачко значење за натамошниот развој на настаните.

Малку поинакво толкување, „поблиско до основниот текст", треба да им дадеме на вметнатите дативни клитики во дијалогот. Сп. ги примерите како: *Остави-си дéцта тýк нéка-ти ýчат* ПК, *Дека ти сам видел јазе тебика?* В, . . . *јазе ти сам твој мăж* . . . В, и сл. Секој од трите примери (впрочем како и секој нареден што би можеле овде да го приведеме) малку се разликува од останатите. Во првиот воведувањето на *ти* сугерира дека соговорникот се појавува во таканаречената улога на бенефициенс – тој ќе имал корист од фактот дека децата му ќе учат; вториот пример најјасно се надоврзува на претходната серија – соговорникот се повикува како сведок на некоја поранешна средба; најпосле, во третиот пример *ти* ја потсилува семејната врска сигнализирана инаку со *присвојната* заменка *твој*. Меѓутоа – што е моментално за нас поинтересно – трите примера имаат и нешто заедничко – на семантички план: насекаде иста, надградена конструкција 'внимавај, тебе ти се обраќам', и следствено, и на семантички и на синтаксички план, отсуство на импликација меѓу конститутивниот предикат/предикатски израз и аргумент/аргументски израз кој упатува кон соговорникот, т.е. дативната клитика.

Малку поретко во функција на dativus ethicus се појавува дативната клитика од личната заменка за прво лице. Нејзиното појавување ја подвлекува емотивната ангажираност на говорното лице во настанот за којшто станува збор. Значи, со воведување на едно *ми* настанот се претставува во функција на желба/полза . . ., со еден збор, од перспектива на говорното лице, иако тоа не е во улога на референт на еден

аргумент имплицира од страна на конститутивниот предикат. Сп.: *Мајко, мале, оти смо лăскаш и ми се смејш, е не ми јадиш нишчо?* УЕ, *. . . јок да ми си сториш уд тука . . .* УЕ, *. . . махни ми си от тука, бре човек.* В . . . Тешко можат два примера да бидат основа за генерализација, меѓутоа, се чини дека и овде (како што беше случај со предикатите од типот 'гледа' кај заменката за второ лице) при отсуство на директна импликација има корелација меѓу предикатите од семантичкото поле 'се губи, си оди' и веројатноста на појавувањето на dativus ethicus. Но има и други доста проширени клишеа, сп. го, на пр., стандардното *И ти си ми некој јунак,* и сл.

Најпосле, иако ретко, се случува во еден ист исказ да се појават две метатекстуални дативни клитики, за прво и за второ лице: *Утре на сабајлето кога станува лудо и пуле на кај крушата, шо а имаше убесино кожата уд волот, шо ќи ми ти види: Плно чавки врс крушата . . .* УЕ.

1.3.1.2.5. Други типови на граматичка зависност од предикатскиот израз. – Согласно со нашата досегашна постапка, под граматичка зависност на еден аргументски израз од предикатскиот израз подразбираме морфосинтаксички механизам диригиран „од горе", од семантички план. Со други зборови, семантичката импликација меѓу предикатот и аргументот се остварува како барање аргументот да земе одреден формален облик приспособен (акомодиран) кон обликот на предикатскиот израз (т.е. кон обликот во кој се остварува предикатот). Покрај меѓузависноста на предикатскиот и аргументскиот израз (= „номинативен" однос), досега разгледавме два објектни односа: „акузативниот" и „дативниот". Меѓутоа, во македонскиот текст – иако поретко – наоѓаме и други граматикализирани односи зад кои стои импликацијата: предикат → аргумент. Токму тие ќе бидат сега предмет на нашата анализа.

1.3.1.2.5.1. Дали удвоена позиција на директен објект? – Под овој наслов ќе разгледаме неколку серии конструкции конституирани од предикати кои имплицираат по два предмета (во смисла: не персонални) аргументи, и двата – навидум – во позиција на директен објект. Пред да се впуштиме во дискусија за можната интерпретација, ќе ги наредиме примерите.

'наполнува нешто со нешто': *И нáполни дéсет-петнајсé жени и крéни . . .* ШД, *Ми-нăпăлни́ цéбувуто пăри́ . . .* ПДој, *Искáруве мóмта чéшта ут пáзвăта, нăпăлнýве га вóда . . .* ХК, *Тогас ламјата му напăлна постелката алтăни и перница сос злату* В, *. . . нáпăлни еди́н казáн вóда . . .*, и веднаш потоа: *Кади́ата напăлна́ казáн сос вóда . . .* В . . . Спор. и во други дијатетички варијанти: *Вагóните са наполнаа нáрот* ШД, *Су-ришéто и су-дáрмун нé-сă пăлне вóда.* ДКај, *. . . и си напăлни́ сфáдбата л'ýди.* ВК, *пусн'ăтими варéлит'а да ха нáпалн'а óда.* МВ, спор. и настанато веројатно по пат на атракција: *. . . сóпразни гул'áмата бăнчфа ви́нуту . . .* МВ; или пак: *Глéдаме éдно пóл'је пăлно сáмо автоки́ната.* ШД, *Устăви́ле нóшвăта пăлна чис леп . . .* ПДј.

Овде имаме работа со типичен троаргументен каузативен предикат граден врз предикатот на состојба 'е полн'. Наједноставната парафраза би гласела: *'X го наполнува/полни Y со Z* 'X прави *Y* да биде полно со *Z*', каде што *X* е каузатор/вршител на дејството, *Y* е контејнер, а *Z* она што како резултат на дејството ќе се најде во контејнерот, односно *X* е појдовен аргумент, *Y* е во позиција на директен објект, а *Z*? Користејќи се со досега употребуваните термини, би рекле дека е *Z* втор предмет (= не персонален или, поточно, не задолжително персонален) аргумент (= втор аргумент на основниот предикат 'е полн') кој по своите формални одлики прави впечаток како да е и тој во позиција на директен објект – имено, тој се јавува во немаркиран облик, рамен на casus generalis. Меѓутоа, тој е најчесто нечленуван (немаркиран по определеност) и никогаш не добива заменска реплика. Истиот тој аргумент, ако е позитивно определен (членуван), се оформува како предлошка синтагма со предлогот *со* (сп. подолу § 1.3.1.2.5.2.). Оваа дистрибуција на варијантите, да речеме, *полн вода/полни вода* наспрема *полн со водата/полни со водата* не претставува строга граматичка регуларност, но ни се налага како една прилично изразена тенденција со еднозначна семантичка категоријална мотивација.

Во нашиот материјал наоѓаме и специфични варијанти на разгледуваниот предикат што се карактеризираат со построги селективни ограничувања:

'храни некого со нешто': . . . *кукóшк'и гу-ранúла* . . . ПК

'пои некого со нешто': *Па кój ки ви напóи чáша вóда на мójто úми* . . . ВК.

Сите семантички и формални карактеристики овде се исти како кај инклузивниот каузатив *полни (нешто со нешто),* само *Y* е определен како 'живо суштество' или, поточно, 'стомак на живо суштество', што автоматски го определува *Z* како 'храна', односно 'пијалак'.

Најпосле, како посебен случај на разгледаната семантичка структура би можеле да ги прифатиме и предикатите:

'сее нешто со нешто': . . . *ја сјахми нивата бостан.* В и 'полева нешто со нешто': . . . *тáа зграата . . . кут пулúјна злáто* ПК 1:307

Имено, и овде имаме работа со каузација, правење нешто да се најде на некое место; разликата е – обратно отколку кај 'храни' – во послабите ограничувања за *Y* кој овде не е 'контејнер', туку едноставно 'место каде што се наоѓа/треба да се најде *Z*'.

Со други зборови, досега претставените конструкции содржат една градација на каузативи:

'сместува нешто некаде' што опфаќа и:
'полни нешто со нешто' што опфаќа и:
'храни некого со нешто', а и 'покрива нешто со нешто', т.е. 'сее . . .', 'полева . . .'

Се поставува општо прашање како да ги толкуваме каузативите: *а.* дали да навлегуваме во нивната внатрешна семантичка структура и тогаш да ги толкуваме како деривирани конструкции на два ката во

кои врз „основниот" предикат се надградува каузативното 'прави да . . .' *б.* или да се поведеме по нивната површинска реализација и да видиме во нив не хиерархија на две предикатско-аргументски структури, туку посебен вид сложени предикати на кои каузативната компонента им добавува еден аргумент повеќе. Одговорот на ова доста деликатно прашање ќе го предложиме дури откако ќе ги анализираме сите конструкции што ги собравме во овој параграф под паролата „удвоена позиција на директен објект". Засега само да се потсетиме дека во § 1.2.1.1. еден тип каузативни конструкции веќе ги протолкувавме како деривирани, имено оние што се надградуваат врз т.н. именски прирок. Ги има таму со две различни парафрази. Еве уште неколку примери:

'прави нешто да се претовори во нешто друго', '*X* прави *Y* да стане *Z*': *Другију мăс шту гу стáнува у пáтусу, гу прáвими вúну* . . . МС, . . . *ке да ми пита, шчо ги чиних парите* . . . В, . . . *утсјачи едно дăрво и фати сос жената му да гу сечи дăски* . . .В, . . . *да сечиш едно дрăво, да гу чиниш дăски* В, . . . *шчо сакаш чини гу.* В, . . . *шчо гу чини?* В, . . . *Жената му рúбата га гóтви чóрба* . . . В, *Чјучо, шчо кју чиниш дарва-та?* ВС, . . . Спор. и со друга дијатеза: *И са земаха мăж и жена и си чиниха царјуви* . . . В . . .

Како што се гледа од примерите, и овде сме соочени со една ескалација на селективни ограничувања. Најсиромашен семантички е општиот модел каде што *X* е 'живо суштество во функција на каузатор/вршител на дејството', *Y* е 'објект врз којшто се врши дејството' а *Z* 'резултат на обработката на *Y* од страна на *X*'. Меѓутоа, покрај глаголите *чини/прави,* што директно го реализираат овој модел, го наоѓаме и *сечи,* соодветно со *Y* = 'дрво' и *Z* = 'штици' или пак *готви* со *Y* = 'прехранбени артикли' и *Z* = 'манџа, јадење', итн.

И овде, како кај првата група примери, имаме и блискозначна (= речиси синонимна) предлошка конструкција со предлогот *од,* спор. *X-от го прави Y Z* ≈ *X-от од Y-от прави Z.* И во двете конструкции *Z* е најчесто – по самата своја семантичка природа – нечленувано.

Блиски на разгледуваните се идиоматските примери со *Z* = 'парче, дел' и со општо метафорично значење 'уништува, здробува', сп.: . . . *и гу расчéкна два кумáт'а* . . . МС, . . . *заедноч сос сабјата гу чини на протудраку парчинка-парчинка* . . . В, сп. и во посложена дијатетичка варијанта: . . . *детенто гу најдоха две коматја.* В . . .

Втор тип конструкции градени врз именски прирок и како такви споменати веќе во § 1.2.1.1. се оние каде што номинализациите како *дар, бакшиш, јурнек* . . . именуваат функција што *X* му ја налага на *Y*. Се работи за четвороаргументни деривирани структури со парафразата: '*X* на *V* му го дава *Y* како *Z*' т.е. '*X* прави *Y* да биде *Z* за *V*', сп.: . . . *ми докара един чифт ушници јурнек* . . . В, . . . *му дадé перóто дар.* В, *Царјут, кату зема кожата* . . . *му кажа* . . . *на лалата, ча авциолиата му га докара бакшиш.* В . . . Предлошката (?) парафраза би била овде . . . *како дар/бакшиш/јурнек* . . ., пак со семантички мотивиран генерички карактер на синтагмата.

Сите досега разгледани конструкции „со удвоена позиција на директниот објект“ беа со каузативен карактер. Наредните два типа не спаѓаат меѓу каузативите. Тие настанале како резултат на прилично периферни семантички и синтаксички механизми.

Во една група ги собрав стилски маркираните конструкции што се карактеристични за народната литература. Тие се конституирани од повратни глаголи, т.е. „акузативниот“ аргумент (= директниот објект) е кореферентен со „номинативниот“ и неговата позиција е блокирана со т.н. повратна заменка *се*. Меѓутоа, покрај *се* се појавуваат именски синтагми градени според доста необичен и строго одреден модел. Имено, конститутивниот член претставува морфолошка номинализација изведена од ист глаголски корен како и предикатскиот израз што ја конституира целата конструкција. Со други зборови, конститутивниот член на соодветниот аргументски израз не носи нова содржина во однос на предикатскиот израз. Нова содржина донесува придавската определба на конститутивниот член која во таа ситуација претставува задолжителна компонента на моделот. (Сп. за други конструкции со задолжителните дополнителни членови на ниво на именската синтагма, во вториот том). Во мојот материјал најдов три такви конструкции кои реализираат две различни семантички структури.

А. . . . *бога́тиот си разболја́ те́шка бо́лка* . . . В, . . . *си радува́ле ногу и гуле́м ра́дус* . . . ВК . . . Комуникативно еквивалентни, а стилски немаркирани би биле соодветно конструкциите: . . . *тешко се разболи* . . . . . . *се радувале многу* . . . Значи, именската синтагма која навидум ја дуплира позицијата на директниот објект, всушност семантички го збогатува предикатскиот израз, носи чисто предикатска содржина. Имаме работа со посебен вид перифрастични предикати (сп. погоре § 1.2.2.).

Б. *Му са јагнила мӑшко јагне.* В. Немаркираната комуникативно еквивалентна конструкција овде би гласела: . . . *му родила машко јагне*. . . Значи, овде предмет на дуплирање е аргументската, а не предикатската содржина; предикатот ‘се јагни’ е со вграден аргумент и значи колку ‘раѓа јагне/јагнињa’. Именската синтагма *мӑшко јагне* содржински го збогатува вграденият аргумент или, поточно, збогатувањето го носи определбата *мӑшко*.

И во двата случаја имаме работа со стилски маркирани деривирани конструкции каде што уметничкиот ефект се постигнува со разбивање на вообичаената корелација меѓу одделните елементи на семантичката и на формалната структура.

Последната група примери ги поврзува семантиката на синтагмата што ја дуплира позицијата на директен објект. Имено, се работи за синтагма-експонент на количествената оцена на резултатите на дејството. Меѓутоа, не ми е јасно дали исправно ги интерпретирам примерите, а и во случај интерпретацијата да е исправна, сепак зад нив стојат доста различни деривациони механизми. Да ги разгледаме примерите. И во оваа група најдов само три:

(1) . . . *и гу скупа́вами* [scil. тутунот] *ина́ мо́тика* . . . МС
(2) . . . *и гу суби́раме* [scil. тутунот] *ина́ тру́мба* . . . МС
(3) . . . *риба́рино га са́каши ри́бата еди́н грош* . . . В

Ако е мојата интерпретација исправна (т.е. ако се работи за толку тутун колку што се скопува со една мотика и колку што се собира во една трумба), тогаш во првите два примера имаме работа со разбивање на една сложена именска синтагма поради потребите на топикализацијата на исказот. Мислам на хипотетична синтагма *една мотика . . .* и/ или *една трумба тутун*. Според истиот модел во контекстот каде што, да речеме, *компирот* спаѓа во темата на исказот, додека количествената определба претставува рема, од *Собравме една вреќа компир.* би добиле *компирот го собравме една вреќа.*, односно *Од компирот собравме една вреќа.*, и сл. Но, како и да е, двата примера претставуваат деривирани, секундарни, конструкции.

Во третиот пример глаголот *сака* добива контекстуална интерпретација 'цени', 'поставува цена', т.е. соочени сме со еден вид контаминација од **За рибата сакаше еден грош.* и **Рибата му вредеше еден грош.* (сп., на пр., *. . . да си гулиме́и . . . иде́н аршин* ВК, сп. и некои други конструкции приведени во вториот том). И пак, независно од дефинитивната интерпретација, конструкцијата е секундарна, деривирана.

Во сите три примера количествената синтагма определува една апстрактна, генерична мера и е нечленувана.

Да сумираме: сите конструкции што ги собравме во овој параграф се карактеризираат со по две именски синтагми што навидум, со оглед на парадигмите на граматичка зависност во јужномакедонските говори, и двете ја пополнуваат позицијата на директен објект. Меѓутоа, откако ќе ги разгледаме повнимателно, забележуваме меѓу нив низа формални разлики што главно се повторуваат од конструкција до конструкција. Имено, додека едната од двете синтагми се однесува доследно како онаа што го оформува директниот објект (сп. погоре § 1.3.1.2.1.), другата:

– речиси никогаш не прифаќа член ниту други експоненти на категоријата определеност,

– никогаш не е придружена со заменска реплика,

– во системите каде што директниот објект може да биде придружен со граматичкиот предлог *на* никогаш не се поврзува со овој предлог,

– при немаркирана линеаризација на исказот се сместува по правиот директен објект.

Со оглед на таквата нејзина карактеристика, како и на фактот дека сите реченици во кои се појавува една таква синтагма најуверливо се толкуваат како вторични, за деривираните конструкции предлагам да прифатиме токму таква интерпретација и во однос на опишуваната синтагма да се служиме со терминот „вторичен објект".

Вреди да одбележиме (а на таа проблематика ќе се вратиме подоцна, сп. § 1.3.1.2.5.2.1.) и дека во словенските јазици со морфолошки падежи соодветните содржини најчесто се оформуваат како инструментал. Со други зборови, нашиот вторичен објект се однесува како функционален еквивалент на генерично (= без референција) употребениот морфолошки инструментал.

1.3.1.2.5.2. Предлошки предикати – услови на употреба. – Единствениот предлог со којшто досега се занимававме беше таканаречениот граматички предлог *на*$_G$, т.е. оператор на граматичка зависност лишен од каква било одредена семантичка оптовареност. Меѓутоа, *на*$_G$ токму со оглед на неговата функција (граматичка, а не и лексичка) претставува интересен исклучок во зборовната група предлози. Другите предлози, претставувајќи по дефиниција сигнали на граматички зависен карактер на именската синтагма што ја придружуваат, истовремено носат и права семантичка, предикативна информација. Всушност, би можеле да речеме дека предлозите – иако линеарно и прозодиски се поврзуваат со именските синтагми (се однесуваат како проклитики, поретко како енклитики на соодветните *ИС*), функционално ги дополнуваат предикатските изрази, и тоа на две нивоа: семантички, доуточнувајќи ја предикатската содржина, и граматички, служејќи како дополнителни експоненти на глаголската рекција. Следствено, на пр., во исказите како *Иван лежи на каучот.*, или *Иван лежи во постела.*, за разлика од исказот како *Иван лежи.* (т.е. 'не седи, не стои, хоризонтално е спружен') би имале работа не со предикатот 'лежи', туку со неговите просторно доопределени варијанти 'лежи на', односно 'лежи во'. Разликата меѓу простиот предикат 'лежи' = 'зазема хоризонтална положба' и сложените предикати 'лежи на', односно 'лежи во' се однесува не толку на самата релација колку, пред сè, на бројот на имплицираните аргументи: 'лежи на' или 'лежи во' се двоаргументни, а разликата меѓу нив се однесува, пред сè, на начинот-аспектот на просторната локација во однос на таканаречениот аргумент-локализатор, во нашиот пример *н а* (горната површина на) *каучот,* односно *в о* (внатре во) *постела* и сл. Нашиот пример е максимално едноставен; на семантички план присуството на предлошката конструкција може да биде сигнал и на една многу сложена „длабинска структура", сп. ги, на пр., „затворените" конструкции како *лежи в затвор* или *лежи на пари,* кои со метафорично поместување на значењето прераснале во идиоми, а од друга страна, сп. ги истите предлози *на* или *в/во* употребени со глаголските предикати од повисок ранг (= кои бараат до себе апстрактни, номинализирани аргументи), како, на пр.: во, *верува во господа и на таа вера се ослонува,* и сл.

Предлозите носат релациона содржина и *а.* лесно поминуваат од примарниот просторен на временски и најпосле на планот на широко сфатените каузативни релации, а истовремено *б.* често се користат како оператори на номинализација на многу различни семантички структури (односно оператори на трансформација на многу различни формални конструкции). Сп., на пр., *ad a. доаѓам од Скопје* vs *работам од сабајле* vs *лудеам од страв,* и сл., *ad b. верувам во господа* '. . . дека господ постои', 'дека господ со својата лична интервенција ќе ја реши работата', 'дека работата ќе заврши среќно', или *живеам во надеж* 'се надевам', 'ме држи, ме храбри фактот дека се надевам' и сл.

Гореприведените семантички особини, како и фактот дека предлошките предикати по дефиниција директно им се „надградени" на именските синтагми-аргументи на коишто им се придружуваат на синтак-

сички (и на прозодиски) план – сето тоа ги одредува условите на употребата на предлозите и – посредно – на целите предлошки изрази. Имено:

(1) предлошките изрази можат да се појават во текстот во функција на аргументи имплицирани од страна на главниот реченичен предикат, т.е. да бидат граматички зависни од предикатскиот израз, сп.: *Живеам во Скопје., Се качувам по скалите., Си играм со топка., Го полнам шишето со вода.*, и сл. Токму поради оваа функција на еднонасочна граматичка зависност од предикатскиот израз и се задржавме тука на природата на предлозите и токму со разгледувањето на оваа функција ќе го продолжиме нашиот опис; сп. ги и предлошките трансформи на реченичните аргументи како *Размислувам за одење., Верувам во неговата чесност., Се борам со стравот.*, и сл.;

(2) предлошките изрази – како формализации на комплетни предикатско-аргументски структури – можат да се појават во функција на дополнителни членови на речениците неимплицирани од страна на предикатскиот израз. Сп.: *Заминав од Скопје пред две години., Дојдов кај него со голема желба да му се допаднам., Во очај му се јавив по телефон на X.*, и сл. Таквите предлошки изрази најчесто претставуваат стегнати (кондензирани) варијанти на реченици, па ќе ги разгледаме во вториот том);

(3) најпосле, предлошките изрази се појавуваат како дополнителни членови на именските синтагми, сп.: *човек со брада, капак од тенцерето, дрвја до реката*, и сл. Таквите синтагми претставуваат стегнати варијанти на таканаречените релативни реченици – ги разгледавме во вториот том.

1.3.1.2.5.2.1. Предлошки изрази во функција на имплицирани аргументи од страна на предикатскиот израз. – Не е секогаш лесно да се одреди кога имаме работа со еден аргумент директно имплициран од страна на предикатскиот израз, а кога со деривирана реченична конструкција во која предлогот придружува аргумент врзан со предикатот што останал без репрезентација во површинската структура на текстот. Така, на пр., *Донеси вода за баба ти.* може да го протолкуваме како директна варијанта на *Донеси ѝ вода на баба ти.* само со незначителни поместувања во комуникативната хиерархија, или пак како 'донеси вода што ќе ја употребиме (на неизјаснет начин) за баба ти', и сл. *Отидов да купувам во Центротекстил.* може да се толкува или како 'отидов во Центротекстил да купам што ми е потребно' или 'тргнав на купување со намера да го купам она што ми треба во Центротекстил'.

Бидејќи не би било умесно многу да го цепкаме материјалот, во овој параграф ќе ги разгледаме како основните така и некои деривирани конструкции, а ќе ги редиме според предлошките предикати.

Конструкции со предлогот СО. – Интерпретацијата на тие конструкции ја засегнавме веќе зборувајќи за т.н. вторичен објект (сп. погоре § 1.3.1.2.5.1.). Ќе издвоиме овде неколку типови конструкции зависно од барањата што им ги поставува на аргументите основниот глаголски предикат:

'некој полни нешто со нешто', 'нешто се полни со нешто' – Споменавме погоре дека оваа релација може да биде сфатена како конверс на јавно просторната релација 'некој сместува нешто ВО нешто' и докажавме дека аргументскиот израз врз којшто во нашата експликација е надграден СО – ако е неопределен, генерички – во јужномакедонските текстови често се појавува без предлог. Ќе ги наредиме сега примерите во кои предлогот е присутен: *А детјѫто Ри́стос растјѫше и си́ла имјѫше пора́ди дӱхо, и бјѫше па́лно со зненшчи́на* . . . МЕ, . . . *та ижлезјѫјте, видјѫјте надвор кожата напалната со слама.* МЦ, *Е́ден сант бјѫше та́мо па́лн со кисели́на* . . . МЕ, . . . *и низами́ти натопи́е со кисели́на сфе́нгер* . . . МЕ, . . . *го па̀лнемеф со сла́ма* ШД, овде може веројатно да се приведе и примерот: . . . *го тоа́рваше ко́н'о со се́какви ра́боти ја́ден'е* . . . ШД, натаму: . . . *и гу пушчат у адна дупка па̀лна су вода.* УЕ, . . . *шо да ви́ди. Са̀те казајна па̀лни су месо а ни адно чувек там нема.* УЕ, . . . *ето ти ја жена му на урачут, су адна тепција па̀лна су зелник.* УЕ, . . . *а́ј ќи-ј ра́нме де́цта се́ нибли́бии и сӱ гро́зде, ќи-ј-жа̀кол'ме.* ПК, . . . *с'е́тн'а ја пула́ват ши́чката тапс'а́ са́с ма́слу* . . . МС, . . . *да и́дими да това́рими каза́но со́с пари́те.* В, сп. ја и следната секвенција: *„о́ј кади́а ефенди́а . . . на́па̀лни еди́ќ каза́н во́да та кла́ди гу каза́нут покра́ј те́бе . . .“ Кади́ата напа̀лна́ каза́н сос во́да, гу кладе́ до не́гу . . . и каза́нот со́с вода́та са турна́* . . . В, спор. и: *Тогас ламјата му напа̀лна постелката алта̀ни и перница сос злату* . . . В, . . . *да̀рвоту е би́ло хра́лопо, хем е било па̀лно сос драгоцени и млогу ска̀пи ка́мини* . . . В.

Како што ја́сно се гледа од овде приведените примери, супстанцијата со која се полни нешто обично останува генеричка, неиндивидуализирана и неидентификувана, па така и во предлошките конструкции соодветните именски синтагми најчесто остануваат нечленувани. Во оваа ситуација тешко може да се утврди позитивна корелација меѓу референцијалната карактеристика на синтагмата и присуството на предлог. Сепак, се чини, оправдан останува заклучокот дека токму генеричкиот карактер на синтагмата олеснува таа да се оформи без предлог, сп. ја познатата паралела во типот: *пиење вода ~ пиењето на водата,* и сл.

Од историска гледна точка се налага дијагнозата дека конструкциите со предлог настанале подоцна и претставуваат обновување на односот 'со' како конверс на 'во', т.е. на една од варијантите на стариот инструментален однос.

'Некој покрива нешто со нешто' – оваа релација, многу блиска со претходната, исто како 'некој полни нешто со нешто', може да биде сфатена како конверс на чисто просторни односи, на релацијата 'некој става нешто врз нешто', сп. ги примерите: *Евре́ите и́мат но́зите покрије́ни со жала́ме, ќо́а вр̀шат. МСЦ, Ча́тијте и по́криваме со ге́рамиди* . . . ШК, . . . *и за минут нивестата а прави адна тенка и висока тапола и су ного гст бршлен а завиткува уд доло ду вршката* . . . УЕ, . . . *за фа̀рли́ш с'ӓм'а на ина́ л'а́ха* . . . *за пукри́ш са̀с ура́луту* . . . МС, . . . *а́ку и́штиш ина́ чизи́ја да са̀с мо́тика́та да гу пукри́ш с'ӓм'ату* . . . МС, . . . *бирик'а́т жина́таму м'а пукри́ са̀с иди́н фуста́н' на ќуше́ту* . . . МС, . . . *тој си облече пак сос дрехите му* . . . В, . . . *и тојнака си зави сос кепету и отиде при царјувут конак* . . . В.

'Некој врши некоја операција со (помош на) некое орудие', 'некој, вршејќи некоја операција, се служи при тоа со некое орудие' – како што покажува нашата експликација, се работи за една сложена релација со произволна хиерархија на двете компоненти. Еве ги примерите: *Н-ем ка стори овено со роговити, с-отвори тинта портата* . . . МЦ, . . . *ме боле коскјäте кајкога да м-име бијено со секавице* . . . МЦ, *На вечерта опет кладе пен на местото тогово, го покри со гуната* . . . МЦ, тука според површинската структура би можеле да ги приведеме и номинализираните конструкции како: *Око не ми јо даде со добро чупата, ж-о зема со луфт* . . . МЦ, *Ишчи да ме зе́ми фила́но со зо́р, бес да гу́ јта јä.* МЦ, *Ако си шчо да ве́рвиш, со верáта сфé се чи́ни.* МЕ, најпосле сп. и: . . . *ви́кна Ри́стос со гла́с го́лем* . . . МЕЦ, *На сетни́о де́н го́лем де́н празникуто́му беа заста́нат Ри́стос и со голем глас вељäше* . . . МЕЦ, . . . Натаму: . . . *гла́вата му се́че* . . . *танк, танк* . . . *со но́жо на́ земи'.* МСЦ, *Е́ден со дулби́јата го пу́ли да не ста́ни.* МСЦ, *Ло́зјата и ко́паме со дике́ли.* ШК, *Та́вани пра́веме со тäрска.* ШК, *Ни́ја ра́ботаме со ча́кан, со миштрија, со при́он, со си́л* . . . ШК, *Сно́пјата и ве́ршеме са ко́ни и моски.* ШК, *Ду́рдо Е́л'басан по́ hose бе́гаме, се́тне од Е́л'басан ду́рдо Ти́рана со афто́кини о́јдоме.* ШД, *Су-ришéто и су-да́рмун не́-са па́лне во́да.* ДКај – мошне интересен пример што ги поврзува двете досега разгледувани „инструментални" релации: 'полни нешто со нешто' и 'прави нешто со помош на нешто' – називот на супстанцијата со којашто се полни некој контејнер се појавува оформен како „нашиот" вторичен објект, со што се одбегнува двојната употреба на СО; натаму: . . . *за да ви́дат на кого ќи гу удри су јабäлкото малото детенце.* УЕ, . . . *кога си а зева пашката уд ралто, си скршува та, п су купраљата, удри, удри дудека не а скапал уд мавајне.* УЕ, . . . *у́дри ус-тä-тујáгäта* ПДој, *Зашо́ ста́рте ус-ста́пче сапутпи́ре, ста́пчето но́го пума́ге на-чувéк.* ПК, *Дујдéл не́кују џанда́р ту́рски ус-ко́јн* . . . ПК, *Тáа ги-вäрзáла ф-по́друмо и зäтнáла им у́ште ус-бубäјк – дä-не-слу́шäт* . . . ПК, *И па́ зака́руве, ти́а зе́тувто: л-бä-лу́п, лабä-лу́п ус-ко́јнто.* ПК, *И ти́а уфчáрто, а-бре́ на-кучи́нта; с-пу́шки пу́кат пу-н-о̄, а-бре́, у-брä.* ПК, *Адна буфтäни́ца ми-дe, там не́где* . . ., *или усла́кут или* . . . *Ако-ј бӯнин, гу-бутурисáл, ако гу-удри́л ус-јумру́ко, у́дран е то̄. Ус-шо́ гу-удри́л? А, бе ус-јумру́ко гу-удри́л. Та-буфнáл тäка́, мä-буфна́ адна́ там не́де уддéх. Или ус-ла́кут или ус-рäка, шо́ би́ло.* ПК, *Ливича́р – äк рабо́те ус-ле́вäта рäка.* ПК, . . . *и така́ м'äстишт'ém хо́ртума́та ја чизилди́суват сäс ку́ката ши́чката нива* . . . МС, . . . *ги ту́рнува́ми у казáн'у, ги вулóсува́ми сäс капáјќу* . . . МС, . . . *ги ту́рнува́ми ко́шуве́ту на зим'áта и фáштами да ринди́ми сäс игла́та* . . . МС, . . . *са напóлн'ува д'éнѓу и гу врäзува сäс сизи́ми* . . . МС, . . . *м'áрими сäс мутуви́луту* . . . МС, . . . *гу чýками на врäх ка́мин'у удго́р'а сас ко́пан'éту* . . . МС, *Иди́н д'éн ги затфóри ме́чката пак така́ сäс ка́мин'у* . . . МС. . . . *иди́н за ка́ра ко́ниту и дру́зиту за утбрäтат сас ви́лата пря́мну* . . . МВ, . . . *с'éтн'а за ви́дат ча ста́на по́др'ебна пл'ава́та, за убрäнат сäс лупáта* . . . МВ, . . . *и да ве́зми иди́н чув'äк драмо́н'ут да гу клад'é на ја́бата и дру́гајут сäс тиники́јата за му ту́р'а жи́туту да сä чи́сти.* МВ, . . . *зäса му́јат сäс о́да* . . . МВ, *Рашта́ ја чýками на враши́луту сäс ко́пани* . . . МВ, . . . *афу́ с'ä т'а ви́д'ах сäс учи́ т'ами, за т'а фäрл'а сäс магáр'анту барабáр у мур'éту',*


МВ, . . . *ала́ са̀ чу́д'аши ка́к да му ка́жи сас кни́га и́ сас у́ста?* МВ, . . . *гу вра̀заха са̀с идна́ хо́ртума* . . . МВ, . . . *с'е́тн'а̀ му ви́кна да̀ха зи́гнат са̀с ва̀нзит'а̀* . . . МВ,. . . *па́к сос они́а пари́ купи дру́га де́сет гими́и* . . . В, *Го́тви дине́ска от не́а ма̀ра да ида́т ма́лките и дру́гата на́соли а сос сол.'* В, *Цар'ут сос кокалиту направи една удаја.* В, . . . *најдоха еден јунак, којто морету гу смра̀каши сос устата му* . . . В, сп. и неколку номинализации: *И така сос млогу марифети и сос млогу лажа са чини царски зет пепеларкинут син.* В, . . . *не оставиши на керка ѝ да јади сос рахат.* В, *Тогас синот му сос мло́гу жал остана разчу́ден* . . . В, *Па, а́ку не ти слу́ши, зе́вај су те́п о́шти иде́н и две́ ми́на; бе́лким суз у́стата две́ и́ли три́ ма́ртири ки сто́и на се́кој ла́ф* ВК (во официјалниот современ превод: *ако ли не те послуша, поведи со себе уште еден или двајца, па со устата на двајца или тројца сведоци нека се потврди секој збор).* . . . *и́лим ва́ бо́лка не́ испа́ги су дру́гут кула́ј, туку́ су мо́лба и су по́ст.* ВК (во официјалниот превод: *овој пак род се истерува само со молитва и пост)* . . .

Разгледаната „права инструментална релација“, што ја протолкувавме погоре како ‘некој врши некоја операција со помош на некое орудие’, со понатамошно експлицирање на хиерархијата на вградените овде основни предикати може да се сфати како ‘некој *(X)* прави нешто *(p)* со некое орудие *(Y)* за да го доведе до определена состојба *(q)* објектот *(Z)*’. Двата предиката *(p* и *q)* во површинската структура на текстот се оформени во еден предикатски израз со *q* како надреден во семантичката хиерархија и затоа површинскиот објект е *Z*, додека *Y* се поместува на втор план како објект на „предлошкиот предикат“ ‘со’.

Во оваа семантичка група примери спаѓа и интересната конструкција од Костурско која покажува дека сложениот предикат *богат,* ‘кој има многу драгоцености работи’, може и на површината на текстот да се оствари како двоаргументен: *Бо́гат со ни́вја и о́фци* . . . ШК.

Останатите релации со експонентот ‘со’ се од доменот на таканаречениот социјативен инструментал.

Директно интересна за нас тука е симетричната релација која по дефиниција ангажира двајца рамноправни партнери од кои едниот е претставен како поважен со оглед на комуникативната хиерархија на текстот. Симболично можеме тоа да го запишеме како: ‘*X* е во релацијата *p* со *Y*’ што е конверс на ‘*X* и *Y* ги врзува симетричната релација *p*’,



синтагми поврзани во конјункција и усогласениот со нив глаголски облик во множина, од што може да се деривираат конструкциите: $ИС_1 \cdot В$, со $ИС_2$, односно $ИС_1$ со $ИС_2 \cdot В$ или пак $ИС_2 \cdot В$ со $ИС_1$, односно $ИС_2$ со $ИС_1 \cdot В$,



на пр., *X и Y разговараат,* ~ *X разговара со Y,*
раат, или пак *Y разговара со X,* односно *Y со X разговараат.* Со други

зборови, да повториме: предикатот *р* имплицира два еднакво важни аргумента; во формализацијата која ја воспоставува комуникативната хиерархија на тие аргументи вториот од нив зема облик на предлошка синтагма *со*^{ИС}. Еве ги јужномакедонските примери: *И царо со весјо милет се подведије, се карстије, и сетни кладе вјанец со чупата и се кердосаје.* МЦ, *Го арекса много детјато буренико и вељаше сам со себе:* . . . МЦ, *Јас бе двајсет гудине чупа, кога се замилва со можут ми.* ШК, *Се наплодѝа брато со сестрата.* МСЦ, *Кои да пули от пенцерата: еден деликалнија со жената збрва* . . . МСЦ; сп. ги и интересните примери: . . . *да се удриме гас со гас.* МСЦ, *Зашчо једна жена, вели, откраде брдачи, земја со земја се краде* . . . МСЦ, во францускиот превод на Мазон соодветниот пасус гласи: ce n'est que de la terre qui vole de la terre . . . Натаму: . . . *убао поминамеф ние со србите* . . . ШД, сп. и: . . . *са милваа еден со друг* ШД *или Еден со други са загинаме.* ШД. Натаму: *Су-свалејнту у-Скопја са-најдемă су-Владу Цебуф. Са-здрăувамă, чинимă.* БМег, . . . *кату-Суфијка как не-а-видѐк и ние су-теп не-ќи-са-вијме толку време?* БМег. *Он утишол у адно село и там си спугодил со адно поп* . . . УЕ, *Таче, јаска сакам да си мăжам за адно дете шо е најубав у светот и шо ти не гу имаш видено, макăр да си стретнал су ного момчијна ду сеа.* УЕ, *Горе Штемница, Рамна биă кумшѝи, Алексуво, ус-тиă грăничăхме.* ПК, *Е, ка пучнаа дă-că-спремăт вујните: Бугăрто и Сăрбăто, Гăрците дă-că-бит căс-Турцте* . . . ПК, *А пă таа сестра-му зăл'убила-се căснекуј Арапин.* ПК, *Кату свăрши татко му порăката, са прости сос сичките приатели* . . . В.

Сп. ја и интересната конструкција од Преспанско: *Со брат ми Германа си пишемеф писма* . . .; . . . *за една пенда земја брат со брат са биемеф* . . . ШД – во првата реченица повратната заменка *си* го пренесува предикатот 'пишува' во овде разгледаната класа 'си пишува со'; во втората реченица конструкцијата со СО ја потенцира необичноста на борба меѓу браќа: . . . *брат со брат са биеме* . . ., т.е. 'ние што сме браќа сепак се биеме . . .'

Вреди да се подвлече дека некои од разгледаните симетрични релации можат да се изразат и со помош на други конструкции, исто така предлошки, што повлекува извесни поместувања во комуникативната хиерархија на комуницираните содржини. Сп., на пр., . . . *áку ни дójда дур нузѝ вр'ăм'а, да са ужéниш за друк с'ётн'а.* МС, и сл. Рековме дека моделот *X се жени со Y* наспрема *X и Y се земаат,* значи, воспоставување на јасна комуникативна хиерархија на аргументите, т.е. давање на приоритет на *X*. Се чини дека моделот *X се жени за Y* значи натамошна деградација на *Y* кој се споменува овде само за да се доѝскаже што станува со *X*.

Навидум слични конструкции како оние со симетричните предикати создаваат и други глаголи-експоненти на предикати кои можат да прифатат втор симетричен аргумент, но не го имплицираат. Се работи за разлика како во *Петре разговара со Јанета.* наспрема *Петре руча со Јанета.*, и сл. Предикатот 'разговара' подразбира два партнера, додека предикатот 'руча' имплицира само еден вршител на дејството, така

што горниот наш пример изразува всушност конјункција збогатена со додатниот просторно-временски предикат 'заедно' и може да се парафразира како: *Петре и Јане ручаат заедно.* Еве ги јужномакедонските искази што содржат такви деривирани, кондензирани конструкции со предлогот *со*': *Па та́ка сла́бе зборвја́је и арами́ти шчо бја́је ставроса́ни на е́но со не́го.* МЕЦ, *На то́зи врја́ме, носја́је со Ристо́са и два слаби л'у́ди за да и раси́пе.* МЕЦ, *. . . ни́ти е́но ко́жле не ми ари́за за да се ра́два и је со приетели́ти мо́ји . . .* МЕЦ, *. . . и Јо́сиф и мајка́ му не разбра́е со́зи, зо́шчо му се семња́ше о́ти е́сти со дружцина́та . . .* МЕ, *И царо со весјо милет се подведије . . .* МЦ, *Мајка́-му со чупја́те одја́је за лоф . . .* МЦ, *Бја́гај отту́ва да не ти ви́да очи́ти со све маш'.* МЦ, *Со Сте́фо ке о́јме да́рва да се́чиме го́ре на Ви́чо.* ШК, *Сто́јат л'у́ѓето, не иза́шле, си се́дат за́едно со лио́тите.* МСЦ, *Тогај ќе сле́зи Ри́стос со ангѐлите . . .* МСЦ, *Три́ста годи́ни о́ди Јо́ван со́ ни, со ѓа́волите . . .* МСЦ, *Ти́ја, ма́јката со си́но и со мӑжо, бега́а ота́мо . . .* МСЦ, *. . . са зго́ди и Ге́рман со́ нам да е́т во па́мпуро* ШД, *. . . па́ пу́шка ми-дӑде́ја а па́ су-анда́рто тӑрчка́ме.* БМег, *. . . та́ зми́јта, а-исфӑрли́ли су-се́ кӑва́лчту . . .* БМег, *. . . не-та-уста́вмă на-ми́ра, мо́ра, да-рӑбо́тиш су-на́с.* БМег, *. . . дај ми а кутлата да мериме лири су брат ми.* УЕ, *. . . удвеј чикала да испадни царовта ќерка, су детето, за да видат на кого ќи гу удри су јабӑлкото малото детенце.* УЕ, *. . . ошче аднш мајката да разврти су детето . . .* УЕ, *. . . шо ќи видат? Нејната снаја су адно дедо.* УЕ, *. . . бе́гат бугắрто, и о́ни бе́гат с-на́с бӑрба́р.* ПК, *Па́ удде́л де́тто сӑс-пӑрчо . . .* ПК, *. . . удде́ме ус-Ми́то, ус-си́н-ми, зӑ-кирми́ди.* ПК, *Е, и́дат ут-та́м, де́тто сӑ-чини́л а́јн зага́р, о́дӑт ус-мӑјка́-му.* ПК *. . . си ги ра́бут'ähми и ни́фкит'ă сӑс ма́јка . . .* МС, *. . . и с'ă̆д'äха ва́зи д'е́н сӑс жина́таму.* МС, *Ка́рат, ка́рат, ка́рат сӑс ко́н'чату . . .* МС, *. . . гу з'е́ва и н'е́гу н'е́тр'ă да сӑс мума́таму бараба́р ги кла́ва у кукуша́рнику да с'ă̆д'а́т.* МС, *. . . за по́да сӑс о́луве́ту да му да́м о́да да ти́јат . . .* МВ, *. . . и тӑј гу зи́гна сӑс мага́р'ăнту и по́пут и гу фарли́ н'е́тр'ă у мур'е́ту.* МВ, *. . . иди́н по́п ути́ди на удини́цата . . . сид'äха сӑс дирминзи́јата . . .* МВ, *. . . утсјачи едно дӑрво и фати сос жената му да гу сечи дӑски . . .* В, *. . . сос них за носја камини, дур да битиса цă̆рквата . . .* В, *. . . и о́ни бе́гат с-на́с бӑрба́р.* ПК, *Ус-ни́х сӑ-удили́ме ош ут-се́лто.* ПК, *Бил ма́лко ус-кумите́то . . .* ПК, *. . . на́ште би́а пушти́ли гувѐта, бра́т-ми с-друга́ре о̆т та́м де́к би́ă ти́ă уко́пи . . .* ПК, *Е ма́мо ни́ă ќи-с-игра́јме с-не́го.* ПК, *. . . мума́та там јад'е́, пи́ј сӑс измиќа́ркит'а . . .* МС. Соочени сме, значи, со релација'некој прави нешто придружуван од некој друг'.

Посебно треба да се протолкува деривираната кондензирана конструкција 'некој се занимава со некого', т.е. 'некој се занимава/е зафатен со разговор со . . ./размислување за . . . некого'. Овде имаме работа со еден перифрастичен предикатски израз (сп. погоре § 1.2.2.) прилично редок во дијалектната реч. Еве еден пример регистриран од Мегленско: *И о́ни сӑ-занима́а скору-два́јсӑт мину́ти су-не́а . . .* БМег.

Деривиран и кондензиран карактер има и доста фреквентната структура 'некој оди/доаѓа . . ., се движи држејќи/носејќи нешто', сп.

. . . марјáто вичјáше, воло ревјáше, тој со гребенецо скокај от грјáнда во грјáнда . . . МЦ, *На благошвéње отúшол Ангело прú неа со свéќе . . .* МСЦ, *Утúшлă тáм вá, зéлă да-гу-тúске народýт зạ-дạ-влéзе óна пăрнọ и су-бăклавúјта . . .* БМег . . . Интересна каузативна дијатетична варијанта на разгледуваната структура, пак со предлошкиот предикат СО, претставува конструкцијата *пушта нешто со некого,* т.е. 'прави некој некому/некаде да однесе нешто', сп.: *. . . пýсни ми идúн тутáм кúтки сăс Ќел'éшу'. " „н'éмами ни дрýги измикáри да сăс Ќел'éшу?" „јáс сăс н'éгу иштам'. "* МС.

Од исто семантичко поле е и конструкцијата *зема нешто со себе,* т.е. 'зема нешто да го понесе', 'зема нешто за да го има на пат' и сл., сп.:
МЦ, *. . . си и зеват сăте работи су них и бегат уд там.* УЕ, *. . . гу нáјди мáлкуту там д'е плáчиши, гу пужалú, си гу з'é сăс н'éја на рóпката . . .* МС.

Во семантичкото поле на instrumentalis modi спаѓа деривираната конструкција како, на пр.,
тејќи' и сл.,
си шчо да вéрвиш, со верáта сфé се чúни" МЕ, *„Ишчи да ме зéми филáно со зóр, бес да гý јта јă.* МЦ, *Токо да ми дате шчо да ви питам, и јă ода со голјăмо итјăње.* МЦ . . . Семантички блиска е и конструкцијата: *Ти си мајка тому шчо работа со атари.* МЦ, која сепак би ја квалификувала како перифрастичен предикат. Од сличен тип е и непознатата во стандардниот јазик конструкција *некој се чуди* (во смисла 'се восхитува') *со нешто,* сп.:
тојна . . . МЦ.

Посебно внимание заслужуваат дијатетички маркираните конструкции од типот *нешто стана СО некого.* Самата конструкција *што стана/станува?* е општо прашање за состојбите (= самата состојба се оценува како поважна од нејзините протагонисти). Ако сепак сакаме да дознаеме нешто за нечија судбина (нечија состојба), ќе прашаме токму *Што стана/станува со X?,* т.е. *X*-от го ставаме во позиција на објект, а не на субјект на дејството. Сп. ги јужномакедонските примери: *Тој и кажа шчо нгјаниса со царо.* МЦ, *Óн глéда, дăмéк, шó станýва су-диситáрут.* БМег . . .

Врз основа на кажаното, најопшто земајќи, би можеле да заклучиме дека конструкциите со СО формализираат содржини што се однесуваат на придружен фактор релевантен за состојбата/за настанот за кој станува збор. Врз фонот на антропоцентричката теорија на јазикот би рекле дека се работи за аргумент маркиран како /– anim/, за втор по важност во комуникативната хиерархија аргумент со таква карактеристика ангажиран во настанот. Да се потсетиме дека истата таа карактеристика му припаѓа и на вториот предметен аргумент кај предикатите 'полни', 'покрива' што ги чуваат остатоците од старата инструментална рекција. – Врз фонот на локалистичката теорија на падежите би рекле дека СО изразува една релација што имплицира контакт (просторен? временски?) меѓу нејзините термини.

За конструкциите базирани врз предлогот СО, кои претставуваат структури што не се имплицирани од страна на глаголскиот предикат, сп. во вториот том.

Конструкции со предлогот ЗА – Предлогот ЗА ја изразува предикатската содржина 'цел'. Како таков тој најчесто воведува именска синтагма што е во функција на трансформ на една предикатско-аргументска структура чија основна формализација е финалната реченица (сп. во вториот том). Во просторната проекција 'цел' се толкува како 'правец на движење', односно 'завршниот пункт на патот на движењето' или, најпосле, 'предметот што се наоѓа во тој пункт'; во временската проекција соодветно 'цел' се толкува како 'период исполнет со дејството' и/или 'завршниот момент на тој период'; и, најпосле, во рамките на поапстрактната каузална проекција 'цел' се толкува како 'претпоставен резултат на дејството' (nomen actionis), односно 'предмет кон кој е насочено дејството'. Извесен број сложени глаголски предикати содржат во својата семантичка структура соодветни компоненти и, следствено, бараат дополнување во облик на именска синтагма со предлогот ЗА.

Просторна релација одразуваат, на пр., конструкции како ОДИ/ПАТУВА ЗА . . ., или, на пр., ВРЗУВА ЗА . . .; сп. ги јужномакедонските примери: *И ти́ја шчо се боравја́је от сла́бе рабо́те и уздравивја́је, и за тос сва́та улема́ја ишчја́ше да се фа́ти за не́го . . .* МЕЦ (денешниот официјален превод: *. . . да се допре до Него), Сени јо звја́ маж-је за рамо . . .* МЦ, *Ка гредја́ше за до́ма при ашчетија́та, по па́то ста́на е́на ара́ба.* МЦ, (глаголот *грја́ди* го толкуваме овде како 'доаѓа', 'стигнува', сп. го Мазоновиот превод: *il vient* (1936, 407), т.е. како формализација на еден предикат кој имплицира локативен аргумент 'цел на движењето'), *Е́дна ба́шча, е́дни же́ни обе́сени за е́зико.* МСЦ, *. . . а тои врзал за но́гата неве́стата, за да не бе́га.* МСЦ, *Оти́доа го́стите и пу́л'ат: прч вр́зан за јајцата'.* МСЦ, *. . . кинисаја пу адно па́т, шо ојше за адна гулема касаба.* УЕ (според нашата интерпретација, конструкцијата *патот оди за . . .* е еквивалентна со *патот води за . . .* т.е. бара просторно дополнување), *И сјӑ нӑ-лиси́цта ле́кичко, а нӑ вӑлко – то̄ ку́по ка́ о-вӑрза́ла за-па́шкӑта.* ПК, *Е, си-ми́сл'ӑхме па́-ќ-сӑ-вӑрниме за-Кукуш . . .* ПК . . .

Во врска со временската релација тешко може да се зборува за стриктна импликација – *за*^{ИС} ја доуточнува временската определба внесена со категоријалното значење 'идност', сп., на пр., *. . . па́ да-са-зави́е бу́бӑта ќи-ви́диш за-идин-са́т аку но́гу да-ви́е кужу́рци то́гин на-но́га це́лу вре́ме . . .* БМег. Семантичката импликативна врска меѓу „граматичкото време", „лексичкото значење на глаголот" и „временската определба" се чини овде понагласена отколку, на пр., во контекст како: *Су то пусто кавал за адна две недели му искрши носите на сӑте гуведа . . .* УЕ, каде што поскоро би виделе адвербијален трансформ на една временска реченица, нешто како 'и тоа траеше една-две недели', и сл. Најјасна импликација имаме во речениците како: *Нӑ-мужеӑ дӑ-за́прӑт Ту́рците, зӑ-петна́јс де́на зӑврши́ вујна́та.* ПК, и сл., т.е. во реченици конституирани од фазните предикати. Сп. уште и: *. . . пинжи́к з'е́х и дру́ги*

л-а́куви и за у ина́ ѝид'а̀л'а н'е́тр'а̀ ху́баф ста́нах . . . МС, *Д'е́н' за д'е́н' раст'а̀ши ма́лку̀ту и ме́шл'а̀нта́та раст'а́ха.* МС, . . . *господа́рот мло́гу си зарадува́, ча и́ма тако́ф јунак таксилда́рин, извади́ за три́ годи́на му даде́ ха́кот ше́с хиљади алта̀ни* . . . В . . .

Како што рековме, освен во функција на доопределување на просторни и/или временски параметри на предикатот, синтагмата *за*^{ИС} се појавува во цела низа посложени релации со антропоцентричка мотивација, т.е. во ситуации што можеме да ги толкуваме како различни транспозиции на релацијата 'цел' во рамките на човечкото општество.

Една од најтипичните транспозиции е релацијата која би можела да се опише како маркирана, потенцирана варијанта на дативниот однос. Имено, се истакнува дека некој прави нешто, односно нешто се прави во корист на некое друго лице. Еве селекција од многубројните јужномакедонски примери: *Нја̀се пу́шчен за дру́ги, то́ко салт за исгимнатја̀те о́вце кашчја̀тују Исраи́л.* МЕЦ, . . . *поделѝе рубја̀те мо́је за ни́ј* . . . МЕЦ, по пат на метафоризација тука спаѓа и: *То́ко све́те зла жа ви сто́ре вам за имја̀то мо́је* . . . МЕЦ, натаму: . . . *тој жа мартири́са за мја́не.* МЕЦ, . . . *не мо́жа да го да́м ја̀, то́ко е́сти за ти́а шчо е́сти зготове́но.* МЕ, . . . *и то́гва ранентего́ ју́нца за́кла за не́го.* МЕ, *За тја̀с дја̀це се сто́ри измѝка́р у те́бе трие́се годи́не.* МЦ, *Та́тко ку́пи за бра́т ми но́ви че́ли.* ШК, *До́јсејте во́да за Огнена.* ШД, *Ви́кнаф лекар за де́да.* ШД, *За те́бе застана́ти сме.* МСЦ, . . . *и нема́ше за́ ни умира́чка.* МСЦ, *Ри́стос но́мо за владѝците о остави* . . . МСЦ, *Е, има́л Го́спут за-ме́н.* БМег, . . . *те́зи дивојки не́ са за те́бика* . . . В, . . . *наи́стина, за та́ја же́на чове́к са утепу́ва да га зе́ми.* В, . . . *ја́зе га купи́х, ефе́нди, а́ма не за ме́ника* . . . В, . . . *ти са мо́л'а да ми даде́ш де́сет хиљади гро́ша, ча купи́х за бра́та ми една́ ка̀шча* . . . В, . . . *за ко́го го собе́рах-ти това́ има́ни?* В . . . Семантичката врска со дативниот објект е потврдена и со примерите како *„ко́лку-са́каш?"* ПКН, т.е. 'колку сакаш за него', и сл.

Една друга фреквентна транспозиција во која *за*^{ИС} има претежно персонални референти е конструкцијата базирана врз verba cogitandi, dicendi, sentiendi и сл. Сп., *Блацва́ни сте* . . . *ко́га да ре́че слабе за имја̀то ва́ше, за се́беб мој, шчо се сторѝ син човја̀цки.* МЕ, . . . *шчо стја твàрди на сарце́то за да верви́те свја́чќе тја̀зи шчо реко́е профитѝ за Ристо́са* . . . МЕ, . . . *му кажвја̀ше ти́ам свја̀ тја̀зи шчо бја̀је писа́не за не́го.* МЕ, *И за облече́ње не ма́јте те́лко гри́жа.* МЕ, . . . *за ко́ја ду́ша ти ре́кој да дове́иш?* МЦ, *До́бри лафо́ви ве́ле за не́го.* ШК, *За ме́не не ти е жа́л, а́ма за де́тето не ти е жа́л да го о́стаи?* МСЦ, . . . *ним-са-секи́рај за-до́ма* . . . БМег, *Ним-за-до́ма бе́ри гајле́* . . . БМег, *Вла̀дикта ного си нальутил за ва работа* . . . УЕ, . . . *туку да си чинат сабур и за ного друзи работи* . . . УЕ, . . . *јаска са̀м крив за ва работа* . . . УЕ, *Гле́дум оти за̀-ме́н чувек не́мум да̀-ка́же не́ко̄ ду́ма.* ПК, *За-го́це Де́лчув пе́сни пе́ја̄.* ПК, *За тузи́ ми биреш гајле́* . . . МС, . . . *кутри́ за удрумо́ни за тас фо́тографи́ја што́гуди, утино́ш да гу з'е́вати* . . . МС, *ти што́ р'е́чиш за та́с фо́тографи́ја?* МС, *Кату чу́ха св'ато́т за не́говото има́ни, станаха си́чки* . . . В, . . . *тога́с чу́л бра́т му за не́гу* . . . В, *Тога́с то́ј му рече за пари́те* . . . В,

... млóгу жал и́маши, шчó не можá да ви́ди óшчи еднóч роди́телите му, и сé плáчаши за ни́х ... В, *... си и научилу и за драгоцените камени ... колко вредноват.* В, *... шо му писáле за нéгу* ... ВК ...

Од другите глаголски предикати што ја врзуваат *за*[ис] позачестени се уште: *се кара за ...*, сп.: *Са-скăрáја за-кóјзте* ... БМег, *Ама скăрáасе Бугăрто ус-Гăрците зă-Сóлун.* ПК, *... зашто́ са кáрати ви? За тáс мóма* ... МС ...; *се мажи/се жени за ...*, сп.: *... и́шти да сă ужéни д'ăт'ăту за жинáта на кшéнудóхину.* МС, *Ми устави ли на менка и си мăжи за нéкуј друч?* УЕ ...; *благодари за ...*, сп.: *Сéфте нé зне óти трјăби да му сполáјве Госпутóму за многóто добри́не тогóве.* МДЦ, *Фтóро нé зне ка синóви и шчéрке трјăби да сполáјве тáтку и мáјке за галенишчáта и чаластисајнáта шчо и́ме зá ниј.* МДЦ, *Затóс сéфте и свéно и за сфјắ моли́ме и сполајви́ме Госпутóму.* МДЦ, *... млóгу си благодари и славослóвиши Бога за такóв кăсмет* ... В, *брáтку, кóлку за дрéхите, шчо ми дадé да си óблека, благодáрим ти* ... В ... Сп. ги и примерите на спорадична употреба како: *... а хахами́ти и парви́ти на́ши го пресанди́е зá смарт* ... МЕ, во современиот официјален превод: *... дека нашите првосвештеници и управници Го предадоа да биде осуден на смрт* ...

Посебен блок примери претставуваат оние што одразуваат секакви трговски трансакции. Синтагмата со *за* се јавува и во двете основни дијатетични варијанти: *некој зема/купува нешто за нешто* и *некој дава/продава нешто за нешто.* Се работи за купопродажба или за трампа, при што аргументот, кој според комуникативната хиерархија на исказот е од второстепена важност, се формализира како *за*[ис]. Значи, на пр., *Х дава сто денари за книга.*, односно *Х купува книга за сто денари.*, и сл. Ги наведуваме заедно јужномакедонските примери што ги одразуваат двете хиерархии на зделката: *За мáс сáкаш да зéмиш éдна лирá. - Ли́рата даи ми а за канавáзата.* МСЦ, сп. го и интересниот пример со синтаксичка номинализација: *Тои имáше дадéно три ли́ри, за три лáфови шчо наýчи* ... МСЦ, *Бргу донцими адна загија ножици да ти платам и за жабите и за дејто.* УЕ, *... кýп'ах иди́н чéрна кóн' за усимнајси жлăти фрáнги* ... МС, *„гу ни прудáваш ти тфój дугáн' да гу кýп'а јáс?" „гу прудáм дв'ăста ли́ри". И тój гу купóва за дв'ăста ли́ри* ... МС – во последниов пример привлекува внимание фактот што дури при дијатеза која бара оформување на дадената синтагма со *за*, ако таа синтагма претставува единствен /-pers/ аргумент остварен на површината на текстот, тогаш може да се оформи и како директен објект. Се работи за една тенденција присутна во сите македонски системи на граматичка зависност: verbum → nomen, а која може да се формулира како тенденција кон авансирање на секаков /-pers/ аргумент во позиција на директен објект под услов да е тој единствен аргумент од таков вид остварен на површината на текстот. Еве уште неколку примери од јужните говори: *... та затовá чáкаши за да га зéми за тријси пáри ри́бата.* В, *„мари́ жéну, тајá ри́ба га земáх динéска за еди́н гро́ш.* В, *... и пáк не кăјди́сах да дáм еди́н гро́ш за онáја ри́ба* ... В, *Тел'álот фати́ да ви́ка шејсéт хилјáди за кăшчата, друг га артири́са седамдесéт хиљáди, áјде пак*

кăрпа́чинот осомдесе́т хилја́ди. В – во последниов пример пак гледаме една беспредлошка синтагма место очекуваната *за*[ИС], и тоа со остварен анафорски директен објект. Натаму: . . . *а не зна́јаха све́тот, ча о́н га купи́ кăшчата за она́ја дванáјсите де́лви алтăни.* В, . . . *извади́ за три́ годи́на му дадé хáкот шéс хиљáди алтăни* . . . В . . .

Посебно внимание заслужува карактеристичната конструкција која изразува способност/готовност/зрелост некој да врши дејство, односно нешто да послужи за извршување на дејството. *За*[ИС] стои во прирокот и претставува номинализирана формализација на соодветниот главен предикат. Сп.: *От Бóга се стóри сóзи, и éсти за чудéне óпет очи́ти ва́ши.* МЕЦ, *Не мóжеме да пра́име сва́дба без Г'у́птите: ти́ја за свирин'је как са́каш ти сви́рат.* МСЦ,
ка пла́ка дóма јас за-утипа́јне'. БМег, . . . *да́ли ја́ска или ти́ си́ за́ врдза́јне?* УЕ, . . . *и на́ те́пка тóгај ти́ е вре́мито за́ одéјне.* УЕ . . .

Еднозначно дериviран карактер имаат конструкциите од типот: *назначува/избира некого за (да биде) нешто,* сп.:
ше за невјäста éден слап чóвек. МЦ, . . . *ка́ ки-кини́се пу-нéго сва́дбăта óде, óт за́-нивéста да́-зéмăт.* ПК . . .

Од приведените примери добро се гледа каузалната компонента на *за*-релацијата; лабилноста на односот *за некого/нешто ~ заради некого/нешто* довела веројатно до создавање на сврзнички предикати од типот *затоа што* и сл.,
. . . *пóпоа ќéрка ми а дáваи, ја́с не а зéам: за тóа ту́а су.* МСЦ, и сл. И во двата наведени примера составот од предлог и показна заменка *(за тос, за тоа . . .)* сè уште не е сраснат, показната заменка сè уште претставува права реченична анафора и токму затоа добро може да послужи како илустрација на еден од основните механизми што создаваат нови сврзнички конструкции. Пошироко за јужномакедонските конструкции базирани врз причински сврзници сп. во вториот том.

Конструкции со предлогот ОД. – Предлогот ОД примарно ја изразува просторната аблативна релација што би можеле конвенционално да ја запишеме како 'доаѓа од'.
сукцесивно се приклучуваат и 'потекнува од' → 'е направен од',
од',
'е извор на',
толкува како назив на 'место од кое нешто доаѓа',
нешто се прави',
то',
овие релации претставуваат доста компактно семантичко поле и не ретко е тешко да дадеме еднозначна квалификација со која од нив сме соочени во текстот. Земено како целост, ова семантичко поле претставува просторна реинтерпретација на комплекс релации што – гледани од друг аспект – се познати како „широко сфатена посвојност",
том. Наведувајќи ги јужномакедонските примери, нема да издвојуваме одделни релации. Ќе ја пазиме само основната за нас овде дистинкција меѓу *од*[ИС], чие присуство се бара,

ветниот глаголски предикат. Подолу ги наведуваме бараните $од^{ис}$ – формализации на аргументи имплицирани од страна на соодветните предикати. *И сфе́ти Пе́тар су́рва от гимја́та* . . . МЕЦ, *То́ко и кученишча́та ја́де от тролињ́а́те шчо пади́не от тарпеза́та* . . . МЕЦ, *И побја́јна от та́мо.* МЕЦ, *Ако е́сти цар на Исраилтени́ти, не́ка су́рви се́га от кре́сто* . . . МЕЦ, . . . *и от ка ижлего́е от гробје́то по оживејне́то тогóво, влего́е во осфетена́та каса́ба* . . . МЕЦ, . . . *то́ко шчо ижљ́а́зе от вода́та рекја́тој, ви́де рајцепе́не небенишча́та* . . . МЕЦ, *И тој Јо́сиф ку́пи по́кроф, отко́ви тру́по Ристо́соф от кре́сто, го су́рва от кре́сто* . . . МЕЦ, . . . *от коре́мо то́гоф жа те́че рја́ке со жи́ва во́да* . . . МЕЦ, *Марја́то, ка побја́ња от дома, звја́ со себе и кожата валкутому* . . . МЦ, *Помина́је мно́го годи́не от то́гас.* МЦ, . . . *му дадо́је ста́п да се бра́ни од глуји́ти.* МЦ, *Реки́јата ста́ва ут па́ршчи́нте.* ШК, . . . *и да́ исте́раш му́вите ут гла́вата* . . . ШК, *От у́лаф чо́век, ре́че, бе́гај* . . . МС, *Ста́на е́ден ветер парчин'а от не́а напра́ја.* МСЦ, *Ста́ва син му сабајлето да зе́ми за́јре о плевната. Се со́пнуа та́ка от не́а.* МСЦ, . . . *три ми́на зе́ от та́ земја* . . . МСЦ, *Ца́р се опла́ши от чове́ците.* МСЦ, *Евре́ите и де́нес држат на Пам четири́есе чу́пи, да и ра́нат со ше́керо, да се ро́ди от не́а. Ќе се ро́ди о́д ни Анти́христ* . . . МСЦ, *Ски́ни е́ден пе́рдук от кри́лото, пу́шчи го у́ долу.* МСЦ, . . . *са у́дариф от ка́мено* . . . ШД, *Си а у́дриф но́гата од е́дно да́рво* . . . ШД, *Неби́-час, ут-кури́јта испа́ја́т л'у́де, ут-се́лгу, и ни-ви́кат* . . . БМег, . . . *уд-ко́лку виси́на да-па́дне чувек ја́с ќи-гу-причекам* . . . БМег, *И ва́ оти-гла́дна би́ла си-исчи́ла ут-то́-ле́бут* . . . БМег, . . . *па́ја́ идну-кума́тче ут-та́ ба́клави́јта на-та́-ма́чту* . . . БМег, . . . *а ут-та́ сте́л'ка́та тодкуви кума́ти ќи-ќиниш* . . . БМег, *Тија книги попот најного и зевал уд вла́ди́кта* . . . УЕ, *Кога си врнувале уд ка́змак не му си јавувале дома на нејнте* . . . УЕ, . . . *оди да зева уд кумшиите адна кутла* . . . УЕ, *Попот са́мо си чуди как и как да му најде чаре да гу истера Луде и куртули уд него.* УЕ, . . . *и́ напра́ви́ли ќу́рк ут-то́ ва́лк.* ПК, . . . *и ут-та́м пра́с, на́-до́л га́-фа́рли́л на́-лиси́цта.* ПК, *Пу-чувеко напра́ви́л, без о́н да́-ви́де, уд-не́гувите ре́бра иска́рува и напра́ве а́дна же́на.* ПК, *Не ви́кме пи́ска, ка́ла́м. Ас и́-ви́кум ка́ла́м. Ут-кулéнто на́до́л, ка́ла́мо.* ПК, *Ако бл'у́ве изле́ве уднего́ за́ле́но или жа́лто.* ПК, *Цви́ка са́-ви́ке та́а шо́ са́-це́де ут-си́ра́нто.* ПК, *Па́ има́ла ма́шко, не́ко́ де́тинце уд-не́го ро́дно* . . . ПК, . . . *ма́-на́па́ди́а уд-до́ма.* ПК, *А́рн-ама уд-буна́ро изле́ве а́дна ара́пи́на.* . . . ПК, *Санда́лу ста́нува ут п'ет', ут ше́с пра́нчки* . . . МС, . . . *д'ät'ату ут стра́ха са́ пупика́ва* . . . МС, . . . *нив'ä́ста фуста́н'у гу изва́жда ут будру́м'у* . . . МС, . . . *ут што́ со́ј си ти?* МС, . . . *ги изва́жда папу́цит'а ут нуга́та* . . . МС, *Така́ сира́к Кулу́ф загу́би си л'а́бот, побегна́ от ца́р'ут.* В, . . . *сиромáхот направа́ е́дна гими́а се́ от зла́то* . . . В, *„бра́те, от твојта кле́вета и мизавирлак, шчо́ ки чи́ниш на ме́ника, не ми е стра́х на ме́ни.* В, *И така́ излезоха от магази́ата* . . . В, *Тогáс то́ј изваи́ от диса́кот му еди́н такам по-ветки дре́хи* . . . В, *а́ма то́ј, л'у излеза́ от ко́н'ут, заедно́ч зема́ диса́кот* . . . В, . . . *от аскерот ги куртулиса* . . . В, . . . *и куртулисаха от него пчелите* . . . В, . . . *тој на куртулиса от змиата* . . . В, . . . *не можеши веки да си куртулисаш от мојта уста* В, . . . *братите и си бојаха от неа* . . . В . . .

Сп. и неколку примери за проширена употреба на предлогот ОД во југоисточните говори: *Мисѝр кугá ѝштиш да с'äш за ур'éш ни́вата хýбав'ạ ут д'вä, ут три уралá* . . . МС, . . . */плáтнуту/ Гу уд'änáхми ут грибин'б* . . . МС, . . . *ги врäзувам ни́тит'ạ ут пати́трит'а, ги врäзувам карýл'кит'ạ ут ни́тит'а* . . . МС, *Мумáта гу фáта ут ранкáта д'ät'ạнту и му вили́:* . . . МВ, *И сичката околиа отидоха, са поплакоат на цар'ут от них.* В, . . . *гу фати́ ут гаркл'áнот* . . . ВК . . .

Именската синтагма со предлогот ОД ја бараат и сите предикати на споредба оформени како компаративи – таа го именува вториот термин на споредбата, сп.: . . . *и жа бáнди сетни́о плáн послаб от прави́о.* МЕЦ, *Кäту-упéндá, тóдку ли́чна, пýли́чна ут-тéп нéма, ут-та мóмта.* БМег, и сл.

Мошне интересна и карактеристична за македонската синтаксa воопшто е партитивната употреба на *од*^{ИС}. Имено, таа се појавува во слободна, семантички мотивирана варијација со директен објект, т.е. се појавува како една од можните формализации на акузативниот однос.

Познато е дека во македонскиот, како и во другите јазици со член, присуството, односно отсуство, на членот може да се искористи за изразување на опозицијата целост ~ дел на реченично ниво, сп. ги примерите како: *Дај ми го млекото.* наспрема *Дај ми млеко.*, и сл. Меѓутоа, во опозиција со горните две постои и конструкцијата: *Дај ми од млекото.*, каде што *од*^{ИС} има за референт дел од определено, идентификувано количество од некоја супстанција или пак дел од некое идентификувано множество (на пр., *Дај ми од парите.)* и сл. Значи, *од*^{ИС} – како семантички мотивирана варијанта на директен објект – може да стапи во акузативен однос. Соочени сме со прилично ретка кај основните падежни односи и типолошки интересна ситуација присуството на објектната синтагма да биде граматички задолжително, додека нејзиниот облик варира од семантички причини. Тоа е впрочем ситуација обична кај локативните *ИС* (сп. подолу, стр. 121). *Од*^{ИС} осамостоена како директен објект е од секундарно потекло, би можеле да ја реконструираме како **(дел) од* . . . Во јужномакедонските говори таа е доста честа, сп.: . . . *му знајаше отä јéзико и на пили́шчата* . . . МК, *Му знáјеш ти от éзико на гали́ците?* МК – наведувајќи ги, како обично, примерите во правецот од запад кон исток, почнавме со две доста нетипични костурски конструкции *а.* што се однесуваат на „апстрактна партитивност" во знаењето и *б.* чија објектна функција се потврдува со заменската (дативна!) антиципација. Натаму: *Утѝшлä на-идна-бáбичка шо-знајáла уд-магѝи.* БМег – уште еден пример со иста апстрактна семантика. Натаму: *Шо има да ми дадиш уд твоите гуведа?* УЕ, . . . *ки-гу-нäмáжиш пäрво удбéлта пéпäл* . . . ПДој – доста интересен пример со примарна инструментална рекција реинтерпретирана како акузативна па оформена со партитивна семантика. Натаму: . . . *ас ќи-т-дáм уд-мóјте кóјне.* ПК, . . . *не пѝј от тáиа вóда* . . . КК, . . . *ама на-мéн нé ми-дéе ич ут пáрте.* ПК, . . . *ас ќи-ти-дáм уд мóјте загáре на-тéбе.* ПК, *Ами тјанака* . . . *сос какво сäрце да готви от сестрино ѝ месу?* В, *И бабата, как јади от рибата, и она*

стана тешка. В, *„да не јадеш, калеко, от манџиата динеска . . .* В, *От кој лав сакаш?* В, *. . . сакăн да не си смамиш, да орвеш от имишите.* В, *И го пол'ала назика мóма от живата вóда . . .* ВС – пример од ист тип како оној погоре со „мазање пепел", најпосле, се чини дека и примерот од Кулакија: *. . . ки утéпат ут вáс . . .* ВК може да се стави во истата група.

Во врска со граматикализираниот во извесни контексти карактер на *од*^{ИС} вреди да се обрне внимание и на интересната семантичка опозиција меѓу конструкциите како, на пр., *му го зел (нему)* и *зел од него* – тие претставуваат дијатетични варијанти на една иста предикатско-аргументска структура; разликата меѓу нив се сведува на фактот дека првата конструкција повисоко во комункативната хиерархија го рангира вториот персонален аргумент. Имено, кога е тој референт на една ИС во дативен однос, тогаш му се признава негов /+ pers/ карактер на учесник во настанот, а како референт на *од*^{ИС} тој е сведен на улога на извор на „земеното". Од друга страна, самото постоење на горната опозиција ја воведува *од*^{ИС} во инвентарот на средствата со кои се изразува посвојност и ни го покажува можниот пат на семантичка деривација на типот *чадор од татко ми,* и сл. Во рамките на истата комплексна релација би требало, најпосле, да се објасни улогата на *од*^{ИС} во деривираните конструкции како *От Бóга се стóри сóзи, и ésти за чудéне óпет очúти вáши.* МЕЦ, *На тóзи врjáме дójде Госпоúно наш Рúстос от касабáта Назарéт от вилajéто Галилéа, и се кáрсти от светéго Јовáна Карстáчо . . .* МЕЦ, *Во сéлото бéше кочобáшија гркоман, клáден од тýрците* ШД, *На еден млат војник, óпран от фрéнзите, мý најдоа пúсмо; Офцата, шо бéше кăсната од змúја во планúната, не псójса . . .* ШД, *Тáа бубутáвица бúла ут-нúх.* КП, *. . . жинáтаму бóлна, икимжúјата ја гл'éда, амá и тój кýпини ут д'ăт'ạту . . .* МС . . . – впрочем, трпните конструкции од ваков тип се прилично ретки во македонските дијалектни текстови.

Конструкции со предлогот ПО. – Овие конструкции заслужуваат издвојување поради контекстите во кои се јавуваат со дистрибутивна семантика. Предикатската содржина на предлогот ПО би можеле да ја парафразираме како 'повеќе од 1', во поапстрактна варијанта 'повеќе', што може да се толкува и апсолутно како 'многу'. Проицирана на една просторна, на временска или на поапстрактна оска на одмерување на интензитетот/јачината на една релација, таа количествена семантика раѓа доста издиференцирани структури. На сите нив им е заедничка директната семантичка мотивација. Со други зборови: *по*^{ИС} како синтагматски модел никогаш не е барана од страна на глаголскиот предикат. Меѓутоа, таа често зазема синтаксичка позиција што задолжително мора да биде пополнета со една ИС. Така употребена, таа може да биде аргумент на една просторна и/или временска релација или пак да стапи во акузативен однос со глаголски предикат сигнализирајќи дека еден друг аргумент на истиот тој предикат претставува дистрибутивно сфатено множество. Како што споменав, токму ваквиот однос е за нас овде најинтересен. Имено, дистрибутивната *по*^{ИС} ни се налага како пандан на погоре претставената партитивна *од*^{ИС} и наведува на заклучок дека количествената компонента во еден предлошки предикат може да го пот-

тикне авансирањето на соодветната предлошка ИС до позицијата на директен објект на глаголската операција. Се работи за конструкции како, на пр.,
ставува дистрибутивно сфатено множество, или пак: *Дајте ми по една јаболка.* – номинативниот аргумент претставува дистрибутивно сфатено множество. Еве неколку јужномакедонски примери: *. . . и от ка уjдúса со аргатúти по сто пáре, и пýшчи во лозjéто тогóво . . .* МЕЦМат, *Келко jéjца да ти неси д'и довеж тува, да ти дам по пjéт наполони на jéjце.* МЦ, *Ижлегоје свjé от отенж, му даде п'ен трéндафил чарвен.* МЦ, *Не стигáше, шо е удрúе на мájка, не удрúе и на нáс – по éдна сúлна шл'áпница.* ПК, *Ја имаме три кýпови со паре, по еден за свити три.* МЦ, *От извадењето катаден по пjäт наполони се стори зенѓин.* МЦ, *Трúста годúни óди Jóван сó ни, со дjáволите: шчо práат тúja, и тој práи. Пó шес крúља имáа тúja . . .* МСЦ, *Одáите оделéни, демéк: сéкоа бáшка; по jéден чójек нäтре . . .* МСЦ, *Кóа дójде тои со аскери, удрúа по éден кол и врзáа кójните.* МСЦ, *И баре лéбут зéв-си-гу пу-пóла . . .* БМег, *. . . и тáка ки-аклájме пу-крájта и стредúна ét пу-тóдкуви кóтäри да-úма вóда . . .* БМег, *Друг тáкá, трéт, ки-фáтáта сéкō сéло пу-двá-трýjца . . .* ПК, *И вáрáт мéсо, нá-дéн пу-двé кóзи кóл'áт . . .* ПК, *. . . и двамúна дýша напóсл'ат úмат пу пujнó кóлчá и ги фтúскат лóзит'а . . .* МС, *. . . и тугáс фáштами да гу бир'é-ми пу дв'ä, пу три листá; субúрами пу идúн тувáр, пу двá аналóгос на л'уд'éту шту мóгат да бирáт.* МС, *. . . пу д'éсит' снóпи ха práи стáва . . .* МВ, *Другáре, дájте вúа нá-мéне п-áдна лúра . . .* ПК, *. . . нá-дéвирто пу-ájн кáт и-дáрувá . . .* ПК, сп. и со дистрибутивно протолкувано време кое во таков контекст се приведува како задолжителен аргумент на количествената релација: *. . . нá-дéн пу-ájн аршúн ткájте . . ., . . . пу-сумýн нá-ден jáдáхме* ПК; натаму: *. . . товáрите ги товарúха, по товáр и половúна . . .* В, *Скáлата úмаши четирújси басамáци, постéлени сé сóс цóха, и óни бéха сékаква т'урлúа; земá от нúх по еднá парчúнка.* В, *. . . нá сúчките кубúли на úстите му ке да си залип'áт кóжите сóс смóлата. Тогáс тúнака да ги фáтиш да им скúниш по еднó влákно от пáшките . . .* В, *. . . кáраха дéсет магáрита, товарéна по стó óки товáр . . .* В, *Ки земи пäрво лингер сос кäтките на сичките сватови, за мо дари по една китка, после кäтките и по една ширвета . . .* ВВ, *Секоја жена по едно н'ашчо ки земи на рäнката, за кинисат. Тогај јунакот на сичките жени им бацува рäнките и им дава по неколко пари за секоја.* ВВ, *. . . дур да пијат по едно кајвé. ВВ, В сумбота замес'ат по един л'ап и на јунакот, и на дивојката.* ВВ, *И нај-сетне му даваt на пент'а душа по една фаракосана кäтка.* ВВ, *Та за езми една баба от малките колачини, за ги намажи с мет или с пекмез да на мóмите за даде по едно.* ВВ . . .

Во директна врска со примарната количествена интерпретација на ПО стојат и *по*^{ИС} употребени како во: *Нéкуj сирмáх чувéк купúл риби, ки-нóсе дá-j прудáве пу-сéлта. Пу-сéлта завудéл-си-кójно . . .* ПК, додека примерот како *Ман'цóји бркаши пу партáлиту, ни мужá да м'а нájди и си утúди.* МС, и сл. веќе ни сугерира просторна проекција на количествената релација.

Карактерот на просторните релации комуницирани со *по*^{ИС} зависи од лексичкото значење на именската синтагма. Ако се работи за еден дводимензионален исечок од просторот (од типот: *трча по шума* и сл.), ПО зборува за поминување низ повеќе места содржани во границите на просторот, ако пак се работи за една просторна оска (од типот: *оди по реката* и сл.) ПО значи колку 'по должината'. Во контекстите каде некој/нешто се движи ПО некого/нешто основна е, се чини, временската оска: *одам по него* значи 'тој оди напред, а јас го следам па стигнувам на соодветните места подоцна', се налага интерпретација 'одам не како прв', во која пак е вградено 'повеќе од . . .', кое е впрочем присутно и во правото временско ПО – за да може нешто да се случи по нешто, ни требаат најмалку два издвоени настана. Конструкцијата пак *праќа по некого,* веројатно градена според моделот *оди по некого,* како да претставува допирна точка меѓу предлошките предикати ПО и СО и овозможува и во некои други контексти *по* да се вовлече како показател на релација инаку комуницирана со *со.* Најпосле, истата таа конструкција *оди по некого/нешто* можела да го потпомогне и вкрстувањето на функционалните зони на *по* и *за*: оној/она по кого/по што одиме може да се протолкува и како цел кон која се движиме. Како што се гледа од овој краток преглед, границите меѓу одделните функции на *по*^{ИС} не се многу остри. Следствено, подолу наведените јужномакедонски примери нема да ги делиме по функционални групи. Ќе се држиме само до основниот принцип сите овде разгледувани *по*^{ИС} да се однесуваат на аргументи имплицирани од страна на надредениот глаголски предикат и да бидат барани од страна на соодветниот предикатски израз. Сп.: *Урва по долу валко . . .* МЦ, *На вéчерта грéде éдни човéци по пáто . . .* МСЦ, *По зáјко и пушчúме пáрите нúје. – По зáјко пушчúте.* ЌМСЦ, *. . . ѓáвăлут а-грабнýва и пу-нéгу литнýва.* БМег, *Детето пак си тргнал пу пáтот . . .* ЏЕ, *Нúá сме Мурáрци, знáјш, и нáрóт пу-тáа рéкта нá-дóл, пу-Гáлик, цáрно стáнá мráфка.* ПК, *И тúá вáрвéа, нá-дóл пу-цéдéто сé, вáрнáа-се нáзáт.* ПК, *Чýла мéчкáта, тáп синџúро, пýштá-се пу-пáто. Тúá пу-нéá.* ПК, *. . . усăхнува сандáлу закáчини пу шăјкит'ă, пу стр'ăхáта . . .* МС, *. . . и гу кáрат пу скалáта на дóл . . .* МС, *. . . н'ăса јăс катý вăм будалá да фáтам н'éс, шу хóд'áт пу зим'áта . . .* МВ, *Зенгининот ја зема крал'увата мома да ја шета по златната гимиа от една удаја на друга . . .* В, сп. и: *. . . ергéно таптисáл пу-фил'áн мóма, таптúсин е пунéа . . .* ПК . . .

Конструкции со предлози чија основна функција е изразување на просторни релации. – Не е секогаш лесно да се реши кога таканаречената „определба за место" е изнудена од страна на глаголот, а кога нејзиното присуство е мотивирано со самиот факт дека секоја комуницирана релација (процес, настан . . .) има определени просторни параметри. (Дури ако е таа како таква од апстрактен, вонпросторен карактер, сепак е врзана со просторните параметри на говорната ситуација, на самиот говорител!). Овде го прифаќаме ставот дека просторните аргументи се имплицираат од страна на широкосфатените предикати на локација (меѓу нив и егзистенцијалните предикати), како и предикати на движење во границите на даденият простор (перлативна релација)

или по определена оска од или кон определена цел (аблативна, односно адлативна релација) или, најпосле, предикатите на кружното движење и сл. Во исказите конституирани од други типови предикати просторните определби ги толкуваме како кондензации (трансформи) на самостојни искази и ги анализираме во вториот том.

Отсуството на просторен аргумент на површината на текстот, позачестено во однос на структури градени врз други типови на релации, значи обично дека се помислува на местото каде што се наоѓа говорителот, сп., на пр.: *Петре дојде.*, т.е. '. . . дојде на место каде што сум јас', и сл.

Просторните аргументи се оформуваат како предлошки ИС и/или како прилози. (За беспредлошки просторни определби сп. 1.3.1.2.1.).

Надоврзувајќи се на овде прифатеното широко сфаќање на падежните односи, би можеле да речеме дека просторните аргументи остваруваат локативен однос. Во дијалектниот македонски јазик именската синтагма во локативен однос може да се формализира и како беспредлошка. Погоре (§ 1.3.1.2.1.) видовме дека просторниот аргумент може да биде авансиран до позиција на директен објект (типот: *го одам полето, ги качувам скалите . . .*). Овде наведувам неколку карактеристични примери со месни имиња употребени без предлог во функција на просторни аргументи. Сите тие потекнуваат од кукушките текстови на К. Пеев: *Кáдá-нáс пишúн пумúнáа бáлгáрскáтá вујскá, Сóлун прáво вáрвáт.* ПК, *„ќи-тá-нóсме, ќи-тá-зáтвóрме, Кукýш к'и-тá-нóсме“.* ПК, *И уддéме Димúр Исáр . . .* ПК, *Петрúч Тýрци шó имáло, Гáрци шó имáло сé избигáли ут-Петрúч . . .* ПК – последниот пример би можел и да се протолкува и како антиципација на ремата; натаму: *Утúде Стрéзуво, Сéслуво, на-дóл утúде, уф-Дóлну Пóле.* ПК, *Кá дујдéме Тудурáјк – тáкá му-вúкāт адно сéло . . .* ПК, *Зáминáме Цумáа . . .* ПК . . . Како што се гледа од примерите, со исклучок на еден што може да се протолкува и на друг начин, сите тие конструкции одразуваат динамични просторни релации.

Норма сепак претставуваат предлошки, ИС во локативен однос. За разлика од повеќето досега разгледувани релации што се остваруваат со помош на една предлошка именска синтагма, глаголските експоненти на еден предикат што имплицира просторен аргумент не го селекционираат предлогот, т.е. не ја доопределуваат самата просторна релација. Можно е, на пр., *одам до/во/за/на . . ., живеам во/на/при/сред е/меѓу . . .* итн. Теоретски, ова значи дека имаме работа со предлошки предикати во правата смисла – автономни показатели на просторните релации, иако – се разбира – постои и, понекогаш прилично цврста, корелација меѓу лексичкото значење на именската синтагма и изборот на предлогот што ќе ја воведува. Практично, ова значи дека предлошките ИС-експоненти на просторните аргументи ќе ги третираме овде како една единствена семантичка и синтаксичка категорија, издвојувајќи само некои случаи на посебно јака корелација меѓу предлошкиот предикат и неговиот аргумент-локализатор именуван во именската синтагма.

Издвојување заслужуваат, пред сè, конструкциите со персонален локализатор, односно – одушевен локализатор, каде што како предлози-предикати се јавуваат ПРИ и У. Импликацијата е еднонасочна, би-

дејќи и двата предлога можат да се појават – иако сразмерно поретко - и со локализатори од друг тип. Подолу наведуваме избор од јужномакедонските конструкции со персонални/одушевени локализатори: *Даскáле, оти тáка му велéе Ристосу, донéсуј при тéбе синá ми . . .* МЕ, *И си стáна дóјде при татká му, а татká му, ка ви́де тóгва одалéку гредéшчем при нéго, го умúлва . . .* МЕ, *При нáс дóјде тój.* ШК, *Оти́де áнгело при ни пак и кáжва . . .* МСЦ, *И пак си оти́де при óфците тој.* МСЦ, *Свéти Илúа и кáчи на кочúјата, и Богрýица, мáјка му Ана и дéтето Рúстос занéсе гóре при Гóспо.* МСЦ, *Дóјде éден чóјек при нéго, при ýмрено, и ре́че . . .* МСЦ; сп. го и карактеристичниот пример од истиот текст:
при цáро и вéли . . . МСЦ, каде што – како последица на фактот дека и вршителот на дејството, т.е. објектот во движење, и локализаторот се човечки суштества – авторот на текстот прибегнува кон типичниот за такви структури синтаксички модел (= номинативен и дативен однос меѓу предикатот и неговите аргументи, сп. погоре) и ја антиципира предлошката синтагма со дативната клитика *му*. Со други зборови: имаме работа со вкрстување на експоненти на локативниот и на дативниот однос, т.е. со еден вид авансирање на примарно локативниот аргумент. Натаму: *. . . кóко за éдна дýша да јáде, демéк тóа ќе бéриш, áко сáкаш да дóиш при мéне.* МСЦ, *. . . má-пуштúа мéне пáрво дá-искóл'ум стрáзáрто, а сéтне дá-сá-вáрнум пáр-них.* ПК, *. . . ама иште нúа ќ-óдáхме прá-вáлдúкта, пá нéјсе тéбе тá-нájдéме нá-пáто . . .* ПК, *. . . иде ѓáвуло прá-стáрјут, му дáве една к'ел', една крáста . . .* ПК, *„мале, јазе ки одам при татко ми, зашчо јазе не знајах, оти имам татко.“* В, *И кога го донесеха при цар'ут, радос голем си чини меѓу них . . .* В, *И си хожда на нивата при гол'амојут брат.* В . . .

Многу поретки се примерите на ПРИ со неодушевен локализатор, сп.: *. . . úма éдно голéмо дрво при чéшмата . . .* МСЦ, *. . . гу закараха близу при вáжету.* В, *И кога дојдоха четиридесете дéна, мајка му излезе при морету . . .* В . . .

Погоре видовме дека *при*^{ИС} со воведување на заменската антиципација може да се протолкува како да била во дативен однос со предикатот. Од друга страна, се случува и *на*^{ИС} со персонален референт да се појави во функција на локализатор до еден предикат на движење и/или на локација, сп.:
Ифтúмус б'äши млóгу гр'ахувúт, утúди на пнивматúку, да сá кшимулгúса; МС . . . К. Пеев во својата кукушка монографија пишува: „Не ретко наместо *при* се јавува предлогот на; сп.:
(ПК) Во пасусот посветен на предлогот *на* (ibid. 1, 225) наоѓаме натамошни примери: *. . . дá-ви нóсам нá-тéта . . ., . . . ќ-óдиме нá-мájкá-ти, . . . и кога сá цúни тоо дéте нá-него (да му пáсе дубúјте) . . ., . . . ќи устáнам нá-вáс нá-гóсте.* (ibid).

Рековме дека, покрај *при,* со персонален локализатор се јавува и предлогот *у*. Меѓутоа, неговото издвојување во таа функција е полесно на дијахрончен отколку на синхроничен план. Имено, *у*^{ИС} маркирана како /+ pers/ се појавува во југоисточните говори, почнувајќи од Кај-

ларска околија, т.е. токму на ареалот каде што по пат на фонолошки развиток старото *$въ_{o}$ исто така може да се оствари како *у*, што автоматски води и кон функционално вкрстување на двата предлога. Сп. ја забелешката на Дрвошанов во неговата монографија за кајларскиот дијалект: „*у* со називи на сродство и лични заменки: *жената утиде у-мајка-му . . ., . . . ва нош у-тебе гостин-сум . . .*“ (ДКај). Ситуацијата во Кукушко ни ја претставува Пеев, кој пишува: „Не ретко место предлогот ‘во’ и паралелно со *уф* се јавува и формата *у*. Тешко е да се каже дали се работи за фонетската разновидност од *въ*, или пак за остаток од стариот предлог *у*. Го среќаваме најчесто со значење на ‘кај’ со роднински или лични имиња, а исто така и со формите на личните заменки: *у-Ѓо́ргито на́-сва́дба би́хме; – у-нас са́-збра́ха да́-са́-дугувбрат* Иц. Во материјалите од Ватилак го забележивме примерот: *право у-мен.*“ (ПК1 232). А еве пример од Солунско: *. . . гу пи́та кше́нудо́хи́ну: „д'е́ киманиса, тузи́ киман'е́?“ то́ј и вили́: „у цар'у дума́“.* МС, и откај Верковиќ: *От таму зема нив'астата му да иди на гости у татка ѝ Марка.* В (во истиот текст подолу: *. . . отидоха на татка ѝ Марка . . .*). Впрочем, кај Верковиќ се пофреквентни $у^{ИС}$ со неперсонален локализатор.

Од друга страна, сп. ги примерите со /+ pers/ локализатор каде што предлошкиот облик еднозначно уптатува на **въ*: *. . . ва́лко утива́л на́-го́сте ф-н'а́ . . .* ПК (покрај: *. . . иде́л на́-го́сте у-не́а́.* ПК). *Е, о́да́т на госте уф-ма́јка́-ј.* ПК, *Сега́ ки до́јдам а́ф те́бика на го́сти.* В, *. . . цар'ув си́н ка до́јде а́ф на́зика на го́сти . . .* В . . . – интересно е дека во сите наброени примери се работи за иста синтагматска врска.

Најпосле, да одбележиме и дека во текстовите на Малецки од Солунско најдовме и еден пример на ПОКРАЈ со персонален локализатор: *. . . ути́ди го́р'а пукра́ј игу́мину, гу пи́та . . .* МС

Претставената слика би можела синтетски да се прикаже на следниов начин. Еднозначно маркиран како /+ pers/ е на целата територија предлошкиот предикат ПРИ. Во југоисточните говори со него конкурирал стариот предлог **у* кој, меѓутоа, како резултат на фонолошкото вкрстување со **въ*, ја губи особината /+ pers/. Со оглед на фактот дека кај просторните релации со персонален локализатор се работи речиси без исклучок за контакт меѓу две човечки (односно: две живи) суштества, локативниот однос се доближува тука до дативниот и се појавуваат како конструкции со *на*, така и (поретко) заменски антиципации. Се разбира, има и предлози неутрални спрема семантичката опозиција /+ pers/. Такви се, на пр., *до, од, пред . . .*, сп.: *. . . доидо́а до та́ ба́бата . . .* МСЦ, *Тогас владиката излезе пак прет сироми́ху и му вели така . . .* В . . . Ќе наведеме сега една селекција на конструкции со просторни предлошки предикати кои врзуваат неодушевени аргументи-локализатори: *За со́зи ма́де не́ пушчи́е стари́ти на́ши во Ста́мбол . . .?* МДЦ, *Мја́не не турна́е от скала́та сходжето́му?* МДЦ, *И ја се пока́за от ти́а сино́ри нeко́ја же́на Ханаеа́нка от дру́ј ми́лет . . .* МЕЦ, *И стана́е тој са́т, се варна́е на со́зи гроб . . .* МЕ, *А врве́ме црквата̄ на̄окол и за́ставāмеф на а́лта̄ро.* ШД, *Си́н му а зане́се на плани́ната, да а ја́де лио́тите.* МСЦ, *О́ди та́мо: во бу́ката, ве́ли, скрије́ни па́ри . . .* МСЦ, *Све́ти Или́а и ка́чи на кочи́ја-та . . .* МСЦ, *А́ма та стре́да о́фци ле́жи . . .* МСЦ, *До́стреде па̄то о́јдоф . . .* ШД, *. . . а фре́нзите тргнаа камо бога́рцките метеризи . . .* ШД, *. . . ко́га*

по́чнаа да бе́ге на́долу и спре́а камо пле́мните . . . ШД, *Камо се́лото гре́де пет-шес мина* . . . ШД, . . . па фре́нзите бе́а камо Ме́доо . . . ШД, . . . *близе́к у-се́лту* . . . БМег, . . . *оди и си качува врс кујќата на Луде* . . . УЕ, *Ќи и кладам двете деца у празната црница шо е у дворут* . . . УЕ, . . . *а ти ќи гу турниш на него надолу и то ќи падне у реката* . . . УЕ, . . . *гистимни́ло ду-не́кō вудањи́ца* ПДој, *Саба́јл'то уф-Але́ксуво усамна́ме.* ПК, *Саба́л'инто ни́и на-усамна́ на-Димѝр Иса́рскоо мо́с* . . . ПК – последните три примера содржат карактеристични кондензирани конструкции: две предикатско-аргументски структури поврзани со временски предикат се оформени како една конструкција според моделот: *КОГА осамна/се смрачи, ние БЕВМЕ НА/ВО* . . . → *не́ осамна/смрачи НА/ВО* . . .; натаму: *Се́тне по́дварта ќ-ā иска́риш, и нē ќā праце́јш и о́на уф-цидѝлка ќ-ā ту́риш* . . . ПК, . . . *а ни́а флизе́ме уф-Петри́ч.* ПК, *Дујде́ме ф-Сикѝрник* . . . ПК, *Е, са́-крија́л та́м, не́ли удде́ли, не́ли уф-Нима́нци.* ПК, *Ути́х-ми у С'ăр, ут С'ăр ути́хми у Димѝр-иса́р* . . . МС, . . . *ути́дух па́к у Сулу́н.* МС, *И сл'а́ва то́ј ут дума́; андѝс да по́ј на теа́труту са́ пука́шта го́р'ą на бр'ą́сто́.* МС, . . . *сфита́ Бугурди́ца исл'а́ва на зим'а́та* . . . МС, . . . *и си кла́ва елме́ку на шѝјата* . . . МС, . . . *прумѝна прис ца́рува́та кӑшта* . . . МС, *Ѓа́вулу и фл'а́ва на ца́рица́та у кур'е́му* . . . МС, *Ра́ну* . . . *за то́вар'ą ура́луту на мага́р'ąнту* . . . МВ, *За по́да на ни́вата* . . . МВ, *Зӑ сӑ вр̆а́нат на враши́луту* . . . МВ, . . . *у нид'ăл'а ути́ди на че́ркфата.* МВ, . . . *и киниса да иди на Цариграт.* В, . . . *и така́ дур на годи́ната дости́гна на Цариграт.* В, . . . *ја́зе ки и́дам на Ста́мбол.* В, *Кату кини́са гими́ата аф морету, два́-три де́на ха́рно хо́диши мѝрно* . . . В, *Достигнаха ду ламината зем'а при ливадите* . . . В, . . . *мишчету побегнало и флеглу аф една дупка.* В . . . Во примерите се гледа карактеристичното за јужните говори мешање на предлошките предикати 'во' и 'на' што настанало под грчко влијание.

Сп. ги и конструкциите со verbum-copula, каде што глаголскиот елемент во предикатскиот израз го сигнализира само статичкиот карактер на просторната релација: . . . *кога биле ошче у кӑсабта* . . . УЕ, . . . *малечкото дитенце шо беше у љулката умрел* . . . УЕ, . . . *си ути́дух у мо́јта братуче́нка, шту има́х у Сулу́н* . . . МС, и сл.

Погоре рековме дека глаголските предикати не ја доопределуваат просторната релација, ами решаваат само за основната дихотомија: ПРАВЕЦ (глаголи на движење) ~ МЕСТО (глаголи на локација). Неспособноста на именките, а и на извесни типови на именски предлошки синтагми, да ја одразат разликата меѓу двете основни улоги на еден локализатор: определување на правецот на движењето наспрема определување на местото на престојувањето, се вбројува во класичниот инвентар на семантичко-синтаксички балканизми. Затоа е ред да обрнеме внимание до која мера и со кои средства ја одразуваат горната разлика именските конструкции во јужномакедонските говори.

На нивото на реченичната конструкција соодветната информација – како што веќе рековме – ја носи глаголот.

Беспредлошката именска синтагма-локализатор не е во состојба да ја одрази разликата ПРАВЕЦ ~ МЕСТО, меѓутоа, од примерите се

гледа дека таа е пофреквентна до глаголите на движење, т.е. се јавува на балканскиот простор како наследник во права линија на стариот акузативен однос.

Во предлошката синтагма носител на просторната релација е предлогот. Дел од предлозите се еднозначни во тој поглед: *од, до, долж, низ . . .* како експоненти соодветно на аблативната, адлативната, перлативната релација информираат за определен, односно неопределен правец на движењето. Меѓутоа, континуантите на старите **въ, *на, *предъ, *задъ, *надъ, *подъ, *сред-, *медj-* и др. не содржат никакви сигнали во однос на опозицијата ПРАВЕЦ ~ МЕСТО, неутрални се спрема оваа опозиција. Во македонскиот стандарден јазик е создадена секундарно цела низа удвоени предлози „на вертикалната оска" како *од-над, од-под . . .*, како и „на хоризонталната": *од-зад, од-пред,* доопределуваат аблативната релација, сп. и *за на, за во,* и сл. во однос на адлативната, меѓутоа, тој систем не е ниту комплетен ниту симетричен. Во јужномакедонските говори, поточно – во југоисточните, е регистриран исто така извесен број удвоени предлози со помош на кои „на задна врата" се обновува способноста на еден број (предлошки) именски синтагми да ја изразат опозицијата ПРАВЕЦ ~ МЕСТО. Најзачестено е доопределувањето на адлативната релација. Пеев во својата монографија за кукушкиот дијалект ги набројува следниве примери: *. . . ка́ сме иде́ли за́-на́-ва́ки . . ., . . . за́-пра́т-све́т не сум убле́чин . . . дву́јца го́ли за-уф-ба́јна . . .* ПК, и натаму, со обликот *из* кој претставува карактеристична за односните говори разновидност на стандардното *низ: . . . са́-убле́чуве само за́-ис-ча́рши́ита . , . . . на́-из и́глини у́ши са́-нави́ре . . ., . . . на́-из у́ште му са́-пра́зи́рке . . .* /ПК1, 226); сп. и: *. . . и пуле на кај крушата . . .* УЕ, *. . . не́кој фӑтил нӑкӑде Ско́пе . . .* ПДој, *. . . пӑдна́ нӑврӑз бла́тто . . .* ПДој, *. . . о спре́мум зӑ нӑ пӑза́р; то̄ не-j зӑ уф кӑшчи то . . .* ПДој, *. . . ут Дими́-иса́р н'ä ди́гнаха за у Кава́ла . . .* МС, *И ста́ѓа, трӑгна то́j за у Ати́на.* МС, *. . . и то́j има́ши ацила́ да фта́са за у Лагади́на.* МС, Сп. ги и аблативните состави: *Ути́ди на по́ртата́ и диспо́т'ут пруми́на́ утпр'ät' н'е́ја . . .* МБ, *. . . с'е́тн'а на дру́тију д'е́н' ути́ват удуза́т по́ртата на мала́та . . .* МС, *. . . са загуби́ ут ши́чки утпр'ät' ут учи́т'а и . . .* МС.

Меѓутоа, и во конструкциите со удвоен предлог решавачката улога му припаѓа на глаголот, што може да се заклучи врз основа на фактот дека такви „насочени" конструкции се појавуваат и во чисто локативна, статичка функција, сп.: *. . . да гу клад'е́ удуза́т' по́ртата.* МС, *. . . на́тигу и ѓа́кут утпр'ät' н'е́ја . . .* МВ, *. . . и д'ät'а̣ту купо́ва ино́ ико́пиду на дијафура́ ини́н сука́к утпр'ät н'е́гувоту ико́пиду ини́н сука́к утпр'ät на кше́нудо́хину на кӑштата.* МС . . . Сп. и: *. . . и ки заста́нат де́цата нӑврӑс татко́ви . . .* ВК . . . Се чини дека еднозначно насочени, т.е. маркирани по адлативност се единствено удвоените предлошки состави со *за* како прва компонента.

Покрај составите од два предлога, во источните говори наоѓаме и интересни состави од предлог + прилог, сп.: *. . . што́ са тантани́саш удго́р'а ќерами́дит'а̣.* МС, *Гу на́jдуха удо́л ина́ jа́блака с'а̣д'ä̆ши пруфи́тис Иеримиjас;* МС, *„ут врӑх н'е́ја да е́змиш иднó н'ä̆шту.'"* МВ, *. . . и на врӑх ма́мин'е́ту удго́р'а̣ гу кла́ват крусно́ту. . . . кла́ват и ини́н т'е́шук ка́мин*

на вра̏х ко́тката . . . МС, *Ирингјо́т са васка́шта на вра̏х гринда́та.* МС, *. . . и с'е́страму иди́н д'е́н' с'е́дна на вра̏х глава́таму . . .* МС, *И га гледа, ча стои карталот на ва̏рх него . . .* В . . . – се гледа дека повеќето примери даѓаат од текстовите на Малецки од Богданско.

Најпосле, вреди да се обрне внимание на уште една интересна појава, т.е. на просторните (и временските) предлошки конструкции непосредно доминирани од страна на еден модален предикат со вградена негација. Најдов два типа такви конструкции, и двата во текстовите на Шклифов од Преспанско. Се работи за состави со *дур* и со *сам*. Во првите се подвлекува големото растојание, на пр., *дурдо Скопје* би можело да се парафразира како 'не некаде поблиску, туку до Скопје'; во вторите се инсистира на просторното и/или временското совпаѓање, на пр., *насам Велигден* би можело да се парафразира како 'не во друго време, туку на Велигден', и сл. А еве ги примерите: *О́јдоф дурдо Кева́јца . . .; Ду́рна се́лото тре́ба да о́да; И та́ка ду́рна ве́черта, ду́рдо о́сом, де́вет са̄то и́граа . . .* (ШД), *. . . и на́сам ули́цата, ко́га и́злегоф ма стре́тна Сарандо́пулос . . .; На́сам се́птември че́тирјесе и ше́ста го́дина и́злегоф па́ртизан; Фо́те Чо́гин са о́пра на́сам Велигден во Ви́чо . . .* ibid.

Претставениот преглед на предлошките предикати што ги придружуваат и ги воведуваат ИС имплицирани од страна на глаголскиот предикат потврдува дека предлозите – со ретки исклучоци – вршат двојна функција: граматичка и семантичка. Се разбира, нивната семантичка функција е поизразена во трансформи, т.е. во отсуство на надреден глаголски предикат којшто (целосно или делумно) ја антиципира семантиката на предлогот. За предлошките трансформи на ниво на именската синтагма сп. во вториот том; за трансформите на ниво на реченицата сп. во вториот том.

1.3.2. Аргументи со реченичен облик. – Погоре, зборувајќи за ИС во функција на аргумент на глаголскиот предикатски израз, разгледавме и многубројни случаи на номинализации, т.е. по морфолошки пат деривирани реченични трансформи. За механизмите на морфолошката номинализација и за нејзините продукти, т.е. (од)глаголските именки како конститутивни членови на ИС, ќе стане збор во вториот том. Сега ќе зборуваме за еден комуникативен модел што е поексплицитен и претставува база за семантичка деривација на аргументски изрази чии конститутивни членови се (од)глаголските именки. Се работи за реченични конструкции во функција на аргументски изрази зависни од надредени глаголски предикати, т.е. за таканаречените комплементарни или – во македонската граматичка терминологија – исказни (декларативни) реченици.

Пред да навлеземе во проблематиката на комплементарните делреченици, треба да се осврнеме на поширокиот проблем на одразувањето на опозицијата: oratio recta vs oratio obliqua во анализираните текстови. Имено, во народните приказни, а исто така и во евангелиските текстови – а тие два жанра во нашиот корпус претставуваат главнина - доминира конвенцијата туѓите зборови да се наведуваат in extenso,

како цитати, т.е. како oratio recta. Комплементарните конструкции се вистинска реткост во тие текстови. Нив ги наоѓаме почесто во автобиографските раскажувања или пак во жив дијалог, кога се прераскажуваат туѓи ставови. Освен тоа, наоѓаме и еден тип „преодни конструкции", чија категоријална карактеристика упатува на oratio obliqua, но кои се дадени асиндетски, т.е. без оператор каков што обично воведува една комплементарна дел-реченица. Имаме, значи:

А. тип: *Тој вели: „Ќе дојдам."*
Б. тип: *Тој вели дека ќе дошол.*
В. тип: *Тој вели ќе дошол.*

Предмет на нашата анализа овде ќе бидат, пред сè, конструкциите од типот Б. и В. Не се впуштаме овде во дискусија за примарниот или секундарниот карактер на типот В. Нашиот преглед ќе го започнеме со типот Б. како синтаксички поексплицитен.

Целите предикатско-аргументски структури (пропозиции, натаму ПАС) се појавуваат како аргументи до таканаречените предикати од втор ред, т.е. до предикати кои не ги комуницираат директно релациите што персоналниот субјект (говорителот) ги забележува, односно – како резултат на сопственото толкување – ги открива во светот околу него, туку го одразуваат самиот процес на восприемањето и/или на толкувањето на светот од страна на човекот. Значи, наместо, да речеме, со конструкциите како (1) *Врне.*, (2) *Имаш нов фустан.*, *сам.*, (4) *Дојди што поскоро!*, итн., каде што имаме работа со реченици конституирани од предикати од прв ред, соочени сме со конструкции од типот: (1') *Чинам дека врне.*, (2') *Гледам дека имаш нов фустан.*, (3') *Ветувам дека ќе ти го донесам.*, (4') *Ти наредувам . . ./Те молам . . . да дојдеш што поскоро,* и сл., конституирани од предикати од втор ред, а во кои дел-реченици со предикати од прв ред, претставуваат аргументски изрази. Карактеристична семантичка особина на предикатите од втор ред е нивниот однос кон основните онтолошки и епистемолошки категории *факт ~ нефакт* и *вистина ~ невистина.* Соодветните опозиции делумно се граматикализирани во рамките на категориите *време* и *начин.* Следствено, понашироко ќе зборуваме за нив во §§ 1.5. и 1.6. Меѓутоа, проблемот мора барем да се скицира во врска со предикатите од втор ред. Како прво, тие често претставуваат релации карактеристични за внатрешниот свет на човекот и кои како такви не се подложни на оцени во терминитe: вистина – невистина. Како второ, тие на своите пропозиционални аргументи им налагаат ограничување 'факт' или 'не-факт', што наоѓа одраз на површината на текстот, во начините на акомодација на комплементарните дел-реченици. Најпосле, како трето, меѓу нив се кријат таканаречените перформативи, т.е. предикати со посебна илокуциона сила на прагматичко ниво. Имено, изговарањето на исказот како *Ветувам дека ќе дојдам.* претставува не само чин на вербално комуницирање, ами и чин на ветување, т.е. земање обврска ветувањето да се исполни; изговарањето на исказот како *Ја прогласувам изложбата за отворена.* претставува не само чин на вербално комуницирање, ами и чин на отворање на изложбата, и сл. – На сите тие

специфични особини на предикатите од втор ред ќе мораме да се повикуваме зборувајќи за комплементарните конструкции.

Во вториот том, зборувајќи за релативните дел-реченици, велиме дека една од нивните основни структурни карактеристики е присуството на аргумент што им е заеднички на двата предиката конститутивни (а) за надредената и (б) за релативната дел-реченица; тој се остварува површински во надредената, додека во релативната дел-реченица неговата позиција е блокирана со таканаречената релативна заменка, според образецот: *Дојде човекот на којшто му ја дадов книгата.*, и сл. Нешто слично, mutatis mutandis, можеме да утврдиме и во случајот на комплементарните искази. Да речеме, конструкциите како (1) *Мислам дека Павле е најдобар кандидат.*, (2) *Не знам дали книгата е веќе објавена.*, (3) *Би сакала Ана да дојде прва.*, и сл. можеме да ги сфатиме како состави од по две ПАС според образецот: (1') 'Мислам за Павле. Тоа што го мислам за него е дека тој е најдобар кандидат.', (2') 'Ти кажувам за книгата X. Она што не го знам за таа книга е дали е таа веќе објавена', (3') 'Имам една желба врзана за Ана. Желбата ми е Ана да дојде прва'. Во светлината на таквото толкување 'Павле', 'книгата X', 'Ана' претставуваат референти на аргументите што им се заеднички и на двата предиката во секој комплементарен исказ. Меѓутоа, за разлика од релативните состави, овде аргументот површински се остварува во подредената дел-реченица.

Претставениот нацрт на семантичката структура на релативните и комплементарните сложени реченици истовремено го објаснува и никнувањето – пред сè во дијалектниот јазик – на многу преодни форми меѓу нив сврзани со позицијата и начинот на остварувањето на заедничкиот аргумент.

Општо земајќи, семантиката на предикатите од втор ред не се разликува од јазик до јазик, додека синтаксичките идиосинкразии на глаголите што ги претставуваат тие предикати во одделните дијалектни системи бараат, пред сè, речничка, лексиколошка обработка и тешко можат да се уловат во една општа монографија каква што е нашава. Следствено, опишувајќи ги комплементарните искази во јужномакедонските говори, ќе се задржиме главно на механизмите на акомодацијата на реченичните аргументи кон глаголскиот предикат во надредена реченична конструкција. Со други зборови, ќе се занимаваме:

а. со сврзничките оператори што ги воведуваат речениците-аргументи,

б. со категоријалната зависност меѓу надредениот и подредениот глаголски предикат,

вц. со можностите пропозиционалниот аргумент да се оствари како номинализиран трансформ, т.е. во вид на ИС конституирана од (од)глаголска именка.

ad. а. оператори што ги акомодираат речениците-аргументи на јужномакедонската територија се: *што, оти, дека, че/ча, да* и Ø. Најзачестено во оваа функција – покрај нулата – е *оти*. *Да* им се противставува на сите други – освен на нулата – по избор надредени глаголски предикати што ги придружува. Нашиот преглед ќе го започнеме од *што*.

1.3.2.1. ШТО како комплементарен оператор. – Таква една функција на *што* наоѓа објаснување во неговата генетски постара функција на relativum generale, т.е. во неговата способност како анафора да посочува и реченична конструкција, а не само именска синтагма (сп. во вториот том). Слична кариера направил relativum generale не само во другите балкански и романски јазици, ами и во англискиот и во многу други индоевропски јазици, а истата таа тенденција ја наоѓаме во дијалектниот јазик и на останатиот (= небалкански) словенски ареал.

Во македонскиот стандарден јазик дистрибуцијата на *што* како комплементарен оператор е мотивирана семантички, т.е. *што* се појавува во таа функција само до глаголски експоненти на предикати од определени семантички полиња. Да видиме каква е во тој однос јужномакедонската ситуација: *„Нéје гро́та шчо жа ме расипи́те?“* МЦ, *„Ако банди шчо да познате која лапка ести годинjа̏шна, која ланцка и која онимланцка, жа ви јо дам чупата . . . .* МЦ, *Даде порака царо шчо свити луди от тас касаба да жjа̏ле, никој да не пjа̏, никој да не се радви.* МЦ, *Тој и виде шчо истина така бjа̏је.* МЦ, *Ми се стори много атаро шчо jа̏де ен черек.* МЦ, *И от тогас ентарва-је ни вељаше ниш, жош виде шчо тас бjа̏ лепината земjа̏туј . . .* МЦ, *. . . Ирóди го бjа̏ше стрáј от сфетéго Јовáна, óти го знjа̏ше шчо ести чóвек прáф и свjа̏т . . .* МЕ, *Ни́е са зарáдвамеф, шо дójдоа блúзу дó нас . . .* ШД, *Дрýгите сел'áни наукóе, шо зéмата é богáта и мéстото убáво . . .* ШК, *Јáс му рéку, шо ни́шчо не знáм.* ШК, *. . . тój рáзбра, шо чýпето ке ýмбри.* ШК, *. . . ка рáзбра шо дéцата побегнáе се спýшчил да и стúгни . . .* КК, *Една бáба óди при цáротому син и му вéли шо ке е ýрви чýпата . . .* КК, *Ка звéе ábер, шо грéде мáжите, е извади́е отá бóчката . . .* КК, *Не сáмо шо пáри не нáј, тýку ут гóлимјо тóвар шó гу нусéше пу прадулúнта, жúви рáни нá рамéјнта бáбта си напрáј.* МА – еден интересен пример на двореченичен период врзан со составот *не само шо . . . туку . . .*, каде што имаме работа со кондензација на нешто како **не само се случило (тоа) што . . . туку и се случило (тоа) што . . .*; во МСЦ наоѓаме исто така еден интересен пример што вреди да се наведе во поширок контекст: *Ти́ си мójата жéна, ми се пýли. – Ами и јас те пýл'ам шчо си мојо мáш.* МСЦ – необичното е дека аргументот што ги поврзува двете структури – главната и потчинетата – (во случајов се работи за аргументот 'ти'), експлицитно е остварен и во двете, според инаку познатиот јужнословенски модел со грчки корени, сп. ги српскохрватските реченици како *Видим га где седи.* и сл. Натаму: *Нéмаш стрáм шчо бráш со мáјка ти?* МСЦ – пак еден пример што бара коментар; имено, семантички земајќи, тука се работи за каузална врска меѓу речениците, нешто како 'поради тоа што . . .'; наведените се истовремено единствени два примера со комплементарно *што* што успеав да ги најдам во Мазоновите текстови од Костурско и Леринско. Натаму: *Тáм дека-j пубилéна бубáта да-рéчме шосáка да-нáјде мéсто за-кужýруви да-ви́е ки-са-пубéле пу-тие вéјкте, бéла ки-би́де . . .* БМег – уште еден нејасен пример, каде што не е исклучена и каузална интерпретација 'од што . . .'; таквата интерпретација се чини уште поопправдана поради фактот дека се работи за единствениот пример во

текстовите на Бојковска од Мегленско што би можел да се протолкува како комплементарно *што*. *Тóа слýша удгóре шу-мла́ска мéчката, шуја́де кру́ши* ДКај – и ова е единствениот пример од монографијата на Дрвошанов од Кајларско. Не најдов примери ни од Еницевардарско, ни кај Угриновски ниту кај Каранфиловски. Во монографијата за дојранскиот говор од К. Пеев наоѓаме пак единствен пример: *Ко́лко пăри́ тичи́не шо că-вузāме?* ПДој. Во својата монографија за кукушкиот говор Пеев, покрај многубројните примери со декларативниот сврзник *оти*, ги наведува и следниве два со *шо*: *си-пумисли́х шо сиде́лто ин-го-ј-răсипа́л; – ме́жду бижанли́јте că-răсчý шо ќи-пу́штăт слубо́дно дă-că-вари́нат наза́де.* (ПК1, 311) и додава: „Вакви примери особено често наоѓаме во материјалите од Солунско: *– тој виде јуруците шо идаха зад него, фати да бега; – (сакаше) да иде на Солун, ама ка чу што има аскер на Вардарскио мост că-вăрна; – ка ми видеха, што водих харамијата, емен го видеха; – и напкун, как виде, што не може да прави ништо . . .; – они ка видеха, шо ќи ги фатиме, а вăрлија кабаницата; – кога ни велиха да одиме на махкимето, бегот викаше шо е болин, că-криеше; – ка чу бегот шо дојдеха сел'аните, пушти, бегот, четири души* (Ватилак)." (ПК1, 311/312). Само делумно ја потврдуваат оваа констатација на Пеев примерите што ги најдов во текстовите од Малецки од Богданско. Еве ги тие примери: *. . . и јас ви́д'ах шту и пант'о́ утфо́рин . . .* МС, *. . . са разбул'а́ ут нузи́ кајмо́, шту ни мужа́ да ја в'ени . . .* МС, *. . . ја ви́д'а на иди́н балко́н, шту с'ади́ ина́ же́на . . .* МС, *И ви́д'аха иди́н д'е́н', шту си ути́ди ме́чката . . .* МС, *Гу ви́да цар'у, шту că насм'ă . . .* МС, *Гу ви́да на цар'у ма́јкаму, шту că чу́ди . . .* МС . . . Паѓа в очи дека во повеќето примери *што* воведува реченична конструкција која функционира како аргумент на предикатот 'види'. Во дел од нив појдовниот аргумент на подредениот предикат (т.е. аргументот што им е заеднички на двете предикатско-аргументски структури, надредената и потчинетата) е остварен во рамките на надредената структура, сп., на пр., *Го виде царот што се насмевна . . .* и сл., што докажува дека сме тука на работ меѓу комплементарната и релативната врска и дека *што* може да се протолкува и како relativum generale (сп.: *Го виде царот дека се насмевна.* спрема *Го виде царот којшто се насмевна.*, и сл.). Таквиот заклучок го поткрепуваат и некои примери со надредениот предикат 'чуе', сп.: *Гу чуха скупит'а така́ шту вр'ăви, гу з'е́ват, гу кла́ват хапăс.* МС спрема *. . . и т'а ши́чку ги чу́, шту врáв'аха ѓáвуле́ту.* ibid. Од друга страна пак, во текстовите од Висока во соодветните позиции по 'види' и 'чуе' доследно се појавува *че* (сп. подолу, стр. 137-8), што наведува на заклучок дека наведените конструкции од Сухо треба да се толкуваат како комплементарни. Во текстовите од збирката на Верковиќ комплементарните конструкции со *што* исто така се ретки и доаѓаат, пред сè, од поисточните говори, сп.: *И шчо да ви́ди ф не́е? Шчо бје́ше пăлна пари́.* ВС – пак еден пример од особен интерес, бидејќи ни покажува еден друг механизам на воведувањето на *што* во позиција и функција на комплементарен конектор; имено, на едно прашање од типот: *Што виде?* можеме да одговориме или со една именска синтагма (на пр., *Ја видов торбата.)*

или со една реченична конструкција (на пр., *Видов дека беше полна со пари.),* па така *што* може да биде сфатено како оператор кој отвора место за реченичен аргумент. И еве уште еден пример од збирката на Верковиќ што заслужува посебен коментар: *Тогас ке да познаиш веки, шчо је мăж, али мома.* В. Во стандардниот јазик би очекувале овде посебен сигнал на т.н. зависна прашална реченица, на пр. *. . . дали е маж или мома.,* или нешто слично. По тоа како гласи нашиот пример од приказната уште еднаш можеме да се увериме во универзалноста на *што* како реченичен оператор кој овде ја неутрализира разликата меѓу прашањето и констатацијата (*. . . ќе видиш дека е маж. . .* ~ *. . . дали е маж. . .* и сл.). Ваквата ситуација веројатно се должи на прашалното „потекло" на *што.* Најпосле, кај Верковиќ има и „нормални" примери, сп.: *. . . и му каза, шчо е Богова повелија.* ВС. Меѓутоа, општо земајќи, и во таа збирка комплементарното *што* претставува реткост. На крајот на овој преглед наведувам оттаму уште еден пример сличен на погоре разгледуваните, т.е. од раскрсницата меѓу комплементарната и релативната врска: *Дојде татко му, гу најде, шчо плачаши.* В . . . Од југоисточниот дијалектен ареал ќе цитирам и од ретките примери од кулакиското евангелие, сп.: *. . . а слу́ши шо пе́јат и и́грат . . .* ВК (официјален превод: *чу песни и извици*), сп. и: *. . . да ка сă наведе́ а гле́да са́ванити шо би́ле са́ми;* (официјален превод: *го виде внатре само покривот*). Интересниот факт дека и во двата случаја во современиот официјален превод место комплементарна реченица наоѓаме именска синтагма ја потврдува горепредложената интерпретација. Сумирајќи го она што ни го зборуваат текстовите за употребата на комплементарното *што* во јужномакедонските дијалекти, треба да констатираме дека:

– на сета територија се гледаат никулци на таква употреба, посебно по глаголите на сетилната перцепција, како што се 'види/гледа', 'чуе/слуша', т.е. во позиција каде што – не без балканско влијание – се создава „синтаксички јазол" во врска со местото и начинот на формализација на аргументот што им е заеднички на надредената и на потчинетата пропозициона структура,

– сепак, во поширока употреба е *што* како комплементарен оператор само на југозапад, во Корчанско, во Костурско, во Преспа; зачестеноста на соодветните примери малку се зголемува и кон југоисток, додека во централниот дел на опишуваниот ареал таквите примери претставуваат вистинска реткост.

На споменатата географија и семантичко-синтаксичка обусловеност на *што* како комплементарен оператор ќе се вратиме подолу. Следниот на нашиот список е операторот *оти.*

1.3.2.2. ОТИ како комплементарен оператор. – Како што е познато, *оти* е грчка заемка. Во стандардниот димотики ὅτι е еден од основните немаркирани комплементарни оператори во фактивните конструкции. Тоа се наоѓа во слободна варијација со πὼς и во опозиција со /– фактитивно/ νά, како и со πσὺ чија дистрибуција потсетува на македонското комплементарно *што* (Hausholder 1964, 172–175). Меѓутоа, во македонскиот стандарден јазик *оти* функционира и како причински сврзник. Во

тритомниот речник неговата причинска употреба е ставена на прво место, а декларативната (комплементарната) на второ. Во Граматиката од Б. Конески (1982, 538-9) *оти* се карактеризира и како исказен (декларативен) и како причински сврзник, но со забелешка дека „Сврзникот *оти* овде (т.е. во причинска сложена реченица) уште поретко би се употребил во литературниот јазик, отколку за сврзување на исказни реченици". (op. cit. 539). Како и да е, *оти* во македонскиот стандарден јазик има двојна употреба, или – можеби – поточно речено, би требало во македонскиот стандард да се разликуваат две *оти: оти*$_1$, т.е семантички празен комплементарен оператор, и *оти*$_2$, т.е. сврзник-предикат со значење 'причина' (сп. во вториот том, каде што станува збор за сврзници-предикати). Меѓутоа, во грчкиот дијалектен јазик ὁτι денеска не се употребува (Tumb 1974, 180). Б. Конески (Историја 1986, 123) пишува дека „тој му бил својствен на средногрчкиот" и веројатно уште тогаш дошло до позајмувањето. За тоа како и каде *оти* се здобило со причинско значење сп. во вториот том, во врска со *оти*$_2$. Засега ќе ги проследиме јужномакедонските примери со *оти*$_1$: *Во заманo Али Ефендиу, кога се писае оти сјa царцке и кашчјате и имајне наше, не ни рекое оти сега жа ви се битиса мерако ваш и жа се прода селото?* МДЦ, *Сфјачке сјази ни даве да разберие оти и напрежниити старци и сегашниити шчо име гальето сфетему село чаластисае за откупејнето селутому от имљако, зошчо пуљае оти послабо и гољамо авале бјаше.* МДЦ, *Никој пат не мате пјано во писајната оти тој камен шчо подлучие мајсториити се стори глава кошетому?* МЕЦ, *Ти шчо рече оти можиш да расипиш црквата, и во три нови да јо управиш, куртулисај себјаси . . .* МЕЦ, *. . . и тој, ка да те види така, жа вјарви от со истина еси пцофната . . .* МЦ, *Буна во порта́та тогова без да кажи от-ести госпоин кашчјатуј. МЦ, Ка му виде патката оцпрјади, се зарадва, рече от е кушула за неја.* МЦ, *Си помислиф, оти са бие пеза и ма мами* ШД, *Турчино му велеше на сел'аните, оти ке има бој со Богарија . . .* ШД, *Ние са надеамеф, оти грците и србите нема да остане тука, мислефме, оти Богарија ке дојди . . .* ШД, *Спиро, ти знаеш, оти србите фатиа да са бие со афстроунгарците?* ШД, *Тој ни рече, оти ние сме биле роднини.* ШД, *Кажва, оти клетва имам дадено . . .* ШД; сп. ги и мошне интересните примери каде што по *оти* доаѓа oratio recta, т.е. *оти* служи само како сигнал дека се наведуваат (неизменети!) туѓи зборови: *Кажваа, оти овој јазик вие треба да го заборајте . . .* ШД, *И кажваше тој, велеше, оти да са собере сите села во селото Герман.* ШД; иако, можеби, ваквата употреба на *оти* претставува индивидуална особина на раскажувачот, сепак е мошне симптоматична со оглед на соодносот на oratio recta и obliqua во јужномакедонските дијалекти и воопшто во усното комуницирање. Од Леринско и Костурско Мазон, разгледувајќи ги грчките лексички влијанија, ја споменува „. . . la conjonction *оти (ὅτι)*, employée à la fois en valeur interrogative „pourquoi?" et en valeur relative „parce que, que" (МСЦ 57). Еве ги и примерите за *оти*$_1$: *Се испатиса демек, оти отепан е.* МСЦ, *Сетне му текна на ни, оти ва стока зеа, ама кајт нема.* МСЦ; тука наоѓаме и еден пример кој покажува каков можел да биде патот на семантичката деривација: *оти*$_1$ → *оти*$_2$, еве го примерот: *Се радва Марко оти дете има . . .* МСЦ – предикатот *се радува* и другите

како него, на пр., *се нервира, ликува, се одушевува, се вознемирува . . .*, т.е. предикати кои изразуваат чувства предизвикани од некој настан/состојба/ситуација, сите дозволуваат двојно толкување на имплицираните од нив пропозиционални аргументи, чисто комплементарно или пак причинско, сп.: *тој се радува дека . . . ~ тој се радува бидејќи . . .*, и сл.; оттука можноста *оти* кое ги воведува соодветните реченични аргументи да биде толкувано или како асемантички конектор за комплементација или како конектор-каузален предикат. Мојот наведен пример од Костурско доаѓа од текстовите што ги дава Видоески од селото Нестрам: *И му-вéли на-тáтко-му (на-цáрот) оти нé-е живот сунéа.*, сп. и: *Да-знáеш оти-јáска за-бéга, за-уода на-Романија* (ibid.) *Идéтето кóга слéзе и-виде и-рéче óти-тýка е-животот . . .* (ibid.), *Викнáе дéчкете оти-ориве голóмби и лостовичке да-ни го зéве сáатот, каламáрот и коróната . . .* (ibid.). Наредните примери се од Мегленско: *. . . а нé-гу-знáе вá оти-е-ѓáвăл.* БМег, *. . . он ричé оти-вó-ј никуј-знáк, накéрка-ми шо-стануве . . .* БМег, *Е, нéјсе, тóгăј са-изрăдувáмă ние, ричемă оти-сéга вике завăршýва с-фашизмут . . .* БМег, *И ричéмă óти сéга сéлту ј-чи́сто . . .* БМег, *На-крúво мéн-ми-са-видé движéние уд-дéсна стрáна, а јáс си-разбрáк оти-вójска;* БМег, *Сéа ти́е не-знáјăт оти-му-ј-зи пáрте тó стáриут.* БМег, *Ки-а-зéвте вá мóмăта ки-óтте ки-а-закóл'те киму-гу-извáтте дробут ки-м-гу-дóнцте нáм да-ва-вирýвам от-а-за-клáте.* БМег, *Ама, рúбте не-му-тикнáло óти ќи-ј-исфăрла лисúцта.* БМег, *Изваѓúја пиштóл'те и кăжáја оти-сéга теп-та-пушти́ме и цéл вéк дур-да-са-свăрши вá рăбóта не-та-устáвмă на-мира . . .* БМег; а еве пак два примера на вкрстување на oratio obliqua и recta: *. . . óни ви́кăт, оти кýјќта ќи-а-изóрме . . .* БМег, *И, аден-Гéли, брăтчет-ми, испăднá тáмка ми-кажá оти ти́ дóдо ки-и-пýштиш вие двéте партизáјне у-Вăўчишта . . .* БМег. В. Дрвошанов во својата монографија за кајларскиот дијалект го наведува *оти* и меѓу декларативните и меѓу каузалните сврзници; а еве го неговиот пример за *оти*$_1$: *Óна знáеше óти знáе пúсмо . . .* ДКај. Натаму, од Еницевардарско: *. . . ду кăто гу пикаса пу гласот оти е нејнто măш, му вели . . .* УЕ – наедно тој е и нареден пример со заеднички аргумент остварен во надредена реченица; а еве ги другите примери од истиот регион: *Нели знајш оти ти ми устави су мало дете и оти детто порасте гулемо?* УЕ, *Лудо не губи ного време, трачил оти чавките гу пцујат су крачејното . . .* УЕ, *. . . наместо да му кажи оти ќи мериме жито, как шо му ричел брат му, он му кажал . . .* УЕ – пак еден пример со категоријална карактеристика на oratio recta. Натаму: *Тија патници нишчо не знајле оти над ни́к, на јаворот има и друѕи патници . . .* УЕ, *Лудо му си заклнал оти овците и козите ќи му и пасе без ни адно грош пари . . .* УЕ . . . Од Дојранско ги имаме примерите од текстовите собрани во монографијата на К. Пеев: *. . . ѓавуло гу-пăднáл măка óти тóлку árно дă-пуми́нăт . . .* ПДој, *Гу видéме оти ичумéно здрел . . .* ПДој – заеднички аргумент остварен во надредена реченица до глаголот *види,* натаму: *Д-óдиш нă-цáро, дă-му-кáјш оти твójто дéте-ј здрáво . . .* ПДој - категоријална карактеристика на oratio recta. Во монографијата за кукушкиот говор (ПК1, 311) Пеев пишува: „Од декларативните сврзници

најчеста употреба имаат: *оти, шо,* а поретко *да*". Еве ги неговите примери за *оти: . . . и нă-тóо му-кажáли от жéна-му рудúла мăшко; – тóги, ак тă пузнáа оти не си нијна, ќи-нă-нăбăрке;* – заеднички аргумент остварен во надредена реченица до глаголот *познае,* натаму: *. . . адúн измислúл óти кој ќи-пичáле пóвиќе пáри, мóмта ќă-дáдăт нă-него; – дóктуро сă-пуфăлúл от зă-аднá нидéл'а ќо-о-изликýве дéтто.* Натаму Пеев констатира: „Грчкиот сврзник *оти* во декларативни реченици се јавува комплетно во југоисточните говори." па ги реди примерите „. . . од Воденско: *стúга вике ми-зборýваш: дă-нă-мúслиш пă оти ти мă-нăучи; - пóпут му ричé оти ă-дáва, ăмă ричé . . .* (ДВ 17, 20); од Гевгелиско: *ич не мă вирýваа л'ýјто от нé знам дă чéтум; – и му кажáа оти ќă-дáдме, и уф-нидéл'та . . .* (Д. Иванов, 1931, 116); од Кулакија: *фатéјти ми, и видéјти, оти дýша и снáга илим кóски нéма; – и пузнăјáле ќистина, óти ут теп испаднáх и верувáле от ти ми а пушти* (ВК, 260–261)". А еве ги и примерите од кукушките текстови од монографијата на Пеев: *Усити́ла тá мáјка-ј óти óна у-цáро уддéла.* ПК, *Пáмтум óт бúме на-нúвата.* ПК, *Óни рaзбрáли óти тýк ќej-пó-árно, óти нă-Гăрциă ej тō мéсто.* ПК, *. . . нéкуј мурăрчéнăц ни-кăжáл óти устăнáл, нé бигáл зă-Бугáрја.* ПК, *И-с-нучúа ф-нáс от-úма рăкúă . . .* ПК, *Гинá, гинá, ка видéх ас оти гу-прăчикáх дă-сă-шúре . . .* ПК, *Глéдум оти зă-мéн чувéк нéмум дă-кáже нéкō дýма.* ПК, *Ká лăже чувéк сáмо пуглăште, óти крúф-éј нéшто.* ПК, *Сéтне нé знáјме, само от сă-утвурúла вујнáта.* ПК, *. . . е óна ми-кăжýвише óти тáм г-утипáли.* ПК, *Цáро ká дујдéл, нé рăзбрáл, от нé-ј нé-гăфта жéна.* ПК, *Ти мúслиш от-ej гăрцко, ама уф-нáшто сéло нéмше ни едúн Гăрк.* ПК, *Вúă цéли Гăрци сте, óште нă-măгáрто нă-стрáкá сéјте, сă-знáјте от сте Гăрци . . .* ПК, *Знáм оти у-Кýкуш уддéме тăкá цéлто сéло.* ПК, *Он ни-гувóрше сè тóо, от-сме Макидóнци, от не-сме Бугáре . . .* ПК . . . Во целата збирка текстови на Малецки од Богданско најдов еден единствен не многу чист пример за $оти_1$ што ја става под прашалник наведената конструкција на Пеев дека се работи за конектор што е во универзална употреба во југоисточните говори. Еве го примерот: *„јас да т'ă врăза тýка да сă саалáм, óти за м'ă чáкаш".* – поверојатна се чини интерпретацијата со $оти_1$, но не е исклучено ни $оти_2$. Примерот е од Висока. Ретки се и примерите со $оти_1$ од збирката на Верковиќ. Наведувам од таа збирка два примера од една приказна од Серско: *Тамáм да са вăрне, пак ќосéто зел едúн кáмен нат нéк, зá да гó отрéпиа в бонáриа, и детето му сá примóлило и зарéкло, óти нéк да остóри сúн на бáшта си и да му дадé нéговите дрéхи . . .* – наведов поширок контекст бидејќи примерот – со доста замрсена синтакса – пак покажува симптоми на споменатото вкрстување на oratio obliqua и recta. Вториот пример гласи: *. . . тогá да кáжиа на баштá си, óти е тój син, пак ќосéто не . . .*

Собрав доста примери со конекторот $оти_1$ со цел да го соберам истовремено најпретставителното можно множество од глаголи-предикати што ги акомодираат своите реченични аргументи токму со помош на овој конектор. Претставената слика најкратко можеме да ја сумираме на следниов начин:

– во поголем дел од јужномакедонските говори, пред сè во западните и во централните, *оти*$_1$ претставува основен комплементарен конектор што се појавува по verba dicendi и verba cogitandi; северно и источно од Солун тој станува поредок, а на некои говори – се чини – и не им е познат;

– селекцијата на глаголите што ги придружуваат потчинетите реченични конструкции воведувани од *оти*$_1$ кажува дека се работи за сврзник чија главна функција е да најавува дека следува цитат, иако се присутни и доста примери каде што *оти*$_1$-реченица едноставно формализира содржина на нечија психичка (интелектуална) состојба;

– цитираните содржини што ги најавува *оти*$_1$ најчесто категоријално се оформени како oratio obliqua, но најдовме и доста примери каде што тие имаат категоризација на oratio recta, т.е. *оти*$_1$ има едноставно во говорниот текст иста функција како наводниците во пишаниот текст.

1.3.2.3. ДЕКА како комплементарен оператор. – Конекторот *дека*, основен комплементарен конектор во стандардниот јазик, на дијахрониски план претставува сложенка од заменскиот прилог *де* (< **где* < **къде*) + честицата *-ка*. Неговата кариера како комплементарен конектор се базира врз функционална калка од грчкото ὅτι (Конески 1986, 123). Во јужните говори прилогот *дека* 'каде' и конекторот *дека* 'оти$_1$' се појавуваат обично во комплементарна дистрибуција; на таков начин се избегнува незгодната хомонимија што би ја отежнувала комуникацијата. Пред да ја сицираме географијата на конекторот *дека*, еве ги немногубројните примери од јужномакедонските говори: *. . .ка́жи му на та́тка ти, де́ка ке ви да́м па́ри на́заем . . .* ШД – ова е единствен пример со кој В. Шклифов ја илустрира својата констатација дека *де́ка* влегува меѓу „допълнителни съюзи" карактеристични за долнопреспанскиот говор, а набројувајќи ги тие сврзници, ги реди на следниов начин: *„. . . да, шо, де́ка/о́ти, кој . . .*", што сугерира дека *де́ка* се јавува во факултативна алтернација со *о́ти;* меѓутоа, од приклучените кон монографијата текстови произлегува дека доминира *оти*, а *дека* во оваа функција се среќава многу ретко. Одејќи како обично од запад кон исток, наредниот пример на комплементарно *дека* го наоѓам дури во текстовите на Бојковска од Мегленско: *Ка-ќи-до́јде у-гуле́му но́гу и ки-по́чне о́на вике́ ќи-а-кре́ве гла́вта, ќи-по́чнат вла́кна да-испа́јќат, купри́на, ќи-по́чнат вла́кне́нца да-испа́јќат уд-му́цка́та са-зна́е дека са́ке да-ви́е кужу́рци . . .* БМег. Во истиот тој текст понатаму (како, впрочем, и во други текстови во збирката) наоѓаме примери на *дека* употребено во смислата 'каде', сп.: *Та́м дека-и пубиле́на бу́пта да-ре́чме шо-са́ке да-на́јде ме́сто за-кужуруви да-вие, ќи-са-пубе́ле пу-ти́е ве́јкте, бе́ла ќи-би́де, са́та бу́ба ќи-са-нака́че на-ве́јкте, ни́е пу-ти́е дека-шо-ќи-би́де бе́ла дру́га́ ве́јка са́ти-ца́рве, па́ да-са-зави́е бу́ба́та . . .* Инаку, освен горенаведениот пример, функција на комплементарен конектор во текстовите од збирката врши *оти* (сп. погоре 1.3.2.2.). В. Дрвошанов, пишувајќи за кајларскиот говор, како декларативни сврзници ги наведува *„дека, оти, шу"*, и ја илустрира својата формулација со еден пример за *дека: То́ не́-гу ис-*

пу́л'ва и́ч де́ка ле́же ДКај – пример со двозначна интерпретација; во собраните од него текстови во разгледуваната функција пак доминира *оти*. Поголем број конструкции со комплементарно *дека* наоѓаме дури во текстовите на Угриновски од Ениџевардарско, сп.:
дека пак кај него иде си рекол су умот . . . УЕ, *Кога гу видел попот на влади́кта дека бргу уздравел* . . . *му вели* . . . УЕ, *Влези у нтрин и ќи видиш дека е така.* УЕ, *Кога научил оти та земја си наоѓа блиско ду адно море, оти има арни полијна за жито оти има ного работа и дека там има адно цар и ного лична царува ќерка, ного си зарадува.* УЕ, *И така, викне адно, викне друго икимција нема лек за царот и сѐте нејни биле исплашени дека дошла работата ду умрејне.* УЕ . . . Меѓутоа, и во овие текстови како комплементарен конектор доминира *оти*, а се среќава и *дека* со просторно значење, сп.: *И таман си утиде дома и истури длниците у удајата, на аднаш уд дека длници скокна адна убава и ного лична дивојка.* УЕ, сп. и во текстовите на М. Каранфиловски од Ениџевардарско:
Привлекува внимание и фактот дека во повеќето горенаведени примери од Ениџевардарско *дека*-реченицитe се наоѓаат во зависност од глаголот *види*, а во првите два заедничкиот аргумент на главната и потчинетата предикација е остварен како аргумент на предикатот 'види'. Сето тоа нѐ потсетува на сликата врзана за *што* како комплементарен конектор (сп. погоре § 1.3.2.1.) и налага заклучок дека пак сме соочени со влијанието на грчките конструкции со ποῦ и дека се наоѓаме во една преодна зона меѓу релативните и комплементарните конструкции, па сме сведоци на зародување на комплементарна функција кај прилошкото *дека* 'каде'.

Со ова ги исцрпивме јужномакедонските извори во кои наоѓаме комплементарни конструкции со конекторот *дека*. Се гледа дека нив ги познаваат само централно-јужните говори од Мегленско до Ениџевардарско, а и на таа територија тие се прилично ретки. Примерот што го дава Џклифов од Долна Преспа во таа светлина се чини вторичен, внесен од другите западни говори. Пеев (ПК1, 313) наведува еден пример од збирката на Верковиќ со интерпретација дека се работи за поврзување на сврзниците *дека* и *да*, меѓутоа, по наше мислење *дека* тука има оригинално прилошко значење, што инаку е потврдено и со фактот дека тоа би бил уникатен пример со комплементарно *дека* во споменатата збирка. Еве го примерот: . . . *утрината, кату са научиха гражданите негови и комшиите, са почудиха, дека да и добил тој на пет-шес години толку стока.*

1.3.2.4. ЧЕ/ЧА како комплементарен оператор. – Овој конектор е карактеристичен за југоисточните говори. Го наоѓаме (покрај пореткото *што*) во збирката на Малецки од Богданско, сп.:
раки́јата . . . МС, . . . *в'е́н гу ерќечу, шту р'е́чи та́ткуи, ча з'е́нт'у спи о́шти;* МС, . . . *уштинош за т'а ши́там, а́ку ричеш, ча ни зна́м да вр'аш, ти да ми и́маш гр'ахо́* . . . МС, *Кугá ги ви́д'а д'ăт'ату н'аштáта ги пузна́ и тугáс пузна́, ча на кше́нудо́хину жина́тај* . . . МС, *„бо́лкит'а ни ка́цат,*

ама́ на на́м ниѓда́ва ра̏нка да ричѐми, ча̏ ни ка́цат . . .“ МС, *. . . с'ѐтн'а̏ за ви́дат ча̏ ста́на по́др'ѐбну . . .* МВ, *. . . с'ѐтн'а̏ за ви́дат ча̏ ста́на пл'ава́та др'а́бна . . .* МВ, *. . . чуфчи́јата ја ви́д'а̏ му́хата, ча̏ фл'а́зи у нусо́т . . .* МВ – пак еден карактеристичен пример со заедничкиот аргумент остварен во надредената реченица, т.е. пример со едно синтаксичко решение какво што во нашиот корпус на примери се покажа досега најкарактеристично за конструкциите со конекторот *што* (сп. § 1.3.2.1.). Натаму: *. . . д'ѐт'а̏нту ви́д'а̏ ча̏ ни зл'а́ва н'а̏фту . . .* МВ, *„е́зми н'а́с но́жниц'а̏, скри́пни ми ма̏ра в'а̏ждит'а̏, ча̏ ни мо́га да т'а̏ ви́д'а̏.*“ МВ, *То́ј пузна́ ча̏ т'а́с пуртука́л, шу и́ма и т'а́с кали́нка и́ј мло́гу гул'а́м чурбажи́ја.* МВ . . . Примери со *ча/че* наоѓаме и во збирката од Верковиќ, сп.: *Ма́јка му не́ веру́ваши, ча е́ тој, ча зна́иши, о́на мо́ма роди́.* В, *Ама Мајдон и познал, ча наречниците му кату на сон дојдоха, му казаат, ча каков ум има протудрак за негу.* В, *. . . си научих, ча твој ма̏ж да е јадлив . . .* В, *Попот и попаѓата кату земаха писмото та видоха, ча нихното дете да и станал цар на самовилите, станаха, кинисаха да гу терат . . .* В, *. . от гласо́т га позна́, ча е не́говата л'у́ба* В – уште еднаш сме соочени со конструкција каде што заедничкиот аргумент се остварува до надреден предикат; натаму: *. . . и́махме, чи го́ сме отре́пали . . .* ВС, *Сетне утишал при сла̏нцето, нашел го, чи руча . . .* ВС – и овде заедничкиот аргумент е формализиран до надреден предикат; натаму: *На ца́р'у да му ка́жиш, ча жена́-та му, ма́чле и ку́тле роди́ . . .* В, *Си́нку, ако познај татко ти, ча си мома, и те́бика и ме́ника ки ни зако́ли . . .* В . . .

Од приведените примери се гледа дека конекторот *че/ча* не само што има многу изразита географија – ограничен е до југоисток, ами исто така е ограничен и по својата семантичко-синтаксичка дистрибуција. Имено, тој ги акомодира комплементарните дел-реченици пред сè кон глаголите-предикати на сетилната и на интелектуалната перцепција, а многу поретко и кон verba dicendi. Во таа своја дистрибуција тој се доближува до *што* во функција на комплементарен конектор (сп. погоре § 1.3.2.1.). Привлекуваат внимание примерите од збирката на Верковиќ со „редундантно“ *ча*, сп.:
кату на сон дојдоха, му казаат, ча каков ум има протудрак за негу . . . В, сп. и: *. . . си научих, ча твој ма̏ж да е јадлив и да не остава друг ма̏ж да ти види . . .* В.

1.3.2.5. *Да* како комплементарен оператор. – За да ги определиме функциите на *да* како комплементарен конектор, треба прво да се потсетиме на една суштествена дистинкција во однос на референцијалната семантика на комплементарните дел-реченици. Имено, тие можат да бидат фактивни или нефактивни, т.е. –

а. можат да одразуваат факти или настани што се случиле во минатото или се случуваат во сегашноста и, следствено, речениците што ги одразуваат нив можат да бидат оценувани од гледна точка на нивната вистинитост, или пак-

– *б.* можат да одразуваат желби, наредби, забрани, претпоставки, со еден збор: нечии ставови во однос на настаните што би можеле да се остварат во иднината.

Во македонскиот стандарден јазик конструкциите под *а.* се служат со сврзниците *дека* и – во ограничена мера – *што* и *оти*, додека конструкциите под *б.* се служат со *да*. Опишувајќи ја јужномакедонската ситуација во дијалектниот јазик, досега имавме работа само со првиот тип на комплементарни конструкции, т.е. со конструкциите од доменот на стандардните *дека*-реченици. Меѓутоа, *да* во јужните говори се појавува во двата типа конструкции. Следствено, овде ќе ја претставиме редум прво неговата употреба како фактивен па како нефактивен комплементарен конектор.

1.3.2.5.1. ***Да* како фактивен комплементарен оператор.** – Во ваква употреба да е регистрирано, пред сè, во југоисточните говори. Меѓутоа, како и во случајот со *дека* (сп. погоре § 1.3.2.3.), и овде располагам со примери од Долна Преспа од монографијата на Шклифов:
ра́ка да ми пра́ј и́шарет . . . ШД, *. . . пу́лефме до́лу по пр̊ато да врви а́скер, мно́гу а́скер . . .* ШД, *. . . а на́јдоф мајка и не́стата да пла́че . . .* ШД – како што се гледа, се работи пак за примери од пограничјето меѓу релативните и комплементарните конструкции, т.е. за примери со заеднички аргумент остварен до надреден предикат. Инаку, одејќи кон исток, првите ретки примери ги наоѓам во текстовите на Угриновски од Ениџевардарско. Интересно е дека сите примери што успеав да ги најдам во неговите текстови се дел-реченици зависни од глаголот *чуе*, т.е. пак од еден глагол на сетилна перцепција, сп.:
наближува кај наска ламгијата, ќи ми разбудиш . . . УЕ, *У то време чул да клупотат некакви клупотарки . . .* УЕ; третиот пример го приведувам со малку поширок контекст, зашто претпоставувам дека присуството на негираните егзистенцијални конструкции во контекстот можело да предизвика и во една комплементарна конструкција да се појави *да*: *Кога стигнал у стред касабата, било околу зора вә́кт, ама, за чудо, ни л'уге да лафат и да шетат ни́з касабата, ни адна канда́лја да свети, туку чул са́мо кучи́јна ка лајат и петлијна да пејат.* УЕ . . . Се задржав околу примерите со комплементарно *да* од Ениџевардарско, бидејќи во тој говор треба веројатно да се бара потеклото на конструкциите со така употребено *да* од текстовите на К.П. Мисирков, сп.:
Маќедонците – Бугари . . ., не јет вистина кажујн'ето, да не ке излезит ништо . . . и сл. (приведувам според ПК1, 313/4). Примерите со комплементарно *да* кај Мисирков побудиле на времето жива дискусија и биле осомничени како србизми, меѓутоа, К. Пеев, кој прв обрна внимание на „живите" примери со такво *да* во југоисточните говори, наведува низа паралелни конструкции од соседните терени и така ја потврдува автохтоноста на Мисирковата употреба. Еве дел од конструкциите што ги има собрано Пеев: *. . . ве́л'ат да се-ј избл'ува́л кра́ф; – не му вируву́вше да́-са́-би́ли за́адно; – ми́сл'ум да-ј така́ по́-а́рно.* (Кукушко, од ексцерпцијата на К. Пеев), *. . . малкио, кату видел брат му да бега, оставил бабите, та фатил . . .* – пак еден пример со „авансиран" заеднички аргумент до глаголот *види;* примерот доаѓа од материјалите на Шапкарев од Кукушко (ПК1, 312), *– синку, немој веруваш на мома, да им'а толку јуначку . . ., . . . тамо видех да излези едно пиле . . ., . . . и тојна флезе*

нетри, виде, на чешмата да пиши едно писмо така . . ., ама не знаиши и ниту клаваши на умот да е негов брат траговец . . ., . . . *един ден чу јединтел'ал да продава една кăшча, да га тера триста хил'ада гроша . . .,* . . . *цар'ут как га виде нив'астата да е толку лична и хубава . . .* – сите тие се примери што Пеев ги нашол во збирката на Верковиќ. Најпосле, наведувам in extenso уште еден пасус од монографијата на Пеев кој пишува: „Од Солунско исто така забележивме неколку . . . примери: - *отиде дома и видел неговите жени да скокат голи, грабнал ножа . . .* Ватилак. Од Кулакија: – *ут вéкот нé си чý да си утфóри нéкуј óчи на нéкој слéп да си рóди . . .* ВК, – *не верувáле чифýтите за нéго да бéши слеп, да си упулúй, дури а викáле на тáтко му . . .* ВК. Единствениот пример што го најдов во текстовите од Малецки од Богданско пак е од оние што им се доближуваат на релативните конструкции, сп.: . . . *гу нáјди пак да плáчи* МС; иста сцена на две други места во истата приказна е предадена на друг начин: . . . *гу гл'éда – плáчи . . .*, *и* . . . гу нахóжда пак плáчи . . . Во светлината на приведените примери се налага заклучокот дека комплементарното *да* во југоисточните говори е архаизам што можеби конкретно кај Мисирков бил поддржуван и со српската паралела.

На крајот уште еднаш да подвлечеме дека кај примерите доминираат оние со предикатите 'види' и 'чуе', а нема ниту еден со предикат од класата на verba dicendi, т.е. нема конструкција во која би се наведувале туѓи зборови.

1.3.2.5.2. Нефактивно *да*. – Нефактивно *да* во комплементарните конструкции придружува verba voluntatis.

Примерите се многу фреквентни, ќе приведеме овде еден мал избор од одделни јужномакедонски говори: *Тóзи врјáме кóга Рúстос ишчјáше да óди во éна касáба шчо се зовјáше Јерихó, нјáкој шлјáп бјáше сјáнат на пáто и питјáше . . .* МЕЦ, *Тој ишчјáше да и убије јобáта.* МЦ, *По сјáзи ви се мóл'а кáбул да ме сторите . . .* МДЦ, *Ако сáкаш да држиш зéмјата ти, вá сабја, вéли, дрвéна ти дáвам . . .* МСЦ, *Костáдин сакáше да óда со сéстра му . . .* МСЦ, *Тáм дека-ј пубилéна бýбăта да-рéчме шосáке да-нáјде мéсто за-кужýруви да-вúе . . .* БМег, . . . *сăкăм да-ми-кáјш шó разбириш уд-вá тăквó?* БМег, *Ти сáкаш дă нă изéдиш . . .* ПДој, *Таче, јаска сакам да си мăжам за адно дете шо е најубав у светот . . .* УЕ, *Имам мало дете и сакам да ми си игра . . .* УЕ, *Јаска дојдех да ти замол'ам да ми а дадиш твојта кéрка за моја жена . . .* УЕ, *Влăдикта попе, вели дејто, тешкој болин и нăрчува бргу да му пушчиш адна торба пăлна су жаби за илјач.* УЕ, *И тúа сăкат, нéјкат, кúи-дăт дă-јм-ýдре, ак сакат дă-нóсат лéк нă-царо.* ПК, . . . *дăдé нă-мéне, сăкáх дŏ-гăлтнум - не, и сăкáх дŏ-избл'ýвум нă-мужéх.* ПК, *Нă-мójта стóка не-сăкум ас друк дă-ми-бúде ут-стрáнта нăддăвáче или давáче.* ПК, . . . *с'ă м'éн'а úштат да м'а закóл'ат . . .* МС, . . . *јас иштам да ми стóриш три кáта рýба . . .* МС, *„в'éни инó филцáнча, да кáпни мрăва л'ăкчи да млóгу да му сă мóлиш да тáткути клад'é и ут мój л'ăк.* МС, . . . *не сакаши да го види . . .* В, *Едно врéмја един човек беши земал един алтун, та беши изл'ал на пазарăт, ишчиши да го расипи за дребнаци.* В, *И кату виде цар'ут бахчата маламосана, сакаше без мăра да си загуби умот.* В . . .

Како што се гледа, речиси сите приведени примери се со „универзалното" verbum voluntatis со коренот *сак-/јьск-*. Неколкуте примери со коренот *мол-* ги внесов врз основа на можната интерпретација дека на оној кој моли/сака нешто, и целта му е со молбата тоа и да го постигне. Меѓутоа, како што произлегува и од самата таа интерпретација, тука сме веќе на пограничје со финалните конструкции, како што потврдува и примерот од збирката на Верковиќ: . . . *фатила мошне на Бога да си моли, за да ја даде и на неја чендо* . . . В, или откај Мазон од Бобошчица: . . . *му се измоли́е везирутому Пилату за да му здробе шупели́ти да се кре́не.* МЕ. Глаголите како стандардните *планира, има намера* и сл. не ги сретнав во дијалектните текстови, ја најдов само перифрастичната конструкција *стори ниет,* сп.: *Дека сторихте ниет да појте?* В, *Тојанка и сторел нает два три пати, да ги заколи и двата* . . . В. Ред е да се одбележи и дека како verba voluntatis се појавуваат – иако ретко – и глаголи хомонимни со verba dicendi, сп., на пр., *рече*$_2$, т.е. 'изговори наредба'; 'изговори совет' и сл.: *Кафежи́јата му-ре́че да-и-опи́та.* В, *каже*$_2$: *Ангело му ка́жва о Еги́пет да си бје.* МСЦ, и сл.

Освен по verba voluntatis, нефактивно *да* се појавува во други два типа конструкции, што е – како и во конструкциите со verba voluntatis – тесно поврзано со темпоралната карактеристика на дејството одразено во надредената дел-реченица и со неговата релација кон дејството одразено во потчинетата (аргументска) дел-реченица.

Едниот тип го претставуваат конструкциите конституирани од предикати на состојба со комплементарна *да*-реченица во функција на номинативен аргумент. Се мисли на стандардните конструкции од типот *Срамота е да се отепа ластовица. Не е добро на децата сѐ да им е дозволено., и сл.* Во дијалектниот јазик таквите конструкции не се многу фреквентни, но сепак најдов неколку како потврда дека дијалектната синтаксе се поклопува тука со стандардната. Сп.: *Мно́гу ми́лваф да пе́ја* . . . ШД, . . . *јо страмјаше д-оди дома гола.* МЦ . . .

Вториот тип конструкции се многу почести и од доста специфичен карактер. Имено, се работи за две предикации од кои едната го именува дејството, односно настанот (операцијата, процесот, состојбата . . .), додека другата – синтаксички надредена – носи дополнителна информација за начинот на остварувањето на тоа дејство. Најчесто се работи за начинот (етапите) на остварувањето на дејството во однос на основниот параметар – времето. Со други зборови, реченичниот аргумент ја определува ситуацијата во која се остварува надредениот предикат. Во јазиците што располагаат со такво морфолошко решение соодветните аргументски изрази најчесто се конституираат околу инфинитивот.

Соодветните надредени предикати, со многу општо значење, обично се од семантичките полиња чии граматикализирани јатки претставуваат одделни глаголски граматички категории: видот, начинот, времето, најпосле, каузативноста како посебен вид дијатеза. Значи, тие ја изразуваат категоријалната карактеристика на предикацијата формализирана во *да*-конструкција и како такви систематски ќе ги разгледаме

кога ќе стане збор за аспектуалната, модалната, темпоралната, каузативната карактеристика на реченициte (сп. подолу §§ 1.5., 1.6.). Овде ќе наведеме само мал избор од примерите, пред сè оние кај кои лексикализираната семантика доминира над категоријалната.

Со семантичкото поле на категоријата вид најтесно се поврзани фазните, пред сè инхоативните конструкции кои во дијалектните текстови се необично фреквентни. Изгледа дека почетокот на дејството претставува маркирана точка, пресвртница во психичкиот тек на раскажувањето. Главнината од инхоативните конструкции се оформуваат токму со потчинети *да*-реченици, на пр., *фати да, зеде да, тргна да, стана да, киниса да, скокна да,* и др. Но покрај овие, коишто ни се јавуваат речиси како граматикализирана категоријална перифрастика, има други конструкции, поретки, со имплицитно присутна фазна семантика, сп., на пр.: *Чупата тој ден цкна еш-повеке да му завеј ljäп детету́му в-апсаната.* МЦ, или: *Чéj, му ре́че ца́ро, да ви́диш.* МЦ, *Чеј да зема да касна тинта ljäп . . .* МЦ, или: *. . . оти пак ќи си стретни су нејното момче, ама ако дуспеј да а излäже ри́бата.* УЕ . . .

Од семантичкото поле на категоријата начин доаѓаат, пред сè, „класичните" модални глаголи како *мора да, треба да, може да, смее да . . .,* меѓутоа, со модална семантика се и бројните перифрастични конструкции како *дава изин/зема изин да . . ., стори/чини кабул да . . ., е кадар/се стори кадар да . . ., се стори каил да . . ., е со муќун да . . .* и др., најпосле, тука спаѓаат и конструкциите како: *И ги пу́сна да си по́ат.* МС, *Утѝди то́с на ца́рува́та по́рта да бр̆а́рка ра́бута и ца́р'у гу пу́сна на бахча́та да ра́бути . . .* МС . . .

Најпосле, каузативната семантика е присутна во конструкции како: *Ќи-му-да́м дă-ја́де он . . .* ПК, или: *. . . за ина́ гуди́на н'ет'ра̣ сă научи́ да пса́ла . . .* МС; (notabene и овде најдов еден пример-доказ за тоа колку лабилна е границата меѓу разгледуваните конструкции и финалните екстензионални дел-реченици, сп.: *. . . тјӓзи шчо научи́е л'у́ди за да вјӓрве Ристо́са.* МЕ – се работи за слободен, парафразиран превод без директна паралела во денешниот официјален текст на евангелието); тука спаѓаат и конструкциите како *помага да . . .,* и сл.

Иванов (ПГ, 197) приведува мошне интересни примери на негирани комплементарни *да*-реченици градени според грчкиот модел со прохибитивната неменлива честица *немој* во функција на „субјунктивна" приглаголска негација, сп.: *Гле́да нимо́ј да и́ма кра́моли., Тр'а́бва нимо́ј да са ка́раме . . ., По́мните нимо́ј да са ка́рате. . . .* Во ексцерпираните извори не најдов конструкции од таков вид.

Систематската поставеност на горенаведените конструкции, како и поширокатa слика на функциите на *да*-конструкциите во македонскиот дијасистем, наведува на заклучок дека нефактивното *да* не е комплементарен конектор, туку формант на посебен глаголски начин за граматичко потчинување на еден предикативен израз на друг – субјунктивот. Од друг аспект гледано, можеме да го сфатиме и субјунктивното *да* како експонент на акомодација на формите на субјунктивот кон

надреденият предикативен израз. Таквата негова функција веројатно овозможила тоа да биде сфатено како конектор и да се појави како таков во фактивните комплементарни конструкции. За субјунктивната интерпретација на *да*-речениците сп. во вториот том.

1.3.2.6. ∅ (= сегментална нула) како комплементарен оператор. – Јужномакедонските текстови покажуваат дека не само нефактивните (субјунктивни), ами и фактивните комплементарни реченици (реченични аргументи) можат да се појават до надреден предикативен израз без посебен сегментален конектор, т.е. со суперсегменталната мелодична контура како единствен експонент на граматичката акомодација. Ќе приведеме прво една селекција на карактеристични примери па ќе ги проследиме со коментар. Сп.: *... кога виде во врешчата не мјäше љäп, имјäше паре* МЦ, *... по пáто виде éден пúтач питјäше пóмош ...* МЦ, *На глéдаа не óјме нéкаде ...* ШД, *Стáрите вéлеја, мóже да дóјди Бóгариа сjá.* ШД, *Јáс си рéкоф éт мáчката.* ШД, *И пýлиме мáјка грéј óддолу ...* ШД, *... и вúдоф óдгоре грéде по улúцата многý л'уѓе ...* ШД, *Тáтко вúде, ке пáдни жиф во рáцете на тýрците ...* ШД, *Тáтко вúде, куртýлија нéма ...* ШД, *По еднó време чýфме, србите дóшле во Бúтол'а ...* ШД, *... и си вéлеа со Богáрија ет битúсано.* ШД, *И јáс си рéкоф куртýлија от тој борч нéма ...* ШД, *... кóга глéдам жéната трча по пåто ...* ШД, *... и пýли чýпата – грéде два корфелáци и-ена-чýпа на-ена колúчка ...* ВН, *... сáкаше да-ме-зéва за-нéго и-ми рéче зá-се-давúсвиме.* ВН, *... Итóгас кога-вúде чупата – тój му-бéше тéјното мóмче.* ВН, *... и да-мурéчеш: најмáлата чýпа ми-рéче нáј-на мáлиот сúн за-му-истрúе трú зарна сóл' на-рåката бéз-да-разбéри ...* ВН, *... кóа пýли нáтре, éдна жéна и éден мăш и éдно дéте гóло шчо се родило ...* МС, *... ние видéмă плáмин са-дигнá ...* БМег, *... пуле – жéна нема ...* БМег, *Пýле, стáрuут пáри имáл ...* БМег; во иста серија спаѓаат и конструкциите без финитна глаголска форма, сп.: *Пýл'ăт кривáтут – мóме лигнáту ...* БМег, *... пýл'ăт – мóмту умрéну ...* БМег и сл. Натаму: *Кóга вúшăл кумшúата у-ăранúăта има и măлéчко кóтле ...* ДКај, *Сељáнето кажýват, тúја тýва бéа ...* КЕВ, *Ти читáјше бăшчá-ми не мă пýшче ...* ПДој, *И дујдé сáбата, кажáа ќójме пазáр вáдан.* ПК, *... и на пáто глéде адна лисúца са-направúла ýмрана.* ПК, *... ка-глéјме тóпуфто úдат.* ПК, *Слýшахме пýкат тóпуве ...* ПК, *... гл'éда са ни утфáра ...* МС, *... и јас са разбудúх, гл'éдам сăњи б'ál тóс ...* МС, *... гл'éда мумáта ја н'éма ...* МС, *Гл'éда на главáтаји идúн шандáн сф'ăти;* МС, *... ја нахóжда царицáта лижú ...* МС, *... гу нахóжда пóпóвики плáчи;* МС, *Гу нáјдуха удóл инá јáблака с'ад'ăши пруфúтис Иеримúјас;* МС, *... да вил'áт л'уд'éту ут Гóспут' парú пáждат.* МС, *Тојнака виде на едно место расипану беши мостот.* В, *Цар'ут, как видé сичко готову му докара пападиката, са почуди ...* В, *... да му кажиш д'áте родúх ...* В, *... најде самовилите сп'аха ...* В, *Мáјка му нé верýваши, ча é тој, ча знáиши, óна мóма роди.* В, *... видох на врăх керамидити лăскаши едно нешчу ...* В, *... Кога отиде ламјата, ги виде нетри на горешчата фурна са замрăзнали, са почуди ...* В, *... и видел на едно место една ламја и една страшна змиа борба са борјат.* В ...

Претставениот избор на примери дозволува да се спроведе една класификација која (можеби дури појасно отколку порано разгледуваните сврзнички конструкции) го докажува постоењето на корелација меѓу семантиката на надреденият предикат и начинот на акомодација на комплементарната дел-реченица. Имено, таканаречената асиндетска врска (= со нулти конектор) ја наоѓаме само во три ситуации:

А. до предикати на визуелната или аудитивната перцепција: *види, наоѓа, чуе . . .*

Б. до verba dicendi, но само

Б.а. кога е агенсот неопределен: *велат, се вели . . .*

Б.б. кога се прекажуваат туѓи зборови: X вика (дека) Y рекол . . .

Првата (А.) ситуација е оној овде веќе многу споменуван семантичко-синтаксички јазол помеѓу релативните и комплементарните дел-реченици: *X (го) види Y дека/каде/кој . . .;* варијантата со 'каде' е позната и во српскохрватскиот јазик, а се должи на широката зона на употреба на грчкото που и објаснува – сп. погоре § 1.3.2.3. – како *дека* станало комплементарен конектор. Семантичката мотивација на двојниот јазичен одраз на соодветните ситуации е јасна – нашата перцепција е насочена на некој материјален предмет (чиј јазичен одраз е именската синтагма) и/или на настанот (состојбата, процесот, операцијата . . .) во којшто учествува даденият предмет (а чиј јазичен одраз е реченичната конструкција). Желбата и двата аспекта од перципираното јазично да се одразат води кон двојна формализација зависно од тоа на кој од двата аспекта му придаваме поголема важност. Ако е тоа предметот - добиваме (а.) една релативна реченица, ако е тоа настанот – добиваме (б.) комплементарна реченица, а желбата двата аспекта да се спојат води кон (в.) разновидни хибридни конструкции. Сп., на пр.,
дам X кој се бори со змија., б. *Гледам дека X се бори со змија.*, в. *Го гледам X дека се бори со змија.* Меѓутоа, дилемата автоматски се решава, а расказот станува подинамичен ако прибегнеме кон асиндетското решение, се разбира – со соодветна мелодична контура: *Гледам: X се бори со змија.* Не е ни чудно дека ова решение е прилично фреквентно во дијалектниот јазик, т.е. во текстови кои директно одразуваат постапка на раскажувачи што го градат својот текст in praesentia, па се служат со жив збор. Таквиот став може да води и кон целосна елипса на предикатот 'види', сп., на пр.: *отвори́а гро́бо – не́ма никој.* МСЦ, а пак во обратен правец води кон фразеологизирани обрати од типот: *. . . пуле на кај крушата . . . шо ќи ми ти види: Плно чавки врс крушата . . .* УЕ, или: *. . . и кога ја утварат вратта шо ќи ви́дат? Са́те тија работи шо му и палаја уд вампирот прес ноќта . . .* УЕ и сл. Еве уште неколку сродни примери: *Ко́га си до́јдоф, шо да́ вида, па́к ма фа́ти ме́рако.* ШД, *Шо да́ вида во ку́ќата, исфрлено е́дно-дру́го.* ШД, *Ко́а пу́лиме, шо да ви́диме - па́мпури це́ли пла́нин'е . . .* ШД, *И та́ка ви́доме не видоме, кини́сame по о́вој па́т.* ШД, *Лиси́ц'та пуле́к-пуле́ка и утво́ра о́чте и шо да́ ви́де! По́лни кушо́ви са́лде ри́би . . .* МА, *Ви́де, не-ви́де ста́рио а пужа́лја и ста́на да́ му утво́ре . . .* МА, *Во́, виде́л-не-виде́л, си-испризна́л на́го́ре . . .* БМег,

Е, видел не-видел, па-а-качи́л кум-Ли́ја . . . БМег, *Е, виде́л, не-виде́л, не-би́ве, ре́кал.* ПК, *Виде́л не-виде́л парахутчи́ита м-оо-да́ве пи́смуто.* ПК, *Виде́л, привиде́л си зи́ме, ди́гне ше́јчто, ту́к дујде́л* . . . ПК, *И – виде́ме, не́ виде́ме пра-то́о си́н дујде́ме.* ПК, *Виде́х, прави́де́х на-че́до ме́сто шо́ ви́куме ни́а даде́х га се́сра-ми, даде́х-гу и бра́тчито.* ПК, . . . *и виде́а, правиде́а га пушти́а* . . . ПК, *сетни виде паравиде, цар'ув син зема друга.* В, *Виде, паравиде Мајдон, рече сос умо си* . . . В, *Виде́, паравиде́ брат му, шчо́ ки чи́ни, му да́ва едно́ ја́гне* . . . В, сп. и: *И кога гледа, ка̏шчата му нова новичка* . . . В . . . Свесно приведов прилично широка селекција на примери без амбиции да ги анализирам еден по еден, но со желба да покажам дека предикатот 'гледа/види' лесно прераснува во универзален предикат не само на сетилната, ами и на интелектуалната перцепција. Повеќето наведени примери кажуваат дека виденото и сфатеното го тера јунакот на рефлексија која често го одредува и неговото идно однесување. Истовремено, горните синтаксички клишеа во поголем или помал степен имаат и еден метатекстуален аспект: тие содржат еден апел на адресатот да ја сфати мотивацијата и – следствено – постапките на јунаците.

Многу поскромен во однос на 'види/гледа' е мојот корпус паралелни примери со предикатот 'најде/наоѓа'. Поизразена е овде врската со релативните конструкции – се работи обично за наоѓање некого во некоја ситуација (а не: наоѓање ситуација во која некој учествува), сп.: . . . *утфа́ра врата́та и нахо́ѓда ца́рува́та мо́ма да спи́.* МС, *И то́ј нака отиде, гу најде́, игра́иши чили́к* . . . В – еден тип конструкции кои со поместувањето на меѓурече ничната граница неусетно поминуваат во: *Оти́де, гу на́јди, ара́пинот спи́иши и биза́иши от момата* . . . В, и сл.

Целиот тој комплекс конструкции има всушност една иста парафраза со две варијанти: '*X* го виде/најде *Y* во ситуација кога/како . . .' или – поретко – '*X* ја виде/најде ситуацијата кога/како *Y* . . .' Примерите со антепозиција на 'кога' како да го потврдуваат директно таквото толкување, сп.: . . . *ко́га гле́дам же́ната трча по па̊то* . . . ШД, *Ко́га ви́ша̏л кумши́ја̏та у-а̏ра̏ни́ја̏та и́ма и ма̏ле́чко ко́тле* . . . ДКај, . . . *ка̏-гле́јме то́пуфто и́дат.* ПК, *Кугá ја гл'éда о́шти вра̏зана му стуји́;* МС . . . – во конструкциите од ваков тип *кога* – покрај тоа што внесува извесна нијанса на изненадување – ги зацртува временските рамки на една ситуација што им е заедничка на предикациите одразени во надредената и во потчинетата реченица. Конекторите од типот *дека* во балканските јазици, по сè изгледа, ја пополниле тука конекторската позиција со просторната заменка 'каде' како еквивалент за 'ситуација'. Сп. и во вториот том, за „релативните" асиндетски конструкции.

Не без врска со претставената слика е и фактот дека во турскиот јазик се многу фреквентни комплементарните асиндетски конструкции конституирани од предикати на перцепција чие основно значење упатува токму на сетилната визуелна перцепција (Levis 1984, 211–214).

Вториот (Б.) тип на асиндетски комплементарни конструкции – согласно со погоре формулираните огради (Б.а. и Б.б.) – опфаќа две маргинални употреби на verba dicendi, додека отсуствуваат примери со нулти конектор да се оформува директна изјава на конкретното лице.

Причината е евидентна – во последниве ситуации раскажувачот може да се послужи со oratio recta, што не е случај ни кога е авторот на наведените зборови неопределен ниту при индиректно прераскажување на туѓи изјави. Дека е токму така, сведочат главнината јужномакедонски примери конституирани од verba dicendi. Затоа, пред да го сумираме сето она што го рековме за јужномакедонската комплементација, ќе се задржиме и на конструкциите со oratio recta.

1.3.2.7. ***Oratio recta.*** – Под oratio recta подразбираме наведување на туѓи зборови in extenso, без категоријална транспозиција. Во говорниот јазик сигнали на oratio recta се токму отсуството на транспозиција, како и соодветната мелодична контура; во пишаниот јазик наоѓаме графички сигнали од кои најтипични се двете точки и наводниците. Меѓутоа, погоре (сп. § 1.3.2.2.) видовме дека во јужномакедонските говори нетранспонираниот цитат може да се појави и по конекторот *оти* кој во случајот функционира како наводници. Овој начин на цитирање, непознат во словенската традиција, се должи на грчкото и на турското влијание. Потврда за тоа дека сме соочени со една интерференциска појава е и самиот факт дека во конструкциите со конектор и со oratio recta се појавува единствено позајмениот конектор *оти* кој може на ист начин да биде употребен и во грчки текст.

Подолу ќе приведеме еден мал избор на примери со oratio recta, а без сегментален конектор. *И Господи́н Бог Ри́стос му ре́че то́му: „Ако си шчо да ве́рвиш, со вера́та сфе́ се чи́ни“.* МЕ, *Марјѝто . . . му вели другаритим: „А мор бракја, чуму ни се турцки копци? . . .* МЦ, *И така ижлегоје, и прибраје внатри: „Повелјѝјте“, му рекоје.* МЦ, *Ту́а си до́шла! ка́жва тој.* МСЦ, *По́по опи́тва ни́вата: – Е, мори́, чи́ја си?* МСЦ, *. . . и му ви́ка та́тко му на чу́пата: „Ко́ј си ти́ . . .* ВН, *„А, си-ре́кла, ва не́-ј а́рна ра́бо́та“.* БМег, *„По́муш, по́муш.“ – зе́л да-ви́ке.* БМег, *. . . и си рекол су умот: Мори шо му тикна на ва мојта сестра вадин да ми пушчи таква арна јадејне?* УЕ, *Вадин, вели бабата, му дујде ред и на царовта ќе́рка . . .* УЕ, *Ај, ра́чел, да́-но́сум.* ПДој, *Уд-ца́рица́та, ве́ле, шо-ј-нуси́х ка́ве́ . . .* ПДој, *Ближна́л па́рстино, ка́чил-са́-на́-ко́јно, ка́жа́л: „Збо́гум ма́јко!“* ПК, *Та́а мо́ма и о́на ви́ке: „Та́те, и мо́јто мо́мче са́ке д-о́де“.* ПК, *Ма́јкаму ко́лку гу ка́ни: „ја́ш ма́јчин ма́нжа“.* МС, *Са уба́ра́нува на дру́гију: „ти́, што́ и́штиш ут то́с чув'а́к да гу го́ниш?!“.* МС, *И тогас викна сос голем глас ошчи еднош: „ма́жот да не кажува скришните си работи на жената му . . .“* В, *. . . са учили на крал'а, да мо кажат, та ем мо вел'ат и говорат: „море, крали, наш гос, ела да видиш кра́пачината жена . . .“* В . . .

Oratio recta може да се толкува како своевиден реченичен аргумент, но може да биде оценета и како своевиден предметен аргумент, јазичен израз, сп.:
рече само една реченица: „. . .“/ X рече: „. . .“, и сл.

Не се ретки ни случаите кога oratio recta се појавува без надредено verbum dicendi, сп., на пр.:
ката: та́п о́де на́-то́ шке́мбто, а ти́а: „Ја́нла́ш-ej, гре́шка-ј, гре́шка-ј“ . . .

ПК, или: *Гулéмте зéтуве ќ-ōт дă-тéрăт лéк, дăлéко кут-у-Скóпја. И тáа: „А бе тáте и мóот măш сáке д-óде“.* ПК, или: *Дójди риндó на мелезúм'у: „ти мелезúм афéнди, штó брăкаш ут тóс чув'ăк?“* МС, или: *Тóгăш, кагу-видé лéбут: „А, гуспóдине, и лéбут на-мужáа да-му-гу-дáдт на-пăртизáјнте“.* БМег . . .

1.3.2.8. Фактори одговории за дистрибуцијата на комплементарните конектори. – Во овој параграф сакам да го сумирам досега реченото за реченичните аргументи и за механизмите на нивната акомодација кон надреденият предикатски израз. Прегледот што следува е среден според семантиката на предикатите кои бараат/допуштаат реченична комплементација, зашто ми се чини дека таа е главниот фактор што го командува изборот на конекторите.

Ако ги оставиме настрана verba voluntatis и другите предикати кои го бараат субјунктивното *да* и како такви се јавуваат како маркирани по начин, но со нулти комплементарен конектор, тогаш изразито ќе се зацртаат два различни семантички комплекса.

Едниот го сочинуваат глаголите на сетилна перцепција кај кои (со соодветна географска репартиција – сп. погоре §§ 1.3.2.1., 1.3.2.3.–4.) се јавуваат конекторите *што/дека/че,* маргинално и фактивното *да,* а покрај сите нив и нултиот конектор.

Вториот го сочинуваат verba dicendi и verba cogitandi. Кај verba dicendi доминира oratio recta, на второ место се конструкциите со конекторот *оти*$_1$, не ретко без категоријална транспозиција, т.е. „во функција на наводници“. Кај verba cogitandi пропорциите се обратни. Најпосле, маргинално, во строго семантички определени контексти, се јавува и нултиот конектор.

Претставената слика наведува на заклучок дека во одделни дијалектни системи реченичните аргументи со различни конектори и различна категоријална карактеристика – слично како именските кај кои варираат наставките, предлозите и заменските клитики – можат да се сфатат како една формална парадигма чии членови се подложни на селекција од страна на надреденият предикатски израз.

1.3.2.9. Реченични аргументи во облик на т.н. зависни прашања. – Во горниот преглед на типови на реченична комплементација не се задржав на т.н. зависни прашања (сп. ги стандардните конструкции како: *не знам дали . . ., би сакала да знам кој . . ., ме прашуваат како . . ., кажете ми поради што . . .* итн.). Ова го сторив свесно од неколку причини. Како прво, од приведените примери се гледа дека:

а. предикатите кои бараат соодветни дополнувања експлицитно или имплицитно се маркирани дали со надредена негација или со карактеристики на можниот или на заповедниот начин или пак со директна информација дека следува прашање, и сл., со еден збор – мотивацијата за таков начин на комплементација се крие во категоријалната карактеристика на надредената (матрична) реченица, а за таа карактеристика ќе стане збор подолу, во § 1.6.

б. самите зависни прашања формално не се разликуваат од независните за кои исто така ќе стане збор подолу (§ 1.6.5.1.); разликата се гледа дури во можностите и механизмите на кондензација (сп.: *Ме интересира кога ќе дојде тој.* наспрема *Ме интересира времето на неговото доаѓање.*, и сл.) за кои пак ќе зборуваме понатаму.

Како второ, конструкциите со зависни прашања главно му се туѓи на дијалектниот јазик. Нив ги заменуваат или oratio recta или директни прашања без формализиран надреден предикат, сп., на пр.: *Цáр'ут му вели: а кога ми си ви́дел ме́ника?* В, или: *Ми́ло сла́нце ми́лно о́ко, от на́с три́те којá је по-ха́рна?* В, и сл.

Еве неколку од ретките примери на зависни прашања што ги најдов во ексцерпираните текстови: *Че́кај да ви́да ка́ква во́јска ет та́а?* ШД, *Не́ знам ка́ква ет чу́пата . . .* ШД – и двата примера се откај Шклифов во чии текстови често се чувствува влијанието на стандардизираната синтакса; сп. и: *Ма́ле, ти са мол'а да ми ка́жиш: кој ми е та́тку на ме́ника?* В – конструкција од збирката на Верковиќ, што Лавров (ibid. 331) графички ја стилизира како oratio recta, но која исто толку лесно би можела да се сфати како зависно прашање – во збирката има повеќе такви конструкции; најпосле, сп. го и примерот од истата збирка: *Ама Мајдон и познал, ча наречниците му кату на сон дојдоха, му казаат, ча каков ум има протудрак за негу . . .* В – ако немаме работа со обичен анаколут, се налага прашањето за улогата на *ча* во оваа конструкција; според стандардните принципи, тоа е редундантно, меѓутоа во балканскиот дијалектен контекст можеме да го сфатиме и како експонент на акомодација, и тоа двојно: или – како паралела на слично употребуваното *оти* – како замена за наводниците, или пак како сигнал дека се работи за вистинска комплементација, т.е. токму за едно зависно прашање. Сите наведени примери се во извесна смисла изолирани и не дозволуваат никакви генерализации.

1.3.2.10. Глаголска именка како кондензатор на реченичен аргумент. – (Од)глаголската именка (заедно со другите инфинитни глаголски деривати) спаѓа меѓу морфолошките формации со двојна природа: таа ги чува функционално-семантичките глаголски карактеристики, додека формално-синтаксички се однесува како именска лексема. Понатаму (во вториот том) ќе стане збор за (од)глаголската именка како конститутивен член на именската синтагма; за (од)глаголската именка како компонента на перифрастичен предикатски израз, сп. § 1.2.2., најпосле, за (од)глаголската именка и за конституираната врз неа именска синтагма како аргументски израз, сп. § 1.3.1. Ни останува сега да кажеме (и да докажеме) дека во последната функција именските синтагми конституирани од (од)глаголски именки претставуваат кондензирани варијанти на реченичните предикатски изрази. Дека е навистина така, може уверливо да се докаже со стандардните примери како: *Нели те потсетив дека тој работи како учител во некое планинско село.* vs *Нели те потсетив за неговото учителствување во некое планинско село.*, или: *Слушнав дека тој се подготвува да полага економија.* vs *Слушнав за неговото*

подготвување за испитот по економија., или: *Ми рекоа дека тој дошол (. . . доаѓа) . . . ќе дојдел.* vs *Ми рекоа за неговото доаѓање.*, и сл. Меѓутоа, многубројни се и случаите кога двојната формализација на пропозиционалниот аргумент или воопшто не е можна од формално-синтаксички причини, или бара некои дополнителни формални потези, или пак меѓу соодветните две конструкции постојат подлабоки семантички разлики кои не можат да се сведат на категоријална ограниченост на именската варијанта. Целата таа прилично комплицирана проблематика во македонскиот стандарден јазик е обработена само од гледна точка на семантичкиот и синтаксичкиот потенцијал на (од)глаголската именка (Чашуле 1989), но не и од гледна точка на семантичките импликации и синтаксичките барања на предикатите кои бараат или допуштаат пропозиционална комплементација. Од друга страна, во дијалектниот јазик – со исклучок на неколку позајмени синтаксички модели – конструкциите со именски трансформи на пропозиционалните аргументи се доста ретки и тешко се подложуваат на некоја општа интерпретација (сп. во врска со тоа и Чашуле 1982). Следствено, подолу ќе се ограничиме на еден мал избор на репрезантативни примери и на најнеопходниот коментар во врска со одделни типови конструкции. Примерите ќе ги редиме според веќе користениот критериум, т.е. според семантиката на матричните предикати. Имено, наоѓаме:

а. именски трансформи до предикати на сетилната перцепција: *. . . първи́о низами́тим и дружина́та тогóва, шчо чувја́е Ристóса, ка виде́е затресејне́то земја́туј и другѝти нишáни, се уплашие мнóго . . .* МЕЦ – интересен пример поради перфективниот карактер на глаголската именка; натаму: *На-кри́во мен-ми-са-виде́ движе́ние уд-де́сна стра́на . . .* БМег, *. . . ка́ ти са́ пуле́ сéга́ ура́јниту?* ДВ, *Цар'ут, кату чул давани, са оплаши . . .* В, *. . . и от млогото викани и проминал тогас от пăнтиот един ќусе, да и кату чу таков викани, отиде на бунарот . . .* В; тука спаѓаат и конструкциите чија реченична парафраза опфаќа зависни прашања, сп.: *. . . да ти видам сега јунацкото ти.* В, т.е. 'да видам колкав јунак си', со деадјективни, а не девербални трансформи.

Како што се гледа од примерите, во овој тип конструкции именскиот трансформ се наоѓа во директна зависност од глаголот.

б. именски трансформи до предикати на интелектуална перцепција: *Мнóгу ми бéше жа́л', кóга на́укоф за умира́чката не́гоа.* ШД, *. . . ка́к т'а арéса псáлан'éту?* МС, *Цар-о благодарно приел това хи прошение . . .* ВС . . . Овде, зависно од предикативниот израз, наоѓаме два типа синтакса: или директна зависност или конструкција со предлогот *за* како специјален експонент на акомодација, сп. го моделот: *мислам на . . . /-за . . .* и сл.

в. именски трансформи до verba dicendi: *. . . си пуприка́жва́т за́ љубóв.* ХК, *. . . да са́ прикажу́ва пукаја́нито на л'у́дито на не́гово́то и́ми . . .* ВК . . . Се чини дека двојната синтакса се должи тука на фактот дека во секој од двата примера под истиот глагол се крие друг предикат – во првиот пример имаме работа со вистински verbum dicendi, додека во вториот *се прикажува* би требало да се толкува како 'се поттикнува, се пре-

порачува . . .',
ктивна врска. Судејќи според официјалниот превод: *И да биде проповедано во негово име покајание . . .*, стандардниот глагол *проповеда* крие иста таква двојност.

Поминуваме на јавно субјунктивните врски. И тука наоѓаме неколку синтаксички модели корелирани со семантиката на предикатите.

Се издвојуваат генерализирани (генерички?) и егзистенцијални констатации со трансформи во меѓузависност со предикатскиот израз (т.е. во номинативен однос: *Жи́веачката бе́ше ма́чна* . . . ШД, . . . *и така́ . . . бити́сува пла́тнуту сну́ван'ету* . . . МС.

Останатите трансформи, со различни нијанси на модално-волиционално значење, се акомодираат со помош на предлозите *на, за, по: О́тиваш на бран'е, ви́каш на во́ло „а́јс"*. . . ШД, . . . *ни́е ки-си-бдијме нани́ва, на-же́тва, на-купа́јне* . . . БМег, *Куту де́ца излевхме на-играјне* . . . ПК; – . . . *напрежни́ти ста́рци . . . чаластисае за откупејне́то селуто́му* . . . МДЦ – пак еден перфективен глагол од ист извор, натаму: . . . *и жа го са́нде за умрјајне* . . . МЕ, . . . *на тепка тогај ти е времито за одејне*. УЕ, . . . *кога ќи дојде време за легнувајне* . . . УЕ, . . . *по крадење ж-одјаше* . . . МЦ . . .

1.4. Појдовната (т.е. „права") семантичка наспроти комуникативната (т.е. прагматичка) хиерархија на аргументите; конструкции со вторична комуникативна хиерархија на аргументите. – Во § 1.3.1. стана збор за природната семантичка хиерархија на аргументите на еден предикат како одраз на антропоцентричната организација на јазичниот систем. Рековме таму дека сме природно наклонети различните состојби со кои се соочуваме да ги толкуваме како резултат на човечката активност и да ги проицираме во текстот тргнувајќи од човекот-вршител, човекот-иницијатор и сл., кој ни се налага како референт на појдовниот аргумент на повеќето предикатско-аргументски структури. Утврдивме и дека јужномакедонскиот јазичен материјал го потврдува постоењето на една семантичка хиерархија на аргументите: од протагонистите на говорната ситуација ('јас' vs 'ти') преку еднозначно идентификуван човек-маж посочен со едно сопствено име, идентификуван човек-маж посочен со една општа именка (именска синтагма), човек-дете-и/или-жена, животно, идентификуван единичен предмет . . . па сè до нерасчленети супстанции како 'песок', 'вода' итн. Тоа е хиерархија чие постоење наоѓа одраз во синтаксичката структура на многу јазици и која се налага како универзален признак на природниот човечки јазик. Значи, *а.* семантичката структура на повеќето предикати со кои се служиме дозволува или дури налага референтот на еден од аргументите да биде човек, додека *б.* споменатата семантичка хиерархија налага тој аргумент да го толкуваме тогаш како појдовен. Меѓутоа, покрај природната семантичка хиерархија на аргументите, мора да водиме сметка и за нивната комуникативна хиерархија во текстот. Имено, функционалната перспектива на текстот, т.е. неговата прагматичка структура налагана од страна на широко сфатената говорна ситуација (сп. погоре § 1.2.) не ретко бара чове-

кот да биде симнат од таа привилегирана позиција и/или еден друг /-pers/ аргумент да биде авансиран и сфатен како појдовен, со други зборови, прагматичкиот фактор налага посебна комуникативна хиерархија на аргументите, вторична во однос на појдовната, зацврстена во соодветната формализација на предикатот. Да речеме, ако Павле напишал статија и во текстот станува збор за таа статија, т.е. ако е статијата тема на разговорот и не сакаме да внесеме нова тема, тогаш поприродно ќе прозвучи реченицата *Статијата ја напишал Павле.* или Статијата е (напишана) од Павле. отколку *Павле ја напишал статијата.* – Или пак истата ситуација може да се оценува не од гледна точка на причината (т.е. на оној што директно ја предизвикал, каузаторот), туку од гледна точка на резултатот (т.е. на оној што ги поднесува последиците, патиенсот, анг. under-goer). Така, на пр. студентот место *Професорот ме обори.* ќе рече *Ме обори професорот.*, или едноставно: *Паднав.* Како што се гледа од примерите, за остварување на вторичната комуникативна хиерархија на аргументите прибегнуваме или *а.* кон маркирана линеаризација, што претставува послаба интервенција, бидејќи примарно појдовниот аргумент си ја чува својата привилегирана синтаксичка функција – интердепенденција во однос на предикативниот израз, или *б.* кон други морфолошки и/или лексички експоненти на истиот предикат кои ја налагаат бараната хиерархија. Значи, еден ист предикат може да има неколку површински лексички и/или морфосинтаксички формализации кои меѓусебно се разликуваат како по хиерархијата на аргументите така и по бројот и селекцијата на допуштените (бараните) аргументски изрази.

Во овој параграф ќе се занимаваме со реченични конструкции кои ја одразуваат маркираната (= непојдовна) комуникативна хиерархија на аргументите, т.е. со механизмите *1.* на деградирањето на семантички појдовните аргументи, *2.* на авансирањето на семантички непојдовните аргументи, *3.* на блокирањето (укинувањето) на синтаксичките позиции предодредени за определени типови аргументски изрази.

Семантичката категорија која наоѓа одраз во измените на комуникативната хиерархија на аргументите ќе ја викаме дијатеза, а соодветните реченични конструкции – дијатетички маркирани варијанти на соодветните предикатско-аргументски структури.

1.4.1. Конструкции со блокирана или непополнета позиција на појдовниот номинативен аргумент. – Има повеќе типови такви конструкции, сите семантички мотивирани. Ќе ги разгледаме овде редум според мотивацијата.

Пред сè, тука спаѓаат конструкциите конституирани од предикати кои изразуваат дејство на природните сили, независни од човекот, од типот: *врне, грми, се разденува* . . . Еве примери од јужномакедонските говори: *Бјä усунато тогас, и јо страмјäше д-оди дома гола.* МЦ, *Та́ка со го́спо са смра́чи, са сте́мна и си оти́доме до́ма.* ШД, *Ко́га до́јдомеф та́му, са о́суна.* ШД; во својата монографија на костурскиот говор Б. Шклифов ги набројува следниве глаголи од овој тип: *вäрни, гäрми, бу́чи, тäтни, ду́е, ка́ди, сту́ди . . . се стемни́ва, се смра́чва, се осу́нва . . ., ä́лска, ро́си* (ШК, 119, 85 – тука се најдоа и неколку семантички сродни примери со авансиран аргумент – сп. подолу стр. 152 и сл.). На-

таму: *Са то́пăт снегóите, сăлде в р́ н е, вéтер дýе* . . . МА, *Ошче пред зора и зева децата и и клава у црницата азр да бидат и кога ќи осмне, да викат как шо му кажал татко му.* УЕ, . . . *фáтиха да игрáјат пáк, дур усăмна.* МС, *Вáзи д'ён' прикáзувáха дур умрăкна* . . . МС, . . . *кога ки видиш некој облак и да дăжди, тинака да заприш* . . . В, *Кату умракна, вели на бабата:* . . . В, . . . *и са небјéто заóблачи за да фáти дăш, и с а з а л ă с к а там на једнá бáрчина* . . . ВС . . .

Покрај наведените, а врз база на предикатите од типот *се смрачи, се раздени* . . ., регистрираме и деривирани конструкции со quasi-деградиран персонален аргумент. Се работи за конструкции специфични токму за македонскиот јазик (сп. Тополињска 1984, Шокларова 1983) кои претставуваат кондензација од две предикатско-аргументски структури според моделот:

Осамна — *осамна*
Се смрачи кога X беше во местото Y ⇒ *X го смрачи во Y*
Се раздени — *разделни*

Претставениот процес на деривација го нарековме quasi-деградација, бидејќи *а.* од семантичка гледна точка човекот не може да биде референт на привилегираниот аргументски израз на соодветните предикати, додека *б.* од синтаксичка гледна точка аргументскиот израз со персонален референт не е деградиран туку е пренесен од привилегирана позиција во локативната конструкција во позицијата на патиенсот во темпоралната конструкција. Еве ги примерите: . . . *на пâто . . . тáму и стéмна* . . . ШД, . . . *на óсуна на грани́дата álбанцка.* ШД, *Одејќи, одејќи пý пăтот, на адно мéсто и стемни́л и пуд адно гулемо јавор устанале да приноќуват.* УЕ, . . . *дójди дур на крајó на с'élуту и ја замрачá* . . . МС, *Гу усăмна – да ричéми – у Сулýн.* МС, . . . *ги-стимни́ло ду-нéкō вудăни́ца* . . . ПДој, . . . *дă-не-ги-вăрне дóш* . . . ПДој. Регистрирав и еден пример со заменски патиенс во етимолошки дативен облик, сп. *Гу оставиха да гу собре и му замрăкна таму.* В.

Кај предикатите од истата таа семантичка група наоѓаме и деривирани (кондензирани) конструкции со авансираниот (+ персонален) аргумент во привилегираната позиција, т.е. тип: *X осамна* . . . и сл.

Посебно внимание привлекуваат конструкции конституирани од перифрастични предикати, во кои номинализираната компонента посочува некоја природна метеоролошка појава. Имено, такви номинализации, сфатени како тема на исказот, автоматски се осамостојуваат и од дел на предикатскиот израз прераснуваат во самостоен аргументски израз со членот како експонент на извршената измена, според шемата:

I. *Падна ноќ.* – предикатски израз, конструкција со блокирана позиција на појдовниот аргумент,

II. *Ноќта помина.* – конструкција со авансирање на една номинализација во позиција на појдовниот аргумент.

Следствено, конструкциите од типот I спаѓаат меѓу овде разгледуваните, додека оние од типот II ќе се најдат во § 1.4.2.1.

Еве ги конструкциите од типот I најдени во јужномакедонските текстови: *У́тре де́нта о́сына са́бота* . . . ШД, . . . *но́шја ет и не са́ пули.* ШД, *Но́шја ста́на.* ШК, *Не́ да́ржише на́што ме́сто зна́че сне́к.* ПК, *С'е́тн'а пу Димѝтруф д'е́н' фа́штат ма́нгли* . . . МС, . . . *фати млого да́жд да да́жди* . . . В – многу карактеристична конструкција со лексичко повторување во двата дела на перифрастичниот предикат; натаму: *И по́сле две́-три́ саа́ти гра́миш са чини* . . . В, . . . *и са небје́то зао́блачи за да фа́ти да́ш* . . . ВС, *И бје́ше време́ту зи́ма* . . . ВС, *Ету и по́трис са́ чини голе́м* ВК (во официјалниот современ превод: *И ете стана голем потрес*), *сп. и:* . . . *зи́ма гу фа́ти гул'а́ма на пант'о́ и замрача́* . . . МС, *И да не си оплашиш: оти га́рмеш страшно ке да биди, шчото земја ќи си затреси страшно* . . . В, *Са́ то́па́т снегои́те, са́лде врне, ве́тер ду́е* . . . МА.

Тука спаѓаат, се чини, и примерите како: *ету фати една страшна фурту́на* . . . В или: . . . *и фа́ти адин сн'ак, адна́ фурту́на* . . . ВС, каде што *еден* поскоро ги потенцира димензиите на настанот (физички и психолошки), а не се јавува во основната функција на неопределен член, т.е., со други зборови, го индивидуализира настанот врз основа на неговата необичност. Како и да е, соочени сме овде со една преодна категорија меѓу перифрастичен предикат и реченична структура со метеоролошка појава сфатена како аргумент на една темпорална (во горните примери инхоативна) предикација. Преодот е речиси автоматски, бидејќи почетокот на појавата ја воведува како рема, додека во конструкцијата која зборува за нејзиниот крај таа веќе се појавува како тема, сп., на пр.: . . . *ету фати една страшна фурту́на* . . ., а натаму: *И така папса фуртуната* . . . В, или пак: . . . *фати млого да́жд да да́жди* . . ., а натаму: . . . *кога папса да́ждот, тој си облече пак сос дрехите му* . . . В . . .

„Метеоролошките“ темпорално-егзистенцијални предикати припаѓаат кон една поголема класа предикативни структури кои на некој настан/процес/состојба им одредуваат место на (апсолутната и/или релативната) временска оска. Еве неколку јужномакедонски примери на други припадници од споменатата класа: . . . *вујна́ с-утвури́ла ут-Ку́куш на-до́л* . . . П, . . . *и пу́сна че́ркфа* (т.е. ‘завршиликургијата’) *си до́јдуха дума́* . . . МС, *Кугá пу́сна че́ркфа, си и́ди бахчѝванџи́јата* . . . МС, . . . *си́га са би́јат, мурабе́ ста́нува.* МВ, *Ка́смет така беши от Бога, тихиса, дојди лалавата мома* В, . . . *и са чу́деха какво́ чу́до са и чини́ло.* В, *Са́ то́па́т снегои́те, са́лде врне, ве́тер ду́е* . . . МА, *Са чини една зла скапиа* . . . ВС.

Наредна голема група конструкции со блокирана позиција на појдовниот аргументски израз претставуваат оние конструирани од предикати на психичката и/или физичката состојба. Човекотносител на состојбата е поместен од својата привилегирана позиција, што се објаснува од семантичка гледна точка со фактот дека него го надвладува една состојба независна од неговата волја (= состојба што тој не може да ја контролира). Соодветните предикати најчесто се формализирани како перифрастични конструкции со тежиштето на предикацијата врз номинализираната компонента и со /+ персонален/

аргумент во дативна релација кон предикатот (сп. ја погоре, § 1.3.1.2.2., карактеристиката на таа релација). Еве ги дијалектните примери: *. . . ми бе́ше стра́м да му ре́ча . . .* ШД, *Ми бе́ше страф да вле́за . . .* ШД, *Мно́гу ми бе́ше жа́л', ко́га на́укоф . . .* ШД, сп. и со персоналниот аргумент (генерализиран?) неостварен на површината на текстот: *Бе́ше мно́гу стра́мота во се́лата.* ШД – се налага интерпретацијата дека неостваре-ниот експлицитно персонален аргумент *„се крие" во локативната синтагма: . . . во селата* = 'меѓу селаните' . . .; *Му ста́на лошо., Ми ста́ва кри́во., Не ми вӑрви., Ми́ло ми е́, дра́го ми е. Мӑчно ми е.* ШК, *На детето ного му беше жаљ . . .* УЕ, На детето сеа му беше ного појќе мӑка . . . УЕ, *. . . па јаз му рекох: „јаз ми е страх, ако не, јаз сам ќи одах"* ПК, *. . . цар като цар му паднал страмота на адниш да кандиса . . .* УЕ, *Ми-са-бура́ве . . .* 'ми се лоши' ПК, *Не́ му-такну́ва,* ПК, *„. . . н'ä в'ä стра́м така́ шту му сто́рихти на д'ät'ату?!* МС, *„јазӑк б'ä на ва́с . . ."* МС, *. . . бра́те, от тво́јта кле́вета . . . не ми е стра́х на ме́ни . . .* В, *. . . немо́ј ти е страх* В, *. . . на меника млогу јазӑк са чини . . .* В, *. . . ми е гнус от негу . . .* В – интересен пример со два „деградирани" персонални аргумента, *. . . а протудрак млогу жал му падна . . .* В, *На цар'у млогу лошу му падна . . .* В, *На калека му си нажали много . . .* В, *Одил, одил, па му са натажи-ло . . .* ВЕ, *. . . па ви́и му падна́ стра́х шо фле́гле уф о́блакут.* ВК (според современиот превод: *И се уплашија кога влегоа во облакот . . .*). Сп. и:. Са ве́ле: те́шко нӑ-ти́ја ло́јзја, ако-нӑ-вре́ме не-му-сӑ нӑпрӑве́ни ти́ја рӑбо́ти. МА, *. . . блазе́-му нӑ-чифчијта шо-и́ма-пусеено но́уго сејти́ни.* МА, *Блазе́ му то́а сӑрцӑ шо ти дрӑжа́ла на те́б . . .* ВК . . . – со евалуативни предикативи.

Истите тие предикати можат да прифатат и персонален аргумент во акузативен облик, што може да се објасни на два начина: семантички – како натамошна деградација на човекот-носител на состојбата до функција на неодушевен предмет, и синтаксички – со преклопување на експонентите на двете релации (сп. погоре § 1.3.1.2.3.). Акузативниот однос владее во Корчанско, сп.: *. . . то́ко ни детјӑто не му вељаше татку́-му (го бјӑ стра́м) ни чупа́та не му вељаше татку́-је (јо бјӑ стра́м).* МЦ, *Ни́ти те страј те́бе от Бо́га, о́ти си во е́ден сант . . .* МЕЦ, *. . . о́ти Иро́ди го бјӑше стра́ј от сфете́го Јова́на . . .* МЕ, но и тука се регистрирани примери оформени со датив, сп.: *И бјӑ страј да му рече за да се подјӑле.* МЦ . . . Како куриозитет вреди да се наведе дека Мазон (1936, 442 и др.) кај двата најфреквентни предиката од оваа серија, покрај предикативите *страј* и *страм,* има регистрирано и секундарни глаголски формализации, и двете со акузативна рекција, што се појавуваат (пред сè?, исклучиво?) во форми imperfecti, сп.: *Тој друјо го страјӑше и се тресјӑше и му велјӑше со нојма . . .* МЦ, *Бјӑ усунато тогас, и јо страмјӑше д оди дома гола.* МЦ. Третиот фреквентен предикатив, *жал,* Мазон воопшто не го регистрирал во Корчанско; соодветниот предикат тој го бележи само во глаголска формализација, сп. во речникот кон монографијата: *жјӑли,* il regrette, il porte le deuil . . ." (1936, 455). Најпосле, пак како дијатетички куриозитет, во врска со предикатот 'е/има страв' да го кажеме и тоа дека неговиот втор аргумент може да биде авансиран на дативна

позиција, сп.: *Кога́ ки чи́нат не́кој кабаа́т, да ги би́јш, да ти и́мат страхо́т . . .* В, што претставува пандан на формализацијата регистрирана на ниво на именската синтагма (сп. § 3.1.2.1.3.): *дефов страв* во смисла 'страв од дефот'. А еве и други примери на конструкции оформени со акузативна релација: „Не́, ќи-засви́риш, ричел, мера́к-ме-ј, ќи-засви́риш." ПК, *Не́ ги-арисáло на-на́ште де́дуфци.* ПК, *. . . јас м'е́н'ạ м'ạ и стра́х вáнка да спáм.* МВ, *. . . ми́ т'ạ и стра́х, о́ста ја вáнка ко́низма́та . . .* МВ, *. . . и гу б'ӓши стра́х ут лам'а́тạ . . .* МВ, *„ме́не м'ạ и страх утóс чув'ӓк . . ."* МВ, *. . . ги беши страм на свето вунка да изљазат.* В, *На тас момата жал ја паднало, оти сама ја оставиха . . .* В . . .

Следуваат конструкции со предикати од истата семантичка група, а кои примарно персоналниот аргумент го формализираат во акузативен однос. Шклифов во својата монографија за костурскиот говор набројува: *ме бóли, ме јáпи, ме трéси, ме мáчи* (ШК, 119), сп. и – од кукушките текстови на Пеев: *Ма удри адна́ завратни́ца.* ПК, *. . . куту набл'у́фка ма ка́ре.* ПК, Сп. и: *. . . були́ка гул'а́ма ја има́ши.* МС.

Меѓу перифрастичните предикати со дативна рекција вниманието го привлекува и калкот *некому не бива/станува лажа*, т.е. 'некому не можеш/не смееш да му лажеш', сп. *„ох, цар'у, на тебе лажа не бива.* В *. . .на т'еб'а ланца́ ни ста́нува . . .* МС, *. . . на т'е́б'а ланца́ ни ста́нува . . .* МВ – се работи за една семантички сложена структура, модално маркирана, со надградена забрана. Сп. ја и основната структура, исто така оформена врз номинализација: *Ла́жа не́ма уф-ме́н.* ПК, т.е. – зависно од контекстот, 'јас не сум лажливец' или едноставно, со временска актуелизација 'не лажам'. Сп. и, паралелно: *Мулче́јк'и рабо́те, не́ма маабе́т уф-не́го.* ПК.

Посебна група сочинуваат конструкциите градени врз повратните глаголи, од типот *ми се спие, ми се пие . . .* итн. Конструкциите од овој тип, а кои изразуваат една психичка (= не физиолошка) состојба, обично не носат импликација дека човекот не може да ја контролира, туку претставуваат ублажени варијанти на предикации со експлицитно надграден волиционален предикат од типот *(не) сакам//(не) имам желба да . . .* и сл., сп.: *И не́ ми са говори.* ШД, и сл. Шклифов во монографијата на костурскиот говор ги наведува следниве: конструкции од овој тип: *Му се спи́., Не́ му се рабо́та., Му се о́ди со гове́ндата., Му се пи́е ви́но и реки́ја., Не́ му се ста́ва ра́но., Многу му се пе́е., НИ се зборва на на́ш е́зик., Не́ ти се да́ва чу́пата за мо́јто де́те., Е́м му се са́ка, е́м не му сти́ска., Са́му ми се пла́чи., Но́шјата не спа́ и це́л де́н ми се дре́ми.* (Шк: 119); натаму: *Де́ бре́ Ри́сто, ти-са-мо́че?* ПК, *. . . ја-ва́адан да-ма-пу́штат ми-са-о́де на-до́лу . . .* ПК, *. . . та́а па не-ј-са́ ста́ну́ве . . .* ПК, *„ништа́м, ма́ли, ми са ни ид'е́ ма́нца.* МС . . .

Досега бевме соочени со конструкции во кои позицијата на привилегираниот појдовен аргумент е блокирана поради самата семантичка структура на конститутивниот предикат. Имено, тој предикат претставува една релација што човекот не може да ја контролира, една релација која држи независно од човековата волја. Сега поминуваме на

разгледување на конструкции употребувани во ситуации кога персоналниот агенс, иако присутен, од различни причини не се именува експлицитно во текстот.

Од таков тип конструкции во јужномакедонските говори најфреквентни се веројатно оние со позицијата на агенсот блокирана со помош на повратната заменка *sę*. Морфемата **se* во таа улога претставува заправо морфолошки формант со чија помош глаголската парадигма по број и лице се збогатува за еден облик неспособен да стапи во конгруентна врска со една именска синтагма, сп., на пр.:

читам	*читаме*
читаш	*читате*
чита	*читаат*
се чита	и сл.

Земајќи го предвид фактот дека деривацијата на таквите облици е практично отворена и регуларна и дека се работи за една несамостојна, клитичка деривациона морфема, можеме да зборуваме во врска со тоа за еден морфолошки (а не синтаксички) механизам на генерирање на глаголските облици кои конституираат безагентивни синтаксички конструкции. Од разбирливи причини (минимализација на информациите за агенсот) во конструкциите од ваков тип категориите лице, број и род ги делегираат своите најнемаркирани (= семантички најсиромашни) членови, т.е. трето лице еднина среден род, сп., ги на пр., стандардните конструкции како: *Во топлите летни месеци се спие/се спиело надвор.*, и сл.

Еве селекција од јужномакедонските примери: *. . . само од две места са влегваше . . .* ШД, *Од бој не са трпи.* ШД, *На дванајста година са зборваше за бој со турците . . .* ШД, *Са велеше, оти грците ке праје епитеси . . .* ШД, *. . . и одма мотиката на рамо и за пољето да са тргни . . .* ШД, *Се прјачу во свата дуња за јунаството тогово.* МЦ, *А ка се презјаве така?* МЦ, *Ранѓел, ка чу така, побјања и не се виде откам фати.* МЦ, *Зима и лето тука се работа.* ШК, *Ношјата се спие, денѣата се ора.*, ШК, *Лошо се зборва за неја.* ШК, *Са веле тешко нă-тија лојзја, ако-нă-времe не-му-са нăправени*
само риба . . . МА, *Са-гледе, ја кут-саа уф-Кулешино.* ПК, *. . . са чу на ино м'ăсту ина гора са утфарала и са и затфарала . . .* МС, *„ви женит'а сас вас у примка н'ăса фл'авалу."* МС, *. . . и си чу на сичката касаба това чудо.* В, *И си чу шо беши уф идно кукја . . .* ВК . . .

Наведените примери се од хетероген карактер. Имено, посебен третман бараат оние конституирани од предикати кои имплицираат пропозиционален аргумент и допуштаат тој да биде во реченична формализација. Тоа се предикатите на сетилната и/или интелектуалната перцепција и/или на вербалната комуникација, во горната селекција примери застапени со глаголските облици *се зборува, се вели, се (пре)чуе, се види, се гледа . . .* Сите тие допуштаат двојна рекција според шемата:

се зборува/чу за . . . ~ се зборува/чу што/дека . . .
се види/гледа нешто ~ се види/гледа што/дека . . .

Соодветните конструкции сите ја блокираат позицијата на персоналниот агенс кој гледа, слуша, вели . . .,
огради само на семантички план, додека од синтаксичка гледна точка сме соочени со два типа конструкции:

а. оние што се оформуваат како бессубјектни (т.е. без номинативната ИС во конгруентна врска со глаголот-предикат и без нејзините позициски супститути); меѓу нашите примери тука спаѓаат конструкциите од типот *се зборува за . . .*, т.е. конструкциите со пропозиционални аргументи оформени како ИС, а кои се поврзуваат со глаголскиот предикат со посредство на „помошниот" предлошки предикат *за* (сп. погоре § 1.3.1.2.5.3.1.), сп.: *. . . се зборваше за бој . . ., . . . се пречу . . . за јунаштвото . . ., . . . се зборва за неја . . .* – во првите два примера предикатот на пропозиционалниот аргумент е номинализиран (*бој, јунаштво*), додека во третиот проработил механизмот на кондензацијата и пропозиционалниот аргумент е сведен на „внатрешен" аргумент на соодветната пропозиција, сп.,
. . . се зборува за нејзиното однесување . . . → *. . . се зборува за неа . . .*, и сл. Се работи за конструкции со блокирана – во вистинската синтаксичка смисла – позиција на појдовниот привилегиран аргумент;

б. вториот тип конструкции го илустрираат механизмот на авансирање на еден во антропоцентрички мотивираната хиерархија секундарен аргумент во синтаксички привилегирана позиција, т.е. всушност спаѓаат меѓу конструкциите на коишто им е посветен наредниот параграф на овој текст. Сепак се решив да не ги разбивам примерите што семантички директно се поврзани како конституирани од истата класа на глаголски предикати, туку да ги искористам како илустрација за поврзаноста на механизмите *(а.)* на отстранувањето на привилегираниот персонален аргумент и *(б.)* на воведувањето на еден друг аргумент во така ослободената позиција. Ситуацијата ја прави уште поинтересна фактот дека се работи – чинам – токму за механизми (и за конструкции) на коишто им се должи големата фреквентност во македонскиот дијасистем на морфемата *се* како формант и експонент на таканаречениот трпен залог. Имено, под трпен залог во потесна смисла се подразбира дијатетички секундарна конструкција никната по пат на воведување на „семантички акузативниот" во позиција на „семантички номинативен" аргумент,

Дивите свињи ја изгазија ливадата.
⇓
Ливадата е изгазена од дивите свињи.

и сл. Во нашиот случај среќаваме цела низа конструкции развиени како резултат на поместувањето на агенсот, сп.,

(1) *Се зборува лошо за неговиот настап.*
⇓ ⇓
(1') *Се зборува дека неговиот настап бил лош.* (1'') *Се зборуваат лоши работи за неговиот настап.*

или

(2) *Се гледа лошо поради маглата.*

⇓

(2') *Се гледа само маглата.*

или

(3) *Одовде ќе се гледа неговото доаѓање. ~ (3') Одовде ќе се гледа дали/ дека тој доаѓа. . . .*

Во својата примарна функција морфемата *се* ја блокира позицијата на директниот објект (= на акузативниот аргумент) и го определува вториот аргументски израз во соодветната конструкција како (агенс, т.е. како) појдовен, привилегиран, „номинативен", сп., на пр., *Ана се мие.*, и сл. Истата функција на ниво на формална синтакса *се* ја врши и во горните наши примери, т.е. го посочува вториот аргумент како појдовен,
ја на субјект. Вториот аргумент може да биде:

б.а. именска синтагма унапредена од позиција на објект во позиција на субјект, сп.: *. . . и сă чу . . . това чудо . . .*

б.б. а може да биде и реченична комплементација од различен тип, сп.:
. . . са чу:. . ., . . . си чу шо . . .

Пред да поминеме на редовното разгледување на конструкциите со авансиран неагентивен аргумент, ќе споменам уште два типа синтаксички модела со непополнета позиција на појдовниот агентивен аргумент. Првиот модел, прилично редок, а интересен како формално решение, се темели врз еднинската форма од среден род на глаголската трпна придавка. Сп.: *. . . сéа прóстено ти éт.* ШД, *Нé ти и простéно да и́маш жéна на брат ти.* ВК, официјален современ превод: *Не ти е позволено да ја водиш жената на твојот брат.* – Се чини дека имаме работа со една лексикализирана конструкција, но сепак привлекува внимание дека и современиот стандарден превод, иако со друг глаголски експонент, се служи со истиот морфосинтаксички модел. Се налага заклучок дека тој модел бил сврзан со предикатот како содржинска единица, а не и со неговиот глаголски експонент. Сп. уште и: *. . . тóгаа и и́маше фáтено нéкој вóлој бóлес по нóсете.* ШД, *Уф-стáро врéме дóлу уф-нáшто, кукýшко, забрáнно би́ло да-играáт óра . . .* ПК . . .

Поинаква семантичка интерпретација имаат паралелните „безлични" конструкции со помошниот глагол *има* – тука не се работи за безличен, апстрактен карактер на оние што имаат власт да издаваат наредби или забрани, туку за објективна неможност да се посочи правиот агенс, сп.,

Вториот модел, и последен меѓу опишуваните во овој параграф, од сите претходни се разликува со фактот дека привилегираната позиција останува непополнета иако граматички не е блокирана. Со други зборови, се работи за една семантичка неграматикализирана конвенција.

Предикатот зема облик на трето лице множина, со што се подразбира неидентификувано множество персонални агенси. Таквиот модел носи и определени семантички огради што се однесува до изборот на предикатите – предвид влегуваат најчесто предикати кои определуваат психички состојби на човекот и/или дејства спроведувани од страна на властите, т.е. дејства чии вршители остануваат анонимни за „човекот од улица". Еве селекција на јужномакедонски примери: *Ӯтре дéнта бсуна сăбота, ма извáдија по мéјдано да пӯл'а шó има, шо нема.* ШД, *. . . не остáија ништо од гробúштата . . .* ШД, *Кáжве, бти стáрите úме слӯшано . . .* ШД, *Не стигáше шо е удрúе на мáјка, не удрúе и на нáс . . .* ШК, *И зăпóчнувăт ан дă прáвăт . . . и áнут се нăпрауве. Зăпóчнувăт чéшма дă се прáве. Напрáви се чéшмáта.* ХК – го наведов целиот фрагмент, зашто во него на многу интересен начин се преплетуваат два модела: разгледуваниот и моделот со *се* како експонент на трпниот залог; посебно интересна е во тој поглед реченицата: *Зăпочнуăт чешма дă се прáве.*, која е всушност аграматична: се очекува главната и подредената реченична конструкција да посочуваат ист агенс („да имаат ист субјект"), меѓутоа, неопределеноста на агенсот на семантички план и отсуството на соодветен аргументски израз на синтаксички план овозможиле во една иста сложена конструкција да се вкрстат два различни синтаксички модела што ги поврзува дијатезата. Натаму: *И цăрúцăта ă-зéвăт, ă-измúвăт, ă-сиднӯвăт нă-сóфрăта.* ДКај, *Не нăјдéа нúшто, бéа бигáни . . .* КЕВ – исто така еден карактеристичен пример кој без знаење на поширокиот контекст лесно може да биде дезинтерпретиран; имено, во првата реченица неопределениот агенс се прогонителите, а во втората – бегалците, значи, без површински сигнали во координирани конструкции со неопределен агенс се менува референтот на агенсот. Натаму: *Уф-стáро врéме дóлу уф-нáшто, кукӯшко, забрáнно бúло даигрáат óра . . .* ПК, *Вујнá, нé та-жáл'ат.* ПК, *Тáтку-ми знáјше тӯрцки. Знáјаа тóги.* ПК, *. . . сé избигáли ут-Петрúч оти, кажáли, тавá ќе на-Бугáрија.* ПК, *. . . сúга са бúјат, мурабé стáнува.* МВ; заради споредба наведувам и две конструкции каде што семантички неопределениот агенс наоѓа сепак одраз на површината на текстот: *Зашчó вел'ат сегá еднú: чини ми сóс кăсмéт, та фăрли ми нá ѓубрúшчето.* В, *И на тóа чáс сă субрáле нóгу, дӯри не бéриши вúки да замúни човéк ду врáтата;* ВК . . . Сп. го и мошне интересниот рецепт за баклава од Сухо, во којшто слободно варира генерализирано второ лице еднина, т.е. обраќање кон адресатот, и трето лице множина, т.е. „безличен" опис на дејствата што следуваат едно по друго: *„За инá тапс'á баклавá три прăст'а инá укá шиќéр, иднá укá мéт, укá и пулувúна брáшну и стó дрáма нишиштé, пулувúн укá шмигдáл за гу спичéш хӯбавичка. С'éтн'ă инá укá máслу, с'етн'ă за гу зам'áсат чáстуту, за гу зм'áсат хӯбавичка . . .* МС.

Со ова го завршуваме прегледот на основните синтаксички модели со непополнета позиција на привилегираниот аргумент – агенсот. Во текот на прегледот свесно инсистирав на сите симптоми на лабилноста на границата меѓу конструкциите со блокирана и/или непополнета позиција на номинативната синтагма, од една страна, и оние каде што (а) во

соодветната позиција секундарно се јавува аргумент авансиран од некоја друга, неноминативна позиција, или пак (б) каде што експонентот на агенсот, иако присутен, семантички е празен, барем што се однесува до таканаречената лексичко значење, од друга. Ќе ги разгледаме сега конструкциите од овој втор тип.

1.4.2. Конструкции со /– anim/ референт на номинативните „појдовни" синтагми. – Најдов за потребно во насловот на овој параграф да ја внесам определбата „појдовни" за да се потсетиме дека, според овде прифатената интерпретација, беспредлошките ИС кои претставуваат конститутивни членови на именскиот прирок не ги сметаме за номинативни (сп. погоре § 1.2.1.).

Во претходното излагање (сп. § 1.3.1.1.) направивме преглед на номинативните синтагми сфатени како аргументски изрази во номинативен однос наспрема предикативниот израз. Го баравме таму семантичкото јадро на номинативниот однос и се определивме за хипотеза според која се работи за однос меѓу дејството и неговиот с в е с е н вршител. Кај речениците со /– anim/ референти на номинативните синтагми истиот тој синтаксички модел е од секундарен карактер, пренесен по пат на семантичка деривација. Сега во центарот на нашето внимание се граматичките експоненти на таков секундарен номинативен однос, односно претпоставената корелација меѓу определена дијатеза (= комуникативна хиерархија на аргументите) и морфо-синтаксичкиот модел на реченицата.

Општо земајќи, има два типа конструкции градени врз секундарен номинативен однос: оние со експонент на предикатот авансиран на привилегираната номинативна позиција, сп.: *Денот осамна стушен, Ветрот дуваше цел ден.*, и сл. и оние со еден друг, најчесто акузативен аргумент авансиран на таа позиција, сп.: *Неговата книга е многу читана., Оваа куќа се гради веќе две години.*, и сл. Нашиов преглед ќе го започнеме со првиот, поредок тип на конструкции.

1.4.2.1. Конструкции со номинализации во номинативна позиција. – Конструкциите од таков вид, т.е. конструкции со номинализации како појдовни аргументи, ги разгледуваме од два аспекта: како определен тип номинативни ИС (во вториот том) и како определена функција (и позиција) на номинализации како такви (§ 1.3.2.). Овде ќе додадеме неколку забелешки за дијатетичките особености на таквите конструкции.

Во привилегирана позиција стои овде назив на дејство кое на овој начин се претставува како тема на исказот. Предикатите што бараат и/или допуштаат таков појдовен аргумент се делат на две групи; критериум на поделбата е семантичкиот однос меѓу предикатот и неговиот номинализиран појдовен аргумент.

а. Согласно со горниот критериум, наоѓаме конструкции во кои појдовниот аргумент го повторува лексичкото значење на предикатот и го збогатува или само референцијално (сп., на пр.: *Ветров дува цел ден.*) или пак и референцијално и конотациски (сп., на пр.: *Снегов врне цел*

ден. наспрема *Дождов врне цел ден.*). И во двата случаја во соодветните искази се кажува нешто за ветрот, снегот, дождот . . ., а тежиштето на предикацијата е врз задолжително присутниот дополнителен член на исказот, во нашите примери врз временската определба *цел ден.* Со други зборови: *Ветров дува цел ден.* е комуникативно еквивалентно со *Ветрот не стивнува/трае/е присутен цел ден., Снегот врне цел ден.* е еквивалентно со *Снежните врнежи траат цел ден.* итн. Разликата е во стилскиот регистар. Конструкциите што нè интересираат овде се пообични во секојдневниот разговорен јазик. Оваа наша анализа претставува потврда повеќе дека изразите како *дува ветар, врне дожд, осамнува ден* и сл. функционираат како посебен тип перифрастични предикати и префрлувањето на именскиот дел во привилегирана позиција не ја менува таа „длабинска" семантичка структура.

б. Вториот тип конструкции, без семантичко поклопување меѓу предикатот и појдовниот аргумент, се оние од типот *Ветрот стивна., Чекањето ми здодеа.,* и сл., т.е. оние каде што самиот конститутивен предикат кажува нешто за настанот (состојбата, процесот . . .) кондензиран во номинализацијата која претставува тема на исказот. Се разбира, првата група конструкции семантички е поограничена, се сведува на констатации за некои метеоролошки или, пошироко, природни појави кои можат да се осмислат како „агенси" слични на одушевените вршители на дејства; втората група не трпи други ограничувања освен оние што произлегуваат директно од семантичкиот однос меѓу предикатот и неговите можни аргументи.

Сумирајќи го кажаното, можеме да речеме дека во сите искази од разгледуваниот тип сме соочени со предикации чии појдовни аргументи (теми) се други, кондензирани предикации оформени како ИС и ставени во номинативна позиција. Меѓутоа, горепретставената поделба (*а.* vs *б.*) само делумно се поклопува со две други, не неважни од гледна точка на патиштата на семантичката деривација. Имено:

1. Конструкциите од типот *Ветрот сè уште дува.* или *Ветрот стивна.* претставуваат прагматички мотивирани варијанти на исказите како *Сè уште дува.,* односно *Веќе не дува.,* т.е. во дијатетички примарните варијанти имаме работа со непополнета позиција на појдовниот аргумент (сп. погоре § 1.4.1.). Mutatis mutandis тоа е случај и со *Ми здодеа чекањето.,* и сл. Од друга страна, во конструкциите како *Болеста ме изнамачи.* или *Твоето доаѓање ме изненади.* и сл. сме соочени со деривати на конструкциите со персонален појдовен аргумент: *(Јас) сум изнамачен од болеста., (Јас) сум изненаден со твоето доаѓање.,* и сл.

2. Во конструкциите од типот *Разговорот заврши., Заседанието беше интересно.,* и сл. во позиција на привилегиран аргумент наоѓаме номинализации на автосемантички глаголски предикати како *разговара, заседава* и сл., додека во истата таа позиција, на пр., во *Војната заврши.* или *Меракот ми помина.* и сл. стојат осамостоени именски компоненти од перифрастичните предикати *се води војна, има мерак,* и сл. Со други зборови, перифрастичните предикати префрлувани во номинативната позиција автоматски го губат оној дел од својата семантика што е оформен во придружниот синсемантички глагол.

Јужномакедонските примери ќе ги наведеме како обично, одејќи од запад кон исток, и без да ги почитуваме гореразгледуваните поделби, кои од гледна точка на дијалектната географија се ирелевантни. Сп: *. . . и бѝтиса праéн'ето дванáјста гóдина . . .* ШД, *Ма удри адна́ завратница.* ПК, *Сплинта му са издýве на-чувéко.* ПК, *Са-растури́ вујна́та.* ПК, *Тáм стана бójо.* ПК, *Дујдé лéтто.* ПК, *. . . вујна́та са-бѝт дóлу . . .* ПК *Пóсле загѝна́ тва́ тéпане, тва́ пл'áчкине, са-тури́ рéт.* ПК – во последниов пример убаво се гледа една од главните одлики на номинативните номинализации – нивната анафорска употреба: додека тепањето и пљачкањето било предмет на поранешното кажување, па се појавува како нешто познато, со член, во номинативен однос со предикатски израз редот е нешто ново и останува без член, како компонента на прифрастичен предикат; сп. и: *Биá-се тáм дистѝна дéна, бидé примѝрие. Запрé вујна́та.* ПК – примирјето се појавува како новост, функционира како предикат, додека војната е нешто претходно доживувано и коментирано. Натаму: *Рéдо-ј вáа данéска на-мéн.* ПК, *И битѝса вéјки мójта прѝкас.* МС, *Битѝса ткан'éту, с'ä и́шти плáтнуту да гу изб'ä́лими . . .* МС. А еве уште еден пример на класична анафора: *. . . сѝга са бѝјат, мурабé ста́нува.* – перифрастичен предикат, а малку подоцна: *Битѝса мурабéту;* МВ – осамостоена номинализација во номинативен однос. Натаму: *. . . са фáти мурабéту . . .* МВ, *. . . и такá свадбата битисува.* ВВ, *И б'éше времéту зѝма, и фáти адин сн'ак, адна́ фортýна . . .* ВС, *. . . ету фати една страшна фуртýна . . .* В, *И така папса фуртуната . . .* В; сп. и една генерализирана анафора: *Таја работа не бива.* В, каде што синтагмата *таа работа* има чисто заменска вредност; сп. и: *. . . фати млого дäжд да дäжди . . .* и натаму: *. . . кога папса дäждот, тој си облече пак сос дрехите му . . .* В; *. . . и затовá на средјá пäт'ут си заоблачѝ небéту, гу грäмна сос кóн'ут му наедно, ги загубѝ от земјата . . .* В, *. . . царската лакардиа не са врашча.* В, *. . . тфójото мóлба сä чý на Гóспот;* ВК (современ официјален превод: *. . . се услиша твојата молба . . .*), *. . . и зарди тó му си рабóтат чýдбити на нéгу.* ВК (во современиот официјален превод неоѓаме перифрастичен предикат и, автоматски, блокирана номинативна позиција: *И затоа стануваат чудеса преку него . . .*).

Посебна група сочинуваат и конструкциите со дел-реченици во номинативна позиција.

Дел-речениците се способни да заземаат номинативна и/или акузативна позиција. Сп., на пр.: *Гледам дека сепак дојдовте.* (acc.) наспрема *Ме чуди што дојдовте.* (nom.), и сл.

Не е секогаш лесно да се утврди синтаксичкиот статус на една дел-реченица во номинативна позиција: дали е тема (= појдовен аргумент) или дел од ремата (= дел од предикатот). Еден од можните тестови е присуството на членот во номинализираната варијанта на соодветната конструкција. Сп.,
Потребно ми е малку спиење. наспрема *Добро ми дојде што поспав малку. ~ Добро ми дојде спиењето.*, и сл.

Во мојот дијалектен материјал доминираат конструкции со „номинативни" дел-реченици како делови од предикатскиот израз. Тие се

најчесто рематски егзистенцијални констатации чиј предмет се состојби, настани, процеси . . ., т.е. семантички големини чиј одраз се пропозиции оформени како дел-реченици. Еве неколку типични примери: *И на онија дни тихиса да има еден бej свадба . . .* В, *Така отворил пънт и за татко му и за мајка му, ако тихиса да го бъркат.* В, *Тихиса она промина приз портата . . .* В, *И тихиса приз мајчиниј гроб да проминат.* ВЕ, *На онѝа дни са случи да дојди еден траговец . . .* В, *И са случи пашáта си разбољá . . .* В, *Късмет така беши от Бога, тихиса, дојди лалавата мома . . .* В . . . Во истата група, т.е. меѓу конструкциите со делречениците како делови од предикатскиот израз ќе ги ставиме и примерите конструирани од модални и други глаголи со задолжителна реченична комплементација: *„ајди, да си појми, ча дојдоха тријси дни, и сака да си најдими на татковата ти къшча . . .* В, *От този је останало, едни р'аки да зеват с'ака година курбан.* ВС, *И от јад дур веки му идиши на владиката да плачи . . .* В, *. . . човек от далеку да гу виждаши, му идиши да са бълва . . .* В, *Му дражи на негу да стъпни аф мојо сънър?* В . . . Интересна е двојната формализација на пропозиционалниот аргумент до предикатот '(некому) се здодее', сп.: *На мајка хми веке се додело, да седи на небе-то . . .* ВС спрема *Му са дудеало от напилесии . . .* ВЕ . . .

1.4.2.2. Конструкции со називи на неодушевени материјални предмети во номинативна позиција. – Се работи за разновидни типови конструкции со називи на неодушевени материјални предмети во функција на тема на исказот. Една богата селекција од соодветни примери дадовме во § 1.3.1.1., каде што станува збор за аргументски изрази во номинативен однос со предикатскиот израз. Овде ќе се потрудиме преку одбрани примери да покажеме за какви семантички модели се работи.

Главниот критериум на класификацијата е семантиката (и формата) на предикатските изрази: дали тие на референтот на номинативната ИС му доделуваат пасивна или активна улога во настанот.

Почнуваме со примери каде што на материјалниот предмет-јунак на исказот му се припишува пасивна улога. Тука спаѓаат, пред сè, семантички (и синтаксички) деривираните конструкции со позицијата на директниот објект (= на акузативната ИС) блокирана од страна на повратната заменка *се*. Процесот на деривацијата би можеле да го замислиме како што следува:

Работниците го прават анот.

а. се елиминира експонентот на агенсот,
б. на неговото место се авансира експонентот на објектот,
в. се блокира напуштената позиција на објектот:

Анот се прави.

Значи, материјалниот предмет чиј назив стои во привилегирана позиција претставува (директен) објект на дејството. Сп.:
од жéлезо. ШД, *Сă рéжат лóјзта и у-мáрт сă кóпăт.* МА, *Răсцýтвăт цвеј-*

ќиńта, сă-кóсат ѓончи́ńата и ливájѓите шо-сă-пут-вóда, сă-сée, сă-сáде чéнка . . . МА, *Внóгу кýки са запýстиа* ШД, *И áнут се нăпráуве* . . . ХК, *Напráви се чешмата.* ХК, сп. ја и интересната контаминирана конструкција: *Зăпóчнувăт чéшма дă се прáве.* ХК; натаму: . . . *мóзоко ми-сагле́де.* ПК, . . . *сă-рăзмăрси́ло кáлбуто* . . . ПК, . . . *и такá сă с'äj т'ут'ýн'у* . . . МС, . . . *са свăршило месо-то* . . . ВЕ, . . . *и невидена трапеза прет него са положи* . . . В . . .

Со еден друг семантички механизам имаме работа кога материјалните предмети – инструменти, алати – се претставени од страна на говорителот како да дејствуваат самостојно, т.е. не се споменува човекот што манипулира со нив. Значи, називот на материјалниот предмет е авансиран не од позицијата карактеристична за називот на п р в и о т материјален предмет ангажиран во настанот (т.е. не од позицијата на директниот објект, не од акузативната позиција), туку од позицијата карактеристична за називот на в т о р и о т таков предмет (т.е. од инструменталната позиција, сп. погоре § 1.3.1.2.5.). Еве ја шемата:

Работникот со клепалката бие на каменот.

а. се елиминира експонентот на агенсот,
б. на неговото место се авансира експонентот на инструментот:

Клепалката бие на каменот.

Еве неколку примери: *Ци́фунот би́е на те́л'ата и се вăрти чáркот.* ШК, *Клепáлката би́е на ка́менот* . . . ШК . . .

Се издвојува група примери каде што отсутниот (неименуван експлицитно) агенс не бил човекот, туку стихијата, сп.: *И да не си оплашиш: оти гăрмеш страшно ке да биди, шчото земја ки си затреси страшно* . . . В, *Тогас дăрветата наведеха вăрховето . . ., каминúте пукаха* . . . В, . . . *гу фăрли морету на сухо* . . . В, *И ноз ден с'а забахтало море-то и исфăрлило . . . толко жувини, шчото с'а напăлнило сичко на там.* ВС . . .

Се разбира, има и примери на помаргинални, построго лексикализирани деривациони модели. Најчесто се работи за авансирање на директниот објект. Сп., на пр.: . . . *сáмо цáрквáта билéе.* ПК, т.е. 'некој ја гледа белата црква', или: . . . *и такá с'é ткájам дур да битúсува óснувáта.*, т.е. 'ја правам/ја ткаам основата', или: *Сирáтката сáкаше да а клáјме да са вáри на óгно* . . . ШД, т.е. 'знаевме дека треба сиратката да ја ставиме . . .'
гумент, сп., на пр.:
нашето место . . .', и сл.

Во посебна семантичка група се издвојуваат конструкциите со називи на делови од човечкото тело во привилегирана позиција. Обично тогаш персоналниот experiens е поместен на втората позиција резервирана за одушевени учесници на настанот – дативната, или дури е сведен на улога на објект на дејството, т.е. поместен во акузативна позиција. Сп.: *Глáта ма бóли* . . . ШД, . . . *сáрцто гу јáде знáчи курéмо гу бóле.* ПК, . . . *нóокта му-са-лазнáла. Удрúл на-кулéно.* ПК, . . . *мóзоко ми-са-глéде.* ПК, . . . *ми-сă-рăстичé нóсут* . . . ПК, . . . *ми-сă-здăрвúа рáцто* . . . ПК . . .

1.4.3. Конструкции со пасивизиран персонален (одушевен) аргумент во номинативна позиција. – Повеќепати споменав дека привилегираната номинативна позиција примарно му припаѓа на персоналниот (одушевениот) аргумент што е иницијатор и/или вршител на дејството, од типот: *Петре трча., Ана го чисти станот.*, и сл.; според истиот модел се формализираат и конструкциите со персонален носител на состојбата, од типот: *Петре е висок., Ана е учителка.*, и сл. Споменав и дека секундарно персоналниот аргумент може да се најде во улога на пасивизиран објект на дејството, т.е. во акузативна позиција, од типот: *Јане го тепа Петрета., Ана го гледа Марка.*, и сл. Сега ќе ги разгледаме конструкциите со уште еден чекор направен на патот на семантичката деривација, т.е. конструкциите во кои пасивизираниот персонален аргумент е вратен во привилегираната номинативна позиција. Јазикот за таа цел се служи со граматички средства – со граматички (морфолошки и/или синтаксички) деривирани предикатски изрази. Има два типа такви изрази: *а.* оние со позицијата на директниот објект блокирана со повратната заменка *се* (сп. погоре § 1.4.2.) како и *б.* конструкциите градени врз глаголска придавка. Ќе ги разгледаме овде редум.

ad *а.* Многу е интересен и на словенската почва необичен механизмот кој го враќа пасивизираниот персонален аргумент во номинативна позиција со истовремена блокада на позицијата на директниот објект. Во историјата на јазикот како да се натпреваруваат два големи брана: тенденцијата кон граматичко издвојување (маркирање) на именските синтагми кои имаат персонални (или одушевени) референти (благодарејќи на таа тенденција во кирилометодиевскиот јазик се појавува синкретизмот A=G кај машките „одушевени" именки, благодарејќи нејзе прво кај персоналните аргументи никнува заменската редупликација, прво кај нив регистрираме конструкции со предлогот *на* во акузативен однос итн.), а од друга страна, тенденцијата кон изедначување на конструкциите со персонални и неперсонални аргументи ако семантичката улога им е иста. Токму оваа втора тенденција е заслужна што никнуваат конструкции како *X се отепа.* во смисла 'некој го отепа X', и сл., според моделот *Куќата се гради.* 'некој ја гради куќата', и сл. Се разбира, морфемата *се* („повратната заменка") и во двете шеми семантички е испразнета, нејзината функција е само блокада на акузативната позиција. Необичното е дека оваа блокада значи елиминација на експонентот на агенсот, а не на директниот објект што е авансиран во номинативна позиција. Еве ги јужномакедонските примери: *На Лазо́јца Ста́вреа са о́праа два си́ној, два́ бра́тја и зе́т му са о́пра.* ШД, *На Ми́јо му са о́тепа де́тето во Ма́ла А́зија, и́ма ме́дал от фро́нто.* ШД, *Са ра́неф во Гра́мос.* ШД, *Са ра́ниф во гла̀та на та́л'а̀нцк'о фро́нт.* ШД, – последните две конструкции типолошки посебно се интересни, бидејќи и експонентот на објектот (глаголската лична наставка) и сигналот за отсуството на агенсот (морфемата *се*) се содржани во предикатскиот израз; натаму: *И таа́ жена у́ште е́ден па̀т не са́ виде на ме́јдан . . .* ШД, *. . . три́ па̀та са̀ ра́ни . . .* ШК, *. . . са̀ утепа́ја два̀на́јсе ду́ши ут се́ло Ба́пчур . . .* ШК, сп. и во материјалите на Мазон од Бобоштица: *. . . море́то јо заве́де ќе́то жа се убес-*

вјäше ма́ж-је МЦ, во францускиот превод: 'la mer la porta jusqu'à l'endroit où devait être pendu (où serait pendu) son mari' op. cit. 92), *. . . и ко́га са и́спуштиф од а́скеро, не́ ојдоф во Пре́спа.* ШД, *Же́но, така́-ј така́ адно́ де́те са-прудáве уф-едикој-си гра́т . . .* ПК, *Са чиниха двамина јунаци. ~ Са чиниха тројца јунаци. ~ Ајде са чиниха четроица. ~ И така са чиниха петина јунаци.* В . . . Сп. ги и зборовите на Вајан: „L'action passive est exprimée par le réfléchi . . ." (ВК, 233) и неговиот пример: *. . . ки си милу́ва ут Та́тко ми,* најпосле, еве ги наведените од Голомб (1960/61, 176) примери од текстовите на Малецки од Сухо во Солунско: *И така́ сă мартири́са чув'äку шту сă уклава́ на нузи́ вр'äм'а.* МС . . . Интересно е дека сите тие примери надвор од контекстот би биле двозначни. Константен е само фактот дека во номинативна позиција се наоѓа објектот на дејството, но одговорот на прашањето дали е тој истовремено и агенс (што би значело дека имаме работа со повратно дејство, а што не е случај во горните примери) или не, произлегува од контекстот и конституцијата. Отсуството на површинска разлика меѓу medium и passivum наведува на заклучок дека приведените конструкции можеле да настанат во контакт со грчкиот јазик, а таквата претпоставка наоѓа потврда и во географската дистрибуција на разгледуваните конструкции – ги наоѓаме на западната и на источната периферија од јужномакедонскиот ареал, т.е. во регионите што претрпеле најголемо грчко влијание. Како што е познато, стандардниот димотики формално разликува два залога, наречени активен и медиопасивен. Нивната интерпретација зависи во првата инстанција од лексичкото значење на глаголот, а во втората – од контекстот. Меѓутоа (Мирамбел 1959, 149–150) – за разлика од горенаведените македонски примери – грчките медиопасивни конструкции допуштаат (со помош на една предлошка синтагма со ἀπὸ) да се воведе агенсот и – како второ – стандардниот грчки јазик ги одбегнува конструкциите со пасивизиран персонален аргумент во номинативна позиција и ги заменува со активни конструкции со неопределен агенс (таканаречените „безлични конструкции"). Мислам дека ќе биде корисно да го приведам in extenso соодветниот пасус од Мирамбеловата граматика: „. . . pour un très grand nombre de verbes, on peut hésiter entre le sens réflechi et le sens passif de leur forme médio-passive; à σκοτώω *(skotóno* 'je tue') s'oppose bien σκοτώνουμαι (*skotónume*), mais faut-il comprendre 'je me tue' ou 'je suis tué"? L'absence d'une indication quant à l'auteur de l'action dont le résultat seul est considéré („être tué"), confère presque automatiquement à la forme verbale une valeur réfléchie („être tué par soi-même"), et c'est dans la mesure où un complément d'origine est exprimé que la forme prend valeur de passif („être tué par un autre") σκοτώθηκς ἀπὸ . . . *(skotópike apo* . . . „il a été tué par . . ."). Si le complément d'agent n'est pas exprimé, le grec évite, pour le passif, la forme médio-passive, et, au fond, le véritable passif de σκοτώνει (*skotóni* „il tue") est τὸ(ν) σκοτώσανε (*to skotósane „on l'a tué = il a été tué").*" Толку од Мирамбел. Меѓутоа, тој пишува за стандардниот димотики. Не располагајќи со опис на состојбите во северните грчки дијалекти, тешко може да се одлучи дали проширената употреба на *се*-конструкциите со функција на пасив е резултат од влијанието на тие дијалекти

или е самородна појава во македонските, пред сè југозападни, говори. Како што веќе не еднаш сме имале можност да забележиме, позајмените синтаксички модели во системот што ги позајмува имаат, обично друга (поширока или потесна) зона на употреба во однос на системот од којшто се позајмени.

ad *б.* Меѓу конструкциите градени врз глаголска придавка како семантички конститутивен член на предикатскиот израз има такви кои непосредно одговараат на „класичните" словенски пасивни конструкции. Тоа се оние градени врз придавки од преодни глаголи, од типот: *Тричитѝри дéна стујá убéсен тáму.* КЕВ, *. . . от кóго сам сеján, мáле, јáзе?* В, и сл. Меѓутоа, македонските глаголски придавки нудат многу побогата и поразнородна синтаксичка проблематика од оние во другите словенски јазици, а како такви немаат ни определена дијатетичка карактеристика. Поради сето ова тие како синтаксичка категорија бараат посебно внимание.

1.4.4. Конструкции со предикати формализирани како глаголски придавки. – Споменатата специфика на македонските глаголски придавки прави овој параграф (за разлика од претходните и од наредните параграфи посветени на дијатетичката проблематика) да се издвојува врз формален, а не и врз семантички принцип.

Познато е дека македонскиот јазик (и стандардниот и дијалектните системи) има само една серија глаголски придавки, оние со суфиксите *-т-, -н-, -ен-,* наследени како participia praeteriti passivi, т.е. како „трпни минати глаголски придавки". Како и трпните глаголски придавки за изразување на сегашност (participia praesentis passivi), оние со суфиксот *-м-*, тие биле деривирани само од преодни глаголи. Во останатиот словенски свет *-н-/-т-*придавки, во принцип, не ја проширале деривационата база ниту функционалната зона. Тие се појавуваат, главно, *а.* како конститутивни членови на пасивните конструкции од типот *Книгата е многу читана.,* и сл. (присутни и во македонскиот јазик, но покрај пофреквентните конструкции од типот *Книгата многу се чита.,* и сл.), *б.* како адјективизирани именски определби од типот *пишан збор, самоникнати појави,* и сл.; како што се гледа, такви синтагми постојат и во македонскиот систем, но во мошне ограничен број и со адјективизацијата придружена обично со губење на глаголската рекција (на пр., *самоникнати појави,* или – мошне ретко: *самоникнати појави во нашата средина,* и практично никогаш: *самоникнати во нашата средина појави . . .,* сп. Тополињска 1987).

Во македонскиот јазик, не без влијание на балканската средина, развитокот тргнал по друг пат. *-н-/-т-*придавки се деривираат од сите глаголи, преодни и непреодни, па веќе не можат да се окарактеризираат како трпни. Тие се, би можеле да речеме во наводници, „ергативно" насочени – остваруваат конгруентна врска со акузативна (објектна) именска синтагма во случај на преодни глаголи (сп,. на пр., *прочитана книга* и сл.) и со номинативна (субјектна) именска синтагма во случај на непреодни глаголи (сп., на пр., *заминат воз,* и сл.). Се налага пара-

лела со грчките медиопасивни придавки што се образуваат од сите глаголски основи (Мирамбел 1959, 153). Имаме, значи, максимална морфолошка база. Што се однесува, пак, до синтаксичкиот план, „глаголското" кај македонските глаголски придавки е сè уште многу појако од „придавското". Тие мошне ретко (сп. погоре) се јавуваат во типичната за македонските именски модификатори антепозиција (т.е. пред именката, еднозначно интегрирани во именската синтагма). Многу карактеристична е за нив постпозиција, и тоа или со еднозначна апозитивна функција (типот: *го гледаат човекот легнат на земја . . .*) или – дури почесто – во функција на една номинална дел-реченица со проблематична хиерархија меѓу именката и придавката (типот: *гледаат – човекот легнат на земја . . .*, т.е. 'гледаат човек којшто е легнат . . .' или 'гледаат дека човекот е легнат . . .').

Не ја споменувам тука употребата на глаголски придавки во рамките на перифрастичните предикатски изрази со *има* – за нив ќе стане збор во § 1.5.1.2.2.3. Меѓутоа, не може да не се рече дека учеството во една регуларна перифрастична серија можело суштествено да придонесе деривационата база на глаголските придавки да се прошири на преодните глаголи. Конструкциите *со сум (Возот е заминат. ~ Вратата е отворена.)* поради нивната двојна (активна vs пасивна) дијатетичка перспектива тешко можат да се толкуваат во рамките на конјугациониот систем. Додатна компликација претставуваат конструкциите како *сум оден, сум шетан* со резултативност јасно изразена кај несвршените глаголи, или дури *сум јаден* (*вечеран* итн.) со активна семантика кај преодните глаголи. Сп. го и ретко убавиот пример: *Попот нејпеан* УЕ, т.е. 'не знае да пее', 'не е научен да пее'. Тие се, вистина, изолирани, но сепак навестуваат некои развојни можности скриени во соодветната синтаксичка шема. Најоправдано се чини решението што го применил Б. Конески во граматичкиот опис на македонскиот стандард, т.е. резгледувањето на тие конструкции како специфичен тип на именски прирок. Специфичноста е во фактот дека глаголските придавки употребени во прирок се способни (барем делумно) да врзуваат зависни аргументски изрази, но таква способност – како што знаеме – поседуваат и некои други придавки, а исто така и компаративните придавски облици.

Разгледувајќи го проблемот на дијатетичката немаркираност на македонските глаголски придавки, покрај грчката, треба да се приведе и ароманската паралела. Еве што пишува Голомб за ароманските состојби: „The second component of compound tenses is . . . perfect participle, the only participle in Arumanian" (Голомб 1984, 130); а на друго место: „Perfect Participle . . . is a very important category, used as a component of Perfect, Pluperfect and Future Perfect, and in passive constructions. It should, however, be remembered that in the case of transitive verbs the meaning of this participle is passive, e.g. *fug*^{u} 'I leave' → *fuʒít*^{u} 'he who has left', etc. but *măk*^{u} 'I eat' → *măkát*^{u} 'eaten', etc." (op. cit. 106).

Еве неколку примери на „вистински" пасивни конструкции регистрирани во јужномакедонските говори: *Сбзи му стбриј цéва да му отвбра*

сколје́то, шчо и дур де́нес е́сти от се́беп тјъ́мен изгна́сен дво́ро сколјето́му. МДЦ, *Сѝка жа ба́нде сетни́ти па́рви, и парви́ти се́тни, о́ти мно́го сеа викна́ти, а ма́ло се отбра́ни.* МЕЦ, *Са ве́ле: те́шко нъ́-ти́ја ло́јзја, ако на вре́ме не-му-съ́ нъ́пра́ве́ни ти́ја ра́бо́ти.* МА, *А де́чкете бе́е научѐни: ако до́јде не́кој по вам и ви́ја да ви́кните:* . . . ВН, . . . *и от него се Ту́рците наплоде́ни* . . . МСЦ, *Да́ ли су писан ја́с та́мо? пи́та офча́ро. – Не́ си, му ре́че та́, а́ми от до́мата ва́ша не́ сте писа́ни ви́је се́ти. – А не́сме писа́ни.* МСЦ – контекстот кажува дека семантички се работи за свршениот вид, што го потврдува и францускиот превод од Мазон: „Y suis-je inscrit, moi? . . ." итн. *Са́мо сакаме да ни си азарисат три најарни којна, ама да бидат натуварени су бендине јадејне* . . . УЕ, . . . *наредил двете лажливи синовѝ да си убесат, как шо и беа убисени.* УЕ, *И на во пъ́т кој оди можи да оди и да си врни, ама тритто пъ́т било написано ного лошо и ето шо да ти има написано:* . . . УЕ – последниов пример е посебно интересен поради непосредното, противставување на безлично употребените ESSE и HABERE конструкции со глаголска придавка: додека ESSE-конструкцијата функционира како пасив перфект, односно пасив во минато и еднозначно го елиминира агенсот, кај HABERE-конструкцијата надвладува значењето на резултативноста актуелно и во сегашноста, а статусот на агенсот останува нерешен – тој може да биде отсутен или само контекстуално елидиран. Внимание привлекуваат и примерите што ги наведува Пеев од Кукушко: „ . . . тоо пирде́ не-ј пра́но (но и: *не-ј-пе́рино*); – *ло́јсто не-ј-бра́но* (но и: *не-ј-бе́рино*); – *гу́мъ́нто-ј пусла́но* (но и: *бј-си ле́гни, пусте́лино те-ј*)". ПК, и натаму: *ко́јнут не-ј по́јн.* (ibid.) – за разлика од повеќето досега наведени, кукушкиве се форми од несвршени глаголи, меѓутоа, *а.* од една страна, ГП деривирани од аористна основа го поддржуваат толкувањето што го налага контекстот, а според кое се работи за свршени, „временски заокружени" дејства, што би значело дека сме соочени со еден функционален архаизам - аорист како носител на свршеноста, но *б.* од друга страна, паралелни примери со ГП од имперфектни основи сугерираат интерференциска иновација, т.е. неутрализација на видската разлика. Другите примери што ги приведува Пеев се со ГП од свршени глаголи, сп.: . . . *така-ј скро́јн све́тут* . . ., *ти́а јабу́лки не са-ја́дни ут-чуве́к, тук уд-мра́ви; – удде́к са-ку́пни ти́а са́дуве?* (ibid.) Наредниот пример со имперфективна придавка го наведува Голомб од Солунско, сп.: . . . *т'е́ са удбира́ни* МС и го придружува со коментарот: „јасна е актуелната состојба во времето на развојот" (Голомб 1960/61, 176), т.е. ја подвлекува резултативната значенска нијанса. Во збирката на Верковиќ наоѓаме: *Дојде́ вр'а́ме, ри́бата де́ка бе́ши зарѝена, от очи́те и зни́кнали две́ кала́ми* . . . В, *„варај самовилина хубава мома, отшчо са тиа кожи така обесени тука?"* В, сп. и во безлична употреба: . . . *порънчјаа на не́ја да́ исме́ти ка́шчата, ама да е́ ни́ту мите́ну, ни́ту не мите́ну* . . . В . . .

Како „противтежа" приведувам и една мала селекција на примери со ГП од непреодни глаголи во именски прирок. Сп.: . . . *сви ти́а бјъ́је дојде́ни за да чу́ве зборови́ти тогóви* . . . МЦ, *А сви́ти позна́ти тогóви бјъ́е застана́ти от дале́ку, и женјъ́те шчо бјъ́е дојде́не по не́го от Галиле́а пулјъ́е сја́зи.* МЦ, *И сви́ти алау́сти шчо бјъ́е оде́ни да ви́де Ристóса* . . . *са варна́е бијъ́шчем* . . . МЦ, . . . *нјъ́кој сљъ́п бјъ́ше сјъ́нат на пато и*

питја́ше . . . МЦ, . . . *„сика и сика есть дојден ен човек најпоизарван* . . . МЦ, *Арну-ама, дур-да-дојдат ти́е, ние – во младинцут шо-бе́ше дујде́ну ду-ме́н и ми-риче́* . . . БМег, *Се́а си-дујде́н уд-Гърција три́јсат гуди́ни несна-виде́ни.* БМег – и втората конструкција во последниов пример е со активна семантика 'не
му кажа детето оти за неа е дојдена и ја пита бабата . . . УЕ, . . . *и таман за ва работа сам тргнат* . . . УЕ, . . . *геч-ej-гáаре, трéбе дá сá-óдни.* ПК, . . . *читúр пáти-j дójдин уф-нáс* . . . ПК1, . . . *нé сум наспúјн* . . . ПК1, . . . *дудéк нé сá испáднáни дáj-им дá-јáдат.* ПК1, . . . *дóнисúми да пúјам мáра ракúја да шó са умурéнт.* МВ, . . . *не сам дојден јаз за твој-та хубавина* В . . .

Наведените примери кажуваат еднозначно дека се работи за перифрастични конструкции чија доминантна семантичка компонента е резултативноста. Привлекува внимание дека тоа се прилично ретки конструкции, многу поретки од споменатите апозитивно и/или во обособени реченични трансформи употребени глаголски придавки, па така нема ни потреба ни мотив конструкцијата СУМ + глаголска придавка да се толкува како некое необично „ергативно глаголско време". Нема ни основа таа да се разгледа во комплементарна дистрибуција со ИМА-перфектот како што сугерира Мазон, веројатно под влијание на францускиот глаголски систем. Впрочем, она што го рековме тука врз основа на јужномакедонскиот дијалектен материјал, точно одговара на статусот на разгледуваните конструкции во македонскиот стандарден јазик (Б.

Со оглед на зацртаната ситуација, претставувајќи ги јужномакедонските примери, ќе се потрудам *1.* да ги издвојам оние со јасни формални обележја на апозиции (а.),
ници" ќе ги толкувам како неконгруентни апсолутни реченични трансформи (б.);
реченични трансформи, ќе ги одделам конструкциите градени врз преодни глаголи (т.е.
циите градени врз непреодни глаголи (т.
б.б.).

а.а. пасивни апозитивни конструкции: . . . *ако сој есть Ристос отбрајно Госпутому* . . . МЕЦ, *Тас чупáта го звjä кóно нáзат нековáн.* МЦ, . . . *владúката ни дáде једнá пл'ачка завúена за пóп Рúста* . . . ШД, . . . *нájдоме éдна врáта отвóрена* . . . ШД, *Во сéлото бéше кочобáшија гркóманин, клáден от турците* . . . ШД, . . . *не сáкаше да го дáj на кочобашúјата óдбран от тáтка* . . . ШД, *Нáум Гéрофски úмаше дýк'ан нáпáлнат со стóка* . . . ШД, *Па óни, па, клáдéни мáртва стрáжа нáприт, едéн тука – друјк тáму, друјк тáм óдат гу-причистýват мéстту* . . . БМег, *Свакáрвата бúше жúва, на-кубúлта кáчина, дéтинцто ф-рáцто.* ПК, *Móс, такво́, напрáвин на-лóтк'и. Растýрин мóсто глáвин'о, на-лóтк'и напрáвин* . . . ПК, *И кутунáс стáри усумдасé гудúшни чувéци, нéублéчни, такá-j кáрат на-фрóнто.* ПК, *И пá га-срéште вáлко на-пáто, дутéпин.* ПК, спор. и една антепонирана апозиција: *Тувáрна, азáр, кóлта с-јаа уставúме* . . . ПК, . . . *усáхнува сандáлу закáчини пу шáјкит'а* . . . МС, . . . *пáк нájди инá јáб-*

лака сас јáблаки тувáрина . . . МС, *. . . и такá си утúди мумáта учéрн'анта утáм . . .* МС, *Са разбýжда мумáта, брка шорбéт' да шúј, путúр'у прáзин . . . ги вúд'ạ и шанданиту м'ạн'éнти.* МС, *. . . и гу устáи диспóт'ут утпр'ăн на вратáта . . .* МВ, *. . . га кладé нá еднá удајá, пустéлана садé у злáту.* В, *. . . тогај промина и калеко неприменент, неоружент.* В, *. . . изљази Илју применент в царскии дрехи . . .* В, *. . . седна н'амојут облечен.* В, *И си отишел бјазаргјанина омислéн.* ВС, *Цар-о зарадуван дал му подпис . . .* ВС, *. . . жр'апчету беши кату хăрт, не гледану от толку време.* В.

а.б. активни апозитивни конструкции: *След мáлу дóјде éден тýрчин вјáнат на кóн . . .* ШД, *А пó нас грéдеа и áскери на кóни кáчени . . .* ШД, *. . . Цéл ден лéжиме во горúчката лéгнати.* ШД . . .

Како што се гледа, во групата *а.* (прави апозитивни конструкции) еднозначно доминираат примерите со пасивна интерпретација. Две од трите активни конструкции доаѓаат од ист информатор од селото Герман во Долна Преспа, а и двете се градени, семантички земајќи, врз ист предикат. Поминуваме на групата *б.*

б.а. пасивни апсолутни трансформи: *. . . нúе бјдоме во éдна куќа со четири кáтој, сáмо стисóјте нашráени и покрúена . . .* ШД – интересна конструкција што ги собира елементите од нашите групи *а.* и *б.*; натаму: *Богáрцките фáтени вójници бéа нéкој рáнени, кój глáа врзана, кój рáка врзана . . .* ШД, *Свекрвата пýштена шамúјата до нóсо и рáцете од éдна во другu пúкнати во пазýата и мáчи . . .* ШД, *Го нóсеа, вăрзáни нóзете.* КЕВ, *. . . у-шкóло сме сидéли, уф-еднá сóба пу-две, пу-трú фамúл'и набýтини чáк . . .* ПК, *. . . кóо глéде сé сóмуве и крáпуве на-тóо тавáно закáчини.* ПК, *. . . глéдаме кóол'те тувáрини . . . и да-бéгат.* ПК, *Сáмо жéни дујдéли, мájшто искóл'ни.* ПК, *. . . икимцúјата ја гл'éда, амá итój кýпини ут д'ăт'ạту . . .* МС . . .

б.б. активни апсолутни трансформи: *. . . пýл'ăт кривáтут – мóме лигнáту, . . . пул'ăт – мóмту умрéну . . .* БМег, *. . . шо-ки-вúде: дéцта умрéни.* БМег, *Мајка му виќе умрена, лудо смејаќи си му велише на мајка му . . .* УЕ, Иде дóма, кá глéде цáрицта ýмрина. ПК, *. . . шо да вúди: идúн пóп сас иднó магáр'ạ јáхнант и врави пăнт'ут сас кушúја.* МВ, *Шчо да види? Мајка му умр'анта на фтисот пропр'анта.* В . . .

Тука спаѓаат и често споменуваните апсолутни трансформи на временските реченици од типот: *. . . ошче сил'аницот не испаднат уд дворот, фаќа и а утвара торбата . . .* УЕ, *Ошче пападијата не удавена, попот станува . . .* УЕ

Паѓа в очи дека „апсолутните“ трансформи, т.е. трансформи со експлициран субјект и/или објект многу често се среќаваат до глаголите на визуелна перцепција. Како што рековме (сп. погоре § 1.3.2.), тие глаголи прифаќаат како предметни така и пропозиционални аргументи; оттука и природното варирање од типот: *гледа јунак јавнат на коњ* ~ *гледа јавнат јунак на коњ*, и сл.

За полн системски паралелизам во толкувањето на придавките од преодни и непреодни глаголи сведочи, меѓу другото, можноста тие

да се појават во конјунктивна врска, сп.: *Мајка сѐта испопарена и умрѐна като наистина да си смеј.* УЕ

Сумирајќи ги забелешките за употребата и дијатезата на глаголските придавки во јужномакедонските говори, да повториме уште еднаш дека нив ги карактеризира *а.* ергативна дијатетичка насоченост и *б.* изразита резултативност, т.е. двојна релативизација кон временската оска: се работи за дејства/настани/процеси чиј резултат е актуелен во времето на остварувањето, на едно друго дејство и/или во моментот на зборувањето, а кое се случило порано; веројатно токму таа сооднесеност со една друга временска точка експлицитно определена во текстот овозможува толку честа употреба на ГП без придружба на помошен глагол. Трансформите базирани врз ГП посебно често ги наоѓаме како комплементација на глаголите на визуелната перцепција (тип: *гледат - моме легнато,* и сл.). Истовремено, таквиот тип на употреба објаснува зошто во приведениот материјал доминираат ГП од свршени глаголи, а малуброjните отстапувања ги сфаќаме како поместувања во самиот видски систем (сп. подолу § 1.5.1.).

1.4.5. Зголемен број на аргументи. – Под овој наслов ќе ги разгледаме конструкциите чија дијатетичка перспектива е поместена како резултат на зголемувањето на бројот на аргументите. Се работи за каузативни конструкции настанати со вторична транзитивизација на примарно интранзитивни глаголи според образецот: *X шета* (т.е. 'се шета себеси') ≈ *Y го шета X.* Во горниот наш пример *X* во појдовната интранзитивна конструкција истовремено е и агенс и каузатор – тоа ни го објаснува семантичкиот механизам на транзитивизацијата којшто се состои во разделувањето на двете улоги. Меѓутоа, под притисокот на самата синтаксичка шема (а не без влијание на балканската средина) истиот тој процес ги засегнува и другите предикати кај кои референтот на привилегираниот аргумент не дејствува, туку ги трпи последиците на дејството, па дури и предикати чиј појдовен аргумент нема (*или* барем не мора да има) персонален референт, сп., на пр.: *Ќе те умрам!, Го загинав клучот.,* и сл. Значи, една иста глаголска лексема се појавува како експонент и на еден процес и/или операција и на соодветниот каузативен предикат. Воздејството на балканската јазична средина се гледа овде „на два ката" – *а.* како директно влијание на грчкиот јазик, каде што каузативите од таков вид претставуваат продуктивен семантичко-синтаксички модел (Мирамбел 1959, 147) и *б.* како една подлабока и пошироко раширена тенденција кон генерализација на акузативниот однос (сп. погоре § 1.3.1.2.1.) меѓу предикатот и неговиот втор во комуникативната хиерархија предметен аргумент. Со други зборови, се налага еден перцептивен модел според кој секој неагентивен аргумент може да биде сфатен и протолкуван јазично како директен објект на определена операција што ја врши врз него агенсот. Покрај сега разгледаните, како и оние од наредниот параграф, тука спаѓаат и веќе споменатите „каузативни" конструкција од типот: *Не́ смрачи на патот.* (сп. погоре § 1.4.1.1.), каде што агенсот е неименувана природна сила, т.е. отсуствува експонентот на привилегираниот аргумент.

Од семантички причини вторичните каузативни конструкции не се многу фреквентни во текстовите, но сепак јужномакедонските говори даваат доста докази за присуството на овој синтаксички модел. Еве некои од нив: *Е́ден си го загѝна кóјно.* МСЦ, *И цӑрѝцӑта ӑ-зе́вӑт, ӑ-измѝвӑт, ӑ-сиднýвӑт нӑ-сóфрӑта.* ДКај, *Нéма дӑ-гу-зӑгѝнӑм дéтто.* ДКај, тука спаѓаат и примерите: *Тој вјӑ́ња кóно и се шéта дур го шкумбóса кóно.* МЦ, и: *Го шкумбóса и марјӑто.* МЦ, сп. го преводот на Мазон: *шкумбóса . . .* faire écumer (МЦ, 444).

Со оглед на фактот дека – според овде скицираната интерпретација – ширењето на акузативниот однос има и семантички, а не само површински синтаксички причини, не е можеби без интерес дека примарно интранзитивниот глагол *умира* (кој спаѓа меѓу типичните вторично транзитивизирани лексеми) во Мазоновите текстови од Корчанско и во интранзитивна употреба се појавува како агентивен – со експлицитно именуван каузатор, сп.: *От тогас царо и устави старцити да умире от Бога.* МЦ, сп. и: *„Себ -има́ла трѝчќи бра́ќја: гољӑмјо ми го умори́је, стреде́ньо ми ýмбре од Бо́га, малечо́ќјо ми заѓѝмна“.* МЦ.

А еве уште неколку примери: *Наýчи ѓáуло, сӑ сто́ри муштери́ја дӑ гу ку́пе ко́нко дӑ гý загѝне дéтто.* МА, *. . . гу пуминáја пу нáшчо сéло вӑ́рзан.* ШК, *. . . о́де измиќа́рите да и напѝе кóниата . . .* КК, *Мéн ма-слизé до́ло, ма-качѝ узго́ра у-удáјкта* БМег, *На вјáнаа на пáмпуро.* ШД, *Брáт-ми уддé војнѝк, гу-јзрастéх ác . . .* ПК, *. . . та они можи нас да на погинат;* В, *Гу нарасна [*scil. *детето], гу прати на скољуту . . .* В, *. . . да ти не погѝни таму . . .* В, *. . . и сакаши да го погини.* В, *. . . гу чекаха да го погинат.* В . . . Тука спаѓаат и примерите со вторична рефлексивизација, сп.: *Затова снопиту, шчо му си загинуваха, млогу сам са чудиши, каква работа бива.* В, сп. и: *Е́ден со други са загѝнаме.* ШД . . .

Посебно внимание заслужува глаголот *битиса.* Тој е примарно егзистенцијален предикат кој врзува пропозиционални аргументи; вторично транзитивизиран, се здобива со значењето ‘прави, чини’. Сп., од една страна, во основна употреба: *. . . и бѝтиса праéн’ето дванáјста гóдина . . .* ШД, *. . . и такá стујѝ дур да битѝса, дур да са спѝј* [scil. *ракијата]* МС, *. . . и такá с’é ткájам дур да битѝсува óснувáта.* МС, *Битѝса ткан’éту, с’ӑ ѝшти плáтнуту да гу изб’ӑлими . . .* МС, *Битѝса мурабéту; МВ, . . . и такá свадбата битисува.* ВВ . . .; од друга страна (вторично?), сп.: *. . . áма чéтите си а битѝсаа рабóтата . . .* ШД, *Рáбутиха и ја битѝсаха кӑ́штата . . .* МС – последниов пример е истовремено единствен каде што *битиса* го зема материјалниот аргумент *кӑ́шта,* но се работи за евидентна кондензација: се подразбира ‘градење на куќа’.

1.4.6. Измени во хиерархијата на аргументите што не ја засегнуваат номинативната позиција. – Се работи за вторично авансирање на предметните аргументи (од инструментална и/или) од локативна во акузативна позиција, т.е. пак за ширење на основниот операционен модел (сп. погоре § 1.4.5., сп. и Конески 1986, 160). Основниот блок релевантни примери го приведовме погоре, во §§ 1.3.1.1. и 1.4.2. Овде ќе се сосредоточиме на механизмот на измените цитирајќи само еден мал избор од најкарактеристични примери.

1.4.6.1. Предметен аргумент во позиција на таканаречениот втор акузатив. – Се работи за примерите како: *Вагóните се напáлнаа нáрот.* ШД, *... ки-гу-рáнам вóшкина хрáна ...* БМег, *... кукóшки гу-ранúла ...* ПК, *Му са јагнила мáшко јагне.* ВС, *... и гу скупáвами инá мóтика ...* МС, *... и на скáлата пармáку катрáн за гу намáжиш ...* МС, *... утúдуха ... трú кóни тувáр'ана с'é хрисó ...* МВ, *... гу лýп'ах идúн чанáк у главáта ...* МС, *... гу удрúва инá јáблáка мумáта ...* МС, *... гу удрú инá калáчка на крáсту ...* МС, *... ја сјахми нивата бостан.* В ... (примерите од текстовите на Малецки од Богданско се посебно многубројни, бидејќи се послужив со селекцијата направена од Голомб (Голомб 1960–61, 142–143) кој посебно се задржува на овој проблем (сп. подолу). Во горепривдените конструкции, покрај ИС во функција на директен објект, се појавува уште една ИС (задолжително без идентификуван референт) која не носи никакви морфолошки обележја на својата синтаксичка функција, а која претставува функционален еквивалент на *со*^{ИС} (во истиот дијалектен систем и/или во стандардниот македонски), односно на инструменталната синтагма во другите словенски јазици.

Примерите од таков вид претставуваат само еден маргинален дел од прилично големата група конструкции што некои монографисти (сп. Голомб 1960–61, 141–143, Мазон 1936, 96) ги викаат двоен акузатив (односно „double régime direct") и гледаат во нив резултат на туѓото, пред сè грчкото, влијание. Тука спаѓа, на пр., типот: *го зедоа војник, го избраа претседател, го научија занает, плаче солзи, се разболи тешка болка* и др. Меѓутоа, додека во последниве типови насекаде наоѓаме во позиција на „втор акузатив" генерички синтагми со типично предикативна функција (именски прирок, номинализации . . .), во нашата горна селекција се работи за аргументски синтагми кои го именуваат вториот предметен аргумент на соодветниот предикат или пак материјалните предмети со помош на кои се врши дејството. Во таа семантичка група примери директна грчка паралела во стандардниот димотики наоѓаме само за *наполни вода*, па треба да прифатиме дека горенаведените конструкции, пред сè оние каде што се работи за предмети со помош на коишто се врши дејството, се никнати на дијалектната (македонска? грчка?) почва. Меѓутоа, со оглед на фактот дека тие се јавуваат н е во типична акузативна позиција, туку д о правите акузативни ИС, како и со оглед на фактот дека тие – до исти глаголски предикати – алтернираат со *со*^{ИС}, јас не би ги сметала за „втори акузативи", туку за алтернанти на инструменталните *со*^{ИС} (сп. погоре § 1.3.1.2.5.1.). За конструкциите кои алтернативно можат да бидат од инструментален или пак од локативен карактер сп. подолу § 1.4.6.2.

1.4.6.2. Авансирање на локативните аргументи. – Реченичниот модел што на семантички план го нарековме: општ операционен модел, а на синтаксички план: акузативен модел, се шири и за сметка на просторните релации, пред сè на оние што одразуваат движење низ просторот. Со други зборови, забележуваме авансирање на именските синтагми ориентири во просторот од локативна во акузативна позиција,

т.е. соодветните релации вторично се толкуваат не како локативни, туку како операции вршени над/врз просторот. Основниот блок соодветни примери го приведовме погоре, во § 1.3.1.2.1., кога стана збор за акузативен однос меѓу предикатски израз и именска синтагма. Овде како илустрација на разгледуваниот дијатетички механизам ќе наведеме помал избор на максимално репрезентативни примери од јужномакедонските говори: *. . . ут-та́мо ки-о́јмă дру́гуто ме́сто* БМег, *. . . на́што по́ле вӑрвум . . .* ПДој, *Стру́ма сме га-варве́ли . . .* ПК, *Бе́вме фле́гле мо́рето да го пли́виме . . .* КЕВ, *И така нинисах прав пă̆т, за да дојдам по-скору.* В, *. . . кој јунак ке да скокни кањата, на негу ке да даде . . .*, наспрема: *Това кату рече самовилин син, заедноч зема мегдан и прискокна три пă̆тја от кањата.* В, *. . . сакаш да си шеташ сă̆нă̆рут . . .* наспрема: *. . . оти́де да си шета на сă̆нă̆рот . . .* В, *. . . кој за можи да ја скокни тас дупка, за вземи царската мома . . . таљакот кату пиле ја летна дупката еднош и дваш и три.* В, *. . . ама не мога да пливам морету.* В, *. . . тогас царскиј син ходил сичката земја . . .* В . . ., сп. и: *. . . по́чнаф да о́да фто́ро оделе́ние . . .* ШД, . . . Тука спаѓа и глаголот *јахне* со својата двојна рекција, сп.: *И си го вја́нала ко́н'о.* ШД, и паралелно: *Си го вја́наф о́ттуа ерóплано на два са́ато . . .* ШД, *. . . и така́ ја́хнах иди́н фајто́н ут Сулу́н . . .* МС, *. . . ја́хнахми магар'ӑнта́та . . .* МС, наспрема: *. . . јас ја́хнах на фајто́ну . . .* МС, *. . . и ја́хнаха на пампо́ру з'е́нт'у и нив'ӑ́стата . . .* МС . . .

Тешко е да се пресуди дали забележените алтернации имаат семантичка подлога, т.е. дали соодветните аргументи (чии референти се „исечоци од просторот“ и/или „превозни средства“) свесно се толкуваат еднаш како објекти на операција, а друг пат како ориентири во просторот и/или помошни средства за поместување во просторот. По мое мислење, алтернацијата е од површински карактер и никнува под притисокот, на синтаксичкиот модел што му одговара на операционото толкување.

На крајот приведуваме три примера во кои Голомб допушта, како една од можните интерпретации, авансирање на локативниот аргумент во позиција на субјект, т.е. дијатетичка реструктурализација од типот за којшто стана збор погоре, во § 1.4.2. Имено, покрај примерите „во кои вториот асс. јасно врши функција на instrumentalis“, Голомб ги приведува и следниве конструкции: *. . . то́с клајанц зашто́ крӑф тичé?* С, *. . . на кумлу́ку но́с кла́јанц во́да тичé, крӑф тичé?* С, *. . . крӑф тичé кла́јанцу зашто́ на кино́тита́тај . . .* С (овде се – по мое мислење – *крв* и *вода* во инструментален однос), па им го приклучува и: *. . . гур'ӓши о́гин же́л'азо́ту . . .* В, па продолжува: „Четирите последни примери даваат можност и за поинаква (т.е. не-инструментална) интерпретација. Имено, не е исклучено дека тука имаме работа со беспредложен додаток за место: *кла́јанцу* „во кладенецот“, па според тоа *крӑф, во́да* би биле подмети, *о́гин* „во огнот“. Оваа хипотеза би ја поткрепиле ваквите реченици: *„си ви́д'а о́мус и ранка́та прӑстин'у* С, „но, си виде на раката прстен“, *. . . гл'е́нда ина́ гр'е́нда читиријси кл'у́ча* С, *дру́гата уда́ја гл'е́нда ино́ умр'ӓнту д'ӓта . . .* С „во другата одаја гледа едно умрено дете“. и додава: „Прашањето сепак бара поподробна поредбена обработка“. Тол-

ку од Голомб. Се чини дека навистина во последните три примера имаме работа со „беспредложен додаток за место". Привлекува внимание дека во сите три наоѓаме глаголи на визуелна перцепција. Пошироко за определбите за место (или, поопшто, за спацијалните определби) во функција на реченични трансформи ќе стане збор во вториот том. Примерот . . . *гур'ăши óгин жел'азóту* . . . засега останува изолиран, но и него подобро ќе можеме да го оцениме на поширокиот фон семантички сродни примери од други извори.

1.5. Внатрешна и надворешна темпорална карактеристика на предикатскиот израз. – Под овој наслов ќе се занимаваме *а.* со внатрешната временска организација на предикативните содржини и со површинските експоненти на таа организација, пред сè со експонентите опфатени со таканаречената категорија вид, и *б.* со начините на сооднесувањето на предикативните содржини со (апсолутната и/или релативната) временска оска, т.е. пред сè со глаголската категорија време (tense и taxis) и со нејзините површински експоненти. Со оваа проблематика продолжуваме да ги разгледуваме механизмите на актуелизацијата на една пропозиција (= една предикатско-аргументска структура), т.е. механизмите на нејзиното приспособување кон определена говорна ситуација. Семантички, пропозицијата е проекција на еден настан (процес, операција, состојба, ситуација . . .), па времето спаѓа меѓу основните параметри што ја поврзуваат со говорната ситуација.

1.5.1. Темпорална организација на настанот (глаголски вид). – Од многуте постојни дефиниции на глаголскиот вид би сакала овде да се повикам на две кои, по мое мислење, меѓусебно се дополнуваат и претставуваат најдобра база за толкување на видските состојби во јужномакедонските говори. Едната од нив како маркиран член на видскиот пар го истакнува несвршениот, а другата свршениот вид, со што се постигнува единствено правилната – чинам – слика според која членовите на категоријата вид остануваат во контраст создаден од две (или повеќе?) приватвни опозиции чија хиерархија не секогаш може да се утврди, а се менува зависно од поширокиот семантички контекст. Општо земајќи, се приклучувам кон оние според кои категоријата вид ја граматикализира информацијата за временската организација (распоредот во времето) на глаголското дејство во главно независна од неговиот сооднос со апсолутната временска оска. Погоре (§ 1.5.) ја определив таа информација како внатрешна временска организација на настанот (процесот, состојбата, операцијата . . .).

Првата од споменатите две дефиниции го истакнува процесуалното сфаќање на глаголското дејство како одлика на несвршениот вид наспрема отсуството на такво сфаќање кај свршениот вид. Тоа е визура што ретко може да се сретне во славистичките студии, каде што обично споменатата опозиција е потисната на втор план; како првопланска ја претставува, на пр., А. Мирамбел во своето толкување на новогрчкиот вид. Сп.: „En grec moderne, l'expression de l'aspect verbal [. . .] se présente sous la forme d'une opposition de valeurs [. . .]. Cette opposition

est à deux termes: d'une part, c'est la notion de développement continu ou de démultiplication de l'action; d'autre part, c'est la notion d'absence de développement ou de ponctualité . . ." (Mirambel 1959, 133–134).

Според втората дефиниција, свршениот вид носи информација за измена, за пресврт, за поминување од едно дејство (настан, операција, состојба, процес . . .) кон некое друго дејство, додека кај формите на несвршениот вид отсуствува таквата информација. Во последно време горнава дефиниција сè почесто ја наоѓаме во славистичките трудови, сп., на пр., Salton 1976, Antinucci 1977.

Како што ја претставува работата Х. Галтон во својата монографија од 1976 г., двете опозиции можат да се сфатат како две страни на еден ист факт на постојано сукцесивно течење на времето (т.е. на нашето вообичаено толкување на поимот 'време') одразен во јазичната (граматичката) структура. Свршениот вид го одразува временскиот редослед на настаните, а пак несвршениот го одразува течењето на времето додека настаните „мируваат". Сп.: „. . . the Slavic languages (as well as some others) have created special morphological means for the presentation of the temporal succession, in the perfective aspect, as well as of its contradictory opposite – immutability, a state lasting unchanged while other events change; this is done by the imperfective aspect." (op. cit., стр. 11), и натаму: „the succession of changing events vs. the absence of change constitute the very foundations of our experience of time . . ." (ibid.).

Горната интерпретација дава, ми се чини, добар увид во семантичките услови на граматикализацијата на словенскиот вид. Сепак, од денешната гледна точка не би го сфаќала несвршениот вид единствено како немаркиран член на видската опозиција. Секако, траењето во времето, односно процесуалноста се сфаќа најчесто како една позитивна семантичка карактеристика на која се калемат други поспецифични информации како што се оние за непрекинатоста, за повторливоста, за зголемениот интензитет на едно дејство, итн. Следствено, како основа за интерпретација на јужномакедонската употреба на видските форми, би предложила една двокомпонентна матрица.

Да повториме, временскиот вид граматикализира информација за соодносот меѓу настанот/секвенција настани за кои станува збор и постојан протек на времето. Шематски го замислувам тоа како што следува:

Граматикализирана информација	свршен вид	несвршен вид
Измена	+	–
Траење во времето/процесуалност	–	+

Во јужномакедонските говори видската опозиција главно доследно се чува. Меѓутоа, се налагаат низа проблеми во врска со начините на

реализацијата на таа опозиција. Овде, согласно со нашата главна тема, ќе зборуваме: *а.* за функционалната дистрибуција на двата члена на видската опозиција и *б.* за видската перифрастика, т.е. за граматикализацијата на видските значења на синтаксичко ниво. Во рамките на така зацртаната проблематика се издвојуваат следниве прашања:

– разликите меѓу одделните говори во функционалната дистрибуција на двата вида, како и разликите во однос на македонската стандардна норма,

– семантичката корелација меѓу видската опозиција и опозицијата на минато определено vs минато неопределено време (аорист vs имперфект); функционирањето на аористот од несвршени глаголи,

– начините на изразување на инхоативност,

– начините на изразување на итеративност (повторливост) на дејството.

Ќе ги претставиме редум соодветните факти и ќе се потрудиме да ги протолкуваме на фонот на горепредложената интерпретација на основната видска опозиција.

1.5.1.1. Меѓудијалектни разлики во употребата (= во функционалната дистрибуција) на формите од свршен vs несвршен вид. – Со оглед на фактот дека секој предикативен израз (ПИ) по дефиниција носи определена видска и определена временска карактеристика, не е лесно да се раздвојат и одвоено да се опишат видската и временската дистрибуција на тие изрази. Сепак, од формална гледна точка, мотивационата хиерархија во словенскиот глаголски систем е јасна: експонентите на видската карактеристика спаѓаат меѓу морфолошките формативи на глаголската лексема, додека експонентите на временската карактеристика не се вградуваат толку длабоко и спаѓаат во арсеналот на глаголската флексија. Следствено, видската карактеристика определува какви временски функции може да прифати една глаголска лексема. Согласно со така воспоставената хиерархија, постои само една семантичка блокада мотивирана со самата природа на видската опозиција: глаголите од свршен вид не можат да изразат актуелизирана сегашност (= директно сооднесена со говорната ситуација). Другите комбинации се отворени, а разликите меѓу одделните системи се сведуваат на нивното присуство/отсуство и на нивната фреквенција. Употребата на видски форми која би му била туѓа на словенскиот наследен систем е многу ретка појава и се должи на некои спорадични влијанија на другите балкански системи, сп., на пр., од Сухо, Лагадинско: *јас а́ку ишт'ах ус но́шт'а т'а уб'а́сувах, ама́ ви́д'а јас па́к т'а куртули́сах!* МС.

Додека кај граматичката категорија вид постои едно-еднозначна корелација меѓу значењето и формата (т.е. глаголите од несвршен вид во ниедна употреба не го губат своето позитивно видско значење на траење/развивање во време ниту глаголите од свршен вид не го губат значењето на измена), кај категоријата време таква корелација не постои (т.е. можни се различни транспозиции на временските форми). Оттука потребата да располагаме со одделна мрежа термини за фор-

мален опис на предикативниот израз и друга – за негов семантички опис. Во првиот случај ќе се служиме со вообичаените латински термини (praesens, aorist, imperfectum, perfectum . . . итн.), во вториот – со македонските (сегашно, минато определено . . .).

Како што рековме, видската и временската информација се преплетуваат, што не е ни чудно: првата се однесува на внатрешната временска организација на настанот, втората – на неговиот однос кон другите настани, т.е. кон апсолутната и релативната временска оска. Со оглед на лексикализираниот, во принцип, карактер на видската информација, тежиштето на оваа наша анализа е врз категоријата време (сп. подолу § 1.5.2.1.2.), каде што ќе се водиме по семантички принцип: ќе ги претставиме редум ПИ способни за изразување сегашност, минато, итн. Во овој параграф – обратно – ќе се задржиме на некои видско-временски форми кои покажуваат извесни идиосинкразии во употребата. Ќе се користиме притоа со набљудувањата на монографистите, бидејќи се работи за особини што можат да се забележат и да се оценат дури како резултат на подолг контакт со даденият дијалектен систем и на фонот на голем корпус текстови. Новото што го открива нашата постапка се уочливите разлики во географијата на разгледуваните појави.

Ќе се задржиме главно на два проблема:

– на синтаксички слободната (= без придружни модални честици) употреба на формите на praesens perfectivum,

– и на употребата на несвршените глаголи во функција на (така именувана од Б. Конески; сп. Конески 1986, 172–3, Конески 1982, 415) категорија на готовност. Таа е примарно модална категорија, меѓутоа, ред е да се подвлече дека специфичното модално значење останува овде во тесна корелација со видското и се наслојува врз него.

Одејќи како обично од запад кон исток, првите интересни забелешки во врска со praesens perfectivum, т.е. со употребата на формите praesentis од свршени глаголи, ни доаѓаат од Мазон. Имено, тој експлицитно констатира отсуство на нивната слободна употреба во Корчанско, сп.: „L'opposition du présent perfectif au présent imperfectif est nette. Le présent perfectif ne joue pas le rôle d'un présent réel: il exprime une action future (soit au mode subjonctif avec *да*, soit au futur avec l'auxiliaire *жа*) . . ." (Мазон 1936, 81). И натаму: „L'absence du présent perfectif historique ne saurait être mise en doute. Sans doute l'identité de la 3^{e} pers. sing. de l'aoriste et du présent pour des masses importantes de verbes en *-и-* et en *-а-* (types *но́си* et *ба́ра*) peut au premier abord créer quelque confusion; mais l'examen de l'emploi des formes est décisif: c'est l'aoriste seul qui exprime l'action passée considérée comme un tout et sans évocation de son developpement. Ainsi, dans le récit de la descente de croix et de l'ensevelissement du Christ: *и тој Јо́сиф ку́пи покроф, отко́ви тру́по Христо́соф от кре́сто, го су́рва от кре́сто, го за́ви во покро́во и го кла́де во гроб ка́мнен*, l'ambiguïté morphologique de *ку́пи* (à la fois aoriste et présent perfectif) ou même de la forme *отко́ви* (qu'on peut être tenté de prendre pour une forme exclusive de présent perfectif, alors qu'elle est en réalité commune au présent et à l'aoriste . . .), se trouve dissipé par la série des formes évidentes d'aoriste qui viennent ensuite: *су́рва, за́ви, кла́де,*

qu'on ne peut confondre avec les présents perfectifs *(да) сýрви, завúје, кла.* Il n'y a de présent historique, dans tous les documents dont nous disposons, que le présent imperfectif." (ibid., 82). Така е во Корчанско, меѓутоа, во својата поранешна монографија од Костурско Мазон вели: „La forme du présent des verbes perfectifs, celle du verbe „être" *(бúда)* y comprise, a perdu sa valeur de futur: elle ne signifie qu'un présent narratif momentané ou d'unité d'action s'opposant au présent de durée ou de répetition qu'exprime l'imperfectif. Ainsi: *фáти да се úми цáро, а измечúјте го распúтат* (présent perfectif d'unité d'action) 'le tsar se prit à réflechir, et les serviteurs lui demandent . . .'; (Mazon 1923, 47–48). И натаму: „Les perfectifs à suffixe nasal sont d'un emploi particulièrement fréquent en fonction de présents narratifs: *прúкни, тр̀гни, потр̀гни, вúкни,* etc. Il est vrai d'ailleurs qu'aux 2e et 3e personnes du singulier les formes du présent et de l'aoriste ne sont pas discernables pour un grand nombre de verbes, à savoir pour les verbes à *-и-* thématique ancien et à thème en *-а-: фáти, опúта,* par exemple, sont à la fois des formes de présent et d'aoriste. – Peut-être *дам* offre-t-il un vestige de la valeur de futur du présent perfectif dans une phrase comme: *Сéтне ти дáм брáф* 'et qu'enfin je te donne un bélier'; de même *прóдам* dans: *Не о продáваш? – Го прóдам* 'Tu ne le vends pas? – Je le vendrai'." (ibid. 48). Се трудев во текстовите приклучени кон монографијата да најдам форми praesentis од свршени глаголи, пред сè од оние, споменатите, со назален суфикс, употребени без придружни модални честици, но не успеав да најдам ниту една. Со оглед на фактот дека Мазон во својата костурска монографија ништо не кажува за врзаниот карактер на перфективен презент, можеме да претпоставиме дека таа ситуација не му била јасна, односно – не му бил јасен инвентарот на честиците кои влегуваат предвид. Како и да е, остануваме со гореприведените три примера, под претпоставка дека се тие фонетски точно регистрирани. Кај другите автори (Малецки, Шклифов . . ., Бојковска, Дрвошанов . . .) не наоѓаме трага од таква, слободна, употреба на перфективен презент ни во западниот ни во централниот дел од јужномакедонските говори. Меѓутоа, во најсериозната од новообјавените монографии, „Кукушкиот говор" од К. Пеев, примерите се дури релативно многубројни. Пак ќе го приведеме тука целиот соодветен пасус. Повикувајќи се на трудовите на Б. Видоески, (1960/61, 1962), Пеев констатира присуство на слободно употребениот перфективен презент во источномакедонските говори, па продолжува: „Во кукушкиот говор употребата на перфективниот презент е многу пораширена: освен за изразување дејства што се повторуваат, служи и за искажување на минатите свршени дејства и тоа не само во приредени, туку и во подредени реченици.

Прво, разликите во видот не се така изразени во самите прости глаголски форми. Сп.: *и тáка́ ка́-о-ви́дат от-ej пá он тýка, сúте бéгат; – испаднáх на-вóнка, ка́ ви́дум сé изгурéло; – то-j твójто дéте, úде, ас гу-ви́дум* (м. *гледам*); *– тóо-пă ни нé чýе ни нé ви́де* (м. *слуша, гледа*), во Амбар Ќој: *кога чýе, кога нé чýе; – óдум, кýпум и пá нéма.*

Натаму кај глаголи што означуваат дејство што се повторува или се врши по навика: *флéзе, грáбне адна пăрчá сúрне и избéге; – дójде, зáчисте нă-две нă-три и сj-óде; – трăгне мáлчко, пá зăстáне, нéкуј чéке,*

чи́ш; – измъ́лзе о́фцте, зе́ме ве́дъ́рто и ус-аргáтто въ́рве; – вá кукóшка сéкуј ден пу-аднó јáјце снéсе (покрај: *снéве*); *– јéла-ј дъ́рво, уд нéъ́ вáпсат цъ́рно; – и óна сáма съ́-нъ́бéре* (се однесува на материја); *– как мójта мóма вóнка не излéзе и тувá дъ́-стáне тýка; – чим дóждо прикрáте и он устáне тýка* Ал. Сп. уште: *глáдна кукóшка, прóсо сóне (сонува).*

Трето, во приредени составни реченици: *и дéтто се излъ́жуве, искáрве чéшкáта ут-пáзвáта, напъ́лне га вóда; – ублéчът гу зéтут и кáчът се на-пъ́јтóнут и тръ́гнýват; – и флéзът уф-адна градúна . . . и сéднът нъ́-аднá мáса, си пуприкáжват за-л'убóв; – јáдат, пúат и стáнат, сивъ́рват; – напъ́лнуве-га вóда, стáне злáто* (од материјал од Кукуш); *– и гу-искáрът ут-тáм, гу-слéзът, гу-ръ́спъ́ртъ́лéсат ѓавул'то* Крец; *– зéме, гу-зъ́пáле ѓáвулут, гу изгóре; – Лýото ги-устáве кójсте нъ́-пъ́то, дójде дóма; – и такá пумúнат тúа два дéна и чувéко стáне.* Ваквата употреба на перфективни глаголи е уште поизразита во зависно–сложени реченици: *сéдне ду-чешмата дъ́-съ́-издýше и зúме дъ́-съ́-напúе вóда и дъ́-съ́измúе; – цáрут как гъ́-вúде нъ́-чéшта, си фáти брáдата; – кá му-чýкне дистúна кирфúја узгóре и ѓавуло уф-нéтре устáне; – кога съ́-измъ́лзе млéкто, съ́-пръ́цéде и ка е óште тóпло съ́-тýре сúриште: – църúцта съ́пуфáле, оти има син зъ́-жинýвне; – и они не гъ́-искáрът ут-кóлта, оти съ́-плáтат; – и он зéме, зъ́то гу-ýдре некóлко шъ́мáра; – и тóо утридéнта сам дójде, кá съ́-стéмне, съ́-кáче нъ́-типóлта и тýка чéке; – и они ка јáдът си-лéгнът дъ́-спúът; – и он без дъ́-вúде, пръ́ко них пумúне и си зúме уд-јáдинто.*

Ваквата употреба на перфективниот презент за нормативниот исказ е прилично необична и затоа наведовме повеќе примери во различни ситуации; за поцелосно следење и увид во проблемот, на крајот место избрани реченици ќе презентираме избран пасус од приказна во кој среќаваме различна употреба на презент и од свршени и од несвршени глаголи, што укажува на една неустановеност на процесот: *. . . нáпкун он съ́-слúмне нъ́-дóл и никуј не-о-видéл. Оде тáмка, сúте спúат, он си зúме шпúрто, зъ́пáле кънди́лто и пóчне да-брō пъ́рте. Арно ама, едúн пучнáл дъ́-мъ́рде и он си-ј бýтне пáрте уф-цéбо. Съ́бájле ка стáнът другáрто: нéма нúшто, óни не знáат, а он нé-къ́жýве. Арно ама, бéго ка са-разбýде, глéде стражáро гу-нéма, са-кáче гóре, жéнта га-нéма и мутикнáло.*" (Пеев 1987, 235-236).

За да се дополни сликата, ќе ги наведеме уште и примерите што Пеев ги сместил во параграфот посветен на идно време. Имено, зборувајќи за повторливите дејства изразувани со помош на конструкцијата *ќе + praesens* тој вели: „Овде, како што веќе споменавме, со исто значење [scil. со хабитуално значење] обично среќаваме презентски форми: *емéн дójде и фáте да-вúке; – испáдне на вóнка и сé зъ́брáве; – съ́-кáче на-дъ́рвýто, брýше, брýше крýши, нúшто нé устáве* итн." (ibid. 269).

Толку од Пеев. Сликата е апсолутно јасна и сведочи за слободна употреба на перфективен презент во две ситуации (функции): *а.* како habitualis и *б.* како praesens historicum за изразување на секвенции од дејства (настани) кои се редат едно по друго (т.е. во класична видска опозиција наспрема praesens historicum од несвршени глаголи кој изразува серии симултани дејства). И двете зони на употреба делумно се

поклопуваат, со што можеби се зацврстува нивната позиција во соодветните дијалектни системи. И двете споменати функции им се својствени на слободно употребените форми на перфективен презент и во други словенски дијалекти, меѓу другите (сп. погоре) на источномакедонските и на бугарските, додека во главнината на македонските дијалекти, а и во македонскиот стандарден јазик првата функција се изразува со *ќе* + *praesens*, а втората со аорист. Со други зборови, во југоисточните говори имаме работа со поархаична состојба која се повлекува под притисокот на „балканската" реструктурализација на глаголскиот систем карактеристична за западниот и централниот дел од македонскиот јазичен ареал, реструктурализација спроведена под влијание на системите што ја немаат „словенската" (лексикализирана) видска опозиција.

Во светлината на горекажаното тешко е да се пресуди дали Мазоновите примери од Костурско претставуваат исто така архаизми или се од вторично потекло. Зачудува и фактот дека другите монографисти на источномакедонските состојби (на пр., Голомб, Вајан) не ја споменуваат слободната употреба на перфективен презент. Еден од можните коментари гласи дека тие таквата употреба ја сметале за природна оти не го знаеле добро „класичниот" западномакедонски систем, па би требало, веројатно, повнимателно да се изучат регистрираните од нив текстови. Како и да е, материјалите на Пеев еднозначно сведочат за присуството на разгледаната појава.

Како што споменав погоре, нашата втора тема во овој параграф е таканаречената категорија на готовност. Под ова име Б. Конески издвојува една специфична употреба на несвршените финитни глаголски форми, пред сè на формите на имперфективниот презент. Таа е широко присутна во јужномакедонските говори и била забележана од дел од монографистите. Нашиот прв информатор ќе биде пак Мазон како автор на монографскиот опис на корчанскиот (бобоштенскиот) говор. Соодветната категорија во однос на формите на имперфективниот praesens тој ја вика „futur d'intention" и вели: „La fréquence du présent imperfectif qu'on peut qualifier „d'intention", et qui a à peu près la valeur d'un futur, est particulièrement frappante: *и опет ти го доведва* 'et je te le rapporterai' (je veux te le rapporter); *не т'изјава 'il ne te mangera pas' (il n'a pas l'intention de te manger); опет не с'искрива* 'je ne veux plus me cacher' . . ." – следуваат други примери (сп. ги подолу § 1.6.) па коментарот: „Il y a entre ce présent ou futur d'intention et le futur perfectif une différence nette: le premier exprime une volonté et le second *un fait* à venir, ainsi qu'on en peut juger par une phrase où les deux futurs s'opposent, comme *ако банди шчо да познате која лапка ести годинјашна . . ., жа ви јо дам чупата, ако њă – не ви јо давам* 's'il advient que vous reconnaissiez la pomme de cette année . . ., je vous donnerai ma fille; sinon, je ne veux pas vous la donner'. Ce présent imperfectif, à valeur de futur d'intention, est particulièrement fréquent dans les phrases négatives. Son emploi n'est qu'une variante de la catégorie que l'on qualifie parfois, et à tort, „mode éventuel"." Толку од Мазон. Примери на слична употреба на имперфективен презент наоѓаме во текстовите од збирката на Верковиќ, сп.: . . . *кажи ми, синку . . . Не ти кажувам.* В, *Тогас картáлот му*

ве́ли: „ја́зе ти изва́ждам на́ го́ра зе́мја . . . В, *Ја́зе та́ја ра́бота га́ исфӑр-шем, л'ý и́ди на́ ца́р'ут да му ка́жиш, два́јси и че́тири саа́та мјухле́т да ти да́ди'.* В, *„јазе не сакам покрај мене ти да приближаш, зашчо сега изваждам остра сабја, да ти отсечувам главата."* В, *. . . ама да ми купите . . . „сега ти куповами и кон и руби"* В . . . Иако дригите монографисти не обрнуваат посебно внимание на ваквата употреба на презентските форми од несвршени глаголи, приведените примери дозволуваат, се чини, да ја прифатиме како карактеристична за сите јужномакедонски говори. Паѓа в очи корелацијата меѓу категоријалните форми на видот, времето и лицето; имено, најчесто се работи за имперфективен презент на прво лице еднина или множина. Ова зборува во полза на наведените семантички етикети: категорија на готовност од Б. Конески и futur d'intention од А. Мазон; се работи за проекција на една внатрешна психичка состојба на авторот на текстот, т.е. за конструкции маркирани по таканаречената деонтичка модалност. Б. Конески (1986, 172–173) категоријата готовност ја врзува со сите три основни парадигми на несвршените глаголи: презентот, имперфектот и перфектот. Во мојот материјал најдов еден пример со имперфект во текстот на кулакиското евангелие, сп.: *Афе́ндо, да бе́ши ту́ка, не умира́ши мо́јот бра́т.* ВК. Интересно е дека се работи за негиран предикат. Конески (ibid.) за имперфектот приведува исклучиво негирани конструкции, а истовремено обрнува внимание на посебно силно изразената во македонскиот јазик корелација меѓу несвршениот презент со футурско значење и/или императивот од несвршени глаголи, од една страна, и присуството на (надградена) негација, од друга. Се чини дека категоријата готовност изразува, пред сè, увереност на говорителот дека постојат услови за тоа нешто да (не) се случи. Готовноста за остварување на некое дејство претставува само една, вистина прилично честа, варијанта на горната поопшта семантика.

Категоријата готовност како специфична модална категорија им е позната на сите балкански системи (Конески ibid.), меѓутоа, само на словенскиот (и малку послабо на грчкиот) фон доаѓа до израз нејзината поврзаност со несвршениот глаголски вид, што им дава на соодветните конструкции посебна експресивна обоеност и динамика.

Од кажаното произлегува дека категоријата готовност латентно е присутна во сите варијанти на македонскиот дијасистем. За меѓудијалектни разлики во нејзината употреба може да стане збор само во смисла дека таа е пофреквентна во зоните на засилена меѓубалканска интерференција.

Со категоријата готовност поминавме веќе од проблемот на маркираната употреба на презентските видски форми кон таквата употреба на формите на минатите времиња. Ќе продолжиме сега со забелешки за употребата на аорист од несвршени глаголи, која претставува извесна паралела à rebours во однос на употребата на свршените презентски форми.

Во согласност со основната категоријална семантика -

– на несвршениот вид како сигнал на состојбата /процесот што трае/ се развија во време,

– и на аористот како сигнал на дејството што му припаѓа на минатото (се вршело во определено време во минатото, и не се врши веќе во моментот на зборувањето),

– кај аорист од несвршени глаголи имаме работа со минати прекинати дејства, а без информација дали прекинувањето на дејството (т.е. неговата количествена, временска завршеност) носи и качествена измена (заокруженост, постигнување на саканата граница, на саканиот интензитет).

Како што може да се очекува со оглед на оваа комплицирана семантика, аорист од несвршени глаголи се употребува прилично ретко. Одејќи од запад кон исток, случаите на употреба на имперфективен аорист стануваат малку позачестени. А еве што кажуваат за таа тема некои од монографистите. Во монографијата на Шклифов за долнопреспанскиот говор читаме: „Аористните форми от несвършен вид се употребяват предимно в следните три случая:

1. В изолирано исказване: *Кој го́ меси ле́бо? Јăс го мéсиф/нéстата го мéси; Тój кога ќé јади? Не го́ чекај, тój тýкушто јáде.; Ти́ тамó беше, кóга тój и бро́ пáрите? Тáмо беф и јас и бро́ф.; Кój го ми гро́зјето? Јáс го миф* (по-често: *Јáс го и́змиф); Кój тка нéкни? Јáс ткáф*
2. При изразяване на неизчерпано действие: *И јáс пиф од ви́ното., доф од мéсото.*
3. В процесно-резултативни конструкции . . . става дума за действие, което се извършва в относително подълго време. Резултатът от това действие се маркира със съответна по значение аористна форма от свършен вид. . . . *Ка* (= ка́ко) *пи́ф – пи́ф во́да на ăрвејнците, са на́дуф ко жа́ба; Ка мăлчиф – мăлчиф, ве́ке ми пре́зеле и му са пу́штиф и јáс; Ка ло́ви – ло́ви ри́би, ле́гна ки́снат, му до́студе, са о́фтекоса и у́мре; Ка пи́ја-пи́ја на бра́ко, си́те са и́зопијанӣја; Пáднаф на кеф, пе́ф-пе́ф, ми о́рипна гăрлото; Псо́јса мáјка му, бле́-бле́ жăлното јáгне и тáка си псо́јса и то́ от глáт; Ка и́граф-и́граф на бра́ко, че́лите си и ски́наф; . . . ка плáка-плáка и ви́ка, се со́бра ка́ко ку́т улач и од жăл' у́мре; . . . Бо́жана . . . жна́-жна́ и не мо́жеше да са на́жние.; ка́ко тка́-тка́ и на́тка ве́ленца за цела́ живот; . . . ка́ко се́коф-се́коф, да ми са на́јде и за дру́ги пăт; . . . áма стри́жифме-стри́жифме, та пл'уска́јнци на ра́цете ста́наа . . .; Сел'а́ните бра́а-бра́а ле́п и му да́доа . . .; Пи́ф шо пи́ф би́л'ки, Ца́на шо́ ми и да́де, о́дно ми ста́на и и о́стāиф; Ви́каф шо ви́каф и са при́браф до́ма*“ (ШД, 74).


Го приведов целиот тој поголем пасус сосе примери, бидејќи тој многу адекватно ги претставува не само условите на употреба на аорист од несвршени глаголи туку и релативната фреквентност на одделни типови на употреба. Имено, и во трите ситуации што Шклифов ги издвоил семантичкото тежиште е – чинам – токму отсуството на измена, на уочлив резултат на извршеното дејство. Разликите се не толку од семантички и/или од прагматички колку од формално-синтаксички карактер. Првата ситуација е ситуација на дијалог, при што лицето што го покренува дијалогот како да има критички став кон резултатите на

извршената „операција“ или пак нема докази дека таа навистина е спроведена па го бара „виновникот“, односно бара да му се даде соодветна информација. Во втората ситуација имаме експлицитен сигнал дека операцијата во однос на објектот не е „исцрпена“, имено, информирани сме дека Х пил *од* виното (а не го испил виното), и сл. Најпосле, во третата ситуација имаме работа со една сложена реторична фигура; таа е составена од две противставени предикации: првата од нив има облик на синтаксичко клише со иконски карактер, доста распространето во балканските системи, т.е. на редуплирана глаголска форма која треба да потенцира дека соодветното дејство се вршело долго (пошироко за формите и функциите на глаголската редупликација сп. подолу, § 1.5.1.2.); токму оваа прва предикација во нашиот случај ја изразуваат формите на аорист од несвршени глаголи кои го носат вообичаениот сигнал дека дејството се вршело и било прекинато; втората предикација е изразена со свршениот аористен облик, често од истата глаголска основа – таа информира за резултат, често неочекуван и изненадувачки на долго вршеното дејство именувано во првата, редуплирана предикација. Такви сложени двокомпонентни конструкции ќе најдеме и во другите (јужно)македонски говори. Тие претставуваат своевиден доказ дека, барем во западниот дел од територијата, аористот од несвршени глаголи се повлекува и прераснува во една врзана категорија не само од страна на ситуацијата, туку и од страна на контекстот.

А еве селекција на примери од други извори: *... влја̏зе то́гас шче́рка тја̏зи Иродиа́де, и и́гра бро, и го аре́кса Ирóди ...* МЕ, Жи́ви два́ но́ви и си у́мбре. ШК – неисцрпениот, прекинат карактер на дејството го подвлекува временската определба, натаму: *Ка бу́ва, бу́ва на вра́тата ду́р ја скăрши ...* КК, *... гре́ј е́лено и ка е лижи, лижи на топо́лата е направи́ва о́шче те́ку по́дебе́ла ...* КК, *Ути́де а-вика́ жеа̏нта. Дујде́ же́а̏нта и ку́тра̏та си-сичи́ едно-укру́х зе́лник ...* БМег. Во монографскиот дел од својот труд Бојковска приведува цела низа аористни форми од несвршени глаголи, сп.: *... зид-а́-х, пич-е́-к, нус-и́-х.* Следува коментарот на В. Дрвошанов во врска со ситуацијата во кајларскиот говор: „Иако доста поретко во аорист се употребуваат и форми од несвршени глаголи: *ја́с нӑ-фил'а́н пцала*; *јас ќи-му-ӑ-ка́жӑм прика́знӑта дӑзна́ та́тку-му шо́ па́ту ја́с; ма́јкӑ-ми к-у́мре, мӑште́ӑта во и ми-пра́ј; сӑ-тури то́ про́суто; еве-сум сега јас ... че́лу шу-ми-гу-мири́а; кога гузанисо́а царут дута́му, му-ӑ-прӑви́а рӑбо́тта кӑ-сӑка́ја ...*“; и натаму: „Долгото траење на дејството може да се изрази преку имперфектен аорист со употреба на временски одредби, со дуплирана имперфективна аористна форма или со комбинирање на двата начина: а) *јас нӑ-мојто газда двајсет гудини му-ора, му-рӑбо́та*, б) *чека, чека, никуј нема*, в) *во шу-рабо́та, рабо́та, нику гудини време ...*“ (машинопис, § 241); а еве пример од Дојранско: *Е̏јн та́бур аскер дујде́ и сӑрдиса́, сӑрдиса́ сӗлто.* ПДој, и примери на Христов од Кукушко: *И вӑрве, вӑрве си пу пӑтут; о́де, о́де, нӑми́ра гу а́нут.* ХК. Од Кукушко се и следниве примери на К. Пеев: *Го́рге бига́ уф-Аме́рика; Зе́т-ми сака́ тук да-до́јде, би́и гу-свали́ли ут-алтубу́зо; ... а адно́ де́те о́де се́кој ден, каза́но кра́де мрафќи.* ПК ...

Во својата монографија за кукушкиот говор Пеев пишува; „За разлика од западното наречје каде што употребата на аористни форми од имперфективни глаголи не е многу обична, во кукушкиот говор наспоредно се јавуваат аористни образувања и од свршени и од несвршени глаголи. (. . .) Сп. примери: *рăбутúх, ама пичăлúх; – нусúхме писóк нă-рăци; – уфчéра цéл дéн купáх на Кара Тупрáк.*" (ПК1 251/252). Следуваат примери на секундарни аористни форми, проширени со суфиксот *-ув-*, сп. *кóга бигувáхме, пу-Струмá; – удвáх кá бúх пó-блúјчко;* – уште: *уф Мурáрци сме удвáли нă-пăзáр.* (ibid.) – последниов пример, без сомнение, се нашол на погрешно место – не само што се работи за перфект, а не за аорист, туку се работи и за јавно итеративна предикација.

На фонот на сето досега кажано зачудува коментарот што по повод аористот од несвршени глаголи го дава Голомб во својата монографија на сушко-височкиот говор. Еве го соодветниот цитат: „Треба да се потцрта дека аористот во говорите на С-В се прави и од свршени и од несвршени глаголи, на пр.: *брујúх* С7, *Вúд'ах* С2, *чý* С12 (3.1. sg), *платúхми* С6, *пúсаха* С2, *јáдуха* С29, *пúха* С29 и сл. (аористни форми од несвршени глаголи). На тој начин основната значенска опозиција изразувана преку аористот во однос на имперфектот не е опозиција на свршеноста спрема несвршеноста во минатото, туку опозиција на моментноста спрема трајноста. Графички работата би можела да се претстави вака:



правата *x* ја претставува линијата на времето, точката *A* сегашноста, точките *B C* ја означуваат отсечката на минатоста во која се извршило дејството изразено во аор.; за означување на имперф. на линијата на минатоста нема означена отсечка, бидејќи тој е сфатен како да тече во минатото воопшто и може да има само една гранична точка: *A*" (Голомб 1960/61, 160). Додека графичката проекција и нејзината интерпретација се чини адекватна во однос на досега приведениот материјал, начинот како е сфатена значенската опозиција зачудува. Нотабене Голомбовата формулација без коментар ја има преземено и Пеев (ПК1, 251/252). Да почнеме со анализа на примерите што ги наведува Голомб како илустрација на својата констатација. Пред сè, меѓу нив има и свршени глаголи: *Вúд'ах, платúхми . . .*, покрај тоа, тие се приведени надвор од контекстот, што оневозможува семантичко толкување. Меѓутоа, локализацијата дозволува да се пронајде контекстот. Подолу ги приведувам Голомбовите примери (со исклучок на оние од свршени глаголи) ставени во полн реченичен контекст: *„гу брујúх, брујúх дванáки и три р'ăча и грибин'ój тринáк хýбав'а за дój*" С, *Чý жинáта на кшéнудóхину, шту кáзува . . .* С, *гу дúгнаха т'ут'ýн'у и шýк'ур сă платúхми на трáпизáта . . .* С, *. . . н'ă закáраха дур у Сулýн на тýмбата, там н'ă пúсаха пак ашк'ép'а.* С, *Нóс д'éн' на прăстин, у цáр'у ги густú; јáдуха, пúха, дијашк'едáсаха и з'éнту извáди киман'éту . . .* С. Сп. и: *. . . с'éднаха на мухабéт, пúха пу инá ракúја . . .* МС, *. . . клáх т'éнцирúт'а и хáркумúту, са цукáц'ах.* МС. Како што се гледа од контекстот, ништо во приведените примери не нè наведува дејството изразено со аорист од несвр-

шен глагол да го протолкуваме како „моментно“ – туку обратно, некои операции дури можат да се разберат како прилично долготрајни (сп. *ја́духа, пи́ха . . .*), а кај *бруји́х* го среќаваме дури веќе познатото удвојување, што е иконски знак за долготрајност на дејството. Од друга страна, во сите разгледувани ситуации е присутен признакот на неисцрпеност на дејството или пак тоа е немаркирано по исцрпеноста. Да сумираме: примерите на Голомб (а и оние на Пеев) сведочат за поголемата фреквентност на аористните форми од несвршени глаголи во говорите од источното наречје, но не носат некои семантички нови моменти кои би не́ принудиле да ја измениме нашата првобитна дефиниција согласно со којашто признаци на аористот од несвршени глаголи се прекинатоста и/или неисцрпноста на дејството. А еве уште неколку примери од збирката на Верковиќ: *. . . чиниха шчо чиниха, дојдоха двајсит и осом дена . . .* В, *„мале, динеска лових едно пиле . . .“* В, *Ја тој извади кабачката, ја отвори. Га гленда мајка му, шчо да види: јадена, манџи, шчото цар'ут нема такви манџи. Јадоха, пиха, и пак ја затвори . . .* В, *Кату чу така кади́ата и дру́гите, си́чки са почу́диха, зашчо за о́ниј џифаирџи́а кату чу́ха, сички наса́т остана́ха.* В, *И как промина пануклата, неколко година сетне ја с'ах јазе нивата пченица . . .* В . . . Карактеристичните примери од кулакиското евангелие сп. ги подолу, § 1.5.2.1.1.

По овој краток преглед ни останува да заклучиме дека опозициите: СВРШЕН vs НЕСВРШЕН ВИД и АОРИСТ vs ИМПЕРФЕКТ само делумно се поклопуваат. Оставајќи го настрана фактот дека видот не е врзан со апсолутната временска оска, додека аористот и имперфектот реферираат само за настани сместени во минатото,

– заедничкото кај свршениот вид и кај аористот е позитивната информација дека дејството веќе не се врши,

– но, додека свршениот вид го претставува како завршено, исцрпено, „целосно“, аористот ја носи единствено информацијата дека дејството е прекинато.

Со други зборови, аористот е побогат од свршениот вид за информација дека се работи за минат настан, додека свршениот вид е побогат од аористот за информација дека дејството е исцрпено и заокружено. И двете категории го вклучуваат предикатот ‘измена’.

Во јужномакедонските говори, како и на целата македонска територија, аористот од несвршени глаголи е пошироко застапен и послободно употребуван во источните отколку во западните дијалектни системи.

Во некои македонски дијалектни системи разликата меѓу свршениот и несвршениот вид што се остварува во рамките на аористот има паралела и во рамките на перфектот граден врз *л*-формата. Во јужномакедонските говори таква разлика теоретски е остварлива насекаде со исклучок на западниот дел каде што во системот не постои *л*-формата, меѓутоа – за жал – материјалот со кој располагам не дозволува да се утврди ни присуството, а ни отсуството ниту на семантичка ниту на синтаксичка разлика меѓу, да речеме, *(сум, си . . .) носил,* од една, и *(сум, си . . .) носел,* од друга страна.

1.5.1.2. Збогатени варијанти на видската категоријална семантика. - Нашето општо сфаќање на видот како категорија што ја граматикализира информацијата за внатрешната временска организација на настанот нè води кон заклучокот дека постојат морфолошки и/или синтаксички конструкции кои носат побогата информација од соодветното семантичко поле од онаа што ја определивме погоре како константна, инваријантна видска семантика. Посебен коментар заслужуваат тука фазните (поточно: инхоативните), итеративните, дуративните и резултативните конструкции.

1.5.1.2.1. Фазни инхоативни конструкции. – Под фазни конструкции подразбираме такви предикации во кои тежиштето е врз фазата на вршеното дејство (неговиот почеток, средината, крајот), сп., на пр.: *почнав да учам полски, продолжив со учење полски, завршив со часовите по полски,* и сл. Носители на фазното значење се тука глаголите *почне, продолжи, заврши* кои сите имплицираат по еден реченичен аргумент оформен како *да*-реченица и/или како морфолошка номинализација. Таканаречената лексичко значење на тие глаголи се исцрпува токму во информацијата за одредена фаза на дејството чиј назив претставува конститутивен член на реченичниот аргумент, па така тие и не можат да се појават во текстот без да биде експлицитно именувано или еднозначно посочено од контекстот и/или од конситуацијата она дејство-аргумент. Значи, фазната информација – која спаѓа до семантичкото поле на широкосфатената видска информација – најчесто не е граматикализирана, во смисла дека таа има лексички експоненти способни без ограничување да влегуваат во соодветни перифрастични предикатски изрази, на пр.: *почнав да читам / да пишувам / да се нервирам . . .* и сл. Меѓутоа, во македонскиот (а и во српскохрватскиот) јазичен дијасистем една од фазите, имено почетокот на дејството, со текот на времето се здобила со цело едно средено множество експоненти чија дистрибуција зависи од значенските признаци на дејството што започна/треба да започне. Следствено, создаден е цел еден микросистем од инхоативни перифрастични конструкции чиј опис не може да се одбегне кога станува збор за граматиката на македонскиот дијалектен и/или стандарден јазик.

Од типолошка гледна точка посебно интересен е фактот дека е создаден и посебен синтаксички модел на инхоативни конструкции во кој глаголот-име на дејството што започна е ставен во облик од свршен вид. Имено, во словенските јазици, т.е. во јазиците со граматикализирана опозиција на свршениот наспроти несвршениот вид овој глагол речиси без исклучок се појавува во несвршен вид, додека видската семантика на целата конструкција зависи од самиот инхоатив, сп.: *почнав да пишувам . . .*, и сл., но не и *почнав да пишам . . .*, и сл. И ете, во македонскиот и во српскохрватскиот јазик постои посебна конструкција со глаголот-име на дејството што почна во облик на свршен вид минато време. Истиот тој модел – како архаичен и/или супстандарден – се провлекува и во другите словенски јазици, а неговите корени (сп. подолу) се, изгледа, подлабоки од оние на „вообичаената" балканска словенско-несловенска јазична интерференција.

Инхоативните конструкции застапени во јужномакедонските говори можеме да ги редиме според два основни критериума: според таканаречената лексичка семантика на самата конструкција (која пак е во тесна корелација со лексичката семантика на инхоативниот глагол што ја доминира конструкцијата) *или* според нејзината видска семантика. Со оглед на нашата основна тема во овој параграф, предност ќе му дадеме на вториов критериум. „Дејството што започна" од функционална гледна точка претставува пропозиционален аргумент на инхоативниот предикат. Ќе имаме, значи:

А. конструкции со пропозиционален аргумент во несвршен вид,
Б. конструкции со пропозиционален аргумент во свршен вид.

Оставајќи ги настрана вторичните формални разлики во оформувањето на конструкциите, секоја од горните две групи конструкции според нивната лексичка семантика ќе ја поделиме на:

А.а., Б.а. конструкции чија лексичка семантика не трпи никакви рестрикции,

А.б., Б.б. конструкции во принцип ограничени на семантичкото поле 'движење, преместување на луѓето'.

А. Во конструкциите од овој тип пропозиционалниот аргумент најчесто се оформува како *да*-реченица (тип: *фати да работи*), по исклучок конекторот *да* може да отсуствува (тип: *фати работи*); се појавуваат и разни типови на морфолошка номинализација (*фати со работа, фати работа, се фати на работа*); со вторична дијатеза имаме и типови со пропозиционалниот аргумент авансиран во номинативна позиција (*го фати сонот, фати дожд, бојот се фати*) – се разбира, таквата формализација имплицира строги рестрикции во однос на лексичката семантика на номинализираниот аргумент. Приведувајќи ги подолу примерите, нема да ги издвојуваме одделните типови на површинска формализација.

А.а. Покрај основниот стандарден инхоатив *почне/почнува*, кој во дијалектниот јазик се појавува прилично ретко, во оваа група ги среќаваме глаголите *фати/фаќа, зеде/зема,* најпосле, има и мал број примери со глаголи кои инаку ѝ припаѓаат на групата А.б. За сета таа група конструкции карактеристично е дека лексичката семантика на синсемантичкиот глагол се сведува на обележјето инхоативност. Еве една селекција на примери: *И тој шљäпјо фáти да вúчи . . .* МЕЦ, *Тас н-умјеше ни откам се фатви работата.* МЦ, *Во сос мало врјáме шчо фатија итјење, научије три пјесне . . .* МЦ, *Во тос озгора фати ен дошч голем.* МЦ, сп. и: *И така фáти се карјáје јобáта* МЦ, каде што отсуствува конгруенција по број меѓу инхоативот и „правиот" подреден глаголски предикат, како и: *И чупата цару тому от Русија фати плачéше* МЦ, каде што подредениот предикат се јавува во облик на минато време; примерите како горните сведочат за постоење на една тенденција инхоативот граматички да се сведе на неменлива партикула. Натаму: *. . . и тас се запрјáња да му стóри óбет . . .* МЦ, *Се запрјёња, му готови добро варење . . .* МЦ , *. . . звjä стапо и торбата и фати пат* МЦ, *Ижлегоје от реката и звjäје пато* МЦ,

... фáтиа да бéге нáгоре ШД, *... фáти да са стéмва* ШД, *Фáтваа да рóдве от сéчка до áприл' ...* ШД, *Кóста фáти рáбота ...* ШД, *... стáамеф зáедно со мáјка и фáтвамеф рáбота жéнцка ...* ШД, *... и ма фáти стрáф* ШД, *... ма фáти бóлес от пáмпуро ...* ШД, *... пáк ма фáти мéрако ...* ШД, *... и бójо са фáти ...* ШД, *тóгаа почна вójната ...* ШД, *Јáс кóга се стóри пéт годúни фáти да óда на бугáрцко забавáче ...* ШК, *Чýпето ... зафáти да плáчи ...* КК, *Фатúла да-му-вике на-водиничáрут ...* БМег, *... са-фăтúмă вúке да-са-шéтмă нис-Скóпја ...* БМег, *Фатúлу тó синдýкут да трóпе унăтре* БМег, *... зé да-вúке ...* БМег, *... зéлă да-гу-тúске нарóдут* БМег, *Кăту-лýда зé да-пáла ...* БМег, *... пучнáле да мáјат су камéјна пу нéгу ...* БМег, *И пучнáа жéни, женцки глáс да-са-слýша пу-дéцта ...* БМег, *... сá-фáтăл нă-păбóта ...* ДКај, *... гу-фáшта сóнут ...* ДКај, *Пáк мáјка-му зéва пугáча мéсе ...* ДКај, *Мúцо фăтú да кажýва: ...* КЕВ, *... фăтúле дă-си-прáвăт мăбéт тáм ...* ПДој, *... не-офăтúло сóн ...* ПДој, *Тáткуто фăтúл дă-крăчке ...* ПДој, *И-нéкō пúл'ăнце фăтúл дă-чăрчóре ...* ПДој, *... фăтúло и-зúма ...* ПДој, *... и-тó зăмáл дă-пăркáжуве ѓávулски муабéте ...* ПДој, *Нúа фатúме да-бегаме* ПК, *... кá фатúа да-мрúат, фатúа да мрúат чувéци.* ПК, *Фáјке, направуве аднá ýбува пугáча ...* ПК, *И, фáјке флéве каракóнцалта га-изéдаве мóмата.* ПК, *... кá зафатú áјн дóш, кá са-напалнú вóда уд-дóло.* ПК, *Фáштат на-зéто гу-затвóруват у-бáјнта.* ПК, *И Тýнталчо фаште, излéве ...* ПК, *Јáно фáјќе избéгаве ...* ПК, *... фатúли, јадéли, јадéли, паднáли гóли ...* ПК, *Фáште бáапта, гу-дáве, нéли углáмнико само нé-одáве ...* ПК, *Фатúа да-тéрат пýшќи уф-нарóдо да-нéма, да-нé-ј ýдрат уф-гáрп.* ПК, *И кá фанáли да-пáѓат такви шарпнéли ...* ПК, *Сéтне фанáа да-дáват кój дéк сáке д-óде.* ПК, *... фанá да-пумáге ...* ПК, *Фáјкат áдна сабáјлин недин вилúдин грачќоо пóп дáрже цр̀ква, м-ýпинат ќутекут.* ПК, *... зимаа да-си-ј-фарл'ат дéцта.*, ПК, *... зимáа да-срéл'ат и јáс бéг'и ...* ПК, *Кулу-рачóк зимáа вујскá да-вáрве пáк.* ПК, *Е, зимáме нúа пу-Гáлик да-бéгме ...* ПК, *И зимá нарóдо вáрве за-на-Парój да-саслéзе ...* ПК, *Аскéро пучнá да-úде. Вујнúците пучнáа да-дáват бискувúти ...* ПК, *Гозбата ного арно зафатила, ама лошо свршила ...* УЕ, *... и зафатил да си пичаља пу некуја пара ...* УЕ, *... зафатил да чека да си стемни ...* УЕ, *... зафатил да си прај есап как да влези ...* УЕ, *зафатил да си смрчува и зафатија да си идат гуведате ...* УЕ, *Кога усамна децата зафатија да викат ...* УЕ, *... рибата ... зафатила да моли ...* УЕ, *Ка га нăјдех тáа чéшма, зимáх дă га измúум ...* ХК, *Зăпóчнувăт чéшма дă се прáве.* ХК, *И зăпóчнувăт мишчурúи дă вăрвăт.* ХК, *... фáт'ахми да с'ăјми т'ут'ýн и такá фáт'ахми пóхýбав'а да си прумúнами.* МС, *... фáти инá удајá да с'ади.* МС, *... и фáшта да си пáжда на зим'áта и такá си пáдна у идúн гламбóк дóл гул'ám ...* МС, *... фáт'аха да са см'ăјат валúту и пашáта: ...* МС, *... и фáти да пáжда у мур'éту.* МС, *Лýшту фáт'аха да идáт, хлóпна пóртата ...* МВ, *... фáти мумáта да са пузнáва ча ј т'éшка.* МВ, *... са фáти мурабéту ...* МВ, *... вати жената да плáчи ...* В, *... фатила чини манџа ...* В, *Ошчи речта не доречи, и фати да гăрми страшно ...* В, *И тójнака фатú еднú самовúли да ги глéдат.* В, *... фтили от други царови за царски синови да ја просјат за нивјаста ...* В, *... аку фатиш, синку, сос пиансфо и сос калпеи и сос лошо-*

тии, да знаеш, оти ки гу изјадиш иманиту . . . В, *Да фати́а да си разделу́ат ла́фови мигу ни́х.* ВК, (во современиот стандарден превод: *И настана расправија помеѓу нив.*), *. . . и бн фати́ да угладну́а . . .* ВК, *Да бн а фати́ да ве́ли на ни́х: . . .* ВК . . . Како што се гледа од примерите, глаголот *фати/фаќа* е најраспространет, присутен на целиот опишуван ареал, и влегува во најголем број синтаксички модели. Меѓу другото, тој најчесто се појавува без какви и да било експоненти на акомодација меѓу него и подредениот аргументски израз. Се чини дека *фати* е на пат да прерасне во универзална инхоативна честица. Покрај географските и синтаксичките, за тоа сведочат и некои семантички особини на конструкциите со *фати.* Мислам на горепривелените конструкции со имперфективни глаголи од моментален, семелфактивен карактер како *флеве, излеве . . .,* или пак конструкции со јавно перфективна семантика во коишто глаголските форми на сегашно време имаат експресивна функција – ја прават нарацијата пожива и поактуелна (сп.: *направуве . . . пугача, га изедаве мумата,* и сл.). Сите тие конструкции доаѓаат од текстовите на К. Пеев од Кукушко. Најпосле, зборувајќи за географски одредените карактеристики на конструкциите со *фати,* вреди да се одбележи и дека во текстовите на Угриновски од Еницевардарско доследно се јавува *зафати,* т.е. инхоативната коренска семантика е зајакната со инхоативен префикс.

За разлика од *фати,* глаголот *зеде/зема* во инхоативна функција географски е ограничен – примерите доаѓаат од Мегленско, Кајларско, Дојранско, Кукушко. Веројатно не е без влијание и факторот време - имено, тие примери доаѓаат од понови текстови. Со оглед на тоа дека во западното наречје (а и во стандардниот јазик) *зема/зеде* е доста фреквентно во инхоативна функција, може да се претпостави дека неговиот ареал во јужните говори е еден новонастанат „клин" – резултат на експанзија од север.

Конструкциите со глаголот *почне/почнува* се најретки, спорадични, а географски неограничени. И тие се, изгледа, од поново потекло.

Најпосле, конструкциите со *се запрегне/се запрегнува* се регистрирани само во Бобоштица. И двата примера се погодија од исто семантичко поле: креативни глаголи кои зборуваат за подготвување храна, меѓутоа, се чини дека имаме работа со еден инхоатив со универзална употреба. Покрај инхоативноста, соодветните конструкции содржат и информација за извесен напор што треба да се вложи во операцијата.

А.б. Како што рековме, во семантичкото поле 'движење-преместување на луѓето' се присутни посебна група инхоативи со употреба ограничена само на ова поле. Во мојот материјал од јужномакедонските говори тоа се глаголите *киниса, тргна, наврви, прсна, стана, се дигна . . .* Еве една селекција на примери со тие глаголи во основна инхоативна употреба, т.е. со аргументскиот израз формализиран во несвршен вид: *Киниса да оди во друго село да најди кум.* МЦ, *То́ ки́ниса на́ скбл'је да бј.* ШД, *Ка зве́е а́бер прсна́е да бе́ге . . .* ШК, *Кинисáмă да-си-бјмă . . .* БМег, *И тăка́, кинисáă дă бе́гăт . . .* ДВ, *Ричé: „Да ста́ниш да бе́га́ш . . . Да ста́ниш да си бди́ш."* КЕВ, *. . . тргнува и ој прао кај попот . . .* УЕ, *Ошче сабајлинут утрето ден, станува и оди кај царот . . .* УЕ, – последниот

пример со двојна можна интерпретација, бидејќи во истата збирка текстови имаме и *стана/станува* во основна употреба, сп.: *Синко стана на сабајлин, си ја зел торбата, а пушчил та палена биулица и тргнал да оди да ја паси.* УЕ; натаму: *Е, кини́се сја́а ут-тук на-гра́до д-бо-но́се.* ПК, *Тра̀гна са си и́ди за у с'е́луту . . .* МС, *. . . и киниса да иди на Цариград . . .* В, *И тогá киниса за да и́ди на господа́ро му . . .* В, *. . . и пак киниса на пат'у да иди . . .* В, *. . . киниса да иди у дома . . .* В, *. . . станаха, кинисаха да гу терат . . .* В, *. . . станал па кинисал да оде на чуждина . . .* ВЕ, *. . . и навàрвила да иде при цар'а . . .* В . . .

Примерите, општо земајќи, не се многу, што не е без семантичка мотивација. Тргнувањето, заминувањето на пат претставува дејство од моментен, семелфактивен карактер и како такво обично го согледуваме како временска точка на измена, т.е. го изразуваме со свршениот вид. Како што ќе видиме подолу, бројноста на примерите од типот А.а. наспрема А.б. има паралела во односот Б.б. ~ Б.а. (а не Б.а. ~ Б.б.). Централна позиција меѓу „инхоативите на движење" зазема грчката заемка *киниса*. Мазон дури во бобоштенскиот речник под заглавниот збор *киниса*, покрај основното значење 'se mettre en mouvement, partir', го става како второ и 'se mettree à' (op. cit., стр. 413). Интересна е и географијата на појавата. Имено, „инхоативите за движење" јасно се издвојуваат во источниот дел од ареалот и на југозападната периферија – во Бобоштица, додека во другите западни, а и во централните говори речиси ги нема, односно спорадично се појавуваат како инхоативи со универзална употреба, сп.: *. . . на дру́г'о ден тргнаф да ме́са ле́п и му а кре́наф да пеја.* ■Д, *. . . си-кинисàла да-а-па́ла . . .* БМег (покрај, на пр., *. . . ка̀ту-лу́да зе́ да-па́ла . . .* БМег, и сл.).

Б. Како што веќе истакнавме, почетокот на едно дејство претставува временска точка на измена и како таков делумно се поклопува со значенската инваријанта на свршениот вид. Следствено, се создава вишок (редунданција) на информацијата што се користи на експресивен план. Инхоативните конструкции со реченичен аргумент формализиран во свршен вид по дефиниција се експресивно маркирани.

Б.а. Меѓу инхоативите од универзален карактер, а коишто се способни да прифатат реченичен аргумент во свршен вид, ги среќаваме пак *фати/фаќа* и *зеде/зема*, сп.: *Фати́л а-пусла́л уда́јта су-кил̀и́ме . . .* БМег, *Ја̀с зàмах си́те ги-искла́х . . .* ПДој, *. . . у-српцко да-ви́ш каквó би́ше; ќи-зе́маа на-чуве́к к-оо-нате́паа.* ПК, *Ја̀с зе́х о-расипа́х ник'а́фут шó-би́ше правѝл све́крут . . .* ПК, *. . . зи́маме да̀ га извàр'ме.* ХК, *Ка га на̀јдех та́а че́ша, зимàх да̀ га изми́ум . . .* ХК, *Фа́ти сто́ри идна́ гул'а́ма ка̀шта: пала́т';* МВ, *. . . фати синот му, сос млогу слава и чест гу зарà татко му . . .* В, *. . . фатих расипах гнјаздуту . . .* В, *. . . фатили ка̀шчите ги расипа́ли, ги направи́ли кату ца́рцки коња́ки.* В, *Фати́ момàта, на́прави́ една́ пи́та . . .* В, *И га си пораснаха синовито му и трите, фати ги ожени.* В, *После фатиха, го испадиха дјадото.* В, *. . . фатила да си облечи на ма̀шки дрехи . . .* В, *. . . фати го изгорја . . .* В, *Он фати и́ даде.* ВС . . .

Вајан во врска со инхоативните конструкции во текстот на кулакиското евангелие вели: „. . . après „commencer", l'emploi de l'imperfectif

est encore usuel, mais n'est plus obligatoire . . .; *зафати́ да си путуну́а, . . .: ки фа́тат да си разде́лјат . . .*" (ВК 222), сп. и од Кукушко: *Гле́да́хме бу́ба. . . . По́чна́т да́-пура́сна́т, ќи-м-да́виш ли́ста, гра́нкички . . .* ПК. Сепак, гледајќи ги примерите, паѓа в очи корелацијата меѓу несвршениот вид и комплементарниот синтаксички модел со *да*-реченицата, од една страна, (тип: *фати да плаче*) и свршениот вид и конјунктивниот модел со две еднакво важни предикации (тип: *фати, заплаче*), од друга. Во западниот дел од ареалот забележуваме експанзија на вториот, експресивен модел и кај конструкциите од несвршен вид, додека во источниот дел, каде што воопшто употребата на свршениот вид е послободна и поширока, има преклопување во два правца. Појавата може да биде и во врска со присуството на конјуктивното *да* во југоисточните говори (сп. ПК1, 198), а и со фактот дека во грчкиот јазик кај извесни реченични структури доаѓа до алтернирање на синтаксичките модели со να и со και (сп. Hausholder 1964, 171).

Кон групата Б.а. можеме да ги приклучиме и двата примера од Сухо (Солунско) со експресивна употреба на „инхоативот" (?) *падна: . . . па́дна умр'а́ и та́ткуми . . .* МС, *. . . па́дна умр'а́ ма́стуру . . .* МС.

Б.б. Во оваа група „инхоативи за движење" доминира глаголот *стане,* а покрај него се јавуваат *тргне, се дигне* и др. Мазон во бобоштенскиот речник кај заглавниот збор *ста́ни (да)* го издвојува како второ значење: „ста́не auxiliaire atténué" (op.cit., стр. 441) и како илустрација ги посочува конструкциите: *И си ста́на до́јде при татка́ му . . .; Ста́на оти́де у царато́го . . .; Н-утрината Ристос и ашкетијата станаје побенјаје. . . .* Впрочем, таков тип примери во бобоштенските текстови има многу. Меѓутоа, пак (сп. погоре А.б.) не ги наоѓаме ни во Преспанско, ни во Леринско, ни во Костурско. Се појавуваат пак во изобилие дури во Еницевардарско, сп.: *И ста́ка́ Димо́итре си избига́.* КЕВ, *И зътвури́ја дисти́на два́јс ду́ши ут се́лто, ста́ка́а избига́а . . .* КЕВ, *И ошче су усамувајне детето кинисал и утишл кај царот . . .* УЕ, *. . . и уд как си изгустија и му гу зеа зајцот, станаја и си утидија.* УЕ, *Ут-та́м са-дигна́х уддéх уф-чи́кто Дини́ш . . .* ПК, *Ут-та́м са-дигна́х и утѝих пре́ко Го́лак . . .* ПК, *И ут-та́м стана́ме на-Кусту́рно утѝхме.* ПК, *И ста́на си утѝди на кше́нудухи́јуту.* МС, *Тра́гна д'а́т'а́ту да по́ј да брка Го́спут'.* МС, *. . . и тра́гнува да си по́ј.* МС, *Иди́н д'е́н ме́чката, куга́ исл'а́ваши за да по́ј да брка ја́дини, му кла́ваши ина́ ро́пката на уста́та, иди́н гул'а́м ка́мин' . . .* МС, *. . . и за тргна да си по́да у дома́ . . .* МВ, *. . . и тргнаха да си по́јат.* МВ, *Едно врем'а са станали тројца другари . . . тра́гнаха да подат на Стамбол.* В, *Оттамо и станал веки да си вирна на вилјахтот.* В, *И тој стана о-тамо, отиде, уседли белата бесна кубила . . .* В, *. . . ти да станеш да дојдиш на неговот конак . . .* В, *Един ден стана сиромахот, отиде на цар'увот конак . . .* В, *. . . тра́гнаха да си подат . . .* В, *. . . кинисаха да побегнат . . .* В, *И ста́на ма́ла мо́ма та си оти́де.* ВС, *И ста́наха, навáрви́ха та оти́духа го́ре . . .* ВС, *И навáрви та отиде и фле́зе фа́ф саза́ . . .* ВС, *И кинисáле да си утѝшле на Пи́ла́то . . .* ВК

Експресивните инхоативни конструкции со реченичен аргумент во свршен вид ги среќаваме и во другите македонски говори, тие се доку-

ментирани и од српскохрватското јазично подрачје, а не им се туѓи и на некои други словенски јазици (Тополињска 1985). Нивното настанување сигурно е поттикнато од една семантичка мотивација, од потребата да се одбележи, да се нагласи моментот на измената. Тука веројатно треба да се бара и коментар за Мазоновата определба на *стана* како „auxiliaire atténué". Меѓутоа, географијата на таа појава на јужномакедонскиот ареал, како и воопшто нејзината распространетост во македонските говори, нè тера да бараме и подиректни балкански паралели. Се чини дека една таква паралела може да се најде во грчката употреба на паратактични место субјунктивни споеви со ефект на потенцирање на двете предикации како одделни семантички единици. Мирамбел (1959, 311) дава повеќе примери на таква употреба во современата грчка уметничка литература и коментира: „non seulement la parataxe donne plus de relief au deuxième énoncé . . . mais encore elle met en valeur les verbes du premier . . . qui, au lieu de n'exprimer qu'une formule *(aller faire, venir prendre, se mettre à),* traduisent un geste ayant son importance *(s'en aller pour . . ., venir exprès pour . . ., prendre l'initiative de . . .).* Ceci équivaudrait à une sorte d'expression „superlative" de l'action: . . . la construction paratactique apporte un renforcement." (loc. cit). Судејќи и по коментарот и по примерите, имаме работа со полна паралела во однос на разгледуваните македонски конструкции. Иако Мирамбел не се служи со терминот „инхоативи", сите негови примери покажуваат потенцирање токму на почетокот на едно дејство, на раѓањето на идејата за дејството.

Претставената слика сугерира и извесни заклучоци на општолингвистички план, а во рамките на антропоцентричната теорија на јазикот. Имено, иако во теоријата ги издвојуваме al pari трите фази на дејството: почетокот ~ продолжувањето/траењето ~ крајот, сепак во нашата перцепција на светот тие не се еднакво важни – почетокот се налага како психолошки најважен и најчесто нагласуван во процесот на јазичната комуникација. Само така може да се интерпретира постоењето на разграниот систем на инхоативни конструкции во дијалектниот јазик, т.е. во јазикот на оралната комуникација.

Според примерите како основен инхоатив во јужномакедонските говори ни се наложи глаголот *фати.* На крајот, би сакала да наведам два примера на употреба на овој глагол со елипса на предикатот на реченичниот аргумент – соодветниот предикат може да се реконструира од контекстот, додека во самиот исказ *фати* ја претставува целата двокатна инхоативна конструкција, сп.: *Ка-фана́л: абре́ ка́рти, сичките па́ри ги-збрало.* ПК, т.е. 'кога фатил да игра . . .', и: *И фати́ме на-го́ре пу-пла́нинта.* ПК, т.е. 'фативме да бегаме . . .'; сп. и: *То́о си зафа́ти ут па́рво.* ХК, т.е. 'почна од почеток'.

Да сумираме: почетокот на едно дејство може да се интерпретира како почетна точка на еден период на траење – тоа е повообичаена и пораспространета интерпретација што ги внесува соодветните инхоативни конструкции во перифрастика базирана врз несвршениот вид; но, од друга страна, почетокот може да се сфати и како самата точка на измена што води кон експресивни инхоативни конструкции бази-

рани врз свршениот вид – овој поредок тип од видската перифрастика прилично богато е застапен во јужномакедонските говори.

На крајот, ред е да се спомене дека во јужномакедонските говори (како, впрочем, и во стандардниот јазик) инхоативноста може да се изрази и на морфолошки план, со помош на префиксите *пре-, за-, раз-, о-, с-* . . . *како формативи на конструкции од свршен вид,*
се зади́ми салцето́ и се рајцја́пи губето́ царквја́тој. МЕЦ, *„. . . о́став гу нек са́-за́пале (о́гинут); – ти па шта́јш он ќи са-зата́рче.“* ПК1, 242, *Виде чупата: много масна. Се залуби за неја.* МЦ, . . . *о́ти се прја́чу имја́ то Ристосо́во . . .* МЕ, *Бјӑ дојден рјӑндо за да пресвјӑти ашкетијата. Токо дилми ижљäзе тој ден, сјäде еш три го̆дине та сени пресвјӑте.* МЦ, *„. . . де́тто прӑуди́ло* (зн. *заодило*), исто: *прӑгувури́ло,* сп. уште: *ама ќипрӑгувóрум га́аре* (зн. *ќе почнам да зборувам за она што се крие*).“ ПК1, 242, сп. и: *„. . . тук-прӑписка́а ут-си́те стра́ни; – нӑ-адно́ш прӑвика́а.“* ПК1, 244, . . . *се разбо́леј и дојдо́јте да ме види́те . . .* МЕ, . . . *са-раскикути́л; . . . ми-са-растиче но́сут; – дујде́ и са-развика́ . . .“* ПК1, 244, сп. и: *„ми-сä-здäрви́а ра́цто; – уд рӑбо́та сä-смäли́л . . .“* ПК1, 245; најпосле, сп. ја и следната серија деадјективни деривати што ја наведува Пеев: *„. . . ќи-услипе́е (: слеп), удибиле́е (: дебел), угрузне́е (: грозен), пуплитне́е (: блед?), уќурве́е (: ќорав), уздäрве́е (: здрав), углуне́е (: глув), укриве́е (: крив).“* ПК1, 233 – сета таа серија Пеев ја оценува како карактеристична за источните, непозната во западните говори. Да одбележиме и дека свршените инхоативни глаголи секогаш покажуваат и една нијанса на резултативност.

1.5.1.2.1.1. Експресивни терминативно-инхоативни конструкции. – Погоре веќе разгледавме еден карактеристичен тип на експресивно маркирани инхоативни конструкции градени врз свршени глаголски форми и споменавме за имплицитната поврзаност на почетокот со крајот. Сега сакам да претставам еден друг тип конструкции кои потсетуваат на таа поврзаност. Се работи за конструкции кои прават впечаток на синтаксичко клише, на стилска фигура; гледајќи ги контекстите на нивната употреба, доаѓаме до заклучок дека сме соочени со една перифрастична конструкција на којашто ѝ е својствена регуларна, категоријална семантика. Стилската маркираност, барем во жанровските рамки на нарацијата, е сосем избледена, често и отсутна. Синтаксичкиот модел е граден врз редупликација и гласи: Vx *што* Vx, каде што Vx е симбол за личен облик од една иста глаголска лексема. Пред да предложам каква било парафраза, ќе наведам една селекција на примери: *Врзефме, шо врзефме и ја́с ка́пнаф . . .* ШД, *Пра́еа, шо пра́еа по бра́здите и а пу́штиа во́дата по лива́ѓето . . .* ШД, *Врвифме, шо врвифме, и сти́гнафме во се́лото.* ШД, *Ра́ботал, шо ра́ботал, то́ј имал не́која чу́па ца́ро . . .* ШД, *Напäлни́ шо напäлни́ едно-ши́ше . . .* БМег, *. . . сиде́мä шо сиде́мä и тогäш видеме . . .* БМег, *. . . та́ мина́ шо мина́, на-призе́ уфице́рчиту шо-бе́ше и . . .* БМег, *А́рну-ма, гäлäпчиту лита́л шо́ лита́л во́ дика-си-лува́л ѓа́вäлут гу-виде́л гäлäбут. Тре́с. – гу субуру́ва.* БМег, *. . . бига́ле шо́-бига́ле и прет-да-а-фта́сät грӑни́цта ѓа́валут са-разбуди́л . . .* БМег, *И сä руши́ле та́м шо риши́ле . . .* ПДој, *Уди́ле шо-уди́ле . . .* ПДој, *Та́ткуто прави́л шо́*

прави́л, пумина́л и ка́мнито. ПК, *Се́тне, рабути́ме шо рабути́ме. Се́тне дуйде́ме ту́ка . . .* ПК, *. . . дели́ха шчо дели́ха, ве́ки кӑшчата не́ си де́ли-ши . . .* В, *И ткала, шчо и ткала, дојде и време за свадбата.* В, *. . . ден'а прајха шчо прајха самовилите, вечер . . .* В, *. . . на́ште шо би́ли нӑпо́л'то, ка́ сӑ-здаде́ла вујска́та, ка чу́ли, збра́ли шо збра́ли и зӑ-Ште́мница тӑргна́ли.* ПК1, 316 . . . Во сите примери имаме работа со временски редослед на дејствата. Конструкцијата што ја разгледуваме го изразува првото дејство по ред. Се подразбира дека тоа траело извесно време и било прекинато недовршено, незаокружено, поради започнувањето/извршувањето на второто дејство по ред. Во тој поглед моделот *Vx што Vx со Vx* во финитна форма се доближува до моделот *Vx, Vx (императив) и сè не-до- Vx (глаголска придавка)* – сп. подолу § 1.5.1.2.2.2. Меѓутоа, додека моделот со удвоен императив се исцрпува семантички во самиот контраст: 'долго правено а сепак недоправено', моделот со *што* носи и побогати и понеодредени содржини. Како прво, по овде се подразбира секвенција од две дејства, два настана; имено, дејството одразено во нашата конструкција било прекинато, недовршено, односно не довело до очекуваните резултати поради неексплицирани причини, но експлицитно се кажува или барем еднозначно се навестува дека по него следувало друго дејство и токму тоа второ дејство претставува комуникативно јадро на целата секвенција – врз него е тежиштето. Со други зборови, контекстуалната задолжителна рамка на *што*-конструкциите е поширока, може да биде една од конститутивните компоненти дури на цел еден пасус во нарацијата. Во уште поинаква формулација: *што*-конструкциите учествуваат не само во изградбата на исказот што ги опфаќа, ами и – на повисок план – во изградбата на текстот. Да ги приведеме зборовите на Б. Конески (искажани во приватен разговор) според кој *што*-конструкцијата е средство на „говорна интерпункција", сигнализира мисловна пауза пред да се каже она новото што ја води напред нарацијата. Од реченото потекнува дека прибегнувањето кон *што*-конструкцијата претставува свесна интервенција на раскажувачот, нешто слично на метатекстуалните вметнувања (сп. подолу § 1.6.6.) од типот *. . . арно ама . . .* и сл. Меѓутоа, како што споменавме погоре, стилската обоеност на овој потег избледела, тој – во извесна смисла – се автоматизира, се граматикализира; останува да видиме во која функција тој се граматикализира. И тука доаѓаме до втората содржинска компонента на разгледуваните конструкции која за нас во овој параграф е од основно значење. Имено, се работи пак за експонирање на точката на измена. Сите мои примери – извадени од наративни, жанровски определени текстови – се однесуваат на минатото. Доминираат несвршените глаголи, па би можеле да речеме дека во однос на нив *што*-конструкцијата е перифрастичен еквивалент на аористот (сп. погоре § 1.5.1.1.) – се работи за трајно и прекинато дејство при што прекинувањето, неисцрпувањето внесува и една модална нијанса: 'правехме што правехме' = 'правехме колку што беше можно да се направи во дадените околности', и сл. Меѓутоа, меѓу примерите има и неколку градени врз свршени глаголи – тие како понеобични бараат подетална анализа за која ни е потребен и поширок контекст. Еве го, на пр., при-

мерот од Мегленско вграден во поширок контекст на наративна: *Зби́ра са ка́пка пу-ка́пка и да-напа́лни едну-ши́ше пива́рско. Напа́лни́ шо-напа́лни́ едно-ши́ше и ќи-до́а́т идна́ ста́јница милициунерска, да́ме́к пулицајска де.* БМег, сп. ги и горенаведените примери од Дојранско: *... са ришми́ле там шо-ришми́ле ...*, и од Кукушко: *... збра́ли шо збра́ли ...*, па да одбереме парафраза која би можела да послужи за сите три контекста. Јас би предложила парафрази од типот: 'не е важно како го напа́лни', 'не е важно што решиле', 'не е важно колку збрали' – со што пак, како и кај несвршените глаголи, првиот во низата настани се става во заднината, а се потенцира вториот. Дуративноста, што по дефиниција не може да се изрази со самиот свршен глаголски облик, сепак може дополнително да се сигнализира, сп., на пр., во првиот горен пример: *... капка по капка ...*, и сл.

Заклучокот од спроведената анализа гласи дека *што*-конструкциите овозможуваат со помош на несвршени глаголи да се изрази и стилски да се нагласи „точката на изменатa", крајот (прекидот) на едното и започнувањето на другото, рематско дејство. Проширена и на свршените глаголски форми, истата конструкција се здобива со поголема експресија и претставува жива, неизбледена стилска фигура благодарејќи на очигледната редунданција; имено, изменатa се навестува двојно – како на морфолошки така и на синтаксички план. Компонентата 'не е важно' во парафразата ја извлекува на површината на текстот споменатата метатекстуална интервенција на раскажувачот. За таков тип метатекстуални вметнувања ќе стане збор пошироко во § 1.6.6.

1.5.1.2.2. Вид vs време. – Рековме погоре (сп. § 1.5.) дека категоријата вид граматикализира информација за внатрешната временска организација на настанот, односно за тоа како говорителот ја толкува таа организација. Од друга страна, категоријата време обично се сфаќа како *а.* граматикализирани сигнали на приредување на настанот кон т.н. апсолутна временска оска, т.е. кон временската оска релативизирана со оглед на моментот на зборувањето (се работи за т.н. временска квантификација, временска деикса, временска референција на настаните) и *б.* граматикализирани сигнали за утврдување на редоследот на настаните (т.е. утврдување на односите од типот „p ПО q", односно „p ПРЕД q"). Во англиската терминологија проблематиката под *а.* се опфаќа со терминот „tense", а проблематиката под *б.* – со терминот „taxis". Овде ќе се надовземе на таа терминологија, па ќе зборуваме за временската референција како за време sensu stricto и за временскиот редослед како за taxis.

Не е тешко да се уочи дека категоријата taxis има многу допирни точки со категоријата вид. Меѓу другото, и двете се засегнати кога станува збор за итеративни (повторливи) и за резултативните глаголски конструкции. Од друга страна пак, и двата споменати типа конструкции се поврзани и со категоријата време во тесна смисла.

Во овој параграф ќе ја разгледаме од поблиску семантиката на повторливите и на резултативните конструкции, како и формалните

модели што служат за изразување на таа семантика во јужномакедонските говори, за да утврдиме каде ѝ е местото на таа проблематика во нашиов опис.

1.5.1.2.2.1. Итеративни глаголски конструкции – нивното место во системот. – Се работи за изразување на еден настан (едни настани?) што периодично се повторува. Оттука доаѓа и можеби најважната карактеристика на итеративните конструкции – имено, тие по дефиниција не можат да бидат актуелизирани, т.е. еднозначно поврзани (сооднесени) со една конкретна точка на апсолутната временска оска. Оттука и многу честата модална маркираност – се работи за вообичаено дејство, за дејство што некој го врши по навика или по некоја општоприфатена конвенција.

Од гледна точка на категориите вид и време интерпретацијата на повторливите конструкции може да биде контроверзна. Имаме работа со отворена или затворена серија случки периодично распоредени во времето и можеме да ги сфатиме или како еден временски дисконтинуиран настан или пак како серија настани. Ако говорителот ја сместува целата серија во минатото, тогаш можеме да ја сфатиме како свршена, ако пак ја сместува во конвенционално сфатената сегашност – ја перципираме како несвршена, додека одделните алки во веригата на повторувањето секогаш ни се налагаат како свршени. Сп.: *Тој доаѓаше/ќе дојдеше секоја вечер, седнуваше/ќе седнеше на клупата . . .* vs *Тој доаѓа/ќе дојде секоја вечер, седнува/ќе седне на клупата . . ,* и сл. Ако ја оставиме настрана опозицијата: повторливост во минатото (= затворена серија) ~ повторливост во „сегашноста" (= отворена серија), тогаш разликата меѓу двете гореприведени варијанти ќе се сведе на фактот дека во првата тежиштето е врз процесуалноста (= временската растегливост) на серијата, додека во втората варијанта тежиштето е врз неактуелизираноста и свршениот карактер на одделните случки; повторливоста/временската испрекинатост е сигнализирана лексички (*. . . секоја вечер . . .*). Нашиот пример покажува дека стандардниот јазик на синтаксички план не располага со средства специјализирани за изразување на повторливост. На морфолошки план има ограничен број глаголи (по дефиниција несвршени) во чија лексичка семантика е вградено обележјето 'повторливост' (сп. *(се) видува/виѓава, бива . . ,* сп. го и транзитивното *поаѓа . . .*), но тие од денешна гледна точка не претставуваат морфолошки продуктивна серија. Се разбира, правата временска повторливост треба да се разликува од дистрибутивноста, т.е. од повторливоста на дејството предизвикана од бројноста на неговите протагонисти, како, на пр., во *Гостите наседнаа на масата.* и сл.

Во дијалектите ситуацијата mutatis mutandis се претставува слично како во стандардниот јазик, т.е. на синтаксички план нема конструкции специјализирани за изразување на повторливост, додека на морфолошки план тие се малку и се наоѓаат на маргината на системот. Најчесто повторливите дејства се изразуваат со глаголските форми од несвршен вид, истите оние со кои се изразуваат и трајните дејства, а информацијата за повторливоста се пренесува лексички, сп.: *Затóс сéфте и свéно и за*

сфја́ моли́ме и сполајви́ме Госпуто́му. МДЦ, *Па́рвјо ста́рец ре́че: „Јäскај све́но жа му но́са деду́-ми ljäп“.* МЦ, и сл. Сепак, во јужномакедонските говори наоѓаме и карактеристични разлики наспрема денешниот стандарден узус.

Како прво, наспрема стандардното *ќе одам/ќе одев,* во дијалектниот јазик на изучуваниот ареал постојат неколку модели на конструкции со помошниот глагол 'сака' чија основна функција е изразување на неактуелизирани дејства. За основните функции на соодветните перифрастични конструкции ќе стане збор во § 1.6. Овде ни е важно дека конструкциите од типот *ќе (да) одам/одев,* а не и *сакам/сакав да одам* се способни да изразуваат повторливи дејства. Како доказ ќе го приведам прво фрагментот што Голомб во својата монографија за „балканскиот кондиционал“ им го посветува на јужномакедонските примери за „ќе“-конструкциите што ги изразуваат повторливо-хабитуалните дејства: „. . . *кój . . . ки фле́зеши* [nowogrec. ὁπoῦ ἤθελεν ἐμβῇ] как ки сă стрéсаши вóдата, сă лекýваши ВК, 'kto (by) . . . wszedł, kiedy się poruszyła woda, zostawał uleczony' (idzie wyraźnie o czynności powtarzające się). *Џифарџи́ата и́маши иди́н ха́рин таибие́т: ljу кога́ ти́ваши на ња́која тра́говиа, ки си про́стиши сос тајфа́та му* 'Jubiler miał jeden dobry zwyczaj: ilekroć wyruszał w jakaś podróż handlowa, żegnał się ze swoją rodziną' B; *сля́нцето ќе за́јде, ни́е ќе си до́јдахме до́ма да си се́днаме* 'słońce zajdzie, my zwykle przyjdziemy do domu posiedzieć sobie' (notowane przeze mnie w Nowym Dojranie od starszej kobiety); *ќе се́днахме да ру́чаме на суфра́та и ни бе́ше страм да ја́даме татко дур не пу́шче* 'siadałyśmy jeść obiad do stołu i było nam wstyd jeść, dopóki ojciec nie pozwolił' (notowane ibidem od tej samej osoby). Oczywiście, pospolita jest ta funkcja w Macedonii Egejskiej, np. *штом ќе станеше, ќе одеше, ќе ја зеваше* itp., *ќе си собе́рваа, ќе си опла́чеа, ќе си го зако́пваа, ќе се врну́ваа, ќе бдеме* itp. (przykłady notowane przeze mnie od emigrantów macedońskich: pierwsze z rejonu Enidże-Vardar, drugie z Kosturskiego). Warto podkreślić jednak, że tej iteratywno-habitualnehj funkcii typu *ќе одев (жа одеј, за хо́д'ах)* nie notuje ani Mazon w Boboščicy, ani Małecki we wsiach Suho i Visoka. Czy byłby to tylko przypadek?“ (Goląb 1964, 73–74); сп. уште натаму еден пример од збирката на Верковиќ: *и оно, што ки никниши аф нивата, кога ки дојдиши време, гу жниши 'i to, co (by) urosło w polu, kiedy (by) przyszła pora, żąć' (ibid., 74)* и еден пример на Шапкарев од Кукуш: *А па́ ца́р-ут ти́а, шчо ќи му рекли: а́рен, ќи зако́л'увал* 'Car zaś tych, co (by) mu powiedzieli: dobry, zabijał' (Šapk. Kukuš, 363, nr 214) (ibid., 74). Толку се примерите откај Голомб, продолжувам со оние што ги даде Пеев во својата монографија на кукушкиот говор: *ня́-ле́тин Свити Атана́с пра́вахме панагѝр. Ќи-до́јдаа ут-си́те се́ла, о́ра ќ-имше, го́сте, жимби́ше; – ќи-му-у́драа ќуте́ко и он се́ ќи-си-ка́јше* . . . (ПК1, 270), сп. и од текстовите од истата монографија: *На-ко́л'де, на-ве́чар, то́ ќ-ej, са-збе́рме, о́гин ќи-вал'ме и сабајлинта о́ште ра́но ќи-ста́нме, ќи-ви́кме ко́лиде* . . . ПК, *Си́чко им-да́вахме. Ќи-j нара́нахме, ќи-ја́даа, ќи-пусе́даа и ќи ќинисáа да-си-гледат рабо́тта.* ПК. Најпосле, од истиот извор сп. ги и неколкуте прекажани итеративни конструкции: . . . *и се́га, вичера́ ќи-сме-да́ва́ли. То́о шо́ пра́ви́л па́: ќи-гу-тупна́л за́лкут, ќи-гу-фа́рли́л за́д-не́го, ќи-*

гу-тупна́л ќи-гу-шутна́л зăд-него, а пă кили́ме шаре́ни уд-мили́на; - . . . има́ли не́каа јабу́лка уф-дво́ро, ка́ ќи-испадна́л во́нка ца́рут сус-де́тинцто, јабу́лката ќи-сă-нăвиде́ла, де́тинцто ги-фăшта́л јабу́лките, а ка ќи-уди́ла цăри́цта, ќи-си-ј дигна́ла гра́нувто. (ПК1, 271). . . . Во текстовите на Угриновски од Еницевардарско најдов примери и со имперфект и со презент, сп.: . . . *и кога ќи си стретнија цар су цар, ќе си борија ќи си тепаја дудека адно уд них не пугини.* УЕ, *Арно ама та пуста биулица, ка си пугудил тогај да си води, ошче су пушчејното ка му ја летнува, тука ќи застани, та́м ќи застани дванајсет села убрнала . . .* УЕ. А еве и неколку примери од Преспанско: *А́рше по а́рше ке си го попа́рваме вна́тре во ко́тело, ке си опте́гваме, ке си сви́ваме кло́мчина, та ке си сно́аме, ке си нави́ваме, ке си овде́нваме, ке и наврżваме ке и тка́еме.* ШД, *Ке го о́тцēеф . . . Ке го ме́сеф, месеф, ке го кла́еф на е́дна стрна . . .* ШД . . . Еве и од Мегленско: *Ки-ми́нăт симина́ри ки-да́ват кути́и ко́ј как-ки-и́ма ли́с да-ј-ра́не. Ти аку-и́маш за-че́тири кути́и ки-зе́виш че́тири, три ќи-зе́виш, ја́с идна́, ко́ј как-ки-и́ма ли́с. Ќи-си-ј-зе́вме кути́јте ки-си-ј-дăржме до́ма. Ка-ки-до́јде Вели́гдин ки-си-и-кла́јме ти́е кути́јте у-идна́ крмче, ќи-ј-зави́јмњ и ќи-си-гу-дăржме на-топло́ то́ се́ме у-кути́јта шо-ќи-гу-зе́мме ут-симина́рут шо-ќи-гу-до́нце. И ка-ќи-до́јде у-то́плуту вре́ме укулу-Вели́гдин ќи-по́чне то́ да-са-ро́е; и ќи-си-гу-удви́виш ка-ќи-и́ма пл'уска́ни се́мијна и ќи-до́јде вре́ме ќи-збу́вне та́ кути́јта да-са-ро́е и ќи-си-зе́виш ќи-си-нăбе́риш кăпи́на, и́ма кăпи́ни по́лно укулу-ку́јќта, ќи-си-нăбе́риш ли́сте и ќи-си-ста́виш. . . .* БМег – свесно приведов еден подолг фрагмент од нарацијата бидејќи во него многу убаво се гледа врската меѓу кондиционалот и хабитуалноста, токму онаа врска врз чија основа и се зародуваат повторливите *ќе*-конструкции. - Погоре ја цитирав констатацијата на Голомб дека во текстовите на Малецки од Сухо и Висока нема најдено ниту еден пример на *ќе*+имперфект во хабитуално-итеративна употреба. Меѓутоа, соодветно употребените конструкции *ќе*+презент се присутни; еве еден типичен пример од Сухо: *Нас гуди́на шту и сă с'ăј, д'есит', дванајси пăнт'а тр'ăбува да сă скупа́ј. На дру́гата гуди́на за гу удр'ăжиш, за гу скупа́ш, за до́јди ма́ју, за гу упл'ăш, па́к за гу скупа́ш три, че́тир пăнт'а; на дру́гата гуди́на па́к за гу удр'ăжиш, за гу скупа́ш, за гу упл'ăш и на́з гуди́на сăфт'е́ за дад'е́ по́мрăва гро́здици и така́ на дру́гата гуди́на за дад'е́ мло́гу гро́зди, за субир'е́ми мло́гу уки́ да за до́јми дума́ за гу зма́чками у па́тусу и така́ за пу́сними ма́с за да сто́рими пикме́с.* МС Интересно е да се види и како продолжува приведениот текст. Имено, директно по цитираниот пасус доаѓа еден друг, исто така со итеративна интерпретација, но каде што се преплетуваат презенталните форми од перфективни и имперфективни глаголи употребени слободно, без честицата. Еве го почетокот на тој наредени пасус: *Дру́гију ма́с шту гу ста́нува у па́тусу, гу пра́вими ви́ну. Но́с, шту гу зва́д'ахми за пикме́с гу кла́вами у каза́ниту, гу фăрл'ами и пе́п'ал н'е́тр'а и гу сфа́рими, гу зва́ждами с'е́тн'а ут во́гн'у на зим'а́та и гу уста́в'ами да сă утаји́ да с'е́тн'а гу кла́вами у тава́та да сă вари́; сă сфари́ ху́бав'а, сă зăгăсти́ и гу зва́ждами ут во́гн'у . . .* И уште да ја приведеме констатацијата на Вајан според која „La particule *ки* . . . avec l'imparfait, ordinairement perfectif, . . . exprime: . . . une action parmi celles qui

se répétent . . ." (ВК, 229). – Инаку, од примерите се гледа – а го одбележува тоа и Голомб (1964) дека меѓу „ќе" конструкциите употребувани со итеративно-хабитуална функција надвладуваат оние со основните глаголи во свршен вид и – во источните говори – во облици imperfecti, не и praesentis. Првото обележје (свршениот вид) се објаснува со фактот дека глаголите од несвршен вид ја изразуваат повторливоста со „обичните" (= не модални, не перифрастични) форми на сегашно и/или на минато време (сп. погоре). Второто обележје (употребата на *ќе* + имперфект, односно употребата на *ќе*+конструкциите за изразување на повторливост во минато) се објаснува со фактот дека нашите примери се претежно од источните говори каде што (сп. погоре § 1.5.1.1.) перфективниот praesens е синтаксички слободен.

Значи, втората специфичност во изразувањето, на повторливи дејства во јужномакедонските говори наспрема стандардниот модел се однесува на источниот дел од ареалот и се состои во употреба за таа цел на перфективните презентски форми. Дел од соодветните примери веќе приведов погоре (§ 1.5.1.1.), кога стана збор воопшто за синтаксичката неврзаност на перфективниот презент. А еве уште неколку примери од монографијата на Пеев од Кукушко: *нă-пăто он ги прăчéке и ги дóнце дóма уф-нáс; – бéгуво бúше сéлто, зéмната. Уф-гýмно, он дójде си зúме нéгуфто, си óде; – удúме ду-Сăмокóв, тáткуфците тáм сă-збéрăт, рăбóтăт нéгде, дóнцăт леп зă-дéцта.* (ПК1, 270) . . .

Третиот тип итеративни конструкции, карактеристични за нарација во дијалектниот, а и во разговорниот стандарден јазик, се од експресивен, маркиран карактер. Се работи за таканаречениот раскажувачки императив, т.е. за формите на 2 pers sg imperativi (= за најнемаркираните императивни форми) употребени надвор од конгруенција по лице и број („како знак за дејството само по себе, без негова поврзаност со одредено лице. . . .", Конески 1982, 418) во експресивно, емотивно обоена нарација. Тоа се во принцип вонвременски (омнитемпорални) форми, меѓутоа, нивната жанровска ограниченост – поврзаност со нарацијата прави најчесто да изразуваат минати настани. Така употребените императивни форми најчесто изразуваат повторливост, меѓутоа, нивната константна карактеристика не е повторливоста, туку – да речеме – интензитетот на дејството (сп. ги примерите од типот *. . . а јас бегај . . .* и сл.). Експлицитно маркирана повторливост е карактеристична за конструкции воведувани со глаголите *чини, прави* и сл. (*. . . а тој чини влези и пак излези . . .* и сл. – сп. Конески 1986, 176). Раскажувачкиот императив со итеративна импликација е доста распространет во јужномакедонските говори. Еве некои репрезентативни примери: *Ни́е бе́гај, а-попла́ните по́ нас фрл'ај, фрл'ај . . . ни́е пу́шти го та́му веле́нцето и ско́кај, бе́гај* . . . ШД, . . . *тој* [т.е. волкот] *за́ шија и ја́с со ста́по на́ него ма́вај и та́ка а и́спушти ко́зата.* ШД, *О́рамеф, жне́меф, пра́шеме, ќо́семе ли́ваѓе, ло́зја ко́пај, све́.* ШД, *И ти́е го и́мале е́дно се́дни да ве́чере, ко́ку ка́сни не́ко кој ка́шеј леп и: „Ста́ни, не́сто . . ."* ШД, *Ка́лешко, го́ре, Ка́лешко, до́лу, Ка́лешко. И ду́пни го в га̊зо, тој ско́кај, бе́гај.* ШД, *Се́тне зе́де тој дру́га же̄на, би́ј, чи́ниј ти́е ма́ли́те* . . . ШД . . . Сп. и во „омнитемпорал-

ни“ рецепти: *Ка́ко го пра́јме зе́лнико? . . . На́гори го са́чо, кла́ј перо́стиче ма́ло, о́ддолу жа́р, кла́ј а тепси́јата и пе́чи го зе́лнико.* ШД . . . Како посебна фигура во наративниот стил врз разкажувачкиот императив се надградуваат „контрастивни редупликации од типот: *„Се́дни-ста́ни о́јдоф до зимни́цата.; Ви́кај-цви́кај и́злезе ма́јка от ку́ќата.; Ка го фа́тиф, врти-у́дри, му а скршиф гла̄та.; Редни́ците це́л ден ра́боте: кре́никлај, се́дни-ста́ни и пу́стата ра́бота не са́ пули.; Ра́ботаф ку́пи-про́дај, спречелиф па́ри и си на́праиф нова́ куќа . . .“* ШД, 85. Во текстовите на Мазон од Костурско меѓу повеќето примери на раскажувачкиот императив најдов само еден со еднозначно итеративна интерпретација, сп.: *Има́ше две стари же́ни. Е́дната но́го̣ ло́ша, кавгали́ја; цу́ј, ка́рај, те́пај; нема́ше умира́чка.* МСЦ . . . Се чини дека присуството на раскажувачкиот императив, пред сѐ, го карактеризира идиолектот на раскажувачот, а не и говорот на неговото село во којшто тој е по дефиниција латентно присутен. Моите натамошни примери доаѓаат од кукушките текстови на Пеев: *Та́а мо́ма, скъ́рш дъ́j-му на-кучинцто, скъ́рши да́j-му на то́о мачинцто ут-то́о лу́пата.* ПК, . . . *зима́а да-сре́л'ат и ја́с бе́г'и, ви́ке, наса́де.* ПК . . .; сп. го и коментарот на авторот кон неговата селекција примери: „. . . за изразување на дејства што се потврдуваат и вршат по навика, многу често во овој говор се јавуваат и формите на императивот . . . Примерите што следуваат се извадок од искажување на информатор од Гърбашел за тоа како го доживеал бегањето од Кукуш во 1913 год.: . . . *Таа на́шта бише: у́стъ́в са́рио, збе́р не́коо ше́јче, тува́р мъга́рто – дек ти гле́дат о́чте; – у́мри нъ́-па́то, ни́куј ни́што нъ́-мо́же; – за́коп-гу чуве́ко кут-ку́че, пукри́j-о ус-та́рне, ус-са́чки; – ту́ри те́нцарто дек на́јдиш, дъ́-зъга́лниш ду́ша – тъ́ка́ би́ше на́што бе́гине; – е-е то́ги не́мше ни́што: ка́пни-ла́пни пра́въ́хме, сја-j убуви́на.* Сп. уште примери од Крецово: *па́дни, ста́ни ќ-о̄-пуми́нме ве́кут; – ста́ни, ле́гни, па́ та́а; – тук-чи́ни, збе́р-си де́цта, кундис-ти до́ма; – адно́ фле́зи, ръ́звик-се, ръ́ска́р-се ус-си́те; – на́ја́т-се, на́пи́j-се,*

Да сумирам: јужномакедонските дијалектни системи (како и системот на стандардниот јазик) не располагаат со посебни морфолошки ниту синтаксички средства за изразување на повторливост. Повторливите дејства перципирани од говорителот од гледна точка на нивната процесуалност се изразуваат на целиот ареал со формите на сегашното или пак на минатите времиња од несвршени глаголи. Повторливите дејства гледани како серии заокружени случки со тежиштето врз нивната неактуелизираност се изразуваат со *ќе*+имперфект ако серијата е затворена, т.е. ако му припаѓа на минатото, а во случај на отворена серија со *ќе*+презент во западниот дел од ареалот и со перфективен презент и/или со *ќе*+презент во источниот дел. Во *ќе*-конструкциите за изразување на повторливост пофреквентни се, особено на исток, свршените глаголи. Најпосле, експресивно обоена повторливост во нарација може на целиот ареал да се изрази со таканаречениот раскажувачки императив и евентуално додатно да се експлицира со глаголите *чини/прави*. И тука доминираат свршените глаголи, иако не се ретки ни несвршените.

Со оглед на нашата проблематика, во овој параграф треба да се констатира дека семантичката категорија 'повторливост' е чувствителна на видските разлики.

1.5.1.2.2.2. Дуративни глаголски конструкции – начини на изразување. – Под дуративни се подразбираат оние конструкции што го потенцираат времето на траењето на дејството, т.е. информираат дека дејството не е „моментално" туку „растегливо" во времето. За таква служба се способни несвршените глаголи кои по дефиниција не ги одредуваат ни почетната ни завршната точка на временската оска. Покрај итеративната, основната интерпретација на несвршените глаголи е токму дуративната. Меѓутоа, како што произлегува од кажаното, тие не се специјализирани за таква служба, соодветната интерпретација ни се налага од контекстот или од конситуацијата. Експлицитно дуративната интерпретација ни ја налага присуството на соодветната временска определба, сп.: *Тој учеше цело претпладне., Ана веќе пола саат го чекаше автобусот.*, и сл.

Некои свршени глаголи се оспособени за дуративна служба на морфолошки план благодарејќи на предикативната содржина на префиксот. Се работи за двојна селекција како на коренот така и на префиксот, а како резултат се добиваат неколку типа конструкции. Сп. ги, на пр., глаголите со префиксот *по-* кои можат да се појават или самостојно или со временска определба, на пр.:
де. vs *Тој поседе со нас половина саат и си отиде.*, и сл. Префиксот *по-* во соодветните конструкции го внесува значењето 'малку', 'не многу' - во комбинација со еден глаголски корен чие лексичко значење на таква една определба ѝ налага еднозначна временска интерпретација се постигнува дуративна структура, нешто како 'помина извесно, не долго време во седење со нас' и сл. Од друга страна, на пр., некои глаголи со префиксот *пре-* ја носат временската оцена 'долго' и задолжително имплицираат присуство на една временска определба како аргументски израз, сп.:
полноќ., и сл. Најпосле, спореди ги и составите како *се на-. . .*, *се изна . . .*, како во *Што се начекав., Што се изначекав.* пак со вграденото значење 'долго' и со негативно обоена емотивна оцена.

Во јужномакедонските говори, како и воопшто во дијалектниот јазик, дуративноста mutatis mutandis се изразува како во стандардниот јазик, т.е. преку несвршените глаголски форми или пак – многу поретко. – преку соодветните зборообразувачки модели на свршените глаголи, едни, и други најчесто, во некои контексти задолжително, придружени од посебните именски и/или прилошки синтагми – таканаречените временски определби. сп.:
сѣло, и́граа. ШД, *И бо́јо де́н'а-но́шчја си врвеше . . .* ШД, *И це́л ден та́ка бе́ше то́ј ден.* ШД, *. . . и та́м би́име кулку ади́н де́н.* ПК, *Та́м сиде́ме а́дно дисти́на де́на.* ПК, *. . . сиде́ја ца́ла но́ќ, дур-дур за́срѓата . . .* БМег, *. . . и носил мѫ́ра-млого две години, дур ја батисаха цѫ́рквата* В, сп. и: *„Тос н-е ниш, посјѫ́ди тува дур да јѫ́м љѫ́п . . .*" МЦ, или најпосле:

Уф-Нима́нци устана́х две́ гуди́ни вре́ме. ПК, „. . . *са̀-изна̀прика̀жува̀, – са̀-изна̀шита́, – са̀-изна̀ра̀бути́, – на̀-мо́јш да̀-са̀-изна̀пи́јш.*“ ПК1, 242 – сета таа серија примери имплицира ‘долго’ и ‘многу’.

Меѓутоа, во дијалектниот јазик, меѓу другите и во јужномакедонските говори, постои и една синтаксичка процедура за деривација на експресивно маркирани дуративни конструкции. Таа е карактеристична за народното кажување и – освен во функција на свесна стилизација – му е туѓа на стандардот, дури и на колоквијалниот стандард.

Редупликацијата е стилистичка фигура мошне богато застапена во балканската нарација. Најопшто земајќи, таа претставува начин редуплицираниот корен/основа/облик да се унапреди на скалата на комуникативната хиерархија – да привлече поголемо внимание отколку што би му припаднало врз основа на неговата базична синтаксичка функција (и позиција). Со времето одделни типови редуплицирани конструкции прераснуваат во синтаксички клишеа, често со поизразена украсна отколку комуникативна функција.

Редуплицираните конструкции се подложуваат на различни класификации зависно од тоа што (каков израз, каква јазична единица) се редуплицира и каков е синтаксичкиот модел на новонастанатата конструкција. Простата конкатенција на несвршените глаголски облици најчесто налага токму дуративна интерпретација. Сп.:
во́да и се́деше-се́деше цел ден . . . МА, *Тија во лозје чекаје, чекаје, сени вели фторијо . . .* МЦ, *Помалечкјо брат чека, чека и сени рече . . .* МЦ, *Е тој извади ножлицата, се мачи, се мачи, и јо уби . . .* МЦ, *Бори се, бори се тој и уби свјàте три . . .* МЦ, *. . . за́што еропла́ните на́д нас бу́чеа – бу́чеа . . .* ШД, *Си-о́де, си-о́де, си-о́де пуле́ка.* ДКај, *Тка́ла, тка́ла, тка́ла, тка́ла, не́ зна́е да-тка́е ама та́ка гу-речи ти́ . . .* ДКај, *Та̀а ниве́ста̀та ве́ќе ше́та, ше́та . . .* ДКај, *О́н те́гне, те́гне, те́гне, си-а̀-скину́ва па́шка̀та* ДКај, *Ме́чка̀та на̀-та́ва̀нут пу́ка, пу́ка . . .* ДКај, *Е, а-нуси́л, а-нуси́л и о́де на̀-адно̀-ме́сту . . .* БМег, *Шо пиша́л, пиша́л то́о таргофцо, парахутчи́ита сјоо кла́ве пи́смуто уф-цѐбо . . .* ПК, *Учи́л, учи́л, јаде́л, пија́л там адна́ гуди́на вре́ме.* ПК, *. . . отидоха да сечат пак буката, земаха и подницата сос л'апот, секоха, секоха, и пак така остана буката. И от подницата јадоха, јадоха, и пак така стоиши.* В, „. . . *са̀-буну́ве, са̀-буну́ве уф-адна́ ка̀нцела́рја, да̀-с-у́че там пи́са̀р. Уче, пи́ше, у́че, пи́ше, не́га̀вјо ра̀куписа̀ на̀ мо́ш да̀-на̀пра́ве ни́кој; – уди́ла, уди́ла, гу-стре́т па̀т та́а ба́апта; – гина́, гина́ и сј-удде́ чуве́ко* (зн. *слабееше, слабееше и си умре*), со слично значење: *се́ са́а̀не, са́а̀не, тримее, то-ј са̀скил'а́ф* (зн. *туберкулозен*); *– суби́рат-ги, суби́рат-ги си́те ма́шки . . .*“ ПК1, 297 – приведената група примери Пеев ги придружува со коментар: „Предикатот се повторува кога се сака да се задржи вниманието врз глаголското дејство, односно да се укаже на неговото продолжително траење . . .“ (ПК1, 297). Најпосле сп. и:
зема́, оти́де га чува́, га чува́. В, *. . . фатил от селу на селу да проси и просејке-просејке отиде на вилеетут.* В . . .

Сличен ефект може да се постигне и со повторување на соодветната прилошка определба, сп.:

шо да ви́де. МА, *Ама и́тер ва̏лкут пу-тро́, пу-тро́ са-испу́ли приго́р . . .* ДКај, *И о́н пуле́ка, пуле́ка, а̏-зе́ва . . .* ДКај . . . Сп. и: *И зми́јта са̏ за̏фа́ти пу-га́ра̏та, пу-га́ра̏та, пу-га́ра̏та, му-са̏-сфи́ на-ти́лут . . .* ДКај – во последниов пример повторувањето на кондензираната просторна определба сигнализира бавно и долготрајно движење; за преклопувањето на просторните и временските параметри во одмерувањето на патот сп. во вториот том. Б. Шклифов во својата монографија за долнопреспанскиот говор обрнува внимание на еден посебен модел – конкатенација на две императивни форми – и го илустрира со повеќе примери. Цитирам: „. . . фразеологизми за небрежно, несрчно и бавно извршено дејствие: *Сто́јан Прча́клиоф, сиро́мао, о́рај-о́рај се недобо́рано; Крстијнца Ша́пкоа вла́чеше ва̊лна, а́ма та́ја пу́стата ва̊лна бе́ше та́ква̀а, шо вла́чи-вла́чи недовла́чено; Фа́тифме да пра́јме ку́ќа, а́ма пра́ј-пра́ј недопра́ено. . . . А ва́деме во По́дбрце ни́вата, ва̀ди-ва̀ди и се недова́дена; Ко́га бе́ремеф дрва во Кева́јнца, бе́ри-бе́ри и се недобра́но; Жне́фме во Ка́шнаца, а́ма жни-жни и се́ недожна́то . . .; Ко́га и па́семе о́фците ле́тос, па́си-па́си и се недопа́сени.; Ко́га и ко́сефме лива́дието на Гро́бо, ко́си-ко́си и се недоко́сено, беа мно́го стрмни . . .*" ШД 94. Сите примери доаѓаат од селото Герман и сите се градени според ист модел, т.е. удвоен императивен облик, експлицитен сигнал на дуративноста: *сѐ* и најпосле двојно префиксирана *(не-до-)* глаголска придавка од истиот вербален корен/основа од којшто е деривиран и императивниот облик. Општата парафраза би можела да гласи 'дејството Vx се вршело долго и сепак останало недовршено'; сите примери се однесуваат на минати дејства; глаголската придавка или е конгруентна со објектната именска синтагма (со ИС во акузативен однос) или пак стои во неутрална (немаркирана) форма: numerus singularis, genus neutrum. Регистриран е и еден пример кој покажува дека шемата може да варира, сп.: *А кога пе́реше, не́јните пла́чки пра́ни-пра́ни недо́прани;* – Vx се јавува овде доследно во форма на глаголска придавка.

Редупликацијата како експонент на дуративност претставува еден иконичен знак. Се чини дека во македонските морфосинтаксички системи таа е навлезена по пат на интерференција со турскиот, т.е. со еден јазик во чиј систем Aktionsarten немаат регулирани морфолошки (морфематски) експоненти во рамките на граматичката категорија вид. Луис во својата турска граматика вели: „As in English, a verb may be repeated to indicate the duration of activity: çalışacaksın, çalışacaksın ve muvaffak olacaksın 'you will work, you will work, and you will be successful' (Lewis 1967, 235). Впрочем, експресивното удвојување како стилистичка фигура не им е туѓо ни на словенските јазици – тоа е многу сугестивен знак за долгото траење на дејството. Турското влијание само ја поддржало и ја регуларизирало таквата употреба на редупликацијата.

1.5.1.2.2.3. Резултативност – начини на изразување, допирни точки со категоријата вид. – Под резултативна глаголска конструкција се подразбира една конструкција на којашто ѝ е својствен двоен сооднос со временската оска. Имено, се констатира актуелноста (траењето) на

резултатите (последиците) на еден поранешен настан. Со други зборови, се констатира постоењето на една состојба сфатена како резултат на еден поранешен настан. Следствено, засегнати се две точки (два исечока) на временската оска – моментот кога се случил/се случувал настанот-причина и моментот во којшто е актуелна состојбата-резултат. Вториот момент најчесто, но не и секогаш, се определува со говорната ситуација и токму од перспективата на тој втор момент се гледа соодветната временска секвенција. Од реченото се гледа дека резултативноста по дефиниција нè соочува со определена временска организација на настаните, т.е. со проблематиката на видот.

Во македонските јазични системи (стандардниот, дијалектните) резултативноста – ако воопшто може да биде изразена со граматички средства – најчесто се изразува со *има*-конструкциите. Меѓутоа, ситуацијата од систем до систем се менува, а и таму каде што постојат *има*-конструкции и се способни да изразуваат резултативност, корелацијата меѓу значењето 'резултативност', од една страна, и *има*-конструкциите како експонент на тоа значење, од друга, е контролирана, пред сè, од лексичкиот, а не и од граматичкиот фактор.

Што се однесува до нивната распространетост, *има*-конструкциите се карактеристични, пред сè, за западните и јужните говори. Тоа е географија типична за таканаречените балканизми – се работи за тип на перфект својствен на романските, а и на грчкиот и албанскиот јазик. Во јужните говори *има*-конструкциите се најзачестени на запад, прилично се фреквентни и на југоисток, а малку поретки во централниот дел од територијата.

На крајниот југозапад, каде што во морфолошкиот систем речиси отсуствува *л*-формата, *има*-конструкциите претставуваат основна формализација на перфектот, т.е. на минатото неопределено време. Кај транзитивните глаголи таа е наедно и единствената формализација, додека интранзитивните располагаат и со *сум*-перфект (сп. подолу § 1.5.2.1.1.). Меѓутоа, и двете парадигми ја опфаќаат *-н-/-т*-придавката од основниот глагол и двете ги вршат сите функции карактеристични за перфектот и, следствено, проблемот на нивната резултативна специјализација не се ни поставува, а можеме само да зборуваме за резултативната употреба, којашто, впрочем, и не е ретка, сп., на пр.: *Кој нé зне óти трјáби со сполајвájне да споменвúме добринjáте тúам шчо úма сторéно во селóто нáше.* МДЦ, *. . . нájде дрýги шчо седjáе бес рабóта, и тúам му вéли: „Зошчо имáте застанáто тýва весденде́но бес рабóта?“* МЕЦ, *Бjä ен маш и ена жена. Дур на четирjесе године не-мjäje родено.* МЦ; сп. и: *Јáс úмам учено три гóдини на бóгарцко скóл'je . . .* ШД, *Јáс имам орано внóгу нúвje.* ШД, *Сéа го úма вjáнато вóдата, пóтонат ет во вóдата . . .* ШД, *Мнóгу офци ми úма зéмено вáлците и са úмам бóрено со вáлците.* ШД, *Дýрда са вáрниш ти óпе, зéлнико ке го úам óпечено и ке та чéкам.* ШД, *гу úме нáписáно пúсмото, кóга дójде пустацúјата дá гу зéва.* ШК . . . Мазон во граматичкиот осврт со којшто ги придружува своите костурски и леринси текстови разликува „prétérit composé“ „. . . avec l'auxiliaire „être“ et le participe passé actif en *-л* . . .“ кој „. . . n'est d'un usage très fré-

quent . . ." (МСЦ, 52) и – од друга страна – „parfait actif extrêmement vivant composé de l'auxiliaire *и́мам* et d'un participe passé passif neutre, parfait visiblement emprunté au type grec moderne ἔχω χαμένο 'j'ai perdu'. . ." и последнава конструкција ја илустрира со следните репрезентативни примери: *и́маш одéно тáмо? 'est-tu allé là-bas?', Македóнците и́мат трнáто нóгу* 'les Macédoniens ont beaucoup souffert', *и́ма собрано сет нáрод тáмо* 'il y a tout le peuple réunit là-bas'. . . (ibid. 53). Пред да продолжам со интерпретацијата на примерите, ќе си дозволам да наведам една класична дефиниција на францускиот термин „parfait" во опозиција со „prétérit": „Tandis que le prétérit marque un fait du passé sans rapport avec le temps présent, le parfait le désigne comme considéré du point de vue du temps présent et comme ayant résultats pour le temps présent. Il relie le passé au présent (O. Jespersen)." (Sandfeld 1930, I 316). Во светлината на приведеното, горната изјава на Мазон треба да се протолкува како констатација за резултативниот карактер на *има*-конструкциите во костурско-леринските говори. За ист таков карактер на грчките и албанските конструкции со 'habere' се изјаснуваат во соодветните граматики и Хаусхолдер и Бухолц, сп.: „Compound or relative tenses define the time an action takes place in terms of other times and are again two in number: perfect (past action in relation to present) and pluperfect (prior action in relation to past)." (Householder 1964, 103), и: „Das Perfekt hat nur ein obligatorisches Merkmal: Doppelzeitigkeit, d.h. Bezug auf zwei Zeitstufen, meist Vrgangenheit und Gegenwart." (Buchholz 1987, 129), и натаму, како основна варијанта на горенаведената општа особина: „a) Vollzug in der Vergangenheit, doch Bezug zur Gegenwart. Die Handlung ist zwar bereits abgeschlossen, jedoch ist sie selbst oder ihre Folgen während des Redemoments noch relevant . . ." (ibid. 130). Најпосле, истото важи, mutatis mutandis, за романскиот и ароманскиот 'habere'–перфект.

Добро е познато, а и се гледа од горенаведените примери, дека во западните македонски говори *има*-конструкциите развиле цел категоријален систем со повеќе парадигми различно маркирани по категориите време, начин, статус . . . (сп.: *имам земено, имав земено, ќе имам земено, сум имал земено, ќе сум имал земено* . . . Конески 1986, 200). Се чини најлогично овој систем да го оцениме како засебен видски, резултативен потсистем, изграден како резултат на меѓубалканската интерференција. Во процесот на разградувањето на *има*-резултативот македонските говори најтесно, се чини, се поврзани со соседните аромански говори (сп., меѓу другото, Голомб 1984, 133–135). Се налага претпоставката дека новиот, резултативен глаголски потсистем со времето во говорите каде што ја снемало *л*-формата ги презел и сите други функции на едно минато неопределено време, па така избледела неговата резултативна обоеност.

Како што веќе реков, во централните егејски говори *има*-конструкциите се релативно поретки. Еве некои примери од Мегленско: *Ва́ фа́јќа напишу́ва едну-пи́сму ду та́тку-му и му-пи́ше та́ка: „Ти́ ма́-и́ма́ш да́де́ну на-ѓава́лут* . . . БМег, *Дур-да-испа́дне вудничáрут да-гу-спулóва во́дкут, о́н има́л ка́ша напра́ве́но ма-а-нама́ти́ла гла́вта, во́дкут му-саскина́ла́ па́шкта и истарча́л.* БМег. Од Воденско: . . . *и́ма виде́ну*. . . ДВ . . . Сп. и од Еницевардарско: *За та работа то цар имал удрен тиљал* . . . УЕ,

А ошче пред да ја распарталјат детето му имаше кажано на арслајната сам̀о црното дроп да му гу устават . . . УЕ, *Леле море мајко, ако имат нешчо намирисано за ва работа . . .* УЕ. Во монографијата на дојранскиот говор од Пеев читаме: „. . . обични се само формите од типот: *и́мум ку́пано . . .*“ (ПДој, 92) (scil.: другите членови од *има*-парадигмата не се обични), следуваат примери: *. . . и ја́с и́мум ра́бо́та́но кути аргат; га́ и́мум ви́да́но не́где; уд ни́х и́мум ра́збе́ра́но за́ то́; но́го па́та и́ма о́да́но уф них . . .* (ibid.) . . . Иако не многубројни, сите примери во текстовите од тој централен дел на ареалот имаат експлицитно резултативна интерпретација.

Понаисток и понајуг примерите се множат. Пеев во својата монографија за кукушкиот говор пишува: „Конструкциите од типот *има/нема* + глаголска придавка се особеност освен на западните и на долновардарските говори со што се разликуваат, меѓу другото, од соседните североисточни говори, на пр., од струмичкиот“. (ПК1, 271). И натаму: „Во подрачјето што го истражуваме ваквите форми се пообични во говорот на јужните пунктови, во Полето, но и таму од широкиот систем развиен во западните говори: *имам (имав, ќе имав, ќе сум имал, беше сум имал* и др.) *работено,* ги забележивме само формите од типот: *има работено – имав работено* и *– имал работено.* Сп. примери: *уда́мна и́ма зима́но пе́нција: – . . . – уд-ни́х са́мо Ми́тко гу-и́мах виде́но;* – . . . – уф-Але́ксуво о́ште нима́ло флизе́но вујска́.“ (ПК1, 271–272). Пеев наведува потврди за постоење на *има*-конструкции и од трудовите од Мирчев за кукушкиот говор, од Думев за воденскиот, од Иванов за гевгелискиот. А еве примери од текстовите на Малецки од Сухо и Висока: *И бити́сува, дур на три́јси и́ трит'ӓх, апри́л на идина́јсит'ӓх то́с живо́т гу и́мам прумина́нту.* МС, *„т'е́с кни́ги са́ шту ја и́мам ше́тану д'унг'а́та ши́чка и ни мо́жи да м'ạ сма́ми пуидѝн.“* МС, *„то́с чув'ӓк ни и́ма уста́вину два́ ка́та пари́ дипо́житу . . .* МС, *„м'е́н'ạ ма́јка м'ạ и́ма науче́ну сас ли́рину јорга́н да м'ạ пукри́ва.“* МС, *. . . мо́лис ту трија́нда три́ја гу пруда́дух да има́х з'е́нту пари́ ут ба́нката и г'у́ч бела́ да са пла́т'а.* МС, *. . . гу уста́ха д'ӓт'ạту, шту му има́ха кр̀а́стину иди́н парнау́м К'ел'е́ш . . .* МС, *„н'е́ка ја про́вал'а, јас ја и́мам плат'е́ну.“* МВ, *. . . на̀ј та́с ра́бута ја и́мами сто́рину то́лку пӓнт'а у дума́ . . .* МВ, *Турба́та ут л'а́бут чуфчи́јата ја им'ӓши зака́чину на идно́ др'ӓуу.* МВ, *Пампо́р'ут им'ӓши тува́рину со́л'; и тр̀а́гна пампо́р'ут за да хо́ди.* МВ . . . Сите наведени примери, а и другите присутни во текстовите од Малецки, покажуваат еднозначно една резултативна нијанса и токму поради тоа стојат во опозиција со формите на аористот. Зачудува дека Голомб (кој инаку и не се занимава со функционирањето на формите, туку само со нивната морфологија), пишувајќи за *има*-конструкциите во Сухо и Висока (тој ги вика соодветно perfectum и plusquamperfectum II), ништо не кажува за нивниот резултативен карактер, туку инсистира на значенската разлика наспрема perfectum и plusquamperfectum I употребувани – по негово мислење – главно кога говорителот сака да се дистанцира од раскажуваните факти (Голомб 1960/61, 165). За perfectum II Голомб буквално вели: „Во однос на значенската функција ова време се поклопува со аористот, а не

со perfectum I (словенскиот)" (ibid. 166). Како што видовме, Голомб не е осамен. Ниту еден од монографистите на јужномакедонските говори не кажува ништо за резултативниот карактер на *има*-конструкциите. Лавров – што е евидентно недоразбирање – соодветните конструкции во текстовите од збирката на Верковиќ ги оценува како „особые обороты в страдат. залоге: *Пак мома-та ја имал чудена за едно зенгинско дете; Мајдан таа работа има правена; ги имам пазарени по сто гроша за едно; Та ету и камајле-ту, шчо носиш на ранка-та тој гу има даден на тебе . . .*" (Лавров, 1932, 323). Го наведов соодветниот пасус in extenso, бидејќи од него произлегуваат две важни констатации: како прво, дека во Верковиќевата збирка *има*-конструкциите претставуваат реткост, како второ – дека *-н-/-т*-придавките во нив редовно се конгруентни со соодветната именска синтагма во акузативен однос. На ова се осврнува Б. Конески во статијата за јазикот на Верковиќевата збирка (Конески Б. 1986б, 172). Тој пишува: „Во глаголските конструкции со *има (нема)* партиципната форма е редовно согласувана со соодветната именка: *ги немаш харно учени тие деца; кој да има откраден карагрошите му, да е афоресан; ако немам тие камени вăрзани аф ногите ми; Гу имам скриин еден млат; Ниа имами затворена удајата; он га има правена чешмата . . .*" – следуваат други примери и коментарот: „Бидејќи Малецки во повеќето случаи ги бележи во текстовите од Сухо и Висока ваквите конструкции без согласување на партиципот *(има фл'ăзину, има зенту, имам платену, имăши закацину, имăши туварину)*, следува да заклучиме дека во нашите приказни е изразена постарата состојба, при што е сепак многу веројатно дека запишувачот му се потчинувал и на соодветниот модел од грчкиот јазик." (ibid.). Се чини дека од решавачко значење е тука сепак хронологијата. Истиот Конески (1986а, 201) приведува од постари споменици примери со participium усогласени во родот, додека, од друга страна, во димотики, како и во други балкански јазици, владее *habere*-перфект со петрифициран партиципијален облик. Голомб ги споменува колебањата во конгруенцијата во Сухо и Висока наведувајќи ги следниве примери од текстовите на Малецки: *. . . имăши идѝн кајѝш . . . нóс гу ни имăши извăдин* МС, *. . . главн'áта ја имăши клăдина* С, *тáтку м'а имаши пукалнáнти* МС . . . Голомб коментира: „Овие факти несомнено се во врска со живото чувство за придавскиот карактер на participium praet. pass." (Голомб 1960/1961, 167). Јас би додала дека таквите колебања веројатно се должат и на фактот дека во источните, пред сè југоисточните, говори се работи за позајмување ad hoc како резултат на постојаниот жив контакт со грчките дијалекти, па отсуствува чувство за системскиот облик на соодветните конструкции во македонското „издание", додека во западните говори сме соочени не со одделни „позајмени" конструкции, туку со цел еден микросистем приспособен кон словенската глаголска морфологија, а создаден, се чини, не толку – а сигурно не само – под грчкото колку под ароманското влијание.

Посебен проблем претставува соодносот меѓу семантиката на *има*-конструкциите и на морфологизираниот глаголски вид. Во поголем

дел од примерите основниот глагол е во свршен вид, што природно се поврзува со резултативниот карактер на конструкцијата. Меѓутоа, има и доста примери со основниот глагол во несвршен вид кои сепак, судејќи по контекстот на употребата, се однесуваат на завршени, заокружени дејства. Значи – како што може и да се очекува – значењето на конструкцијата како целост надвладува и ја неутрализира видската разлика сигнализирана на морфолошки план. Накратко, резултативноста ја имплицира свршеноста, и кога основниот глагол е несвршен. Сп. и во стандардот: *Ја имам читано книгата.* со импликација 'ја прочитав', *Го имам гледано овој филм.* со импликација 'го видов цел', а не само 'го гледав извесно време па се откажав', и сл. Моите македонски информатори викаат дека една реченица како *Ја имам читано книгата, но не ја дочитав.* или пак *Го имам гледано филмот, но не го догледав до крај.* звучи некохерентно, семантички е девијантна, би требало да се рече, *Ја читав книгата и не ја дочитав., Го гледав филмот, и не го догледав.*, и сл. Меѓутоа, евидентна е и врската меѓу лексичкото значење на основниот глагол и видската интерпретација на *има*-конструкциите. Имено, има глаголи кои, внесени во *има*-конструкциите, ја сигнализираат, пред сè, повторливоста во минатото, и дури вторично релевантноста на повеќекратното минато дејство за говорната ситуација (или – во plusquamperfectum – за еден подоцнежен момент пак во минатото). Сп., на пр.: *Јас имам веќе доаѓано тука., Лебот го имам купувано во најблиската продавница.*, и сл. Сп. ја во врска со тоа и забелешката на Шклифов од неговата монографија за долнопреспанскиот говор: „Формите, образувани със страдателно причастие от несвършен вид, изразяват повтарящо се минало действие . . .“ (ШД, 80); нерелевантно е во моментов, иако вреди да се спомене, дека авторот својата констатација, меѓу другото, ја илустрира и со примери каде што евидентно не се работи за повторливост, туку за трајност на дејството, сп., на пр., *Јáс и́мам учено три го́дини на бо́лгарцко ско́л'је . . .* (ibid.). Се работи – чинам – за дејства кои, еднаш започнати, по самата своја природа не остануваат обично недовршени. Интересно е дека меѓу јужномакедонските примери не најдов ниту еден од таков вид, што може, но не мора, да биде случајно. Имено, може да се претпостави дека дури во рамките на новосоздадениот стандарден јазик и во устата на оние негови носители што не ги наследиле заедно со мајчиниот дијалект, *има*-конструкциите, станале редовна компонента на глаголскиот систем, па се деривираат од сите автосемантички глаголски лексеми (но сепак со исклучок на оние што имаат хомоними меѓу помошните глаголи, сп. ги конструкциите *имам имано, имам бидено*, присутни во југозападните говори, но не и во стандардниот јазик).

За резултативниот карактер на *има*-конструкциите во западното наречје, конкретно во прилепскиот говор, прв споменува Конески (1949, 297), но не ја повторува таа формулација во својата граматика на стандардниот јазик. Резултативноста на *има*-конструкциите во стандардниот македонски јазик ја потенцираат редум Лунт (1952, 98–99), Голомб (1959, 420) и Усикова (1973, 277–278), додека Фридман во својата моно-

графија за граматичките категории на индикативот во македонскиот стандарден јазик во однос на целиот *има*-микросистем се служи со терминот „резултатив“ и на уверлив начин, со многубројни примери, ја претставува резултативноста како differentia specifica на тој микросистем наспрема сите други глаголски парадигми (Фридман 1977, 82–99, 115). Тој целиот *има*-микросистем го остава надвор од видската опозиција, а проблемот на евентуалната семантичка разлика меѓу *има* + *pf и има* + ipf воопшто не го поставува.

Да ги сумираме нашите заклучоци во однос на поставеноста на *има*-конструкциите во јужномакедонските говори:

Како прво, мора да се разликува западниот од источниот ареал, но не е многу јасно како да се води границата меѓу нив ниту во која мера треба да се земе предвид и временскиот фактор. Имено, на запад системот е многу поизграден и јасно е дека се формирал порано, веројатно, пред сè, како резултат на ароманско-македонската и албанско-македонската јазична интерференција. Формална одлика на западниот развоен тип е неменливоста и категоријалната немаркираност на глаголската придавка која редовно се јавува во среден род еднина. Меѓутоа, има и сигнали дека на постарата развојна етапа и тука се појавувале придавски форми конгруентни со објектната именска
пак, и во западните говори, иако ретко, може да се слушнат и конструкции со усогласена придавка. Сп., на пр., од Корчанско: *И тија имјаје двја чупе пофатене* МЦ . . ., (сп. и Велковска 1988, 303 и др.). На нашата територија во постарите текстови (на пр., оние од збирката на Верковиќ – сп. погоре) се јавуваат конгруентни конструкции, додека во поновите (сп., на пр., кај Пеев) владее исклучиво немаркираната форма. Во поново време конгруентни конструкции бележи Малецки во Лагадинско, т.е. во говори директно изложени на силно грчко влијание. Семантичка одлика на целиот ареал е резултативноста, т.е. двојниот сооднос со временската оска, но на крајниот југозапад резултативната обоеност ослабела бидејќи *има*-системот ги има преземено сите функции на стариот словенски перфект граден врз л-формата. Од друга страна, ако му веруваме на Голомб, а што не произлегува многу јасно од примерите, на крајниот југоисток новоникнатите *има*-конструкции значенски му се блиски на аористот, т.е. способни се факултативно да ги преземаат функциите на минато определено време.

Како второ, а во непосредна врска со нашата проблематика во овој параграф, мора да го определиме односот меѓу *има*-конструкциите, од една страна, и наследената „словенска“ видска опозиција на морфолошки план, од друга. Фридмановиот резултатив како да ја неутрализира видската разлика, но не може да се одбегне прашањето каков е семантичкиот резултат на таа неутрализација. Како што произлегува од нашата анализа, победува семантиката карактеристична за свршен вид. Значи, видската разлика во *има*-конструкциите е ирелевантна на морфолошкото ниво, но не и на семантичкото. Во таа ситуација ни се отворени две линии на интерпретација: или ќе ја толкуваме резултативноста како една од семантичките разновидности на свршениот вид,

а *има*-конструкциите како нејзин граматикализиран експонент (Голомбовата паралела со аористот како да го поддржува таквото толкување), или пак ќе се определиме за резултативот како трет квалитет во рамките на видската опозиција, т.е. како начин на гледање на настаните кој е во опозиција како со свршениот така и со несвршениот вид, а сепак се наоѓа во семантичкото поле што на почетокот од овој параграф го предложивме како поле карактеристично за видските разлики: полето на внатрешната временска организација на настанот наложена од страна на авторот на текстот. Резултативот би му се противставувал на несвршениот вид по тоа што го претставува дејството како целосно извршено во минатото, а на свршениот по својата врска со еден друг подоцнежен временски момент (отсек) за којшто е релевантен резултатот на дејството. За оваа наша студија ваквите размислувања се од чисто академски карактер, но тоа не го менува фактот дека прашањето за статусот на резултативот се поставува како едно релевантно прашање на подрачјето на балканската јазична типологија.

Пред да ја затвориме оваа наша дискусија, ред е, се чини, да ги споменеме *сум*-конструкциите со *-н-/-т*-глаголска придавка од непреодни глаголи, т.е. конструкциите од типот *сим дојден, сум шетан . . .*, како и паралелните конструкции од преодни глаголи, а во активна дијатеза, од типот *сум јаден, сум вечеран . . .* и сл. За овие конструкции, како и за карактерот на македонската глаголска придавка стана веќе збор погоре, во § 1.4.4.; таму се наоѓаат и јужномакедонските примери, како и сугестијата тие – согласно со предлогот на Б. Конески – да се разгледуваат во рамките на именскиот прирок. Овде ги споменуваме како една кратка серија, но сепак со еднозначно резултативна интерпретација. Евентуалната семантичка разлика меѓу *сум шетан* и *имам шетано*, во духот на горепредложената интерпретација, би ја гледале во фактот дека во типот *сум шетан* минатото дејство се наведува како релевантна особина на референтот на соодветната ИС во соодветната говорна ситуација, додека во *имам шетано* тоа е релевантно за самата говорна ситуација – се работи за една суптилна разлика во комуникативната хиерархија на пренесуваните информации.

Речиси сите факти што ги собравме тука во врска со изразувањето на видската семантика во јужномакедонските говори сведочат за интересни и недоволно проучени процеси на таканаречената балканска интерференција. Имено, од другите балкански јазици без морфолошката категорија вид (или, како димотики, со флексивната категорија вид) до македонските дијалектни системи проникнуваат многу перифрастички конструкции специјализирани токму за изразување на видските разновидности. Видската перифрастика не е непозната појава во словенскиот јазичен свет, меѓутоа, богатството на соодветни конструкции карактеристични за македонското подрачје (дел од нив – како резултативот – дури строго граматикализирани) претставува еден посебен квалитет кој заслужува подлабоко проучување.

1.5.2. Локализација на настанот на временската оска (категоријата време). – Споменавме веќе (сп. погоре § 1.5.1.2.2.) дека категоријата време се јавува во два облика: како временски сооднос на настанот

за кој станува збор со моментот на зборувањето (= со говорната ситуација), т.е. анг. tense (време sensu stricto), и како сооднос на настанот за кој станува збор со некој друг поранешен настан во минатото или во иднината, т.е. анг. taxis (временски редослед на настаните). Ќе ги разгледаме редум граматикализираните средства на тие два типа временска референција во јужномакедонските говори.

1.5.2.1. Време sensu stricto. – Се работи за правата временска деикса, за посочување во времето. За разлика од просторот со многуте разни правци на движење и на посочување, времето нуди само една оска по која се движиме од минатото кон иднината, додека тоа ни бега во обратен правец. Самиот тој факт овозможува двојна перцептивна перспектива: или ние се движиме во времето или тоа се движи однесувајќи едни и донесувајќи други настани. Упростувајќи ја сликата, ние се движиме од минатото кон иднината, а времето се движи од иднината кон минатото. Граничната точка (што мошне често ја прошируваме во подолга гранична зона) меѓу минатото и иднината е моментот во којшто се наоѓаме, т.е. – во лингвистичката проекција – моментот на зборувањето. Таа гранична точка/зона ја толкуваме како сегашност. Трите поими: минато, сегашност и иднина претставуваат три зони од временската оска со помош на кои го одредуваме времето sensu stricto.

Споменатите три временски „простори" суштински се разликуваат еден од друг и ретко која квалификациона категорија би зачувала една иста интерпретација ако ја сооднесеме соодветно со минатото, сегашноста и иднината. Поради тоа ние ќе ги разгледаме овде одделно категориите на временското посочување и локализацијата на настаните во минатото, во сегашноста и во иднината коишто се присутни како граматикализирани во јужномакедонските говори и дури ex post ќе се потрудиме да ги утврдиме меѓусебните односи на соодветните категории.

1.5.2.2.1. Временско определување на минатите настани. – Како што рековме, минатото е временски простор едностранo определен како она што му претходи на моментот на зборувањето. Следствено, зборувајќи за минатите настани коишто се интерсубјективно достапни за човечката сетилна перцепција, зборуваме за ф а к т и, за нешто што се случувало пред сведоци и како такво се подложува на оцена од гледна точка на основната дихотомија: вистина/невистина. Оставајќи ги настрана, хипотетичните искази за она што можело да се случи, а сепак не се случило, имаме работа со таканаречените ф а к т и в н и реченици. Се разбира, вистинитоста на еден исказ во јазичниот текст (којшто по дефиниција е авторизиран) претставува субјективна категорија – проекција на ставовите на говорителот (авторот на текстот). Од една страна, имаме, значи, искази во чија вистинитост тој е цврсто уверен, од друга – цела ескалација на – според него – повеќе или помалку веројатни искази, сè до она што тој го отфрла како невистина.

Сето тоа го кажуваме на ова место бидејќи категоријата вистинитост е тесно поврзана со категоријата временска определеност, што е наша тема во овој параграф. Инаку, за вистинитоста (= за епистемичната модалност) пошироко ќе стане збор долу, во § 1.6.

Под временска определеност подразбираме еднозначен сооднос на настанот за кој станува збор со определен момент/отсечка на временската оска. Соодветните глаголски темпорални форми и функции: минато определено свршено време (аорист) и минато определено несвршено време (имперфект), се познати низ целата македонска јазична територија, па и во јужномакедонските говори. Со оглед на фактот дека не постои (како функција) минато определено несвршено време од свршени глаголи (соодветната форма е синтагматски врзана и врши други функции, сп. подолу § 1.6.2.), додека определеното свршено време од несвршени глаголи има географски и функционално ограничена употреба, од денешна гледна точка се чини поопправдано да зборуваме за едно минато определено време со забелешка дека несвршените глаголи во некои говори во некои контексти располагаат и со една маргинална варијанта на ова време, специфично маркирана во однос на категоријата вид (сп. погоре § 1.5.1.1. за аорист од несвршени глаголи).

Глаголските форми на минато определено време изразуваат деиктичка субјективна информација: тие сигнализираат дека настанот за којшто станува збор се случил ПРЕД моментот на зборувањето (deixis) и дека говорителот знае еднозначно да го определи времето кога настанот се случил (субјективно обележје). Многу често тоа е и единствена темпорална информација содржана во дадениот исказ, сп. на пр., *со́зи ма́де не́ пушчи́е стари́ти на́ши во Ста́мбол Ма́нча Герма́на, и Наста́са от Дреновја̀не? И за то́гас и се́лцки арцо́ви се стори́е . . .* МДЦ, сп. и во нарација: *От страј марја̀то фати да аржи, петело скокја̀ше от грја̀нда во грја̀нда, овено и козата, тарчеј от рок во рок; и воло ревја̀ше от страј от валко.* МЦ . . . Сепак, обично, ако не во рамките на истиот исказ, тогаш во претходниот текст има некои експлицитни информации што му дозволуваат и на адресатот да го стави во сооднос настанот за кој станува збор или со некоја определена временска отсечка посочена со оглед на моментот на зборувањето или со некој друг минат настан. Сп.: *На сетни́о де́н го́лем де́н празникуто́му бја̀ заста́нат Ри́стос и со го́лем глас велја̀ше:* . . . МЕЦ, Помѝна тра врјаме о́тќен му јо дадо́је, реко́је браќја́та: . . ., МЦ, *Три́јсѐт о́сумта о̀ти́дне на̀-аскéрут. Сидéнѐ дéвѐ гуди́ни на̀-аскéрут, са̀-пушти́нѐ.* БМег, *По онимла́ни не до́јде мему́рин от Ста́мбол и препи́са о́пет имајна́та на́ше за ца́рцке?* МДЦ . . . Минато определено време е природен кандидат за предавање на временска сукцесија на настани, било лично доживеани од говорителот било во литературна фикција, но секогаш настани што се толкуваат како конкретни, „сигурни“ факти. Сп.: *Ка́ бига́ме, уд Нима́нци ка́ излизе́ме ни́ѝ удде́ме нѐ-на́што се́ло, нѐ Плани́ца. Плани́ца по́нѐтѐка́ е, о́на не́ би́ше зѐпа́л'на. Си-пумина́ме, вујна́та са-бѝт до́лу, не́л'. Ни́ѝ биз-вујна́ бе́ѓме. Пу-нас не́мше да-пу́кат, ама по́л'то го́рише га́ре. Ка́ дујде́ме Тудурајк - тѐка́ му-ви́кат адно се́ло. Е-е, се́тне зѐмина́ме Стру́ма. Еми ка́к зѐмина́хме? – а тѐка́ го́ли. Свѐка́рвѐта би́ше жи́ва, нѐ-кубилта ка́чина, де́тинцто ф-ра́цто. Ни́ѝ о́диме ус-зо́лвѐта, о́на о́ште би́ше мо́ма.* ПК; сп. и: *По три нови се фати ежо. И викна лисицјѐтуј: „Посестримо! извади ена*

мамешчина от се фати во стапицата". Лисицата му рече: „Ѓ-имјäше очити? не пулјäше? Трјäсни сега, стори шчо д-итиш, јä не ти кажва мамешчина". Ежо виде от гредјäше пандаро и рече лисицјäтуј . . . МЦ.

Да сумираме: минато определено време е основна глаголска форма за деиктичко посочување на минати настани кои се случиле во одредено време и – како такви – се толкуваат како временски определени. Самите глаголски форми носат таква и само таква информација. Меѓутоа, начинот на употребата на тие форми е таков што обично во поширок контекст се именува некоја временска точка со која настанот за кој станува збор е во временски сооднос. Значи, на поширок план имаме двојна временска релативизација: ПРЕД моментот на зборувањето, но и пред /истовремено со/по еден друг момент во минатото. Вториов момент може (на пр., во актуелизиран дијалог чии протагонисти зборуваат за заеднички доживувања) и да не биде експлицитно именуван, но е присутен во пресупозиција (сп. ја паралелата со предметната deixis ad phantasma,во вториот том).

Рековме дека минатото определено време во својата основна функција е познато низ целата јужномакедонска територија. Меѓутоа, кционалната зона, а со самото тоа и фреквентноста на неговата употреба, е проширена на југозапад, каде што во системот го нема *л*-перфектот, додека на југоисток, на ареалот на засилената грчка и аромaнска интерференција, тоа може факултативно да алтернира со *има*-конструкцијата (сп., Голомб 1960/61, 166). Значи, со други зборови, на југозапад формите aoristi и imperfecti имаат едноставно претеритално значење, додека на југоисток *има*-конструкциите можат да се појават во функција на минато определено време.

Еден од најуверливите примери на претеритална функција на аористните и имперфектните форми во југозападните говори се инципитите на приказните. Сп., на пр., во збирката на Мазон од Бобоштица: *Бјä ен старец и ена старица.* МЦ, *Бјä ен цар и éна царúца.* МЦ, *Бјä ена мајка, имјäше ено дјäте.* МЦ, итн.; сп. и од Нестрам: *Ено-врéме бéше еден – цáр и жéна-му нé-му рóдваше.* ВН; во Мазоновите текстови од Леринско наоѓаме инципити од два типа, сп.,
МСЦ, *Бéше éден тáтко и éдна мáјка.* МСЦ, но и: *Éден пóп имáло:* . . . МСЦ, *Си бил éден цáр: úмал три чýпи.* МСЦ . . . Понаисток во инципитите редовно наоѓаме минато неопределено време. Меѓутоа, на гореспоменатата југоисточна периферија, во зоната на зајакната интерференција пак се појавуваат „мешани" инципити. Сп. во текстовите од збирката на Малецки од Солунско: *Пујнó вр'äм'ą и бúл идúн чурбашúја* . . . МС, *Пујнó вр'äм'ą имáл идúн цáр' инá цáрица,* МС, но релативно почесто: *Пујнó вр'äм'ą имáши идúн мáстор* . . . МС, *Пујнó вр'äм'ą имáши идúн чурбашúја инó арáпча к'улé* . . . МС, *Пујнó вр'äм'ą имáши инó д'ät'ą питнáјси, шиснáјси гудúни;* МС, итн. Се чини дека и тука зоната на употребата на таканаречените синтетични минати времиња се шири и тие барем факултативно преземаат претеритални функции (т.е. функции на немаркирано, универзално минато време). Пошироко за односот меѓу аористот и имперфектот, од една, и е-перфектот, од друга страна, во јужномакедонските говори сп. подолу.

Во определен контекст, т.е. среде една нарација, основната функција на минато определено време може да ја преземе и таканаречениот praesens historicum, т.е. формата на сегашно време употребена за изразување на минат настан „за да се оживи нарацијата". Многу често со ваква функција се јавуваат verba dicendi, сп., на пр.: *... отиде при ко́но, плачја́ше, му ве́ли конуто́му ...* МЦ, *Гу ви́кна за да ку́пи пуртука́ла и му вили́:...* МС, итн. Инаку, вообичаено е во цели пасуси во еден наративен текст да се преплетуваат минато определено време и praesens historicum; впрочем, ова е вообичаена постапка во словенскиот наративен текст. Сп., на пр.: *Ги з'е́ и то́ј пари́т'а, ути́ди, на́јди иди́н псáлт хýбав, сă пазáр'ăт да гу научи да псáла; за ина́ гуди́на н'éтр'ă сă научи́ да псáла и сă вр̀на па́к до́јди пукра́ј ца́рува́та мо́ма. Гу пи́та: „сă научи́ да псáлаш?" „сă научи́х" – и вили́ то́ј.* МС, итн. итн.

Во директна опозиција со минато определено време стои минато неопределено време коешто се реализира преку формите на *сум*-перфектот. Основната темпорална функција на тие форми е да го именуваат минатиот настан (т.е. настанот што се случил ПРЕД моментот на зборувањето) без сооднос со некоја друга одредена точка/исечка од временската оска. Таквата, релативно сиромашна, темпорална маркираност е причина што минатото неопределено време презема многу вторични функции, пред сè од доменот на епистемичната модалност (сп. подолу § 2.6.1.). Минатото неопределено време е перифрастична конструкција која, покрај презентските форми од помошниот глагол *сум*, ја опфаќа глаголската *л*-форма деривирана од презентската и/или од аористната основа на основниот глагол. Некои монографисти сигнализираат дека во дел од југоисточните говори отсуствува поновата серија, базирана врз презентската основа. Таков е случајот, на пр., со дојранскиот (ПДој, 90) и со кукушкиот говор (ПК1, 259). Постоењето на две паралелни *л*-форми создава можност во некои западни говори минатото неопределено време да поседува и специфична видска разновидност како аорист од несвршените глаголи (сп. погоре § 1.5.1.1.), т.е. да носи сигнал дека дејството се вршело извесно време и било прекинато, а не и исцрпено. Од југозападните говори немам потврди за таква употреба.

Помошниот глагол во склопот на минатото неопределено време има и определена географија; имено, во трето лице во западниот дел од ареалот тој не се појавува, додека во источниот дел се појавува факултативно. (Сп. ПК1, 264, Голомб 1960/61, 161, ПДој, 91).

Како што веќе споменав погоре, на југозапад минатото неопределено време го нема како функција, додека соодветните форми спорадично се појавуваат во секундарна модална функција (сп. подолу § 1.6.1.). Во семантичкото поле 'минато' се појавуваат аористот и имперфектот како претерит и резултативните (перфектални) *има*-конструкции. Во централниот дел од јужномакедонскиот ареал минатото неопределено време функционира +/– на ист начин како во стандардниот јазик, додека на југоисток функционалната граница меѓу *л*-перфектот, од една, и аористот и имперфектот, од друга страна, станува неостра. Во Сухо и Висока, според текстовите од Малецки и анализата што ја изврши,

Голомб, во тоа ослабување на границата има и забележливи правилности. Имено, *л*-перфектот се јавува доследно како маркирана конструкција, специјализирана за темпорална неопределеност во минато, додека аористот и имперфектот еволуираат кон еден генерализиран претерит и во нарацијата се појавуваат со неутрализиран параметар (+/– определеност). Голомб приведува и неколку примери на посебно јасно зацртана функционална граница меѓу доживеаното и ex post констатираното, сп.: „. . . јас и́мам пулуви́н са̄т', шту исл'а́зух ут манасти́ру и за пулуви́н са̄т н'е́тр'а ши́чку са им'а̣ни́лу: . . .“ МС, *„ми́лата сфита́ Бугурди́ца, у гура́та т'а̣ ви́д'ах и ка́друту ти гу са̄ кла́ли на кла́јанцу удго́р'а.“* МС, и сл. Во своите заклучоци Голомб го подвлекува изразито субјективниот карактер на границата во употребата на двете главни временски серии за изразување на минати настани: „Какви заклучоци се налагаат сега, ако станува збор за поделба на функциите меѓу имперфектот и аористот, од една страна, и перфектот (во смисла largo), од друга? Изгледа дека основните функционални разлики меѓу тие времиња се изведуваат од односот што го зазема зборувачот спрема фактите што ги содржи раскажувањето. Прво, тоа може да биде однос на непосредна опсервација, непосреден опит, и тогаш даденото дејство или состојба ќе се појмат во нивниот актуелен процес опфаќајќи ги во чисто вербална форма: на тоа становиште на зборувачот спрема предикативната содржина на реченицата му одговараат две времиња – имперфектот и аористот. Второ, штом зборувачот спрема фактите што ги содржи раскажувањето не зазема становиште на непосреден опсерватор, но на некој што посредно дознал за односните факти, со информирање или врз основа на претпоставката, тогаш даденото дејство, односно состојба ќе бидат појмени не во нивниот актуелен процес (конкретно), но многу општо, апстрактнто, (оттука сложената форма со номинален карактер): на тоа становиште на зборувачот спрема предикативната содржина на реченицата му одговара токму перфектот. Секоја понатамошна функционална специјализација на перфектот, изгледа, излегува од таа негова основна функција.“ (1960/61, 165). Толку од Голомб. Конфронтирани со нашите опсервации во врска со текстовите од збирката на Малецки (сп. ги погоре забелешките за „мешаните“ инципити), неговите заклучоци треба да се толкуваат како проекција на „класичниот“ максимален македонски систем на минати времиња со тенденција кон поместување на аористот и имперфектот во правец на генерализираниот претерит. Малку поинаква слика, иако пак со поместени функционални граници, произлегува од коментарите на Вајан во врска со текстот на кулакиското евангелие. Цитирам: „L'aoriste et le prétérit en *-л-* sont également usuels comme temps du passé. En principe, l'aoriste énonce un fait dans le passé: *дојдé човéк*; le prétérit, ancien parfait, indique un résultat acquis, un état de fait: *ут Го́спут са роди́ле . . .*“ (ВК, 227). И натаму: „L'aoriste peut indiquer un état présent: *умракна́, и пумина́ де́нот, . . . си изгуре́х на во́ о́гин . . .*“ (ibid.). Во цитираните фрагменти неколку конструкции привлекуваат внимание. Како прво, централната опозиција: аорист ~ претерит претставена како семантичка опозиција на фактивното (определеното? динамичното?) спрема резултативното (неопределеното? статичкото?). Карактеристично е дека од таа опозиција е отстранет им-

перфектот. Вајан го опишува имперфектот како врзана модална форма, експлицитно нефактивна. Од друга страна, како во сите источни говори, во кулакиското евангелие релативно често среќаваме аорист од несвршени глаголи, т.е., со други зборови, аорист е временска форма деривирана речиси без ограда. Сп., на пр.: *И на тóа чáс сă лекувá човéкот;* ВК (во современиот превод: *И веднаш оздраве човекот . . .), Човéк шо му вéл'ат Христóс прáви кáл . . .* (во стандардниот современ превод: *човек којшто се вика Исус направи кал . . .*), *Ка си утúдох, сă мих, éто сă упулúх* ВК (во стандардниот превод: *отидов, се измив и прогледав.*), *Нé сă чистúле и дéјси-те?* ВК (во стандардниот превод: *Зар не се излечија десетмина?*), *И пу кóлку днú и брá сăто шо му падná пóмлáдјот . . .* ВК (во современиот превод: *после неколку дена помладиот син кога собра сè . . .*), *На тóа врéми сакá Исус да испáдни на Галилéа.* ВК (во стандардниот превод: *во она време намисли Исус да отиде во Галилеа . . .*), итн. Приведените примери, кога аористот именува настан актуелен во сегашноста, сугерираат дека резултативноста не е обележје дистинктивно во рамките на примарната временска дихотомија. Се чини дека на преден план е динамичното наспрема статичкото сфаќање на настанот, односно неговата временска определеност во минатото наспрема ирелевантноста на таквата определеност. Аористот именува настани обележени како /+ определени/, а *л*-конструкцијата како /– динамички/ што обично значи и /– определени/, при што и едните и другите можат да биадт и /+ резултативни/. Дистинктивната резултативност е резервирана за *има*-конструкциите. Не е без причина тоа што Вајан *л*-конструкцијата ја вика „претерит (бивш перфект)". Во таа двојна определба се искажува фактот дека, преземајќи ги функциите на имперфектот, *л*-конструкцијата се поместила од неопределеното кон „универзалното" минато време. Анализата на само еден фрагмент од евангелиските текстови во македонските преводи од XIX век, што имав можност лично да ја спроведам (сп. Тополињска 1989) исто така покажува дека *л*-формата е функционално поместена, а исто така дека формите на имперфектот се појавуваат во контексти каде би можеле поскоро да очекуваме аорист, т.е. дека преведувачот немал чувство за системската позиција на соодветните временски форми. Ќе ги приведеме покарактеристичните примери. Еве прво еден пример за немотивираното мешање на формите на аористот и на *л*-конструкцијата: *На ýтран дéн испадná, и извадú двé цéли, му а дáл на тúтропот што бéши уф спитáлја, да му рéкал на нéгу: . . .* ВК; сп. и два примера од приказната за блудниот син каде што целиот расказ е оформен со аористни форми и одеднаш во кулакискиот превод се појавува *рéкал* место очекуваното *рече : . . . му си развикá идéн ут измикáрити . . . Он му рéкал на нéгу . . .*, во сите други преводи, вклучувајќи го и современиот официјален: *рече;* и натаму: *Па óн му гуворú, да му ричé на тáтку му . . . Тáткоту му рéкал па на нéго . . .* Најпосле, сп. ги и двата примера со имперфект место очекуваниот аорист: *. . . тáтко му . . . тирчá да му падná уф гăрдити, му гушнá да му бацýваши.* (во разлошкиот превод: *. . . и целува го,* во бобоштенскиот: *. . . и го бáчи,* во современиот: *. . . и го целива*), и: *. . . му се развикá идéн ут измикáрити, му питаши . . .* (во бобоштенскиот превод: *. . . гу упúта,* во современиот: *. . . го праша*).

Со истиот проблем на мешањето и немотивираната употреба на аористните и имперфектните (ретко!) форми, од една страна, и *л*-конструкцијата, од друга, се соочил и Лавров во својот коментар на текстовите од збирката на Верковиќ и го илустрира со многубројни примери, сп.: *Тогај чилиби Теодорак и платил на даскали-те и ги испрати пак на Европа; Кадиа-та фати ја заколи мајка му да се вăрна пак на конакјут, му даде на три-те људи ресим-от nasat и други дарови му и дарил да ги испроводи; Един пита си, они па били врагови. Големоју ѓавол му велеши: „шчо си сторил динеска бре, ти?“ Ја он отговори . . . Ајде и на другио му вели: „ами ти шчо стори бре?“; Тогáс земá тój цифаирите и кóните, побéгнал, дéка скаши; Такá чинúа, гу клáли пашá; Ами жената, кату чу така, си наполни шишету вода, земала и малко кал, враза на една кăрпа; И така да знаите, за три алтини и купил сиромахот от калугерот три лафови и сос три лафови доби три товара алтăни, да промина живот сетне с рахат.; И тој го зема дарот, го и врăтал на вракознјут и си отиде на дома му охилен.; И тој зема пушката, отишел на полету да лови. Лов не добри, празин си вăрна дома. Стана другио ден па отишел на полету да лови. Пак лов не добил . . .; Едно време имало един Бăлгарин на едно граско село, работиши сос ѓунлук и добил неколко пари; Ја утрината саатју начетритја излела коконата с хизмиќарката долу да си умуи на хамамјут, си распримени, влезе на хамаму, остави на удајушката рубите и с сé алтăни тамо. . . .* (сп. Лавров 1932, 322). Меѓу другите може да се најдат и контексти во коишто мешањето на временските форми може да се протолкува како свесно нијансирање на *преден* и *заден* план на дејствата, сп.: *Кату чинили здрáво жúво, са исказаха секој, по шчо рáбота кинисали, и такá са чинúха ортáци . . .* - во последниот фрагмент на преден план би ја имале главната конјункција *. . . са исказаха . . . и . . . са чиниха . . .*, а на заден *. . . чинили . . . и . . . кинисали . . .* Меѓутоа, огромно мнозинство контексти не допуштаат такво толкување, па се налага функционалното преклопување на двете временски серии како единствена сеопфатна генерализација.

А еве уште неколку примери на „типично“ употребено минато неопределено време: *жéн'тă му мéсилă лéп . . .* ДВ, *ă măжут кóпăл нă нúвтă . . .* ДВ, *. . . дéитту му плăкáлу, плăкáлу и умрéлу . . .* ДВ, *. . . видéл, óти пăтут бăл дăлăк и că вăрнăл . . .* ДВ, *. . . чýле кумшúите шăмтáтă и рéкле да видáтă, шчó că чúне у тá кýиќă . . .* ДВ, *Дури тогај ја зе шубе дека нешчо станало вадин су нејнто лúбе . . .* УЕ, *Ном така си видел мунасип măжо, оди и види си гу кăсметот.* УЕ, *Асал кога дојде крајната вичера, мајсторот дури бисилки и гробишча зафатил да сунува уд страх.* УЕ, *тóо си-ј-рáне, пурăснáли гулéми тúă.* ПК, *Тóо Арáпино тăрче, că-нăмăчкáл крăф, óде . . .* ПК, *Е, јадéли тáм, пијáли цéла нидéл'а.* ПК . . . Отсуството на еднозначна локација на временската оска е причина за честата употреба на *л*-перфектот со надградена негација, сп.: *нé-с-са-изијáла уд-уфчéра; – не-сум спијáл ус-дрýк човек, . . . óште не сă-ижнáли . . .* ПК1, 260, *нé йдум, нé сум испрáла* ПК, 260.

Како што веќе споменавме погоре, освен со аористот, имперфектот и *л*-формите, минатите настани се изразуваат и со помош на *има-*

конструкциите. По својата временска карактеристика во зоната на минатото *има*-резултативот се наклонува кон минато неопределено време и во системите каде што неговата резултативна обоеност е послаба до изарз доаѓа токму неопределеноста во минатото. За географијата на резултативот сп. погоре § 1.5.1.2.2.3.

Да сумираме:

а. Во најголемиот централен дел од јужномакедонската јазична територија систем на граматикализирани темпорални дистинкции во минато се гради врз опозицијата: определено (аорист + имперфект) vs неопределено (*л*-форми + *има*-конструкција) минато време. Секундарно во рамките на определеноста и на неопределеноста се појавуваат видските разновидности, на страната на определеноста тие се врзани за аористот од несвршени глаголи, на страната на неопределеноста – со резултативната *има*-серија.

б. Во Корчанско и во Костурско на преден план е опозицијата: претерит (аорист + имперфект) vs (*има*-конструкција); таа може во некои контексти да се толкува и како определено vs неопределено минато време.

в. На југоисток имаме исто така опозиција: претерит vs резултатив, но со друга корелација меѓу формата и функцијата. Имено, претеритот се изразува алтернативно со аористот, (ретко!) со имперфектот и со *л*-формите, додека резултативот и овде е врзан за *има*-конструкцијата.

Погоре споменавме дека во раскажувањето за минати настани се појавува и таканаречениот praesens historicum. Се работи всушност за специфична функционална транспозиција базирана врз едно обележје од типот TAXIS, а не TENSE. Имено, презентските форми имаат способност да изразуваат истовременост со еден друг момент кој не мора да биде моментот на зборувањето. Со иста способност се надарени и формите на таканаречениот раскажувачки императив (тип: *а јас трчи ваму, трчи таму,* и сл.). Пошироко за тој тип на употреба на глаголските форми сп. подолу § 1.5.2.1.2.

1.5.2.1.2. Определување на настаните како сегашни. – Сегашноста е поим чие толкување се движи меѓу две основни дефиниции. Едната, потесна, се однесува на актуелната сегашност (актуелна употреба на сегашното време) и кажува дека како сегашно се толкува дејство синхронизирано со моментот на зборувањето. Според таа дефиниција како сегашни би се протолкувале дејства именувани во одговорите на прашањето: *што правиш?,* но не и на прашањето: *како си?* Според пошироката дефиниција, како сегашно се толкува секое дејство што се одвива /секоја релација што е важечка во моментот на зборувањето, независно од тоа колку длабоко тоа дејство/таа релација засегнува во минатото или во иднината. Според ова толкување со сегашност имаме работа и во актуелизирани реченици како *Ѝ пишувам писмо на Ана., Гоко чита некој оглас.,* и сл. и во реченици како *Х е ректор на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје,* или *Павле е висок.,* па и во хабитуални реченици како *Петре вози внимателно.* или *Ана сака деца.,* кај повторливи дејства како *Лидија секој ден почнува со кафе.,* или *Горан доцни*

на секое предавање., или, најпосле, во омнитемпорални конструкции како *Два и два е четири.*, *Земјата се врти околу сонцето*, *Не удира гром в коприва.*, и сл. Како што се гледа веќе од примерите, токму таа, втората дефиниција одговара на зоната на употреба на презентските форми во словенските јазици. Погоре (сп. § 1.5.1.1.) се обидовме веќе да покажеме кои од горенаведените контексти на јужномакедонскиот ареал им се достапни на презентските форми од свршени глаголи. Ни останува да приведеме една мала селекција на примери во кои презентот од несвршени глаголи изразува широко сфатена сегашност, за да се увериме дека јужномакедонските говори не се разликуваат во тој поглед од другите словенски системи.

а. актуелизирана употреба: *Чјáндо мóје, зóш ни стóри сúка? Ја нúе со фúкир и со стрáј те ишчúме?"* МЕ, *Рéче Госпоúно наш Рúстос апостолúтим тогóви: „Сас порáка ви дáвам вам да се изгúте едéјно сос дрýјо.* МЕЦ, *. . . и вилú на мумáта: „úмам идúн зóр . . ."* МС, *„јас úмам мерáк тú да пруминéш напр'ат."* МС, сп. и: *„Доста паре имате сега;* МЦ, *. . . јä не јäм от царшчинáта, тóко рабóтам и јäм от пóтта мој."* МЦ, *. . . гу пúта визúрину: „тóс клáјанц заштó крäф тичé?"* МС, *. . . јáс úмам идúн кóн . . .* МС, итн. итн.

б. хабитутална употреба: *Jä, рéче, úмам триéсе годúне шчо сjäда по планињäте, јäм п-énаш во недел'áта љäп.* МЦ, *Сéква нидéл'а óна са-сличýве, са-гулимýве . . .* БМег, *Ја урáт нúвата чéтир, пéт' уралá, стáнува хýбаф надáс и с'éтн'а з'évами лóзит'а и т'é сä удбирáни пујнá, пујнá, с'é рáвни лóзи, з'évамú и фитифтúрит'а, утúвами на нúвата, ут'égнувáми инá хóртума, прáвими инá кýка и идúн чув'äк сäс кýката и два л'ýди дрäжáт хóртумáта, идúн ут идúну крáј, другúју ут другúју крáј; и нóс сас кýката цáска пу хóртумáта, прáви чизúја.* МС, *нä-Вудúци пóпо кäрсте вóда ус-бусúл'ук, ус-крäс. Сéтне дáве нä-народо, óни пä га-пúит пу-аднá гäлтка за-здрáве, а и пупäрскуве нис-кäштта* ПК, итн. итн. За други начини на изразување на хабитуалност сп. погоре § 1.5.1.2.2.1.

в. омнитемпорална употреба: *„Нóмо нáш не сáнди никóгва човjäка, áко понáпре не го чýви и да разбéри тóзи шчо чúни".* МЕЦ, *Вóло рúи, пäрста нä-гäрбо сjаа-фäрк'е* ПК, *Вудинчáро нä-нéгуфта вудницá сjаа нäврäште вóота.* ПК, *Гулéмта рúба гä-гäлте мäлéчкäта.* ПК, *Гäрнчáро уд-дéк сáке, ут-тáм гä-клáве рäчката.* ПК, *Мäгäрто нä-свáдба окáнат вóда да-нóсе* ПК, итн. итн.

При дистанцираниот начин на кажување („прекажување") во временската зона на сегашност можат да се појават *л*-формите. Се мисли на примерите како: *„Ох куме! тува си бил? Шчо с-искри? . . .* МЦ, *Тој бе бил будала! рече царо; ка се гредjäло со све марице во дворо царутому!* МЦ, *Детjäто звjä от буренúко и рече: „Ајде, áјде, шчо си бил изгóрен, кај сарцéто, мóје шчо ésти изгорjäно за шчéрка хоцутóму!"* МЦ, *. . . демéк ти такфóс чув'äк си бúл . . .* МС, *é улýм, ја гл'édаш мáјкати млóгу бóлна и л'акóји бúл – вилú икимцúја – да гу закóлими кóн'чату . . .* МС, *дóл на пóртата úма идúн калýјар сäс инá кóшница смóкфи и вилú чä ут тóс манастúр и б'ä'л* МС . . . Се работи за една типично балканска кон-

струкција, во стручната литература позната под името „адмиратив". Пошироко за специфичната модална обоеност на тој тип конструкции сп. подолу, § 1.6.1.

Најпосле, зборувајќи за граматичките средства за сигнализирање на сегашните дејства и состојби, треба да се потсетиме дека актуелната сегашност, т.е. моментот на зборувањето, претставува една од двете временски точки за ориентација за резултативните конструкции (сп. погоре § 1.5.1.2.2.3.).

Од сето горе кажано произлегува дека во зоната на фактивните искази сме соочени со основната опозиција: минато vs неминато време, т.е. со временските конструкции, односно со употреба на временските конструкции еднозначно обележена со временскиот предикат ПРЕД моментот на зборувањето наспрема конструкциите што не го носат ова обележје.

1.5.2.1.3. Начини на изразување на предвидени, т.е. идни настани. – Се потрудив веќе во насловот на овој параграф да го сигнализирам специфичниот онтолошки статус на идните настани. Имено, колку да сме биле сигурни дека тие навистина ќе се остварат (како, на пр., во однос на исказот *Утре сонцето пак ќе се раѓа.*, и сл.), тие „постојат" само во нашиот внатрешен свет, во внатрешниот свет на човекот. Во врска со тоа исказите конституирани од предикати формализирани во идно време не се подлагаат на основниот тест што го применуваме кон судовите, т.е. на тестот во категориите: вистина vs невистина. Овој специфичен статус се одразува и врз формата на конструкциите што зборуваат за настани постериорни во однос на моментот на зборувањето: за разлика од минатото и сегашното глаголско време, тие многу често претставуваат перифрастични конструкции, послабо се интегрирани во соодветните глаголски системи, полесно варираат. Зацртаната ситуација го родила и присутното во лингвистичката теорија и отворено прашање дали формите на идното време спаѓаат кон системот на индикативните форми или кон еден друг, модално маркиран начин (модус). Се разбира, решението зависи од тоа како ќе го толкуваме и како ќе го дефинираме индикативот. Лично сум уверена дека најострата, а со тоа и најоперативната дефиниција е онаа која го врзува само со фактивните искази. Ваков пристап, се разбира, не води кон одрекување на очигледниот факт дека јазикот располага со граматикализирани средства за изразување на сите три временски перспективи: минатото, сегашноста и иднината, меѓутоа, нè соочува со меѓусебната хиерархија на граматичките категории начин и време. Имено, се налага заклучокот дека категоријата време е „разбиена" меѓу два или повеќе начина, т.е., со други зборови, дека модалната маркираност на еден исказ е примарна во однос на неговата темпорална карактеристика.

Македонскиот дијасистем со специфичната за него поврзаност на основната серија форми за изразување на идните настани со една од честиците-експоненти на епистемична модалност како да претставува потврда на коректноста токму на ваквиот пристап. Имено, *ќе* и сите не-

гови варијанти (*за, жа* и др.) примарно носат сигнал за нефактивен карактер на дејството и дури вторично, поврзано со конкретна глаголска форма, а често и со поширокиот контекст, дозволуваат да се одреди и темпоралната карактеристика на тоа дејство.

Споменатата основна глаголска конструкција за изразување на иднина во денешните македонски говори има двојно потекло: *а.* скратена на фонолошки пат форма на 3 sg praesentis од глаголот **хътѣти* + скратена на морфолошки пат форма на стариот инфинитив вторично реинтерпретирана како основа за сегашно време и снабдена со парадигма по лице (натаму: серија А), и *б.* скратена на фонолошки пат форма на 3 sg praesentis од глаголот **хътѣти* + субјунктивната честица *да* + соодветната лична форма од презентската парадигма на основниот глагол (натаму: серија Б) (Конески 1986, 201–202, Вајан 1938, 230). Оваа двојност, а поточно: интегрираноста на *да* во соодветните конструкции на голем дел од јужномакедонската територија ја прави уште потешка задачата на одвојувањето на максимално „модално необоениот футур" (ако таков постои?!) од другите модални конструкции со футурска временска перспектива. Затоа ние чисто конвенционално ќе ѝ се покориме на постојната традиција и ќе ги разгледаме во овој параграф двете основни серии перифрастични конструкции за изразување на настани кои според увереноста на говорителот ќе се остварат во иднината. Двете серии се со комплементарна географска дистрибуција, а и со извесен број варијанти во рамките на самите основни модели; тие изразуваат увереност во остварувањето на претпоставката под услов дека таа не е ослабена со ограда од типот *веројатно, можеби*, па дури и *сигурно,* или формулирана во таканаречениот идно прекажано време место со недистанцирано идно. Другите модални конструкции со футурска временска перспектива ќе ги разгледуваме во § 1.6.

Серијата А (без *да*): Оваа перифрастична конструкција ја среќаваме во најголемиот централен дел од јужномакедонската територија; таа е со тенденција кон поширока географска експанзија што се забележува веќе во триесеттите години од овој век, кога Мазон ја водел својата анкета во Корчанско и во Костурско (сп. Мазон 1936, 91). Како модел таа води потекло од: помошниот глагол **хътѣти* + инфинитивот на основниот глагол; со текот на времето помошниот глагол е сведен на неменливата честица *ќе,* додека инфинитивот е заменет со презентската парадигма. Како што е познато, разгледуваниот модел претставува денес стандардна норма.

Одејќи од запад кон исток, овој модел го наоѓаме во Леринско и во североисточниот дел од костурската околија. Имено, додека во Нестрам и во околните села владее нашиот тип Б (сп. подолу), во костурските записи од Мазон го наоѓаме исклучиво *ќе*, а неговиот лаконски коментар е во тој поглед сосем еднозначен, сп.: „Le futur est périphrastique. Il est composé de la forme du présent, précédée de l'auxiliaire invariable *ќе: јаска ќе бида* 'je serai', *нѝје ќе би́деме* 'nous serons', etc. Il est d'aspect variable suivant qu'il comprend une forme de présent perfective ou imperfective: *три ка́пки кр́ф от Све́ти Или́ја ќе па́дни* 'il tombera trois gouttes du sang de Saint Élie' (futur perfectif momentané); *и во́ земи ќе и́ма о́ган* 'et il y aura du feu dans

la terre' (futur imperfectif de durée)." (МСЦ, 49). Од друга страна, Шклифов во својата монографија на костурскиот говор нуди формула: „бъдеще време: *ке/ки/за пи́ша : не́ ке ода/не́ма да о́да*" (ШК, 94), т.е. регистрира постоење на два модела без да каже нешто за нивната географска дистрибуција. Типот А владее во североисточниот дел од костурскиот крај. Еве неколку примери: *Да́ј го на ме́не, да ви́диш, как ќе го напра́в'а. Не ќе те споме́ни, Го́спо, ти́*". МСЦ Вишени, *Ду́шата не́ќе а зе́ваш.* ibid., *Ќе до́јда, та́тко му ве́ли. А́ми ќе напра́вим е́ден се́ндук* . . . МСЦ Жервени, *Дрва не́ма, му ве́ли де́цето, со шчо ќе го ва́риме?* ibid.; сп. и од Леринско: *Ти е́дна ду́ша ќе ра́ниш, па́ри не́ ќе бе́риш ти: ко́ко за е́дна ду́ша да ја́де, деме́к, тба ќе бе́риш* . . . МСЦ Неолани, *Ќе о́јме да о те́паме ќо́сето.* ibid.; сп. од Преспанско: *Е́те, ја́с гре́да, сно́пјето ке и о́тпразна на гу́мното* . . . ШД, *Ду́рда са ва́рниш ти о́пе, зе́лнико ке го и́ам о́печено и ке та че́кам* . . . ШД, . . . *ти ке у́дриш на́ мене, ти́ ке ви́диш шо ке и́зваждам о́д мене* ШД . . . И натаму во правецот кон исток насекаде владее типот А; за Кајларско Дрвошанов вели: „Во идното време покрај *ќи иако доста ретко се јавуваат и форми со има да.* Кога глаголот е негиран, тогаш обично се сврзува со *нема да.*" (ДКај § 232). Од овој пасус заклучуваме дека најобичен начин за изразување на идност е овде разгледуваниот тип А. За конструкциите *има да* и *нема да* сп. ги соодветно §§ 1.6.2.2. и 1.6.5.2. Понаисток: *По́дај-гу кӑва́лчту ја́с прикува́ ки-са-нака́чӑм и ки-ма-исфӑрлиш.* БМег, . . . *ти се́ди-ми ту́к ја́с ќита-ра́нӑм* . . . БМег, . . . *ки му изва́де ти́ӑ пари крӑз но́с* ДВ, *су те́бе ки о́м, сус тебикӑ сӑмӑ* ДВ, *ки до́иш?* ДВ, . . . *белким ќи најме негде работичка и ќи извадиме кора лепче?* УЕ, . . . *и на менка не ќи има кој да ми замени у царсвото.* УЕ, *Тија на аднаш ќи замрзнат, ти ќи си качиш на дирекут* . . . УЕ, *Ки ми ку́пиш е́дна ку́кличка и еди́н но́шче* . . . ПДој; зад овој пример од Дојранско стои и општата формула од монографијата на Пеев: „идно време: *ки*, негирано: *не ки*" (ПДој, 92). *Ка ќи-та́ргниме, ќ-о́јте сѐ пу-на́с, уф-тимни́цта ќи-гле́јте дӑ-н-сӑ-изгу́пте.* ПК, *И сја̄ ца́ро ќи-пра́ве сва́дба* . . . ПК, *Мо̄ е то̄, јас шо ќи-ка́жум.* ПК, . . . *ас ќ-ијра́нум дӑ-ви́м шо́ ќи-би́де.* ПК, . . . *јазика ки ида през мори* . . . В, *ето ти го и Ристос ке замине* В, *Чини еднӑ пи́та да му зака́рам, бе́лки ки ја́ди.* В, *„Един овчар, шчо не знае нишчо, ки гу слушум."* ВЕ – последниов пример со изразита модална обоеност на таканаречениот адмиратив (сп. подолу § 1.6.1.). Натаму: Вајан за состојбите во текстот на кулакиското евангелие пишува: „Le futur est exprimé par *ки* . . . suivi du présent perfectif ou imperfectif, selon le sens: *ки ви про́сти ва́ши гре́хови* et *ки и пруштава на ва́с* . . ." ВК, сп. и: *Па то́ шо ки ми арни́са на ме́н на л'у́дите сприту о́чити, и-ја́с ки му арни́сам на не́гу кри Та́тко ми* . . . ВК, *Ела́јте пу ме́не и ки ви чи́нам на ва́с риба́ри на л'у́дите.* ВК, итн.

Серијата Б (со *да*): Се работи за една типично балканска конструкција чиј формант претставува честица настаната од петрифицираната форма на 3 л. едн. од презентската парадигма на глаголот **хъ̀теti* + субјунктивниот оператор *да*; така настанатата честица *жа/за* се поврзува со презентската парадигма на основниот глагол. (Од балканските паралели сп. ја, на пр., идентичната формула на футурот што ја опишува

Голомб во својата монографија за ароманскиот дијалект на Крушево, 1984, 128–129). Оваа конструкција како основно средство за изразување на идни настани е регистрирана на две периферии од јужномакедонската територија, на запад во Корчанско и во поголемиот југозападен дел од костурската околија, на исток во Лагадинско, во селата Сухо и Висока. Еве ги примерите: *Тóко свéте зла жа ви стóре за имјáто мóје...* МЕЦ, *Зборви бре бир, от-жа ми смање главата.* МЦ, *Око не ми кáжиш éна прикáзна мамéјшка, жа те дáрца и тебе кај бракјáта твóи...* МЦ, *Јáс нé-те зéвум на-тéбе, јáс за-зéва цáрцка чýпа.* ВН, *Да-знáеш оти-јáска за-бéга, за-уóда на-Романија.* ВН; *... ми р'éчи, за пóда сăт'у на три́* МС, *тáси мójта жéна, амá да ви́дими, штó за стáни?* МС, *кóлку и́мати ши́чки за ми ги дад'éти, да такá за ви дáм л'áк.* МС, *... и тас удáта за ја тýрними н'éтр'ă у бăнчфата дă că надýј.* В, *Јáс за ти дáм ши́чкуту имáни и на т'éб'ă за стáна измикáрин.* В, *... тебе цал за ти поглатни. – Нека ме поглатни.* В, *... за вземат едно деверче сос них...* ВВ, *... за си извадат капате каде угрјај слăнце...* ВВ ...

Покрај регуларните примери со амалгамирана честица *за*, Голомб наведува од Сухо уште шест примери „... со партикулата (?!) *и*“ (1960/61, 168) и коментира: „Потеклото на погорната формација не е јасно“. Пред да се обидам да ја протолкувам таинствената формација, ќе ги приведам шестте примера во полн реченичен контекст. Сп.: *„бóлкит'ă ни кáцат, амá на нáм ниндáва рăнка да ричéми, чă ни кáцат, зашто́ л'уд'ету н'éма и́сă разбул'áват и такá ни гладни за устáними!“* МС, *Тój му вил'áши: „тóс в'éчер на врăх ќерами́дит'ă и́сă тантани́сам, алá ýтр'ă в'éчер сăс пашóвата мóма и́сă куцаклади́сам* ('за си пригарнам')!“ МС, *„... да ни пóш ни́ пóвисóку, ни́ пóниску, зашто́, áку пóш на висóку, ут слăнциту и́сă раступ'áт крилáта, áку пóш на ни́ску млóгу, ут мур'éту и́сă н'емлади́сат крилáта, за ти утинжáјат да за пáниш у мур'éту.“* МС, *... кóлку за извáдиш ут пуртукáлиту и саи́са за т'éб'а ги дáвам.* МС. Додека првиот и последниот пример можат да предизвикаат сомненија (првиот е надграден со негацијата *н'éма* по која се очекува честицата *да*, а пак последниот може да се сфати како презент за изразување на готовност – сп. погоре § 1.5.1.2.), останатите четири се чисти и јасни - во сите четири навистина се работи за футурско значење. Моето толкување главно се сведува на претпоставката дека имаме работа со грчко влијание, поточно, со фонолошка контаминација и функционално преклопување на соодветните грчки и македонски помошни морфеми. Прво да кажеме дека сите примери потекнуваат од ист информатор, главниот информатор на Малецки од Сухо, за кого знаеме дека бил сто на сто двојазичен. Па да се потсетиме дека Б. Конески (1986, 201–202) допушта можност дека врз настанувањето на футурската партикула *за* „повлијаел изговорот на футурската партикула од грчкиот јазик *Θα...*“ (ibid.) Ќе додадеме дека во грчкиот говор на Сухо (според грчката оригинална приказна раскажувана од истиот „наш“ информатор и вклучена во збирката на Малецки, стр. 61–64) ја наоѓаме таа честица во фонетскиот правопис на Малецки – со типичен за неа изговор – запишана како *ϑα*, т.е. со еден посреден фрикатив меѓу маке-

донските *[ф]* и *[с]*. Како што се гледа, во пет од шестте гореприведени примери на презентската форма од основниот глагол ѝ претходи повратната заменка (*сă/са* зависно од местото на акцентот) и дека таинственото *и* без исклучок се наоѓа во секвенцијата *ѝсă/иса*. Во јазикот на истиот информатор наоѓаме и потврда дека регуларното футурско *за* може да се надгради не само врз една презентска форма, туку и на една конјункција од такви форми од кои втората е со повратна заменка, па автоматски добиваме *ѝсă*, сп.: *. . . зашто́ за па́дними и ѝсă удри́јми* МС – повторувањето на *и* може да се сфати како доказ за скаменетост на секвенцијата *иса* (целата секвенција, а не само *и*) како „помошна" секвенција пред една презентска форма со футурска интерпретација. Впрочем, се разбира, оваа секвенција може да се најде и во рамките на една друга глаголска конструкција, сп., на пр., во продолжението на текстот од којшто доаѓаат два од разгледуваните примери на Голомб: *. . . му ја да́ха мума́та на но́с, шту сă тантани́саши да на вичеро́ фл'ӓзи у јурга́н'у и сă куцаклади́саха.* МС. Најпосле, да се потсетиме дека во македонскиот, а и во грчкиот јазик презентските форми често се употребуваат во футурска функција (сп. подолу). Сепак, како и да го објаснуваме овј тип конструкции, не може да се одбегне асоцијацијата со турската кондиционална партикула. Свифт (1963, 147) пишува: „. . . ise . . . denotes that some additional predication (following in the same or another utterance, already mentioned, or implicit in the context) is conditional upon the occurrence of the act or state denoted by this predication."

Да сумираме: наједноставното толкување на секвенцијата *и-са* е таа да се сфати како состав од сврзникот и од повратната заменка, а нејзината футурска функција да се протолкува како контекстуална. Таквата контекстуална интерпретација ја поддржува фонетската блискост на македонското *са* и грчкото *α*. Во идиолектот на нашиот информатор изнесените состојби можеле да доведат до зацврстување на низата *и-са-* како контекстуална варијанта на *и за*, односно на *и за са*.

Поголемо внимание – како еден пошироко прифатен модел – заслужува експлицитната низа *ќе* + *да* присутна во многу македонски говори. На јужната територија ја бележиме во дел од источните говори. Сп.: *. . . јазе веки ки умрам и ошчи едноч не ке да ми видиш . . .* В, *. . . и така са чиниха троица ортаци: колку ке да добиат да гу дел'ат кату братја.* В, *Оти́де чове́кот, ама ко́гу ке да на́јди? О́ни побегнаха.* В, *. . . но ке да фатим дру́га кӑшча да се́днам . . .* В, *Мајка му, кату чу така от сина ѝ, позна́ла, ча млогу мӑка ке да тегли неин син, му вели така: „ах синку, тинака сос това занаја́т млогу мӑка ке да теглиш . . ."* В, *. . . јазика на војска ке да идам.* В, сп. и: *. . . јазика ки ида през мори, Марковата керка да га зема . . .* vs *. . . ке да ида през мори да зема Марковата керка . . .* В. . . . Спорадично може да се сретнат уште и остатоци од менливиот помошен глагол, сп. *„дурде не видам . . . не кем да верувам."* В. Сите примери ми се од збирката на Верковиќ. Тие факултативно се појавуваат во говорите во кои инаку владее футурот од серијата А. Како модел може со сигурност да се претпостави дека настануваат под директно балканско влијание. Што се однесува до нивната семантика

– судејќи по контекстите на употреба, нив ги разликува од основната *ќе*-серија поинаква модална обоеност: се чини дека тие изразуваат подлабока увереност на говорителот во остварувањето на именуваниот иден настан. Ова толкување го потврдува присуството на истата модалност кај соодветните конструкции во поречкиот говор (Б. Видоески - усна информација). Вреди да се одбележи дека во денешниот стандарден јазик конструкциите со модалната секвенција *ќе да . . .* еволуирале во друг правец и служат за изразување на „чиста" претпоставка, т.е. несигурност на говорителот, негова нецелосна увереност во вистинитоста на така оформената предикација; отсуствува и временската идна проекција на настанот. Сп., на пр.: *Тој ќе да има педесетина години.* т.е. 'претпоставувам дека тој има . . .'

Покрај *ќе*-конструкциите (и нивните непосредни функционални еквиваленти во системот каде што тие отсуствуваат), низа други глаголски конструкции во соодветен контекст на употреба изразуваат идни настани. Ова, пред сè, се однесува на нефактивните (модално маркирани) искази, но добро е познато дека и облиците на сегашно, а во експресивно маркираните искази дури и оние на минато време можат да се однесуваат на едно идно дејство, сп. искази како: *Утре патувам за Охрид., или Јас отидов.* и сл. Меѓутоа, само еден од монографистите, Голомб (1960/61, 169 н.) одбележува сериска, регуларна употреба на една друга – покрај *за*-конструкциите – перифрастична конструкција во функција на футур во Лагадинско и ја нарекува „футурум II („категоричен")", па констатира дека „формално тој со ништо не се разликува од оптативот-императивот со партикулата *да*, сепак врз почвата на контекстот јасно се означува неговата специфична значенска функција." Следуваат примери, што ги приведувам овде според Голомб, само понекогаш го проширувам приведениот од него контекст за да се гледа по можност јасно дека се работи за самостојни искази со футурска темпорална семантика, а не за субјунктив (што е примарна функција на *да*-конструкциите). Сп.: *. . . сă умирѝ мумáта и му вилѝ на н'éгу: „да пóа дóл, да си пусна вудáта."* МС, *„тóс тфóју аратлѝк млóгу стрáмлиф, ич ни јáди, глáдин заси л'éгни тóс в'éчер, да му закáрам гóр'а инó бл'ýду мáнца за да јид'é."* МС, *иднáта лáм'а р'éчи: „да пóда јáс у с'елутóму да пăтам, шó чув'ăк и тóс хѝтра Пéтри?"* МВ, *„хѝтра Пéтри, ут т'еб'а нá и стрáх. Да ти дад'éми кóлку парă ѝштиш и да си пóш утýка."* МВ, *чуфчѝјата му вилѝ: „јас да т'ą врăза тýка да сă саалáм, óти за м'ą чáкаш."* МВ, *жинáта си вилѝ самáс: „да ја ни óстаја да усл'éкни." Фáшта, ја закóл'ува и ја варѝ . . .* МВ, и натаму: *. . . ја прáи мáнца и си вилѝ: „да пóда да му зáн'еса на манцóтми мáнца на нѝвата."* МВ, *„áку ѝштиш парă, да ти дáм."* МВ, *„áку ѝмаш парă, да ти дáм мл'ăку . . .* МВ, *„да ми дад'éш иднó óку, да таа да ти гу кóвам кóн'у!"* МС, *И пуртáрину му вилѝ: „да пóја, да пѝтам, штó за ми рикáт удгóр'ą да такá за т'ą клáм н'éтр'ą"* МС, *шички сă у чéркфа, пуидѝн н'éма да м'ą вѝди, да трăгна кусим'ó да вѝдими за дóјди кóн'чату?"* МС, *„м'ą ни шт'éти и јас да дóуа гóр'ą на цумбѝшу? „да гу пѝтами цáр'у" – и р'éкуха;* МС, *„ут н'éгу са бéп – вѝли – да калéсам прóтипургѝту, диикит'éту, да му стóр'ą инá*

го́зба, за да ка́зуват такфе́с ра́бути, шту и́ма сто́рину с'а́кутри . . . МС . . . – Откако ги наредил примерите, Голомб дава и свој коментар и интересна паралела со другите балкански системи. Цитирам: „Futurum II, што генетски се изведува од оптативот . . . јасно содржи модална нијанса, имено изразува, како што веќе го нагласивме тоа, решена желба на зборувачот да го изврши изјавеното дејство. Во врска со тој модален карактер на futurum II стои фактот на неговата употреба пред сè во 1 лице. Употребата на формацијата од типот *да́ сто́р'а* (првобитно оптатив) во функција на идно време не е изолирана појава во балканските јазици. Сандфелд во својата „Linguistique balkanique", 1936, 180) пишува: 'En renvoyant à nos „Rum. studier" „§ 105, nous nous bornerons ici à mentionner le fait que *νά* + subjonctif s'emploie d'une façon independante pour exprimer la volonté ou le futur, par exemple gr. ὅτι Θέλης, νά σοῦ δωσω 'ce que tu exiges, je te le donnerai' . . . bulg. *удри ме по гъз, та да видиш* (приведени се исто така примери од албанскиот и романскиот). Cet usage se trouve développé en grec au commencement de notre ère . . . Il en est de même pour l'emploi imperatif de *νά* + subj. . . .' Па, футурската формација *да́ сто́р'а* е еден од „балканизмите". Сандфелд не ја потврдува само нејзината модална нијанса, што јасно се гледа во нашите примери." (Голомб 1960/61, 169–170). Толку од Голомб, па се чини дека неговиот коментар можеме да го прифатиме без ограда. Интересно е дека поновите граматики на димотики (Mirambel, Joseph Householder) не ја споменуваат футурската функција на субјунктивот ниту на оптативот. Релативно најблиската нијанса ја споменува Хаусхолдер (1964, 108) како „consent or promise (with first person only)" и ја илустрира, меѓу другите, со примерот: „νά ηυρίσω Πίσω καί σέ διορθώνω 'I am going to come back and put you in your place . . ." Со оглед на секогаш присутната модална нијанса кај футурот разликата е веројатно во толкувањето, а не во јазичниот узус. Впрочем, *да*-конструкции за изразување на идност им се познати и на другите јужни говори, сп. на пр.: . . . *некој ден ка да се инатоса, жа ни удави и нам. Шчо да му сториме?" – „Ја шчо да му сториме, рече еденјо: вечер ка да ленји, откен да го фати соно, да земиме секавиџа́те да му смањиме главата"*. МЦ, *Око ме натмо́жиш, да м-изва́дис очи́ти; о́ко те натмо́жа, да т-изва́да ја́ очи́ти"*. МС, *Сега́ да и́да да пла́т'а кади́ата за ка́шчата пари́те"*. В, *Тога́ш и децата му ре́коха: „да и́дими, та́те, да си глави́ми, кату шчо ве́лиш* . . . В . . . Се чини дека и овде не е без значење ни категоријата лице – имено, *да*-конструкциите се позачестени и попрородни кај 1 и 2 лице, сп., на пр.:
излези мојта леља: да ја речиш от меника кланети, да ти даде нај-малкото саханче . . . В, и сл. Интересно е и тоа дека *да*-футур е забележен на територија каде што и честицата на „обичниот" футур содржи амалгамирано *да* и каде што грчките влијанија се многу силни.

Со ова го завршувам краткиот преглед на основните средства за изразување на идни настани во јужномакедонските говори. Подолу, во главата посветена на епистемичната модалност, ќе стане збор за тоа кои се основните модални функции на *ќе-* и *да*-конструкциите и како тие се вклопуваат во целосниот систем на граматикализираните средства за изразување на нефактивни предикации.

1.5.2.2. Временски редослед на настаните (taxis). – Во претходниот параграф ги разгледавме граматикализираните средства за временската локација на настаните што се во директен сооднос со моментот на зборувањето. Меѓутоа, во процесот на јазичното комуницирање често сме соочени со потребата да го определиме редоследот на цели серии минати настани, или пак претпоставуваниот редослед на идните настани. Средствата со кои се служат јазиците за таа цел делумно се специјализирани, а делумно се поклопуваат со веќе разгледаните средства на темпоралната карактеристика на настанот. Би требало овде да издвоиме четири различни временски перспективи: *А.* во минато можеме да определиме еден настан *а.* како поранешен, односно *б.* подоцнежен во однос на некој друг минат настан. Исто така и *Б.* во иднина еден настан може да биде определен *а.* како минат или пак *б.* како иден во однос на еден друг претпоставен/пожелен/планиран . . . иден настан. Ќе се потрудиме да утврдиме како се оформуваат јазично овие четири визури во јужномакедонските говори. Ќе видиме дека и овде – како и во случајот со апсолутно временски ориентираните настани – системот за изразување на временски односи во минато е поразграден во однос на оној врзан со футурската перспектива.

Пред да поминеме на преглед на соодветните глаголски конструкции, треба да се потсетиме на уште една многу важна околност, на една релевантна разлика меѓу „апсолутното" vs „релативното" време (т.е. tense vs taxis). Имено, додека за настаните што се во директен сооднос со моментот на зборувањето, глаголските времиња (глаголските временски форми и/или перифрастични конструкции) претставуваат основни изразни средства, редоследот на настаните најприродно и најексплицитно се изразува на чисто синтаксичен план, т.е. со помош на таканаречените темпорални реченици, односно на нивните адвербијални кондензатори. Со други зборови, во изразувањето на редоследот на настаните глаголските времиња обично функционираат во тесна корелација со други изразни средства и им се потчинуваат на нив. Ова е разбирливо со оглед на фактот дека моментот на зборувањето – како точка за временска ориентација – е даден со самото постоење на текстот, додека секој друг момент – за да може да ја врши таа функција – мора експлицитно во текстот да биде именуван. За јазичните средства со кои се постигнува тоа ќе стане збор подолу, во главата примарно посветена на сврзничките предикати (во вториот том). Следствено, треба да бидеме свесни дека она што следува е само навестување на една богата проблематика на која ќе се вратиме подоцна.

А. редослед на минати настани. – Како што веќе споменав, средствата за изразување на редоследот на настаните во минато, се побогати од оние што служат за изразување на редоследот во иднината. Имено, само за изразување на редоследот на настаните во минатото македонските дијалектни системи располагаат со посебни, специјализирани глаголски конструкции.

А.а. q ПРЕД p, т.е. настанот *q* му претходи на настанот *p*, односно: настанот *q* е антериорен во однос на настанот *p*; значи: настанот *q* го

ситуираме во време во однос на настанот *р*, кој претставува наша ориентациона точка. За изразување на таков временски однос служат глаголските конструкции познати како *plusquamperfectum*. Во македонските воопшто, а и во јужномакедонските глаголски системи наоѓаме неколку конструкции од ваков вид, но само една од нив се опишува обично како предминато време, па од тоа предминато време ќе тргнеме во нашиов преглед.

Под предминато време се подразбира перифрастична конструкција составена од имперфект на помошниот глагол *сум* + *л*-формата од основниот глагол, т.е. типот *бев дошол, бев читал* и сл. Самиот факт дека во таа конструкција влегува *л*-формата прави (1) нејзината географија да потсетува на онаа на минато неопределено време (сп. погоре § 1.5.2.1.1.), и (2) таа да има две функции зависно од тоа дали се јавува во дистанцирано или во директно кажување. Изразувањето на антериорност во минатото е врзано за директно кажување. Значи, поради отсуството, на *л*-формата на тој ареал нема да ја најдеме разгледуваната конструкција во западниот дел од јужномакедонскиот ареал. Меѓутоа, дури и во централните и во источните говори оваа наша конструкција во живата реч претставува реткост. Имено, токму поради фактот дека има многу начини да се сигнализира редоследот на настаните, таа по дефиниција е факултативна и претставува потенцијален и сразмерно ретко употребуван член на глаголскиот систем. Се појавува кога говорителот сака посебно да ја нагласи антериорноста на некој настан и - како сите факултативни решенија – зависи и од субјективната наклоност на говорителот да се послужи токму со неа, т.е. спаѓа во идиолектот или, поточно, од идиолект до идиолект нејзината фреквентност многу варира. Најпосле, покрај сето погоре речено, оваа конструкција на целата јужномакедонска територија конкурира со plusquamperfectum базиран врз помошниот глагол *има* (сп. подолу) којшто обично – можеби поради поизразената резултативност – е пофреквентен од неа.

Во мојот корпус во текстовите од Кајларско и од Мегленско не ја наоѓам конструкцијата од типот *бев дошол,* таа не се споменува ни во монографските описи на соодветните говори од Дрвошанов и од Бојковска. Не најдов примери ни во текстовите од Еницевардарско. Прва позитивна белешка и први примери наоѓам во монографијата за дојранскиот говор од Пеев. Имено, во § 5.97. тој го споменува предминатото време и дава примери: *. . . би́хме пусáднáле прáт пóртáтă; о срáтéх, би́ше купи́л нéшчо; три пáтă бих зáвăртéл* . . . (ПДој, 92) – посебно репрезентативен е вториот пример; од наведениот фрагмент експлицитно се гледа (1) дека во игра се два (вклучувајќи го моментот на зборувањето – три) настана и (2) дека во временскиот, линеарен распоред на самото кажување прво се именува настанот што претставува ориентациона точка во минатото, а дури по него – антериорниот настан формализиран со помош на pslusquamperfectum. Токму овој редослед во приведувањето на настаните, обратен во однос на природниот редослед на нивното одвивање во минатото, претставува директна мотивација за употреба на предминато време. Избирајќи го овој начин на раскажување, гово-

рителот како да се предопределува за посебно – ex post – сигнализирање на антериорноста на настанот споменат како втор во процесот на линеаризацијата на текстот, односно, со задоцнување решава да го приведе и тој антериорен настан па мора да прибегне кон посебно средство за да ја сигнализира неговата антериорност. Останатите примери што Пеев ги наведува како илустрација за предминато време, за жал, не носат контекст доста широк за да дозволи еднозначно толкување – или се именува само антериорниот настан или пак редоследот не е јасен. Еве ги досега неприведените примери: *. . . бихте сă răспрăкăжувáле; . . . би́ше сă исфăрлил; кă уддéх бише сă нăjăдéл* (? – редоследот на настаните е нејасен); *тóги бах сăднáл; тýка гу бjах устăви́л.* Интересно е дека од релативно големиот корпус текстови приклучени кон дојранската монографија најдов само еден пример на употреба на предминато време, сп.: *Ама тō нāшто ѓавулче, тō мăлечкуто, óн гă-кăжá рăбóтта, тā вéчăр кá бēме сă-збрáли тýка.* ПДој. Овој пример убаво го потврдува она што го рековме погоре во врска со линеаризацијата на текстот и редоследот на настаните – и овде антериорниот настан е именуван ПО постериорниот и неговата антериорност треба посебно да се одбележи. Целава дојранска слика наведува на заклучок дека предминатото време е една категорија кон која почесто се прибегнува во директен разговор отколку во раскажување приказни. Би можеле да ризикуваме претпоставка дека во директен разговор почесто го нарушуваме природниот редослед на настаните, па сме принудени ex post тоа да го исправиме.

Наредната серија примери ја наоѓаме во монографијата за кукушкиот говор од Пеев. Еве некои од нив: *дýр кá сă-răзбудúх, видéх óти би́а си-уддéли; – кá-j видéх, они би́а флизéли гáаре . . .* ПК, *Зéт-ми сакá тук да-дóјде, би́и гу-свали́ли ут-алтубýзо, би́и гу-варнáли нasáт.* ПК - во последниов пример редоследот на настаните е нејасен; натаму: *Саварнáа адни́ чувéци, Гáрцте би́а ги-исклáли.* ПК. Тука се и примерите со редоследот на настаните корелиран со редоследот на кажувањето, сп.: *. . . би́ше скукнáл уф-Ѓóл'о та-куртулисáл, áj-го óште-j жи́в; – би́ме уддéли дилéко ут-сéлто кá запукáа ут-кăт-Кýкуш.* ПК.

Поради реткоста на конструкцијата ги приведувам сите – не многуте бројни – примери најдени во текстовите приклучени кон монографијата на Пеев: *И ф-тō врéме адúн пóлк имáл кăм Петри́ч вójска, не би́ла нă-фрóнто, óна дуjдé, с-укупи́ре уд-Мóкрăне нă-зă-Нóво Сéло, дă-прăсéче Струмичко Пóле, дă-зáпре мáлко гăрчкăта вójска, да зăдăрже. И сăбăjл'та кá стăнýвăт, нáште би́а пушти́ли гувéта, брáт-ми с-другáре . . . Тúй вуjни́цте ви́кăт: „Дéк ќ-ójте дéца, нăзăт гувéта . . ., Збрă-ги и стăрте вуjни́ци. Бил' дýри и тáтку-ми биа гу-зимáли вуjни́к. Пá имáл кăсмет, пред дă-сă-пóчне вуjнáта гу-пушти́а . . ., А пă мóо дéдо пă би́ше вуjни́к, týрски вуjни́к би́а гу зимáли. Уф-Сéр би́ше.* – последниов пример е убава илустрација на еден типичен редослед: една случка (настан), па предизвикана од неа состојба – случката е формализирана во предминато време, состојбата во минато определено. Натаму: *Jáс зéх, о-răсипáх ни́кáфут шó-би́ше прăви́л свéкрут, кá кăжá дéлто да-j-кýпиме ти́а ни́ви, И мájките си-j-устăвáа дéцта пу-пăто. Видéх, já уд-Куцу-*

мъ́рли́а, та́-j уф-Со́фја, сја́а не́-j же́нна, друга́рка ми-би́ше, за́дно учи́ме, гъ́-уста́ви́ла мајка́-j, нъ́-мо́ж дъ́-а-но́се ви́ќе га́аре. Арно ама уд-Куцумъ́рли́а а-но́ѓе кумши́кта, ре́кла: то́о кили́мче-j нъ́-ба́пта Ру́шка и мо́мта не́јна-j. Гъ́-зе́ла. И та́ка́ ка́ съ́-стигна́ли и гъ́-да́де́ мо́мичката, за́дно учи́ме би́ле. – примерот е нејасен, се чека: **бевме училе.* Коментар бара и наредниот пример – го приведувам сосе контекстот: *И ка́ дујде́ про́литта, о́даа на́ште уф-Со́лан и бъ́лгъ́рска вујска́ има́ло, а́с не би́х ути́шъ́л, на́ште ста́рте о́даа. И бе́ше кулу-Гъ́рѓо́вден о́ни зима́а гра́ниците придили́а.* – ориентационата временска точка на раскажувачот е моментот на поставувањето на границите – во однос на тој момент неговото неодењево Солун е антериорно. Најпосле, сп. и: *И фъ́ти́ме нъ́-го́ре пу-пла́нинта. Тугај би́ пра́вили но́в пъ́т жъ́де́, вујна́та зна́че прави́ла. И та́м вујни́ци зъ́ста́на́ли, гурни́на дек има., И на-дру́гъ́та де́н дујде́ то́о чуве́к шо би́ше му-ка́жа́л зъ́-дъ́-нъ́-дуне́се. . . .*

Наредните неколку примери доаѓаат од текстовите на Малецки од Лагадинско: *Иди́н д'е́н' му би́ха дука́рали на ца́р'у ин'е́ иримби́ци и му ги стигани́саха и то́с ги з'е́ да ги зака́ра на ца́р'у.* МС, *Пујно́ вр'ъ́м'а има́ши ино́ д'ъ́т'а питна́јси, шисна́јси гуди́ни; би́ши уче́л кутý у Ати́на, са би́ши фа́тил у иди́н чурбаџи́ја да пруда́ва пуртука́ла.* МС – еден пример прилично карактеристичен за контекстите на употребата на предминато време. Имено, приведениот фрагмент претставува инципит на една приказна, па од него јасно произлегува дека учењето и вработувањето на јунакот му претходело на моментот во којшто почнува приказната. Натаму: *. . . дур да си по́ј то́ј дума́, ца́р'у си би́ши уче́л по́напр'ъ́т.* МС, *„Какфа́ ра́бута ти – гу пи́та – дур с'ъ́ би́ши магар'а, да с'ъ́ ста́на чув'ъ́к!" „та́тку м'а има́ши пукална́нт, да би́х ста́нал магар'а, с'ъ́ м'а прусти́ та́тку, ста́нах чув'ъ́к."* МС, *Ста́на Але́ксандро́ту да ја бра́ка аѳа́нато́ту во́да, с'естрит'ъ́му ја би́ха испи́ли; ги пи́та: „д'е́и, ту́к има́х дв'ъ́ шиша́нта во́да?" „ги спи́хми ни" . . .* МС, *И съ́ би́ха субира́ли ши́чкит'а аратли́ци о́кул грубо́, ги разгл'е́да ши́чки ко́н'у и гу пузна́ но́с, шту му да́ди фарма́јк' . . .* МС – еден пример што го докажува не само присуството на plusquamperfectum во глаголскиот систем на говорот ами и неговата факултативност; имено, не само собирањето туку и давањето отров му претходело на моментот на „прегледот", а сепак последното е оформено во минато определено, а не во предминато време.

Лавров, опишувајќи го јазикот на приказните од Верковиќевата збирка, не го споменува предминатото време, но тој и инаку само патем ги споменува перифрастичните конструкции, и тоа главно од гледна точка на нивните морфолошки компоненти, така што не нè чуди дека во текстовите на приказните сепак наоѓаме примери на употреба на plusquamperfectum, сп.: *И тја́нака са въ́рна́, оти́де на́ гора́та; бе́ши умръќна́ло.* В, *Тамо, дека вр'авиха тос лаф, ету на пъ́нто беши изл'ал един стар д'адо сос бела брада до појас, му вели на гъ́рците: . . .* В, - пример со посебно јасно истакнато резултативно значење кое инаку за предминатото време претставува факултативно обележје. Натаму: *Има таму едно жр'апче от едно време, татку ти гу беши оставил . . .* В, *. . . ножут кату бръ́ках, најдох един камиларин та на него му вел'ам: шчо*

сакаш, побратими, тука? Тој ми отговори: камилите со сѐ товара а беши загубил нетри в бостанот, не можа да ги најди. В . . . Најдов еден пример со тотално нарушена consecutio temporum, сп.: *Така вечерот, кату заспали кумшиите и домашните всите, тогас излезе жената дол на будрумот и зела остро нокче, да беши заколила прасѝнто, без да цикни хич.* В – глаголските конструкции се овде измешани не само во однос на taxis, ами и на определеноста; судејќи по други особини (*за < ште да*) текстот е од Лагадинско и сведочи дека раскажувачот го загубил чувството за функциите на одделните глаголски формации, веројатно под грчкото влијание.

Од текстот на кулакиското евангелие приведувам пример на предминато неопределено време чија примарна функција во случајот е – се чини – да се одрази временскиот редослед: . . . *и сă прикажýваши на сфéтут тáмо шо би́ле сă субрáле* . . . ВК

Не најдов ниту еден пример од типот познат во други македонски говори со формата *беше* неутрализирана по број.

Да сумираме: често приведував прилично широки контексти за да докажам дека во текстовите со кои располагам предминато време секогаш изразува антериорност во однос на некој друг момент во минатото. Ова ми се чинеше потребно бидејќи Б. Конески (1982, 483), а по него и Пеев (ПК1, 267) пишуваат дека секундарно предминатото време може да изразува апсолутна минатост (т.е. минатост во однос на моментот на зборувањето). Во светлината на мојот материјал во источните јужномакедонски говори таква употреба на предминато време не се среќава. Примерите со кои Пеев ја илустрира, за жал, не ги најдов во текстовите отпечатени во неговата монографија, а бидејќи во самиот текст на монографијата тие се дадени со многу скудни контексти, со тие примери неговата теза не може ни да се докаже ни да се побие. Што се однесува до нејзината географија, конструкцијата од типот *бев дошол* како основен експонент за предминато време е присутна во глаголските системи на југоисточните говори (почнувајќи од Дојранско и Кукушко), но не и во југозападните. Таму каде што е присутна таа конкурира со конструкцијата од типот *имав дојдено* според принципот: /+/– резултативност/ vs /+ резултативност/.

Кај непреодните глаголи со *бев дошол* според истиот принцип конкурира и поретката конструкција *бев дојден*, сп.:
си-би́а бдни; ас дујдéх, ама ви́а си-би́хте лéгнини. ПК1, 267.

Вреди да се истакне дека кај предминатото време, чија константна карактеристика е двојниот однос кон временската оска, резултативноста секогаш латентно е присутна.

Најпосле, со оглед на фактот дека – како што споменав погоре - предминатото време само факултативно се здобива со посебна морфосинтаксичка формализација – се поставува прашањето дали има и кои се контекстите во кои тоа почесто стекнува експоненти на морфосинтаксички план. Горните примери ни откриј еден тип такви контексти. Имено, бидејќи обично линеаризацијата на текстот директно го от-

сликува редоследот на настаните, нарушувањето на таа корелација бара посебни сигнали за да се воспостави редот на настаните. Со други зборови, ако е редоследот линеарно инвертиран, т.е. ако го споменуваме антериорниот настан по постериорниот – што во живо кажување не е ретка појава – тогаш антериорноста се сигнализира на морфосинтаксички план (сп. погоре).

Во југозападните говори, каде што отсуствува конструкцијата од типот *бев дошол*, антериорноста во минатото се изразува со типот *имав дојдено*. (Сп. ја паралелата во однос на типовите *сум дошол/имам дојдено*, чија географија и функционална карактеристика е дадена погоре во § 1.5.1.2.2.3.). Сп.: *Тој фати да се уми, не знјäше ка да стори. Тој „шчо да гу-зе валко“ му мјäше речено шчо „да не дош тамо“.* МЦ, *Бјä ен маш и ена жена. Дур на четирјесе године не-мјäје родено. Имјäје кашчјäте далечне тамо. И така јо фати роденјето, тас роди ен дјäте на четирјесе године.* МЦ, *Царицата ка чу сика, и дојде жљä, и упитви царатого, ако и да изин за да ој у шчерка-је, зош дур тогас ју мјäје сторено аша, не ј-умјäје веке за чупа.* МЦ . . . И Шклифов во својата монографија за долнопреспанскиот говор го споменува типот *имä дојдено* како „минало предварително“ (ШД, 81); во текстовите приклучени кон неговата монографија наоѓаме примери на употреба на оваа конструкција, сп.: *. . . éдно сáбајле мáјка, стри́на си го и́маа запéлено óгно . . . и кóку шо са стéмна, тргнаме по ули́ците нáгоре . . .* ШД, *Шчом излéгваше Денúцата, и́маше éден óстен скóкнато от планúната, тóгаа знáемеф, дéка ке и́ма уште двá-три сáати за да óсуни.* ШД . . . Во својата костурска монографија Шклифов пак го споменува „минало предварително време“ како „. . . действие, което се е вършило преди друг минал момент: *Гу и́ме нáписáно пúсмото, кóга дóјде пустацúјата дá гу зéва.*“ (ШК, 84) . . . Во монографијата за кајларскиот говор од Дрвошанов читаме: „Од формите сложени со *има/нема* се употребуваат конструкциите: *има дојдено* и *имаше дојдено.*“ (ДКај § 197). Натамошни примери нудат текстовите од Енидевардарско: *. . . пуле на кај крушата, шо а имаше убесино кожата . . .* УЕ, *Кога си помисли попот . . . на клетвата шо си а имаа кладено миґу них . . . му вели . . .* УЕ, *Кога мија фаќат та пуста самовила а направиле партали да летат уд неа, ни мравка да наможи парче да фати уд неа. А ошче пре да ја распартал'ат детето му имаше кажано на арслајната сáмо црното дроп да му гу устават цéло . . .* УЕ . . .

Конструкциите од типот *имав дојдено, имав кажано* и сл. во западните говори примарно изразуваат антериорност во минато, додека резултативното значење се појавува како факултативно или, поточно речено, во некои контексти речиси не се чувствува. Ова се должи на фактот дека во функција на предминато време овие конструкции во југозападните говори барем кај транзитивните глаголи се без конкуренција. Кај интранзитивните и овде, како и на останатата територија (в. погоре), со нив конкурира типот *бев дојден* – го споменуваат и монографистите Мазон (1936, 89) и Шклифов (ШК, 94). Сп.: *. . . сви тúа бјäје дојдéни за да чýве зборовúти тогóви . . .* МЕЦ, *Тóзи врјäме кóга Рúстос ишчјäше да óди во éна касáба шчо се зовјäше Јерихó њäкој шљäп бјäше сјäнат на пáто и питјäсе . . .* МЕЦ, *И свúти алаýсти шчо*

оде́ни да ви́де Ристо́са, ка видо́е сја́зи шчо се сторѝе, се варна́е бигранди́ти тја́мни. А сви́ти позна́ти того́ви бја́е застана́ти от дале́ку, и женја́те шчо бја́е дојде́не по не́го от Галиле́а пулја́е сја́зи. МЕЦ, *Ку́зо Ша́муф бе́ше у́мрѫан, ко́га же́нта му су де́цата ути́де при не́го у Стра́лија.* ШК . . .

Се разбира, нашето толкување на типот *бев дојден* како резултативно предминато време (plusquamperfectum) нѐ соочува со проблемот на пасивните конструкции од типот *бев сместен, бев учен* и сл. Согласно со македонската граматичка традиција, а која наоѓа мотивација во состојбите во словенскиот глаголски дијасистем, конструкциите од типот *сум сместен, сум учен* и сл. не ги вклучуваме во глаголската перифрастика (сп. погоре, § 1.4.4.). Меѓутоа, не можеме да не го нагласиме фактот дека меѓу конструкциите *сум учен/научен, е читан/прочитан . . .*, од една, и *бев учен/научен, беше читан/прочитан,* од друга страна, има разлика во однос на обележјето /+/– резултативност/. Додека кај конструкциите со помошниот глагол во сегашно време тоа е факултативно и неговото присуство зависи главно од лексичката семантика на глаголот и од глаголскиот вид, кај конструкциите со помошниот глагол во имперфект тоа претставува константа; со самото тоа тие имплицитно посочуваат предминат настан чиј резултат го изразуваат. Во тоа и се состои нивната категоријална врска со „балканскиот" тип *сум дојден/бев дојден* којшто – не случајно, се чини – е регистриран само кај глаголите од свршен вид. А еве некои репрезентативни конструкции со транзитивни глаголи во функција на резултативен plusquamperfectum: *А-де́чкете бе́е научѐни: ако до́јде не́кој по-ва́м и-ви́ја да-ви́кните . . . Ти́ја (де́чкете) ка-дојдо́е до-кри́-вра́тата и-викна́е . . .* ВН, *Напкум царот си а зева истераната ќерка, шо беше смистена пу ќушијнта у дворот, си ја наместува у палатут . . .* УЕ . . .

А.б. q ПО p, т.е. настанот *q* следува по настанот *p*, односно: настанот *q* е постериорен во однос на настанот *p*; настанот *p* претставува ориентациона точка во однос на која го ситуираме настанот *q*. Значи, има корелација меѓу хронологијата на настаните и временскиот тек (изградбата, линеаризацијата) на текстот. Таков природен редослед на настаните обично не се изразува со посебни морфолошки средства. Во случајот на македонскиот и воопшто на словенските јазици, покрај линеаризацијата, односно во тесна корелација со неа, функционира глаголскиот вид. Меѓутоа, македонскиот стандарден јазик располага со една глаголска конструкција која, покрај другите функции, служи за изразување на постериорност во минатото како модална категорија. Именно, се работи за формализација на настанот за којшто говорителот претпоставува дека ќе се случи ПО одреден минат настан – за тоа служи таканаречената „минато-идно време", т.е. конструкцијата составена од честицата *ќе* + имперфект од основниот глагол. Б. Конески (1982, 491-2) пишува: „Со ова време се означува минато дејство што се одредува како идно од гледна точка на некој друг минат момент, бидејќи му последува. На пример: *Се збираа, ќе одеа в град.*" и натаму ја илустрира оваа констатација со „примери од текстови: *Синовите знаеја дека*

подруго не може и, како да речеше Ефта, тие пак ќе одеа (В. Малески). – *Тука Коле ја поголта сувата коринка што ја џаволеше и го накрена букарето со вода да ја потурне надолу, оти му застана во грчмакот и ќе го задавеше. – Кога ја виде дедот Петко, ќе паднеше и тој во несвест како Илка* (С. Попов)." Од примерите јасно се гледа дека станува збор за претпоставки, а не и за факти. Се налага врската меѓу обележјето /– фактивност/ и честицата *ќе* којашто покажува исто обележје и во конструкциите за „апсолутно" идно време сооднесено со моментот на зборувањето (сп. погоре § 1.5.2.1.3.).

Во македонските говори функција futurum praeteriti вршат неколку перифрастични конструкции. Од нив во јужните говори се регистрирани конструкциите: *ќе одев, жа/за* (< *ќе да*) *одев, сакав да одам* и – во конкуренција со нив – субјунктивната конструкција *да одев.* Не ги набројувам тука посебно дистанцираните и резултативните (т.е. базирани врз перфектот) конструкции од типот *ќе сум одел, ќе имав дојдено* и др., што ќе се појават подолу меѓу примерите. З. Голомб, кој на овој проблем му ја посвети својата хабилитациона дисертација, сите нив ги супсумира како „conditionalis typu bałkańskiego" и меѓу трите нивни главни функции, покрај правата кондиционална и итеративно-хабитуална, ја разгледува и темпоралната функција на futurum praeteriti, при што се користи главно со објавените дијалектни текстови (Голомб 1964). Подолу ќе приведеме дел од неговите примери. Овде ќе ја документираме само темпоралната функција, додека основната дискусија за статусот на *ќе (сака)*-конструкциите во глаголскиот систем на јужномакедонските говори ќе ја водиме во наредната глава, согласно со нашето уверување дека се работи за модално маркирани конструкции.

Конструкцијата од типот *ќе одев,* идентична со стандардната, има географија плус/минус паралелна со онаа карактеристична за типот *ќе одам* (сп. погоре § 1.5.2.1.3.), т.е. не ја наоѓаме на западната нити на источната периферија. На централниот ареал, т.е. во главнината на јужните говори, конструкцијата е присутна, иако нејзината фреквенција варира во зависност од фреквентноста на другите горенаведени изофункционални типови. Во Граматика по македонски език („Неа Елада", Македонски Отдел 1953, 124–125) токму оваа конструкција е дадена како основна (покрај *сакав да . . .* – сп. подолу) со коментар: „Минало предстојаште време означава дејствие, кое се јавјава како предстојаште или будуште спрема миналио момент, за кој се говори, на пр. *Партизанскио отред пристигна рано во подножието на височината, от дека ке атакуваше . . . непријателските позиции. . . .*" Голомб (1964, 46) наведува и локализирана потврда на постоењето на типот *ќе уодек* во селото Бапчор во Костурско, покрај *сáќе(к) да óда.* Шклифов во својата монографија за костурскиот говор го потврдува овој последен тип (сп. подолу), меѓутоа првиот не го споменува. Од *„ќе*-парадигмата" наведува „бъдеще предварително време: *ке ѝмам ојдéно . . .*" и го карактеризира како „. . . бъдеще действие, което ще бъде завършено преди бъдещия момент, за който се мисли или говори: *Ке им бјдено за дâрва дуркóга си приготвиш ти́ магáрето . . .*" Го цитирам ова, иако не се однесува директно на нашиот проблем, бидејќи горното толкување на резултатив-

ната серија *ќе имам оjдéно* претставува фон потребен за да се разбере временската перспектива прифатена при толкувањето на серијата *ќе и́ме оjдéно* којашто непосредно спаѓа во нашата тема. Цитирам: „. . . бъдеще предварително време в минало: *ќе и́ме оjдéно* . . . действие, за което се предполага, че е щяло да се осъществи в миналото преди друг минал момент, за който се мисли или говори: *Ке и́ме оjдéно и jáс о Мéрика, áку и́ме пáри. Ке имáше завършéно бългáрцко скóл'je, áку бългáрите бее дojдéни. Ке е и́ме изорáно ни́вата, áку не бéше постáнат вóло.*“ (ШК, 94). Како што се гледа од приведеното, од двете секогаш присутни временски димензии на една резултативна конструкција Шклифов тргнува од онаа антериорната – според таквото толкување секоја резултативна конструкција изразува „предвременост“, т.е. антериорност. Меѓутоа, за нас е овде интересен временскиот однос внатре во рамките на приведените условни периоди – имено, во тие рамки *ќе*-конструкцијата се јавува во очекуваната функција на futurum praeteriti; нема колизија меѓу оваа функција и резултативниот карактер на конструкцијата. – Претставената слика наведува на заклучок дека и *ќе*-серија и *сака да*-серија можат да се појават во Костурско во инаку не многу фреквентната функција futuri praeteriti; теоретски можниот постар тип *за оде(к)* никаде не се споменува. Впрочем, приведените примери – сите од Шклифов и во функција да го илустрираат неговото толкување – како примарна ја сугерираат модалната („права“ кондиционална) функција на *ќе*-серијата, а не нејзината темпорална функција.

Во својата монографија на долнопреспанскиот говор Шклифов ги набројува истите две перифрастични серии, т.е. „бъдеще в миналото: *Ке óдеф . . .*“ и „бъдеще предварително в миналото“, последново пак илустрирано со примери од перфективната *има*-серија, меѓу другите: *„ке и́маф зготвéно* – действие за което се предполага, че е щяло да се извърши в миналото преди друг минал момент, за който се мисли или се говори: *Ако нé сташе гýрултијата, ке а и́меф нáпраено кýќата; И jäс ке а и́меф нáпрендено рáботата . . .* áма ме фáти тáксирата, жéната са рáзболе тéшко . . .; Ако стáвеф по-рано, ке и́меф свáршено дéнес рáботата . . .; Ако óдеф пóрано на éзеро, ке и́меф нájдено трска . . .“ (ШД, 81) – примериве без исклучок ѝ припаѓаат на модалната, а не и на временската серија, исто како и оние од Костурско. Конструкциите што Шклифов ги нарекува „бъдеще предварително в миналото“ претставуваат директна паралела на грчкиот тип Θα/Θενὰ εἰχα δεμένο и сл. што Тумб го преведува како 'ich würde gebunden haben' и го нарекува „Condicionalis der Vergangenheit“, т.е. временската дистинкција ѝ ја подредува на модалната (Thumb 1974, 156).

Понаисток ни во Кајларско ни во Мегленско не ја наоѓаме конструкцијата од типот *ќе одев*. Во Дојранско ја наоѓаме како форма, но сите примери – ако не се од хабитуално-итеративен тип – сочинуваат дел од условните периоди, сп.: *дă путрájше ки нăви́книше, д-бjше нă дóктур ки уздрăвéjше ду сă . . .* ПДој, и сл. Иста е ситуацијата и во Кукушко, сп., на пр.: *Дуjдé аскéро, бăстисá сéлто, ќи-гу-зăпáл'аа, ама бéго, сéлто би́ше бéгуво, не-ддé., . . . ни́ко ак-не-j брáнше кучи́нта,*

ќи-ма-раскѝнаа . . . (ПК1, 270). Сп. и: *Нѐкуј сирмáх чувѐк купѝл риби, ќи-ј нóсе да-ј прудáве пу-сéлта.* ПК, *Тéјко дујдéл уф-Струмица, та ќи сме-удѝли пáк уф-нáшто, Кукýшко.* ПК.

Повеќе доста уверливи примери (во смисла: примери кои дозволуваат временска, а не само модална кондиционална интерпретација) доаѓаат од текстовите на Угриновски од Еницевардарско. Еве некои од нив: *Вѝја сăте лăжите, сăте си фалите, сăте избигахте кога беше најл'утата борба и кога душманут ошче малце ќи ни ја зеваше пристулнината.* УЕ, . . . *ама вија две мина братќа вадин задраја адна́ тýрцка мóма и áко нѐ бéхме нѝја, кój знáј шó ќѝ стáнише.* УЕ, *Ох, мори моја верно булко, сăте коски ми бол'ат уд тија пусти нејни кучијна увчера, за малце ќѝ одех пу врагот* . . . УЕ, *Как ќи ми беше на менка, кога бехме малечки да ми уставише сама у урманут?* УЕ, *Грешката е вашча шо не ми фрлите ошче подăбоко у морето, п ќи вијхте су какво билјук овци ќи испаднише чичкови.* УЕ . . .

Последната серија примери доаѓа од кулакиското евангелие. Ќе ги приведам според Голомб (1964, 53–54) и со неговото толкување, ограничувајќи се на оние примери што можат да се протолкуваат во рамките на темпоралната функција futurum praeteriti. „Przytoczmy najpierw przykłady niezależne od verba dicendi czy sentiendi osób trzecich, a więc nie wchodzące w oratio obliqua: *óти у-тáму ки замѝниши* 'car c'est par là qu'il devait passer' (Kul. 230); *си мóлиа вóнка на саáтут шо ки испáдниши тимњáнут* '. . .à l'heure où on allai encenser' (Kul., ibid.); *умдѝсахми шо вá да бѝди шо ки утнѝниши на сфѐтот* 'nous espérions que ce serait lui qui soverait le peuple' (Kul., ibid.) itp. Z kolei mamy dość regularne użycie formy imperceptywnej typu *ќе сум одел* po verba dicendi i sentiendi osób trzecich, czyli w oratio obliqua. Oczywiście, nie ma tu pełnej konsekwencji: formy imperceptywne przeplatają się z perceptywnymi w zależności od tego, czy autor traktuje cudze słowa jako oratio obliqua, czy jako cytat, przy czym punkt widzenia autora może się zmieniać w trakcie wypowiedzi, np. *И ричѐ на них: . . . Да чýдби на тѝи шо ки верувáле такфѝи ки сă чинат за нѝх: су мójто ѝми дјáволи ки истѐрат; ки прикажýват нóви изик; змѝи ки утепáле; сéкој турл'ý зѝр шо ки пијат, нѐ ј кабил да му влáпса; на бóлнити ки сă клавáле рацити, и ки сă лекýват* (Кул., стр. 333). W powyższym urywku z Ewangelii formy imperceptywne mają na tle ogólnego kontekstu semantycznego wartość czasową futurum praeteriti. Warto też zaznaczyć wypadki, kiedy futurum praeteriti w formie imperceptywnej pełni funkcje przypuszczenia w przeszłości, np. *и как нѐ му са́ нáшле на снáгата му, дóшле, ém рéкле на нáс гијá ки видéле сéнка Аγγελ-цка, да му сă рéкла на нѝх гијá уживé* (Кул., стр. 253) 'i gdy nie znalazły jego ciała, przyszły i powiedziały nam, jakoby miały widzieć zjawę anielską i rzekła im, jakoby zmartwychwstał.“

Конструкцијата *жа одев* во функција на futurum praeteriti, којашто е карактеристична за Корчанско, ќе ја илустрирам со примери од збирката на Мазон во избор на Голомб (1964, 54): *„морéто јо завéде ѓето жа се убесвјäше мáж-је* 'la mer la porta jusqu'à l'endroit où devait être pendu (ou serait pendu) son mari, *Тија жа једјäје вечера. Видоје от се мбодиса старецо: урва еден от нијс.* (Les lions) allaient manger le souper. Ils virent que

le vieux s'attardait: l'un des deux descendit (le trouver). *Тамо ќе жа сенвјäше Куми-Ѓон, не-'мјäше шчица* 'Une planche manquait là où Compère-Jean allait s'asseori' itp." Цитатот продолжува со коментарот на Голомб: „W gwarze tej uderza jednak stosunkowo rzadkie użycie formy typu *жа* + imperf. w funkcji czasowej futurum praeteriti. W funkcji tej jest ona najczęściej zastępowana przed *да* + imperf., a więc przez subiunctivus imperfecti." (loc. cit.). За конструкцијата *да* + имперф. сп. подолу. Во Костурско ја наоѓаме конструкцијата *за* + имперфект во функција на futurum praeteriti (усна информација од Р. Шмигер, од село Нестрам), меѓутоа, на исток, во Лагадинско, таа не е регистрирана, иако хипотетично би можела да се очекува таму. Се гледа дека во многу говори отсуствува формална корелација меѓу основниот тип futurum и futurum praeteriti, па секоја од двете *ќе*-серии има своја географија, при што ареалот на типот *ќе одев* е поограничен во однос на оној на *ќе одам.*

Во текстовите од Верковиќевата збирка наоѓаме и неколку примери од типот *исках/ишчјах да ода,* сп.: *. . . и жената му тешка си чини, веки искала да роди.* В, *Јазе вунка по суха земја ишчјах да умра.* В . . . Примери од таков тип најдов и во текстовите на Малецки од Сухо: *. . . как р'éчи да смýкни идúн кóкал, му утúва на грлуту и úштиши да сă удáви бириќáт јас тýк сă лáхах, гу фтúснах за грлуту и кајдúса кóкалу у устáта и гу звáд'ахми.* МС, *. . . и на пант'ó са разбул'á, úштиши да умр'é . . .* МС – постоењето на конструкцијата од типот **хътéахъ* + subiunctivus praesentis веројатно го објаснува и она отсуство на типот *за бјäх* што толку нашироко го коментира Голомб (сп. подолу). Во Верковиќевата збирка во текстовите од Еницевардарско и од Серско го наоѓаме и типот *штјах* + неменлива форма од основниот глагол, нешто како инфинитивот, што може да биде архаизам, но и директен калк од грчкиот тип ἤθελα δέσει/δένει/ (сп. Thumb 191, 156): *. . . и шчеше саóри кăшчата, катó фăрли тóрбáта.* ВС, *. . . като шчал испијă вино-то, от устă-тă му затичали алтањă . . .* ВС.

Интересна балканска иновација претставува конструкцијата од типот *сакав да одам,* што се шири во централниот дел од јужните говори. Соочени сме овде со обновување на старата шема **хътéахъ da* + презент по пат на воведување во неа на глаголот *сака,* т.е. денешниот основен експонент на содржините сврзани со **хътéti.* За балканските паралели сп. Конески 1986, 202. Голомб коментира: „W związku z tym, że czasownik *сакам* w interesujących nas gwarach zachowuje swą normalną wartość leksykalną, w wielu wypadkach omawiany typ konstrukcji jest ambiwalentny: może jeszcze być interpretowany jako luźna konstrukcja frazeologiczno-syntaktyczna z pełną wartością leksykalną składowych członów lub już jako forma peryfrastyczna nowego conditionalu, przy czym ta ostatnia interpretacja zależy głównie od kontekstu . . ." (Gołąb 1964, 47) И натаму: „Ten strukturalnie stary . . . a materiałowo nowy typ conditionalu w gwarach południowomacedońskich z zachowaną jeszcze w wielu wypadkach funkcją leksykalną czasownika posiłkowego wydaje się świeżą kalką z nowogreckiego, reprezentującą niejako drugą falę interesującego nas „bałkanizmu" . . . (loc.cit.)

Одејќи, како обично, од запад кон исток, првата трага од конструкцијата *сакав да* ја наоѓаме во Костурско. Првата информација доаѓа од информаторот на Голомб, Т. Николовски од село Бапчор (сп. Голомб 1964, 46). Неговиот пример (приведувам според Голомб) гласи: *сакé(к) да уода да играм, ама не ме пушчи татко ми* . . . Според Николовски, типот *сакав да одам* се јавува алтернативно покрај *ќе одев*. Ова го потврдува и Шклифов со следниве примери: *Јáс сáке да стáна дáскал и стáна., Вúја сакáате да се дéлите прéд да се жéните* . . . и додава: „. . . се изразява желание“ (ШК, 94). Во сиве костурски примери се гледа споменатата од Голомб (сп. погоре) полна лексичка вредност на глаголот *сака* – по моја оценa овде уште не може да се зборува за глаголска перифрастика, била таа темпорална или модална, сеедно. Меѓутоа, фактот дека и двајцата информатори типот *сакав да одам* го доведуваат во врска со *ќе одев* сведочи дека е регистриран токму моментот на раѓањето на една нова перифрастична конструкција. Веројатно познавањето на соодветната грчка конструкција е она што ги тера информаторите и македонската синтагма да ја толкуваат како составен дел од глаголскиот темпорално-модален систем. Поновите примери од Кајларско исто така покажуваат жива лексичка семантика на *сака*, меѓутоа покрај нив не е регистрирана ни една друга конструкција која би вршела функција на futurum praeteriti. Монографистот В. Дрвошанов категорично констатира: „Минато-идно време се образува од имперфект на глаголот *сака* и презент на дадениот глагол со сврзникот *да: сáка д-ă-зăкол'ăм (жента); сăкаше дă-мă-зева нă-цару син-му; нă-нас татку-ни сăкáше дă-нă-зăколе; кога пурăстеа дéцăтă сăкája дă-вúдат шо тáтко úмăт . . .*“ (ДКај, § 234), и натаму: „Со минато идно време се искажува минато дејство што требало да се изврши, меѓутоа, не се остварило . . .“ (ДКај § 246). Тешко е нешто дефинитивно да се каже во отсуство на поширок контекст, но се чини дека и овде лексичката семантика на глаголот *сака* сè уште е жива. Сепак, неостварената на желбата, за која пишува Дрвошанов, ако е регуларна, би можела да биде аргумент во полза на неговата констатација дека имаме работа со зацврстена перифрастична конструкција. Од пресудно значење би било да располагаме со примери што од семантички причини ја исклучуваат волјата на субјектот како мотивација на настанот (нешто како *сакав да паднам* или сл.). За жал, и примерите што ги дава Дрвошанов за „идно прекажано време“ допуштаат двојна интерпретација, сп.: *сăкáл д-умре; сăкáла д-ă-зăгúне /чýпата/; мájка-му сăкáла д-ă-зăкóле чýпăта*. Впрочем, кајларското *сака* има доста широка семантика која го опфаќа и ‘бара’, што само по себе претставува резултат на интерференција со димотики, сп.: *Тугá кумшúйăта утúшăл у-óцăта зă-д-ă-сáка ăрăнúйăта* . . . ДКај, *Ти д-óдиш и дă-му-сáкăш нóгу пáри нă-лáмјăта*. ДКај . . . Во објавените текстови од Мегленско не најдов примери за futurum praeteriti. Располагам само со констатацијата на С. Бојковска за „многу ретката употреба на сложените глаголски форми од типот ‘сакаше да работи’ и ‘сакал да работи’“ (1988, 190). Понаисток лоцирани примери од типот *сакав да одам* има во некои текстови од Верковиќевата збирка, но, за жал, не знаеме од каде точно протекуваат тие. Сп.: *Тогас цар'увут син, кату чу,*

сакаши да пукни от јад . . . В, *И кату виде цар'ут бахчата маламосана, сакаши без мăра да си загуби умот.* В, сп. ги и примерите што ги приведува и ги коментира Голомб: *„. . . ету глéдат едúн човéк на морéту, една дăска úмаши под нéгу и си бóриши сос стрáшните далги аф морéту. И кату гу видоха от далéку, гу пожалúка, ча сáкаши да си удáви.* '. . . I gdy go zobaczyli z daleka, żal im się go zrobiło, bo byłby się utopił' (z dalszego kontekstu wynika, że osobnik ten został uratowany); *Пак лалата от јад сакаши да пукни* 'Znów ciotka ze złości byłaby pękła'. Wydaje się jednak, że w tym ostatnim wypadku mamy do czynienia ze zwrotem frazeologicznym, np. ibidem 20/75 *сакаши дури веки да пукни,* identycznym z pol. 'chciałem pęknąć ze złości'. 'Niemniej jednak zwrot ten reprezentuje typową dla nowego conditionalu konstrukcję złożoną z imperfectum czasownika 'chcieć' + subiunctivus z *да* odpowiedniego czasownika." (Gołąb 1964, 46–47). Толку од Голомб и толку има примери од типот *сакав да одам* со кои располагам. Да сумираме: се работи за евидентно нова конструкција која никнува овде-онде под грчко влијание. Нејзината географија е ipso facto исто така нова и тешко може да зазема компактен ареал. Функционално таа конкурира со типот *ќе одев* од којшто ја презема и функцијата futurum praeteriti, меѓутоа, врз основа на малубројните примери тешко е да се каже колку широко е застапенаа таа функција.

Последен проблем поврзан со временската функција futurum praeteriti е појавувањето на subiunctivus praeteriti (од типот *да одев*) во таа функција. Оваа појава ја забележува Голомб во системите каде што инаку субјунктивното *да* е вградено во футурската честица *(за/жа)*, т.е. како во Корчанско така и во Лагадинско, и ја коментира на следниов начин: „W gwarze tej [т.е. во бобоштенскиот говор] uderza jednak stosunkowo rzadkie użycie formy typu *жа* + imperf. w funkcji czasowej futurum praeteriti. W funkcji tej jest ona najczęściej zastępowana przez *да* + imperf., a więc przez subiunctivus imperfecti. Zjawisko to zwykle występuje w zdaniach podrzędnych, np. na tej samej stronie i w tym samym opowiadaniu mamy raz *Морето јо завéде ѓето жа са убесвjäше мáж-је,* drugi raz jednak *Тóко се берjäје лýди да чине сéир кóга да се убесвjäше цáро* МЦ, 'Mais les gens se rassemblaient pour voir pendre le roi', tj. '. . . kiedy miano wieszać króla'. A oto inne przykłady tego typu: *Н-утринта, ка да одjäше по работа, најде старицата, и вели* 'Le matin, en allant à son travail, il rencontra la vieille et lui dit', a więc '. . . kiedy miał iść do roboty', МЦ. *Му-дојде вафто шчо да умирjäше тој мажо* 'Le temps vint pour l'homme de mourir', po polsku '. . . czas, w którym miał umrzeć' МЦ. *Во деветијо мjäсец, кога да родвjäше, царо отиде на луфт* 'Au neuvième mois, comme elle allait accoucher le roi dut partir à la guerre' МЦ. Należy zaznaczyć, że w gwarach macedońskich w pozycjach syntaktycznych powyższego typu (zdania podrzędne wprowadzane przez zaimki względne) wystę puje zwykle forma futurum praeteriti." Овде Голомб се повикува на примери од текстовите од збирката на Шапкарев што ги има анализирано порано, сп. Голомб 1964, 50–51. Продолжувам со цитатот: „Obecnie nasuwa się pytanie, jak interpretować zastępowanie we wspomnianym typie zdań futurum praeteriti przez subiunctivus praeteriti (imperfecti), tj. form typu *ќе одев* przez *да одев*. Wydaje się, że punktem wyjścia dla tego zjawiska jest możliwość funk-

cjonowania subiunctivu praes. *(да одам)* jako futurum, zwłaszcza (choć nie wyłącznie) w pierwszej osobie, np. *ако си дојден тука, да ти ја покажам сликата* 'jeśliś tu przyszedł, to ci pokażę to zdjęcie'. Z kolei mamy możliwość obocznego występowania subiunctivu i futurum w zdaniach podrzędnych wprowadzanych przez zaimki względne, np. *не знам, што да/ќе правам* 'nie wiem, co mam/będę robić', gdzie różnica funkcjonalna między formami *да правам : ќе правам* właściwie ulega neutralizacji (najwyżej zachowany pewien odcień modalny większej niepewności w typie pierwszym): w obu bowiem wypadkach idzie o czynność przyszłą. W takich właśnie użyciach subiunctivu praes., wymiennych fakultatywnie z futurum, widzę źródło zastępowania futurum praeteriti przez subiunctivus imperfecti, z chwilą gdy mamy do czynienia z przedstawianiem wypadków minionych. Oczywiście, że problemem otwartym pozostaje zasięg tego zastępstwa w gwarach macedońskich i ewentualne wpływy obce (np. w Boboščicy i Drenovjänach albańskie)". (Goląb 1964, 54–55) – Отсуството на очекуваниот тип futurum praeteriti *за б'ăх* во Сухо и Висока во Лагадинско Голомб го доведува во врска со погоре опишаната појава на заменување на формите на futurum praeteriti од формите на subiunctivus imperfecti. Цитирам: „Sądzę, że pozostaje to w związku z nieco odmiennym schematem nierzeczywistego okresu warunkowego dla przeszłości w tych gwarach; mianowicie wydaje się, iż panuje tam typ: *да* + imperf. ~ imperf. to znaczy z imperfectum irreale w następniku, co mogło do minimum ograniczyć użycie typu *за б'ăх* w tej pozycji syntaktycznej, o ile go w ogóle stąd nie wyparło. Funkcja zaś futurum praeteriti może, jak to widzimy na przykładzie Boboščicy i Drenovjän, być skutecznie przejęta przez subiunctivus praeteriti, tj. konstrukcję *да* + imperfectum." (Goląb 1964, 55–56). Толку од Голомб. А еве и примери на условниот период што се однесува на минати настани од текстовите на Малецки од Сухо, Лагадинско: *. . . да знáјах, гу ни пирáксувах хи́ч!* МС, *„икси́к' да б'ăши и гъ́ската, тузи́, шту гу пáт'ах јáс, н-ăј за кáзувáни."* МС, сп. и: *. . . јас áку и́шт'ах ус но́шт'а т'ą уб'ăсувах, амá ви́д'ą јас пáк т'ą курталúсах.* МС – како што се гледа, *да* + имперфект се појавува овде во претходниот член на условниот период, додека во наредниот имаме форми на имперфект без експлицитни сигнали на модалноста, а можно е *да* + имперфект и воопшто да не се појави. Овој тип конструкции имаат грчки паралели (сп. Thumb 1910, 185–186), но тешко е тука да се уочи „позитивна" паралела со ситуацијата во Корчанско.

Сето она што го собравме тука во врска со таканаречената futurum praeteriti – и семантиката и начините на формализацијата и варирањето на тие начини – наведува на заклучок дека се работи за една примарно модална категорија. Што се однесува до семантиката: *а.* имаме работа со нефактивни искази и *б.* неостварен (секогаш остварлив или не) минат настан е – така барем се чини – нешто што многу често имаме потреба да го споменеме во текстот отколку настанот што во определен минат момент бил само претпоставка, план или желба, па се остварил. Што се однесува пак до формата – меѓу многубројните конструкции што го изразуваат futurum praeteriti повеќето се примарно поврзани со условниот период кој сам по себе претставува модална категорија. Од друга страна, важи правилото дека конструкцијата што го изразува неостварениот

услов во минато по потреба служи и за изразување на futurum praeteriti и обратно – двете функции во принцип имаат иста формализација. Затоа, штом веќе ги опишавме сите можни формализации на futurum praeteriti и колку што беше возможно ја определивме нивната географија, ќе ја резимираме тука накратко, а во § 1.6., зборувајќи за contitionalis како модална категорија, само ќе се повикаме на веќе реченото. Во светлината на овде собраните сведоштва, конструкцијата од типот *ќе одев* ја наоѓаме passim низ целата територија со исклучок на западната и источната периферија. Сепак, се чини дека таа е во пожива употреба само во дел од централноисточните говори, пред сѐ во Еницевардарско, Кукушко, а судејќи по кулакиското евангелие – и во Солунско. – Конструкциите од типот *жа/за одев* ги среќаваме на западната периферија, во Корчанско и во јужните костурски села. – Конструкциите од типот *ќев да одам* се поврзани со источните говори, поединечни примери доаѓаат од Еницевардарско, од Лагадинско и од Серско. – Конструкцијата од типот *сакав да одам* се шири во централнозападниот дел: Костурско, Кајларско, Мегленско. – Најпосле, вторично, таму каде пто постоењето на честиците *жа/за* сведочи за спроведено амалгамирање на секвенцијата **хътѣть да* . . ., во опишаните функции се провлекува и типот *да одев*, регистриран во Корчанско и во Лагадинско.

На крајот на овој пасус посветен на futurum praeteriti вреди уште еднаш да се подвлече дека се работи за изразување на нефактивен настан, односно настан чија фактивност не е потврдена (= е суспендирана). Ова може лесно да се разбере со оглед на фактот дека постериорноста во минато – во однос на настаните во чија фактивност не се сомневаме – се изразува (и е отсликана) во самиот тек на нарацијата која природно го симулира претпоставениот временски редослед на настаните, додека сите отстапувања од ова правило посебно се сигнализираат.

Б. редослед на идни настани. – Како што веќе споменавме, основните средства за изразување на редоследот на идните, претпоставени настани не се од морфолошки ниту од стриктно категоријален карактер. Тие се: самиот тек на нарацијата (одразен во линеаризацијата на текстот), а по потреба состави од повеќе пропозиционални структури поврзани со соодветни сврзнички предикати или на друг начин средени и хиерархизирани. Централно место заземаат тука т.н. временски сврзници (всушност временски сврзнички предикати), како и – на втор план – условните и причинските сврзници коишто имплицираат определен редослед на настани поврзани со условниот и/или причинскиот однос. За сета таа проблематика понашироко сп. во вториот том. Сепак, постои една перифрастична конструкција, во употреба во југозападните говори, што треба овде да ја споменеме. Се работи за резултативната конструкција од типот *ќе имам довршено . . .* и сл. Таа именува дејство што ќе биде извршено пред некое друго дејство и што го определуваме како антериорно во однос на моментот на вршењето на она друго дејство. Значи, имаме работа со нашиот тип: *q ПРЕД p.* Слично како гореопишаната конструкција од типот *имав дојдено* и сл., и оваа е семантички и синтаксички врзана: се појавува само во контекст што го

определува настанот *p* (постериорниот настан кој служи како временски ориентир), било со анафорски показател *(тогаш* и сл.) кој упатува на претходниот текст било со цела пропозиционална структура директно граматички поврзана со реченицата што ја конституира конструкцијата од типот *ќе имам довршено,* и сл. Со други зборови, конструкцијата од типот *ќе имам довршено* и сл. им е подредена на гореспоменатите сврзнички и др. изразни средства. Единствен извор на примери за разгледуваната конструкција ми се двете монографии од Шклифов, за костурскиот и за долнопреспанскиот говор. Еве што вели тој за Костурско: „... бъдеще предварително време: *ке и́мам оjде́но...* бъдеще действие, което ще бъде завършено преди бъдещия момент, за който се мисли или говори: *Ке им бjде́но за да́рва дурко́га си приго́твиш ти́ мага́рето...*" ШК. Следува цитат од втората монографија: „Бъдеще предварително – ... евентуално бъдещо дejствие, което ще се извърши преди бъдещия момент за който се мисли или говори: *ке и́мам ку́пено... Ду́рда са ва́рниш ти бпе, зе́лник ке го и́мам бпечено и ке та че́кам.; Ко́га ке дбjш во Америка ти́, и́ас ке и́ам со́брано пбjке па́ри бткоку шо са́каш*" ШД. Во примерот во којшто станува збор за печење зелник во игра се дури три идни настани средени во временска секвенција: *печење – чекање – ва́рнување* ... (пошироко сп. во вториот том).

Со ова го завршуваме прегледот на глаголските конструкции кои го сигнализираат редоследот на настаните. Сите примери собрани во овој параграф ја потврдуваат нашата општа констатација според која апсолутното време (tense, сооднос со моментот на зборувањето) се изразува обично во рамките на една иста поединечна реченична структура, додека релативното време (taxis, редослед на настаните) доаѓа до израз, пред сè, во составите од две или повеќе такви структури. Следствено, на проблематиката сврзана со изразувањето на временскиот редослед на настаните ќе се вратиме во вториот том, зборувајќи за начините на поврзувањето на повеќе реченични структури.

1.6. Говорителот експлицитно присутен во текстот – граматикализирани експоненти на нефактивни модалитети. – Споменавме погоре дека зоните на граматикализацијата поврзани со одделни глаголски категории се преклопуваат. Така, зборувајќи за категориите вид и време, веќе се сретнавме со понекои нефактивни модалитети какви што се итеративноста или пак идното време. Сепак, во принцип, досега се занимававме со конструкциите кои служат за „објективно" пренесување на информација за настаните чија вистинитост не се става под прашалник. Со други зборови, се занимававме со реченични структури формализирани како фактивни. Го ставивме „објективно" во наводници со оглед на фактот дека секој текст е авторизиран и со тоа го пренесува субјективното видување на соодветните содржини. Сепак, фактивните конструкции, т.е. конструкциите формализирани во индикатив (= во исказен начин) ја пренесуваат максимално објективната визија на настаните што може да се постигне во текот на јазичната комуникација (со огради во однос на исказите градени врз предикати од втор ред, сп. погоре 1.3.1.).

Сега ќе се занимаваме со нефактивни искази чија вистинитост е од разни причини суспендирана (= со искази кои не можат да се оценуваат во термините вистинито vs невистинито). Прво (1.6.1.) ќе стане збор за искази во чија вистинитост говорителот не е уверен (или пак сака како такви да му ги претстави на адресатот на текстот); потоа (1.6.2.) ќе се занимаваме со искази кои зборуваат за „мисленi светови", т.е. за неостварени настани или настани за чие остварување говорителот нема никаква информација, патем (1.6.3.) ќе се осврнеме и на веќе разгледуваните (сп. погоре § 1.3.2.) конструкции со реченични аргументи зависни од предикати од типот 'може' и 'мора'; натаму (1.6.4.) ќе зборуваме за искази со експлицитно надграден предикат 'не е вистина дека . . .'; најпосле (1.6.5.) ќе ги разгледаме исказите чија цел не е пренесување информација, туку, пред сè, (1.6.5.1.) добивање на нова информација од соговорникот или (1.6.5.2.) поттикнување на соговорникот на некоја активност (односно спречување на некоја негова активност).

1.6.1. Дубитатив – таканаречените прекажани искази. – Веќе споменавме неколку пати дека стариот словенски перфект (граден врз *л*-формата) во повеќето словенски балкански говори има стекнато една нова функција. Имено, реченицite конституирани од таа глаголска конструкција често содржат ограда на говорителот во однос на вистинитоста на прекажуваните содржини. Се разбира, искази со таква семантика постојат и во други јазични системи. Иновацијата е во тоа дека во балканската средина, за разлика од останатиот словенски јазичен свет, тие постигнале висок степен на граматикализација.

Разбирливо е дека дубитативната семантика се накалемила токму на семантиката на 'минато неопределено време'. Временската неопределеност, односно непостоењето на временски деиктички параметар, сведувањето на соодветната информација на многу општата определба 'пред моментот на зборувањето' ја прави оваа формација најпогодна како појдовна точка на таков тип семантичка деривација.

Во дел од македонските системи категоријата дубитатив и натаму се разградува, па добиваме 'идно прекажано време', т.е. тип *ќе одел* и сл. Последнава парадигма добро се интегрира во системот бидејќи *ќе* е само по себе сигнал за нефактивност. Од друга страна – да се потсетиме – типот *бев одел* и сл. исклучува дубитативна интерпретација (дали поради обележјата /+ fact/, /+ def/ сврзани со имперфектот?). Значи, дубитативниот микросистем го сочинуваат максимално две парадигми, основната *сум одел* (чија зона на употреба не исклучува синхронизација со моментот на зборувањето, значи: имаме работа со темпоралната карактеристика 'неидност') и *ќе сум одел* – за изразување на идни и/или постериорни „мисленi" настани.

Погоре рековме дека семантичката инваријанта на дубитативот е нешто како 'не сум сигурен, не гарантирам за вистинитоста на она што го кажувам'. Врз една таква ограда лесно се наслојуваат додатни експресивни содржини и така настануваат експресивни варијанти на разгледуваната категорија, најшироко познати под името „балкански адмира-

тив". Најзачестени се исказите кои изразуваат чудење, изненадување, ирониј а . . .

Да видиме колку широко и со какви содржински нијанси категоријата дубитатив се појавува во јужномакедонските говори. Впрочем, за формалните обележја и за распространетоста на минатото неопределено време зборувавме веќе погоре, § 1.5.2.1.1. Сега ќе се потрудиме да го доловиме само она што е карактеристично за обично хомонимната со него дубитативна парадигма.

Одејќи, како што ни е вообичаено, од запад кон исток, прво се среќаваме со ареалот кој практично не ја познава морфолошката *л*-форма. Таа се држи тука (навлегува вторично?) само во дубитативните, адмиративни конструкции. Сп.: *„Тој бе бил будала! рече царо; ка се гредјäло со све марице во дворо царутому!. . ." МЦ, „Ох куме! тува си бил? Шчо с-искри? . . ."* МЦ, *„Ајде, áјде, шчо си бил изгóрен, кај сарцéто мóје шчо éсти изгорјäно за шчéрка хоцутóму."* МЦ, *„До барем имало и другји будали кај домашнити моји!"* МЦ, *„Добра сас одéја бела, сал оцáко гý'ма криф".* МЦ, *„. . . јä смáњej босицáта, и вúди шчо слáдка бúла босицáта. . . ."* МЦ, *„Та бил будала тој и ж'и кажи сарцето женјä-му . . .* МЦ, *Шчо си бил јунак! му рекоје. . . ."* МЦ, *„Та ка не с'-имал чувено за сос?"* МЦ, *„от ќе знjä тој кој е кашjäјо твој?" – „Ам ка не знjäл? . . ."* МЦ, *„Шчо си бил јунак!", му рече Асланопуло . . .* МЦ. Сите приведени примери потекнуваат од приказни, во текстот на евангелието не најдов ниту еден. Натаму, сите се во функција на дијалошки реплики на јунаците на приказните. Најпосле, сите се силно емотивно обоени, изразуваат восхит, изненадување, чудење, презир, но секогаш со инваријантата 'не би поверувал дека е вистина'. Приведов сè што најдов, од разни раскажувачи, како доказ дека адмиративот е жива категорија во Корчанско, сигурно не без поддршка од соодветната категорија во албанскиот јазик. Наспрема сите горенаведени примери на адмиративни искази стои само еден каде што имаме работа со „чист", експресивно немаркиран дубитатив. Еве го: *„Ах тебе те чина: ти работаш бес атари; зенгин бил, сирома бил, ти му јо земаш душата"* МЦ.

Што се однесува до ситуацијата во Костурско – и Мазон и Шклифов подвлекуваат дека сложените глаголски конструкции со глаголот *сум* + *л*-формата се појавуваат ретко. Мазон се изјаснува експлицитно само за формата на тие конструкции, меѓутоа, примерите што тој ги приведува, како и другите што можат да се најдат во неговите текстови покажуваат дека се работи речиси без исклучок за *сум*-перфект употребен во функција на минато неопределено време. Дел од нив би можеле да се интерпретираат и како експоненти на прекажана информација, сп.,

меѓутоа, тешко може да се зборува за дубитативот како формирана категорија. Елементи од адмиратив можат да се насетат во контекст како: *Кóа се разбýди човéко . . . пúта: – Кóје сéло е вóа тáмо? – Зер не ти се пýли? вели: вóа е Прúлеп". – Дéка бé сношти? Дéка су дóшол?"* МСЦ, меѓутоа, конструкцијава пак не излегува ни од зоната на употребата на минато неопределено време. Сп. и: *Кóста Лéра шéс крúл'ја*

има́ше, поелва́ше на ка́лето, ју́нак бил. МСЦ ... Насекаде тука како да се движиме на работ на уште недооформена категорија. Шклифов кажува за Костурско: „Само отделни форми на преизказното наклонение се употребяват в живата реч." и натаму: „... тая граматическа категория в говора е на изчезване." (ШК, 99). Тој додава и дека прекажаните конструкции се релативно позачестени во Горнокостурско (ibid.) Пред да ги коментирам овие констатации, ќе го приведам и посодржајниот опис од истиот автор за ситуацијата во Долнопреспанско: „... действия се изказват като нелично възприети... Употреба на преизказни форми в 1. сг и пл не можах да открия. Те най-вече се употребяват в 3. сг и пл и порядко във 2. лице... На гръцко влияние се дължи... разколебаването им в говора на Долна Преспа..." (ШД, 86) и натаму: „Употребата на преизказните форми е застъпена най-широко в народните приказки." (ibid.). Во светлината на сведоштвата на Мазон од Корчанско, Костурско и Леринско се чини дека сето она што Шклифов го кажува за определена функција („преизказно наколонение") всушност се однесува на определена форма (глаголскиот *сум*-перфект). Јасно е дека тие конструкции се повлекуваат под притисокот на новиот резултативен *има*-перфект. Јасно е и тоа дека во бобоштенскиот говор тие се чуваат речиси исклучиво во адмиративна функција, веројатно под директно албанско влијание. Што се однесува до Костурско и Леринско, се чини дека таму паралелно се одвивале два процеса: губење на формата и преосмислување на нејзината функција. Стои констатацијата дека *сум*-перфектот подобро се чува во приказните отколку во живата реч. Со оглед на фактот дека Мазон и Шклифов ги дели половина век и дека Мазон ни дава исклучиво текстови од приказните, можеме да претпоставиме дека тие регистрирале две различни состојби. Судејќи по примерите што ги наоѓаме во текстовите од Мазон на почетокот на овој век, *сум*-перфектот се чувал доста широко додека категоријата дубитатив уште не била дооформена. Во живиот јазик што го забележил Шклифов кон средината на веков *сум*-перфектот речиси го нема, помногуброен е во приказните, а се јавува како експонент на дубитативот. — Во описот на кајларскиот говор од Дрвошанов читаме: „Употребата на форми само во трето лице... од перфект служи за изразување на чуени дејства, сп.: *дéтто пурáстал, цéл мáш сă-стóрăл; лисúцăтă излéгла нă-пăтут и лигнáла; уфчáрчито си-и-пасéло óфците пукрăj-инă-рéка; ă-зéле [чýпăтă], ă-пувúле, ă-чинúле* ..." ДКај § 244. Вториот за нас овде интересен пасус од истиот опис гласи: „Идно прекажано време се образува од перфект на глаголот *сака* и презент на дадениот глагол со *да*: *сăкáл д-умре; сăкáла д-ă-зăгúне [чýпăтă]; мájкаму сăкáла д-ă-зăкóле чýпăта.* Веројатно оваа граматичка категорија е во фаза на исчезнување..." ДКај § 235. Од приведеното се гледа дека во кајларскиот говор *сум*-перфектот (= минато неопределено време) е една жива категорија. Врз него се накалемува дубитативот, меѓутоа од понудените примери не се гледа до која мера двете функции се разотидоа. Она што авторот го нарекува „идно прекажано време" заправо претставува дубитативна варијанта на futurum praeteriti чие постоење ја зацврстува претпоставката за издвоеноста на дуби-

тативот кој создава свој посебен глаголски микросистем. Како што се гледа од примерите, сето тоа се однесува на јазикот на приказните. - Слична е, се чини, состојбата во мегленскиот говор, а тука не ни фалат ни докази од живата реч. Имено, монографистот на тој говор, С. Бојковска, има објавено серија текстови меѓу кои, покрај приказните, наоѓаме и автобиографски кажувања на информаторите. Во нив наоѓаме еднозначни потврди за дубитативната функција на *сум*-перфектот. Сп.: *Бај-Ва́ни, ќи-си-зева́ш идéн вéрин другáр и ќи-óјш фил'áн мéсто, ќи-гу-пручи́стиш – тáм дека-би́ле пăртизáјнто*". БМег; натаму од истиот текст: *Пăрво, óјмă, гу-нàбјѓмă един-кăзáн . . . пăртизáјнто, знáјш, си-гутви́ле а не гу-дујàдéле, да-кáјжмă, гу-устàви́ле пóла кăзáнут . . .*, натаму: *пул'мă – нà-вéчăрта шо-а-брáли-снă фýрнăтă лéп ут-сéлту, сăта стóе тýка . . .*, и најпосле: *И тóгăј си-ричéк: мáјкăтă, вие-л'ýде дури гăзуфте си-ј-устăви́ле тýка*. БМег. Во наведените фрагменти *сум*-перфектот е во функција на дубитатив, а истовремено тие се и единствените примери на *сум*-перфектот во целиот текст во кој инаку се пренесуваат сопствени доживувања на нараторот. Последната од приведените реченици ги носи и сите обележја на адмиративот. Од друга страна, истиот наратор, кажувајќи приказна, се служи во принцип со *сум*-перфектот во функција на минато неопределено време и само ги варира со praesens historicum и (поретко) со минато определено време. – Многу потешко ми е да го определам статусот на *сум*-перфектот во ениџевардарскиот говор со оглед на тоа дека располагам само со текстови на приказни, а тие се кажувани приближно на ист начин како гореспоменатите приказни од Мегленско, т.е. со *сум*-перфектот во функција на минато неопределено време како основа на нарацијата, а со варирање на praesens historicum и минато определено време. Разликата (случајна или не?) е во тоа дека употребата на минатите определени времиња е позачестена. Во ваква ситуација тешко може да се каже што и да било за евентуалното осамостојување на дубитативот како функционална категорија. Сепак, ќе приведам неколку карактеристични примери. Сп.: *Доста, доста дедо извика царовăта ќерка и му вели на дедото: Ти мол'ам уд се срце шо сакаш ќи ти дам, сăмо ако ми уднесиш ду то место кај шо си бил и видел, му вели та. Арно синко ќи ти уднесам, му удговори дедото.* УЕ – царовата ќерка само од неговото кажување знае каде бил и што видел дедото, а тие се и единствените две глаголски конструкции во приведениот пасус оформени со *л*-формата. Сп. и: *Малото братче, мăжот на царската ќерка, му систоса на жена му за нејното намузлија лаф и шо толку патила за него.* УЕ – за патењето тој пак знае само од кажувањето. Сп. и: *. . . пăтникут . . . му вели на децета: Мили децијна знајте дека јаска сăм цар и ного зингин, ама бидејќи немам деца испаднах и јаска да си палам кăсмет, демек да си палам дете за удмена. Сакам да кажам дека во чувек е царот шо немал деца и испаднал да си пала дете п ето сеа си стретна су вија кутри сирачиња.* УЕ – во втората реченица од приведениот фрагмент нараторот лично се појавува во текстот и се прекажува сам себеси, па наоѓаме тука форми како *немал, испаднал*, меѓутоа, заклучокот дека имаме работа со формиран, еднозначен дубитатив го минира формата *стретна* во истата таа реченица. Слична испрепле-

теност на формите наоѓаме и во фрагментот: *Вадин су утре, вадин су утре мувтарот начува дека Стефо ошче не бил жинет за друга жена, ама не забравил да пита и за Пено, и за бабата шо ја измамила не́кугаш.* УЕ. Најпосле, сп. уште еден пасус од слична природа: *Кога виде бабата така, литнала уд радус и му рекол дека уд сеа нанака ќи му биди син, демек му било мирак да гу пусини на личен Ефтим.* УЕ ... Додека сите приведени примери на употреба на *л*-формите лесно можат функционално да се протолкуваат како неопределено минато време со типичната за перфективните конструкции нијанса на резултативност, тешко може да се каже нешто дефинитивно за постоење, односно непостоење на категоријата дубитатив. Ситуацијата сигурно би била многу појасна да располагаме и со текстови од друг тип, а не само со приказни. – Последната претпоставка ја потврдуваат текстовите на Пеев од Дојранско. Состојбите во тие текстови претставуваат полна паралела на гореопишаната мегленска ситуација. Имено, во автобиографските кажувања на информаторите сосем еднозначно е посведочена дубитативната функција на *сум*-перфектот, сп., на пр.: *Адно́ вре́ме пругувури́ та́ка́ адно́ де́те, би́ло пе́-ча́с ме́сца вујни́к* ... ПДој, ... *тоа не́ ка́де-ме́не, зима́л на́-го́ре, ба́ѝро. Ка́ чика́х а́ска, ка́ чика́х, са́то ста́на, не́ма друга́ро да́-са́-ва́рне. Н-а́ а́рна та́ ра́бо́та, да́л са́-гу-фа́ти́ли, шо́-ј на́пра́ви́л, не́ зна́м.* ПДој, *На́-вра́тта: чук, чук, ко́лко шо́ фа́ти́х за́-кл'уча́ркта́та то́а́ гуто́ф бил.* ПДој, *То́а́ бише кути-ву́јко, не́што, уд-де́ка́ ма́јка. ... Адна́ де́н ви́ке, пла́днина бише: „Ајде, ричé, ва́да́н га́ре ми́ните". О́н фа́ти́л вра́ска сус-тоа́ пу́сто Туро́рво, сус-Шу́гуво.* ПДој, итн. Во текстовите од таков тип, покрај дубитативните, се провлекуваат и доста ретки форми на *сум*-перфектот во функција на минато неопределено време. Во приказните сликата е друга. Основата на одавторската нарација ја претставува токму минатото неопределено време; нарацијата се „оживува" со доста чести форми на praesens historicum, додека минато определено време најчесто се појавува во дијалозите, а воопшто е сразмерно ретко. Сè на сè, се чини дека во системите од таков тип минато неопределено време претставува природна немаркирана категорија во нарација за недоживеани настани, вклучувајќи го тука и прераскажувањето на приказните. Во широката функционална зона на таа конструкција се изделува специфичната дубитативна употреба која – разбирливо – доаѓа до израз, пред сè, токму во нарацијата за доживеаното каде што појавувањето на *сум*-перфектот бара посебна мотивација. – Mutatis mutandis слична е ситуацијата во кукушките текстови од Пеев, но сепак со почеста употреба на минато определено време во автобиографска нарација. Дубитативната употреба на *сум*-перфектот може да се забележи во пасуси како, на пр.: *Бе́ге бугáрска́та во́јска ви́ке, изгуби́ѝ ви́ке, мо́ж да́-придаржа́ват, ама то́пуве не́ма бугáрски, уста́ви́ли-ги на́-Гъ́рцте. Иудде́ме Дими́р Иса́р. Ку́лта а-ви́кат се́га уф-Бугáрја, са́-збра́ме два́-три́ ка́шти та́ка́, на́што се́ло. Дру́јсте изби-га́ли на́-тка́, на́-тка́. Бига́ли. Та́м ле́п на́пра́ви́и ма́ј́кте, испичéй. И ка́жа́а: Гъ́рцте фтаса́ли, на́ближи́ли га́ре. На́ро́до па́ си́чко уста́ви: ва́ло́ве, ко́јне.* ПК, сп. и: *Разбуле́л-се адна же́на, та́м, дуна́с бли́зу. Ка́ пумна́ме Ште́мница на́-го́ре, га́-уста́ви́ли де́к ле́же, не́м ни́куј кра́ј н'а́, избига́ли.*

Такви́ рабо́ти би́ă ти́ă. ПК . . . Додека во горните примери дубитативната интерпретација на *сум*-перфектот не побудува сомнение, во примерот што следува (од истиот текст) имаме работа со „право" минато неопределено време, сп.: *Та́м тъ̆рго́на́ме де́к Џумја́, Блъ̆го́јуфгра́т. Там пучъ́ва́ме пе́-че́с де́на, не́м го́ре, ръ̆спръ̆сна́л-се но́ро́до.* ПК. Тешко е, исто така, да се постави граница меѓу содржините што се прекажувани и оние што се кажуваат директно. Во истиот текст на Пеев од Мораруи наоѓаме описи на геноцидот извршен во две кукушки села. Првиот е во дубитатив, сп.:

ли Ту́рцте, вујна́та ги-зъ̆твури́ли и уднисе́ли у-Со́лун. . . . итн. – целиот опис се дава со *сум*-перфектот. Меѓутоа, веднаш по него следува друг опис, содржински паралелен, и се појавуваат определени времиња, сп.: *Дру́го адно се́ло, съ̆-ви́кше Кулку́тино, се́ гу-истрибу́а, ду-у́ше, ду-чуве́к. Куми́тто таа ръ̆бо́та.* . . . ПК. Се гледа дека во говорот на информаторот дубитативот постои како можност, но не и како задолжителна формализација. Во приказните, како што веќе споменав, пак наоѓаме минато неопределено време како основа, доста фреквентно преплетено со praesens historicum. – Во Лагадинско, судејќи по текстовите собрани од Малецки, ситуацијата е веќе малку поинаква. Имено, не само автобиографската нарација, туку и раскажувањето на приказните се базира врз определени времиња. Во првиот тип текстови нема отстапувања, во вториот тип – *сум*-перфектот најчесто се појавува на почетокот на приказната, а натамошниот расказ тече веќе во минато определено време. Меѓутоа, има и приказни во целост прераскажани без употреба на *сум*-перфектот. Инаку, меѓу не многу честите примери на употреба на *сум*-перфектот во приказните само мал дел можат да се интерпретираат како дубитативни, сп.:

би́цит'а, деме́к ти такфо́с чув'ăк си би́л; МС, *На у́трина́та ста́нува ца́р'у и гл'е́да чув'ăк и уче́л на мума́та;* МС, *јас и́мам пулуви́н са́т', шту исл'а́зух ут манасти́ру и за пулуви́н са́т' н'е́тр'а ши́чку съ̆ изм'ани́лу* . . . МС, *Си до́јди бахчи́ванџи́јата ут че́ркфа, што́ да ви́ди бахча́та? съ̆ ја сто́рили хардау́ш* . . . МС, *„ми́лата сфита́ Бугурди́ца! у гура́та т'а ви́д'ах и ка́друту ти гу съ̆ кла́ли на кла́јанцу удго́р'а"* МС . . . врз тие и такви примери Голомб (1960/61, 165) ја темели својата оцена за статусот на *сум*-перфектот во Сухо и Висока. Ја приведовме неговата оцена погоре, зборувајќи за минатото неопределено време (§ 1.5.2.1.1.). Неговиот заклучок, накратко, гласи дека *сум*-перфектот покажува тенденција да се специјализира како дубитатив. – За ситуацијата во збирката од Верковиќ, односно за отсуството на јасна граница во употребата на определените и неопределеното минато време зборувавме исто така во § 1.5.2.1.1. Овде ќе се ограничиме на приведување на неколку цитати кои би можеле да сведочат за постоењето на дубитативна функција на *сум*-перфектот. Сп.: *Четроица ходиха мăра час и најдоха на пăтју еден човек, којто имаши на двете му ноги пу две мелници вăрзани и ходиши сос кушиа. Тогас му вели авциолиа на негу: „сос здрави, побратими!" И тојнака одр'ави: „да имаш здрави!" Пак му вели авциолиата: „шчо така си си врăзал ногите?" И тојнака му отговори: „зашчо сам бăрзоходец та, аку*

немам тиа камени вăрзани аф ногите ми, можи да да пристăпнам, от крај земја до крај да пр'аскокнам." Тогас авциолиа му вели: „ама јунак си бил, олан побратими!" Тогас тој му вели: „дека си видел тинака јунак и са почуди. Да видиш авциолиата, којто утепал филдишите и филот, тогас да са почудиш!" В, сп. и: *Утрина́та, кату са научиха гражда́ните не́гови и комши́ите, са почу́диха, дека да и доби́л тој на петшес годи́ни толку сто́ка и да си чи́ни то́лку бога́т чове́к. Кату чу́ бра́т му, ко́лку бе́ши л'уте́н на не́гу, о́шчи по́вики са разл'ути, и оти́де на дома́ му, му ве́ли: „добро дојде́, бра́те! Додека оти́де и си доби́л толку сто́ка и си доше́л ту́ка да ку́пиш ву́јковата кӑшча и мо́јта магази́а?"* В . . . Меѓутоа, примерите како горните се мошне малку, а и во нив границата меѓу минатото неопределено време и дубитативот не е многу изразена. Општо земајќи, текстовите од Верковиќевата збирка не дозволуваат заклучок дека дубитативот претставува една оформена, осамостоена категорија. – Слична е сликата и во текстот на кулакиското евангелие (сп. погоре § 1.5.2.1.1.).

Сумирајќи: како во однос на низа други синтаксички особини, исто така и во однос на категоријата дубитатив на јужномакедонската територија се зацртуваат три ареали. На западната периферија категоријата е присутна и јасно оформена, имено, таа е единствената функција на *сум*-перфектот, при што најшироко е застапена маркираната адмиративна варијанта на дубитативот. Одејќи кон исток, дубитативот е присутен во живата разговорна реч, додека во јазикот на народното творештво (приказните) не се изделува јасно од другите функции на минатото неопределено време. И најпосле, во југоисточните говори дубитативот, иако присутен, најслабо се издвојува, што веројатно останува во врска со поместениот статус на минато неопределено време, т.е. со слабеењето на границата меѓу определените и неопределените времиња (сп. погоре § 1.5.2.1.1.). Овие наши опсервации наоѓаат потврда и во забелешките на Иванов (ИПГ, 184), кој пишува: „В изследваната от нас географска област по отношение на преизказното наклонение се очертават две групи говори: едната, в която преизказът е чужд, и другата, в която се среща, но нередовно. Преизказното наклонение е характерно на някои полски села в Сярско и Валовишко (сярска говорна група), срв. *кажа́а ми, че ту́рчино бил му е скина́л пи́фката; той е до́шел и е бил пита́л за ме́нека* итн. Информаторите от останалите селища, в чиито говори преизказното наклонение е чуждо или се среща съвсем рядко, преосмислявайки формите на стари перфект, изразяват несвидетелското си отношение със сложни глаголни форми в изявително наклонение, напр. *той е ру́кал* (вм. *бил ру́кал*)".

Треба да споменеме дека во голем број случаи дубитативниот карактер на исказот е експлицитно најавен со присуството на лексичките сигнали, најчесто verba dicendi и/или verba cogitandi. Тие или воведуваат oratio obliqua или пак се јавуваат во вметнати изрази, во директно обраќање на зборувачот кон адресатот на текстот. Покрај глаголските сигнали, можат да се појават и специјализирани експоненти на дубитативноста како *божем* и сл.

1.6.2. *Ќе, да, ако* и др. како нефактивни модализатори. – Во овој параграф, како што навестив погоре, ќе стане збор за исказите што се однесуваат на „мислени светови", т.е. на настани и состојби веќе (т.е. во минатото) или уште (т.е. во иднината) неостварени. Авторот на текстот ги замислува како можни во еден минат или иден момент на временската оска, што е најчесто придружено и со негов емотивен став, имено, тој ги присакува, страхува од нив, и сл. Покрај лексичките, таквите ставови на говорителот имаат и граматикализирани експоненти, најчесто во облик на таканаречените глаголски партикули, како што се во стандардниот македонски систем *ќе, да, ако* и др. Секоја од тие партикули најчесто е корелирана со некое одредено модално значење, иако не смееме да заборавиме дека во определени контексти разликите меѓу нив можат да се бришат, а и семантичката интерпретација варира и понекогаш дури излегува од границите на нефактивното. Овде ќе се потрудиме да ги проследиме главните функционални варијанти на исказите придружувани од тие партикули во јужномакедонските говори, под претпоставка дека секоја од нив примарно е поврзана со некоја посебна модална семантика. Централната позиција во системот на модалните партикули ја зазема секако партикулата *ќе* со сите нејзини формални и функционални варијанти присутни во одделни говори.

1.6.2.1. *Ќе* како нефактивен модализатор. – Во овој текст веќе неколку пати имавме можност (и потреба) да ги разгледаме исказите конституирани од глаголски конструкции со партикулата *ќе*. Тие се, тргнувајќи од стандардниот состав, *ќе* + парадигма praesentis, *ќе* + парадигма imperfecti и *ќе* + парадигма на *сум*-перфект. Ги разгледавме веќе како носители на една видска разновидност, т.е. во нивната итеративна функција (сп. погоре § 1.5.1.2.2.1.) – во таа функција тие ни се јавуваат како неактуелизирани и фактивни само во пресупорција (Тополињска, 1991); итеративната функција ја толкуваме како вторична, настаната по пат на инаку познатата семантичка деривација од кондиционалот и/или потенцијалот кон итеративноста, сп. ја, на пр., зоната на употребата и функционалната диференцијација на *би*-конструкциите на српскохрватското јазично подрачје. – Ги разгледавме веќе *ќе*-конструкциите и како носители на определена темпорална семантика – проекција на настанот (процесот, состојбата . . .) во иднина, т.е. во функција на futurum (§ 1.5.2.1.3.) и futurum praeteriti (§ 1.5.2.2.). Таму реков, а сега ќе го повторам тоа, дека идното време по самата своја суштина е модално маркирано, т.е. дека соодветните парадигми не му припаѓаат на таканаречениот исказен начин (индикативот). Што се однесува до правиот футур – сликата е јасна, се работи за нефактивни искази; што се однесува до минато-идното време – кај неговата основна, но статистички поретка варијанта отсуствува информација дали настаните замислени како идни во минатото се остварile или не, значи пак границата меѓу фактивното и нефактивното е затемнета. Меѓутоа, тука е и основната функција на парадигмата *ќе* + imperfectum, т.е. таканаречениот irrealis, conditionalis како основна форма на кажување за настани (можни, но) неостварени во минатото. Оваа функција на *ќе*-конструк-

циите досега не сме ја разгледале и сега треба да се позанимаваме со неа. Токму оваа функција се појавува како централна во Голомбовата монографија за „conditionalis typu bałkańskiego", така што уште еднаш ќе се послужиме овде со собраните од него примери, а ќе приведеме и некои негови толкувања.

Нема овде да се задржуваме на формата на конструкциите што го изразуваат irrealis *(ќе одев, ќе да одев, ќев да одам, сакав да одам* итн.), бидејќи географијата на тие варијанти ја опишуваме детално погоре (§ 1.5.2.2.) зборувајќи за futurum praeteriti. Сега ќе се ограничиме на егземплификација на ирealис како функција. Следејќи го Голомб, почнувам од примери кои нудат најтипичен контекст на употреба на ирealис во вториот дел од условниот дводелен период. Сп.: *Аку не́ ти виждах те́бика, ки ве́лах да е она на́јхубава на земја́та, а́ма сега́ кажу́вам пра́во, оти ти́нака си мло́гу по-ху́бава от не́а* В – Голомб подвлекува како „Następnik tego okresu wyraźnie odnosi się do teraźniejszości . . ." (Gołąb 1964, 57). со што се докажува вонвременскиот, омнитемпорален карактер на ирealисот како модална категорија. Сп. и: *Да зна́иши да́рот Господи́ново, и ко́-ј то́ шо ти збору́ва е́м ти ве́ли: дај ме да пијам, ти́ аку́ си сака́ла ут не́го, ки ти да́диши во́да живо* ВК. Голомб коментира: „W opracowaniu na s. 231 autorowie [scil. Vaillant] dają nowogrecki odpowiednik i zarazem wzór formy *ки ти да́диши* – ἤθελε σοῦ δώσει; konstrukcja tego okresu nie jest jednak przejrzysta: źle zostało zrozumiane i przetłumaczone (por. Kul., 257, notka 2) greckie σὺ ἂν ἤτησας z modalną partykułą ἂν jako *ти аку́ си сака́ла,* podczas gdy nie idzie tu o warunek, ale o czynność irrealną uwarunkowaną w następniku nierzeczywistego okresu warunkowego [. . .] W miejsce zatem *ти аку́ си сака́ла* winno być zgodnie z drugim orzeczeniem następnika *ки ти да́диши - ти ки сака́ши/са́каши."* Во денешниот официјален превод имаме: *„Кога би го знаела дарот Божји и Кој е Овој што ти вели: „Дај ми да пијам" – ти самата би побарала од Него и Он би ти дал вода жива."* со potentialis место conditionalis, што не е баш во духот на македонскиот глаголски систем, инаку преводот го потврдува Голомбовиот коментар. Во врска со разгледуваниот пример Голомб пак истакнува дека сме соочени со еден условен период којшто се однесува на сегашноста. Најпосле, сп. и еден пример од ваков тип од западната периферија, пак приведен од Голомб: *„. . . а́ко бја́јте от дујна́та, жа си ијтја́ше дујна́та тојното њја́шчо* МЕЦ – и овој исказ е омнитемпорален. Во паралелен контекст сп. и еден пример граден врз глаголот *сака: Јазе а́ку не купу́вах тво́јта магази́а и ву́јковата кашта, са́каши друг да ги зе́ми . . .* В.

Како втор карактеристичен контекст синонимен со условниот период Голомб наведува пар адверсативни реченици од кои првата како конститутивен член го содржи ирealис,
са́ се́лто, ќи-гу-запа́л'аа, ама бе́го, се́лто би́ше бе́гуво, не-дде́. ПК1, 270, сп. и: *„бра́т ми са́каши да до́јди сега́ со́с ме́ника, а́ма и́ма та́мука да зе́ва да да́ва верисента, и затова́ остана́ о́шчи не́колку вре́ме hasat.* В, или: *. . . саќек да уода да играм, ама не ме пушчи татко ми . . .* алтернативно со: *. . . ќе у̂одек да играм, ама . . .* – пример на Голомб од селото Бапчор, Костурско (Голомб 1964, 46).

Натаму, како семантички и синтаксички дериват доаѓа независен кондиционал, т.е. иреалис употребен надвор од условниот или адверсативниот контекст, како самостоен исказ. Голомб овој тип го илустрира главно со примерите од Кулакиското евангелие, сп.: *Как му фа̀рл'а́ле, затфори́ле но́го ри́би уф гри́пут, ду́ри ки сă ски́ниши* . . . ВК, . . . *и си утѝдоа, и напа̀лни́ле и две́те каи́ци, ду́р ки сă уда́виа уф ри́бити то́лко шо би́ле* . . . ВК, *И уде́ки пу во́дата, е́ту си чини́ уф мо́риту но́гу по́трис, ду́ри каи́кут ки сă уда́виши ут далга́тити* . . . ВК, . . . *требу́аши и ти да гу да́диш на сара́фити мо́јто зла́то; и ка ки до́јдах ја́с ки си зе́мах мо́јто су фа́јда* . . . ВК – во сите тие примери реченичната конструкција што го содржи иреалис, иако е формално дел од сложената реченица, сепак не е граматички врзана за контекстот. Сп. ги и примерите од типот: *Пак лалата от јад сакаши да пукни* В, или: *И кату гу ви́доха от дале́ку, гу пожали́ха, ча са́каши да си уда́ви.* В, со независен иреалис во конструкција со глаголот *сака.*

Последната функционално-контекстуална варијанта што Голомб ја изделува е употребата на иреалис во прашални и/или во извични реченици. Според Голомб, кондиционал во ваква употреба се доближува до потенцијал. Мене поскоро ми се налага функционална паралела со адмиративот. Јужномакедонските примери со кои Голомб ја илустрира оваа функција доаѓаат од бобоштенската монографија на Мазон и гласат: *Пијен жа бјäј? Во соне жа бјäј?* МЦ; за жал, не располагам со други функционални примери.

Во врска со интерпретацијата на последниот тип на употреба на *ќе*-конструкциите, а исто така и со споменатата потенцирана нијанса на претпоставка (несигурност) кај футурските *ќе-да*-конструкции, вреди да се потсетиме дека грчкиот дубитатив се служи со формантот θα, т.е. со најблискиот функционален аналогон на македонското *ќе* (Mirambel 1959, 154).

Собирајќи заклучоци, треба да расчистиме уште некои проблеми. Имено, во овој параграф – што не е единствен, но сепак е редок случај – свесно отстапив од вообичаената во овој текст постапка и, место да трагам по експоненти на некоја одредена функција, правам преглед на функциите на конструкциите во кои учествува *ќе.* Со тоа сакам да подвлечам дека сме соочени со еден модален оператор (модализатор) кој функционира како формант на цела една низа конструкции кои поради тоа треба да се разгледаат како еден микросистем. Примарно конструкциите со *ќе* имаат вградено обележје /– фактивност/ – тоа е конститутивна компонента на значењата 'futurum', 'futurum praeteriti', 'irrealis'; вторично, но со исто така голема фреквенција, се појавуваат конструкции со посиромашна инваријанта /– актуелност/, т.е. итеративните конструкции со *ќе.* – Меѓутоа, во одделни дијалектни системи варира и фреквенцијата и – што е поважно – инвентарот и морфосинтаксичката структура на конструкциите со *ќе.* Синтетизирајќи го она што во претходниот текст веќе беше детално анализирано, би можеле спомената меѓудијалектни разлики да ги сведеме на две појави. Како прво, *ќе* или *а.* директно се присоединува кон парадигмите praesentis и/или

imperfecti или *б.* се присоединува кон субјунктивните парадигми со формантот (субјунктивен оператор, сп. погоре § 1.3.2.5.2.) *да.* Варијантите *а.* и *б.* можат да коегзистираат во еден ист систем под услов *б.а.* двата форманта да се издвоени и меѓусебно независни – таква коегзистенција води и кон функционална диференцијација (сп. погоре § 1.5.2.1.3.); меѓутоа, можело *б.б.* да дојде и до нивно амалгамирање во нов единствен формант изофункционален со *ќе (за, жа).* Како второ, *ќе,* место да се петрифицира во честица, можело да го зачува својот глаголски карактер и да функционира како т.н. модален глагол, синсемантички (и помошен) во однос на субјунктивните парадигми кон кои се присоединува, хомонимен и/или синонимен со автосемантичкиот експонент на предикатот 'сака', што ги подразбира типовите *ќев да . . ./сакав да . . .* За разлика од грчкиот, каде што таква можност постои – иако маргинално – и во футурската парадигма (Thumb 1914, 153), vo makedonskite sistemi „živata" paradigma kako od *ќе* (< **хътѣть*) така и, вторично, од *сака* се појавува само поврзана со subiunctivus imperfecti.

1.6.2.2. ***Да* – формант на субјунктивот?** – Не е лесно да се одреди функционалниот статус на $да_с$ во македонските глаголски системи. Се служам со симболот $да_с$, т.е. субјунктивно *да,* за да го одделам од $да_к$, т.е. копулативно, конјунктивно *да,* коешто е присутно во југоисточните говори (сп. Пеев 1987, сп. и во вториот том). Значи, не е лесно да се одреди статусот на $да_с$. Како прво, се налага прашањето дали $да_с$ функционира на ниво на реченицата или на ниво на предикатскиот израз. Во македонските лингвистички трудови се употребува терминот *да*-реченица, а и јас овде (§ 1.3.2.5.2.) зборував за *да* како комплементарен конектор и со тоа како да го потврдив приреченичниот карактер на таа честица. Меѓутоа, се чини дека овде само навидум сме соочени со терминолошка (и со интерпретациска) колизија. Имено, ако ја прифатиме сугестијата на Голомб (1964_2), според која $да_с$ е формант на субјунктивот, тогаш неговата комплементарна служба би можела да се протолкува едноставно како задолжителна употреба на субјунктивен предикатски израз во одредена класа комплементарни реченици (реченични аргументи). Нашето е да видиме што е всушност субјунктив и колку е оправдано оваа категорија да му се припише на македонскиот глаголски систем.

Во слободен превод субјунктивот значи подреден начин. Подреденоста може да има семантичка и/или синтаксичка интерпретација при што првата ја сфаќам како решавачка. Семантичката подреденост на субјунктивот ја гледам во суспендирањето на опозицијата фактивност ~ нефактивност. Имено, пропозицијата чиј предикат зема субјунктивен облик примарно се оформува како реченичен аргумент на еден друг надреден предикат и нејзиниот фактивен или нефактивен карактер зависи директно од лексичката и категоријалната (граматикализирана) семантика на надградениот предикат. Со ваквата семантичка зависност корелира синтаксичката, т.е. фактот дека примарно субјунктивните глаголски конструкции функционираат како конститутивни членови на комплементарни дел-реченици. $Да_с$ го замислувам како формант на така сфатениот субјунктивен начин. Да го илустрираме ова со неколку стандардни примери. Сп.: *Најпосле успеав да ја завршам дисерта-*

цијата. т.е. 'ја завршив' – фактивна констатација – наспрема: *Можеби ќе успеам пред крајот на месецот да ја завршам дисертацијата.* – нефактивна констатација; дел-реченицата *да ја завршам дисертацијата* во двата контекста останува неизменета, нејзината интерпретација во термините фактивно/нефактивно зависи исклучиво од категоријалната семантика на надграденият предикат. Сп. и: *Морав да му кажам дека така не се работи. т.е 'му кажав' – фактивна констатација – наспрема: Сакав да му кажам дека така не се работи.* – суспендирана фактивност; реченицата *да му кажам дека така не се работи* останува иста. Нејзината интерпретација во термините фактивно/нефактивно зависи исклучиво од лексичката семантика на надграденият предикат, итн. – лесно можеме да ги множиме примерите.

Претставената ситуација ја илустрира употребата на конструкциите *да*$_c$ + praesens низ целата македонска територија, така што нема потреба посебно да ја илустрираме со примери од јужните говори. Меѓу другите тука спаѓаат и сложените предикати со надградени модални глаголи како *мора, треба, може, смее,* а во дијахрониска перспектива и *ќе* и *сака* како негов функционален еквивалент, а и употребата во можниот (реален) условен период, сп. понатаму во врска со иреалис, подетално сп. во вториот том. Вреди само да се потсетиме на една суштествена разлика меѓу западните и источните говори за која веќе стана збор (сп. погоре § 1.5.1.1.). Имено, додека во источните говори презентските облици од свршени глаголи, иако ретко, сепак можат самостојно да конституираат предикатски изрази, во западните говори тие претставуваат врзани форми и задолжително се придружуваат со елементи од едно затворено множество „модализатори" (честици и/или сврзници како *ќе, да, ако, штом . . .).* Се работи за една балканска особина: дел од балканските јазици (ароманскиот, албанскиот) имаат делумно морфолошки издвоени „презентски" парадигми во субјунктивот, другите (грчкиот, словенските) имаат спроведено секундарна специјализација користејќи ја за таа цел видската опозиција (Фридман 1987, 112–113). Во словенските говори кои претрпеле најсилна балканска интерференција – а тоа се токму западните говори на македонскиот јазик – врзаниот карактер на презентската парадигма од свршените глаголи е едно од регуларните обележја на глаголските системи.

Како што веќе споменав, интерпретацијата на субјунктивната конструкција *да* + презент зависи од семантиката на надграденият („главен") предикат. Покрај фазните (*почнав/почнувам/ќе почнам да пишувам . . .* и сл.), и маркираните по деонтична модалност (*морам да, треба да, можам да, смеам да . . .* и сл.) тука спаѓаат и секундарно деривираните конструкции кои се карактеризираат (а) со отсуство на семантичка импликација меѓу надредениот и подредениот (субјунктивен) предикат, односно (б) со отсуство (барем во површинската структура на текстот) на надредениот предикат. Под (а) мислам на финалните конструкции (*дојдов да ти кажам* и сл.), т.е. оние на коишто по пат на асемантичка трансформација секогаш можеме да им го надградиме предлошкиот предикат *за* (*дојдов за да ти кажам,* и сл.) – за таквите кон-

струкции подетално ќе стане збор во вториот том; под (б) мислам на оптативните, императивните и прохибитивните конструкции (*само да дојде пролетта!, да не мрднуваш оттука!* и сл.) – за нив ќе стане збор во наредниот параграф.

Од досега реченото произлегува дека и во потсистемот на *ќе*-конструкциите и во потсистемот на *да*-конструкциите граматикализирана е временската опозиција меѓу минатост и неминатост, што формално се експлицира соодветно со присуството на презентската и/или (им)перфектната парадигма.

Конструкциите од типот *да одев, да сум одел* (т.е. субјунктивни конструкции градени врз парадигми на минати времиња) во споредба со типот *да одам* покриваат многу поограничена функционална зона. Тие се по дефиниција од нефактивен карактер и ограничени се на веќе споменатите функции на неисполнет услов во минатото (conditionalis irrealis) и/или на минато-идно време (futurum praeteriti). И двете функции, по самата природа на субјунктивот, на синтаксички план имплицираат тандем од минимум две реченични конструкции: во условниот период субјунктивот обично се појавува во протаза (т.е. изразува токму услов). Во временскиот период најчесто се среќаваме со зацврстен состав *кога да* што го доведува главниот настан во врска со предвидуваниот иден настан. Првата функција почесто се реализира. Еве неколку примери од јужните говори: *„Видој ен зјанц: д-одеј околу, бегјаше, така скокнај и го фати“.- МЦ, сп. и: „Ах, рече тој, уставејте́-ме, ме боле коскјате кајкога да м-име бијено со секавице“* МЦ – една иреална споредбена конструкција со резултативен карактер, натаму: *„Да бјаје умрјани, требјаше да бјаје гробјето“* МЦ, во преводот од Мазон: „S'ils étaient morts, il fallait qu'il eussent une tombe“. – пак една резултативна конструкција. Во текстовите од Костурско, Леринско, Преспанско и понаисток од Кајларско и од Мегленско не ги најдов разгледуваните конструкции. Се чини дека во иреалниот исто како и во можен условен период на таа територија доминира сврзникот *ако*. Слична е ситуацијата и во Ениџевардарско – во релативно голем корпус текстови наоѓав само иреални периоди со *ако*. Меѓутоа, веќе од Дојранско Пеев ги наведува примерите: *д-и́мише рӑчка, ки ти прӑфа́тӑх, не́мише са́ма дӑ гӑ но́сиш., Дӑ мо́јше, ки му у́дрише куршу́мо.* ПДој. Останатите два примера што ги дава тој за условните реченици, и двата со *ако*, и двата се однесуваат на можен период, па дури може да се претпостави соодветната специјализација на *да* во однос на *ако*. Во својата кукушка монографија Пеев, за жал, не се изјаснува ни за присуство ни за отсуство на иреални услови воведувани со *да*. Меѓутоа, приведува примери на реални (можни) услови место со *ако* воведувани со *да*, сп.:
дека сӑ-скрија́?; . . . – да́-ј-пули́јн сус зла́то, сӑ-ви́ке вӑракли́а . . . (ПК1, 315). Во текстовите приклучени кон монографијата најдов и други такви примери, сп.: *Та́м дӑ-сӑ-ка́чиш, не тӑ-иска́руве ни-арӑ́план, не́ цӑнам.* ПК, сп. и: „Ако, шо́ сте дујде́ли ту́ка, да-сте-седе́ли та́м, ви́а сте гӑрци. . . . ПК . . . Најдов и еден пример кој би можел – чинам – да се протолкува и како иреалис, сп.: *А уд-упштина́та дујде́ли*

чувéци, му-j-фăнáли пáрте. И нă-мájстурто дăдéли нéшто, ама д-не-дуj-дéли, мájстурто ќи-си-j дилúли муѓи нúх. ПК. Најпосле, најдов и еден пример со ирреалис воведен од *ако: Ак óдăх нă-Дăбил'а ќи-м-ja-цéпше тõ дабалчáницо. Ас не-дéх крăф дă-тéче.* ПК. Собраните податоци, колку и да се скудни, сепак покажуваат дека во рамките на условниот период функционалните зони на *да* и *ако* се преклопуваат, и тоа во корист на *да*. Ваквата констатација убаво се надоврзува на состојбата што ја утврдил Голомб во текстовите на Малецки од Сухо и Висока. Имено, тој доаѓа до заклучок дека во Лагадинско во ирреалниот условен период владее шемата: *да* + imperf. ~ imperf. (Голомб 1964, 55), сп. го и неговиот пример: *да знájах, гу ни пирáксувах хúч.* МС, а сп. и еден друг пример од истиот текст: *„иксúќ да б'ăши и гăската, тузú, шту гу пáт'ах jác, н'ăj за кáзувáни.“* МС. – Примери на ирреалис со *да* можат да се најдат и во Верковиќевата збирка, сп.: *То човек да не беши, јазика беши на два мој-то живот* . . . В, *„ошчи биз малко да не ходдах, татко ти искаши роб да го земат трите крал'уви.“* В . . .

Најпосле, и во текстот на кулакиското евангелие наоѓаме еден, веќе приведуван погоре, пример на $да_c$ + имперфект во функција на ирреалис: *Да знáиши дáрот Господúново, и кó-и тó шо ти зборýва éм ти вéли: дај ме да пијам, ти́ акý си сакáла ут нéго, ки ти дáдиши вóда жúво* ВК – во горната реченица наоѓаме еден до друг два нереални услова, едниот воведен со *да*, другиот со *ако*. Кулакискиот текст дава и други примери со *ако: . . . ти́и áку сă пúсале идéн пу идéн, трáчам нито зéмнјата ки и прибéриши писáнити книги* ВК, или: *ти́а áку сáкаа да сă пúшат сăти идéн пу идéн, сúта дунjáта, ка сă ýмам, нé бéши кабúл да и прибéри книгити шо ки сă пúсаа . . .* ВК . . . Овие примери го потврдуваат заклучокот дека *ако* најчесто е генерализирано во сите типови на условниот период. За костурските конструкции со *кешки* сп. подолу § 1.6.2.

На проблематиката на условниот период во јужномакедонските говори ќе се вратиме во вториот том, во врска со семантиката и функциите на сврзничките предикати.

Subiunctivus praeteriti во функција на futurum praeteriti е, како што веќе споменав, релативно ретка појава. Некои примери приведовме веќе порано разгледувајќи ја токму оваа функција. Ги наоѓаме во Корчанско, сп. од текстовите на Мазон: *Тóко се берjăје лýди да чине шéир кóга да се убесвjăше цáро* МЦ, сп. и: *Н-утринта, ка да одjăше по работа, најде старицата, и вели . . .* МЦ, *Му дојде вафто шчо да умирjăше тој мажо . . .* МЦ, *Во деветијо мjăсец, кога да родвjăше, царо отиде по луфт . . .* МЦ . . . Погоре (§ 1.5.2.2.), приведувајќи според Голомб дел од истите примери, го наведов и неговото толкување за тоа како subiunctivus praeteriti навлегол во функционалната зона на futurum praeteriti. Примери од таков тип и тој и јас најдовме само во Мазоновата збирка, па може да се претпостави дека тие претставуваат специфичен идиоматски развој на бобоштенскиот говор. Со оглед на тоа дека се работи токму за Бобоштица, се налагаат албански паралели. Тие можат да се бараат на два плана. Како прво, формално, конструкцијата *ќе* + *да* + имперфект (бобоштенско *жа* + имперфект) наоѓа полна паралела во ал-

банскиот „future imperfect“ (се служам со терминологијата на Њумарк) граден по шемата: *do* + té-subjunctive и може да се претпостави дека настанала не без врска со албанската конструкција; како второ, функционално, „the basic use of the future imperfect, constructed of *do* + imperfect subjunctive, is to indicate an action which is to be operative after a reference moment in the past. When a past moment is established as the point of reference, as may happen in consequent clauses of conditional sentences whose antecedent clause is in a past tense, in relative clauses embedded in sentences with past tense main verbs, and in indirect discourse after a verb of saying or thinking . . . in the past definite or imperfect, a future imperfect form may be used to express the future in respect to the past . . .“ (Newmark 1982, 103). Следуваат албански примери кои – како што се гледа од горното набројување на типичните контексти – точно одговараат на бобоштенската употреба на *да* + имперфект во условните периоди и/или во функцијата futurum praeteriti.

Покрај разгледаните функции, еднаш сретнав subiunctivus imperfecti употребен за изразување на претпоставка сооднесена со минат момент, сп.: *Ón stạna uчи́тăл прет дạ-бе́ѓме, тóги прет адна́ гуди́на, кóга дуjдé, две гуди́ни мóж да-и́мше.* ПК.

За субјунктивот imperfecti и/или aoristi во секундарно осамостоените негирани прашања од типот *„Да не'мјäше уставено њäш љäп во црква, жош старецо има торбата пална со лебови и вели жош му и даде Госпо?“* МЦ, *Aj, ричéл, дạ-флéзум уф-буна́ро, ричéл, дă-нé сă-удви́ у-буна́ро,* ПК, сп. подолу § 1.6.5.1.2.

Додека *ќе* и *да* како модализатори носат исклучиво категоријално, граматикализирано значење, другите сврзници и/или честици што ги придружуваат врзаните облици од свршените глаголи, како што се *ако, штом,* ев. и др., имаат и определено предикативно лексичко значење па ќе ги разгледаме во вториот том, како сврзнички предикати.

§ 1.6.3. Искази со надградени глаголски модални предикати. – Во овој параграф ќе се занимаваме со таканаречената деонтична модалност, т.е. модалност на желба, волја, посакување, со можен или задолжителен карактер на „мислените“ (= нефактивни) дејства. Оваа проблематика опфаќа две серии јазични изрази зависно од прагматичкиот фактор. Имено, желба, волја, можност, обврска итн. (а) може да биде едноставно констатирана, комуницирана на адресатот на текстот, или пак (б) може да биде оформена како директен поттик на дејство од негова страна (наредба, молба, совет и сл.). Во овој параграф ќе се занимаваме со ситуации од првиот тип, т.е. со искази кои имаат за цел да информираат за емотивен/интелектуален став на говорителот без да го поттикнуваат директно адресатот на дело. Вториот тип конструкции ќе го разгледаме понатаму, во § 1.6.5.

Деонтичната модалност од првиот тип се изразува, пред сè, со лексички средства меѓу кои доминираат таканаречените модални глаголи од типот *сака, треба, мора, смее, може* и др. За синтаксата на тие глаголи стана веќе збор погоре, во параграфот посветен на реченичните аргументи и на комплементарните дел-реченици (сп. § 1.3.2.), додека тол-

кувањето на сите модалитети што тие се способни да ги изразат спаѓа во лексичката семантика и далеку ги надминува задачите што си ги поставувам во овој текст. Исто така и географијата на одделни глаголски лексеми со деонтичен потенцијал не сум во состојба да ја претставам. Во оваа ситуација сакам овде да обрнам внимание на два проблема. Како прво, на специфичниот статус на предикатите 'може' и 'мора' во однос на основната за нас овде опозиција фактивно/нефактивно, како второ – на малуброjните делумно граматикализирани средства за изразување на разгледуваните модалитети.

Семантичките големини 'сака', 'може' и 'мора' ги наоѓаме во разни комбинации во сите споменати модални глаголи. Овде сакам да скицирам едно толкување кое нема ниту може да биде исцрпно, но кое – се надевам – ќе ја истакне разликата меѓу 'сака', од една, и 'може', 'мора', од друга страна. Ова би требало да ни го овозможи една по можност експлицитна парафраза. За 'можам да *p*' (каде што е *p* симбол за произволен предикат) предлагам: 'уверена сум/знам дека не постои важна причина да не *p*' и соодветно за 'морам да *p*' – 'уверена сум/знам дека постои важна причина да *p*'. Се гледа дека разликата меѓу двата модални предиката може да се изрази со соодветно вградена двојна негација што е инаку ширум прифатено во предметната литература. Впрочем, се оградив дека понудените парафрази претставуваат само една скица која сè уште содржи низа недефинирани големини, а пред сè бара процена на она што е, односно не е 'важно', меѓутоа, таа го открива она што ни е важно во моментот. Имено, се гледа дека сме соочени и во двата случаја со каузација и со присуство на две предикативни компоненти: (1) определена психичка состојба на говорителот (или друг персонален референт) која е од фактивен карактер, но формално е скриена (*дека*-реченицата се појавува само во парафрази), а која (2) му допушта или го тера да се реши за определено дејство изразено во *да*-реченицата. Втората е токму деонтичната компонента, насочена кон иднината, кон нефактивното, инаку единствената присутна во *сака* 'volo'.

Споменатите (делумно) граматикализирани начини на изразување на деонтичната модалност претставуваат семантички (и формални) деривати од комплементарните конструкции со задолжителен субјунктив во зависната дел-реченица, а доминирани од предикативни изрази кои ги содржат 'сака$_1$', 'може', 'мора'. (Под 'сака$_1$' подразбирам 'volet' за разлика од 'сака$_2$' = 'amat').

Меѓутоа, пред да ги претставиме нив, а да не остане овој првиот дел на нашето толкување сосем без илустративен материјал, еве неколку конструкции со доминантите:

а. 'сака$_1$': *Ијта да му да́м со́му сетнете́му кај те́бе.* МЕЦ, *. . . и от ка кла́де во у́ста, нејтја́ше да пи́е.* МЕЦ. *Трја̀сни сега, стори шчо д-итиш, ја̀ не ти кажва мамешчина"* МЦ, *Е, ај кажи ми нешчо ќи ти питам, ама са́мо нејќам да ми ла̀жиш . . .* УЕ, *„а́с са́кум ти́а́ кутри́нта дӑ-ј-дука́риш, ди-ј-пумилу́м ма́лко . . .* ПК, *Нӑ-мо́јта сто́ка не-са́кум ас друк дӑ-ми-би́де ут-стра́нта на̀ддава́че или дава́че".* ПК, *Ќо̄-пи́тиш сја̀а, ви́ке, мил'ундеро, да́ли са́ке д-уста́не зе́т нӑ-ме́не."* ПК, *Уди́х, са̣ка́х чо́рба*

уд-вујни́цте. ПК, . . . *а́ку и́штиш ти да казанди́саш, кугá за дój го́р'ạ мумáта да играjти, хи́ч да jа ни устáвиш да пój дол.*" МС, „*jас и́шта да сă винчájа, калитăта н'éмам.* МС, „*ни и́штими да т'ạ сто́рими з'éнт', ти што́ вили́ш?*" „*Афý и́штити ви и jас и́штам.*" МС . . . Сп. и: . . . *ма то́ шо не слу́ши на ме́н, неќа́л да зна́j на то́ шо ми пушти́,* ВК, *Јоси́ф, чинки бе́ши пра́вин, и а не́ќаши да ка́жи на сфе́тут.* ВК; најпосле сп. и неколку примери на *сака* со нијанса на стандардното 'бара': . . . *са-привали́ тéнцарто, тéче, сáке мáлко калáj да гу-калjди́сат,* ПК, *Тугá кумши́ата утши́шал у-о́цăта зă-д-ă-сáка ăрăни́ătă* . . . ДКај, *Ти д-о́диш и дă-му-сáкăш но́гу па́ри нă-ламjăта.* ДКај . . . Да го додадеме и тоа дека токму конструкциите од типот *ишти/сака да* + презент (покрај „футурските" *ќе* + презент) ја зафаќаат во јужните говори функционалната зона што во стандардниот јазик му припаѓа на потенцијалот со формантот *би.*

б. 'може': *Мо́жеj мно́го марти́рие да доне́са от осфетењăте кни́ге за со́зи* . . . МД, *Не можи́те да му работáте и Госпутóму и врагутóму* . . . МЕ, *Можи́те да пиjе́те тас че́ша шчо жа ти́ja jă* . . . МЕ, *Отиде дома, не можjăше да зборви.* МЦ, *Мо́жиш да се дăрциш да вjăни́ш на мjăне* . . . МЦ, „*Око можиш, да го наш сос њăш*". МЦ *Гле́дум оти зă-ме́н чувéк не́мум дă-ка́же не́кō ду́ма. Ас сáм шо мо́жум, мо́жум сáм.* ПК, *Тáа ре́кичка ин-ви́каа Дирве́нто. Таки́ мáлчко сус-чáшка дă-мо́jш да-нắлиjш.* ПК, *Се́тне учи́тăло ни-кăжува́ и дру́ги куми́тски пе́сни, ама на-мо́жум, не́ зна́м.* ПК, *Нă-мож дă-зе́мум зимнăде́лска пе́нзиja.* ПК, „*Аман мáр бáбо, мо́ж д-е́j кăсме́т, áма ак-мо́jш дă-нăпрáвиш кути мо́jта кăшта, мо́ж дă-би́де*". ПК, *Ман'цо́jи бр̀каши пу партáлиту, ни мужá да м'ạ нájди и си ути́ди.* МС, . . . *и такá ни мужáха да гу фáт'ат д'ăт'ạту.* МС, . . . *ут тузи́ по́хубаву д'ăт'ạ ни мо́жи да сă нáj.* МС, . . . *алá т'é н'éгу ни мо́гат да гу пузнájат.* МС . . .

Нашата мала селекција на примери, меѓу другото, го илустрира и фактот дека предикатот 'може' многу често во секојдневната комуникација се појавува со надградена негација, т.е. како декларација дека некој не е во состојба нешто да изведе. Негацијата се надградува токму врз деонтичната компонента – во термини на погоре скицираната парафраза добиваме: 'уверена сум/знам дека постои важна причина да не *р*'.

Привлекува внимание конструкцијата од кукушките текстови на Пеев со *може* во функција на самостоен модализатор без субјунктивно *да*: „*Дéк ќ-о́jте дéца, нăсăт гувéта, já сjá Гăрцте ту́к сă-бли́ску, ќи-по́чне вуjна́, ќ-устáнте ви́й нăдо́лу, нă-мо́ш си-до́jте сéтне.* ПК. Во врска со тоа сп. Тополињска, 1995.

Со истата функција се јавува и турцизмот *кадар,* сп.: „*Ах! царо ка н-е кадар да брани плачкjăте!*" МЦ, во Мазонов превод: „Ah! comment un roi n'est il pas capable de défendre ses vêtements!" . . . Сепак во библиските текстови истата лексема се појавува поскоро со значењето 'digne' = 'достоен', а не 'capable' = способен, моќен, кој може', сп.: *тáтко, згре́шиj на небéто и прет тéбе, и не́ сje кáдар о́пет да се зо́вем си́н твоj.* МЕ, во современ, превод: „. . . не сум веќе достоен . . ."

в. 'мора': *Сéфте не́ зне о́ти трjăби да му сполájве Госпутóму за многóто добри́не тогóве. Фто́ро не́ зне ка синóви и шчéрке трjăби да*

сполајве тáтку и мáјке за галенишчáта и чаластисајнáта шчо и́ме зá ниј. МДЦ, *. . . татká ви шчо éсти на небéто знjä от сфjáчке сjäзи ви трjäбе . . .* МЕ, *Пумина́ла мале́чката, гу-виде́ла. Трибáло да-са-же́нат.* ПК, *Окáт тõ шо-j тäмäхќáр зä-рäбóта, нä-си́чко-j. Дä-знä, окáт сä-ви́ке тõ, дä-знä шо трéбе дä-пурдáве, шо трéбе дä-кýпе.* ПК, *. . . ма штó за јид'éми? трäбувáши да би́ши халúс баклавá, ни на кни́гата пи́сана и такá штóгуд'а ни ви́д'ахми; тр'äбувáши тапс'áта да би́ши утпр'ät.* МС *. . .* Натаму: *Во Гди́н'а трéба да бéше.* ШД, *Јáс двé недели по Вéлигден трéбаше да тäргна за Америка.* ШД, *. . . овój jäзик ви́е трéба да го заборájте . . .* ШД, *. . . кукóшка ми требáше дä грáбна . . .* МА, *. . . а закупаа оти на таква мајка така и требуваше да умре.* УЕ, *. . . ама за да оди ду там чувек требува ного дикатлија и ного срчан да биди.* УЕ, *Ама пули жив да устани оти ќи ми требува за понанака.* УЕ, *Ро́дан сум ил'áда дéвитсто́тини и-трéта гýдина, трéбе де-j-такá.* ПК, *Ми áјде, на-нáс нитрéбе другáр.* ПК, *. . . ал как видáло, чи нäма кортолуш, трäбвало да изгори, рäкло на чљаку:. . .* ВС, *Така и сегашните девојки требува колај да си не предаваат на јунаци сос малки или големи дарби . . .* В, *. . . тр'äбува вáса нóш да с'äдим да наýчим.* МС, *. . . тр'äбува прäву кон'чáту да гу закóлими . . .* МС *. . .* Сп. и: *Прóлитта би́ме прину́дни дäдójме тýк у-Бури́суво . . .* ПК *. . .*

Интересно е дека јужните говори во разгледуваната функција немаат глаголски предикат со парадигма по лице, слично на стандардното *мора,* па обврската, сеедно субјективна или објективна, секогаш се изразува безлично. Ова е, се чини, стара словенска состојба, поддржувана од другите балкански системи, пред сè од грчкиот.

Меѓу споменатите деривирани (осамостоени) субјунктивни конструкции кои изразуваат деонтична модалност има прашања (од типот: *Да не си дошол по мене?),* што ќе ги разгледаме во § 1.6.5.1.1., има директни наредби (од типот: *Да не си мрднал оттука!),* што ќе ги разгледаме во § 1.6.5.2., но има и индиректни наредби, забрани, желби и сл., т.е. искази какви што се предмет на нашиот интерес во овој параграф. Тоа се, пред сè, таканаречените оптативни конструкции од типот: *Само да не заврне додека сме надвор.* и сл.

Честопати не е лесно да се спроведе граница меѓу оптативот и таканаречениот описен императив (со формантите *да* и *нека*), пред сè во директно обраќање кон второ лице (сп., на пр.: *Оди во кујната, земи ги филџаните, донеси ги тука . . .* vs *Да одиш во кујната, да ги земеш филџаните, да ги донесеш тука . . .*, и сл.). Голомб (1960/61, 175) по тој повод пишува дека „партикулата *да* . . . врши функција на формален показател на . . . оптатив, чијашто специјализација несомнено е императивното значење на формацијата од типот: *да ка́жиш, да кажити . . .*" – Исто така не е лесно да се издвои оптативната од правата императивна нијанса во обраќање во прво лице множина (*Ај да одиме!* и сл.). Со оглед на тие тешкотии се решив да спроведам чисто конвенционален рез: сè што е директно обраќање ќе го разгледам во § 6.1.5.2., каде што ќе стане збор за изразување на заповед/забрана, додека овде ќе стане збор за „императивот на 3 лице" што природно изразува желба која само

прагматичката ситуација (статусот на говорителот и сл.) може да ја претвори во вистинска заповед.

Оптативните конструкции најчесто изразуваат желби чија реализација не е во доменот на човечките можности, па се бара интервенција на природните сили и/или на господа; на втор план, како што споменав, се желбите, молбите (наредбите?) чиј извршител треба да биде одредено „трето лице". По својата синтаксичка структура тие во одделни јужни говори не се разликуваат, па ќе се ограничам главно на наведување на формулите што ги имаат одбележено монографистите.

Шклифов во својата монографија на костурскиот говор (1979, 119) под насловот: „Частици за пожелание" приведува: *„да, бе́л'ким би́лки* 'дано', *на́ка* (рядко *не́ка*), *ке́шки* 'дано': *Ко́га бло́сое же́јнте, ве́ле: „Да ти́ ет жи́ф дома́кино, да ти са́ живи деча́ната, да са здра́ви и живи, да ве́кве. Чу́ф за Бо́гоја Фо́теф от нашето́ село, шо жи́вее во Би́стрица по́крај Би́тол'а, шо е бо́лен, бе́л'ким да оздра́вее. Ке́шки да бе́ше жиф та́тко, по́-арно ке живе́ефме. На́ка дој Ге́рман от Пăпли со́ тебе, са́кам да го ви́да и да му ре́чиш да ми и вр́ни кни́гите, шо му и да́доф. Да му да́ј го́спо пло́т на мла́дйте, ко́рен да о́стăни о́д ни́му. На́ка са живи мла́дйте, да ва́кве ве́коечни. Би́л'ки да на́ј чу́па спро́ти не́о. Ке́шки да бе́ше жи́ф Тра́јко мо́ј, на́ка са и́змочцва́ме у́ште. Бе́л'ки ке до́ј Ристо од Мала го́рица, та́му ет, о́ра. Не́ка да о́јме на ни́вата на Црве́јнците, да поработа́ме тро́ичка. Ке́шки да гре́деше од ни́вата по́-рано, не ке го фа́тваше до́ждо."* – Приведените примери покажуваат повеќе синтаксички шеми. Семантички се издвојуваат неколку типови зависно од карактерот на референтот на номинативната именска синтагма, а има и – барем така се чини – извесна корелација меѓу семантичката и синтаксичката структура. Имено, тука се *а.* правите оптативни конструкции, каде што во номинативен однос најчесто е ставен називот на непосредниот бенефициенс на желбата *(да/нека се здрави младите,* и сл.), а факултативно – во дативен однос – може да се појави и посредниот beneficiens = адресатот на текстот (*да/нека ти се живи децата,* и сл.). Може во номинативен однос да стои и името на господа како извршител на желбата, а името на директниот beneficiens да стои во датив (*да му даде господ,* и сл.); најпосле, во таканаречениот описен императив *б.* во номинативен однос стои името на кое било „трето лице" на кое му се порачува нешто со посредништво на адресатот на текстот (*нека дојде Герман, да ми и врни книгите,* и сл.). Типот *а.* почесто е корелиран со *да*$_{с}$, а типот *б.* со честицата *нека.* Впрочем, како што реков, има повеќе начини како да се изрази оптативната компонента на предикацијата. Доминираат 1. конструкциите од типот *да*$_{с}$ + презент; тие 2. можат да бидат надградени со оптативната честица *белќи(м)* која би можеле да ја парафразираме како 'да се надеваме, да веруваме . . .', т.е. која го експлицира (и зајакнува) оптативниот карактер на конструкцијата; 3. *белќи(м)* еднаш се појави без *да*$_{с}$, а со *ќе*-конструкцијата – во таков случај тежината на оптативната предикација е токму врз него; најпосле, покарј *да*$_{с}$ + презент како втор основен тип се појавуваат 4. конструкциите со *нака/нека* + презент. Еве уште неколку примери кои

фрлаат светлина на синтаксичката употреба на *белки/м/: . . . белќим и јаска ќи куртулјам и работата ќи ми тргне напред . . .* УЕ, *Чини една́ пи́та да му зака́рам, бе́лки ки ја́ди!* В, *„да по́јми на гурбе́т, бе́лки на́јдими ра́бута за да ра́бути́ми!* МС, *. . . и та́м чакаши, бе́лки гу фарли дал-га́та и́каро́ту на су́ху.* МС . . . Овие неколку примери, како прво, го прошируваат нашиот фонд на конструкции од типот *белки(м) ќе . . .*, а како второ, докажуваат дека во Лагадинско *белки(м)* може да се врзува со глаголскиот облик и без посредништво на други честици, т.е. – со други зборови – дека тоа самото спаѓа во инвентарот на честици способни да го придружуваат перфективниот презент. Конструкциите со позајмената турска честица *кешки* не спаѓаат меѓу оптативните. Самата честица како што *е* употребена во приведените примери, најадекватно би можеле да ја парафразираме со 'камо среќа', синтаксичката шема е: *кешки* + *да*$_{c}$ + имперфект, а конструкцијата како целост спаѓа меѓу ирреалните условни периоди со засилување на модалното значење на ирреалисот со помош на честицата. Таквата употреба на *кешки* во Костурско веројатно не е без албанско влијание. Имено, во албанскиот честицата *kesh* од исто потекло спаѓа во затворениот инвентар на честици задолжително придружувани од субјунктивните глаголски форми и функционира како показател на условниот период. Сп. уште примери од друг извор кои го потврдуваат реченото: *Тјух! Кески да донес'ах на мајќа́ вода! Тјух! Кески да давах на татко царвуле-то!* ВС. Овие примери ја дополнуваат сликата докажувајќи дека конструкциите со *кески/кешки* се познати и во југоисточните говори.

Шклифововиот репертоар на оптативни конструкции можеме да го збогатиме со материјалот од Мазоновата корчанска збирка. Тој, вистина, не ги издвојува оптативните конструкции ниту ги опишува во својата монографија, меѓутоа, како последна група текстови дава богат избор на зацврстени, прагматички мотивирани форми од кои голем дел имаат оптативен карактер. Ќе ги приведеме тука најкарактеристичните држејќи се до Мазоновата поделба: (Мазон 1936, 378–381) „Formules d'accueil et de rencontre": *Да си жиф, Добра ви́ ношч, Помо́жи Бок, Дај ти Бок до́бро, Здра́вје д-и́маш, Да усуни́ме со здра́вје, Сјади со здра́вје, Напрежна́ ти рабо́та. Да ти сјä сиро́ве рацјäте, Да ти с-ису́ше рацјäте, Да ти је сла́тко, Да т-и́зем бра́ко, Со здра́вје да го но́сиш . . .*; La politesse aux noces": *да се ќердхоса́те е́наш та за вјäко; да ви се ќердхо́се; да си види́те* (ou *да си фтаса́те*) *и за помалечки́ти; да ти се прија́се; Го́спо да ви зара́дви со е́но ма́шко . . .*; „A l'occasion d'une naissance ou de la fête de quelqu'un": *Да ти е живо, Спо́лај Бо́гу шчо куртули́са . . .*; „A l'occasion d'un deuil": *Го́спо да го* (ou bien *јо*) *про́сти, да му* (ou *да ји*) *банди́те ви́је . . .*; „Serments et injures": *да трјäсни; да пу́кни; да го уби́је лјäбо; да те рофјо́са рофја́та . . .* Во заклучокот Мазон коментира: „La plupart des formules de courtoisie son calquées sur le grec . . ., et elles se retrouvent aussi en albanais, souvent en aroumain et même en roumain", и ја потврдува таа своја констатација со низа примери. Во споредба со она што го понудил Шклифов во Мазоновиот избор наоѓаме две нови синтаксички формули или, поточно, една нова варијанта на веќе опишаната формула и една сосем нова шема. Зборувајќи за варијанта, мислам на остатоците од стариот синтетичен императив за 3 лице, што се запазени само во овие

зацврстени, петрифицирани формули и само со господа во функција на исполнител на желбата. Примарниот тип, со господовото име во номинативен однос е овој: *поможи бок, дај ти Бок добро,* и сл., секундарниот, без ИС во номинативен однос и со господовото име во датив е: *сполај богу . . .* што Мазон го преведува 'merci à Dieu . . .' – Новата шема е онаа присутна во *Добра ви ноќ* или во *Напрежна ти работа,* т.е. реченичната шема со именски прирок каде што помошниот глагол е сведен на нула, а инвертираниот редослед е корелиран со посебната интонациона контура на оптативот. Експлицитната парафраза би гласела 'ти пожелувам напрежна работа' или 'нека ти е напрежна работата' и сл. Следниот автор којшто им посветува посебно внимание на оптативните конструкции е Лавров во неговата монографија за Верковиќевата збирка приказни (1932, 333). Цитирам: „Предложения, выражающие пожелания в том или другом смысле сопровождаются союзами: *да, нека,* или же стојат формы повелительного наклонения: *Млогу да ти са години-те, царју!, Нека ме поглатни!, Да е жиф татко ми поп-о! Да е жива и мајка ми попадијка, Ѓавол да гу земи!, И му рече, помози Бог, старчу! и стариот отговори му: дал ти Бог добро, синку!, И му вели: поможи Бог, мајстори! Дај Бог добро, брате* – оваа мала селекција на примери сепак е доволна да нè увери дека во југоисточните говори оптативните конструкции се градат по исти шеми како и во југозападните.

На крајот да кажеме дека за прагматичката страна на оптативните искази не е без интерес и уводната забелешка на Шклифов: *„Кóга блóсое жéјнте . . .*" – имено, оптативните формули имаат одредена илокутивна сила и важен е социјалниот статус и полот на оној што ги изговара: додека добрите желби ги изговараат, пред сè, жените, заканите и лошите желби почесто можат да се слушнат од мажите.

За оптативната *да*$_c$-конструкција во функција на (категоричен) футур сп. погоре § 1.5.2.1.3.

§ 1.6.4. Негацијата како конститутивен реченичен предикат. – Предикатот на негацијата спаѓа меѓу оние најосновни семантички големини што можат да се надградат врз секакви други предикативни содржини. Поексплицитната парафраза гласи 'не е вистина дека . . .'. Следствено, надградена врз една фактивна констатација, негацијата носи информација дека говорителот ја негира вистинитоста на таа констатација, додека надградена врз една модална констатација, таа носи информација дека говорителот ја негира вистинитоста на содржаната во неа претпоставка.

Овде ќе се занимаваме со негацијата изразена на синтаксички план, т.е. пред сè со таканаречената реченична негација, односно со негација во својство на конститутивен реченичен предикат.

Морфосинтаксичката проблематика сврзана со реченичната негација се сведува, главно, на две точки. Тие се 1. инвентарот, морфолошката карактеристика и синтаксичката дистрибуција на експонентите на реченичната негација и 2. линеаризацијата на клитичките експоненти на негацијата.

Основен експонент на реченичната негација во јужните говори - како и насекаде ширум словенската јазична територија – е честицата *не* што му претходи на соодветниот финитен глаголски облик. Следствено, нема долго да се задржуваме на неа, а ќе обратиме внимание на другите, семантички и/или синтаксички маркирани, начини на изразување негација.

Во врска со самото приглаголско *не* интерес побудува неговата линеаризација, односно тоа дали и кои други клитики можат да се најдат меѓу него и глаголскиот облик што тоа го придружува.

Во југозападните говори – како впрочем и воопшто во западното наречје – ја наоѓаме типичната балканска (романска по потекло? сп. Benacchio 1987) линеаризација според која негацијата ја отвора низата проклитики што му претходат на глаголскиот облик, а заменските клитики се редат меѓу негацијата и глаголот. Во југоисточните говори - како и во источното наречје – се чува наследениот редослед на клитиките кој налага негацијата да не се одвојува од глаголот, односно заменските клитики да ѝ претходат на негацијата и/или да стојат во енклиза. Во врска со претставената ситуација, приведувајќи ги примерите со честицата *не* во функција на приглаголска негација, ќе се потрудам тие истовремено да го илустрираат нејзиното место во проклитичката низа. Сп.:

о́пет. МЦ, *ти чјандо не ни даде да гу-маме за староста . . .* МЦ, *. . . и не́ а зе́ ца́ро сабјата . . .* МСЦ, *. . . а́ма не и зна́е ни́кој чо́век де́ка се. Дур не се преме́ни ди́нјата, не мо́же да изле́зе . . .* МСЦ, *Ја́с не́ те зе́вум на-те́-бе . . .* ВН, *. . . а не́го не́-го са́кум . . .* ВН, *Да не мирóса ку́чето, де́ка ле́гна, да не ска́пи.* ШК, *Гове́ндата не́ и па́си а́рно.* ШК, *Не́ е са́кам за мо́јо си́н.* ШК, *. . . за да не си о́јме до́ма пра́зни.* ШД, *. . . не ѝ зеа та́а со́ ними.* ШД, *„Те́п не́-та пи́там зашо́ . . .* БМег, *Аку не-а-приче́ка́ше во́ ма́лиут не́ли ќи-са-уте́пише?* БМег, *Ах, бре попе, попе, ако не ми падниш пуд ра́ка . . .* УЕ, *. . . ка паднал у бунарут не си удавил . . .* УЕ, *Е́то ти ја царевта ќерка шо не ја сакаше . . .* УЕ, *Ич не ми са́ ја́де . . .* ПДој, *За́-дане́-пузна́т а́с ма́-зе́х гла́ва́тă.* ПДој, *Дал' о́н-ич не-ми-га-ј-ска́па́л гла́ва́тă на́-ме́не.* ПДој, *лиси́цта ре́кла на-ва́лкут: не́-т-са́-ја́де?* ПК, *чуве́цте ца́рски не́-гу-уста́ви́ле да́-вле́зе; – не́-о-ка́ндиса́л и кинисáл да́-с-јóде; не́-а-да́вум ма́р-ба́бо за́-уфча́р; – ва́лкут не́-о-бира́ла вре́јкта; – ца́ро не́-о-зе́л а́то уд-ба́пта.* ПК1, 278, *то́с дула́п да гу ни утфо́ри пуиди́н,* МС, *пуиди́н да гу ни зна́ј . . .* МС, *„гу ни пруда́ваш ти тфо́ј дуга́н' да гу ку́п'а ја́с?“* МС, *„е́ј, ја ни ви́д'а мо́јта парли́ца, ба?“* МС, *Настради́н-хоца и́ч са́ ни убр́на наза́т', да ви́ди;* МС, *Н'е́тр'а по́пут, дја́кут, диспо́т'ут фа́т'аха да са́ нази́гат нагóр'а, да ха ни уклаве́.* МВ, *И манцо́т-и си́га са́ чу́ди, ка́к да ха фа́рли ва́нка да гу ни ви́ди н'а́фту . . .* МВ, *. . . и отриди́ли на ца́р'а да е да́ват, за да са ни ка́рат за не́а.* В, *„Јас ре́кох да ма ни пи́таш за по-гол'а́ма ра́бота . . .* В, *А де́тето па́к ни му́ отгово́рилу . . .* В, *. . . шча ти пла́тем и на́тпла́тем, л'уда ни ма́ оста́виш.“* В, *Јас си и́мам дома́ мло́го и то́лку пари́ ни ги́ нарам'увам.* В, *„Си́нку, ни́ту да ни ги́ е про́сту, аку ни ма оже́ниш“.* В, *И хи́ч ни гу уста́веше на реха́т . . .* В, *На мома-та име-то не се знае.* В, *. . . ал јаз ни та напушчам внетре.* В, *„Молја́ ти са́, да́шчер'у, нека постои това са́нда́к дома ти ду утре, чи шча*

ида на једно м'асто, та ма је страх, да ни го н'акој дома откраднe," В, *Само мăже ми знајă и ни ми казува.* В, *Моми-те ни с'а ужен'уват . . .* В, *. . . стигнали ду еднă р'акă, котра била толко широка, шчото ако ни с'а прибăркала никак си, ни с'а заминовала.* В, *Жена-та му сл'ала от горе, терала го и ни го нашла.* В, *С'аки ден ја бахтала и боеднач ни хи давала слатак л'аб да јаде.* В, *Чул на ăднă дăлăчнă зăмјă, чи ăдăн цар имал ăднă много умнă и убавă дăшчарă, и нăјă цуснал да тăрат, ал ни му ă дали.* В, *. . . и сă мăчила, да јă увинува за да ни јă толко л'уби и милова мăжјă хи.* В, *„Да сă, керко, по кăшчи-те навăрташ и да сă л'у жалиш, чи ни ма си слушала!" И това желене нич да сă ни свăрши".* В, *. . . таа офца не ти а отипах . . .* В, *„Ја едно дете на воа дăрво-то, оно нека ни гу деле!"* В, *Как не тă издеа кучијн'-та и шчо сакиш тува?"* В, *Исус нé а-дгувори́ на нéа нéкој лáф.* ВК, *. . . и нéкој нé му давáле лéп да јáди.* ВК, *. . . и нéкој пăт не ти расипáх кéфут, и нé ми и дадé и на мéн иднá кóза . . .* ВК . . .

Приведените примери дозволуваат да се доуточни како позицијата на негацијата *не* во секвенција други клитики така и географијата на одделните линеаризациони ~~шеми. Од југоисточните говори, од Солунско~~ и од Серско, свесно наведов диспропорционално многу примери бидејќи токму низ тоа подрачје поминуваат релевантните изоглоси. Заклучоците, најкратко, би можеле да ги формулираме како што следува:

– Третманот на приглаголските честици е различен. Додека негацијата редовно ѝ претходи на честицата *ќе* (во сите нејзини фоно-морфолошки варијанти и сите облици изофункционални со неа), честицата *да* (ако не е амалгамирана во *за/жа*) редовно ѝ претходи на негацијата. Таквата линеаризација ја одразува разликата во потеклото и во денешниот статус соодветно на *ќе* и *да*, односно нè потсетува на глаголското потекло на *ќе* како формант на одредени серии модално-темпорални перифрастични конструкции и на сврзничкото потекло на *да* како субјунктивен показател.

– Во повеќето јужни говори (во сите југозападни и југоцентрални говори) заменските клитики стојат меѓу негацијата и глаголскиот облик, односно, поточно, директно му претходат на глаголскиот облик, така што се постигнува редоследот, на пр., *не ќе му го кажеш, да не му го кажеш,* и сл. Во говорот на Сухо и Висока, Лагадинско, од друга страна, доследно владее редоследот *да му го не кажеш* (што е негиран пандан како на *да му го кажеш* така и на *за му го кажеш*). Иста е ситуацијата во дел серски текстови во Верковиќевата збирка; во други текстови од истата серија владее „балканскиот" редослед, како и во текстот на кулакиското евангелие. По сè судејќи, наведените лагадински и северносерски села претставуваат периферија од поголем ареал на источните македонски говори за коишто е карактеристичен стариот словенски редослед на клитиките.

Има и случаи – не ретки во словенскиот јазичен свет – *не* трајно да се спои со глаголската основа. Мотивацијата на таквото спојување може да биде чисто формална, еуфонично-фонолошка, како кај *има ~ нема,* или со подлабоки (семантички?) корени како кај *сака ~ нејќе.*

Имено, *нејќе 'nolet' се употребува и во системите коишто 'volet' го изразуваат со сака*, сп., на пр.: *Туку, ај сеа кажи ми шчо арно сакаш да ти прам, оти нели ј јаска сам чувек, п и цар у ва држава? Тогај икимцијата му рекол дека нишчо нејќа . . .* УЕ, *. . . да знајш дека пери никак нејќам да ми дајш, туку сакам да дајш запувет да станам мувтар на, да речиме, на пазарцката каза . . .* УЕ . . . Ваквата состојба како да го потврдува мислењето на А. Вјежбицка (1972) дека и 'volo' и 'nolo' се семантички неделиви големини. Сп. ги и контекстите кои јасно покажуваат разлика меѓу *нејќе* и *не сака: . . . нејќам појќе да ни си бијат пеза л'ујто . . ., нити сакам појќе да си ранам су жаби . . .* УЕ, *Не е сакам за мојо син.* ШК, и сл. Што се однесува до негираното *има*, во текстовите на Малецки од Лагадинско најдов и неколку примери на *не има: Иринѓјот ни имаши магар'анта.* МС, *бхи! ни имаши . . .* МС, *„ни имаши камин' да тргни."* МС, *Тос скопо ни им'аши н'афту да гу гл'ента,* МВ . . . Исто и перифрастичните конструкции со *има* дозволуваат варирање од типот: *не . . . има/нема,* сп.:
мјане. МЕЦ,
видјано, шчо ми убјасвиш мажатого?" МЦ . . . — така е редовно во корчанските текстови од Мазон, додека во другите текстови наоѓаме друго решение: *. . . тиа јазе ги немам кажани на жената ми . . .* В, *бшче гинемше прафтасано . . .* ПК . . .

Посебна модална нијанса има конструкцијата во која основниот глагол го придружува низата *не ќе да,* сп.,
милве. ШК, со парафраза која гласи приблизно: 'претпоставувам дека не е вистина', 'се сомневам дали е вистина', и сл. За жал, горните ми се единствени примери на оваа конструкција.

Ако сме соочени со две констатации базирани врз ист предикат, а кои се противставуваат по аргументите, т.е. со двокомпонентна предикација од типот 'предикатот *p* не врзува како аргумент елемент од множеството *A*, туку од множеството *B*', тогаш може да се појави една кондензирана конструкција со реченична негација сместена не пред глаголот, туку пред називот на множеството чиј елемент се исклучува. Неколку конструкции од таков тип бележи Шклифов во својата монографија на костурскиот дијалект, сп.: *Не магаре, а кон си купи.*, т.е. 'не купи магаре туку купи кон', натаму: *Не човек, а куче ести тој., Не са мераци му е пална душата., Да го донесиш новио ѓум, а не старио.* (ШК, 117); во последниот пример површински се негира еден од двата противставени придавски предиката коишто се вградени во соодветните ИС.

Интересно е дека идно време или, поточно: темпорално-модалните содржини кои како позитивни претпоставки се оформуваат во конструкциите: *ќе* + презент, кога се потчинети на негација земаат обично друг показател на својата нефактивност. Имено, како негиран пандан на *ќе* се појавува *нема да*$_c$, според моделот: *ќе одам* vs *нема да одам,* и сл. Во јужните говори тешко може да стане збор за некоја функционална, семантичка разлика меѓу конструкциите со *. . . не ќе . . .*, од една страна, и конструкциите со *. . . нема да*$_c$ . . ., од друга. Меѓутоа, често

е затемнета една друга функционална граница, онаа релевантна за второ лице, т.е. разликата меѓу *нема да одиш* употребено индикативно и истото употребено императивно (сп. и подолу § 1.6.5.2.1.). А еве една селекција на примери на конструкции негирани со помош на составот *нема да* од јужните говори; ги приведувам паралелно со типот *не ќе* (*не жа* и сл.) за да го документирам присуството, а евентуално и фреквентноста на двете решенија во одделни говори: *. . . и ни е́но от сјӑзи не жа мо́жи да ви вла́пса.* МЕЦ, *. . . о́ти ни́кој от ти́а викнати́ти ма́жи не́ жа јӑ от вечера́та моја . . .* МЕЦ, *Тој шчо гр'ӑ́ј по мјӑ́не не жа ба́ра во темни́ца, то́ко жа и́ма сфетлина́та животјӑ́тој".* МЕЦ, *„Јӑскај не жа го би́јем о́пет"* МЦ, *„Не ж-и се пу́ле тјӑс те́мне стари́це"* МЦ, *Тас за се стори кек, царо не за најди илач.* МЦ – како што се гледа од примерите, во Корчанско владее „нормална" конструкција: *не жа/не за . . .*, не најдов ниту еден пример од типот: *нема да;* исто така и со имперфектните форми *ќе*-конструкциите се негираат со просто додавање на не: *. . . пукјӑше от не жа најдвјӑше дот.* МЦ. – Во Костурско ги наоѓаме веќе и двата модела, еве што пишува монографистот: „Отрицателните форми на бъдеще време се образуват по два начина: 1) с отрицателна частица *не́*, която стои пред положителната форма: *Не́ ке-о́да., Не́ ке-ја́да. Не́ ке-се-же́на. Не́-ке-се-ти́ша гӑ́рк. Не́ ке-бе́гам за-Ме́рика;* 2) с неизменяемата глаголна форма *не́ма* и сегашно време на спрегаемия глагол, пред който стои съюз *да: Не́ма да се жена за не́ја. Ја́с не́ма да-о́да на-па́зар, та́тко ке-о́ј. Ти́ не́ма да-ски́таш по-сока́ците, до́ма ке-се́ш. Не́ма да-о́јме на-чужи́на. Не́ма да пи́ја ви́но и реки́ја.*" ШК, 87. – Слична е ситуацијата и во долнопреспанскиот говор: „Отрицателните форми на бъдеще време се образуват с отрицателна частица *не*, която стои пред утвърдителната форма, или с неизменяемата глаголна форма *не́ма* + *да* + сегашно време на спрегаемия глагол: *не ке ра́ботам – не́ ке работам, не́ма да ра́ботам, не ке за́врни – не́ ке завӑ́рни, не́ма да за́врни (завӑ́рни). Ова не́дел'а не ке о́здрее, не́ма да и жне́ме ни́вјето.*" ШД, 91- Во текстовите на С. Бојковска од Мегленско најдов: *„А, мо́ри, же́но, зна́м о́ти не́ма да-вику́виш сус-ме́н . . .* БМег, *„Ва́, ја́гниту, не́ма да-гу-зако́лиш!"* БМег – конструкција со јасно изразена императивна нијанса. *Ним-са-секи́рај не́ма да-си-о́јш оште-ва́ нидел'а . . .* БМег; во истиот корпус текстови најдов и една конструкција со *има* место *ќе*, а која сугерира футурска интерпретација, сп.: *„Зе́јни дӑ-та-плу́јнӑм на-му́цкӑта и ќи-разбе́риш шо́ ла́фе дивути́јне, ајва́јне, о́фци, ко́зи наро́т, кра́ви, мӑгари́јна, шо́ збо́рӑт они и́ма да-ти-ка́жӑт".* БМег – Во текстовите на Угриновски од Еничевардарско наоѓам конструкции од два типа: *. . . ама ако а носам на урманут бог да ја прости ни у рајот нема да си видиме.* УЕ, *Нема да му утвориме Маро, оти ако влезе најстина ќи ни заколи . . .* УЕ, *И ако ти кажат дека . . . на вратта нишчо нема, ти нема да си кандисаш, кузум, оти тува душа си де́ли.* УЕ . . . наспроти: *. . . радосен испаднал да гу причека дедето, трачејќи дека ва пӑт не ќи можи да пугоди, демек, не ќи ја најде скриента му ќерка у ѕидот.* УЕ – Во монографијата за дојранскиот говор К. Пеев во параграфот посветен на идно време пишува: „Негирани форми: *не ки сме́јш дӑ гӑ пугле́дниш, не ки мо́јш дӑ фа́тиш ни́шчо.*"

ПДој, 92, и навистина таквите конструкции ги наоѓаме во текстовите приклучени кон монографијата, на пр.: *„Та́те, шо сă-у́миш?“ „Е, ка́к не-ки-сă-у́мум бе си́нко.* ПДој; меѓутоа, тука се и конструкциите со *нема*, сп. *Ама не́ма нă-ни́кој дă-ка́јш, ни́ нă-де́ца ни́ нă-же́на.* ПДој, *Удде́л и-нăпрăви́л еди́н тăка́ кути-чинге́л', гу-зăка́чи́л јурга́но, măрде, не́ма дă-сă-рăзбу́де де́фо.* ПДој . . . – Во кукушката монографија од Пеев воопшто не наоѓаме информација за начинот како се негираат *ќе*-конструкциите ниту – од функционална гледна точка – конструкциите кои искажуваат идност. Во приклучените текстови наоѓаме: *„Ут-Била́хца гра́нцта не́ма дă-мắрдне, то́о дă-гу-зна́јте“.* ПК, *„Е, ре́ка́л, те́бе ба́ш сја̑ ка́ сум угла́де́л, те́бе не́ма да-ти-про́стум“.* ПК, *Чика́ла, чика́ла, па́ не́ма да-с-јо́де то̄.* ПК – една конструкција повеќе омнитемпорална отколку насочена кон иднината; натаму: *Ти не́ма да-са-л'у́тиш“.* ПК, *Во́да а́к прăпи́јш туга́ј он зе́ме дă-сă-прути́ве и не́ма дă-би́јш чуве́к кут ка́к сиби́л.* ПК . . ., меѓутоа, може да се најде и конструкција како: *„А́јде ма́ри́, ти́а̑ дука́ра́а – по́вик'е ми-ј-скăра́а о́чте, а не́ пă тво́јут, ич пă не́ ќи-мо́ж дă-пугле́днум“.* ПК . . . Збирката на Верковиќ содржи текстови од многу различни говори, па тешко може да се очекува таа да нуди некоја хомогена слика на дистрибуција на типовите *не ќе* наспрема *нема да.* Сепак, се чини дека надвладува првиот тип: *. . . ја́зе веки ки у́мрам и о́шчи е́дноч не ке да ми ви́диш. . .* В, *. . .а́ма да не на те́раш до три годи́ни, ча ни́а, дурде́ не добиими па́ри, не ки до́јдими.“* В, *. . . и то́јнака га за́качи жа́бата за уста́та, да не можи да ви́ка, да не чу́ет дру́гите жа́би и не ки изле́зат.* В, *„зака́лнети са за вашата господарка, аку нишчу не ке да му чини на нашјут господар, така ки ви оставам!“* В, *. . . а́ма пắрво за́ка́лни си за тво́ј брат (хенде́к атлата́н) ако не́ ки ми изја́диш“.* В . . .; тука спаѓаат и примерите како: *„дурде не видам прет меника да падни некој, не кем да верувам!“* В, или: *. . . и така ке да имаш голема сила, којто не кеш да патиш нишчу!“* В . . . Од примерите се гледа дека во соодветните текстови составот *. . . ќе да . . .* надвладува над *. . . ќе . . .* како показател на идната временска перспектива, т.е., со други зборови, дека не е ретка генерализацијата на $да_{\text{с}}$ во исказите со таква перспектива. Впрочем, во текстовите од оваа збирка има и доста примери на $да_{\text{с}}$ како единствен експонент на футур (сп. погоре § 1.5.2.1.3.).

гираните конструкции во сегашно време, а со значење на готовност, сп., на пр.:

пра́тими хабе́р на та́тко ти, да ни пра́ти па́ра . . . В – текстот е од селото Боливец, Солунско, или: *„сега да си вăрна на татку ми, он, знам харну, как ке да ми пита, шчо ги чиних парите? Туку не си врашчам.“* В . . . На сето тоа на страната на *нема* можеме да приведеме: *„а́ми ца́р'у, о́ни как ки ти ви́дат те́бика, не́ма да чи́нат кату сношчи цимби́ш . . .* В, или: *„господи́не, о́шчи не́ма да и́дими на господа́ро?* В . . . Натаму, тука се и примерите како: *а́х не́ма чове́к да ме вја́хни . . ./„а́х вја́хни, да ми припу́ска пу тиа ра́мни поли!“* В, и сл., коишто имаат двојна можна интерпретација: 1. 'нема да ме јавне човек', односно 2. 'нема/не постои таков човек што би можел да ме јавне'; втората варијанта се надоврзува на конструкциите како *не́ма шо-да-пра́вам, не́ма*

шо-да-сто́рам та́к' ки-би́де. БМег, . . . *не́ма на̀-ко́ј да̀-са̀-сме́ат.* ПДој, . . . *гувóре кóјно óти гу-зе́а̀, а́ма не́ма кój дō-слу́ше.* ПДој, *„На-те́п га́јре не́м шó да-ти-пра́м . . .* ПК, *И сја не́ма шо-да-ка́же.* ПК, *Нис-се́лто гувéда ри́кат, не́ма кój ди-ј-пра̀бéре.* ПК, *„н'е́маш штóгуди ти да ричéш . . .* МС . . . Горниве конструкции претставуваат негирани егзистенцијални констатации и директно потсетуваат на веќе разгледуваните примери со двојна негација, од типот: *нема ништо да . . ./нема никој да . . .*, сп., на пр.: *друк не́ма ни́кој да-гувóре там, сé га̀рцко.* ПК, и сл. Содржаните во нив *да*-реченици би можеле да ги толкуваме и како таканаречени субјунктивни релативни реченици (сп., 1982), со интерпретација 'нема објект (предмет, случка . . .) таков да . . .', 'нема човек таков да . . .', и сл. – Да се вратиме на прегледот на негираните футурски конструкции со *нема да.* Еве ги примерите од Лагадинско: *Тój и вили́: „н'е́ма дóл да пóш, ту́к!"*, МС, *Ча́ка, ча́ка мумáта да фáти да киманúса, н'е́ма да фáти;* МС, *„тóс н'е́ма да знáј да киманúса" МС, . . . н'е́ма да мóжити да в'е́нити!"* МС . . .; сп. и: *„ти ни мóш да в'е́ниш л'ӓку;* МС. Најпосле, сп. ги и конструкциите негирани со составот *нема за: . . . ти н'е́ма за кандúсас па́к . . .* МС, *. . . лакардúја н'е́ма за му удрумóни в'éјки.* МС . . . Да се потсетиме дека се работи за говор во којшто и без негација футурот се изразува алтернативно со *за* и со *да*-конструкциите (сп. погоре § 1.5.2.1.3.).

Како што е познато, приглаголската негација сигнализира нефактивност (невистинитост) на целата предикатско-аргументска структура (пропозиција) конституирана од соодветен глаголски предикат. Низа површински варијации и недоследности се јавуваат ако во истата структура има и друг показател на негација со иста или слична зона на дејствување. Вториот показател може да земе облик *а.* на честица, наследена како *ни, ниту,* или пак позајмена како *ич, јок, б.* на негира заменски облик како *никој, ништо* и сл., или пак *в.* на реченичен трансформ доминиран со предлогот *без.* Ќе ги разгледаме редум решенијата на трите ситуации во јужните говори и – ако ги има – врзаните со нив географски разлики.

а. Честицата *ни* (проширена *нити, ниту*) претставува хиерархизиран спој од предикатот на конјункција надграден над предикатот на негација: 'и не'. Првиот член на конјункцијата може, но не мора исто така да биде негиран; во случај да е негиран, пред него пак може да се појави едно *ни* што експресивно ја засилува негацијата. Судејќи по – не многу богатиот – материјал, *ни* се употребува на ист начин низ целата јужномакедонска територија, па натамошната подетална анализа на таа употреба ќе ја поврзувам – по можност и по потреба – со конкретни примери. Мазон во својата збирка од Корчанско во речникот го преведува *ни́ти* како 'non plus' (МС, 425), додека само *ни* во речникот и не се појавува. А еве и примери од таа збирка: *. . . а́ко не му прости́те ви́је фтезбине́те л'уди́ти, ни́ти та́тка ваш, Господинбо́к, не жа ви про́сти ва́ам фтезбине́те ва́ше.* МЕ, *Не чаластисвјӓ́јте за душа́та шчо жа јӓ́те и шчо жа пије́те, ни́ти за тру́по шчо жа се ублечи́те . . .* МЕ – двата примера илустрираат две најтипични шеми на употреба на *ни(ти)* – во првиот тоа како сврз-

нички предикат се надградува над две негирани реченични конструкции во рамките на еден условен период, според шемата: *ако не p, тогаш не q* – соочени сме со реченична негација употребена два пати и засилена со *нити* (фактот дека таа се применува во рамките на еден условен период е ирелевантен за употребата на *нити*); во вториот пример *нити* се надградува над конјункција од две именски синтагми – аргументски изрази, додека предикатскиот израз што ги врзува е надграден со *не*, т.е. шемата е: *не p (x и y) – нити* ја засилува негацијата и експлицитно ја врзува со двата аргументски израза. Да подвлечеме дека и во двете шеми *нити* го потсилува, а не го заменува *не*. Иклифов во монографијата за долнопреспанскиот говор (1979, 120) меѓу „отрицателни частици" ги наведува и *ни-ни/ни́то-ни́то* и ги илустрира со примерите: *То́ј о́пачен бе́ше, ни са те́раше, ни са во́деше., Ни́то о́ра ни́то ко́па, ка́ко ке жи́вее та́ка?, Ма́рко Ајди́ноф ни са во́де́ше, ни са га́не́ше, црпе́ше од на́ро́до, а́ма на́ј-сет-ни́на вра́гуто́му ду́ша да́де, са уда́ви ко ку́че.* Во сите три наведени примери *ни(то)* го заменува не во конструкции со по две негирани реченици, т.е. имаме шема *ни(то)... ни(то)...* како (експресивен?) еквивалент за *не... и не...* Ефектот, што се однесува до зоната на функционирањето на негацијата, е – исто како во случајот на *не* – директно поврзан со синтаксичката позиција. Со други зборови, *ни(то)*, придружувајќи го предикатскиот израз, функционира на ист начин како и приглаголското *не*. Значи, константната карактеристика на *ни* е неговата конјунктивна компонента, додека негацијата *или* (во отсуство на *не*) се јавува како самостоен предикат *или* (во присуство на *не*) има само експресивна вредност. Меѓутоа, вреди да се подвлече дека присуството на *ни* никогаш не доведува до она право удвојување на негацијата кое резултира со асерција. А еве уште неколку карактеристични примери со *ни: ... нејќам појќе да ни си бијат пеза л'ујто ...*, *ниути сакам појќе да си ранам су жаби ...* УЕ, *Ас не́мум ни́ бра́те, ни́ се́сри и́мум.* ПК – еден пример со карактеристична дистрибуција на показателите на негацијата: имено, *не* стои пред првиот глагол, а *ни* пред номиналните членови на конјункцијата, додека вториот глагол не е непосредно негиран – него го опфаќа негацијата изразена со адноминалното *ни*. Натаму: *... не́-зна́м шо-ќи-ма-на́јде, о́ти ас ни-у́мрин су́м, ни жиф су́м.* ПК – еден пример на конјункција со непосредно негиран именски дел од прирокот и во двата члена, со што се постигнува негираниот карактер на двете предикации. Натаму: *... и де́н-де́не́ска не́зна́а, ни па-жи́в не́кој са-јави́.* ПК, *Ас ка-би́х-мла́да, мо́јте де́ца не-г-уста́вах ни-бис-кукошка, ни-бис-пи́ле ни-би́с-ни́што ...* ПК – многу интересен пример во кој се среќаваат три показатели на негација: *не, ни* и *без:* комбинацијата од *не* и *без* дава асерција, додека *ни* – покрај засилување на експресијата служи само како показател на конјункција, со што се потврдени гореформулираните заклучоци за неговата неспособност да функционира како предикат на негација во присуство на други такви предикати; да се вратиме на примерот – како резултат на споменатата средба на трите показатели на негацијата добиваме една асертивна експресивна констатација дека децата на говорителката секогаш имале сè што им требало. Сп. и: *... прават мижлиш су какво ред да му најдат*

чаре и да гу расипат чичкото шо толку и лăжал и ни без пари ни без жени и уставил . . . УЕ – од овој пример многу јасно се гледа дека комбинацијата *ни без* функционира на ист начин како *ни не,* т.е. само ја засилува негацијата и е носител на конјункција, а не ја претвора негацијата во асерција. На крајот уште една група примери на самостојно функционирање на *ни* како предикат на негација; првиот пример е од кулакиското евангелие: *. . . ни́то на Исраилцка зе́мња а најдо́х то́лко ве́ра.* ВК – овој пример е карактеристичен по фактот што експлицитно ни е даден само еден член на конјункцијата, па се налага преводот: *'дури . . . не . . .'* Од ист тип се примерите што ги наведува Пеев во монографијата за кукушкиот говор, сп.: *пу́сто, ни дă-мă-чу́у не́кој, ни́што; – ни́ не́-ј пар-бе́рин до́ма . . .* (ПК).

Позајмената честица *ич (//хич)* од турскиот јазик Мазон (МЦ, 407) ја преведува со 'pas du tout' и ја карактеризира како „particule de renforcement de la négation", што добро одговара на нејзината типична употреба, сп.: Тас женатa бјä многу ленлива, не работјäше ич. МЦ, Ама не́ дојде ич, не са́ јави. ШД, *А по́по со попа́јата оти́доа пак та́мо да го откри́ја си́н му. Ко́пај, ко́пај: ич не́ма син.* МСЦ, *Ич не ми сă ја́де. Ич биле гăјле́ не ме-ј. Ич, ни́кој не́ма ту́ка., Ич шо не би́ва́т рăбо́ти.* ПДој, *шом он нă-мо́же, ас пă-и́ч; – ич нă-мо́жум дă-т-ка́жум нă то́о ка́ дă-му-ви́кум; – не́ ми-că-ја́де и́ч; – си́т му-ка́жу́ват а он и́ч ни дă-чу́у; – не́-ви́дех и́ч ни́што; . . . – и́мше уста́нно гро́зде? – ич ни зă-ле́к.* ПК1: *То́ј му вили́: „хи́ч пари́ да ми ни да́ваши, тузи́, шту гу нау́м'ăх, по́у́бав'ạ да м'ạ уклаве́ш!"* МС . . . Засилувачката функција на *ич/хич* уште појасно доаѓа до израз ако е предикатскиот израз со функција на забрана: *. . . да ни по́ш бли́з'а хи́ч.* МС, *„ич ми ути́ваш да са клаве́ш . . ."* МС . . . – Пеев во својата монографија за дојранскиот говор констатира дека *ич* може да се појави и како самостоен показател на негација (а не само како потсилување на *не*) и го илустрира тоа со примерот: *Ич ки би́де таа рăбо́та.* (ПДој, 107). Меѓутоа, во светлината на некои други примери и од Дојранско и од другите јужни говори се стекнува впечаток дека *ич/хич* треба да се сфати како заменка, т.е. како синоним на *ништо.* Сп.:
ич-шо-не́-că-ја́де. ПДој, *На́јди ја́ди, не о́стај и́ч."* МСЦ . . . Таквата употреба на *ич/хич* убаво ни ја објаснува статусот на таа лексема во семантичкиот и синтаксичкиот систем на турскиот јазик. Еве што пишува по тој повод Луис во својата турска граматика: *„хич,* in origin the Persian for 'nothing', has the same sense in Turkish: ne *yaptın? – hiç* 'what have you done?' – 'nothing'. It also functions as an adverb reinforcing negatives: *hiç konuşmaz* 'he doesn't talk at all'. With *bir* it is written as one word: *hiçbir haber yok* 'there is no news at all'." (Lewis, 77–78). Од наведеното убаво се гледа дека на македонската почва имаме работа со истите две функции, но со обратна, секундарна хиерархија – позачестена е функцијата на засилувачка честица, што не е ни чудно со оглед на познатиот факт дека честиците се позајмуваат многу полесно отколку заменките. Пошироко за *(х)ич* употребено во смисла 'ништо' во македонски текст сп. подолу. – Потежок за интерпретација е примерот: *„ја́с му да́дух ина́ гăска, да*

ми спичé, утúдух да ја бр̀кам и ми вили́, ча прул'éтна, хúч пéчина гъ̀ска прул'éтнува пујнóш?" МС – парафразата би можела да гласи 'зар?', 'не ли не е вистина дека . . .' и сл.

Втората позајмена честица од турскиот јазик, *јок*, всушност претставува негација на егзистенцијалниот предикат (на егзистенцијалниот квантификатор) и, зависно од контекстот, се преведува со 'нема', 'не е така', 'не е вистина'. Да го наведеме пак Луис: *„var, yok*. These words are adjectives meaning respectively 'existent' and 'non-existent'. They take the place of English 'there is/are' and 'there is/are not' and of the verb 'to have'." (Lewis, 142). Од кажаното произлегува дека *јок* не ги придружува другите предикатски изрази, туку само како такво претставува еден таков израз. А еве и примери од јужните говори што ја потврдуваат таквата интерпретација: *Јок дáј ми го, јок нéма да ти го дáм . . .* ШД, *т'а му сă мóли: „брé ми, мăн'ци, н'ăј рáбута тáс." „јок, ут т'éб'ạ сă ни пúта*. МС, *фáтиха да сă кáрат: „јóк јáс за ја в'énам, јóк ти́ за ја в'éниш"*. МС, *фáштат да сă кáрат и дрýги јунáци, тáм шту имáши: „јóк м'éн' ạ м'ạ удри́," „јóк т'éб'ạ т'é удри́."* МС, *„јóк кáцат бóлкит'ạ ут идúн чув'ăк за дрýк."* МС . . . Сите тие се примери на самостојна употреба на *јок* во смисла 'не/не е така/нема да е така . . .', сите потенцнуваат од дијалог, од емотивно маркиран дијалог, од каранници . . .; со ова уште еднаш се потврдува гореспоменатото – дека најлесно се позајмуваат туѓите лексеми во таква употреба во која не воспоставуваат граматички, синтаксички врски со своето вербално опкружување, со контекстот. Меѓутоа, меѓу примерите со кои располагам има и еден од сосема друга природа, а со кој како да се потврдува првобитниот – според Луис придавски, јас би рекла предикативен – карактер на *јок*, сп.: *јок да ми се стóриш уд тука* . . . УЕ, што би можеле најадекватно да го парафразираме 'да те нема', односно 'да те снема' . . . Сп. и: *Јóк стана́ мéчката*. ПК, *Ее, адúн úмше сăјмéнин, јóк дó-чине сé шéтше пу-рéкта*. ПК.

Наредната позајмена честица чија содржина се сведува на предикат на негацијата а која синтаксички претставува самостоен исказ, е грчкото οχι. Примерите, што ги најдов во текстовите на Малецки од Лагадинско, гласат: *. . . имáши ут сóју пу иднó úм'ạ такфóс?" „óхи! ни имáши . . .* МС, *. . . éшти ни мóжити да сă спузнáјти?" „óхи!" – вúнаха*. МВ.

За негацијата во прашални и во императивни/прохибитивни искази сп. подолу § 1.6.5.1. и 1.6.5.2.

б. Функционирањето на заменките во чија содржина доминантна компонента е негацијата, т.е. на заменките 'ништо', 'никој', 'ниеден', 'никогаш', 'никаде', претставува посебен проблем во македонскиот дијалектен јазик. Имено, се забележуваат два противставени принципа, па, следствено, ниту еден од нив не се спроведува доследно. Имено, оваа серија заменки во денешните словенски системи и делумно во романските на ниво на реченицата задолжително се придружува со основниот показател на реченичната (приглаголска) негација, додека во другите јазици а) или не постојат соодветно специјализирани заменки (тоа е случај со повеќето балкански системи) или пак б) присуството на

негираните заменки во реченичната конструкција исклучува други показатели на реченичната негација (така, на пр., во германските јазици). Присуството на една инхерентна негирана заменка во позиција на кој било од задолжителните (имплицираните) аргументи на дадениот предикат кажува дека множеството потенцијални референти на тој аргумент е празно и ipso facto релацијата што ја изразува предикатот не важи. Сп.:
даде ништо., Жената никому не даде млеко., Жената денеска не отишла никаде., Жената никогаш не отишла в град., и сл., сп. и: *Ниедна од жените не го рече тоа., Жената не рече ниеден збор.*, и сл.

Како што веќе реков, во јужномакедонските системи, што се однесува до употребата на негираните заменки, се судираат два принципа, условно речено, „словенски" и „балкански". Негираните заменки постојат како зборообразувачка серија, меѓутоа, во поглед на нивната текстуална дистрибуција не се доволно диференцирани од таканаречените неопределени заменки. Со други зборови, во некои системи и/или кај некои говорители сериите *никој* vs *некој* не се чисто дистрибутивно разграничени. Зборувајќи понатаму (во вториот том) за јужномакедонската именска синтагма, ги опишувам по можност точно инвентарот на единиците и системот на семантичките опозиции меѓу нив карактеристични за заменките во јужните говори. Овде ми останува да ги илустрирам со примери постојните типови на (не)употреба на негираните заменки. Почнувам со примери на „словенската" двојна негација кои инаку и доминираат во текстовите: *Царутому му се пулјäше така и попо не знjäше нишчо.* МЦ, *И тѝа му рекóе óти никój пáт нéма зборвáно ѝка кај шчо збóрви сој чóвек.* МЕЦ, *. . . и во тој грóб ни́кој никój пат не бjä клáден.* МЕ, *. . . са пóдиграве сó нас стáрите, нé на име за ни́што.* ШД, *. . . ни́кој немäше, цéло сéло нéмаа ни́вје.* ШД, *. . . отворѝа грóбо – нéма ни́кој.* МСЦ, *Јанки́ла и Марко жи́ви се, áма не и знáе ни́кој чóвек дéка се.* МСЦ, *А, у-сéлту џи́н-џáн, ни́шту нéма ду-изéнија.* БМег, *И ричéмä óти сéга сéлту ј-чи́стo, нéма ни́шту и ќи-стáнмä ќи-си-óдмä.* Бмег, *Ќéрка-му би́ла нäтäкво мéстo клäдéна у-никуј-удáја, шо-вéл'äт џамлäк, шо ни́куј не-вливáл у тó замлäкут.* БМег – примерот е карактеристичен и по тоа што покажува дека надвор од акцентот се губи разликата меѓу *некој* и *никој*, а тоа е еден од важните фактори што ја затемнуваат сликата на двојната негација во источниот дел од ареалот; во врска со тоа спореди го и примерот: *Си-имáл нéкугäш никуј-цáр.* БМег и сл. Натаму, во Кајларско, разликата е загубена и под акцентот, сп.:
гáт. Ни́куј брáт сирумá. ДКај, *Гу-фäти́ло ни́ку дóш, ни́ку гäрмити́ни у-ни́ку пустилѝа мéсто . . .* ДКај, и сл. Натаму: *Попот бил ного изморен и нишчо не пикасал уд та маневра.* УЕ, *. . . се шо ви најде ва вечар нишчо не беше . . .* УЕ, *Сеа нејните пријатели мечката и вäлкот му служија като чувари на царцкото кунак и никуј наможише да си дуближи ду дворот.* УЕ, *. . . ни́куј не прäзнáвум, нä ни́куј не пупýшчум.* ПДој . . .
Пеев во својата монографија за дојранскиот говор одбележува дека во селото Богданци на истражуваната територија *никој* и *ништо* се употребува и со значење 'некој' и 'нешто' и додава: „Формите со *и (никој, ништо)*

ги среќаваме и во други јужни говори (с. Тремно, Кајларско), уште и во неврокопскиот и во кумановскиот говор." (ПДој, 77). Истиот автор во монографијата за кукушкиот говор забележува дека „во југозападната регија", конкретно во селото Беглерија „место 'некој' може да се чуе *ни́кој* . . ." (ПК1, 210). А еве и неколку примери на двојна негација од споменатата монографија: *ни́кој не са́кум; на-ни́кој не пупу́ште; на-ни́кој уд-ни́х не-му-пади́не жал.; . . . петна́јс де́на ни́где не́ уди́х* . . ., сп. ги исто така интересните примери од Кукушко од монографијата на Христов, со по три експоненти на негација: *И руди́ло се ма̀жко де́те, без да̀ не зна́а ни́кој.* ХК, *. . . то не зи́ме па́ри ни за̀ ни́шчо . . .* ХК. Во текстовите на Малецки од Лагадинско во функција на 'ништо', се чини, најчесто го наоѓаме *(х)ич*, што и не би требало да нè чуди со оглед на фактот дека ова е основната функција на таа лексема во турскиот систем (сп. погоре). Еве некои илустративни примери: *„то́с тфо́ју аратли́к мло́гу страмли́ф, и́ч ни ја̀ди, гла́дин за си л'е́гни то́с в'е́чер . . .* МС, *И гл'е́да вудинча́рину, и́ч му ни вр'а̀ви . . .* МС, *На жина́таму хи́ч и ни ка́за.* МВ, *„ка́та три́ дни за стуи́ш го́л, ко́гу за пруми́на н'е́ма да вр'а̀виш хи́ч!"* МВ, сп. и од Еницевардарско: *Јаска ќи ти ја дам мојта бишука, ама ако ти пугал'ам малце, инак ич нишчо ни прајме.* УЕ. Во текстовите од Висока најдов и конструкции со *ништо: „шо сто́ри, хи́тра Пе́три?" „ни́шту ни сто́рих . . .* МВ, *д'а̀дуту вили́: „како́ чу́ду ста́на?." нив'а̀стата му вили́: „н'е́ма ни́шту."* МВ, и натаму во истиот текст: *д'а̀дуту р'е́чи: „н'е́ма ни́шту, шо́ са̀ на̀јди за ид'е́ми!"* . . . Следуваат неколку примери од Верковиќевата збирка: *. . . ама никој човек не можи да флези аф неговата ка̀шча . . .* В, *Сички лов'аха, нихту не можа нешчу да утепи.* В – еден контроверзен пример каде што имаме *нихту* спрема *нешчу*, потоа: *. . . вечер отиваши, влеваши на старолакот, дека беши оставила от момското ѝ ошчи камухата: така стојаши, нихто н'ахто не можа да ја ткаи.* В – пак еден пример со алтернативна формализација, дали по грешка или поради тоа што раскажувачот се колебал, не е јасно. Натаму: *Ни́кој от ца́рците л'у́ди не можа́ каршила̀к да даде́.* В, *„не зна́м ја̀зе ни́шчу, бра́ткја мои . . .* В. Во истиот текст го наоѓаме и *никој* употребено кај што се чека *некој: . . . не́ е каби́л да ка́жем на ни́кој"* В; натаму: *Тога цар'ут вели на неа: „Това не е нишчу пападијка.* В, *„нема нишчу, мајку"* В, *. . . која мома сака от трите, да му дади. Тојнака нифт'а никотра: не сакаши зет да си чини . . .* В. Како двојна негација можеме да ги протолкуваме и конструкциите како: *. . . без да знае никој.* В, *. . . без да познај никој от протудраков аскер* В, *. . . без да каже нишчу на тајфата му* В . . . Најпосле, и во оваа збирка наоѓаме паралелна употреба на *хич* и *нишчо*, сп. ги, на пр., овие два исказа кои потекнуваат од истиот текст: *. . . на господа́рот му не прати́ хи́ч писмо*, наспрема: *И тога́ кини́са за да и́ди на господа́ро му и сос бо́гува повел'а не страда́ ни́шчу аф морету.* В . . .

Поминувам сега на помалубројните примери каде што, место „словенската" двојна негација, ја наоѓаме („балканската"?) комбинација од приглаголско *не* и таканаречената неопределена заменка од типот *нешто, некој, (по)еден* и сл. Како обично, се движам од запад кон исток каде што примерите стануваат помногубројни. Сепак ги има и на југозапад,

сп.: *Нjä, рече попо, нé знем, нjäш jä . . .* МЦ. Меѓутоа, од многу примери сосем јасно се гледа дека во Бобоштица двојната „словенска“ негација претставува норма, а спорадични отстапувања од таа норма се појавуваат, можеби, под директно албанско влијание. Од централниот ареал (сп. погоре) доаѓаат многубројни информации за употреба на *никој* во функција на стандардното некој, меѓутоа, за обратен правец на идентификација или на мешање на двете заменки нема потврди. Дури на југоисток се множат конструкциите со приглаголско *не* + неопределена (а не и негирана) заменка, сп.: *. . . и тój гл'éда, н'éма пуидúн наóкул, л'у л'éтнуват ин'é иримбúци . . .* МС, *. . . такфóс пуидúн чув'äк ни пруминá утýк!* МС, *. . . шúчки сä у чéркфа, пуидúн н'éма да м'ä вúди . . .* МС, *. . . си заспáх јас, ни вúд'ах пуидúн.“* МС, *„шúчкит'ä јунáци пруминáха т'éб'ä т'é ни арéса пуидúн јунáк?“* МС, *. . . кóн'у сä плáшиши ут с'äнкатáму и пуидúн ни мóжиши да гу приближúи; дур на мишимéр са мäнкаха, ни мужá да гу јáхни пуидúн.* МС, *Тóс скòпó ни им'äши н'äфту да гу гл'éнда . . .* МВ, *. . . д'ät'ąнту вúд'ą, чą ни зл'áва н'äфту . . .* МВ – многубројните примери сведочат дека говорот на селата Сухо и Висока во Лагадинско – веројатно под грчкото влијание – прилично често отстапува од принципот на двојната негација. Натамошните примери доаѓаат од збирката на Верковиќ: *. . . не можиши некој да гу отепи . . .* В, *. . . некој леп не приближиваши да му даде . . .* В, *. . . некој не можа да стäпни аф нашта кäшча* В, *. . . не знаиши да дава отговор на некој.* В, „ej синку, куумциовата кäшча има девет порти железани сос кл'учарници, шчото некој човек не можи да ги отвори. В, *. . .амá на мóже бодúн да флéзе там* ВС, *. . . та боедин лекарин ни може да јä излекува.* ВС, Најпосле, најдов соодветни примери и во текстот на кулакиското евангелие: *Нéкој на Гóспот нé гу видé;* ВК – во современиот официјален превод: *Бога никој никогаш не го видел,* и: *Исус нé а-дгуворú на нéа нéкој лáф.* ВК – во современиот официјален превод: *Но он не и одврати ниту збор.* Со оглед на претставената географија на појавата се налага заклучок дека имаме работа со локално грчко или – спорадично – албанско влијание врз говорот на конкретни села или дури на конкретни раскажувачи/преведувачи. Интересно е дека и во старословенските споменици со македонска редакција се среќаваат многубројни отстапувања од принципот на двојната негација, веројатно пак под влијание на грчката подлошка.

На крајот на овој преглед да се потрудиме да ја претставиме семантичката и/или синтаксичката мотивација на алтернативното појавување на двојната негација и да ја скицираме балканската ситуација сврзана со таа појава.

Заменките од типот *ништо, никој, ниеден* не случајно обично се вбројуваат меѓу неопределените. Имено, неопределените заменки, зависно од контекстот на употребата, конкретно, зависно од надредениот предикат, зборуваат или за постојни, но неидентификувани референти или за замислени референти, сп.:
таков *X* за кого е вистинит исказот „*X* го има сторено“.' наспрема *Некој сепак мора да го стори.* 'мора да се најде таков *X* за кого во еден иден момент би бил вистинит исказот „X го има сторено“.'

приведените реченици, ќе добиеме: *Никој го нема сторено досега.* 'не постои таков *X* за кого е вистинит исказот „*X* го има сторено".' односно *Никој не мора да го стори тоа.* 'не мора да се најде таков *X* за кого во еден иден момент би бил вистинит исказот „*X* го има сторено".' Со други зборови, заменките од типот *ништо, никој, ниеден* претставуваат дистрибуциони, комбинаторни варијанти на заменките од типот *нешто, некој, еден* специјализирани за функционирање во конструкциите со приглаголска негација (во семантички структури конституирани од негација како доминантен предикат). Впрочем, дури во системите кои инаку не отстапуваат од принципот на двојната негација во субјунктивните дел-реченици (односно, кај што субјунктивот не се издвојува како посебен начин, во зависните дел-реченици со суспендирана фактивност) алтернативно (а без да повлијае тоа врз границите на зоната во која важи негацијата) се појавуваат заменки од двата типа, сп.: *Внимавајте никој/некој да не ве излаже.*, и сл. Сп. ги и примерите од јужните говори: *„Ти го земам озгора да ти г-уздравем детјăто, токо в-одејата тува да не влјăзи никој веч ти и јă".* МЦ, наспрема *„Да не се засме њăкој, зош ако се засмјăте, за н-изе свички".* МЦ, сп. и: *И манцóт-и сúга сă чýди, кáк да ха фăрлú вăнка да гу ни вúди н'ăфту и му т'ékна . . .* МВ, и сл.

в. Третиот тип конструкции во кои можат да сосуштествуваат два или повеќе сигнали на реченичната негација и еден од нив да биде приглаголското *не* се реченичните трансформи доминирани од предлогот *без*. Познато е дека во македонските системи, како во стандардниот така и во дијалектните, постои извесен број конструкции во кои на предлошките предикати им се потчинуваат не именските синтагми, туку *да*-речениците. Се работи за споеви како *пред да . . ., за да . . ., без да . . .* Тие се – соодветно – експоненти на темпорална, финална и на конјунктивна релација меѓу два реченични аргумента, при што вториот аргумент задолжително е во субјунктив. – За таков тип конструкции ќе зборуваме и во вториот том. Меѓутоа, се чини логично забелешките поврзани со реченичната и со двојната негација да ги собереме на едно место, па така овде ќе ги разгледаме *без да*-конструкциите од гледна точка на присутните во нив експоненти на негација, додека во вториот том ќе се надоврземе на овде претставените примери од гледна точка на конјунктивната релација на којашто ѝ е потчинета негацијата.

Како што произлегува од веќе реченото, соочени сме со една конструкција чиј конститутивен предикат, формализиран во спојот *без да,* на најопшт начин можеме да го парафразираме како 'а да не' – во оваа парафраза експлицитно е присутен експонентот на конјунктивната релација *а*, кој бара до себе два реченични аргумента, експлицитно е присутен експонентот *да*, кој кажува дека вториот аргумент е неактуелизиран, и најпосле, експлицитно е присутен експонентот на негација *не* надреден над тој неактуелизиран аргумент и кој кажува зошто е неможна актуелизацијата. По потекло оваа и другите слични конструкции (т.е. конструкциите со предлогот надграден врз *да*-реченица) претставуваат романизам и можат да се вбројат во таканаречените синтаксички

балканизми, во смисла дека се присутни во сите јазици на балканскиот јазичен сојуз. На фонот на македонскиот морфосинтаксички дијасистем можеме да ја оцениме како вид номинализација, т.е. како механизам кој овозможува да се воведе една реченична структура во позиција инаку резервирана за именската синтагма. Следствено, како кај сите инфинитни трансформи, семантичката релација меѓу главната и трансформираната дел-реченица, т.е. врската која овде ја оценивме како конјунктивна, во соодветен контекст може да биде интерпретирана како содржински побогата (адверсативна, темпорална, условна, концесивна, последична . . .); на оваа проблематика ќе се вратиме во вториот том. Овде, т.е. во главата инаку посветена на разните модалитети во јужномакедонскиот дијалектен јазик, вреди само да подвлечеме дека релативно често *без да*-конструкцијата содржи и една субјективна нијанса на чудење или дури на негодување од страна на говорителот. Сп., на пр.: *Отиде без да се поздрави.*, т.е. направи нешто необично, нешто што не се прави, и сл. Пред да поминам на проблемот на односот меѓу *без да*-конструкциите и двојната негација, еве неколку примери на овие конструкции со *без* како единствен носител на негацијата. Примерите од корчанската збирка на Мазон ги наведувам со француските паралели за да го покажам изоморфизмот на соодветните француски конструкции. Сп.: *. . . сјӑде у ашчетијата триесе године бес да се зӑсме* МЦ '. . . il demeura chez l'ermite trente années durant sans jamais sourire une seule fois . . .' – на француската страна овде имаме инфинитив; натаму: *Оти́де до́ма ца́ро: без д-упи́та царица́та тогова, јо кладе во еден са́ндӱк . . .* МЦ 'Le roi revint chez lui, et, sans rien demander à sa reine, il l'enferma dans un coffre . . .' – пак инфинитив, натаму: *. . . и го отварsа без да се науле.* МЦ 'Et elle défit ses liens sans qu'ils se fâchent l'un avec l'autre.' – полн паралелизам меѓу македонската и француската конструкција, натаму: *. . . Поминаје шест године, бес да спомјӑни енаш за дома ил за чупата.* МЦ, 'Six années passèrent sans qu'une seule fois il se souvint de son pays ni de la fille . . .' – пак полн паралелизам, итн. итн. Еве уште неколку примери од други извори: *Без да ми́сли, му утече ла́фо на Сто́јана, за́што ет ра́шајка, ста́на пи́шман се́тне, а́ма на́филе* ШД, *Ја́с са о́ткинаф о́д ними, бе́з да ма ви́де ту́рците, са ра́стрчаф и са скри́ф во ду́лото.* ШД, *Л'у́дјата го-направи́е то́во бес-да-зна́е ка́кво пра́ве . . .* ШК, *. . . са-пра́вӑм да-не-ј-виде́к и му ве́л'ӑм: ет се́га, ки-н-са-пла́ка ма́јкта, на-друга́р-ми, бе́з да-ма-чу́јӑт о́ни и па́ внима́ние не-да́вӑм, ѓо́амити.* БМег, *. . . некуј удва́с, да-ка́јжӑм, те́па и бе́с да-та-пи́та . . .* БМег, *И така уд като направија армас, без да си видат момчето и момата, оти попот бил уд друго село, пу малце време правија свадба . . .* УЕ, *. . . а напушчи нејната родна кујќа и тргна пу адно пӑт без да знај и он кӑде ќи гу извади.* УЕ, *без да знам јазе, ми армаса тука сос един богат човек* В, *Кату чу така гимициата, без да му отговори, отиде на удајата . . .* В, *. . . устана катрано на тапсјата, без да мириса пикмезу и медот на катран.* В . . .

Разледуваната конструкција има определена географија: прилично е типична за југозападните и за централниот дел од јужните говори, додека на исток речиси не ја среќаваме. (Не успеав да најдам примери во текстовите од Дојранско, од Кукушко, од Лагадинско ни од Серско, а ги нема ни во кулакиското евангелие.) Претставената слика корелира

со споменатиот факт дека имаме работа со романизам. Паралелни конструкции наоѓаме во ароманскиот, во мегленороманскиот, во албанскиот, додека димотики практично не ги познава, со исклучок на спорадични заемки во дијалектниот јазик.

Поминувам сега на преглед на неопределените заменки присутни во реченичните трансформи надградени со *без да,* т.е. на проблемот на „двојната негација". Примерите ги делам на *а.* оние со заменки од типот *некој, нешто* и *б.* оние со заменки од типот *никој, ништо:*

а. . . . *влјазе во дворо еден старец бес да пати нјäш от кученишчата.* МЦ, во францускиот превод на Мазон: '. . . un vieux était rentré dans la cour sans avoir souffert aucun mal de la part des chiens', т.е. со заменка од типот *ништо;* натаму: . . . *а сој бес да стори некое зло патви?* МЕЦ, *Бес да и викни нјäкој, тас се отзви* . . . МЦ, во францускиот превод: 'Sans que personne l'appelât, la renarde répondit . . .' – значи, пак на француската страна имаме заменка од типот *ништо;* натаму: . . . *и малечко о крева тјäшке нјäшча, бес да го разбери нјäкој.* МЦ, во преводот: 'le cadet soulève de grands poids sans que personne s'en aperçoive.' – пак иста ситуација; натаму: . . . *сени шлитнаје бес д-и кла в-уме нјäкој.* МЦ, во преводот: 'et puis ils s'envolèrent sans que personne ne prît garde à eux.' . . . – од француските паралели јасно се гледа дека заменките од типот *некој, нешто* се појавуваат во македонскиот текст во функција на 'никој', 'ништо', т.е., со други зборови, дека *без* во рамките на трансформата има ранг на реченична негација и заменките што го придружуваат се однесуваат како да го придружувале реченичното *не;* еве уште неколку примери од други извори: . . . *и станал си избегал, без да гу виде некуј.* УЕ. *Ни остави тука без да ни пратиш некоја книга да си научими за тебика.* В, . . . *на негу са цени, биз да чини некој пазарлäк* . . .В, *И тојнака, без да му рече некој лаф, стана, киниса, отиде* . . . В, . . . *и, без да пита нешчо, стана си отиде на дома му* . . . В, . . . *кога сакаши да излези на лов, без да удрие нешчу не си вäрнуваши на кäшчата му.* В, . . . *и как гу виде от срешча ошчи, ча е јунак он, шчо га зема момата му, без да му чини нешчо, му рече* . . . В . . .

б. . . . *токо сој збор до не му го кажиш никому бес да не видиш убразо мој.* МЦ, во преводот: '. . . mais ne répète cette parole à personne avant de voir ma figure . . .' – примерот е нетипичен, го ставив тука поради двојниот показател на негација: . . . *без да не* . . ., а не поради заменката; натаму: . . . *гу мјäше скрийено во келар бес да го знjä никој* МЦ, во преводот: 'il le tenait caché dans une cave sans que personne le sût', *Бес да знjä ниш, и фарли очити во перницата* . . . МЦ, во преводот: 'Il ne savait rien, mais il jeta les yeux sur le coussin . . .'; во други извори: *Пред востáн'ето во Прéспа и́маше гр̀цки скóлиј и гркóмани, без да знáе ни́какоф гр̀цки јäзик.* ШД, *Éбре брате, нej лесно три гудини да лежиш у темни зандани, без да има чувек никаков кабаат* . . . УЕ, *Тогас пак ги заклjучи магазиите, без да земи една дуката нишчу.* В – интересен пример со комбинација од една „права неопределена" и една негирана заменка; натаму: *Тогас гу пуснаха и те, без да му чинат нишчу зло* В, . . . *си отиде дома, без да кажи нишчу на жената му.* В, . . . *ки фати да фтиши*

нову гн'азду бес да земи нишчу колку едно влакну от веткуту гн'азду В, *... га закара кату ќуле аф таткувата му кăшча, без да кажи нишчу на татка му.* В, *... ги собраха мулитата, без да рекат нишчу на јунациту.* В, *Флезоха и петината аф фурната, без да пат'ат нишчу.* В, *Татко му, без да му рече нишчу, извади многу пари...* В, *... биз да кажи на цар'у нишчу, са вăрна* В, *... без да са пита на никој, керката му го такса на Панолја...* В, *... чиних лагăм под земјата от бабината кăшча дур тука без да знае никој...* В, *... откраде гăлăбите фрет, без да познај никој от протудраков аскер* В.

Посебен проблем претставува самостоен предикат на егзистенцијална негација со парафраза 'не е така', 'не е вистина'. Историски тој претставува контракција од **ne je(stь).* Во дел од дијалектните системи тој се разликува од приглаголското *не* само со фактот дека е акцентоген (= акцентски независен, не клитички) и сам по себе претставува исказ; меѓутоа, во дел од системите тој и по фонолошкиот состав се разликува од врзаната приглаголска негација. Мазон во својот бобоштенски речник го внесува како: *нјä,* forme accentuée de la négation . . .“; сп. и во монографскиот дел од неговиот труд, стр. 36 и посебно 80, каде што тој пишува: „La 3^{e} pers. sing. нјä a perdu sa valeur verbale pour devenir la négation même prononcée avec une énergie particulière: „non, non pas!“. А еве една селекција на примери за самостојната негација: *Нјä, чупо, ниje имаме девет године шчо не маме отворено порта . . .“* МЦ, *„Татко, јäскеј жа зема сој маш и нјä у тој шчо ме мажиш ти“* МЦ, *„Море, кажи ми го“. – „Нјä, не ти го кажва“* МЦ, *„Ако банди шчо да провалите сос желјезо, тогас со истина жа ви јо дам чупата за невјеста; ако нјä, нјä“* МЦ, *„Нé, нé, рăчé, ти, ут-сéга нă-тáм, тă ки-тē-рăбóтта . . .“* ПДој, *„Нé, рăчéл, или óна или друк ни́кој“* ПДој; во Дојранско Пеев има регистрирано и посебна варијанта на самостојната негација, цитирам: „Негацијата се искажува и со удвојување на темниот вокал *ă*, изговорен со вметнато аспирирано *х: О видé бăшчá ти? – ăхă . . .“* ПДој. Натаму: *Не, тáтко нă-забрá . . .* ПК, *Ас си́чко знáм. Кáк нé, тугáј ас сáкăх ергéн, тугáј.* ПК, *„Не, нé-ј дуjдéл бе чи́н пупăди́е ту́ка.* ПК.

1.6.5. Прагматички маркирани искази. – Досега се занимававме со искази чија главна функција е пренесување на информација. Во овој параграф ќе ја разгледаме структурата на исказите чија основна функција е барање на определено однесување од страна на соговорникот. Именно, му бараме да ни даде определена информација или да изврши определена наредба/молба . . ., да се покори на определена забрана, итн.

1.6.5.1. Прашални искази. – Тоа се искази чија основна функција е БАРАЊЕ на информација од соговорникот, иако – се разбира – функцијата на ПРЕНЕСУВАЊЕ на информација (ако не за друго, барем за фактот дека говорителот сака да се здобие со некаква информација) исто така е присутна. Од реченото произлегува дека поставувањето на прашања претпоставува ситуација на непосреден дијалог. Таканаречените реторички прашања се маркирана категорија што ќе ја разгледаме дури откако ќе ги опишеме основните, „правите“ прашални структури.

Во врска со тоа треба веднаш да формулираме една важна ограда. Имено, меѓу текстовите што овде ги анализираме, правите, спонтани дијалози (снимени директно од магнетофонска лента) претставуваат незначителен процент. Повеќето прашања со кои ќе бидеме соочени претставуваат уметнички, секундарни конструкции на нараторот, вградени во текстот на приказните или на автобиографските кажувања. Сепак, богатиот материјал и големиот број раскажувачи нудат извесна гаранција дека она што ќе го опишуваме не отстапува многу од живиот разговорен јазик.

Прифатено е, кога станува збор за прашања, тие да се поделат на две големи класи зависно од карактерот на бараната информација. Во првата класа спаѓаат таканаречените *де/не*-прашања во кои говорителот бара потврда (или негација) на некоја своја претпоставка. Во втората класа спаѓаат прашања коишто од најтипичната прва буква на македонските прашални лексеми ќе ги викаме овде *К*-прашања – во нив се бара конкретна информација чиј карактер определува соодветна прашална лексема, т.е., со други зборови, се бара идентификација на предмет/човек/релација/време/место . . . како дополнителна компонента на еден настан/состојба чии други компоненти му се познати (или не му се интересни) на говорителот.

1.6.5.1.1. Да/не-прашање. – Од формална гледна точка *да/не*-прашањата ги делиме според експонентите на нивниот прашален карактер, а тие се: интонационата контура, линеаризацијата на исказот и/или присуството на таканаречените прашални честици. Во стандардниот македонски јазик тоа се: *ли* (и во составите: *дали, нели*) и *зар*. – Од семантичка гледна точка, критериум за класификацијата е претпоставката што го мотивира говорителот да го постави прашањето. Имено, тргнувајќи и натаму од стандардната ситуација, констатираме дека тој:

– може едноставно да бара информација без да даде на знаење каков одговор очекува; тогаш обично ќе се послужи со *дали* ставено на почетокот на прашалниот исказ: *Дали Ана дојде?/Дали дојде Ана?*, и сл., или пак само со соодветната интонација: *Ана дојде?* Најпосле, можно е и таквото, немаркирано, *да/не*-прашање да се оформи со залепување на енклитичкото *-ли* до предикатскиот израз, т.е. *Ана дојде-ли?*, и сл. Сепак, тогаш тежиштето на прашањето се преместува од целата реченица врз предикатскиот израз;

– може да бара потврда на својата претпоставка, што ќе го изрази со *нели* ставено на почетокот или на крајот на исказот, сп.: *Нели Ана (не) дојде? / Ана (не) дојде, нели?* – во вториот случај сме соочени со два исказа: една констатација и едно прашање/молба таа да се потврди;

– натаму, говорителот може да изрази свое изненадување поради некоја случка/состојба па да бара да му се потврди дека е навистина така – за таа цел може или да се послужи со честицата *зар* на почетокот од исказот и/или со посебна интонација да го истакне предикатскиот израз, сп.: *Зар Ана (да) дојде?/Ана дојде?* – последниот модел (како и залепувањето на *-ли* кон предикатскиот израз – сп. погоре)

сепак во извесна мера го издвојува предикатскиот израз од контекстот и го преместува тежиштето на прашањето токму врз него;

– на сличен начин (со преместување во иницијалната позиција, со интонациско истакнување, со приклучување на *-ли*) говорителот може да ја издвои која било компонента од предикатско-аргументската структура на прашалниот исказ и со тоа да бара соговорникот да му потврди дали ја сфатил (дали извршил коректна идентификација) на таа компонента, сп.: *Вчера дојде Ана?/Вчера-ли дојде Ана?. Кај тебе дојде Ана?/Кај тебе-ли дојде Ана?, Ана дојде?/Ана-ли дојде?,* и сл.

– најпосле, како што споменав, говорителот може да постави чисто реторичко прашање, т.е. прашање на кое не се очекува одговор, бидејќи одговорот однапред е познат, еднозначно негативен или (ако предикатско-аргументската структура во прашалниот исказ е надградена со негација) позитивен. Во таков случај говорителот ќе се послужи со честицата *зар*, сп.: *Зар може човек да се мери со вечноста?, Зар два и два не се четири?,* и сл.

Да видиме какви модели на *да/не*-прашања нудат јужномакедонските текстови. Ќе одиме, како обично, од запад кон исток, без да ги издвојуваме одделните модели. Сп.: *По сјäзи ви се мóл'а кáбул да ме стори́те да отговóра мáло њäш и за мадéто о купејнетóму селутóму. За сóзи мáде нé пушчи́е стари́ти нáши во Стáмбол Мáнча Германа, и Настáса от Дреновjäне? . . . Во вáфто чорчиáкиоф нé дадójе старци́ти нáши и сенéти? Во замáно Али Ефенди́у, кóга се писáе оти сjä цáрцке и кашчjäте и имájне нáше, не ни рекóе óти сéга за ви се бити́са мерáко вáш и за се прóда селóто? По онимлáни не дójде мему́рин от Стамбол и преписа и имájне нáше за цáрцке?* МДЦ, *„Ести со му́кjун да се стóри некóе дóбро от Назарéт?“* МЕЦ. – Претпоставката што го мотивира едно *да/не*-прашање може да биде и претпоставениот одговор на порано поставеното *К*-прашање, сп.: *Шчо чиниш сика? От мjäне сиромахо земаш и клаваш во зенгинутому лозjето? . . .* МЦ, или: *„Келко итиш? му рече; да ти дам ен наполон?“* МЦ, и сл. Натаму: *„Море браќja, се најдви на нива крапови?“* МЦ, *„Да ви дам сој топ, ми го ткате, ми го чините платно?“* МЦ. – За да не ги набројувам натаму примерите од Корчанско, да додадам дека во речникот на Мазон од можните прашални честици го најдов само *дали,* и тоа регистрирано исклучиво во текстот на една песна, т.е. со несигурна локализација. – Иклифов во својата монографија за костурскиот говор им посветува посебен пасус на прашалните искази; приведувам сè што се однесува на *да/не*-прашањата: „Въпросителните изречения в говора се образуват с интонация или въпросителни думи – въпросителни наречия и местоимения. 1. Голяма част от въпросителните изречения се образува без въпросителни думи. Въпросителната частица *ли* в говора изобщо не се среща. При тоя тип въпросителни изречения интонацията е определящ фактор. Тя се повишава в края на изречението: *Го-знáеш първи мăш? Го-ви́де нéго на пазáро? Татко ти здрáв ести? Кăшчата на-дéдо-ти не-пáна éшче? Óфците дáве éшче млéко? Го найдóе магáрето? Го собрáе сéното?* Въпросителните изречения образувани без въпросителни думи, се отличават само по интонация

от съобщителните. 2. Въпросителните изречения, образувани с въпросителни наречия, въпросителни местоимения и въпросителна интонација, са също многу употребявани: *. . . Дáли ке и продáди дăрвата? Дéли ке дój и тój?.* – Характерно явление за говора е, че частицата *да* може да служи като въпросителна дума: *Да-é јагне? . . . Да е тój тáму? Да óјде и-тój со говéндата?* Образуваните по тоя начин въпросителни изречения изразяват в известна степен и съмнение, като и въпросителната частица *дали* и *дели.*" ШК, 118. Последната забелешка на Шклифов заслужува внимание од две причини. Како прво, интересна е самата можност *да* да функционира како „прашална честица". Во стандардниот јазик *да*-прашањата – во кои конститутивниот предикат задолжително е надграден со негација – би ги толкувала како продукт на семантичка деривација од субјунктивните дел-реченици, сп.: *Да не си болен?, Да не ги измениле плановите?,* и сл. – во таквите конструкции говорителот формулира една за себе нова и неочекувана претпоставка што можеби одговара на споменуваната од Шклифов нијанса на сомневање; како второ, интересно е поврзувањето во една семантичка (функционална) група на *да-* и *дали*-прашањата и нивното заедничко противставување на прашањата формирани само со интонациска контура (= без прашалните честици). Се налага претпоставката дека последниве претставуваат постар, немаркиран модел и дека *дали*-прашањата се настанати „во два чекора" со искористување на *да* како оператор на суспендирана фактивност (сп. погоре) и со залепување за него на прашалното *-ли.* Судејќи по отсуството на „самостојното" *-ли* во костурскиот говор, оваа последна операција можела да се изврши и на една друга територија (понасевер?, понаисток?). Опишуваната состојба убаво се надоврзува на состојбата што Мазон ја има регистрирано во Корчанско (сп. погоре). - Во својата монографија на долнопреспанскиот говор Шклифов не го опишува посебно формирањето на прашалните искази, туку, меѓу другите, ги наведува прашалните честици, сп.: „Въпросителни частици – *дáли, нéли, é: Онá чупа а сáкам, áма дáли ке ма сáка и тáа? Дали ке дój врéме да са врниме во нашатá Преспа? Нéли ке дójш сó мене да и пáсиме волójте на Беúодје? Јáс му рéкоф ке óјш за вóда, нáли ке дójсиш вóда, áма од Мáрул'ка да ét. Е, шó сакаш óд мене ýште, кýќа ти нáправиф, та úзучиф, рáбота úмаш. Нáли ти рéкоф, мóри мájко, úспржи бéлвĭци и ми дójси на нивāта кáмо Чéрешните, зáшто нé дојде? Дáли ке дój врéме да си го вúдиме рóдното мéсто. Нáли ти рéкоф да не гó бараш пójке нéго. Е, дójде нájсетне Богáрија, ама за мáло.*" ШД, 119 – А еве уште неколку примери од текстовите приклучени кон монографијата: *Нáли двá побрáтими прáтени кáнеа. Дáли од Вúшени бéше, дáли од Черéшница, áма не пáметвам . . ., . . на фил'áн чоек тáка му рéче, дáли ет вéрно?, „Спúро, ти знáеш, óти србите фáтиа да са бúе со áфстроунгарците?"*, Сп. и еден состав од *К-* и *да/не*-прашање: *Кокý пари ке úзвава, шо са úзвава во нашитé места со фотографија, нé знаеш?"* Натаму: *„Е, нáроде, по грцки, шо úмате, já кажéјте ми. Да не úмате мáка от корофилáците, од вójската?", „Мóжиш сéа да са држиш ти?"*, сп. и: *Шо кé стани сó нас сеа, мóжиме да влéзиме во Албáнија úли нé?, „. . . И сó неја ке ма одéлите?" . . .* – Врз основа на приведените примери можеме

да заклучиме дека состојбата во долнопреспанскиот говор, општо земено, личи на онаа во костурскиот говор. Немаркираните *да/не*-прашања се формираат со помош на соодветната интонациска контура (што авторот на монографијата го сигнализира со прашалник; интересно е дека по исказите воведувани со прашалните честици тој обично и не става прашалник). Во инвентарот на прашалните честици се појавило *нали*, а го снемало *да*. Како што се гледа од гореприведените примери, испуштањето на *да* е обична грешка. Што се однесува до *нели*, би можеле, се чини, да го протолкуваме како настанато по аналогија на *дали;* не смееме да ја заборавиме хомонимијата меѓу *да*-субјунктивниот оператор и *да*-афирмативната, потврдна честица. Оваа хомонимија овозможува *да-ли* да го развиеме како 'да ли е (навистина) така?', т.е. 'да ли е мојата претпоставка коректна?', и да го протолкуваме *нали* (кое се појавува обично во алтернација со *нели*) како паралелна творба градена врз честицата за негација, т.е. 'не ли е (навистина) така?', 'не ли и ти мислиш дека е мојата претпоставка коректна?' Соочени сме со доста суптилна ескалација: *да/не*-прашањето оформено со помош на интонациската контура (или пак со помош на „подвижното" *-ли* каде што го има) е речиси немаркирано со оглед на веројатноста на *да-* или *не*-одговор; *да/не*-прашањето воведено со *дали* во разгледуваните дијалектни системи како да тргнува од претпоставката дека одговорот е позитивен; и најпосле, *да/не*-прашањето воведено со *нали* како да бара потврда на претпоставката дека е одговорот позитивен. Како што реков, тоа се суптилни разлики и не исклучуваат слободна алтернација на сите три модела. – Во преспанскиот инвентар на Шклифов се појавува и *е* како прашална честица, меѓутоа, се чини дека *е* функционира како, да речеме, звателна, позивна честица со помош на која говорителот сака да го привлече вниманието на својот соговорник за да му постави некое прашање – таквото толкување наоѓа потврда во фактот дека *е* може да му претходи не само на *да/не-*, туку и на едно *К*-прашање, сп.: *Не ни ка́заа ни на́лево, ни на́десно, пра́во пâто „Е́, де́ка?"* ШД, или: *„Е́, за коку́ време?"* ШД, и сл. – Дрвошанов во монографијата за кајларскиот говор констатира дека овој говор не го познава самостојното *-ли* и дава примери на *да/не*-прашања воведувани од *дали,* од *нели/нали/мали,* како и оние оформувани единствено со помош на соодветната интонациска контура, сп.: *Имâш нивéста? Нâу́чи ни́што? Да́ли би́ло ка̑смéт рибáр су-кра́лцка ќéрка да̑-ле́гне?* ДКај, *Да́ли и́мâш ма́јка?* ДКај, *Не́ли су-рет? Па́ри има, не́ли?* ДКај, 253. Последниов пример потврдува дека во случај на *нели* имаме (често ако не секогаш) работа со таканаречената „прашање за потврда". – Во текстовите од мегленскиот говор објавени од С. Бојковска ги наоѓаме, меѓу другите, следниве примери на *да/не*-прашања: *А, до́ло ќи-ма̑-чи́ниш?* или – во состав со *К*-прашање: *И, во́ диситáрут му-ве́ле: „Кój? – Ја́с?" „Не́, цивíлте да̑-до́јда̑т!"* натаму: *„Сéга зна́јте шо и́ма?" „До́бро, се-ј-до́бро, ама ґáвăлут са-утипá? – са-утипá. Е, мóмта на̑-стрáна си-па́јґаше, не? Аку не-а-причéка̑ше во мáлуит не́ли ќи-са-утéпише?" – „Ќи-са-утéпише"* – во последниов фрагмент привлекува внимание *не*? како варијанта на *нели?* во функција на прашање за потврда – таквата негова

употреба го потврдува сето она што го рековме погоре во врска со генезата на *да-ли?* и *не-ли?* како прашални честици. Натаму: *„Углида́лу, углида́лу, и́ма уд-ме́н пу́ли́чни?* . . . Следуваат неколку примери од текстот снимен од една жена родена во Саракиново. Ги издвојувам бидејќи тука прв пат се појавува прашалното *-ли*, сп.: *Бра́т, слу́ш-ли ва́ ра́бо́та, та́ка́ ќи-би́де! Сакте-ли и вие мен' да-не-ма-вијте?! Убву-ли-е да-не-савијме толку време?* – А еве примери од Еницевардарско: *Нели попот наридува? кој можи атр да му скрши на него?* УЕ – го приведувам и *К*-прашањето како доказ дека има и двојни прашални состави со обратен редослед во однос на досега приведуваните; натаму: *Море су кој си лафе мојта жена? Ми устави ли на менка и си ма́жи за некуј друг?* УЕ, *Абре брате, ај оди ти аднш на урманот?* УЕ – интересен пример кој како модел прв пат се појавува во нашиов преглед, имено, имаме работа со еден морфолошки заповеден исказ оформен со прашална интонација, нешто како 'Да не би отишол ти еднаш?' или сл. Натаму: *Мајко, мале оти са́мо ла́скаш и ми си смејш, е не ми јадиш нишчо? Дали уд ного радос оти вадин јаска са́м домаќин?* УЕ . . . Сп. и едно типично реторично прашање: *Арно ама гуведа си е гуведа, нели?* УЕ; натаму: *Ej попе, како ти е алот? Си лјутиш ли?* УЕ, *Шо ти е керко, дали не ти фати венчанината?* УЕ . . . А еве уште едно класично реторично прашање: *Гладен да бидиш как дај, ами и ќутек?* УЕ Сп. и: *Ај мајката, можи ли адна мравка да ми прај такво арно? УЕ, Нели и јаска са́м душа дека и јаска сакам да ти правам некуј добро?* УЕ . . . Од примерите се гледа дека речиси нема прашања формирани единствено со помош на интонациска контура; како експонент на немаркираното *да/не*-прашање функционира *-ли* кое – барем во горепривидените примери – редовно се залепува за личната глаголска форма којашто е наедно и првата ортотонска збороформа во даден исказ. Интересно е оваа состојба да се спореди со прашалните модели регистрирани во текстот на кулакиското евангелие. Еве некои под нив: *А́ку му са́ чини на не́кој да и́ма сто́ о́фци, и да са́ загу́ни иде́н ут ни́х, не уста́ва деведе́јсет и де́вет, да ки кини́са пу планинити, да па́ла загубе́нито?* ВК – во современиот превод: *Ако некој има сто овци и една од нив се загуби, нема ли да ги остави деведесет и деветте и да дојде во планините да ја бара загубената овца?*; натаму: *. . . не и по́вре́дна ду́шата уф јаде́нито, и сна́гата уф ублекнуту?* ВК – во современиот превод: *Зар не чини душата повеќе од храната и телото – од облеклото?*; натаму: *. . . ви́и не́ сти по́вредни ут ти́а?* ВК – во современиотевод: *Зар не сте вие многу поскапи од нив?*; натаму: *Не́ беши писа́но да те́гли ви́и, ма́ки Христо́с, и да до́јди на не́гувата сла́ва?* ВК . . . Не смееме да заборавиме дека имаме работа со текстот на евангелието, па сите прашања се реторични; сепак останува фактот дека сите тие се оформени на ист начин: со приглаголска негација и со соодветна интонациска контура која прави од нив прашања за потврда на она што експресивно се негира; современите стандардни еквиваленти на оваа специфична семантика се *нема ли?* или *зар не?* Сета оваа слика потсетува на односите регистрирани од Мазон во Корчанско, при што не се работи само за евангелскиот карактер на текстот, бидејќи многубројните корчански приказни покажуваат иста слика. Се налага заклучок

дека прашалните честици се релативно нова појава во јужните говори, односно дека релативно нова е појавата на прашалното *-ли*, во постарите текстови *да/не*-прашањата значат игра на честиците *да* и *не* придружени од прашалната интонација на исказот. – Пеев во својата монографија за дојранскиот говор ги наведува сите овде разгледувани модели на *да/не*-прашања (ПДој, 106–107). Ќе ги искористиме овде неговите примери: а) со интонацијата како единствен експонент: *Ми же́но, зна́јш шо ми тъ́кна́? . . . Де́уто пита́л: „Шпи́рто и́миш?, За́ таа ма́шти́на си ти?, Ки си ми́јш гла́вата?, О гле́диш на́ ра́ботта?., Ка́ма́н то́лкуф са́ ди́ге?, Пи́см́ан си?, Ва́да́н дуjдé да́ ми пла́чиш ту́ка? И́миш о́да́но на́ Со́ла́н?;* б) со „подвижното“ *-ли: Са́ мо́ра ли да́ зна́јш са́то, шо и́мме и уддéк гу купу́вум?, Ти га́ скъ́па́ гла́вата ли?, Те-j ја́сно ли?, По́сле пулви́на саат ли, саат ли?, Таа-j ли ца́рска́та па́ла́та? . . .* – како што се гледа, овде *-ли* не мора да е врзано за глагол, туку може и да стои на крајот на исказот; в) со честиците *дали, нели* и *мер* – последното, според Пеев, „изразува изненаденост“: *Дал' си дуjдé ба́шча́-ти?, Дал' би́ше же́на́н?, Не́ли то́ги и по́по има́л да́лги ко́си?, Ца́ро, не́ли са́киш ас до за́кол'ум?, Мер дуjдé и о́ни?, Мер не зна́jте ви́?;* г) најпосле „се среќаваат и примери во кои негираните прашања се изразуваат само со честицата *не: На́ дру́ги се́ла не о́диш?, Не те-j жал за́ ма́jка́-ти?, Не те-j грех та́ка́ да́ пра́виш? Кукуше́ниц не си?* (ПДој, 107). Судејќи и по другите примери што ги наоѓаме во текстовите приклучени кон монографијата, основните (т.е. експресивно немаркираните) модели на *да/не*-прашањата во Дојранско се оние со прашална интонациона контура како и оние со подвижно *-ли*. За честицата *мер*, која прв пат се појавува во нашиов преглед, Пеев кажува дека „изразува изненаденост“. Возможно е да се работи за позајмена турска честица *meğer*. Според граматиката на Луис, тоа е честица чија основна парафраза во турскиот стандарден јазик гласи 'се чини дека . . ., изгледа дека . . .', т.е. една честица која внесува претпоставка (Lewis 1984, 211). До значенското поместување можело да дојде или во турските дијалекти или во самиот процес на позајмувањето. – Главно иста ситуација регистрира Пеев и во својата монографија за кукушкиот дијалект (ПК1, 301–303) и ја илустрира со примери што ќе ги приведеме заедно со неговите коментари: „Во кукушкиот говор . . . забележуваме честопати прашални искази без честицата *ли*, ова е повеќе изразено во јужните села, во Полето, сп.: *му-фа́рли́ на́-кукошките?* (храна). – *виде́ се́где, да́ не-j скри́jн не́гдин? – та́-најде́а? – ви́диш-га? . . .* но: *та-j ки́сла ли во́да? – ќи-ти-пита́м, ќи-зна́јш? – ќи-ти-ла́жум? – ја́гнито о-пуја́те?.*“ Се гледа дека Пеев *да*-прашањата не ги издвојува во посебна група. Привлекува внимание примерот *та-j ки́сла-ли во́да?* кој сугерира дека прашалното *ли* е овде новост чија „нормална“ дистрибуција информантите не ја владеат добро. Да се вратиме кон примерите и коментарите на Пеев: „Во Карадагот паралелно егзистираат и едните и другите форми, сп. примери од Ниманци: *ма́-пита́: и́миш ти два си́на и ќе́рка Жи́вка? - лиси́ците ре́кла на́-ва́лкот: не-т-са́-ја́де?;* но: *виде́-ли-си прија́тал'то? – а бе кој, а́ра́нто са́-забра́уве ли? – бе́ги до́ма, ви́ке, у́тре не са́-зна́а на́-та́ка́-ли ќе-j, на́-ва́ки-ли ќе-j.* Во пунктот Мутулово партикулата *ли*

во примерите каде што е употребена, побудува интерес со местото што го зазема во редот на зборовите, имено, меѓу неа и глаголот ја среќаваме инкорпорирана кратката заменска форма: *– стимни́-сă ли гáјре? – лиси́ца пита́ла: виде́-гу-ли вудиничáро? – андáро ричéл: нéма-гу-ли дóма?* Инаку, и овде среќаваме прашални изрази без партикулата *ли: – тăрлишшта не знáјш дéка би́а? – ти пă нă-нéго гу-виру́виш? – нé ќи-дójте за-Вили́дин?* Аналогно со отсуството на честичката *ли* оди и нередовната употреба на честичката *дали*. Со прашално значење се употребува партикулата *мер* „во која се вметнува и модална нијанса, било на изненада од дејството, било на сугерирање негативен одговор“ (Пеев не го наведува авторот на коментарот ставен во наводници): *мер сă-зéа? . . . мер сте рóда? . . . мер нé-сj-óдăт?* Во негирани прашања, иако не многу често, се јавува честичката *нели: и нéли, вăрвéш к'и-т-фáте, дă-прóстиш, и гутóв-си; – кăсмéто ѝ чăтáн, нéли млáда устáнá биз-măш.“* (ПК1, 301–302). Примерите и коментарите на Пеев се средени на начин да послужат како доказ дека во кукушкиот говор има прашални искази без честицата *ли*. Меѓутоа, од наша гледна точка, поинтересно е дека во говорот ги има и прашањата со *-ли*, дека се тие реткост и дека се јавуваат, пред сè, во севернокукушките села. – Во збирката на Верковиќ пак ги наоѓаме најчесто моделите со прашалното значење содржано во интонационата контура или со експлицитно присутната честица *дали;* другите решенија се значително поретки. Еве ги примерите: 1. прашалниот карактер на исказот сигнализиран со интонационата контура: *и тој заеднóч отговори́: „ами óшчи стои́ш?“* В, *Не ти е страх, ча ке да дојдат това вечир двајсте мои синуви и ке да ти изјадат?* В, *„ми зеваш и менека другар, да дојда сос тебека?“* В, *„не ми зеваш и меника, другар, да дојдам?“* В, *„мари керки, не ви е страх да не дојди тука ламјата да ви изјади?“* В. Тука се најде и еден карактеристичен пример каде што само прашалникот ставен на крајот ни сигнализира дека треба да го прочитаме со прашална интонација, сп.: *„ej л'акарин, дај ни л'ак за ражба?“* В, што значи приближно, во стандардна парафраза, 'дали би можел да ни дадеш . . .?'. Натаму: *Цáр'ут му вели: „си ц'áниш на меника?* В, *„а брé, барли́в човéк, оновá дéте за товá сми харчи́ли тóлку пари́, та ти́нака сегá сáкаш да гу кладéш да ти óри и да ти копáј? Товá сегá сáка на нéкоја магази́а да влéзи писáр на чилибилăк, а нé да копáј и да óри?* В – примеров, составен од два исказа, е мошне интересен, бидејќи вториот исказ, иако по природа не е прашален, во овој состав сепак се изговара со прашална интонација, што го сигнализира ставениот по него прашалник; ова нè потсетува на гореприведениот обрат кон „л'акаринот“, па се чини дека појавата на такви, да речеме, „контекстуални“ прашања и не е ретка. Натаму: *„áман, господи́не, да дójда и јáзе сóс тéбика на Цариграт?“* В, *И цар'ут му вели: „не ми знаиш мене, кој сам?“* В. Меѓу исказите чиј прашален карактер е сигнализиран со интонационата контура наоѓаме и едно таканаречено алтернативно прашање: *„бре л'уди, шчо да е тос човек? Човек је или некој ангел?* В; – 2. прашалниот карактер на исказот сигнализиран со *ли* или *дали: „е брé лýду мла́до, дали си ви́дел дрýга по-хýбава од мéника?“* В, *Хем ти́нака áку и́маш пари́, когá ќи ýмриш, дали́ ки ги зéмиш аф грóбо ти?“* В, *„Дали ме скаш*

това вечир да дојдам на гости аф кăшча ти?“ В, *„да ти питам, мале, дали јазе имам татку или без татку са родих?*“ В – пак едно алтернативно прашање; сп. и: *„шчо́ про́сиш, бре́ барли́в? Дали́ рӑци или но́ци не́маш да рабо́тиш?*“ В; натаму: *Тогас детето му вели: „побратими, имаш ли ошчи да кажуваш?*“ В, *Јазе немам ли ја от татко ми или от тебе некој д'адо или баба?*“ В, *Ви́дехте ли н'а́шчо, като́ приспа́хте ту́ка?*“ В, *Ви́дје ли?* В – последните два примера се локализирани, доаѓаат од Серско. Натаму: *Да ми кажиш, дали има некуј су касмет?*“ В, *Идиш ли, дивојку, по мени да ти земам за пăрва л'уба?* В, *Ох господине, дали сега скоро за појш тамо?* В, *На стар Хајдар му вели: това ли сакаш от меника?* В, *Тјанака, кату чула така, му вели: и за това ли си кахарлиа?* В . . . Други модели на прашални искази кај Верковиќ не најдов. Се чини дека прашањата без партикули, како и оние со *дали*, се присутни низ целата збирка, додека оние со *ли* се појавуваат во североисточниот дел од опфатениот ареал. Не забележив ни *нели* ни *мер*, додека *не* и *да*-прашањата во овој наш избор се најдоа меѓу прашањата без специјализирани прашални честици. – Голомб во својата монографија за лагадинските села Сухо и Висока забележува „дека во говорите на С-В воопшто нема прашална партикула (барем не е нотирана) од типот на лит. мак. *-ли, нали, нели* во главните реченици, *дали, -ли* во зависните реченици . . .“ (Голомб 1960/61, 135). Тоа го документираат примерите од текстовите на Малецки. Еве една мала селекција: *„двана́ки икси́ трина́ки гу брујй?*“ *„гу брујйх . . .“* МЦ, *. . . сӑнји б'а́л то́с; „ши́чки фат'а̣ха да ви́кат: „сӑн ка́зуваш ти́? ни наи́стина ка́зува́хми.*“ МС, Еве и едно алтернативно прашање: *„писано́ту сӑ распи́сува и́ сӑ ни распи́сува?*“ МС; натаму: *„ја́с сӑ иди́н г'ечкинци́ја, м'а̣ ни шт'е́ти то́с в'е́чер да кшифандо́с'ам туќа́?*“ МС; и пак една алтернативна конструкција: *на ма́н'цата ми сӑ см'а́ш и́кси́ на м'е́н'а̣ ми сӑ см'а́ш?*“ МС; натаму: *„сӑ ни ефхаришти́са ут мо́јту пла́штани, да така́ сӑ чу́диш?!*“ МС, *„н'е́маш што́гуди ти да ричеш, чӑ за т'а̣ уб'а́сами в'е́јки?*“ МС; и пак алтернативна конструкција: *„што́ вили́ш сига́ за до́ш сӑс м'е́н'а̣ и ни шт'е́ш да до́ш?*“ МС; натаму: *. . . то́ји р'е́чи: „ми́лата сфита́ Бугурди́чка си сл'а́ла и ти́ на зим'а́та да ше́таш?*“ *т'а́ му вили́: „ми ги ни да́ваш тфо́јт'а ру́би и на м'е́н'а̣, ја́с за ти ги да́м мо́јт'а̣ на т'е́б'а̣?*“ МС – втор мошне интересен пример каде што негацијата еднозначно функционира како прашален сигнал, а без негативна претпоставка. Следуваат примери од Висока: *„е́! – вили́ – шо́ сто́ри? ми дуне́си миша́н'а ут жина́тами?*“ *са субира́ паре́ата, му звӑжда прӑстин'ут и ранчици́т'а̣: „н'а́са у то́јта же́на?*“ и натаму: *„жина́тати н'е́ма три ко́сим'а на пра́вата би́ска зла́т'ана?!*“ МВ, *„зна́ш да пи́шиш?*“ МВ . . .

Од сето она што го рековме погоре произлегува дека во јужномакедонските говори *а.* како универзален тип семантички немаркирани *да/не*-прашања се јавуваат искази без сегментални сигнали на својот прашален карактер, а кои таквиот карактер го изразуваат со соодветна интонациона контура; ова е моделот кој доминира и кај другите балкански јазици; во тој тип прашални искази во „ударните позиции“, т.е. на почетокот или на крајот на исказот, често се појавуваат честиците *да* и *не*, коишто сугерираат, првата послабо, втората поизразено,

дека се очекува потврден одговор; *б.* до семантичка немаркираност се доближуваат и исказите со честиците *дали* и енклитичкото *-ли*, но, за разлика од претходниот тип, тие имаат определена географија и – не без врска со неа – кај нив се јавува и извесно семантичко нијансирање. Имено, на крајниот запад и на крајниот исток ги нема ни *дали* ни *-ли*. *Дали* се појавува во Костурско и таму – судејќи по констатациите на Шклифов – претпоставува позитивен одговор. Понаисток *дали* е позачестено и ја губи позитивната маркираност; *-ли* се појавува дури во Мегленско, го среќаваме само во централниот и централноисточниот дел од нашиот ареал. Залепено за предикатскиот израз, тоа е речиси немаркирано, но ако придружува друга синтаксичка единица, со самото тоа и ја претвора во тежиште на прашањето, па се создава и извесна експресија, според моделот карактеристичен и за стандардниот јазик; *в.* по самата своја природа експресивно маркирани се честиците *нели/нали/мали* (барање потврда, западниот дел од ареалот) и *мер* (изненадување, нотирана само во Дојранско и во Кукушко). Иванов (ПГ, 198) ја споменува и честицата *вé* 'нали', сп.: „Крај пообикновените, започвашчи с наречие *нали,* се срешчат и изречения, които започват с диалектната форма *вé* 'нали': *вé ти велéх, óти пак шта дójдат; вé ти кáзвах да си седúш домá; вé и ти бéше там; вé нúшт'о ни мý стóриха, Уóти прикáзват; вé тва е за добрó,* и др.". – Да додадеме дека сите наведени модели ги среќаваме и кај реторичните прашања. Посебно често кај тие прашања се јавува експресивниот модел со честицата *не*.

Одделен проблем претставуваат таканаречените алтернативни прашања од типот *А или Б?* – тие по формата потсетуваат на *да/не*-прашања, додека по карактерот на бараната информација личат на *К*-прашања (сп. подолу). Ќе ги разгледаме понашироко во вториот том каде што ќе се занимаваме и со други типови на алтернативни искази.

Што се однесува до балканските паралели на јужномакедонските *да/не*-прашања, се налага, пред сè, грчката ситуација. Во граматиката на Џозеф читаме: „Neutral yes-no questions are marked by intonation, though there are some sentence-initial question particles that can occur as well. Other than that, however, such questions are formally identical to corresponding statements, especially in terms of word order. . . . The question particles that can be used in yes-no questions are *mípos* and *mí(n)*, both of which can be glossed 'perhaps; I wonder if'. These particles add a certain „distance" to the request for information, making it in some ways less direct, and as such are often associated with more polite requests. . . . The tag *étsi ðen íne,* literally „so+not+is", i.e. 'isn't it so?', when spoken with a rising-falling intonation after an affirmative or negative statement (which has typical statement intonation), has the effect of creating a leading question in which the expected answer does not contradict the affirmation or negation of the statement. The speaker is reasonably sure of the truth of the proposition and is seeking confirmation of this." (Joseph 1986, 4). Во гореприведениот опис ги наоѓаме трите најкарактеристични особини на јужномакедонската ситуација: 1. доминација на прашалните искази без специјализирани честици, 2. хомонимија на честиците што ја изразуваат приглаголската негација и *да/не*-прашањата, 3. присуство на

специјализирана конструкција што ја протолкувавме погоре како 'барање на потврда'. Втората од трите особини, со изразито идиосинкратичен карактер, еднозначно сведочи за грчкото влијание врз македонските прашални модели.

1.6.5.1.2. К-прашања. – Под *К*-прашања подразбирам молба на говорителот неговиот соговорник да определи (посочи, идентификува) конкретен елемент на една предикатско-аргументска структура. Тежиштето на таквите конструкции е врз прашалната заменка која во прашалниот исказ ја блокира позицијата на бараниот структурен елемент, а која пак најчесто е градена врз коренот чија карактеристична консонантска фонема е /*к*/, затоа конвенционално ги нарекувам *К*-прашања. (Сп. го англискиот термин: Wh-questions.) Согласно со нивната улога: тежиште на прашањето, прашалните заменки стојат во ударната иницијална позиција.

Од функционална гледна точка *К*-прашањата би требало да ги поделиме во зависност од карактерот на бараната информација, т.е., поточно, од тоа каква функција говорителот ѝ припишува на бараната информација во семантичката структура на текстот. Врз таа основа можеме да изделиме три главни групи *К*-прашања.

Првата група ја сочинуваат оние прашања што содржат молба: *1.1.* да се посочи некој од аргументите на соодветниот предикат, на пр.: *Кој дојде?, Кому (му) ја даде книгата?, Кого (го) чекаш?,* и сл., *или 1.2.* да се одреди мера на нешто, на пр.: *Колку пари даде?, Колку години има тој?, Колку е долга оваа блуза?,* и сл., *или* пак *1.3.* да се одреди некој придавски предикат, на пр.: *Каков е тој човек?, Која/Каква блуза купи?,* и сл. Сите приведени прашални искази ги соединува фактот дека бараната информација говорителот ја согледува како елемент на семантичката структура на еден исказ и очекува одговор оформен како именска синтагма.

Втората група ја сочинуваат прашањата во кои бараме: *2.1. да се одреди конститутивниот предикат на соодветниот исказ, ев. и со дел од имплицираните аргументи; тука спаѓаат прашањата од типот Што правиш?, Што стори?, Што се случи овде?, И што стана?.* и сл. Како што се гледа, прашалната заменка ја придружуваат овде глаголски форми со максимално сиромашна (генерализирана) содржина, а одговорот го замислуваме во вид на една (комплетна и/или елиптична, т.е. зависна од контекстот) реченица; натаму, тука спаѓаат и молбите *2.2.* да се одреди секундарен предикат-оцена што го модифицира конститутивниот; тоа се прашањата оформени со заменката *Како?,* на пр.: *Како помина на море?, Како се чувствуваш во Скопје?,* и сл.

Третата група *К*-прашања ја сочинуваат прашалните искази кои содржат молба да се експлицираат некои дополнителни надворешни параметри на една предикатско-аргументска структура: време, простор, причина, последица, услов, цел, начин на реализација, итн., на пр.: *Зошто дојде?, Кога дојде?, Кај се најдовте?, Како успеа да го најдеш?,* и сл. Значи, овде се бара да се посочат други предикатско-ар-

гументски структури кои – според мислењето на адресатот – остануваат во врска со појдовната структура. Очекуваме одговори оформени како реченици надградени или не со сврзнички предикати или пак именски трансформи на соодветните реченици. Сето тоа е проблематика со која ќе се занимаваме во вториот том, па, следствено, таму ќе понудиме и селекција на примери на *К*-прашања од третата група. Сепак, веднаш би требало да формулираме една суштествена ограда. Треба, имено, да обрнеме внимание на отсуството на полна корелација меѓу формата и функцијата на *К*-прашањата од третата група – тие честопати се оформуваат според моделот 1.3. (сп. погоре), а во придружба на соодветните генерализирани номинализации, сп. ги кореспондентните формули како: *Кога? ~ Кој ден?, Кое време?...* и сл., *Каде? ~ На кое место?, Во кој град?...* и сл., *Зошто? ~ По која причина?, Со која намера?, Со каква цел?,* и сл. Водејќи се по функцијата, а не по формата, ваквите прашања ги сместуваме сите во третата група. Следствено, овде ќе се сосредоточиме на *К*-прашањата од типот 1. и 2. (со исклучок на гореизземените прашања 1.3. врз основа на семантичкиот критериум). Натамошната формална поделба на соодветните морфо-синтаксички формули е функција на карактеристичниот за нив падежен однос како и на начинот како го изразуваат тој однос прашалните заменки во дадениот говор. Ова е проблематика која спаѓа во морфологијата на заменките и/или во синтаксата на падежните односи (сп. погоре 1.3.1.). Овде ќе приведеме само една репрезентативна селекција од јужномакедонските *К*-прашања без издвојување на одделени групи и без натамошни коментари. Тргнуваме, како обично, од запад: *Кој не́ зне о́ти трја́би со сполајва́јне да спомену́ваме добринја́те ти́ам шчо и́ме сторе́но во село́то на́ше.* МДЦ, *„Шчо ишчи́те?“* МЕЦ, *... и кој о́т вас со чаластисфајне́то мо́зи да прибо́са на тру́по то́гоф е́но ендёзе повёке?* МЕ, *Кој ти каза?* МЦ, *„Шч-имаш?“* МЦ, *„Шчо гу-маш со́гва,“* МЦ, *„Шчо ти је треснато тамо?“* МЦ, *... шчо да сто́ри, да не јо ка́ра ма́жо?* МЦ, *„Кój са́ка да́ упи́та не́шчо?“* ШК, *„Шо́ та́ка, ма́ри же́но?“* ШК, *„А-ти́ ка́-му ре́че?“* ШК, *Шчо-пра́ви та́тко-ти?, Кој ести твојо бра́т?, Ке́ку годи́ни и́маш ти́?* ШК, *„Шо ста́наа де́цте, за́што и не́ма у́ште?“* ШД, *„Шо́ бара во Би́тол'а? Кој му́ рече да о́ј?“* ШД, *Та́тко а ве́ли: „Шо има?“* ШД, *„Кој знае ту́рцки о́д вас?“* ШД, *... си ве́лефме: „Шо ке́ стани се́га со́ нас ту́ка.“* ШД, *„Шо ке́ прај во Ле́рин, Соти́рице, шо ке а́ дајш, шо ке јај?“* ШД, *„Шо ти́ рече?* ШД, *„Е́, шо ке пра́јте“ – му рекоа едни.* ШД ... Интересно е дека и тука, како и во случајот со *да/не*-прашањата, Шклифов често ги остава прашањата без прашалник на крајот; се чини дека присуството на кој било прашален збор дозволува да отсуствува прашалната интонација. Натаму: *Са-ми́слимă, шо́ чи́нимă!? Шо ки-ста́не?* БМег, *Е, бе́мă скрие́ни. „Зашо́?“ – 'Ми така́. „Ут-ко́го?“ – Уд-ва́с.* БМег, *Не́-те́пите, му-ве́л'ăм, ту́ку су-дăрву ма́зăте. „Кој?“.* БМег, *„Бре, ка́ква зми́ја?!“* БМег, *„Де́ка-наој́ќа ва́ мо́мта?“* БМег, *„Шо́ са́кăш да-ти-да́м?“* БМег, *Кој мо́р', гуле́мјут или ма́лечкиут?* БМег – едно алтернативно прашање во синтаксичка формула на *К*-прашање; натаму: *Му-ве́л'е сва́тут: „Ко́лку ќи-мисви́рте?“. Му-ве́л'е то́: „Чтир' ил'а́ди“.* БМег; *Шој то „синтар винтар“?* УЕ, *Абре шој ва работа шо не чини дете?* УЕ, *Море су кој си лафе мојта жена?* УЕ, *Попо шо да прај?* УЕ, *... пуљат, шо ќи видат?* УЕ -

едно многу типично и често метатекстуално прашање кое навестува една неочекувана ситуација со која е соочен протагонистот на расказот. Натаму: *Шо да прајме сеа?* УЕ, *Ох, мајко мори шо е во таксират пак шо ми најде?!* УЕ, *Куче, маче шо да му кажам?* УЕ, *Кој ми а фати́ ру́бата ми?* ВК, *„До́бро, ве́ле, шо те́-ј?!* ПДој, *„До́бро, кој е то̄?“* ПДој, *„Ко́лко па̄ри́ ти-чи́не шо са̄ вуза́ме?“* ПДој, *Та̄ко́ф до́ктор, ра̄че́, нӣ де́к ки-на́јда̄ме?“* ПДој, *„Шо́ са́киш?“* ПДој, *Но́го-са̄, шо́ к-им пра́ве?* ПДој, *„Е до́бро, ричел, уд-ва́ска тру́јца̄та бра́те кој ми-но́се пи́смо на̄-мо́јта же́на да̄-на̄пра́ве вичера́ за̄-ве́ча̄р?“* ПДој, *„Уд-де́к-сте бре?“* ПДој; *„Кој та̄-ви́ке ма̄р Ку́мо Ле́со?“* ПК, *„Шо́ ма̄р Ку́мо Ле́со?“* ПК, *И сја̄ ти́а̄ га̄ла̄ба̄то шо ќи-ј пра́ва̄т?* ПК, *Ус-шо́ гу-удри́л?* ПК, *Шо́-рабо́та̄хме?* ПК, *Пут-клу'ч шо́ да́ржише?* ПК – интересен пример со емотивна инверзија на прашалната заменка во втора позиција; натаму: *И то́ шо́ ќи-на̄пра́ве?* ПК, *„Шо́ са́ке бе ќе́рко?“* ПК; *што́ сто́ри?* МС, *„што́ ви́д'а̨?“* МС, *... ала́ саба́лин мра́ва стра́ха ви́д'а̨х;“ „што́ стра́ха?“* МС, *„што́ј тас шамата́ до́л?“ – пи́та;* МС, *„с'етн'а̨ што́ да сто́р'а̨ јас?“* МС, *... а́ку руди́ жина́таму, ка́к да му ричеми ино́ и́м'а̨?* МС; *„кога́ да до́јда?“* МВ, *„ама́н, по́пи, д'е́ да т'а̨ и́скрија, манцо́тми хло́па?!“* МВ, *диспо́т'ут и вили́: „ко́гу хло́па?“ т'а́ му вили́: „манцо́тми!“* МВ, *„шо́ бра̄ка́ш ту́ка?“* МВ; *... да ти пи́там: ту́ка, шчо излезох ја́зе, ка́к са имену́ва това̄ гра́т?“* В, *Оти́де чове́кот, ама ко́гу ке да на́јди?* В, *„де́ка бе́ши сно́шчи, Кулу́ф?“* В, *„и́-дам, но тајфа́та ми ка́к да га чи́на тука?“* В, т.е. 'што да правам со тајфата ми?', *„чи́а магази́а са прода́ва?“* В, *„Ами ко́лку гро́ша га са́ка?“* В, *„колку га са́каш, господи́не, та́ја ри́ба кра́пова?“* В, *„чи́а са ти́а катанџја, ма̄жу?“* В, *... де́ка са ма́чката и кали́нката?* В, *„Ах шчо да чи́-нам?“* В, *„Да си имаш, брача, пари, шчо ќу си купиш?“* В, *„Чучо, шчо ќу чиниш дарва-та?“* В ...

Како што се гледа од примерите, прагматичките разлики (меѓу „вистински“ прашања, реторични прашања, куртоазни прашања ...) не влијаат врз синтаксичките формули.

1.6.5.1.3. Зависни прашања. – Проблем за себе претставуваат таканаречените зависни пршања, т.е. конструкции од типот *Не знам кој дојде., Ќе ти кажам, што видов.,*
плементарни дел-реченици со нулти оператор на комплементацијата. По синтаксичките формули не се разликуваат од независните прашања. Впрочем, комплементарните конструкции кои содржат зависни прашања претставуваат прилично апстрактен начин на искажување и ретко ги среќаваме во живо народно раскажување. Можеме да ги најдеме во евангелските преводи или во приказни коишто се во извесна мера „авторизирани“, т.е. чиј раскажувач свесно се грижи за јазичниот израз. Сп., на пр.: *... и ќобра хаха́ми и пје́ни, и ј-упи́та г-је жа се ро́ди Ри́стос.* МЕ, или: *га гледа Зарзавил, си чуди, шчо да стори да го погуби д'атенто.* В. Инаку, обично, прашањата во дијалози се оформени како oratio recta, што може добро да се види од гореприведените примери.

Семантички комплементарните конструкции со зависни прашања се конструкции со „информативно празна позиција“; прашалните за-

менки и/или прашалните честици (многу поретко интонацијата) вршат блокада на соодветната синтаксичка позиција, а во семантичката структура се крие едно 'не знам' или пак 'претпоставувам дека не знаеш', зависно од тоа дали говорителот констатира дека ја нема соодветната информација или навестува дека ќе му ја пренесе на својот соговорник.

Од реченото произлегува дека од прагматичка гледна точка зависните прашања и не се прашања, т.е. не бараат (барем не директно) одговор.

Зависните прашања во јужномакедонските говори, освен споменатата ниска фреквенција и стилска маркираност, немаат други посебни одлики, т.е. нема овде да им посветуваме посебно внимание. Ќе споменеме само дека Мазон (1936, 391) во својата корчанска монографија регистрирал прашално *а* и приведува два контекста каде што тоа се јавува токму во зависни прашања, сп.: . . . *да уши́та а се прода́ве села́та.* МДЦ и: *не́знем а жа дош* . . . Се работи за позајмена албанска честица.

1.6.5.2. Наредби и забрани. – Поминувам сега на разгледување на исказите чија прагматичка функција е барање адресатот (вотро или – со посредништво на второто – трето лице) да изврши или да не врши определено дејство. Глаголскиот начин кој служи како основно средство за оформување на таквите искази го знаеме како императив, односно прохибитив. Негацијата во прохибитивните искази е вградена подлабоко отколку во индикативните и не претставува само надграден предикат, туку компонента на конститутивниот предикат. Следствено, раздвоено ќе ги анализираме прво императивните па прохибитивните искази.

1.6.5.2.1. Искази со императивна функција. – Насловот на овој параграф е чисто конвенционален. Сакам со него да сигнализирам две работи. Како прво, дека тргнувам од функцијата/значењето, па ме интересира не само императивот како граматички начин, туку сите морфосинтаксички шеми кои функционираат во исто прагматичко/семантичко поле. Како второ, дека ќе се занимавам овде не само со „вистински" наредби, туку и со молби, совети и сл. кои можат – иако не мораат – да бидат искажани со морфолошки императив. Значи, однапред прифаќам извесно преклопување на семантичките полиња на оптативот (сп. погоре 1.6.2.2.) и на императивот. Најадекватно би било да се рече дека овде ме интересираат исказите, чија функција е да го поттикнат адресатот на дејство.

Општата слика на императивните искази во јужномакедонските говори не отстапува многу од стандардната норма, ниту се забележуваат суштествени разлики меѓу одделни дијалектни системи. „Морфолошки" императив има само во второто лице еднина и множина кое, впрочем, е и централен член на категоријата лице од гледна точка на комуникативната хиерархија на императивот. Инаку, наоѓаме перифрастични конструкции составени од адвербалните императивни честици и формите на презент од соодветните глаголи. Покрај честиците коишто претставуваат задолжителни форманти на перифрастичните императивни конструкции (такви се *нека, да, ќе* . . .), наоѓаме и други,

факултативни, кои можат да функционираат и како самостојни поттикнувачки искази (такви се *ајде, ела . . .*). Она што е интересно и на што ќе обрнеме посебно внимание е токму играта на тие честици. Ќе проследиме две корелации: а. меѓу членовите на категоријата лице и застапеноста на одделните морфосинтаксички императивни формули и б. меѓу членовите на категоријата лице и значењето/функцијата на одделните морфосинтаксички формули. Слободните честици во случајов ќе ги толкуваме како компоненти на соодветните формули.

Согласно со специфичната хиерархија на членовите на категоријата лице, што се остварува во императивните искази, ќе го започнеме нашиот преглед од исказите во второ лице еднина и множина, при што нема да ги приведуваме примерите во кои предикативниот израз е сведен на морфолошката императивна форма. Како следна точка на прегледот ќе ги разгледаме исказите во трето лице. Се работи за искази во кои од адресатот се бара да ја пренесе наредбата (молбата, советот, дозволата . . .) на трети лица, т.е. на лица кои не учествуваат во говорната ситуација. Најпосле, ќе видиме дали и со која семантика во јужномакедонските говори се појавуваат искази со надворешни сигнали на императивот, а формулирани во прво лице. Како обично, одиме од запад кон исток.

Императивни искази оформени во второ лице. – Како што споменав погоре, нема овде да ги наведувам исказите во кои предикативниот израз се сведува на морфолошката императивна форма. Сепак, ќе правам исклучок за императивните форми придружувани со клитичкото *се* за да можеме да ги утврдиме принципите на линеаризацијата на таквите искази што владеат во одделните дијалектни системи. Сп.: *„. . . мно́го пове́ќе радвејте́ се о́ти именишча́та ва́ше се писа́е во небенишча́та“*. МЕЦ, *. . . и сиромаси́ти и сакати́ти и куци́ти и шлепи́ти донеси й ту́ва“*. МЕЦ, *„Син Дави́доф, умилви́ ме“*. МЕЦ, *„Сполај ти, Господи́не“* МЕЦ, *. . . и ре́че мајкја је: „Шчо да и́шча?“ И мајка́ је и ре́че: „Да и́шчиш глава́та сфете́му Јова́ну“*. МЕ – последниов пример го приведов со поширок контекст бидејќи е можно формулата на прашањето да повлијаела врз формулата на одговорот; како и да е, соочени сме овде со *да*-императив за второ лице, т.е. со доказ дека во бобоштенскиот говор императивот и во второ лице може да се оформи аналитички. Натаму: *„Доведе́јте парва́та ма́сна ру́ба, и поправејте́ го, дјејте́ му па́рстен да кла́ на рака́та . . .* МЕ. А еве уште еден пример на *да*-императив (*да*-футур во императивна функција?) од збирката на Мазон: *Па Го́спо му ре́че: „Д-о́диш во фила́н планѝна ќе́то е́сти е́ден ашчети́ја, да му сто́риш и́змет трие́се годи́не бес да се за́сме ни е́наш.* МЦ, Еве и пример на императивна употреба на честицата *на* ‘еве ти, земи’: *„На́, и рече, жено, парјете . . .“* МЦ, во француски превод: „Tiens, lui dit-il, femme, prends cet argent . . .“ Натаму: *„Тому да му речиш: келко има ашкетепцано, еш телка жа ашкетепца . . .* МЦ . . . Следуваат неколку примери од Костурско: *Да-тă-у́дри-го́спо, ба́ргу да-ми-и-да́ш це́ли па́ри.* ШК, *И му-ве́ли-то́ј на-де́цата: „На́ă-ви па́рите, да-си-и-скри́те, да-ста́ните а́рни ступа́ни, да си и-пуде́лите два́та па́рите.“* ШК – во последниов пример конструкциите со *да* се двозначни во однос на нивната граматичка зависност, односно независност, меѓутоа, иако се тие зависни, пак прет-

ставуваат убав пример за „раѓањето“ на *да*-императивот. Натаму: *Мевúкна астонóмо на-Нéстрам и-ми-рéче: „да-си-го-мéниш úмето, твóето úме éсти бугáрцко“.* ШК, *Слéчи-се бáргу!* ШК, *Пúкни-се тýа пот тáрно . . .* ШК, *„Éё, стáни да-си-óјме дóма.“ – „Бáргу мáжо, вáлна да-óшда-ми-кýпиш“.* ШК, *Вáрни се сéга да-вúме пáшката.* ШК, сп. и: *Пóсечи и дáрвата! Невéсто, мéси-ни прéсен лéп! Тáтко, кýпи-ми нóф гéрдан! . . .* ШК, *„Нá тáстýва лáпка, дáди-му-е да-е-изéди . . .* ВН. А еве и еден интересен пример на описен императив на второ лице од глаголот *е*: *И-тój-му-вéли: „Знáш шó-се јáс?“ „Шо-сáка нéка-си“, му-вéли тáтко-му начýпата . . .* ВН; соодветната синтетска форма, од семантички причини малку фреквентна, веројатно е излезена од употреба. Натаму: *„Да-му-рéчиш да-уóди на фил'áн цáр . . .* ВН, *И најмáлата чýпа му-рéче на-тáтко-му: „Да-му-рéчиш на-цáрот: нéка ти-се-жúви и-тéбе четúрите кóни . . .* ВН, *„Óјди-си“, му-вéли чýпата.* ВН, *А тá се нал'ути: – Црúни да бúдете, рéче, óти вéлите тáка!“* МСЦ, *. . . му рéкоа: – Да ни дáјш éдна биуóлска кóжа, да ни дáјш зéмја!“- МСЦ, Дај ми и пáрите! му вéли,* МСЦ, *Ќе óдам на Амéрика, да спечáл'а пáри. – Ќе óдиш, вéли жéната, áма да не сéдиш нóго годúни.* МСЦ, *Качú се на нéго . . .* МСЦ – последните три примера се од Леринско. Продолжувам со примери од Долна Преспа: *. . . ни рéкоа: Áјде, стáвајте!“* ШД, *„Éј, тýка ет тáтко ти, стрúко Пéтре, óди, врúни са и тáмо пó-долу ет“.* ШД. Тука наоѓаме и интересни примери на *ќе*-конструкции со императивна семантика, сп.: *Тój а вéли: „Јáс ке спá гóре во зимнúците во Смрéката и ýтре ке ми дójсиш мáлу лéп и álишта, да са прéслеча.“* ШД, или: *И тóгаа чáушо от Пáпли рéче на л'ýдјето: „Éте, нáшјо сýлтан ви прóсти и сјá ке си óјте сúте пó дома, ýште éден пáт да не прáјте кáвга.“* ШГ, *„Изфрлéјте го!“* ШД, *„Áми, дóбро, дáј му а óтшто úмал пáри.“* ШД, *„Бáбо, а вéли, овá вечер да спúеш прú нас.“* ШД, *Го зájсоф тáму, го преврзаа и ми кáжве тúе: „Зéми сéа и дá му го бáраш мéстото тú“. Јáс му кáжвам: „Другари, јáс сум пýштен дóтука, вúе да го преврзите и вúе да му бáрате мéстото. . . .“* ШД, *„Рúстино, óстај го чýпето, дáј му го на свекрва ти и бéгај сó нас . . .“* ШД . . . Следуваат примери од Мегленско: *. . . ми-ричé: „Бај-Вáни, ќи-си-зéвăш идéн вéрин другáр и ќи-óјш фил'áн мéсто, ќи-гу-пручúстиш – тáм декабúле пăртизáјнто“.* БМег, *Е, му-вéлмă на-тó другýјут другáр: „Óди ти сéга нáближи-сă врăс-сéлту и да-вúдиш шó движéнија úма и да-дójш да-ни-кáјш!“* БМег, *Óјмă сéга на-мајóрут ќи-пумúнмă; и он ни вúка тáкă. „Слýштă, ни вúка, ќи-си-óјте дóма сáмо рăботичкăтă ќи-си-а-фájќте, не случáјно, ќи-му-кáјште на-тúе пéдесит, кóлку са, „шумкáри“, да-дóăт да-ни-клáвăт никуј-záседа; е, тóгăј óјте на-Ґáвăлут“.* БМег, *„Áјде, тú дúгни а стéнта накрáја!“* БМег, *„Áјде, стрéл'ај!“* БМег, *„Нивéсто, да-ми-дójнсиш идин-кýп!“* БМег, *„Сúнку, вó кýпут да-не-гу-дéлте дóма, вúја да-му-гу-зáнцте на-кадúјта на-Сăбуцку, да-ви-гу-дéле“.* БМег, *Му рéкле: „Зé-си-а!“* БМег, *Кáж-ми шо-имте бăлну?* БМег, *Станувнę бéгинę. Му-вел'е тó тăпанáрут: „Ќи-j-плáтиш вúе шо и-шúме зá-идну, ќи-j-плáтиш“.* БМег . . . Поминувам на примери од Еницевардарско: *Кажи ми синко, шој то „зингар вингар“?* УЕ, *Мравке, мравке прај-ме като тепка!* УЕ, *А тргнува на страна и му вели: Ќи исметиш адно*

басмак уд скалите, а адно ќи уставаш и ќи биди ем митени, ем не митено. Напкум ќи зеваш ќи туриш у сăте казајна вода и ќи и напăлниш су месо, а напкум ќи запалиш ојгин така по адно казан да вари, адно да не вари. УЕ, *гу пулиш ли то бостанот там нака? Му вели бабата. Ќи одиш, ќи влезиш у него и ќи скиниш адна либеница . . .* УЕ, *. . . троп, троп, утворејти ми!* УЕ, *Брго да ми си липцате нака уд тува и не сакам појќе да ми лăжите и ми јадите имотот.* УЕ, *Ето тија Рада бела Рада зет да ни бидиш.* УЕ – еден пример синтаксички нееднозначен и токму со тоа интересен – *да*-реченицата може да биде протолкувана и како зависна и како независна, што покажува како се зародува алтернацијата меѓу морфолошкиот императив и *да*-реченициte. Натаму: *. . . адно ден си налјутува мајка му на Јанкула, и вика и друѕите осăм братќа и му вели на Јанкула: Слушај сине, да станиш и да ми си липцаш уд тува и кај да ојш, кај да заседиш, со шо да си зафатиш ајр да да не видиш и прах и пепăл да станиш.* УЕ . . . Ситуацијата во кулакиското евангелие е иста како во гореприведените примери од текстовите на приказните, т.е. и во второ лице, покрај морфолошки императив, наоѓаме и перифрастични императивни конструкции. Ова експлицитно го потврдува и анализата на Вајан, сп.: „À toutes les personnes, l'ordre ou l'invitation peuvent s'exprimer par *да* et le présent . . . également par *нека* et le présent . . ." ВК, 225. Вајан исто така ја одбележува постпозицијата на клитиките во однос на синтетичкиот императив и приведува интересни секундарни облици на второ лице множина со повратна заменка од типот *зевајтисти, седејтисте* и сл., па ги поврзува со романските дијалектни конструкции како duceţi-va-ţi (ВК, 188). Пеев во својата монографија за дојранскиот дијалект пишува дека „Блага заповед се изразува синтаксички – со *ај, ел (елајте)* + сегашно време со *да: ај дă јадиш, ај дă флéзăме, ај дă сă чýкнăме, ел дă тă вúдум, елајте дóма, елајте дă сă рăзбéрăме."* ПДој, 90. Оставајќи ја за подоцна дискусијата за тоа колку е благата и неблагата заповед корелирана со соодветната форма, ќе приведам уште неколку примери од текстовите приклучени кон монографијата: *. . . а дéтто му-вéле нă-башчá-му: „Сéга ќ-óдиш дóма, к-им дájш нă-мăсăчă'рто плáтта и к-им кáжиш: уд-ýтре нă-тăкá бăркájте-си кăсмéт . . .* ПДој, *Óди, му-вéле, мă-зăкóпи там уф-буни́шчăто . . .* ПДој, *„Ајде, вéле, вáдăн вáри кăвé, ама нă-цáрувăта шчéрка ки-вáриш, нé нă-цáрицăтă".* ПДој, *Ки-му-кájш: „Д-óдиш нă-цáро, дă-му-кájш оти твójто дéте-ј здрáво, дă-дунéсăт кустýм и пăјтóн"* ПДој, *Ни́ă, ричéл, ичумéно дă-тō-ижни́јме, а пи́смо дă-пуштýвиш нă-жĕн-ти, дō-нóсăме, утпéпăл лéп дă-ни-нăпрáвăт . . ."* ПДој – еден убав пример каде што *да*-конструкциите се појавуваат во сите три лица со императивна семантика. Натаму: *„Слýшӣ, нé-сме óтпуска, ни́ă бéгăме". „ăм, бéгăте"! „Бéгăме, дă-нé кáжиш ни́кăк", и-ни́где дýма нé кăжá чувéко.* ПДој. А еве неколку примери од текстовите што Пеев ги има регистрирано во Кукушко: *„Ајде, ви́ке нă-мăјшто, илájте" . . .*ПК, *„Фáт-ме, ви́ке, з-ýхто, ќи-тиспéм адна пéсна, дă сéтне мă-јáди".* ПК – прв пат се среќаваме тука со препозиција на клитиката во однос на морфолошкиот императив, сп. подолу други примери од ваков тип што ги приведува Пеев. Натаму: „Ај мăр мóме дă-мă-пупóштиш мáлко" . . . ПК, *„Кá ќи-лéгне да-му-*

да́јте та́а пе́рница шо-гъ́-и́мум а́с, дъ́-д-у́мре“ ПК, *„Удгуди́на, ре́къ́л, ба́бо ка́ ќи-до́јш, па́ ту́к дъ́-до́јш . . .* ПК, *Вика́л ца́ро: „Ба́бо да̄-дука́риш ти та̄, мо́мата“.* ПК, *„А́јде, сја́а шо́ че́киш, му-ве́ле нъ́-ура́чо, зе́ми усте́но, те́сла̀та: де́сит дъ́-у́дриш, ади́н дъ́-бро́јш.“* ПК . . . Во врска со местото на клитиките што ги придружуваат императивните форми Пеев пишува: „Многу се необични, во врска со редот на зборовите во реченицата, императивните состави во кои заменската форма се наоѓа во проклиза: *ту́р-си пе́рницта, съ́-по́тпри; – на́-ти ри́јчка, съ́-избъ́рши – ста́ни, съ́-ръ́здви́жи.“* ПК1, 257. Голомб во својот монографски опис на говорите на Сухо и Висока во Солунско нагласува дека „говорите на С-В разликуваат два типа заповеден начин: синтетичен (првобитен) и аналитичен (нов), на пр., *ста́н', стан'ӑ́ти и да ста́на, да ста́ниш . . ., да ста́нити* (за сите лица).“ (1960/61, 170). А еве селекција на примери на аналитички императив од текстовите на Малецки кои биле предмет на Голомбовата анализа: *. . . што́ вили́ш,“ „да съ́ пучу́д'а то́с в'е́чер, да у́тр'а са́т'у на иди́н да до́ш, за ти ка́жа.“* МС, *„с'е́тн'а што́ да сто́р'а јас?“ – гу пи́та. „Ти то́с в'е́чер да съ́ наид'е́ш, да съ́ напи́ш, да в'е́ниш кни́гата, на скумин'о́ ва́са но́ш да с'ади́ш, на скумин'о́ удго́р'а да п'ӑ́ш са́с кни́гата та́ха!* МС, *„да си жи́ф – му вили́ т'а́ – мло́гу ху́бав'а псалаш!“* МС, *Т'а́ му вили́ и на н'е́гу: „на дивинт'а́ да до́ш, зӑ́смн два́та ц'а́л ве́чар!“* МВ, *. . . да е́змити о́да . . .* МВ . . . Покрај *да*-конструкциите, иако Голомб тоа не го споменува, и тука како и во другите говори императивна семантика можат да имаат и футурските *за*-конструкции, сп.: *канди́саш па́к, за му ричеш: н'е́мам в'рӑ́м'а.“* МС, *. . . ути́ди на дирмин-ци́јата, му вили́: „за ми ме́лиш пшини́цата!“ „ни мо́га, ни мо́га! – вили́ дирмин-ци́јата;* МВ . . . Најпосле, и во збирката на Верковиќ ситуацијата е како во останатите текстови. Еве неколку примери од збирката: *Тогас калугерот му вели: „тинака да идиш да фатиш идин калугер кату мени, да гу заколиш, да одериш кожата, та да га надиниш тинака, да си чиниш калугер!* В, *„на́ ти ти́а па́ри! Иди на та́јфата ти, да ги оста́виш . . .* В, *„мари́ же́ну, у́три да ми кладе́ш л'ап аф то́рбата!* В, *Да идиш на цар'у, да му тераш четиријси мулита и четиријси чифта хорали празни . . .* В, *Ади, синку, сега отивај и как ти рекох, така да чиниш!* В, *Ти да ме купиш бъ́рза кон'а . . .* В, *Добр'а ни најдохти!* В – пример од текстовите од Висока, Солунско . . .

Приведените примери дозволуваат да се формулираат следниве заклучоци:

– на целата јужномакедонска територија, покрај синтетичниот императив, во употреба се и аналитични императивни *да*-конструкции за второ лице еднина и множина;

– што се однесува до семантичката разлика меѓу синтетичниот и аналитичниот императив за второ лице, се чини дека терминот „блага заповед“, употребуван во однос на вториот (на пр., од Пеев, сп. погоре), бара доуточнување. Судејќи по приведените, а и по други примери во јужномакедонските текстови, се работи примарно за временска разлика: синтетичната заповед е „актуелизирана“ заповед колку што една заповед може да биде актуелизирана; се мисли на заповед чија реали-

зација, според очекувањата, треба да настапи веднаш по моментот на издавањето на заповедта. Со самото тоа таа може да се толкува и како „јака" (неблага) заповед. Опозицијата е еднонасочна, од привативен карактер: *да*-императивот не може да изрази актуелизирана заповед додека синтетичниот императив не трпи никакви ограничувања;

– покрај двете гореспоменати конструкции, и футурските *ќе*-форми за второ лице се појавуваат со императивна семантика; семантичката деривација е јасна: една од основните ситуации кога на нашиот соговорник му кажуваме нешто за неговото однесување во иднината е токму тоа кога ние му налагаме да се однесува на определен начин (го советуваме, го молиме, итн.);

– честиците како *ај(де), ела* и сл. почесто се врзуваат со исказите конституирани од синтетичен императив, што може и да се очекува со оглед на фактот дека и тие повикуваат на актуелизирано дејство; меѓутоа, се случува и тие да го придружуваат *да*-императивот кој тогаш семантички максимално се доближува до синтетичните форми;

– најпосле, што се однесува до линеаризацијата на клитиките во однос на формите на синтетичен императив: додека во западниот и централниот дел од ареалот тие се редовно во постпозиција, на исток, почнувајќи од Кукушко, можат да бидат и препонирани.

Императивни искази оформени во прво лице множина. – Кај исказите оформени во прво лице категоријата број е од капитално значење. Имено, множеството лица на кое се однесуваат формите за прво лице множина по дефиниција го опфаќа и нашиот соговорник, т.е. „второ лице", па така првото лице множина, со оглед на својата денотација, овозможува директно обраќање со широко сфатена императивна семантика. Од друга страна, пак, првото лице еднина од чисто прагматички причини исклучува таква семантика. Затоа двете серии форми треба да ги разгледаме одвоено.

Горепретставената ситуација е причина што повеќето словенски јазици имаат до денеска синтетични императивни форми за прво лице множина. Познато е дека ова не е случај со македонскиот јазик којшто за прво лице множина употребува описна *да*-конструкција. Се разбира, таа не пренесува вистинска заповед, туку поттик, желба, и сл. Да видиме како се оформуваат соодветните искази во јужномакедонските говори. Почнуваме, како обично, од Корчанско: *Ај да си одиме дома та шчо д-ити нека ни стори попо.* МЦ, *„Шчо да му сториме сега?" – „Да кламе казанити вечер да зовре и да го попариме"* МЦ – интересен пример кој заслужува посебен коментар, меѓутоа, пред да го формулираме коментарот, ќе го приведеме и францускиот превод од Мазон: „Que lui faire à présent?" – „Mettons à bouillir ce soir des chaudrons pleins d'eau, et nous l'ébouillanterons". – на македонската страна имаме три *да*-конструкции, од кои првата на француски е преведена со една безлична модална конструкција од семантичкото поле на деонтичката модалност, втората е преведена со морфолошки императив за прво лице множина, а третата со морфолошки футур за прво лице множина; на овој начин францускиот превод наоѓа површински сигнали за три различни нијанси на маке-

донската *да*-конструкција и со тоа ја покажува експлицитно целата нејзина семантичка сложеност. Натаму: *„Одиме и ниje на брако да јеме тра мјесо со зелка, му вели детјето“. – „Ајде, д'одиме! му вели сестра му . . .* МЦ, на француски: „Allons, nous aussi, à la noce pour y manger un peu de viande aux choux“, dit le garçon. – „Allons-y!“ dit la soeur. – од примерот и од преводот се гледа дека во соодветен контекст и – веројатно - со соодветна интонација во прво лице множина императивната функција може да ја врши и обликот на сегашно време. Натаму: *. . . му-ве́ли, ка̀-са̀-ва̀рна дома, на̀-пу́-ма́лио бра́т: „Да о́јме да е испу́шчиме во́дата ут ни́вата . . .* ШК, *Е́ѐ мо́ри же́но, се́ја на-ма́јка-ти да-му-о́јме на-го́сти, но́ со шо́ да-о́јме?* ШК – пак еден интересен пример во кој *да*-конструкцијата еднаш се јавува како императивна, а втор пат како футурска. Натаму: *Да го ви́деме твој Го́спо, кој е.* МСЦ – еден пример што привлекува внимание оти се чини дека сме соочени со „вистински“ императив на прво лице множина, т.е. со ексклузивна форма која го исклучува адресатот на текстот, нешто како 'ајде, прво да видиме, па ќе ти кажеме', и сл. Натаму: *А чу́пата ве́ли на Јо́сиф . . .: – Хајдме у каме́н'јето, да сти́јеме тро́а та́мо . . .* МСЦ, *„Е́, сва́ту, се́а до́бро ја́јме и пи́еме се́а ни́е, а́ма ја́ да ви́диме не́што сме́тка?“ – „Аа, да видиме . . .“* ШД, *„Ајде би́ро, да ви́диме сја́, е́дно гле́дало са́каме да го ку́пиме.“* ШД, *Пу-вре́ме му-ре́кла̀ же́нта-му: „Аj, ќи о́дна̀ на-го́сте у-та́тку! Е, да̣-о́дна̀“, му-ре́кал то́.* БМег – уште еден пример кој покажува прагматичка блискост на императивот и футурот; натаму: *. . . ако видиш да дуближуват две облаци кажи ми да си скрииме не́к де . . .* УЕ, *Е, аj да си ојме, аj да си ојме.* УЕ, *Аj да му носиме и нија нешчо?* УЕ, *Са̄ да̀-j-уста́ва̀ме ста̄рте, д-о́да̀ме пра̀-де́тто.* ПДој, *Се́га, да̀-ре́ча̀ме, не́кој фа̀ти́л на̀ка̀де Ско́пе, не́кој фа̀ти́л на̀ка̀де Бугáрја, да̀-печа́ле па̀ри́.* ПДој – и двата последни примера, од дојранските текстови на Пеев, спаѓаат во карактеристичната, прагматички обележена група на метатекстуални вметнувања од страна на говорителот; тие претставуваат свесен стилски троп, потег кој го привлекува вниманието на слушателот и го врзува со раскажувачот потенцирајќи го заедничкиот интерес за тоа како ќе напредува расказот. Подетално за метатекстот сп. подолу, 1.6.6. Натаму: *Пуд-е́дно да̀'рво ра̀-че́ле: „Аj да̀-се́дна̀ме, да̀-са̀-пучи́на̀ме“.* ПДој. А еве еден пример каде што *ќе*-конструкцијата во прво лице множина еднозначно врши императивна функција: *И другāрто ка́ о-глēт, зна́ат оти нѐ-j не́га̀ва та́ па́шка̀та и ре́кли: „Аj ќи-нава́л'ме о́гин, ќи-ри́пме да̀-ви́јме кој ќи-рипне о́ѓно“.* ПК; натаму: *„Бе, а бej, ричé Ми́то, да̀-зе́мме ајн ле́п бе“.* ПК, *„Ајде Ма́рō, шче́рко, де́к-си аj е́л да̀-ру́чме“ . . .* ПК, *„До́бро, ре́ка̀л ура́чо, аj-д-о́дме пу-па̀то на̀-та̀ка́ . . .* ПК, *„таси мо́јта же́на, ама́ да ви́дими, што́ за ста́ни?* МС, *„да гу уклаве́ми то́с хи́тра Пе́тра̣!* МВ, *„ди́рму н'е́ма̀ми о́да, да зл'а́зими на ниши́ту да е́змими о́да . . .* МВ. Во текстовите запишани од Малецки во Сухо наоѓаме и една неочекувана синтетска морфолошка форма на императив прво лице множина: *. . . и и́ди ина́ мо́ма на удаја́та, му вили́: „игра́јми кума́р'!“ „игра́јми!“ – и вили́ то́ј; фа́штат да игра́јат;* МС – таа бездруго е изолиран, периферен архаизам, а не била досега споменувана во предметната литература. Најпосле, еве неколку примери од збирката на Верковиќ: *„ету ту́ка и́ма*

за́јци. Да и́дими!" В, *„де́ка са́каш, господи́не, та́мо да идими".* В, „а бре́ кӑрпа́чин, е́ла да и́дими аф мо́јта кӑшча . . . В, *„на́ша са на то́ј ча́с, же́ну, л'у ајди зе́ми ме́тли, да и́дими да га помитеми бра́товата ми кӑша!"* В, *„да и́дими, та́те, да си глави́ми, кӑту шчо ве́лиш* . . . В . . .

Семантичкото толкување на горните примери е она типичното за прво лице множина – соочени сме не само со вистински наредби, туку со поттици нешто заеднички да се направи, да се одбере една од многуте можности за дејствување и сл. Што се однесува до формата, *да*-конструкците, основни во таа функција, можат да алтернираат со *ќе*-конструкциите. Споменатата семантика на поттик е причина во императивните искази оформени во прво лице множина посебно често да се појавуваат императивни честици од типот *ајде* и *ела*. Во извесни контексти нивното присуство сугерира двојна можна интерпретација – имено, *да*-конструкциите можат да се согледаат како зависни соодветно од *ајде* или од *ела: ајде да . . ., ела да . . .*, и сл., додека во други контексти тие претставуваат независни перифрастични императивни формации „антиципирани" од страна на соодветните честици. Интерпретацијата е функција на статусот на *ајде* и ела: глаголското во нив сугерира зависна интерпретација, додека нивното претворање во неменливи честици ги осамостојува *да*-конструкциите. Меѓутоа, ни тука одговорот не може да биде еднозначен – и *ела* и *ајде* во јужните говори задржуваат обично менливост по број, иако со јасно изразена тенденција кон генерализација на еднинската форма. Се чини најлогично како конвенционален критериум за глаголска интерпретација на една лексема да ја прифатиме менливоста по лице и да ги оцениме *ајде* и *ела* сепак како честици. Аргумент во полза на таквото решение може да претставува и фактот дека во македонскиот дијасистем наоѓаме – колку и да е тоа необично на словенската почва – и честица менлива по род, сп. ги *море* и *мори*; значи, ја допуштаме можноста честиците да бидат менливи со оглед на таканаречените именски, но не и со оглед на глаголските категории. – Привлекува внимание примерот од *трлиското евангелие: нека идеме и нее да умреме сас нек.* МТ – ова би го толкувала како одраз на тенденцијата кон генерализација на честицата *нека* како универзален формант на императивот. Сп. го во врска со тоа и „кондензираниот" пример со *нека да* од Костурско сместен меѓу примери на „императивот за 3 лице".

Императивни искази оформени во трето лице.– Специфика на таквите искази претставува фактот дека адресатот на текстот не е истовремено и адресат на наредбата. Имено, говорителот му ја соопштува наредбата на соговорникот во уверување/со молба, и сл. тој да му ја пренесе на вистинскиот адресат, т.е. на соодветното трето лице. Се разбира, зависно од прагматичките фактори, можна е, а не е ни ретка, ситуацијата кога сме соочени со двојна наредба, т.е. говорителот му наредува на „второто лице" да ја пренесе наредбата на „третото лице". Се разбира, исто така, дека и тука наредбата ја толкуваме најшироко, таа може всушност да биде и молба, и совет, и поттик, итн. А еве ги примерите од јужните говори: *И сени царо и рече стариџйатуј: „Да дојде туа децјйате твоје!"* МЦ, *Токо ти се мола, кој да ми јо сарви да се стори мрамор*

отамноти“ МЦ, *„Ка да умра, душата моја да ми оди во Парадезо“. - Дадено да ти банди и сос“.* МЦ, *Имја́ше на́дешт на Го́спо: не́ка го курту́ли́са сéга то́гва, а́ко го ијти . . .* МЕЦ, *Ако е́сти цар на Исраилтетни́ти, не́ка су́рви сéга от кре́сто . . .* МЕЦ, *Не́ка ти се сто́ри кај шчо и́тиш.* МЕЦ, *Аj да си одиме дома та шчо д-ити нека ни стори попо. Подобре нека ни заколи тој от шчо да ни зjеде валцити.* МЦ, *„Чупо, еден чужинец . . . пита да го приберúме да спи ношчес тува“. Шчерка-jе и вели: „Нека дојди, мајко!“* МЦ; сп. ги и регистрираните од Мазон желбени, оптативни формули од типот *Го́спо да ви зара́дви со е́но ма́шко* МЦ, и сл. – ги наведувам сите погоре, во 1.6.2.2., каде што станува збор за оптативот; овде вреди само да се подвлече дека, покрај *да*-конструкциите, има тука и стари морфолошки форми како *Помо́жи Бок* или *Дај ти Бок до́бро* МЦ, а, од друга страна, нема ниту една формула со *нека*. Натаму: *И-му-ве́ли пупа́ѓата: Да-тă-удри го́спо . . .* ШК; во самиот текст на својата монографија за костурскиот говор Шклифов не го споменува заповедниот начин за трето лице, додека под наслов: „Частици за пожелание“ ги реди, меѓу другите, и следниве примери со *нека: Нắка-сă-фа́та нă-бро. Нека дој и то́j сă-нас., Не́ка запе́е на́j-ма́лото бра́че* ШК. Натаму: *Ца́рот му ве́ли на ве́зиро̣т: „Да-ти-се-жи́ви четúрите ма̊шке!“* ВН, *„Да-му-ре́чиш на ца́ро̣т: не́ка ти-се-жи́ви и те́бе четúрите ко́ни . . .“* ВН – последните два примера посебно јасно ја покажуваат изофункционалноста на двете честици; натаму: *Му оти́де при ца́ро и ве́ли: – Не́ка до́j ара́по, да му а дајс!“* МСЦ, *И тој и вр̀за у вре́шчето и ту́рна во ре́ката: – Не́ка на́јде! Не́ка бе́ре сéга о́фците та́мо ти́ја!* МС, *Не́ка до́јде невеста́та та́ка да ни ба́ци ра́ка.* МСЦ, *Пр̀вио ма̄ш, ре́че, не́ка си а зе́ми то́j.* МСЦ. Во монографијата од Шклифов за долнопреспанскиот говор, пак под наслов „Частици за пожелание“, ги наоѓаме, меѓу другите, и примерите: *„Да ти́ ет жи́ф дома́кино, да ти са́ живи дечи́ната, да ти́ дај го́спо до́брини.“, На́укоф, си а сврши́л чу́пата, да́ му са ке́рдоса, да са здра́ви и жи́ви, да ве́кве., На́ка дој Ге́рман от Па̄пли со́ тебе . . ., Да му да́j го́спо пло́т на мла́ди́те, ко́рен да о́стани о́д ни́му., На́ка са живи мла́ди́те, да ве́кве ве́коечни.* ШД. Тука се најде и еден интересен пример, површински навидум неконгруентен: *Не́ка да о́јме на ни́вата на Црве́jнците, да пораб̀о́таме тро́ичка.* ШД – се чини дека формално имаме работа со кондензација на нешто слично на *‘нека биде така да . . .’, ‘нека е така да . . .’*, меѓутоа, од семантичка гледна точка се работи за еден необично оформен заповеден исказ во прво лице множина. Натаму: *. . . ќи-а-зако́л’ăм во̆шкӑта, ќи-а-уде́рăт, ќи-мă-а-изва́дăт ко́жта, ќи-а-уде́сăт на-по́ртта, на-вра́тта и не́ка вăр̀ве младѝнта и ко́j ќи-а-пузна́е ут-шо́-j ва́ ко́жа на то́ ќи би́де ќе́рка-ми.* БМег, *Ара́м да-му-би́де . . .* БМег . . . Ситуацијата во Кајларско не се разликува од онаа во другите говори, според зборовите на Дрвошанов „Заповед за 3 лице се искажува со частичката *нека* и презентот“, додека „желба и почит се искажуваат со презентската форма и сврзникот *да . . .*“ ДКај. Натаму: *Еми арно бре сине, така нека биде оди и ти да видиш как шо е работата.* УЕ, *Алал нека ти е млекото, мило пăтнйче шо ми гу отнйна животот.* УЕ, *Добро мори ќерко нека си азариса и нека оди да видам шо ќи напрај де.* УЕ, *Дали ти бог добро цари Стефанијка!* УЕ, *Шом е клетва на цар,*

така нека бѝди ... УЕ, ... *сáмо глáвăта дă-ми-сă-глéде, снáгăта нéка мé-j ф-зéмăта, уф-ґýбрăто.* ПДој, *„Јáс, рăчéл, ки-јáвум нéка ти-дóнсăт.“* ПДој, *Дă не смē нѝкуј дă-флéзе уф-бáјнăтă, усвéн јáс и дéтто.* ПДој, *И-тăкá, нéка-j, нéка зáсни, вă вéчăр áс ки-j-изéдум.* ПДој. Во текстот на монографијата за дојранскиот говор Пеев вели: „Како и обично, заповед за 3 л. едн. и мн. се изразува со сврзникот *да* или честицата *нек* + презентот: *дă си дóјде, нéк сă путпѝше, нéк ти кáже, дă сă вăрнăт, нéк си кýпăт, он нек ти дáде.*“ ПДој, 90. Една слична формулација во монографијата за кукушкиот говор илустрираат примерите: *дă-си-дój-дат дудéк сă-вѝде; – нек-сă-зăпѝтăт уф-пинзиунéрскуто; – дă-сă-чѝне нă-две вóди; – нек-си-извáдăт пăшапóрт, ќи-j-нóсум дол.* ПК1, 258; сп. и: *Е, рéкăл: „сјā дă-ѝма, чáфките нă пулéнта дă-стáнăт óфци“.* ПК, *„Нéк дój дō-вѝдум, ќи-бѝде рăбóта“* ... ПК, *Мăјкá-j нéк јáде мéсо.* ПК, *„Брáто, фăрли брѝчо, нéк сă-чѝнăт тăрне и глóжи, глóжи, дă-нă мóж дă-нă-стѝгнăт.“* ПК, ... *јас ѝштам да ми стóриш три кáта рýба: идѝн да гр'áји кутý слăнциту, друґију кáт кутý мисичѝната и зв'ăздѝт'ă, другију кáт кутý у мáју как зилин'áј шичку такá да зилин'áј и рýбатáми;* МС, ... *н'éка стáни рáбутата и у нид'ăл'а за дад'éми гул'áм пр̀стин.* МС, *„Рéч му н'éка ѝди кáта в'éчер тук у м'éн'ă да ни киманѝса* ... МС, ... *шѝчкуту имáни на вас н'éкај!* МС, *„хýбав'а – му р'éчи тáткуму – н'éка да си нарáдува д'ăт'ăтоми!“* МС – интересен пример со редундантна комбинација *нека да*... Натаму: *„н'éкасă на т'éб'ă!“* МВ, *„поможи Бóг, побрáтими!“* В, ... *тѝа пăри, шчó берá от тáму, сѝчките да сá твója: халăл нéка ти са за твójто јунáчво!* В, *ако́ е зажедн'ăл н'ăкој, нéка дójде при мéне та нéка пѝе*... МТ, *кój ѝма ýши да слýше, нéка слýше.* МТ, ... *гол'áма ти é в'ăрата, нéка ти стáне кату как ѝскаш.* МТ, ... *л'ý кој ѝска пý мéне да дójде, нéка са арнѝса от сéбе си*...

Сумирајќи го овој преглед на императивни конструкции за 3 лице, треба да одбележиме дека:

– во зацврстени оптативни формули низ целата територија се чуваат старите морфолошки форми на императивот,

– еднаш (во Еничевардарско) се појави и *л*-формата со императивна функција; се подразбира дека таа е придружена со соодветната линеаризација и реченична интонација,

– инаку на целата територија конкурираат *да-* и *нека*-конструкции со ретки вкрстувања меѓу двата типа. Судејќи по примерите, *да*-конструкциите повеќе се приклонуваат кон оптативна семантика, додека *нека*-конструкциите изразуваат „права“ прекажана заповед, но и обратната употреба не е ретка. Не забележав во тој поглед разлики меѓу одделните говори. Поскоро би рекла дека не е без значење карактерот на текстот: во спонтан дијалог, како и во спонтано (при)кажување, забележлива е тенденција кон универзализација на *да*-конструкциите, додека, на пр., во евангелските текстови во функција на прекажана заповед владеат речиси без исклучок *нека*-конструкциите,

– посебен проблем претставува дијатезата на императивните искази оформени во трето лице. Природен адресат на заповедта е персонален агенс. Меѓутоа, меѓу горенаведените искази наоѓаме многу „неагентив-

ни“ или, поточно, без посочен адресат. Тоа се исказите од типот ‘нека стане *р*’, кои пак – слично на другите искази оформени во трето лице - имаат оптативна или императивна семантика зависно од тоа кој зборува, додека на преден план во комуникативната хиерархија се наоѓа самиот очекуван, прижелкуван и сл. настан.

Императивни искази оформени во прво лице еднина. – Се работи за релативно малубројни искази со помош на кои говорителот се бодри сам себеси за да пристапи кон некое дејство или пак преку кои едноставно ги навестува своите намери. Сп. *„Та́тко, во рацје́те тво́е да сто́ра те́слим ду́хо мој.“* МЕЦ, *. . . и ја́с си ре́коф: „Аj, да и при́бера ти́е па́рчин'а“.* ШД, *Да чујам мори бабо, вели детето.* УЕ – интересен пример со транспозиција на лице – поттикот е заправо насочен кон соговорникот. Натаму: *„Ми рӑче́, дӑ-нӑрӑчум и ја́с едно ка̄ве́.“* ПДој, *И де́тто, па́мӑтно: „Аj, рӑче́л, дсӑ-но́сум“.* ПДој, *. . . си вил'а́х н'е́ка по́ја у с'е́луту да н'е́ка у́мр'ам.* МС – како што се гледа, во овој тип искази надвладуваат *да*-конструкции, но примерите се премалку за какви било генерализации по тој повод.

Како општ заклучок од овој преглед на императивните искази во најширокаата смисла на зборот се налага констатацијата дека дијалектниот јазик покажува тенденција кон генерализација на *да*-конструкциите во оваа функција. Ако го повземе тој факт со горенагласената проширеност на *да*-футурот, ќе дојдеме до сознание дека во јужномакедонските говори *да*-конструкциите мошне често се употребуваат самостојно (= како граматички независни) и претставуваат тогаш основен експонент на нефактивниот карактер на исказот. За таканаречениот „наративен императив“ сп. погоре 1.5.2.1.1.

1.6.5.2.2. Искази со прохибитивна функција. – Начинот на формализација на прохибитивот во македонскиот и пошироко во балканските јазици ја потврдува тезата дека семантичката инваријанта на овој начин претставува самостојна големина, а не проста сума на негацијата + императивната инваријанта.

Како што знаеме, македонската стандардна норма прифаќа два типа прохибитивни искази, сп., на пр.: *Не оди!* наспрема *Немој да одиш!*, и сл. Вториот модел ја содржи генерализираната прохибитивна форма *немој* способна да се менува по број, сп. *немој* наспрема *немојте*. Оваа форма може да биде употребена и самостојно, на пр., како дијалошка реплика, сп.: А. *Ќе одам!* – Б. *Немој!*, и сл. – во таква употреба би можеле да го парафразираме *Немој!* како ‘не прави го тоа!’ и сл. Внатрешната хиерархија на членовите на граматичката категорија лице кај прохибитивот е слична како кај императивот, со исти или слични семантички и/или прагматички последици, така што долуприведените примери од јужномакедонските говори не ги делам на групи според нивната оформеност по лице. Поинтересна се чини тука категоријата вид и неа ќе ја земам како критериум за поделба. Одделните перифрастични модели ги приведувам сите заедно, за да ја протолкувам подоцна нивната дистрибуција и, евентуално, семантичките импликации.

Прохибитивни искази со основниот глагол во несвршен вид. – „Немајте страј, јаскај сја.“ МЕЦ, *купиј ена нива, и имам иктиза за да ода да јо види: за тос ти се мол'а не ме чекајте.* МЕЦ, *Не чаластисвјајте за душата шчо жа јате и шчо жа пијете . . .* МЕ, *Токо немој да чаластисфите и да велите: шчо жа јаме и шчо жа пијеме . . .* МЕ, *Не се грижејте душетуј ваша шчо да јете шчо да пијете . . .* МЕ, *Разбервејте от луленишчата ниветем ка порастфе бес мака.* МЕ, *„Немојте мори, не ми бијејте кожљато.“* МЦ, *Токо не-мај кедер.* МЦ, „Не го би, не фтесви детјато!“ МЦ, *„Не пи ни тамо!“* МЦ, *„Не мој така, ти мори бабо!“* МЦ, *„Не мој, Госпе, ести грота.“* МЦ, *„Не би пеза со мјане, госпоине.“* МЦ, *„Да не се засме њакој, зош, ако се засмејте, за н-изе свички.“* МЦ, *Тој „шчо да гу-зе валко“ му-мјаше речено шчо „да не дош тамо“.* МЦ, *„Не се уми телка много . . .“* МЦ, *Тој му рече: „Малчејте, да не плачите“.* МЦ, сп. го и карактеристичниот француски превод на последниот пример: „Taisez-vous, et gardez-vous de pleurer“. Натаму: *„Аj, мило пиле, неме-дупи. Не-ме-дупи мило пиле, леле.“* ШК – тоа е единствениот пример од текстовите приклучени кон костурската монографија на Шклифов; инаку, во монографскиот дел, тој забележува: „Помошната глаголна форма *немај* се употребява само във 2 лице. Употребата и засилва тона: *Немај сине, не ој на чужина. Немај, не е јадосвај мајка ти.“* ШК, 100. Натаму: *Не му мешај на Госпо на работите.* МСЦ, *Најди јади, не остај ич!* МСЦ, *Вели Марко на гушчеро: – Цел на еднаж не ме лапнувај . . .* МСЦ, *Не оди по еврејките, рече мајка му.* МСЦ, *Бабо, не фрлај пипер, оти ке ми нарасис очината!* МСЦ, *Ќе фрлам сега, жено, у ковчего. – А б-е, не мој, мажо!* МСЦ, *. . . уште еден пат да не прајте кавга.* ШД, *„Мори, Дамојце, не са секирвај, други ке му дај госпо, млади са тие.“* ШД, *„Ама – каза – да не са откажите.* ШД. Тоа се единствените примери во текстовите приклучени кон монографијата за долнопреспанскиот говор од Шклифов; во монографскиот дел нема забелешки за прохибитивот; со оглед на фактот дека описот на говорот понуден во таа монографија е многу поисцрпен од оној во костурската монографија од истиот автор, се налага заклучокот дека кај своите информатори од Долна Преспа Шклифов не забележал конструкции со *нема/немој*. Отсуството на прохибитивот со *немој* го потврдува и Дрвошанов во својот опис на кајларскиот говор, неговите примери гласат: *не бери гајле, не-сă плаши . . .* ДКај, 226. Натаму: *аку-сакăш уби-ма, а не ма-тепајте.* БМег, *„Знајмă оти-са-мешăте, веле, но да-не-са-меште!“* БМег, *. . . во купут да-не-гуделте дома . . .* БМег, *Му рекăл: „Уд-ва-ден ни бабичка ќе-да-слушаш ни деду-ти?* БМег; сп. и – со јавно прохибитивна функција: *„Ва, јагниту, нема да-гу-заколиш!“* БМег, *Ним-за-дома бери гајле . . .* БМег, *Ним-са-секирај . . .* БМег, *. . . ама-у-горе на-тавăнут да-не изгледиш!* БМег, *. . . нем-ма-клăвајте у-тăква примка . . .* БМег, *. . . ним ми гу прај во зло . . .* УЕ, *. . . не си плашите ќи и скријам у скутот . . .* УЕ, *Ниму брзај Маро . . .* УЕ, *Не бере гајле ти Маро . . .* УЕ, *На вампирите и на сăте сенки шо слушаш, времито за шитајне е нојќа, дудека удри зора, напкум ич не си плаши.* УЕ, *Сине Стојане, милното на чедо, сăкн ва работа ним а прај и не оди у кујќата на Бела Рада . . .* УЕ . . . Приближно иста ситуација констатира Вајан во кулакиското евангелие: „La prohibition est

exprimée par *да не* . . . et par *ни́м(у)*, suivi de l'impératif à la 2e personne du singulier . . ., de l'impératif ou du présent à la 2e personne du pluriel . . . Nous trouvons aussi *ни́м(у) да* . . . ce tour s'emploi à la 3e personne." ВК, 225. Од Воденско Думев наведува само еден тип прохибитиви: *ним о́ди, ним се́ди, ним игра́и, ним са́кăи* . . . ДВ. Натаму: *„Ајде, му-ве́ле, ним-сă-ко́си, бо́к ги-дăде́л, бо́к ги-зима́л.* ПДој, . . . *уф-ба́ните дă не сме́ ни́кој дă-фле́зе усве́н ца́ро.* ПДој, *Слу́ши, ръ́че́л, јас мо́јта ки-т-ја-да́м, тă ним-гă-зи́ми.* ПДој, *„Ку́мо ва́лче ним гле́ди пу-зи́до нă-го́ре* . . . ПДој, *„Ним спи-ја́јте, дă-гле́јте дă-избе́гуме* . . . ПДој, *„Ним-ми-сă-кри́ви, ки-тă-зă-ко́л'ум."* ПДој, *„Ним-играј, вика́л, кој тă-нăка́руве д-игра́јш!"* ПДој, *„Ба́те, ръ́че́л, куту-дă-пра́јме ка́ул ко́ј-е по́-а́рнуто, да́ли до́бро дă-нă-пра́ве чуве́к или зло́."* А-па́ ба́тă-му вика́л: *„А, ним-бă-бра́то, до́брото с-е́ј до́бро, зло́то с-е́ј зло́".* ПДој, *„Ки-би́де, ти́ са́мо нă-ме́не урта́к дă-мă-зе́миш и-и́ч ним-сă-пла́ши ко́ј ти-уждира́л шăмар."* ПДој. Во монографскиот дел од својата работа Пеев пишува: „Негираните заповедни форми исто се изразуваат синтаксички: *каж му ним дă оде, ним дă сă ка́рăт 3л."* ПДој, 90. Изненадува тоа што сите примери од текстовите реализираат прохибитивен модел без *да*, додека и двата примера наведени во монографијата се со *да*; исто така, во текстовите не најдов потврда за прохибитивот за 3 лице. Веројатно се работи за понов узус во жив дијалог наспрема зацврстените постари формули во раскажувањето, што би значело дека моделот со *да* е помлад и во експанзија. И во кукушката монографија на Пеев ситуацијата во текстовите се разликува од онаа што авторот ја опишува (и ја илустрира!) во монографскиот дел од работата. Имено, во монографијата читаме: „Негираните заповедни форми, освен со честичката *не: не́ сă-зăка́чуви,* се изразуваат со синтаксична конструкција: *ним* и презентската форма со *да.* . . . Сп.: *ним па́ дă-т-те́кне не́што.* . .; *– ним-дă-мă-че́кăт; – ним-дă-сă-л'утиш нă-ме́не; – ним дă-фле́зăт пред ас дă-до́јдум; – ним д-о́јте биз-ме́не."* ПК1, 258 – како што се гледа, има овде примери како на глаголи од несвршен така и од свршен вид, на оние од вториот тип ќе се вратиме подолу. А еве селекција на прохибитивни искази од текстовите приклучени кон кукушката монографија: . . . *виă уф ра́јо то́о дăрво шо́-ј та́м, дă-не́ ја́јте уд-не́го, ви́ке.* ПК, *„Дă не́ ка́жу́виш оти зна́јш, дă не́ ка́јш от сă-н-у́чи.* ПК, *Рипну́ве ма́јкăтă до́-а́не нă-де́тто. „Не́м, то́-ј мо́јоо спăси́тăл", ви́ке змиј́чкăта.* ПК, *„Ви́ă ту́к дă-се́јте, дă-се́јте, дă-мирýфте, дă-не́ пи́ските, дă-не́ чину́фте."* ПК, . . . *ти́ă де́цта зима́ли дă-пла́чат: „Ни́м чи́ко, а́ј-бе чи́ко ќи-ш-о́јме".* ПК, *„Не́ пла́чи, ви́ке, ас та́тку-ти д-ej пут-зе́мна ќо́-на́јдум."* ПК, *„Жи́ф-ej, не́-плăча́јте."* ПК, *„Се́дни, се́дни де́те, зе́ми, зе́ми кру́ши не́-сă-бо́ј"* ПК . . . Значи, во текстовите наоѓаме примери од типот *не* + императив, односно *да не* + презент; *ним/нем* се јавува само како автосемантичен прохибитив со смисла 'не чини го тоа', и сл.

Во текстовите запишани од Малецки во Сухо и Висока Голомб констатира присуство на два типа прохибитивни конструкции: синтетични и аналитични (Голомб 1960/61, 172–3). Меѓу првите ги вбројува составите со позајмената грчка честица *ми,* на пр.: *„ми бир'е́ш гајле́* . . . МС, *„хи́ч ми м'ă пи́таш* . . . МС, *„ми сă см'а́ш, ка́ш ми!"* МС, *„ми́ т'ă и*

стра́х . . . МВ итн. Во аналитичните прохибитивни конструкции Голомб ги вбројува оние со *да не*, како и оние со *немој*, на пр.:
манца – му вили́ . . . МС, . . . *ти хи́ч да ни ви́диш!*" МС, . . . *да за дру́гу да ни бире́ш гајле́!* МС . . ., односно: *„мла́ч! нимој вр'авиш!*" МС – меѓутоа, треба да кажеме и дека последниов пример е изолиран во збирката, доминираат другите два типа, а кон нив може да се приклучи и перифрастичната конструкција со *нема*, сп.:
па́нт'о́ да ти бр́ка во́да за му да́ваш, н'е́ма за гу вр́нуваш! МС . . . А еве и примери од збирката на Верковиќ: . . . *учи́те ми да ти не ви́дат ту́ка о́шчи едноч!* В, . . . немо́ј ми гле́даш ме́ни ти́нака така́ . . . В, *Немо́ј хо́ждаш!* В, . . . *ти́нака да зна́иш, на дру́г да не ка́жиш* . . . В, *Јазе ти се мо́л'а: немо́ј хо́ждаш на вра́х ва́лко́т ја́гне!* В, *„немо́ј ти е стра́х* . . . В, *И немо́ј гле́даш кеба́рски ма́нци* . . . В, *„а бре́ си́нку, не́мој и́маш гри́жа, ми те-ј стра́х!* В, *„сака́н бра́те, немо́ј оста́нуваш ту́ка* . . . В, *„ста́ни, господи́не, немо́ј спи́еш* . . .!" В, *„чујте, сел'ани, от цар'ут има повел'а, на тој сиромах никој нишчу да не чини лошу, ниту една кокош да му не си загуби* . . .!" В, *„синку, немој ти е страх!*" В, *„побрати́ми, немој са чинити товар на меника.* В – еден од ретките примери во 2 лице множина со *немој* како партикула неменлива по број; а еве уште еден таков пример: *„оди елајти да идими на гости и немој берити гајле за нишчу!*" В, . . . *а́ма ти́нака сака́н на́ н'а́кој да не ка́жиш, ча е́ мома, л'у да ре́чиш д'а́те!* В, . . . *да нам'а́риш, а́ма да не́ фа́рлиш да гу у́дриш!* В, *„немо́ј пла́чиш, л'у и́ди да му ка́жиш на ца́р'ут* . . ." В, *„мале, ти за това гајле ми бериш!*" В, *„за гул'амата мома, кралица, гајле ми да береш* . . . В, *„сака́н, сину, ми хождаш, ча самовилите за ти одајат.*" В, *„Ниббј са, си́нко!* ВС. Еве и еден пример, пак од Серско, на зависен прохибитив во склопот на условниот период: *„Си́нку, ни́ту да ни ти́ е про́сту, аку ни ма оже́ниш*". ВС . . . Најпосле, еве и неколку примери од трлиското евангелие: . . . *та то́ј хми ре́че: немо́ј са сра́хо́вате* . . . МТ, . . . *немо́ј да гришиш ве́јке, да ни ти́ ста́не н'а́што по́-бите́р.* МТ, *немо́ј са́дите по душманла́к, ами́ пу пра́вина са́дите.* МТ, *Ре́че му жена́та: господа́р'у, да́ј ми та́зи о́да, немо́ј да ужадн'а́вам ниту́ да́ дохо́дам тука да то́че.* МТ – интересен пример каде што *немој* треба да се протолкува како 'не чини така да . . .' или слично. Натаму:
ма́лките . . . МТ – текстот е синтаксички двозначен: прохибитивниот исказ може да се толкува како независен или пак како комплементарен, нешто како 'гледајте да не . . .' Натаму: *немо́ј да и́мате шубе́, јас сам; немо́ј са срахо́вате.* МТ, . . . *не мо́ј ма ма́чиш.* МТ, *немо́ј ви́кате ни е́ умр'а́ла.* МТ, *немо́ј да ка́зуваат на ни́кок това́* . . . МТ, . . . *ше́с де́не са шту прил'а́га да ра́ботите та прис тја́х дохо́дајте да са лекова́те и немој фав са́бота.* МТ – *немој* тука не управува директно ниеден глагол, туку упатува кон глаголот во претходниот исказ, значи, интерпретацијата му е 'не го правете тоа' или слично. Од опишаниот систем доследно спроведен во целиот текст на трлиското евангелие (т.е. неменлива честица *немој* + презентските форми придружувани или не со честицата *да*) отскокнуваат само два примера; првиот гласи: *л'ахим на това́ немо́јте са ра́дувај* . . . МТ. Со оглед на фактот дека е тоа осамен случај, умесна ми се чини интерпретацијата дека имаме работа со механичко

преместување на категоријалните обележја; имено, *немојте* прифаќа наставка за лице и број, додека *радувај* останува без соодветни експоненти. Втор пример со основниот глагол во императивна, а не во презентска форма гласи: *немој са срахо́вај ке́рко* . . . МТ. Се разбира, присуството на вториов пример допушта претпоставка дека и првиот е свесно граден по истиот модел.

Прохибитивните искази со основниот глагол во свршен вид. – *И ко́га да посте́те, да не се сторе́те кај тро шчо по́сте та се помр́тве за да се ви́де прет л'уди́ти о́ти по́сте* . . . МЕ, . . . *и не се сто́ри не вјӓрен, токо ве́рен.* МЕ, *Да не се засме њӓкој* . . . МЦ, *Жено, не ми стапни нат гуна – та* . . . МЦ, *Тој „шчо да гу-зе валко" му-мјӓше речено шчо „да не дош тамо"*. МЦ. – Во својот опис на костурските и леринските говори Мазон кажува: „On constate ici . . . la prédominance de l'imperfectif après la négation: *не лапну́вај* „n'avale pas", en face de *да ла́пниш* „avale", *не ме но́си та́мо* „ne m'emporte pas là-bas", en face de *да а зане́сиш та́мо* „emporte-la là-bas". МСЦ. Сепак, во собраните текстови од него наоѓаме и: *На́јди ја́ди, не о́стај ич!"* МСЦ, *Не а посе́ри ба́шчата!* МСЦ. – Натаму: *А́ма – ка́за – да не са отка́жите.* ШД. Сп. и: *Му-ре́кӑл то́ зе́тиут: „Ва́, ја́гниту, не́ма да-гу-зако́лиш!". „О́ти? Тӑка́", му-ре́кӑл, „За́коли дру́гу".* БМег. Натаму: *„Ки-ти-утво́рӑм, кум-Во́лчо, ама-у-го́ре на-тава́нут да-не изгле́диш!"* БМег, *Молчи пападио, да не дојди и тука* . . . УЕ, . . . *ама да не забравиш кучијната да не влезат пу дирата.* УЕ, *„Дӑ-не́-сӑ-излӑјш дӑда́диш ут-кӑми́ла пӑстрӑма́* . . . ПДој, *„Ку́му вӑ́лче, не́ пугле́дни нӑ-го́ – ре* . . . ПК, *Лиси́цта ре́кла: „Дӑ-не́ сӑ-изго́рте!"* ПК, *Ти дӑ-мӑ-да́диш, са́мо угла́мнико да-не́ да́јш* . . . ПК, *„Ку́ме, да-не́ пугле́дниш на-горе, уф-тава́но, што́ и́ма тӑ́рне и гло́же"*. ПК, *„сӑ́ за засти́ кири́јата, да ја ни разбуди́ш, да ни по́ш бли́з'а хи́ч!"* МС, . . . *да ни по́ш ни́ по́висо́ку, ни́ по́ни́ску* . . . МС, *„аман, мӑнцу, ми́ прува́лиш бӑнчфата!"* МВ, *жината си вили́ самас: „да ја ни о́стаја да ускл'е́кни!"* . . . *си вили́: „да по́да да му за́н'еса на манцо́тми ма́нца на ни́вата!"* МВ, . . . *туку ти́нака да не ми оста́виш сега́* . . . В, . . . *на дру́г да не ка́жиш* . . . В, *динеска мӑ́ж човек да си не најди нетри на бахчата* . . . В, *Ти́нака да не́ си опла́шиш!* В, . . . *и ти да ми продадеш за колко гроша можиш, сал капистрата назат да ја земиш, да ја не дадеш на човекот, шчо ки ми купи.* В, . . . Еве и еден пример од Серско вграден во условниот период: . . . *шча ти пла́тем и на́пла́тем, л'у да ни ма́ оста́виш.* ВС. Натаму: . . . *чу́вај по́рачките. Тој му ве́ли: котри? Пак Јису́с му ре́че: немој да утре́пеш, нем̀ој да ску́рвиш, нем̀ој да откра́деш* . . . МТ, . . . *нем̀ој почика́ дида́скала.* МТ, *Нем̀ој да ви са сто́ри, о́ти сам дошёл да по́тапта но́муто ја́ профи́тето.* МТ . . .

Приведениот материјал јасно покажува дека за јужномакедонските системи важи формалната ограда дека прохибитивот ретко и нерадо се оформува во свршениот вид, меѓутоа, поновите балкански модели на прохибитивни искази не знаат за таква ограда. Ни останува сега да ја проследиме географијата и евентуално други одлики на одделните прохибитивни модели.

1. *не* + императив. – Се работи за стар, наследен словенски модел, оној во однос на којшто важи ограничувањето сврзано со свршениот

вид. Го среќаваме овој модел во сите текстови од западниот дел на ареалот, иако никаде тој не претставува единствено можно решение. Во Кукушко тој се губи и понаисток веќе не се појавува.

2. *да не + презент.* – Овој императивно-оптативен модел е присутен на целата територија, изнијансиран од еднозначна категорична наредба сè до чисто реторична желба. Освен како независен прохибитивен исказ, соодветните реченични конструкции се појавуваат и како дел-реченици во рамките на условниот период и тогаш стапуваат во парадигматски однос со низите *ако не . . ., додека не . . .* и сл. – пошироко за тоа сп. подолу 2.1.3.4.

3. Конструкции со *немој.* – Се работи овде за цело „семејство" модели настанати по пат на преобразување на помошниот глагол *немој, немојте* (којшто се изведува од пс. **не мози, *не мозѣте* – сп. ВК, 226) во неменлива прохибитивна честица, а не без влијание на грчките прохибитивни конструкции. Ќе ги разгледаме овде редум моделите што ги среќаваме во јужномакедонските говори, при што нема да водиме сметка за фонолошката форма на честицата *(немој, нема, ним . . .)*.

Пред да поминеме на разгледување конструкции со предикатот на забрана надграден над основниот глаголски предикат, да кажеме уште дека *немој* (и менливо и неменливо) се појавува во текстот и самостојно, како генерализирана забрана (глаголска заменка!) чија интерпретација зависи од контекстот или од конситуацијата. *Немој! (немојте!)* во таквата употреба може да се парафразира како: 'не прави го тоа! (не правете го тоа!)' со показната заменка која упатува на контекстот или на конситуацијата. Таквата употреба ја знае и македонската стандардна норма. – Ако го поминеме единствениот, и по други карактеристики контроверзен, пример од трлиското евангелие, множинската форма *немојте* во анализираните текстови ја сретнав само еднаш, во приказните собрани од Мазон во Корчанско токму во таква, самостојна, генерализирана употреба.

3.1. *немој да* + презент. – Одејќи од запад кон исток, овој тип конструкции ги регистрирав во текстовите од Корчанско, Костурско, Леринско, меѓутоа низ целата таа територија тие се прилично ретки, маргинални, во однос на типот *да не* + презент. Во Костурско Шклифов ја регистрира формата *нема*, веројатно настаната по асоцијација со глаголот *има/нема*. Во Долна Преспа, како и во Кајларско, прохибитивот со *немој* не е регистриран, што експлицитно го потврдуваат и Шклифов и Дрвошанов. Моделот *немој (нем, ним) да . . .* го среќаваме пак – само во однос на 3 лице (ВК, 225) – во текстот на кулакиското евангелие, а исто така и во жив говор во Кукушко, најпосле, тој е доста фреквентен во трлиското евангелие. Трлиското евангелие е истовремено единствениот текст каде што сум го регистрирала овој модел и со глаголите од свршен вид. – Од чисто прагматични причини конструкциите со *немој да . . .* се најзачестени со основниот глагол во 2 лице еднина или множина, меѓутоа има и искази со основниот глагол во 3 или дури во 1 лице. Значи, отсуството на конгруенција по лице (а не само по број) кажува дека *немој* се однесува како честица, додека, од друга страна е

присуството на *да* сугерира дека имаме работа со модална глаголска форма. На таа контроверзна карактеристика ќе се вратиме подолу.

3.2. *немој* + императив. – Оваа прохибитивна формула се појавува во Мегленско, натаму ја наоѓаме во Воденско, во Ениџевардарско, во Дојранско, додека во трлиското евангелие таа претставува реткост. *Немој* најчесто се јавува во скратена форма *(нем, ним . . .)* и неменливо е.

3.3. *немој* + презент. – Оваа формула се појавува во еден текст на Малецки од Сухо, доминира во збирката на Верковиќ, а доста е фреквентна и во трлиското евангелие. *Немој* не бара конгруенција ни по број ни по лице, неменливо е. Овој модел може да има и длабоки корени и да биде наследник на една прохибитивна конструкција надградена врз стариот словенски инфинитив, но денеска таа се чува без сомнение под грчко влијание, на што ќе се осврнеме подолу.

4. *ми* + презент. – Оваа формула, со позајмената грчка честица *ми*, се појавува во лагадинските текстови од Малецки, а исто така спорадично во некои текстови од збирката на Верковиќ.

Претставената слика, без сомнение, се должи на балканската, пред сè македонско-грчката, интерференција. Релевантните разлики меѓу балканските и наследениот словенски систем се од различен карактер. Пред сè, во балканските системи голема улога играат императивните и прохибитивните искази оформени во субјунктив. Оттука проширеноста на *да не*-прохибитивот. Не е без значење и фактот дека е тој индиферентен наспрема наследената словенска видска опозиција. Како второ, а во тесна врска со претходната особина, во балканските јазици, како што се димотики или албанскиот, во модално маркираните искази се појавува посебна партикула за негација, различна од онаа што ги придружува индикативните глаголски облици. Оттука кариерата на *немој* во функција на генерализиран прохибитив и на прохибитивна партикула. Најпосле, во грчкиот јазик негацијата не се поврзува со императивните форми. Основната формула на прохибитивот е: μη + субјунктив. Со оглед на фактот дека во македонските системи не постојат посебни субјунктивни глаголски форми, одразот на горната грчка ситуација во тие системи зема облик на формулите 3.3. и 4. Моделот 3.2. претставува вкрстување на словенската и грчката формула, моделот 3.1. се чини туѓ на јужномакедонскиот ареал.

1.6.6. Метатекст. – Ни останува накратко да се осврнеме на уште една форма на експлицитно присуство на говорителот и неговиот субјективен коментар во текстот, т.е. на метатекстуалните вметнати изрази. Под метатекст – согласно со општоприфатеното толкување – се подразбираат коментарите на говорителот на сметка на прекажуваните содржини, а евентуално и на самиот начин на (пре)кажувањето. Како што произлегува од горната дефиниција, метатекст се појавува во епските фабуларни текстови, во текстовите со еднозначен фабуларен тек. Со самото тоа појавата на метатекстот жанровски е ограничена и треба да се разгледа во рамките на стилистиката и на литературната теорија. Овде ќе ѝ посветиме малку внимание со оглед на нејзините тесни врски со таканаречената субјективна модалност.

Метатекстуалните вметнувања се со различен карактер. Од прагматично-семантичка гледна точка, општо земајќи, тие можат да се поделат на оние коишто донесуваат коментари од страна на говорителот кој се поставува надвор од главниот епски тек и ги оценува/навестува состојбите и постапките на своите јунаци или – што во народната усна литература се случува поретко – го коментира самиот свој начин на кажување и сл. Друг тип претставуваат коментарите коишто содржат директно обраќање кон адресатот на текстот, т.е. коишто експлицитно ја поврзуваат говорната со ситуацијата за која станува збор. Нив пак можеме да ги поделиме на оние што се адресирани на реално присутниот слушател (запишувач на приказната и сл.) и оние стереотипни, стилски и жанровски маркирани, адресирани на секого кој еден ден можеби ќе го слуша соодветниот текст. Од гледна точка на нивната длабинска структура тие секогаш претставуваат полни предикатско-аргументски структури со говорителот како појдовен аргумент, меѓутоа формално можат да земаат облик или на самостојни искази/реченици или на реченични трансформи, т.е. морфолошки и/или синтаксички конструкции вметнати во искази коишто се во служба на главниот фабуларен тек. Честопати, главно во текстот на приказните, тие претставуваат зацврстени конструкции, вид стилистички фигури. Најпосле, има и парентетични вметнувања со карактер на слободни асоцијации и дигресии, со кои говорителот се потврдува како творец, а не само како механички репродуцент на текстот.

Подолу ќе наведеме неколку примери, од различен вид, за да ја илустрираме разновидноста на појавата.

А́рну-ма, гӑлӑпчиту лита́л шо лита́л, во́ дика̯-си-лува́л ќа́вӑлут гу виде́л гӑлӑбут. БМег, *Сиде́ли, пи́ли, си-зима́л лиша́нут, стӑна́л дӑ-ш-ј-о́де. А́рн-а́ма е́то не́стре́ќа, гу-стрите́л Ту́рчино и дујде́ло ду-ло́шо, сӑ-збури́ли.* ПК, *. . . а́рно а́ма мӑ́тно вре́ме, тимни́ца, испа́дна́ в адни́ пӑрна́ре там. Си избига́.* КЕВ . . . зацврстениот состав *арно ама* . . . во функција на сврзник/честица би можеле да го парафразираме, на пр., како ‘. . . и врз основа на познатите факти би можеле да заклучиме дека е сѐ во ред, меѓутоа . . .’ А еве неколку примери на директни потсетувања од страна на говорителот дека тој само го прекажува текстот: *. . . на ѓо́лут сус во́јскӑта, да ка́жиме, удри́ ӑртиле́рија . . .* КЕВ, *Се́га, дӑ-ре́чеме, не́кој фӑти́л нӑка̑де Ско́пе, не́кој фӑти́л Буга́рија . . .* ПДој, *зӑ-дӑ-не́ гӑ-уткри́т до́ктурто че́тта, шо-ви́ка̑ме ни̑, оти и́ма тӑквó де́те ца́ро, нӑ-мо́жӑт дӑ-гу-излӑку́вӑт, ги-зӑко́л'уве, до́ктурто ги-ко́ле.* ПДој, *Тро́, ма́лко, при́каската така́ кажу́ве.* ПК, *Пурӑсна́ло то́о де́тто, нӑ-при́каска но́го ско́ро ра́стӑт де́цта.* ПК.

Има и зацврстени, „рамковни“ искази со кои се означува крајот на приказната, сп.: *И ја́с та́м би́х и ја́с си ги-гле́ех ава́та. Е, ду-та́м га-зна́м та́а.* ПК, *. . . и му сто́ри ца́р'у иди́н бра́к, ги ужѐни; и јас там би́х и с'а̑ си до́х.* МЦ, *И така останала приказна, да са прикажува прет св'атот.* В . . .

Конструкциите со dativus ethicus како да претставуваат преод меѓу оние со нагласено присуство на говорителот и оние со директно им-

плицирано присуство на адресатот. Категоријалната семантика на дативното *ти* избледела и овој облик прераснал во стилистичка фигура која внесува спонтана интимна атмосфера и потсетува на врската меѓу говорната ситуација и ситуацијата за која станува збор. Еве примери: *„Не́, ма́миш, не́-си ма́јка-ни. Че́ да-ви́ме ра̊ката. Ма́јка има кно́чка ра̊ка, ти́ е́си ва̊лко". Ти о́ј то́ј на́ на́за на-ју́птино и-то́ј му-ја искно́чи ра̊ката со-че́кано. Ти гре́ј на́за* . . . ШК . . . Слична функција врши и *еве:* претставува обраќање кон адресатот, но семантички е избледено: *Гозбата . . . свршила и ево зашчо . . .* УЕ, *ет ти гу попот кај иди пак кај дејто . . .* УЕ, сп. и: *То́ да-ти-би́де ѓа́вӑлут.* БМег . . .

А еве најпосле и примери на директно обраќање кон адресатот на текстот (дијалектолог-експлоратор и сл.): *. . . па́ трагна́ме за-Са́мукоф, не́ ќи-та-излажум, ду-Дупница . . .* ПК, *И ас та́м бих, мо́ре Коста, и ас виде́х.* ПК, *Гра́ницата а удри́а, и́ма уд-на́што се́ло, а куту Куле́шино тук, гу-зна́јш шо́м си-штрумича́ниц, д-ej на́што се́ло Куцумарли́а то́о ту́ка, Куле́шино д-ej Сӑри́ Пӑза́р.* ПК, *И́мӑхме адна́ ждриби́ца, бра́т-ми ѓӑ-ју́чше туга́ј ус-ќусте́ци дӑ-о́де, рӑва́н. Ќусте́ци зна́јш шо́-ј?* ПК, *. . . зафатил да си поти уд страх, инат или как сакаш речи.* УЕ . . .

КРАТЕНКИ ЗА ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ

Кирилица

А – синтетски акузатив
а – акузативна клитика
АО – акузативен падежен однос
ГИ – глаголска именка
ГП – глаголска придавка
Д – синтетски датив
д – дативна клитика
ДО – дативен падежен однос
ДЧ – дополнителен член на конструкција
ИС – именска синтагма
$ИС_к$ – именска синтагма конотирана од страна на предикатскиот израз
$ИС_н$ – именска синтагма во номинативен однос
$ИС_п$ – именска синтагма во предикативен однос
$ИС_{суб}$ – именска синтагма во функција на субјект
КЧ – конститутивен член на конструкција
Л – локативна компонента во структура на исказот
М – модална компонента во структура на исказот
$Н_{пр}$ – номинален предикатив
ОРК – основна реченична конструкција
ПАС – предикатско-аргументска структура
ПИ – предикатски израз
$Прон_{ис}$ – прономинална именска синтагма
$РК_п$ – реченична конструкција конотирана од страна на предикатскиот израз
$РК_п$ – реченична конструкција како дел од предикатскиот израз
Т – темпорална компонента во структура на исказот

Латиница
/abstr/ – апстрактен карактер на рефрентот на конструкцијата
Adi – придавка
Adi_p – придавка во предикативен однос
Adv_M – адвербијален модификатор
/anim/ – одушевен карактер на референтот на конструкцијата
CG – општ падеж
/def/ – определен/идентификуван референт на конструкцијата
/fact/ – фактивен карактер на исказот
ipf – несвршен вид
/pers/ – персонален карактер на референтот на конструкцијата
pf – свршен вид
pl – множина
pV – заменска клитика + глагол
sg – еднина
V – глагол
Vf – финитен глаголски облик
Vcop – помошен глагол

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Антинучи 1977 – Ant
dia gramatyczne

Беначо 1987 – Benacchio R., Renzi L., 1987, *Clitici slavi e romanzi,* Padova.

Бојковска 1988 – Бојковска Ст., 1988, *Текстови од Мегленско,* Македонистика 5, 185–207.

Бухолц 1987 – Buchholz O., Fiedler W., 1987, *Albanische Grammatik,* Leipzig.

Вајан 1938 – Mazon A., Vaillant A., 1938, *L'evangéliaire de Kulakia, un parler slave du Bas-Vardar,* Paris. [Вајан е автор на монографскиот опис на говорот.]

Велковска 1988 – Велковска С., 1988, *Има-конструкции во текстовите на Марко Цепенков.* Македонски јазик 38–39, стр. 301–314.

Видоески 1960/61 – Видоески Б., 1960/61, *Основни дијалектни групи во Македонија, Македонски јазик 11–12, стр. 12–31.*

Видоески 1962 – Видоески Б., 1962, Кумановски говор, Скопје.

Видоески 1965 – Видоески Б., 1965, *Заменските форми во македонските дијалекти,* Македонски јазик 16, стр. 25–71 + 55 карти.

Вјежбицка 1972 – Wierzbicka A., 1972, *Semantic Primitives,* Frankfurt/M.

Галтон 1976 – Galt

Голомб 1959 – Gołąb Z., 1959, *Some Arumanian-Macedonian Isogrammatisms and the Social Background of Their Development.* Word 15, стр. 415–435.

Голомб 1960/61, 1962/63 – Голомб З., *Два Македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско),* Македонски јазик 11–12 и 13–14.

Голомб 1964 – Gołąb Z., 1964, *Conditionalis typu bałkańskiego w językach południowosłowiańskich,* Kraków.

Голомб 1984 – Gołąb Z., 1984, *The Arumanian dialect of Kruševo in SR Macedonia,* SFR Yugoslavia,

Дрвошанов 1993 (Кајларско) – Дрвошанов В., *Кајларскиот говор,* Скопје.

Думев 1943 – Думев В., 1943, *Воденският говоръ,* Македонски Преглед 13/3 стр. 8–42, 13/4 стр. 26–88.

Зандфелд 1936 – Sandfeld K., 1930, *Linguistique balkanique,* Paris.

Иванов 1932 – Иванов Д., 1932, *Гевгелискиятговоръ,* София.

Иванов 1977 – Иванов Ј., 1977, *Български преселнически говори,* София.

Конески 1971 – Конески Б., 1971, *Јазикот на македонската народна поезија,* Скопје.

Конески 1981 – Конески Б., 1981, *Граматика на македонскиот литературен јазик,* Скопје.

Конески 1982 – Конески Б., 1982, *Јазични белешки за приказните од Солунско од збирката на Верковиќ,* Прилози на МАНУ 7/1, стр. 21–36.

Конески 1986 – Конески Б., 1986, *Историја на македонскиот јазик,* Скопје.

Кузов 1921 – Кузов А., 1921, *Костурският говор,* Известия ССФ 4, стр. 86–125.

Куртјад 1988 – Courthiade M., 1988, *Les derniers vestiges du parler slave de Boboščica et Drenovöne (Albanie),* Revue des Études Slaves 60/1, Paris.

Лант 1952 – Lunt H., 1952, *A Grammar of the Macedonian Literary Language,* Скопје.

Лавров 1932 – Lavrov P. A., Polívka J. (vyd.) *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičovych,* 1932 Praha.

Луис 1984 – Lewis G. L., 1984, *Turkish Grammar,* Oxford.

Малецки 1934а – Malecki M., 1934, *Tekst gwarowy z Kosturskiego,* Lud Slowiański 3/2, str. 323–325.

Малецки 1934б – Malecki M., 1934, *Dwie gwary macedońskie (Suche i Wysoka w Soluńskiem),* I: Teksty, Kraków.

Мазон 1923 – Mazon A., 1923, *Contes slaves de la Macédoine Sud-Occidentale,* Paris.

Мазон 1936 – Mazon A., 1936, *Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud,* Paris.

Мазон 1965 – Mazon A., Filipova-Bajrova M., 1965, *Documents slaves de l'Albanie du Sud,* II, *Pièces complémentaires,* Paris.

Милетич 1920 – Милетич Л., 1920, *Български старини* 6.2. Търлиско евангелие отъ 1861 год., София.

Милетич 1932 – Милетич Л., 1932, *Изъ живота на българитѣ въ Солунско . . .,* Македонски Преглед 8/1, стр. 64–98.

Миндак 1983 – Mindak J., 1983, *Zależności gramatyczno-kategorialne między elementami prostych wypowiedzeń w polszczyźnie i językach bałkańskich,* Studia linguistica polono-jugoslavica 3, Sarajevo.

Миндак 1990 – Mindak J., 1990, *Językowa kategoria żywotności w polszczyźnie i słowiańszczyźnie na tle innych języków świata,* Wroclaw.

Минова 1982 – Минова-Ѓуркова Л., 1982, *За некои случаи на редунданција во македонскиот јазик,* Предавања на 15. семинар за македонски јазик, литература и култура, стр. 1–9, Скопје.

Мирамбел 1959 – Mirambel A., 1959, *La langue grecque moderne,* Paris.

Настева 1962/63 – Јашар-Настева О., 1962/63, *Македонските калки од турскиот јазик,* Македонски јазик 13–14, стр. 109–172.

Њумарк 1982 – Newmark L., Hubbard Ph., Prifti P., 1982, *Standard Albanian,* Stanford.

Пеев 1979 – Пеев К., 1979, *Дојранскиот говор,* Македонистика 2, Скопје.

Пеев 1987 – Пеев К., 1978–88, *Кукушкиот говор* 1–2, Скопје.

Пеев 1988а – Пеев К., 1988, *За заменскиот систем во јужните македонски говори,* Јазичните појави во Битола и Битолско денеска и во минатото, стр. 113–126, Скопје.

Пеев 1988б – Пеев К., 1988, *Промени во категоријата род како резултат на меѓујазичен контакт,* Реферати на македонските слависти за 10. меѓународен конгрес на славистите во Софија, стр. 63–73, Скопје.

Свифт 1963 – Swift L. B., 1963, *A Reference Grammar of Modern Turkish,* Bloomington.

Тополињска 1984 – Topolińska Z., 1984, *Diatetyczne właściwości czasowników w języku polskim, serbskochorwackim i macedońskim*, Studia konfrontatywne polsko-południowosłowiańskie, s. 103–134, Wrocław.

Тополињска 1985 – Тополињска З., *Из проблематике словенских инхоатива*, Јужнословенски филолог 41, с. 1–11.

Тополињска 1986 – Topolińska Z., 1986, *Dativus vs genetivus*, Prace Filologiczne 33, s. 365–371.

Тополињска 1987 – Topolińska Z., 1987, *Podwójny wykładnik referencji : demonstrativum + rodzajnik w macedońskim języku ogólnym i w dialektach południowo-macedońskih*, Slawistyczne studia językoznawcze, ss. 411–417, Kraków.

Тополињска 1988 – Тополињска З., 1988, *Дативниот однос и кирилометодиевското наследство*, Кирилометодиевскиот период и кирилометодиевската традиција во Македонија, стр. 153–158, Скопје.

Тополињска 1989 – Тополињска З., 1989, *Од синтаксата на македонските евангелија*, Прилози на МАНУ 13/2, стр. 141–161.

Тополињска 1991 Тополињска З., 1991, *За разликата меѓу реченото и пресупонираното*, Прилози на МАНУ XVI/2, стр. 33–36.

Тумб 1974 – Thumb A., *Handbuch der neugriechischen Volkssprache*, Berlin.

Угринова 1960/61 – Угринова Р., 1960/61, *Две стилски особености на нашиот говорен јазик*, Македонски јазик 11–12, стр. 105–111.

Усикова 1967 – Усикова Р. П., *Морфология имени существительного и глагола в современном македонском литературном языке*, Скопје.

Фридман 1977 – Friedman V. A., *The grammatical categories of the Macedonian indicative*, Columbus.

Хаусхолдер 1964 – Householder F. W., Kazazis K., Koutsoudas A., 1964, *Reference grammar of Literary Dhimotiki*, International Journal of American Linguistics 30/2.

Христов 1935 – Христов Г., 1935, *Народописни материяли по говора в Кукушко и Дојранско*, Македонски преглед 9/3–4.

Чашуле 1989 – Чашуле И., 1989, *Синтакса на македонската глаголска именка*, Скопје.

Џозеф 1986 – Joseph B. D., Philippaki-Warburton I., *Modern Greek*, London.

Шклифов 1973 – Шклифов Б., 1973, *Костурският говор*, София.

Шклифов 1979 – Шклифов Б., 1979, *Долно-Преспанският говор*, София.

Шокларова 1983 – Шокларова-Љоровска., 1983, *Проширување на валентноста кај глаголите што значат „настанува ден или ноќ“*, Македонски јазик 34, 191–194.

НЕОБЈАВЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

Видоески, Антологија – Видоески Б., *Антологија на македонските дијалектни текстови*.

Димитрова-Шмигер, Сничене – Димитрова-Шмигер Н., Говорот на село Сничене (Костурско), магистерски труд.

Каранфиловски, Еницевардарско – Каранфиловски М., Еницевардарскиот говор, докторска дисертација.

Минков, Ајтос – Минков Л., *Текстови од село Ајтос* (Леринско).

Угриновски, Ениџевардарско – Угриновски Д., *Народни приказни од ... Ениџевардарска околија.*

Чашуле 1982 – Чашуле И., *Глаголската именка во прозните текстови на Марко Цепенков и Кузман Шапкарев,* магистерски труд.

КРАТЕНКИ ЗА ЕКСЦЕРПИРАНИ ИЗВОРИ

Бојковска 1988 – БМег, Вајан 1938 – ВК, Видоески, Антологија, Нестрам – ВН, инаку: В+ називот на селото, Дрвошанов, Кајларско – ДКај, Думев 1943 – ДВ, Иванов 1977 – ИПГ, Каранфиловски, Ениџевардарско – КЕВ, Кузов 1921 – КК, Лавров 1932 – В, ВВ, ВЕ, ВС, Малецки 1934а – МК, Малецки 1934б – МС, МВ, Мазон 1923 – МСЦ, Мазон 1936 – МДЦ, МЕЦ, МЕ, МЦ, Мазон 1965 – МЦф, Милетич 1920 – МТ, Милетич 1932 – МВат, Минков, Ајтос – МА, Пеев 1979 – ПДој, Пеев 1987 – ПК, Угриновски, Ениџевардарско – УЕ, Христов 1935 – ХК, Шклифов 1973 – ШК, Шклифов 1979 – ШД.

Zuzana TOPOLINJSKA

A SYNTAX OF SOUTH MACEDONIAN DIALECTS (IN ALBANIA AND GREECE)

(Summary)

Almost all the important isoglosses dividing the territory of the Macedonian language run from North to South (cf. Vidoeski 1960, 1962). The Southern belt from Korča (Albania) to Drama (Greece) comprises several different phonological and morphosyntactic systems. This is the Southwestern periphery of the Slavic linguistic world and a territory of most vivid interference processes between members of the Balkan Sprachbund. finally, it is a territory outside the unifying influence of Standard Macedonian. In this situation the question arises whether it is possible to analyse and describe the South Macedonian system as a whole. On the other hand, it is precisely the dynamic dimension of this dialect continuum that gives a deeper insight into the motivation of particular links in the chain evolution of the inherited Slavic system in the Balkan environment. This challenge makes the effort worthwhile and genuinely attractive. At the same time the very nature of the data under description imposes the choice of descriptive procedure. It should start from the pragmatic motivation which generates the message and defines its content and should lead to the most adequate formal representation of that content. In other words: it should be a semantically oriented syntax.

The author starts from the assumption that there are two main mechanisms responsible for our linguistic perception of the world. These are predication and nomination. Predication is the ascription of definite relations/functions to particular parts of the world. The product of predication is an utterance, and the most typical form of utterance is a sentence. Nomination means the individualiyation of particular parts of the world by giving them names, thus including them in our notional universe. The product of nomination is a noun phrase. Consequently, the monograph is divided into two (disproportionate) parts: „Mechanisms of predication" and „Mechanisms of nomination". The first part, „Mechanisms of predication", presents syntactic derivation of (1) sentential constructions with finite verbal forms as a nucleus, and (2) sentential compounds whose nucleus is a conjunction. These are defined as semantic structures constituted respectively by verbal predicates and by conjunctive predicates. (In terms of the traditonal Slavic syntax: (1) simple sentences and compounds with complementary clauses, and (2) paratactic and circumstantial compounds). The second part, „Mechanisms of nomination", describes mechanisms of noun phrase derivation (among others, constructions with relative clauses belong here).

This first volume of the monograph describes South Macedonian constructions which are built on a nucleus of finite verbal predicates. It contains an introduction and six chapters. The interoductory remarks concern (a) the theoretical framework and the methodological procedures applied in analysis and (b) the sources of the dialectal materials under analysis.

In the first chapter idealized models of the semantic and syntactic structure of an utterance are proposed. Also a short outline of problems connected with the functional perspective of a text (= its thematic-rhematic structure) is given. These are problems of decisive importance for the final surface formalization of an utterance. However, they are a function of the text taken as a whole and are not discussed in the monograph.

In the second chapter a review of predicative expressions reduced to corresponding (synthetic and/or periphrastic) verbal constructions, predicative expressions wit copula-verbs and predicative non phrases and predicative expressions in the form of periphrastic constructions with synsemantic verbs and (de)verbal nouns (i.e. gerunds and other, irregular, deverbal nouns).

In the third chapter the author analyzes mechanisms of formal accommodation of argument expressions to predicative expressions. The discussion concerns only those arguments which are semantically implied by the dominating predicate. Argument expressions in the form of noun phrases and those with clausal form are discussed in turn. The discussion includes nominative, accusative and dative noun phrases as well as the possibility of regarding some noun phrases as standing in the instrumental (case)relation. A review of implied propositional noun phrases is also presented, with special attention devoted to the locative (case)relation. The discussion of clausal argument expressions includes complementary clauses introduced by *што, оти, дека, че,* factive and non-factive *да,* as well as those with zero operator and with oratio recta. Finally, constructions with gerunds and other deverbal nouns as transforms of complementary clauses are discussed.

The fourth chapter is devoted to the description of diathetically marked constructions. The author is a proponent of the anthropocentric language theory. Hence, she sees as diathetically marked all constructioins which lack a nominative noun phrase with a personal referent. Consequently, she discusses in turn constructions with blocked or unfulfilled nominative position, mechanisms of demotion of personal arguments from the nominative to other syntactic positions and mechanisms of promotion of impersonal arguments to the nominative position. Special attention is paid to constructions with the reflexive pronoun *se* and to those with verbal adjectives (participles) as parts of the predicative expression.

In the fifth chapter the author discusses the temporal characteristics of spoken-of events. Temporal characteristics in the broad sense implies the presentation of two series of surface exponents labelled verbal aspect and tense-and-taxis. The category of verbal aspect is interpreted as grammaticalized information about the internal temporal organization of the event. Here, besides the distribution of morphological aspectual forms, periphrastic (iterative, inchoative, durative and resultative) constructions are described. In the part devoted to the category of tense, mechanisms for referring events to an absolute temporal axis are described, with regard to the three conventional temporal zones: past, present and future seen from the perspecctive of the speech event. Finally, the mechanisms for presenting events in succession (taxis) are described.

The sixth chapter deals with the presence of the speaker in the text, i.e. with modal constructions of different types. First, the category of dubitative is discussed. Then comes a review of nonfactive constructions introduced by the two main operators of nonfactivity: *ќе* and *да.* Later an analysis of adverbal negation is given, in which such negation is interpreted as a predicate meaning 'it is not so that . . .'.
Wh-questions, and utterances with imperative and prohibitive functions. The prohibitive is treated as a separate value and not a mechanical sum of negation + imperative. Finally, a short review of the more typical metatextual, parentetical insertions is given. Thanks to the method applied the author has not only described the main corpus of the South Macedonian sentential patterns but endeavored to show the dynamics of their evolution and the actual geography of particular patterns. She was able, also, to revise and to enlarge the traditional inventory of the so called morphosyntactic balkanisms in South Macedonian dialects and to deepen the interpretation of some contact phenomena.

СОДРЖИНА

Увод 5
1. Основни теоретски и методолошки постапки 5
2. Предмет на описот. Користениот материјал 6
3. Од авторот 11
Основна реченична конструкција. Нејзината формална (синтаксичка) и семан-
тичка структура 11
1. Функционална перспектива на текстот и нејзиниот одраз во ОРК 14
2. Предикатски израз како конститутивен член на ОРК 15
2.1. Предикатски израз во облик на таканаречениот именски прирок 17
2.1.1. Деривирани реченични конструкции со именскиот прирок 25
2.1.2. Конструкции со quasi-именски прирок 26
2.1.3. Релацијата 'е идентичен со ...' и именскиот прирок 27
2.1.4. За таканаречените „номинални реченици" 28
2.1.5. Односи на граматичка зависност во конструкциите со именски прирок 29
2.2. Предикатски израз во облик на перифрастична конструкција со тежиште
во (од)глаголска именка 31
2.3. Универзалното и конвенционалното во предикатскиот израз 38
2.4. Реченична конструкција како дополнителен член на основниот предикатски
израз 39
3. Аргументски изрази како дополнителни членови на основната реченична
конструкција (ОРК) 42
3.1. Именската синтагма како аргументски израз 42
3.1.1. Аргументски израз во номинативен однос, т.е. во конгруентна врска (во
синтаксичка меѓузависност – интердепенденција) со предикатски израз 44
3.1.2. Аргументски израз зависен од предикатски израз 54
3.1.2.1. Аргументски израз во акузативен однос, т.е. директно зависен од преди-
катски израз 54
1.2.2. Аргументски израз во дативен однос, т.е. посредно (индиректно) зависен
предикатскиот израз 73
1.2.3. Површинско разграничување на акузативната/директна и датив-
ната/индиректна зависност од предикатскиот израз 91
1.2.4. Dativus ethicus 98
1.2.5. Други типови граматичка зависност од предикатскиот израз 100
1.2.5.1. Дали удвоена позиција на директниот објект? 100

1.3.1.2.5.2. Предлошки предикати – услови на употреба 105
1.3.1.2.5.2.1. Предлошки изрази во функција на имплицирани аргументи од страна на предикатскиот израз 106
1.3.2. Аргументи со реченичен облик 127
1.3.2.1. *Што* како комплементарен оператор 130
1.3.2.2. *Оти* како комплементарен оператор 132
1.3.2.3. *Дека* како комплементарен оператор 136
1.3.2.4. *Че/ча* како комплементарен оператор 137
1.3.2.5. *Да* како комплементарен оператор 138
1.3.2.5.1. *Да* како фактивен комплементарен оператор 139
1.3.2.5.2. Нефактивно *да* 140
1.3.2.6. Ø (= сегментална нула) како комплементарен оператор 143
1.3.2.7. Oratio recta 146
1.3.2.8. Фактори одговорни за дистрибуција на комплементарните оператори 147
1.3.2.9. Реченични аргументи во облик на т.н. зависни прашања 147
1.3.2.10. Глаголска именка како кондензатор на реченичен аргумент 148
1.4. Појдовната (т.е. „права") семантичка спроти комуникативната (т.е. прагматичка) хиерархија на аргументите; конструкциите со вторична комуникативна хиерархија на аргументите 150
1.4.1. Конструкции со блокирана или непополнета позиција на појдовниот номинативен аргумент 151
1.4.2. Конструкции со /– anim/ референт на номинативните појдовни синтагми 160
1.4.2.1. Конструкции со номинализации во номинативна позиција 160
1.4.2.2. Конструкции со називи на неодушевени материјални предмети во номинативна позиција 163
1.4.3. Конструкции со пасивизиран персонален (одушевен) аргумент во номинативна позиција 165
1.4.4. Конструкции со предикати формализирани како глаголски придавки 167
1.4.5. Зголемен број на аргументите 172
1.4.6. Измени во хиерархијата на аргументите што не ја засегнуваат номинативната позиција 173
1.4.6.1. Предметен аргумент во позиција на такапареченият втор акузатив 174
1.4.6.2. Авансирање на локативните аргументи 174
1.5. Внатрешна и надворешна темпорална карактеристика на предикатскиот израз 176
1.5.1. Темпорална организација на настанот (глаголски вид) 176
1.5.1.1. Меѓудијалектни разлики во употребата (= во функционалната дистрибуција) на формите од свршениот vs несвршениот вид 178
1.5.1.2. Збогатени варијанти на видската категоријална семантика 188
1.5.1.2.1. Фазни инхоативни конструкции 188
1.5.1.2.1.1. Експресивни терминативно-инхоативни конструкции 195
1.5.1.2.2. Вид vs време 197
1.5.1.2.2.1. Интеративни глаголски конструкции – нивното место во системот 198
1.5.1.2.2.2. Дуративни глаголски конструкцни – начин на изразување 203

1.5.1.2.2.3. Резултативност – начини на изразување, допирни точки со категоријата вид 205
1.5.2. Локализација на настанот на временската оска (категорија на времето) 212
1.5.2.1. Време sensu stricto 213
1.5.2.1.1. Временско определување на минати настани 213
1.5.2.1.2. Определување на настаните како сегашни 220
1.5.2.1.3. Начини на изразување на предвидени, т.е. идни настани 222
1.5.2.2. Временски редослед на настаните (taxis) 229
1.6. Говорителот експлицитно присутен во текстот – граматикализирани експоненти на нефактивни модалитети 244
1.6.1. Дубитатив – таканаречените прекажани искази 245
1.6.2. *Ќе, да, ако* и др. како нефактивни модализатори 252
1.6.2.1. *Ќе* како нефактивен модализатор 252
1.6.2.2. *Да* – формант на субјунктивот 255
1.6.3. Искази со надградени глаголски модални предикати 259
1.6.4. Негацијата како конститутивен реченичен предикат 265
1.6.5. Прагматички маркирани искази 281
1.6.5.1. Прашални искази 281
1.6.5.1.1. *Да/не*-прашања 282
1.6.5.1.2. *К*-прашања 291
1.6.5.1.3. Зависни прашања 293
1.6.5.2. Наредби и забрани 294
1.6.5.2.1. Искази со императивна функција 294
1.6.5.2.2. Искази со прохибитивна функција 304
1.6.6. Метатекст 310
Кратенки за граматички категории 313
Користена литература 314
Кратенки на ексцерпираните извори 317

Издавач
Македонска академија на науките и уметностите

Коректура
Велика Ширилова

Корица
Кочо Фидаповски

Печат
ГИТ „Гоце Делчев" – Скопје

Тираж
500 примероци

СИР – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", Скопје
808.66–087.4(495.37)–56
ТОПОЛИЊСКА,Зузана
Синтакса. Дел 1. : Механизми на предикација : Конструкции на глаголски предикати / Зузана Тополињска. – Скопје : МАНУ, 1995. – 325 стр. ; 22 см. – (Македонските дијалекти во Егејска Македонија ; кн. 1)

На паспор. пасл. стр.: Sintaxsis / Zuzanna Topolinjska
ISBN 9989–649–12–X

а) Македонски дијалекти – Егејска Македонија – Синтакса